УНИВЕРЗИТЕТ СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ-СКОПЈЕ
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
ИНСТИТУТ ЗА ИСТОРИЈА

СТАВОТ НА ГРЦИЈА СПРЕМА МАКЕДОНИЈА 1882-1903

Докторска дисертација

Ментор:
Проф. д-р Миноски Михајло

Кандидат:
м-р Јовановски Далибор

СКОПЈЕ, 2003

ВОВЕД

Односот на Грција кон Македонија во периодот од завршувањето на големата источна криза до илинденското востание се уште е недоволно разработено во македонската историографија, иако е доста значајно. Не само од аспект на тоа што се случувало во наведениот период, туку и од тоа што ќе следи. Неопходноста од пишување на оваа тема се наметнува и со последиците, економски и политички, од политиката на грчката држава кон тогашната османлиска област Македонија, која Грците ја сметаа, ако не за исклучиво, тогаш за претежно грчка област.

Кога говориме за недоволната обработеност на темата за односот на грчката држава кон Македонија во наведениот период, мора да напоменеме дека Ристо Поплазаров и Крсте Битоски се двајцата наши историчари кои имаат пишувано за политиката на грчката држава кон Македонија. Исто така и Димитар Димески и Иван Катарциев имаат посветено внимание на некои аспекти на политиката на грчката држава во некои реони на Македонија. Воопшто темата дава широк простор за истражување, анализирање и пишување. Неопходно е да се напомене дека досега нема посеопфатен труд кој се однесува на грчката политика кон Македонија во периодот од завршувањето на големата источна криза до илинденското востание.

Проблем во истражувањето на темата, не само за овој период, претставува се уште недостапниот материјал од грчките архиви, кој можеби не кријат нешто спектакуларно, но сепак можат да помогне за подобро анализирање на политиката на грчката држава кон Македонија. Ова намерно го споменавме, бидејќи располагаме со мал број на документи од Архивот на грчкото министерство за надворешни работи и кои ни помогнаа за согледувања на одредени прашања, посебно во поглед на грчко-српските односи и Македонија.

При истражувањето, освен споменатите грчки документи, со цел да се постигне поцелосно согледување на политиката и односот на грчката држава кон Македонија беа користени многу интересни материјали кои се наоѓаат во Државниот Архив на Република Македонија - фонд: Грчка

пелагониска митрополија, фонд: Јован Јовановиќ-Пижон и фонд: Руски конзулат во Солун, како и микрофилмуван архивиски материјал по потекло од : Foreign Office, Archives des Ministere etrangeres, Archivio Storico del Ministero degli Affari Esteri, Министарство иностраних послова-Политичко оделење и Просветно Политичко оделење, како и од бугарскиот конзулат во Битола. Најголем дел од необјавениот архивски материјал има британско и српско потекло. На некој начин, откако ќе се навлезе во истражувањето, тоа е и нормално со оглед на бројните грчко-српски контакти и преговори по однос на Македонија, како и постојаниот британски интерес за Грција. Користењето на архивскиот материјал од различна провиниенција ни овозможи поопширно согледување и анализирање на грчката надворешна политика и нејзиниот однос кон Македонија.

Освен необајвениот архивски материјал од голема корист ни беше објавените документи, пред се од српските и бугарските архиви, кои во добар дел се однесуваат и на грчката политика кон Македонија. Не помалку значајно беше и користењето на објавените документи од француското и италијанското министерство за надворешни работи, како и една таква публикација со грчки документи. Исто така монографиите, сеќавањата, периодиката ни беа од голема корист при истражувањето и пишувањето.

Кога говориме за политиката на грчката држава не е изненадувачки што таа ќе биде насочена кон територијално проширување во Македонија, како и во некои други османлиски области со цел да се оствари мегали идејата, иако во споменатиот период територијалните аспирации ќе бидат намалени во однос на претходниот, односно оној пред источната криза, меѓутоа начинот на која таа ќе се води останал непроменет. Велиме не е изненадувачки затоа што Македонија беше влезена во плановите за грчките територијални проширувања уште од почетоците на егзистирањето на кралството Грција. Тоа воопшто не е чудно со оглед на ресурсите со кои располагаше Македонија, а кои беа неопходни за економското егзистирање на Грција.

Грчката држава со цел да ги оствари своите амбиции за територијално проширување во Македонија ќе ги користи сите механизми кои и беа на располагање-конзулатите, Цариградската патријаршија, иако од-

носите нема секогаш да им бидат на завидно ниво и разните пропагандни здруженија врз кои имаше директна контрола. Токму тие беа дел од нашиот интерес.

Неодминливо е да напоменеме дека грчката политика кон Македонија не можеше да се одвива независно од интересите на останатите балкански држави и секако големите сили. Затоа добар дел од темата се однесува токму на односите на Грција со балканските држави и големите сили во однос на Македонија. Нормално, не може да не се споменат и односите на Грција со својот единствен сосед-османлиската држава, чиј што дел беше Македонија, но и други делови кон кои грчкото кралство имаше аспирации. Во таа насока настаните на немирниот османлиски остров Крит, кои не така ретко ќе го доведуваат односите на Атина со Цариград на работ на војната, а во 1897 година и во војна не можеа да немаат одраз и во Македонија, посебно во нејзините јужни делови.

Односот на грчката држава кон Македонското ослободително движење, олицетворено во Македонската револуционерна организација, исто така претставува интересен дел за проучување, иако самата грчка држава МРО ја смета за бугарска, а не за автохотна македонска творба.

Сметаме дека направивме еден обид за појасно претставување на односот и политиката на грчката држава кон Македонија, политика која ќе има последици до ден денешен.

1. МАКЕДОНСКОТО ПРАШАЊЕ ВО ПОЛИТИКАТА НА ГРЦИЈА 1882-1886

1.1. Грчките политички и пропагандни активности во Македонија

Грција од големата Источна криза излезе територијално проширена. Таа ја доби Тесалија, без Еласона и околината и помал дел од Епир. Ваквото решение на големите сили не ги задоволи апетитите на голем дел од политичките кругови во Атина, но секако дека тоа беше повеќе од успех за Грција. Говориме за успех, не заради добивањето на нова територија, туку заради фактот дека истата беше добиена без водење војна. Точно е дека Грците испраќаа чети во Тесалија и Македонија, делуваа разни заговорнички комитети, поврзани со одредени владини кругови во Атина, кои работеа на подготовки за кревање на востанија со цел да се создаде грчко прашање и истото да биде активно. Исто така грчката војска на кратко навлезе во Тесалија и Епир во текот на февруари 1878 година, но сепак заради постојаните интервенции на големите сили и во Атина и во Цариград не дојде до воен судир помеѓу Грција и Османлиската држава. Тоа беше среќна околност за Грција. Иако Атина понекогаш се чувствуваше фрустрирана од однесувањето на големите сили кон нејзините интереси, сепак реално гледано таквата политика на европскиот концерт и донесе нова територија на грчката држава. Доколку не беше така, тогаш со оглед на големината на дветете држави, нивниот економски, човечки и воен капацитет единствениот исход од воениот судир би бил тотален грчки пораз, кој немал да биде спречен и со евентуално востание на османлиските Грци. Заради тоа територијалното проширување на Грција е успех не само на политиката на големите сили, туку и на атинските влади, кои едноставно не беа премногу тврдоглави и ги слушаа советите на европските кабинети.

Добивањето на Тесалија и дел од Епир ја донесе Грција на јужната граница на Македонија. Токму Македонија беше една од османлиските области кон кои Грција имаше територијални претензии. Таа беше сметана како грчка земја, но поголемиот дел од христијанското население не беше со грчко потекло, иако дел од Словените, кои беа под црковна јурисдикција на Цариградската патријаршија, се декларираа или пак беа сметани како Грци, но без да го знаат грчкиот јазик или пак да имаат некои други допирни точки со грчката култура, обичаи и сл. Постепено поголемиот дел од ова население ќе ја напушти патријаршијата, а со тоа и припадноста кон грчкиот народ. Владеачките кругови во Атина беа свесни за овој проблем и затоа Македонија, иако нема да биде запоставена, во текот не осумдесеттите години на XIX век секогаш ќе биде зад Крит во рамките на грчката надворешна политика. Тоа било и логично заради фактот дека најголемиот дел од населението на овој медитерански остров беше од грчко етничко потекло. Ваквиот однос на Атина ќе се промени на почетокот на деведесеттите години на XIX век.

Територијалните придобивки од големата источна криза, без да се води војна, но и незадоволството од истите кај одредени влијателни политички кругови во Грција, како и бројната грчка заедница која останала во рамките на Османлиската држава беа поволен терен за постојан притисок за остварување на грчките аспирации и Мегали идејата. Сепак, дали тоа беше можно и дали Грција, и покрај желбите на одредени кругови за територијална експанзија, беше во можност тоа да го направи со својата политичка, економска и воена моќ? Одговорот е негативен, а во понатамошното излагање ќе видиме зошто е тоа така.

На грчката политичка сцена наместо повеќепартиски се создава двопартиски систем во кој главната улога ја имаат прогресивната партија на Харилаос Трикупис и националната на Теодорс Делијанис[1]. Всушност смртта на еден од највлијателните грчки политичари во XIX век, Александрос Кумундурос на 10 март 1883 година ќе овозможи ваков развој на грчката политичка сцена[2].

---

[1]Κωνσταντινος Βακαλοπουλος, Νεολελληνικη ιστορια 1204–1940, Θεσσαλονικη, 1992, σ. 286

[2] Σπ. Β. Μαρκεζινη, Πολιτικη ιστορια της Νεοτερας Ελλαδος, τ. 2, Αθηναι, 1966, σ. 156

Двете политички сили биле силно спротиставени по однос на внатрешниот развој на Грција, а посебно за делувањето на надворешно политички план.

Партијата на Трикупис како претставник на полибералните групи во грчкото општество се бори за непречен развој на стопанството, за државно помагање на општествените и приватните компании, за привлекување на странскиот капитал, било под форма на концесии, било под форма на заеми, за ограничување на моќта на земјосопствениците и др[3]. Ито така оваа партија се залагала за парламентарна демократија и се стремела да ја реорганизира монархијата. Всушност, Трикупис ја продолжувал традицијата на прозападната струја во грчкиот политички живот[4]. Неговата политичка стратегија беше разумна и трезвена[5]. Само со модернизација на државата, развој на економијата и изградбата на военоспособни вооружени сили Грција можеше да стане фактор на Балканот. Во таа насока за време на своето раководење со грчката држава беа изведени повеќе јавни проекти. Така започнала побрза изградба на железнички линии низ земјата. Иако политиката за железниците на Трикупис, инаугурирана на почетокот на 1882 година повеќе беше посветена на локалното поврзување, тој не ја игнорираше и можноста за поврзување со османлиските железници-"притисокот од иредентистите исто така не беше за запоставување"[6]. Сепак, најголем успех на неговото владеење е изградбата на Коринтскиот канал со кој биле поврзани Егејското и Јонското море[7]. Ваквата негова економска политика барала финансиски средства, а тие можеле да бидат добиени и со зголемување на даноците. Тоа секако не го правело Трикупис популарен политичар кој станал и лесна мета на нападите на неговиот политички противник, Делијанис.

Искусен политичар како Хариалос Трикупис многу добро знаел дека само способни воени сили би можеле да се носат со помногуброен и посилен противник. Затоа биле направени чекори за реформа на војската.

---

[3] Крьстьо Манчев, История на балканските народи XIV-XX век, София, 2001, с. 321
[4] Ричард Клог, Историја Грчке новог доба, Београд, 2001, с. 69
[5] Стойчо Грънчаров, Балканският свяр, София, 2001, с. 448
[6] Basil C. Gounaris, Greco-Turkish railway connection; illusions and bargains in late neneteenth century Balkans, Balkan Studies, v. 30/2, Thessaloniki, 1989, p. 316
[7] Барбара Јелавич, Историја на Балканот, дваесттн век, Скопје, 1999, с. 47

За таа цел во 1882 година со решение на владата воениот рок бил намален од две на една година. Со тоа се сакало средствата, кои претходно биле користени за воениот рок, да се пренасочат за подобрување на обуката и набавка на нова воена опрема[8]. Кон крајот на 1883 година, дванаесет офицери, на чело со генералот Коронеос, биле испратени во Франција со цел да ги увидат способностите на француската, кои потоа би можеле да бидат применети и во грчката војска. Затоа била повикана и француска воена мисија во Атина.

Интересен е однсот на Трикупис кон заговорничките комитети и организации во Грција, кои во претходниот период биле користени од страна на атинската влада за остварување на грчките аспирации. Имено во Грција, иако Македонија била сметана за грчка земја, развојот на состојбите во неа бил познат само на одреден мал број на луѓе. Некои грчки политички кругови сметале дека честите промени на владите во Атина оневозможувале создавање на поцврста долгорочна политика во однос на Македонија и затоа виталните национални прашања паднале во раце на приватни организации и здруженија кои повремено неодговорно дејствувале[9]. Ваквото размислување може само делумно да се прифати. Точно е дека тие здруженија не така ретко делувале на своја рака, без да ја консултираат владата, но исто така е точно и честото користење на овие комитети од страна на атинската влад за притисок врз Османлиската влада во одредени кризи во меѓусебните односи, посебно кога нешто требало да се изнуди. Како и да е Трикупис увидел дека раководењето со националното прашање не била работа на неодговорни и приватни организации. Затоа решил да распушти повеќе националистички друштва и организации кои делувале уште од времето на Критската криза (1866-1869) . Меѓу другите тој ја распуштил и Етники Амина, најголемата и најсилната од сите организации[10]. Тоа не значело дека атинската влада немала да се грижи за грчките аспирации. Напротив активностите на грчката пропаганда ќе бидат раководени од Силогосот за ширење на грчката писменост, кој ќе

[8] Douglas Dakin, The unification of Greece, London, 1972, p. 145
[9] Evangelos Kofos, Nationalism and communism in Macedonia, Thessaloniki, 1964, p. 30
[10] Γεοργιο Ασπρεα, Πολιτικη ιστορια της Νεοτερας Ελλαδος 1821–1921, τ. Β, Αθηναις, 1923, σ. 139

биде директно контролиран од грчкото министерство за надворешни работи, а исто така не сите организации биле распуштени. Така на пример со своето делување ќе продолжи и Македонскиот силогос, но неговите активности нема битно да влијаат врз настаните.

Втората политичка групација во Грција во овој период била раководена од Теодорос Делијанис. Тој бил популист и голем националист кој многу често го користел националното прашање за домашна употреба, но кога бил на власт во различни периоди истото не го раелизирал во грчка полза, туку дури влечел и погрешни потези. Главната поткрепа Делијанис ја имал помеѓу поконзервативните слоеви на грчката буржоазија и земјосопствениците, но помеѓу посиромашниот елемент на грчкото општество[11], кој бил лесен за манипулација посебно кога било потребно националното прашање да се издигне на највисоко ниво. Делијанис бил жесток противник на Трикупис и тоа најдобро се гледа по неговите изјави дека тој е против се за што Трикупис е за. Исто така за разлика од својот политички опонент, Делијанис не гледал со симпатии кон странскиот капитал и надворешните заеми. Можеби бил во право, но Грција не можела економски да функционира без странска помош, дури и во форма на заеми. Тоа било потврдено уште од почетокот на функционирањето на грчката држава.

Во грчкото општество, во овој период , а и подоцна се забележувале две тенденции по однос на решавањето на националното прашање, кое било можно, според Грците само со нови територијални проширувања. Едните ја проповедале Мегали идејата која ги отфрлала правата и интересите на другите балкански народи, а други пак го фаворизирале активното промовирање на грчките национални интереси, земајќи ги предвид и "оправданите потреби и барања на другите балкански народи"[12]. Оваа втора тенденција , всушност била слична на првата. Имено и нејзините приврзаници се залагале за остварување на Мегали идејата, но во соработка со другита балкански народи. Сепак оваа соработка била ограничена зошто и "оправданите" барања на другите често биле во колизија со грчките интереси.

---

[11] С. Грьнчаров Балканският..., с. 448

Кога во првата половина на 1882 година Трикупис ја добил власта, тој мораше да се соочи со фактот дека неговата земја на Балканот беше осамена, без сојузници[13]. Пред него имаше две опции. Едната беше сојуз со Словените против Османлиската држава. Тој имаше шанса уште на почетокот на 1882 година да покаже дали е за таа соработка. Имено црногорскиот кнез Никола и предложил на Атина создавање на антиосманлиски сојуз во кој би влегле Грција, Бугарија, Романија и Црна Гора. Тоа од страна на грчката влада не било прифатено и покрај понудата на чело на тој сојуз да биде грчкиот крал Георгиос[14]. Исто така набрзо не ги прифатил и српските предлози, и покрај наклонетоста на грчкиот крал, за создавање на антиосманлиски сојуз. Ова покажува дека Трикупис едноставно не верувал во сојузот со Словените. Меѓутоа, од друга страна, тој не сакал да си дозволи да нема добри односи со словенските држави, посебно со Србија, иако многу бил сомничав, како и сите грчки политичари кон, како што тие често се изјаснувале, панславенските активности[15]. Грција едноставно живеела во постојан страв од Панславизмот, за кој во атинските политички кругови се сметало дека бил поттикнуван директно од Петроград. Стравот и недовербата посебно се однесувале на грчките аспирации кон Македонија. Во однос на одбивањето на соработка на антиосманлиска линија постојат и мислења, според кои, Трикупис увидел дека во Европа немало расположение за менување на состојбите на Балканот, па затоа тој така се однесувал[16].

Втората опција во однос на надворешната политика, која се појави пред Трикупис беше затоплување на односите со својот единствен сосед-Османлиската држава. За таа опција постоеше еден голем услов од Цариград, а тој беше зачувувањето на целокупноста на Османлиската држава[17]. Токму тоа беше голем проблем за било која грчка влада. Сите грчки

---

[12] E. Kofos, Nationalism and..., p.30

[13] Χριστοφορου Ναλτσα, Ανατολικη Ρωμιλια. Η καταληψις αυτης υπο των Βουλγαρων και ο ναυτικος αποκλεισμος της Ελλαδος 1885–1886, Θεσσαλονικη, 1963

[14] Edouard Driault et Michel Lheritier, Histoire diplomatique de la Grece de 1821 a nos jours, t. IV, Paris, 1926, p. 178

[15] Во Грција секоја активност на некој словенски народ, која би била спротивна на грчките интереси и аспирации била сметани за панславенска.

[16] Г. Аспреа, Политикη..., σ. 140

[17] Кирил, Патриярх Български, Българската екзархия в Одринско и Македония след освободителната война 1877-1878, т. 1, кн.2, София, 1970, с. 336

аспирации за територијално проширување се однесуваа на османлиските територии. Проблемот не беше во тоа дали официјална Атина позитивно ќе се изјасни за тоа. Одговорот најверојатно би бил позитивен, но прашање е дали тоа ќе биде почитувано. Истовремено, иако Грција територијално се проширила, протегањето на граничната линија сеуште бил камен на сопнување во грчко-османлиските односи. Сепак, Трикупис постепено ќе гради добри односи со Цариград заради интересот територииte на Османлиската држава, кон кои Грција имала интерес, да не потпаднат под власта на другите балкански држави или пак на некоја голема сила, пред се на Австро-Унгарија.

Во Атина имало политичари, како Трикупис, кои биле непријателски расположени кон Виена заради стравот, кој не бил без основа, дека после Босна и Херцегоцина и Србија, на ред на виенските апетити ќе дојде Македонија со Солун. Меѓутоа, грчкиот пратеник во хабзбуршката престолнина, Григориос Ипсилантис, по повод потпишувањето на сојузот на тројцата Императори, испратил писмо до атинската влада во кое јасно укажува дека Грција потпаѓа во сферата на влијанието на Австро-Унгарија и затоа требало да се работи во таа насока[18]. Ова значело почнување на разговори со Виена за усогласување на интересите, пред се во Македонија, но во тој момент во Атина, заради веќе споменатa причина, воопшто не била разгледана оваа сугестија.

Заради полесно и побрзо остварување на грчките територијални аспирации, посебно во Македонија каде грчкото население било малцинско, било логично да се очекува дека соработката помеѓу владата во Атина и Цариградската патријаршија требала да биде конструктивна и без некои поголеми проблеми. Сепак во првата половина на осумдесеттите години на XIX век таа соработка не одела лесно. Владата на Трикупис имала проблемим во односите со Патријархот Јоаким III. За разлика од атинската влада, Јоаким сметал дека е повеќе од потребно да се премостат недоразбирањата со Бугарската егзархија и да се надмине шизмата за доброто на православието. Јоаким сметал дека било добро за грчките

[18]Κωνσταντινος Αιλιανος, Μια προοπτικη συμμαχια Ελλαδος–Αυστρο–Ουγγαριας χωρις επαυριο 1883–1887, Θεσσαλονικη, 1994, σ. 28

интереси да дојде до приближување со Словените[19]. Во тој поглед Јоаким бил во право, зошто најголемиот дел од населението во Македонија било словенско. Сепак, главен проблем во меѓусебните односи било делувањето на силогосите кои биле финансирани од атинската влада. Во Атина било сметано дека погледите на Јоаким биле штетни по грчките национални интереси, посебно од словенското делување во мешаните региони на Македонија. Затоа Трикупис започнал да делува во Синодот на Патријаршијата и во текот на 1882 година таму веќе постоеле две фракции - за и против Јоаким[20]. Тврдењето на Атина дека Јоаким бил опасен за грчките интереси тешко дека може да се прифати. Цариградскиот патријарх своите заложби за подигање на шизмата и приближувањето кон Словените го правел од чисто прагматични причини. Тој во едно доверливо писмо од 1882 година вели: "Искуството покажа дека ние не сме во состојба да ги победиме и искоренеме националните тенденциина Бугарите и да го замениме секаде бугарскиот со грчкиот јазик, треба барем да се потрудиме да им ја всадиме идејата дека сите жители на Македонија...еднакво патат и имаат еднаква со нас егзистенција и иднина"[21]. Исто така Јоаким водел грижа за улогата на грчката влада по прашањето на грчките национални интереси. Бугарскиот кнез Александар Батенберг во разговорот со него ја искажал својата идеја за договор помеѓу Бугарите и Грците за Македонија и Тракија, барајќи негова помош во таа насока. На ова Јоаким го изнел своето видување дека тоа е прашање од национален и политички аспект, а се однесува на целиот грчки род и затоа прво треба да се види што мисли грчката држава т.е. атинската влада[22]. Меѓутоа, ваквите негови погледи не биле причина официјална Атина да го промени својот став кон Патријархот. Грчката влада, на чело со Трикупис, не била единствената која имала негативно мислење за делувањето на Јоаким. Влијателните лидери на Атинскиот силогос за ширење на грчката писменост имале многу критичен став кон патријархот Јоаким III, не само околу неговите идеи за

---

[19] Ιστορια του ελληνικους εθνους, ΙΔ, Αθηναι, 1977, σ. 20

[20] исто

[21] Ристо Поплазаров, Некои моменти од борбата на Македонците против грчката и бугарската црковно-просветна доминација во втората половина на XIX век (до 1888), Jugoslovenski istoriski časopis, 4, Beograd, 1969, s. 110

[22] Χ. Ναλτσα, Ανατολικη..., σ. 85–86

над-минување на шизмата, туку и околу раководењето со грчкото образование во османлиските провинции, посебно во Македонија[23]. Сепак, главните критики на Силогосот до Јоаким, изнесувани во писмата кои биле упатувани до грчката влада се однесувале на наводното негово потпирање врз Словените.

Недоразбирањата со патријархот Јоаким не биле единствениот проблем во односите на Атина со Цариградската патријаршија. Грчката влада сметала дека некои митрополити не работеле во склад со грчките интереси. Според гледиштата на атинската влада квалитетот на свештенството во македонските градови било далеку од потребите на времето. Многумина од нив, според мислењето на владата во Атина, покажувале зачудувачка некомпетентност да се соочат со промените кои се случувале во нивната средина. Други пак повеќе се грижеле за своите привилегии, отколку да се посветат на грчките интереси[24]. Јоаким ваквите обвинувања ги сметал за неоснавани, а конзулите кои ја известувале атинската влада, според него, имале погрешен впечаток кога мислеле дека владиците јавно би настапувале во полза на националните интереси. Јоаким сметал дека "конзулите тоа можеле да го прават бидејќи немале одговорност кон државата додека владиците имале одговорност и кон Патријаршијата и кон Османлиската држава"[25]. Јоаким бил во право, но тоа не влијаело врз атинската влада и нејзините дипломатски претставници во Османлиската држава да престанат со обвинувањата. Со цел да ги спречи недоразбирањата кои се повеќе ја оптоварувале работата на грчката пропаганда на теренот, владата во Атина во 1882 година го обновила правилникот со кој се регулирале односите помеѓу силогосот и министерството за надворешни работи. Така бил создаден единствен систем за надзор и управување на грчките училишта во Македонија со учество на митрополитите, месните фактори и конзулите[26]. Тоа нема да го реши проблемот. Главниот проблем

---

[23] Evangelos Kofos, Attempts at mending the greek bulgarian ecclesiastical schism (1875-1902), Balkan Studies, V. 25, N.2, Thessaloniki, 1984, p. 357. f. 24

[24] E. Kofos, Nationalism and..., p. 22

[25] Evangelos Kofos, Dilemmas and orientations of greek policy in Macedonia 1878-1886, , Balkan Studies, 21, Thessaloniki, 1980, p. 54, f. 24

[26] Крсте Битоски, Дејноста на пелагониската митрополија 1878-1912, Скопје, 1967, с. 77; Ристо Поплазаров, Пропагандната дејност на грчките друштва во Македонија во втората половина на XIX век, ГИНИ, XII/2, Скопје, 1968, с. 193

се состоел во тоа кој ќе го координира грчкото образование во Македонија[27]. Понекогаш доаѓало до недоразбирања помеѓу грчките дипломатски претставници и патријаршиските великодостојници, а соработката била прекинувана. Во таквите ситуации грчката влада реагираше со прекинување на помошта за грчките општини, што имало влијание врз позицијата на грчката пропаганда и елинизмот воопшто.

Недоразбирањата помеѓу Атина и Цариградската патријаршија иако постоеле не биле причина соработката целосно да замре. Напротив таа течела дури и кога имало проблеми од помала важност. Таквата соработка била повеќе од потребна. Исто така Грција продолжила со традицијата на праќање на способни дипломати во Македонија, кои не само што би земале активно учество во раководењето со грчката пропаганда, туку би можеле да соработуваат со патријаршиските службеници, а и да ја контролираат нивната работа за која во Атина немале голема доверба. Во јули 1882 година за нов конзул во Битола бил поставен Докос. Неговото наименување предизвикало големо внимание кај грчките и гркоманските кругови во градот, кои му приредиле топол пречек. Меѓу тие кои со ентузијазам ќе го пречекаат биле и локалниот митрополит, како и оние од Меглен, Костур, Преспа и Охрид[28]. Топлиот пречек бил заради општото мислење дека елинизмот бил во опасност и помошта од Атина била повеќе од неопходна, но многу брзо ќе се јават и првите недоразбирања помеѓу главните носители на грчката пропаганда.

Силогосот за ширење на грчката писменост, како што веќе напоменавме, беше единствена институција, која во овој период имаше материјална и политичка помош од атинската влада. Секако во замена за таа помош атинската влада преку своето министерство за надворешни работи имаше директен увид, а со тоа и можност за контрола на делувањето на силогосот. Претседател на Атинскиот силогос во 1882 година беше познатиот грчки историчар Константинос Папаригопулос. Тоа не беше случајно. Во моментите кога во Атина се мислеше дека елинизмот е загрозен, повеќе од потребно беше една личност како Папаригопулос да

---

[27] Konstandinos Vacalopoulos, Modern history of Macedonia 1830-1912, Thessaloniki, 1988, p. 165

[28] Κωνσταντινος Βακαλοπουλου, Ο βορειος ελληνισμος κατα την πρωιμη φαση του Μακεδονικου αγωνα 1878–1894, Θεσσαλονικη, 1983, σ. 115

застане на чело на една пропагандна институција врз која грчката влада имаше директна контрола. Тоа, пак, не значеше дека претседателот на силогосот немаше слобода на делување. Напротив, тој можеше да делува врз основа на своите размислувања. Исто така, тој беше драгоцен советник на атинската влада по прашањето на османлиските области, кон кои Грција имаше територијални претензии, посебно за Македонија. Папаригопулос не беше неактивен. Веќе во 1882 година тој го посетил Цариград со цел да се запознае со ситуацијата на теренот. Најверојатно податоците за грчката пропаганда тој ги добил од Патријаршијата и грчката амбасада. Веднаш по своето враќање во Атина, тој испратил писмо до грчката влада во кое ги изложил своите согледувања и размислувања за тоа во каква состојба е грчката пропаганда и што би требало да се направи за нејзино засилување. Според него бугарската и романската пропаганда делувале во реони каде имало грчко население отварајќи училишта во кои многу вложувале со цел да придобијат што поголем број на нови привржаници[29]. Затоа, според него биле потребни повеќе средства за работе на силогосот со цел да се спротистави на овие, за грчките интереси, неприфатливи акции. Тој нагласил дека од 1879 година грчка влада и праќала 150 000 драхми на вселенската Патријаршија како помош и тоа за Патријархот и неговата канцеларија, за македонските и тракиските епархии и за високите теолошки школи во Цариград и Халки. Сепак, Папригопулос укажува дека парите кои се наменети за Македонија и Тракија во спомнатите области пристигнувале со задоцнување за што вината е во Патријаршијата. Затоа парите треба да се праќаат преку министерството за надворешни работи, а нив да ги делат конзулите. Тој ги наведува епархиите во Македонија во кои треба да се прати финансиска помош-Струмица, Преспа, Скопје, Дојран, Меглен, Пелагонија, Костур, Драма, Мелник, Дебар и Велес[30]. Тоа всушност се епархии во кои имало, според грчките гледишта, мешано население. Сепак во добар дел од овие епархии под Грци биле подразбирани сите православни христијани, кои припаѓале на Патријаршијата. Папаригопулос имал уште поконкретен план за

---

[29]Σοφια Βουρι, πηγες για την ιστορια της Μακεδονια, АθηΝα, 1994, δοκ.5, Αθηναις, 18 ιουνιο υ 1882. σ. 39

[30] ιστο. σ. 41

мегленската епархија. Тој за засилување на позициите на елинизмот во мегленско и околината предложил организирање на чисто градско училиште во Лерин со женски имашки оддел со 1 до 8 наставници; создавање на општински имашки училишта во ,според неговото искажување, главните слафонски села Екси-Су, Емпорио, Старо село и Сорович со по тројца учители во секое; назначување на еден или двајца учители во малите села на областа Сара-Ѓол; давање подршка на учениците во грчките училишта во областа со цел овие да продолжат со школувањето во гимназиите во Сјатиста и Костур; училиштето во Лерин да раководи со образовниот процес во Меглен, а ќе биде во постојан контакт со грчкиот конзул во Битола[31]. Исто така во овој временски период националното и образовното делување на грчката пропаганда во југозападниот дел на Македонија имало за цел да се прошири во македонските и влашките села во овој регион; вклучување во делувањето на локалните влијателни луѓе (црковни лица, учители, лекари); претворање на градот Битола во образовен центар за овој дел од Македонија со зголемување и проширување на економската подршка на грчката држава[32]. Што се однесува до Солун и таму грчката образовна пропаганда имала солидна основа, иако во Атина постојано се тврдело дека елинииизмот е загрозен. Во големото македонско пристаниште во овој временски период имало едно основно училиште со 130 ученици и тројца учители; една гимназија со 213 ученици и 11 учители; едно машко основно училиште со 650 ученици и 14 учители; едно училиште за девојчиња со 600 ученички, 9 учителки и 8 нивни помошнички[33].

Целата ваква активност на грчката пропаганда на образовен план имала своја причина. Имено по формирањето на Бугарската егзархијаво Атина, а особено во овој период, се повеќе преовладувало мислењето дека црковната припадност полека го губи значењето за одредување на народносната припадност, а на нејзино место се поважна улога имал јазикот. Затоа било потребно припадниците на Патријаршијата од македонско,

---

[31] Σοφια Βουρι, Εκπαιδευση και εθνικισμος στα Βαλκανια. Η περιπτοση της βορειοδυτικης Μ ακεδονιας 1870–1904, Θεσσαλονικη, 1992, σ. 78

[32] исто, с. 76

[33] Државен Архив на Република Македонија(понатаму ДАРМ), м-95, Archives des Ministeres des Affaires Etrangeres (AMAE),Salonique, Correspondance politique 1880-1884, t. 6, f. 206, Salonique, 30 mai 1882

според Грците славофонско, потекло да се здобијат со добри познавања на грчкиот јазик со цел да не бидат придобиени од страна на егзархистите[34]. Во оваа насока интересно е гледиштето на грчката историчарка Софија Вури која смета дека во осумдесеттите години на XIX век грчката страна била принудена да прифати дека верскиот и другите критериуми на кои дотогаш се повикувала не се успешни за спротиставување на, според неа, бугарските аргументации, бидејќи блискоста на христијанското население кон грчката црква задолжително не значело и грчка етничка свест[35]. Затоа било потребно засилување на образовната пропаганда. Тоа нема да ги даде очекуваните резултати, дури и овој период. И покрај неоспорниот факт дека Грција имала добар образовен систем, дури во споредба и со европските држави[36], сепак на теренот тоа нема да има некое поголемо влијание. Грчкиот историчар Василис Гунарис смета дека Грците се покажале неспособни да го ускладат нивното класично ориентирано образование кон попрактичните потреби на македонските селски општества[37]. Ова може да се прифати, но треба да се додаде дека влијанието на Грците уште од времето пред источната криза веќе почнало да заслабнува, а делувањето на Атинскиот силогос воопшто не ги подобрил позициите на грчката пропаганда и елинизмот. Значи не било во прашање само образованието, туку и свеста. Многумина кои завршувале грчки училишта воопшто не се чувствувале Грци. Тоа било јасно во Атина и затоа биле овие обиди.

Активностите на грчката пропаганда не можеле да останат незабележани од османлиските власти. Тие во 1882 година го примениле законот за контрола на училиштата, донесен во 1867 година. Тогаш Османлиската влада го обвинила Силогосот за ширење на грчката писменост дека врши противдржавна работа и ги насочувал грчките училишта да ја воспитуваат малдината во правец кој не бил прифатлив за османлиските власти[38].

---

[34] Μακεδονια– 4000 χρονια ελληνικης ιστοριας και πολιτισμου, Αθηνα, 1982, σ. 460
[35] Σ. Βουρι, Εκπαιδευση..., σ. 53–54
[36] Б. Јелавич, Историја на ..., с. 52
[37] Basil Gounaris, Social cleveages and national aweking in Ottoman Macedonia, East European Quaterly, XXiX, n. 4, Boulder, 1996, p. 416
[38] Ристо Поплазаров, Пропагандната..., с. 200-201

Започнувањето на египетската криза во мај 1882 година довело до нови турболенции во грчко-османлиските односи. Иако Македонија директно не била засегната од оваа криза некои грчки кругови можеле да направат помали проблеми. Имено за некои Грци кризата била можност да се истакнат грчките права врз Крит, Епир и Македонија зошто, според нивното размислување, постоела можност Австро-Унгарија да ја анектира Босна и Херцеговина, а Русија уште повеќе да се зацврсти во Бугарија[39]. Извесен број на агенти и тајни пратеници заминале на османлиска територија. Трикупис, така барем се изјаснил, верувал дека тие делуваат во насока на смирување на османлиските Грци. Тоа можело да биде така, но меѓусебните односи почнале постепено да се затегнуваат и да се случуваат првите гранични инциденти. Во таквите ситуации, според искуството од минатото, овие агенти сигурно не вршеле пацификација на османлиските Грци. На 30 август 1882 година дошло до затегнување на грчко-османлиската граница во реоните на Катерини и Олимп, потоа кај местото Карали Дервент. Османлиските сили решиле да го бранат овој терен пред се заради патот Платамона-Солун. Грчките сили на чело со генералот Гривас навлегле во правец на Карали Дервент, но Османлиската војска презела акција во насока на Волос[40]. Сепак османлиските сили, заради наредбата на владата го запреле навлегувањето и се вратиле на својата територија. Под притисок на големите сили, кои заради и онака затегнатата ситуација на меѓународната сцена околу Египет не сакале нови проблеми, Грција и Османлиската држава се согласиле да потпишат примирје на 5 септември, а грчките сили да се повлечат од Карали Дервен[41]. Како и во многу затегнати ситуации во претходниот период повторно од страна на дел од големите сили било предложено одржување на конференција за регулирање на граничниот проблем. Токму овој предлог не му се допаднал на грчкиот премиер, кој сметал, а тоа и го понудил на Цариград, дека во интерес на двете држави било споровите сами да ги разрешуваат. Тој најверојатно сметал дека во моментите кога Османлиската држава има уште еден проблем, далеку поголем од оној со Грција, во Египет и тоа со

[39] Driault et Lheritier, Histoire diplomatique..., p. 173
[40] ДАРМ, м-95, AMAE, Salonique, t.6, Correspondance politique, 1880-1884, f. 220
[41] Driault et Lheritier, Histoire diplomatique..., p.175

Англија, било погодно да дојде до разговори со Портата околу граничната линија, при што Атина би можела да добие одредени отстапки. Треба да се каже дека и официјален Лондон и Берлин не биле многу расположени за одржување на амбасадорска конференција.

Својата намера за решение на спорот помеѓу двете соседни земји, без трета страна, Трикупис ја преточил во директен предлог до Портата. Тој преку грчкиот амбасадор во Цариград, Кундуриотис, и предложил на османлиската влада, на 15 септември 1882 година двете држави да го спречат мешањето на големите сили со заедничко разбирање[42]. Тоа разбирање подразбирало корекција на северната грчка граница. Османлиите тоа го знаеле и биле спремни да и отстапат помали стратегиски точки на Грција. Тие навеле дека се спремни тоа да го направат на четири места. Во текот на септември започнале разговори помеѓу двете страни за наведениот проблем. Османлиите, како услов за решавање на проблемот побарале, грчките сили да се повлечат од границата. Иако преговорите не се одвивале во најповолни услови, сепак на 9 ноември 1882 година грчките и османлиските претставници го потпишале договорот со кој на Грција и биле отстапени некои точки на заедничката граница[43]. Со овој договор бил решен спорот и на тој начин бил отворен патот за поблиски односи помеѓу двете земји што реално било од заеднички интерес. Ова го користи официјален Лондон и врши на некој начин притисок врз грчката и османлиската влада да ги направат првите видливи чекори за нивното приближување, но тоа беше многу тешко заради наталожената меѓусебна недоверба. Кон ова треба да се додаде и можноста, заради грчко-османлиското приближување, да дојде до уште поголемо заладување на односите меѓу Атина и Патријаршијата[44], зошто Портата веќе започнала да ги контролира активностите на Патријаршијата, а многу брзо ќе дојде и до големи недоразбирања меѓу османлиската влада и Патријархот.

Грција, освен решавањето на проблемите во односите со северниот сосед продолжила со контактите со другите балкански држави. Кон крајот

---

[42] исто, р. 176
[43] исто, р. 177
[44] Ελενη Μπελια, Εκπαιδευση και αλυτρωτικη πολιτικη. Η περιπτοση της Θρακης 1856–1912, θεσσαλονικη, 1995, σ. 90

на 1882 година во Атина пристигнал српскиот дипломатски претставник. Неговата цел била да се дојде до договор помеѓу двете држави околу заедничките интереси по однос на Османлиската држава, посебно околу Македонија, но грчката влада во тој момент не била заинтересирана за склучување на било каков договор со Србија[45]. Атина по подобрувањето на односите со Цариград не сакала да дојде до нивно повторно заладување, а исто така сметала дека Србија не е толку силна во Македонија за да мораат да се водат преговори. Иако грчката влада немаше добри односи со цариградскиот Патријарх, тоа не значеше дека немаат заеднички интереси по однос на грчката кауза посебно во Македонија. Различен беше пристапот за решевање на проблемите. Јоаким, како што видовме, не криел дека сака да дојде до надминување на шизмата. Тој во октомври 1882 година изјавил дека било крајно време да дојде до помирување на двете цркви. Патријархот сметал дека помирувањето би требало да опфати и поделба на македонските епархии. Според него таа поделба немала само црковен, туку имала и национален карактер[46]. Затоа тој, како што самиот изјавил, познавајќи ја состојбата во Македонија како поранешен солунски митрополит, бил на мислење дека сите епархии јужно од велешката требале да останат под јурисдикција на Патријаршијата. Случајно или не ова негово гледиште за територијална поделба на Македонија помеѓу Патријаршијата и Егзархијата се поклопувало со размислувањата на голем број политичари во Атина за кои подоцна ќе говориме. Треба да се истакне дека Јоаким имал подршка од некои грчки дипломати за својот став околу надминување на шизмата. Грчкиот конзул во Софија, Клеон Рангавис, сметал дека екскомуникацијата на Егзархијата и шизмата отворале бездна помеѓу двата народа без да се создадат поволности за грчките цели во Источна Румелија, Тракија и Македонија[47]. Според Рангавис без шизмата двата народа можеле мирно да коегзистираат и да работат за нивните национални интереси во Македонија. Размислувањата на Рангавис не се поклопувале со оние на поголемиот дел грчките

[45] Driault et Lheritier, Histoire diplomatique..., p. 178-179
[46] Славко Димевски, За развојот на македонската национална мисла до создавањето на ТМОРО, Скопје, 1980, с. 206
[47] E. Kofos, Attempts..., p. 360, f. 29

политичари, но мора да се има предвид дека Клеон Рангавис бил привржаник на оние делови во грчкото општество, кои се залагале за соработка со другите балкански народи.

На почетокот на 1883 година имало размислувања за приближување на Атина кон Виена, но главна пречка за тоа бил Трикупис. Грчкиот премиер сметал дека токму Австро-Унгарија била таа која имала негативен став за грчките аспирации на Берлинскиот конгрес. Тој не го криел ниту своето незадоволство од делувањето на австриските дипломатски агенти на пропагандно поле во Македонија и Албанија[48]. Според неговите искажувања Виена ќе ги загрози грчките интереси во Македонија и Тракија, а со тоа ќе им го олесни патот на Словените. Овој негов став е помалку претеран зошто Виена не била многу расположена да ги засили словенските позиции на Балканот. Грчкиот политичар сметал дека после потчинувањето на Србија следна цел на Виена би била поврзување на железничката линија која ќе завршува во Солун[49]. Тој дури на почетокот на 1883 година ќе изјави дека Австро-Унгарија е непријател на елинизмот исто како што е и Русија[50]. После овие изјави на Трикупис било повеќе од јасно дека во тој момент не можело да дојде до приближување на Атина кон Виена. Не само изјавите на Трикупис, туку и грчкото јавно мислење не било наклонето за соработка со Виена. Пример за тоа е пишувањето на весникот "Еон", кој објавил статија под наслов "Црквата и нашата националност во Македонија"[51]. Причина за оваа статија било пастирното послание на солунскиот митрополит Калиник до сите македонски градови по повод првата недела на велигденскиот пост во која се обвинуваат сите пропаганди дека работат против елинизмот. Пишувачот на статијата во "Еон" не заостанал во жестокиот напад на другите пропаганди во Македонија. Главното внимание било задржано на делувањето на австриската пропаганда со обвинување до австрискиот конзул во Солун за помагањето на католичката пропаганда со цел Австро-Унгарија да проникне во Македонија и до Егејското море. Ставот на Трикупис несомнено влијаел на

---

[48] Κ. Αιλιανος, Μια προοπτικη..., σ. 95
[49] исто, σ. 23
[50] исто, σ.95
[51] Кирил, Патриярх Български, Българската..., т.1, кн. 2, с. 653

расположението на грчкото јавно мислење, кое било креирано од ваквите написи. Многу брзо Атина ќе биде потсетена за овој пробле од страна на Виена.

Во почетокот на осумдесеттите години на XIX век во Атина многу се размислувало за испраќање на грчки лекари во Македонија, кои би соработувале со локалните свештеници и учители за да се формираат комитети во црковните општини со цел да се засили грчката свест кај локалното население[52]. Со овие размислувања не се согласувал грчкиот конзул во Солун, Петрос Логотетис, кој сметал дека појавата на грчките лекари во Македонија ќе предизвика силна реакција на османлиските власти, кои доколку грчките лекари не се османлиски државјани истите би ги протерале, а пак доколку се тогаш би ги затвориле. Логотетис преферирал, веќе ако владата се реши за поголемо ангажирање на лекари за потребите на грчката пропаганда, предност да се даде на оние кои потекнуваат од Македонија. Тој притоа посочил и еден список на оние лекари кои до 1883 година биле ангажирани од грчката пропаганда, а потекнувале од Македонија-Вафијадис Апостолидис, Епаминонда Димитријадис во Битола; Краиста во Крушево; Симос и Вузас во Костур; Тривелас во Прилеп; Цамоглис во Охрид; Сакеларидис во Велес; Ниотис во Скопје; Василис Димитријадис во Воден; С. Маркис во Бер; Павлидис и Цаусис во Кавала; Пападопулос Прасакакис, Занас, Гика, Кутувалис, Кириjакос и Кехаја во Солун; Емануил и Икономидис во Серес; Харитонас во Драма, Ризос во Струмица; Кивернидис во Гевгелија и др. Според Логотетис овие лекари не само што биле османлиски државјани туку и добро ја прикривале својата активност од османлиските власти[53]. Сепак во Атина, најверојатно после поподробна анализа, било решено поголемото ангажирање на лекарите за потребите на грчката пропаганда да биде оставено за некои подобри времиња.

Трикупис, на почетокот на 1883 година, повторно размислувал за приближување кон Цариград во насока на подобрување и засилување на позицијата на елинизмот во Османлиската држава, но до тоа нема да дојде заради еден настан кој ќе ги залади грчко-османлиските односи, а тоа е

---

[52] Κωνσταντινος Βακαλοπουλος, Το Μακεδονικο ζητημα, Θεσσαλονικη, 1989, σ. 83

посетата на бугарскиот кнез Александар Батенберг на Атина. Тоа не значеше дека во грчките политички и дипломатски кругови немало да се продолжи со размислувања за грчко-османлиско приближување, дури тоа да биде и на локално ниво. Таков е примерот со Битола. Постоеле размислувања дека едно од решенијата за подобрување на позицијата на елинизмот на Битолско било формирање на заеднички грчко-османлиски комитет[54]. Во овој комитет немало да има место за најфанатизираните османлиски функционери во Битолскиот вилает. Иако оваа замисла никогаш нема да се материјализира, таа како идеја говори за подготвеноста на некои од Грците да се здружат со секого само за да ја постигнат својата цел. Треба да се напомене мислењето на грчкиот конзул во Битола, кое можеби било решавачко за нереализирањето на вакавата идеја. Докос, познавајќи ја состојбата на теренот, се спротиставил на оваа идеја со образложение дека османлиите би го подржале само послабиот елемент и би го менувале однесувањето во зависност од моменталните потреби[55].

Проблемите кои постоеле помеѓу Патријаршијата и грчката влада не биле причина некои патријаршиски великодостојници да не бараат помош од грчките дипломатски претставници во Македонија. Така во јануари 1883 година дојранскиот епископ, Теоклитос, побарал од грчкиот конзул во Солун парична помош за набавка на неопходните црковни книги и верски материјал за црквата во Стојаково[56].

Активностите на грчките конзули во Македонија не биле насочени само кон засилување на грчката пропаганда, туку и кон елиминирање на нејзините противници, преку обвинувања против нив кои биле испраќани до османлиските власти. Големиот противник на грчката, а застапник на романската пропаганда, Апостол Маргарит во април 1883 година бил уапсен од страна на османлиските власти заради некои обвинувања од страна на грчка страна, во што бил вмешан и грчкиот конзулат во Битола[57].

---

[53] исто
[54] исто, σ.88
[55] Evangelos Kofos, Dilemmas and..., p50, f.14)
[56] Κ. Βακαλοπουλου. Ο Βορειος..., σ. 123
[57] Кирил, Патриярх Български, Принос към униатството в Македония, д. 13, София, 1968,

Напоменавме дека посетата на бугарскиот кнез на грчката престолнина ќе доведе до заладување на грчко-османлиските односи на краток рок. Подготовките, доаѓањето, претстојот и разговорите на Батенберг во Атина сеуште се обвиени со магловитост, не само заради подготовките, туку и заради различното мислење околу тоа за што се разговарало и што бил приоритет на разговорите. Подготовките биле, барем на почетокот тајни. Стоилов на 10 февруари 1883 година му соопштил на грчкиот конзул во Софија дека бугарскиот кнез имал желба во април да го посети грчкиот крал во Атина. Многу брзо, веќе на 27 февруари грчкото министерство за надворешни работи позитивно одговорило на бугарското барање. Грчката влада, според одговорот, била убедена дека средбата на двајцата суверени ќе резултира со едно разбирање кое е потребно да постои помеѓу двете земји[58]. Ваквите топли зборови биле повеќе од добра основа за евентуалните разговори, кои би следеле во Атина. Меѓутоа, наскоро Османлиската влада ќе дознае за намерите на Батенберг и ќе се обиде истите да ги спречи, но во тоа нема да успее[59]. Бугарскиот кнез на османлискиот комесар во Софија му рекол дека посетата на Атина се должи на поканата на грчкиот крал и кралица од претходната година[60]. Од горенаведеното се гледа дека бугарскиот кнез не ја говорел вистината. Иако грчката влада во одговорот до Софија за барањето бугарскиот кнез да ја посети Атина изразила спремност за позитивен епилог на истата сепак еден настан, уште пред Батенберг да дојде во Атина ќе покаже колку било тешко да се постигне било каква согласност по спорните прашања меѓу двете земји. Причината за тоа била можноста Батенберг да допатува во Атина преку Солун. Таквата можност предизвикала неспокојство, не само во Атина туку и во Цариград[61]. Иако, барем официјално, добредојден во Атина, можноста да дојде во грчката престолнина преку Солун предизвикала непријатно расположение помеѓу грчките политички кругови, кои се плашеле од големата пропаганда која би претходела на посетата на Солун. Грчкиот крал дури размислувал да оди

[58] Χ. Ναλτσα, Ανατολικη..., σ. 86
[59] Документи за българската история, т. 4, София, 1942, д. 82, с. 53
[60] исто, д. 87, с. 55
[61] Елена Стателова, Дипломацията на Княжество Бъгария 1879-1886, София, 1979, с. 130

во Ираклион на Крит[62] како некој вид на притисок, не само врз Цариград, туку и врз големите сили со цел овие да влијаат врз Батенберг да не го посетува Солун. Стравот кој бил изразен од страна на официјална Атина бил логичен ако се има предвид дека Грција имала аспирации кон Македонија, каде што за главен свој соперник ја сметала бугарската пропаганда, а и македонското словенско население, кое не припаѓало на Патријаршијата го сметала за бугарско. Во целиот случај се вмешала Виена, која го посоветувала Батенберг да не оди за Солун, а тој, не можејќи да се спротивстави ја прифатил оваа сугестија[63]. Предомислувањето на бугарскиот кнез, колку тоа да било изнудено, предизвикало олеснување во грчките политички кругови, а и грчкиот печат го пречекал со пријателски тон. Тој пристигнал во Атина на 3 мај 1883 година. Тука тој бил пречекан како владетел на независна држава. Неговата посета на грчката престолнина предизвикала внимание не само помеѓу грчката јавност, туку и кај српскиот и османлискиот амбасадор. Последниов посебно внимание посветил на доделувањето на ордени од страна на бугарскиот кнез на своите грчки домаќини, претежно на министри[64]. Загрижувачки за Османлиите било не само доделувањето, туку и примањето на ордените од страна на грчките политичари. Посетата на Батенберг била пратена со вознемирување и во Белград. Имено таа посета дошла во време кога официјален Белград сакал да води разговори со Атина за заедничка соработка во Македонија и постоел страв да не се поведат разговори помеѓу Атина и Софија за истата работа[65]. Овој страв бил реален и логичен зошто меѓу проблемите кои ги оптоварувале односите помеѓу двете земји била и Македонија. Сепак интересно е гледањето на српскиот пратеник во Атина за оваа посета, кој на неа гледа како на попустливост на официјална Атина кон Бугарите со што дозволуваат да имаат заеднички интереси во Македонија и тоа затоа што не можеле да го избришат фактот дека "во Македонија има и Словени"[66].

---

[62] Χ. Ναλτσα, Ανατολικη..., σ. 87
[63] Driault et Lheritier, Historire diplomatique..., p.180
[64] Документи за..., т. 4, док. 93, с. 58
[65] Славенко Терзиќ, Србија и Грчка, Београд, 1992, с. 251
[66] исто, с. 252

Најинтересен дел од посетата секако се разговорите кои бугарскиот кнез ги имал со своите домаќини, а за кои има разни информации. Елена Стателова смета дека разговорите главно се однесувале за шизмата и положбата на Егзархијата, при што грчката влада изразила готовност за надминување на шизмата доколку Егзархот го напушти Цариград и ја ограничи дејноста на Источна Румелија[67]. Бугарскиот патријарх Кирил и Леритие пак сметаат дека се раговарало за положбата на грчкото население во Бугарија, за железниците и за односите помеѓу дветет цркви за што Трикупис понудил посредништво помеѓу Егзархијата и Патријаршијата со цел бугарската црква да добие статус кој го имал атинскиот митрополит, под услов Егзархијата да се откаже од Македонија[68], но тоа било одбиено од бугарскиот кнез. На исто мислење е и Налцас[69]. Славко Димевски од своја страна смета дека Батенберг принципиелно бил за спогодба за подигање на шизмата и за воспоставување на патријаршиска јурисдикција во Македонија, доколку се даде гаранција за словенска богослужба во црквите и за бугарската просвета во Македонија[70]. Елијанос дава повеќе погледи околу раговорите врз база на различни извештаи на странските амбасадори. Така, според него, Александар Батенберг сакал да ги придобие Грција и Црна Гора за сојуз со цел да се спречи австриското пробивање во правец на Солун, а исто така и да ја разгледа можноста од склучување на антиосманлиски сојуз, како и можноста да се направи антируски сојуз со учество и на Романија со заклучок дека посетата била доста матна[71]. Поплазаров тврди дека Грција и Бугарија се согласиле јужна Македонија да биде под грчко влијание, а северниот дел под бугарско. Требало само да се одреди демаркационата линија и тоа при посетата на Батенберг на Атина[72]. Терзиќ пак дава информација за известувањето на грчкиот пратеник во Белград, Делијанис до српската влада, во кое се наведува дека се разговарало за црковниот проблем, но дека Грција не бара и нема да бара политичка спогодба со Бугарија се додека таму Русите

[67] Е. Стателова, Дипломацията на ..., с. 131
[68] Кирил, П. Б, Българската..., т.1 , кн. 2; Driault et Lheritier, Histoire diplomatique..., p. 180-181
[69] Χ,. Ναλτσας, Ανατολικη..., σ.88
[70] С. Димевски, За развојот..., с. 208
[71] Κ Αιλιανος, Μια προοπτικη..., σ. 24

наредуваат[73]. Кофос, користејќи грчка документација[74], пишува дека постоеле добри изгледи за разговори за надминување на проблемите помеѓу Грција и Бугарија, но откако грчката влада увидела дека кнезот останал на погледите за проширавање на Бугарија до Солун се покажало дека дека не може да се одржат некои значајни дискусии по тоа прашање[75]. Сепак треба да се видат и тврдењата на тогашниот грчки премиер, Трикупис, кој бил еден од учесниците во овие разговори. Тој во разговорот со британскиот амбасадор во Атина, Рамболд, од 3 февруари 1887 година, се задржал и на посетата на Батенберг[76]. Според него директна цел на посетата на кнезот на Атина била постигнување на договр за разбирање околу грчко-бугарската граница во Македонија, но тој многу брзо сфатил дека нема ништо да испадне од ова прашање. Неговиот интерес се насочил и кон на можноста Батенберг да ја извести руската влада за резултатите и темите на разговорите. Трикупис за оваа негова дилема го прашал Батенберг и одговорот бил позитивен, но било збунувачки за грчкиот премиер,што бугарскиот кнез, при неговото претставување пред грчките министри, говорел против Русија. Во еден друг разговор со британскиот амбасадор во Атина, Монсон, од октомври 1889, Трикупис повторно се навратил на посетата на бугарскиот кнез на грчката престолнина[77]. Тој го информира својот собеседник дека на Батенберг му понудил линија на разграни-чување, во која се наведени минимумот грчки барања и која се "однесувала само на провинцијата Македонија"[78]. Бугарскиот кнез наводно не се спротивставил на линијата. Трикупис понатаму тврди дека доминантна идеја на кнезот била спречување на австриското пробивање кон Егејското море со формирање на сојуз помеѓу Грција, Бугарија и Црна Гора, но тоа можело да доведе до војна со Османлиската држава, а за што ниту една од наведените балкански држави, дури и со помош на Србија не

---

[72] Ристо Поплазаров, Грчката политика спрема Македонија во втората половина на XIX и почетокот на XX век, Скопје, 1973, с. 22

[73] С. Терзиќ, Србија и..., с. 253

[74] Кофос говори дека во Архивот на грчкото министерство за надворешни работи постои документација за посетата на Батенберг на грчката престолнина, но таа е некомплетна. (Evangelos Kofos, Dilemmas and..., p.51, f.15)

[75] исто, с. 50

[76] ДАРМ, м-159, Rumbold-Salisbury, Athens, 3 february, 1887, FO 32/587

[77] ДАРМ, м-162, Monson-Salisbury, Athens, 12 october, 1889, FO 32/608

[78] исто

биле спремни. Грчкиот премиер нагласил дека неговата земја не сакала да води војна за добивање на територии и затоа оваа идеја на Батенберг не добила подршка во Атина[79]. Врз база на гореизнесеното може да се обидеме да заклучиме дека, и покрај различните видувања на авторите кои можат да се прифатат како точни, бугарскиот кнез при посетата на Атина со своите домаќини разговарал за повеќе теми, но главниот дел од разговорите, а тоа не интересира, биле посветени на Македонија, било за решавање на црковниот спор, кој се однесувал и на неа, било за одредување на некоја линија на разграничување на интересните сфери, но заради очевидните разлики до тоа не дошло. Главниот спор помеѓу двете страни не бил само припадноста на православното население, туку територијата посебно во приморскиот дел на Македонија со Солун како центар. Ова несогласување не се однесува само за овој временски период. Како потврда за неуспехот да се постигне некоја согласност може да послужи и фактот што само еден месец по посетата на Батенберг на грчката престолнина, истиот тој атински печат кој го дочекал со пријателски коментари, започнал да пишува негативно за Бугарите[80].

Посетата на бугарскиот кнез на Атина и неуспехот да се постигне макар и минимум согласност за спорните прашања повторно доведува до барање начин за приближување кон Османлиската држава. Трикупис му соопштил на кралот дека во тој момент немало можност за соработка со некоја балканска христијанска држава. Затоа со цел да се спречи словенската пропаганда треба повторно да се поработи на можноста за сојуз со Портата[81]. Всушност Грција сакала приближување кон Цариград со цел зачувување на статусквото состојба на Балканот и целовитоста на Османлиската држава. Тоа било така заради неможноста евентуалните промени на Балканот да бидат решени согласно со грчките желби и аспирации.

Скоро истовремено со повторното барање начин за приближување со Османлиската држава се засилила активноста на грчките конзули во Македонија, кои согласно со постигнатиот договор го известувале Па-

---

[79] исто

[80] Χ. Ναλτσα, Ανατολικη..., σ. 89

[81] исто, с. 90

паригопулос за состојбите на теренот. Овој, пак, давал идеи до грчката влада за тоа како да се засили позицијата на елинизмот во Македонија, а тоа претежно се однесувало на финансирање на грчките училишта во Македонија. Така солунскиот грчки конзул го информирал Папаригопулос дека во областа за која тој е надлежен имало 194 грчки училишта со 13 022 ученици за кои тамошните Грци издвојувале по 9341 лири[82]. Кога пишувал за егзархиските и романските училишта, грчкиот конзул нагласил дека тие биле финансирани од бугарската и романската влада, додека рускиот конзул давал средства за егзархиските училишта. Папаригопулос, врз база на овој извештај заклучува дека само грчкото образование има вистински етнички карактер затоа што другите во најголем дел биле финансирани од страна, додека Атинскиот силогос одвојувал само по 4000 османлиски лири за грчките училишта во овој дел на Македонија[83]. Слично било и со извештајот на Докос, грчкиот конзул во Битола, според кој грчките училишта биле доминантни, по број, во однос на егзархиската и романските. Според него во областа која била под негова надлежност имало 252 грчки, 70 егзархиски и 16 романски училишта[84]. Исто како и неговиот солунски колега и тој наведува дека најголем дел од средствата за егзархиските училишта доаѓаат од Софија и од Русија, а за романските од Букурешт. Папаригопулос наведува дека и за училиштата во Битола биле праќани по 4000 османлиски лири. Тоа значи дека и грчките училишта добивале средства од Атина.

Многу е тешко да се одреди вистинската сума на дотациите на атинската влада на Силогосот за ширење на грчката писменост. Според Поплазаров за 1883 година една четвртина од расходите на грчките училишта во Македонија биле финасирани од атинската влада. Грчката историчарка Белија наведува бројка од 297 000 драхми кои биле одвоени од силогосот за грчките училишта во Македонија[85]. Папаригопулос, како претседател на Атинскиот силогос е поконкретен со парите кои биле

---

[82] Σ. Βουρι, Πηγες για..., δ. 6, Αθηναις, 29 απριλιου, 1883, σ.43
[83] исто, с. 44
[84] исто, δ. 8, Αθηναις, 16 μαιου 1883, σ. 51
[85] Helene Belia, La contribution du "Syllogue puor la propagation des lettres Grecques" a l'encouragement de l'Hellinisme de macedoine 1869-1886. Communications grecques au VI-e congres inertnational des etudes du sud-europeen, Athenes, 1990, p. 282

наменети за грчкото образование во Османлиската држава. Тој во еден извештај да атинската влада нагласил дека за 1883 година како дотација за Силогосот биле доделени 417 646, но за подобро финансирање ќе мора да се соберат 500 000 драхми[86]. Познатиот историчар наведува зошто е потребно зголемување на дотациите. Работата на силогосот била поделена на три главни дела -1)чисто образовна во која спаѓаат подршката на учителите во Солун, Битола; пансионот во Серес; подршка на четири гимназии во Солун, Битола, Серес и Одрин и тоа целосни трошоци за гимназиите во Битола и Одрин, а за оние во Солун и Серес, помош во образовниот процес; помош за 24 грчки училишта од кои 15 во Македонија, 3 во Тракија и 6 во Епир и Албанија ; целосна подршка на 127 машки и женски училишта и тоа 97 во Македонија, 21 во Тракија и 11 во Епир и Албанија; подршка на 191 основно училиште-148 во Македонија, 24 во Тракија и 19 во Епир и Албанија. За горенаведените активности се потрошени 385 825,90 драхми[87]. 2) За исхрана биле потрошени 101 523 драхми и 3) за политичкото делување биле потрошени 28 456 драхми или вкупно 515 804,90 драхми. Од наведените податоци се гледа дека најголемиот дел од средствата, иако тоа не е прецизирано, биле наменети за Македонија заради најголемите потреби. Папаригопулос го искористил овој извештај да побара поголема помош од страна на грчките конзули во Македонија и Тракија, посебно во областите кои ги покриваат конзулатите во Солун и Битола, а тие сочинувале 4/5 од Македонија. Иако според Папаригопулос грчките училишта биле далеку побројни од другите, сепак непријателите на елинизмот станале се поагресивни и затоа е потребно зголемување на помошта, посебно за формирање на нови училишта. Кон ова барање на Папаригопулос може да го додадеме мислењето на Ставријанос за тоа дали грчкото образование постигнало големи резултати помеѓу словенското население во Македонија. Тој смета дека и покрај тоа што во Македонија се водел непречен процес на елинизација, сепак мал број од оние кои имале грчко образование станале Грци, а селанските маси во Македонија не биле допрени од грчката култура во академска смисла и тие продолжиле

[86] Σ. Βουρι, Πηγες για..., δ. 13, Αθηναις, 13 οκτομβριου 1883, σ. 81
[87] исто

да ги говорат нивните словенски дијалекти[88]. Тоа секако му било познато на големиот грчки историчар и тој како шанса за зголемување на грчкото влијание го гледа засилувањето на образовната пропаганда, но иако повремено ќе има некои успеси, сепак најголемиот дел од македонското словенско население ќе остане на другата страна од грчките интереси и аспирации.

Барањата за засилување на грчката пропаганда преку образованието во овој период не можеле да вродат плод затоа што османлиските власти, кои од поодамна биле сомничави кон грчките активности, решиле истите да ги стават под своја контрола. Воопшто, после 1883 Портата поставувала пречки за работата на силогосот на османлиска територија. На 28 мај 1883 Портата официјално ги оспорила привилегиите на Патријаршијата. Имено, Портата под изговор дека силогосот врши активности кои не биле дозволени решила директно да ги контролира наставните планови, наставните средства, книгите и посебно наименувањето на учителите[89]. Треба да се напомене дека Патријашијата на некој начин чувствувала дека може да и бидат загрозени привилегиите. Патријархот Јоаким со цел до тоа да не дојде на 19 јуни 1883 година се обидел да влијае врз Портата, која одговорила дека нема намера да ги допре привилегиите на Патријаршијата[90]. Тоа се покажало како еден добар маневар на османлиската влада, која реално гледано морала да преземе таков чекор, зошто во прашање било делување на антиосманлиски елементи во неколку нејзини области. Решението на Портата за укинување на привилегиите било жежок костен во меѓусебните односи на Атина и Цариград. Грчката влада, која во тој период сакала приближување кон Портата не сакала да ги заострува односите. Од друга страна, пак, Патријаршијата барала поткрепа во спорот со Портата. Доколку тоа не се случи тогаш Патријаршијата ќе бара помош и заштита на друга страна[91]. Тоа била Русија, која и онака во Атина не била сметана за пријател на Грција и елинизмот, туку за поттикнувач на панславизмот. Атинската влада не одговорила на оваа

---

[88] L. S. Stavrianos, The Balkans since 1453, New York, 1959, p, 518
[89] Е. Μπελια, Εκπαιδευση..., σ. 91
[90] К. Βακαλοπουλου, О Βορειος..., σ. 39
[91] Driault et Lheritier, Histoire diplomatique..., p. 183

закана. Освен антипатијата кон Јоаким имала и друга причина за тоа. Јоаким, и покрај сите проблеми со кои се соочувал и понатаму настојувал да се реши прашањето на шизмата. Тој во едно писмо од 24 мај(6 јуни) 1883 година упатено да грчкиот пратеник во Цариград, Кундуриотис, укажал дека руската црква можела да биде модератор во спорот со Егзархијата, зошто немала канонски односи со неа. Тој верувал дека за грчките интереси во Македонија поопасно било брзото зголемување на училиштата, основани од бугарската влада, а не егзистенцијата на Егзархијата[92]. Според Кофос руската влада му врачила предлог на Јоаким за надминување на спорот[93]. Јоаким бил наклонет да разговара, но владата во Атина силно се спротиставила на оваа можност. Очигледно е дека Грција и Грците ја користеле шизмата задобивање концесии[94].

Проблемите со кои се соочувала Патријаршијата би требало да ги зближи Атина и Патријархот, но до тоа не доаѓа, иако грчките дипломати постојано известувале за тешката положба на елинизмот. Тоа не значи дека владата во Атина, заради аверзијата кон Јоаким, немала да се грижи за позицијата на Цариградската патријаршија, како значаен дел од грчката пропаганда. Впрочем Патријархот можел и да биде сменет, а Патријаршијата како институција останува и понатаму. Така грчкиот амбасадор во Лондон, Аргиропулос, го посетил британскиот министер за надворешни работи со цел да му ја изложи позицијата на својата влада, за според нив, тешката позиција на Патријаршијата и проблемите во односите со Егзархијата[95]. Според Аргиропулос, Екуменската Патријаршија била изложена на крстоносна војна од страна на панславистите, кои грчкиот елемент го сметале за словенски[96]. Добивањето на црковната независност, сметал Аргиропулос, не ги задоволила Панславистите и постоела опасност Патријаршијата да изгуби добар дел од својот имот како што веќе се случило во Влашка и Молдавија во 1860 година, потоа и во Бесарабија,

---

[92] E, Kofos, Attempts..., p. 358, f. 24

[93] E. Kofos, Dilemmas...,p. 51 (Предлогот од руската влада не е наведен, а не го сретнавме на друго место)

[94] исто

[95] ДАРМ, м-29, Granville, Foreign Office, 15 june 1883, FO 195/1428

[96] исто, (грчкиот амбасадор не споменува дека потеклото на тој дел од населението не било грчко)

кога имотот бил присвоен од страна на Русите[97]. Грчкиот амбасадор главниот виновник за недоразбирањата го лоцира кај Егзархијата затоа што Патријаршијата се обидела со сите сили да дојде до компромис. Тој го уверувал Гренвил во подготвеност на Патријархот да ја подигне шизмата, во името на религиозната согласност, но тоа му било забрането од Синодот. Всушност во таа забрана голем удел имала официјална Атина. Тој како услов за надминување на црковниот спор повторно го нагласува територијалниот опфат на Егзархијата, која би требало да се простира само на територијата на кнежевството Бугарија и седиштето да и биде во Софија зошто и грчката, српската и романската црква имале автокефалност, но нивната јурисдикција се протегала само на територијата на нивните држави. Аргиропулос, сепак, ја кажал главната грижа на неговата влада, а тоа биле аспирациите на Бугарите кон Источна Румелија, Тракија и Македонија и тоа на штета на грчкиот елемент. Токму од тие причини Грција бара помош од Европа, посебно од Англија додека не биде касно. Сега е појасно зошто тој го користел терминот Панслависти, кој за Лондон не бил многу пријатен. На крајот Аргиропулос се изјаснил дека немало потреба од праќање на егзархиски владици во Македонија и Тракија, бидејќи во рамките на Османлиската држава постоела цариградската Патријаршија. Грчкиот дипломат само ги потврдил грчките позиции и видувања за црковното прашање, кои не биле толку проблематични заради некои канонски причини, колку заради територијата. Скоро истовремено грчкиот министер за надворешни работи му предал циркуларно писмо на британскиот амбасадор во Атина, во кој не криел дека самото постоење на Бугарија претставува опасност за грчките аспирации, а развојот на панславизмот било уништувачки за грчкиот елемент[98]. Контоставлос сметал дека формирањето на Егзархијата и решението нејзиното седиште да биде во Цариград биле понижувачки за Патријаршијата. Исто како и грчкиот амбасадор во Лондон и тој нагласил дека единственото решение може да биде ограничување на делувањето на Егзархијата само на територијата на

---

[97] исто,(Интересно е гледиштето на американскиот историчар Данкан Пери, кој како една од главните загуби на Патријаршијата по создавањето на Егзархијата била токму финансиската, бидејќи дел од приходите сега оделе кај новата црква. Duncan M. Perry, The politics of terror. The Macedonian Liberation Movements 1893-1903, Durham, 1988, p. 15)

[98] ДАРМ, м-30, Ford-Granville, Athens, 28 june 1883, FO 32/550

Кнежеството Бугарија. Главна причина за оваа многу остра реакција на грчкиот министер за надворешни работи бил говорот на егзархот во кој била нагласена супремацијата на Бугарите во Македонија и Тракија, што значело, користејќи ја влошената позиција на Патријаршијата, барање на владички места во овие области, а тоа во Атина било дочекано како повреда на грчките интереси зошто и самата помисла да се постават бугарски владици во двете османлиски области било напад врз грчката кауза, бидејќи тие области во иднина морале да припаднат на Грција. Контоставлос нагласил дека Македонија и Тракија во Грција се сметат како грчки области на Османлиската држава[99]. Тој побарал заштита од Европа, но не Европа да војува за Грција, туку заштита на Парискиот мировен договор од 1856 година во кој со член 9 се заштитувала Патријаршијата. Помалку е чудно што еден искусен дипломат како Контоставлос се повикал на еден меѓународен договор, кој веќе бил надминат.

Грчката влада не била загрижена само за црковниот проблем, туку и за позицијата на грчката пропаганда на теренот од каде пристигнувале информации, кои во Атина биле сметани за алармантни. Грчкиот конзул во Битола, на почетокот на јуни 1883 година, го информирал министерството за надворешни работи во Атина за своите согледувања на теренот, поточно за позициите на различните пропаганди. Според Докос посебно била тешка позицијата на елинизмот во, како што тој наведува, бугарофонските села, во реонот што тој го покривал каде што грчкот јазик бил потполно непознат, иако биле вложени големи напори на тој план[100]. Главниот проблем Докос го гледа во оддалеченоста на селата од грчката граница и затоа не можело да дојде до позасилено распространување на јазикот и на националната свест. Докос, сепак, наведува дека подруга била ситуацијата во селата кадештo населението имало грчка свест, иако по потекло не било грчко. Таму работата била поволна за грчките интереси. Како пример го наведува селото Загоричани кадешто Грците имале шанси за успех, иако бугарската пропаганда се обидувала тоа да го неутрализира. Со цел да се засили позицијата на Грците, тој предлага формирање на нижо основно училиште во Загоричани. Меѓутоа

---

[99] исто

грчките конзули понекогаш морале да демантираат одредени написи во Атинскиот печат за случувањата во Македонија. Токму Докос морал да реагира на пишувањето на весникот "Еон" околу напредокот на бугарската пропаганда во реоните кој ги покривал неговиот конзулат. Именно, весникот пишувал за формирањето на егзархиски училишта во Охрид, воденско и костурско. Докос, информирал дека напредокот на егзархистите е постојан од 1870 година, а училиштата постоеле и порано[101]. Самиот напис во весникот покажува дека грчкото општество полека , но сигурно се преокупира со настаните во Османлиската држава, поточно во областите кон кои Грција има претензии. Улогата на грчкиот печат во однос на националната работа се повеќе ќе се засилува и на некој начин ќе врши влијание врз политичарите, но и обратно посебно кај оние листови кои се под директно влијание на политичките партии.

Равојот на настаните, кои не биле поволни за интересите на Грија и елинизмот воопшто ја натерало Атина да бара сојузник помеѓу големите сили кој би бил гаранција, не за нејзината безбедност, туку за заштита на грчките интереси. Сепак во тие моменти било многу тешко да се најде таков сојузник. Официјален Лондон, кој никогаш нема да ја остави Грција на цедило, не бил раположен за постојаните грчки барања, а во однос на заштитата на привилегиите на Патријаршијата дури не покажал никаква активност. Париз, исто така, не покажувал знаци на заинтересираност. Тамошниот грчки пратеник неколку пати го посетил француското министерство за надворешни работ со цел да издејствува француска подршка по прашањето на привилегиите на Патријаршијата, но официјален Париз бил на мислење дека не треба да интервенира во спорот помеѓу Портата и Патријаршијата[102]. Петроград бил сметан за непријател на интересите на елинизмот. Значи останала Виена, која и онака била најзаинтересирана за настаните на Балканот бидејќи дел од нејзината територија бил на полуостровот, а и аспирациите за проширување на влијанието се однесувале токму на овој дел од Европа. Тоа во Атина било добро познато, но веќе напоменавме дека премиерот Трикупис ја сметал Австро-Унгарија за

---

[100] Σ. Βουρι, Πηγες..., δ. 9, Βιτολιως, 7 ιουνιου 1883, σ. 61
[101] исто, δ. 12, Βιτωλιοις, 12 ιουλιου 1883, σ. 69–70
[102] Кирил, П. Б, Българската..., т.1 , кн. 2, с. 352

непријател на грчките интереси. Грчката влада сакала да дојде до разјаснување на позицијата на Виена во однос на Солун и Македонија, како и запирање на пропагандата во таа османлиска област, бидејќи Трикупис постојано известувал за активност на австриските конзули[103]. Ставот на Трикупис сепак не беше поделен од страна на другите грчки политичари, дури ни кралот веќе на бил толку против контактите со Виена, иако на почетокот и тој бил загрижен за вистинските намери на хабзбуршката монархија кон областите на Османлиската држава кои во Атина беа сметани како грчки. Кралот на 5 јуни 1883 година се сретнал со австроунгарскиот конзул на Крф на кого му го изнел своето мислење дека на неговата земја и требало подршка од некоја голема сила. Интересно е дека Георгиос непостигнувањето на согласност со Батенберг околу сојуз на балканските држави го лоцира во противењето на грчката јавност[104]. Тоа секако не било точно, но не пропуштил да истакне дека идејата потекнува од Софија, а не од Атина. Грчкиот крал го допрел прашањето на правата на Патријаршијата и побарал подршка од Виена, а доколку истата ја добие тогаш Австро-Унгарија ќе се покажела како голем пријател на Грција и нејзин заштитник не само на Балканот туку и пошироко. Според Георгиос таквата австриска подршка ќе значи и подршка против панславизмот, бидејќи бил убеден во опасноста од Русија по грчките интереси[105]. Со други зборови Георгиос барал австриска подршка за грчките аспирации, а Грција би била некој вид на браник против панславистите, кои според уверувањето на атинските политички кругови биле заеднички непријател. На тој начин биле направени првите чекори за приближување кон Виена, иако Трикупис и понатаму останал противник на можноста за поблиска соработка.

Интересот на одредени политички кругови во Грција за приближување кон Виена во текот на јуни доби и конкретна шанса. Причина за тоа била оставката на Трикупис со што се отворила можноста за директни разговори со Виена за можната соработка помеѓу двете земји со цел да

---

[103] Κ. Αιλιανος, Μια προοπτικι..., σ. 30
[104] исто, с. 33
[105] исто

дајде до договор за сојуз[106]. Грците при тоа на ум, пред се, ја имале Македонија. Грчкиот амбасадор во Виена, Ипсилантис добил инструкции од Атина во таа насока, со напомена дека Австро-Унгарија би требало да ја напушти целта за проширување кон Солун. Треба да се каже дека Ипсилантис бил еден од оние кои сметале на склучувањето на сојузот со Виена како неопходност за Грција, доколку таа сака во иднина да го добие Солун. Според него, само после тоа Грција може да очекува наклоност на Виена за своите аспирации[107]. Ипсилантис бил во право. Австро-Унгарија која можела да се проширува само кон јужниот дел на Балканот не би подржала аспирации на ниту една балканска држава без претходно да ги обезбеди своите интереси.

Согласно со инструкциите добиени од Атина, Ипсилантис побарал средба со австроунгарскиот министер за надворешни работи Калноки, кој на 26 јуни го примил грчкиот дипломат. Тогаш Ипсилантис ги направил првите предлози за сојуз, но исто така морал да го искаже мислењето кое преовладувало во Атина, а тоа е можното австриско посегање по Солун. Калноки на ова одговорил, а тоа било нормално, дека тврдењата од тој тип се без основа[108]. Тој му ја предочил на грчкиот пратеник неопходноста на официјална Атина да поработи малку со своето јавно мислење, кое очигледно не било наклонето на Виена. Сепак двајцата заклучиле дека двете држави прво морале да ја изразат својата желба за приближување, да се обидат да ги ускладат интересите и на крајот да ги одредат условите за политичкото разбирање. Ипсилантис не бил разочаран од средбата. Напротив, тој бил релативно оптимистички расположен во однос за можноста од постигнување на договор. Тој во извештајот до Атина нагласил дека Виена сакала да дојде до територијално проширување на Грција, ако може на истата да смета како на постојан сојузник, а изоставувањето на Солун во Атина на треба да биде сфатено како услов, туку како последица на приближувањето[109]. Ваквиот негов извештај нема да биде прифатен со ентузијазам од страна на грчката влада, која најверојатно очекувала

---

[106] Driault et Lheritier, Histoire diplomatique..., p. 188
[107] Κ. Αιλιανος, μια προοπτικη..., σ. 35
[108] Driault et Lheritier, Histoire diplomatique..., p. 188
[109] Кирил, П. Б, Българската..., т.1 , кн. 2, с. 338

поконкретни резултати од овие разговори. Тој добил инструкции во кои стриктно е наведено дека Солун е од големо значење за Грција. Ипсилантис се обидел да го придобие кралот , но и овој, иако поумерен му нагласил дека Грција мора да ја добие границата согласно со решенијата на Берлинската конференција од 1880 година, иако и самиот говорел од потребата на неговата земја за Солун[110]. Ипсилантис немал друг избор и на 17 јули повторно се сретнал со Калноки. На оваа веќе втора нивна средба посветена на можноста од грчко-австроунгарски договор, Калноки ја нагласил заинтересираноста на неговата земја за зачувување на статусквото на Балканот, како што било предвидено со берлинскиот договор. Тој сепак наговестил дека биле потребни некои услови за евентуална подршка на Виена за можните територијални преструктуирања, кои според него би биле преуранети[111]. Според австроунгарскиот министер, јавното мислење на неговата земја би сакало да ги види концесиите кои Виена би ги направила во однос на Грција, а од тие концесии зависи расположението на истото. На некој начин ова било предупредување до Атина да не претерува со територијалните барања. Од друга страна Калноки повторно не пропуштил да нагласи дека Атина мора да поработи на негативниот став на грчкото јавно мислење кон неговата земја, ако сака да дојде до сојуз. Тука австроунгарскиот министер бил во право, а грчката влада сега навистина имала реален проблем, кој не можел да се реши набрзина. Разговорот завршил без конкретен договор, но вратата за продолжување на дијалогот не била затворена.

Грција, иако на почетокот на владеењето на Трикупис ги одби српските предлози за сојуз, почнала да покажува интерес за разговор со Белград. Имено, грчкиот пратеник во српската престолнина во есента 1883 година му говорел на Пироќанац за можноста од заедничка работа на Грција и Србија со цел да обележат една политика на балканските народи, а тоа значи дека не сакаат никој од страна да им се меша и би било корисно да им се придружат и другите балкански држави[112]. Најверојатно дипломатската изолираност на Атина била причина за овој потег, но и стравот

---

[110] Χ. Ναλτσα, Ανατολικη..., σ. 97–98
[111] Κ. Αιλιανος, μια προοπτικη..., σ. 43
[112] С. Терзић, Србија и..., с. 254

од големите сили. Додека грчката дипломатија се вртеше кон Србија во Атина тамошниот османлиски амбасадор Тефик бег се сретнал со грчкиот премиер за да разговараат околу посетата на Георгиос на Цариград. Постоеле мислења на некои грчки дипломати, како амбасадорот во Цариград, дека зад ова стојат интересите на Германија, Австро-Унгарија и Англија кои посакувале ваков сојуз како противтежа на словенството[113]. Ова може да биде точно. Сепак грчко-османлиското приближување не било можно пред се заради проблемот со привилегиите на Патријаршијата, но и критското прашање. Кога говориме за привелигиите на Патријаршијата во Грција постоел сомнеж за руска вмешаност во целиот проблем. Кралот Георгиос дури изјавил дека однесувањето на рускиот амбасадор во Цариград, Нелидов, го потсетувало на она на Игнатиев[114].

Преговорите помеѓу Ипсилантис и Калноки кои се воделе летото 1883 година резултирале со посета на Виена на грчкиот крал. Тоа било посета од која официјална Атина многу очекувала. Кралот Георгиос пристигнал во Виена на 8 октомври 1883 година и веднаш се сретнал со Калноки. Уште на почетокот на разговорот тој му нагласил на виенскиот дипломат, слично како и на австроунграскиот конзул на Крф, дека било тешко за неговата земја да се бори со бугарската пропаганда без притоа да има подршка од една голема сила, бидејќи позицијата на елинизмот била очајна[115]. Според него, погледите на бугарскиот кнез кон Солун, кој тој го сметал за бугарско пристаниште, одат подалеку од Санстефанскиот договор. Георгиос добро знаел дека токму Виена беше еден од најголемите противници на договорот од Сан Стефано и не случајно го споменал истиот. Грчкиот крал отворено му изјавил на Калноки дека би било пожелно Солун да и припадне на Грција, кога веќе хабзбуршката држава немала намера да го заземе, и со тоа главното македонско пристаниште немало да падне во словенски раце. Австроунгарскиот министер избегнал да даде одговор по прашањето на Солун и со тоа предизвикал големо разочарување кај грчкиот суверен[116]. Всушност Калноки и немал потреба

---

[113] Χ. Ναλτσα, Ανατολικη..., σ. 92–93
[114] исто
[115] Κ. Αιλιανος, μια προοπτικη..., σ. 55
[116] исто

да се обрзува за концесии кон држава, која во тој момент не била во позиција да поставува услови. Георгиос, иако разочаран, нагласил дека Грција имала интерес во Македонија, но добил одговор дека Виена била заинтересирана за мир на Балканот, иако Виена би се заложила кај Портата за интересите на елинизмот во Македонија[117]. Со други зборови исполнувањето на грчките територијални барања би предизвикале нарушување на стабилноста во регионот, а тоа не било во интерес на Виена. Како крајна можност Калноки понудил склучување на трговски договор помеѓу двете држави. Тоа повторно било разочарувачки за Георгиос, кој повеќе сакал договор за сојуз со што не само би се обезбедиле грчките барања, туку и позицијата на Атина би станала многу позасилена. Тоа го знаела и Виена.

Георгиос заминал разочаран од Виена, но сепак гаел надеж дека Калноки ќе му одговори по прашањето за Солун. Во таа насока грчкиот амбасадор во хабзбуршката престолнина добил инструкции од Контоставлос за сондирање на расположението на Калноки по прашањето на Солун. Паралелно со тоа грчкиот дипломат требал да го увери австрискиот министер во искреноста на Грција околу нејзината намера да се приближи кон Виена, а тоа веќе беше многу тешко со оглед на фактот што Трикупис се вратил на власт. Неговите ставови, иако во меѓувреме од прагматични причини ги променил и беа познати на Виена. Ипсилантис не успева да го добие посакуваниот одговор, а новиот австроунгарски амбасадор во Атина, Траутенберг, во разговорот со грчкиот премиер нагласил дека Грција може да смета на подршка од страна на неговата влада само ако продолжи со реформите во економијата и на вооружените сили и доколку се залага за статусквото на Балканот.[118] Тоа значело дека Грција не може да добие подршка, иако Трикупис работел на реформите, но по прашањето на статусквото во Атина имало многу влијателни сили кои не подржувале зачувување на истото.

Неуспехот на грчките политичари да ја придобијат Виена за своите аспирации многу брзо ќе има одглас во атинскиот печат. Весникот

[117] исто, с. 57
[118] исто, с. 61

"Македонија" издал статија под наслов "Долу Австрија"[119]. Насловот доволно говори за расположението кое владело во Атина. Исто така во весникот "Акрополис" се појавила една статија, напишана од дописникот на овој весник од Кавала, а која се однесувала не само на австриската политика кон Грција, туку и на руската[120]. Во статијата Виена била обвинета дека се стреми кон Серското поле, богатите со риба устија на Струма и тоа што е најважно кон двете пристаништа-Солун и Кавала. Провладиниот весник "Ора", кој секогаш ги изразувал ставовите на Трикупис, повикувајќи се на некои наводни написи во виенскиот печат заклучува дека Виена моменатално, сметајќи го моментот за неповолен, нема да ја спроведе својата шема, која би предизвикала нелагодност во Грција[121]. Тоа според авторот на статијата и овозможува на Грција да се подготви за исполнување на своите должности. Оваа статија предизвикала изненаденост кај австроунагрскиот амбасадор во Атина, кој не го криел своето незадоволство од припишувањето на аспирации на неговата земја кон Солун. Тој доста логично го поврзал написот во весникот со неуспехот на грчките барања во Виена. Ваквото пишување на атинските весници, само ја потврдиле оправданоста на недовербата на Калноки околу расположението на грчкото јавно мислење, кое во конкретниов случај било креирано директно од политичарите. Пишувањето на грчките весници секако негативно ќе се одрази кон можноста за приближување, но и тоа ќе биде краткотрајно заради потребата на Грција од подршка на Виена по прашањето на привилегиите на Патријаршијата.

Разочарувањето на грчките политичари од Виена е проследено со изрази на загриженост околу позицијата на елинизмот во Македонија. Грчкото министерство за надворешни работи на 24 октомври 1883 година испратило допис до Министерскиот совет во кој се нагласува опасноста од делувањето на непријателите на елинизмот во Македонија и Тракија со барање да се преземат драстични мерки за заштита на грчките интереси во овие две области[122]. Сепак повеќе се даваат идеи отколку што се преземаат

---

[119] Χ. Ναλτσα, Ανατολικη..., σ. 99–100
[120] Кирил, П. Б, Българската..., т.1 , кн. 2, с. 654
[121] ДАРМ, м-30,Ford-Granville, Athens, 8 november 1883, FO 195/1429
[122] Е. Μπελια, Εκπαιδευση..., σ. 92

мерки за, тоа што во Атина било сметано, заштита на грчките интереси. Грчкиот конзул во Битола предлагал заедничко делување на сите грчки конзули во Македонија во соработка со Атинскиот силогос, но претходно морале да се означат националните приоритети[123]. Докос ќе биде поконкретен во писмото до Папаригопулос во кое ги изнесол своите размислувања и идеи за засилување на позицијата на елинизмот во Македонија. Тој препорачува да дојде до поврзување на железничката линија од Солун кон Серфиџе, а потоа и кракот кон Грција. Со тоа, според мислењето на Докос, ќе се развијат трговските врски со Грција и ќе создаде можност за отворање на земјоделска банка.[124] Докос признава дека дознал за одбивањето на Портата во ноември 1883 година да го одобри железничкото поврзување, но сметал дека било национална должност да се продолжи со напори за железничко поврзување на Лариса со Серфиџе. Овој предлог на Докос не бил само размислување на еден грчки дипломат. Во тој период во Атина се размислувало за тоа на кој начин би можело да се помогне на грчката пропаганда или елинизмот, како што сметале во Грција. Еден од начините бил економско зајакнување со помош на грчката држава, но се барале методите и формите како тоа да се изведе. Грчката влада го сметала за пожелно поврзувањето на грчките со османлиските железници[125], но овој предлог како што веќе напоменавме бил одбиен од страна на Портата. Атина исто така во насока на поврзување на трговиите на двете држави имала намера да предложи и редовна поморска линија помеѓу Волос и македонските пристаништа, но и овој предлог ќе биде одбиен од османлиската влада. Портата не можела да прифати сообраќајно поврзување со Грција бидејќи се сомневала во крајните цели на тие предлози, но исто така и немала некоја економска корист.

Односите помеѓу Грција и Русија кон крајот на 1883 година биле осетно влошени. Постоеле повеќе причини за неповолниот развој на меѓусебните односи. Една од причините биле и недоразбирањата на Света Гора помеѓу руските и грчките монаси. Во текот на октомври истата година грчките свештеници од манастирот Пандократор испратиле мемоар

---

[123] Σ. Βουρη, Εκπαιδευση..., σ. 74

[124] Σ. Βουρι, Πηγες για..., δ. 16, Βιτολιος, 8 δεκεμυριου 1883, σ. 96

[125] Μακεδονια..., σ. 461

до англискиот конзул во Солун, Блант, во кој ги обвинуваат руските свештеници за нивното поведение на Света Гора, а ист таков протест бил испратен и до грчката влада[126]. Атина веднаш реагирала на овој протест и му наложила на својот конзул во Солун, Логотетис да замине за Света Гора со цел да ја испита состојбата. Грчкиот конзул го посетил светиот полуостров, под претекст дека тој потпаѓал под неговата конзуларна јурисдикција. Сепак, тој од своите колеги во Солун не можел да го скрие осетното заострување на односите помеѓу грчките и руските монаси на Света Гора. Грците ги обвинувале Русите за нивните претензии на Света Гора со желба полуостровот да го трансформираат во една руска колонија. Исто така Грците сметале дека Русите сакале да ја потчинат цариградската Патријаршија под своја закрила[127]. Тоа биле грчките објаснувања, но вистинскиот проблем лежел во значењето на Света Гора за Мегали идејата. Намалувањето или исчезнувањето на грчкото влијание на полуостровот несомнено би имал големи последици по иднината на елинизмот. Затоа и Логотетис бил пратен таму. Тој откако се вратил во Солун јавно се фалел пред своите колеги за наводниот свој успех да ги неутрализира Русите, но тоа не било точно бидејќи и грчката влада покажувала незадоволство од неговото делување[128]. Проблемот уште извесно време ќе ги оптоварува односите помеѓу двете земји, а тоа е уште еден доказ дека Логотетис не успеал во својата мисија. Покрај проблемите на Света Гора Грците, не само во овој период, ќе ги обвинат Русите и за поттикнување на Егзархијата да бара берати за митрополитски места во Македонија.

Кризата околу привилегиите на Патријаршијата се заострила со оставката на Патријархот Јоаким III од 23 декември 1883 година, како резултат на неговото несогласување со политиката на Портата по односното пршање. Грчката влада реагирала на оставката на Јоаким со испраќање на циркулар на 24 декември до нејзиниот амбасадор во Цариград, во кој му се наложува да делува во насока на држење на тензиите во Цариград и во провинциите, како и да делува на придобивање на некоја од големимте

---

[126] Constantinos Vacalopoulos, Temoignges historiques sur l'etat politique au Mont Athos (1880-1884), Balkan Studies, 23/2, Thessalonique, 1982, p. 368

[127] исто, с. 365

[128] Кирил, П. Б, Българската..., т.1 , кн. 2, с. 458

сили за подршка на грчките ставови по прашањето на привилегиите[129]. Поделеноста во Синодот по прашањето на оставката на Јоаким ќе ја усложни работата на грчкиот амбасадор. Големиот логотет Аристархи бej отворено говорел дека притисоците од Атина довеле до негова оставка, а тоа мислење го делеле и некои дипломати[130]. Овие гледишта можат да се прифатат како точни со оглед на разликите меѓу Патријархот и грчката влада по однос на шизмата, но и начинот на делувањето на грчката пропаганда, најмногу во Македонија. Точно е дека Грција и даваше подршка на Патријаршијата кога тоа и беше потребно, но исто така е точно дека во овој период никогаш не му даваше подршка на Јоаким. Колку и да звучи чудно на Атина и одговараше оставката на Јоаким, бидејќи се отвараше патот за поставување на Патријарх врз кој грчката влада ќе може да има поголемо влијание. Тоа во Атина секогаш се поврзуваше со националните интереси, посебно во Македонија.

Посетата на грчкиот крал на Виена, како што веќе видовме, не ги даде очекуваните резултати, а во Атина повторно се разгореа антиавстриските страсти. Грчките дипломатски претставници во Солун и Битола со голема загриженост ги следеле активностите на австриските дипломати на теренот заради нивната подршка на католичката пропаганда, што беше сметано како антигрчка активност[131]. Тоа, сепак, нема да биде пречка грчката влада во јануари 1884 година да побара од својот амбасадор во Виена да се обиде повторно да го постави прашањето за приближување помеѓу двете држави, но, разочарувачки за Грците, Калноки бил повеќе од дециден дека не може да даде никакви гаранции за Солун[132].

Едни од главните дискусии кои се водеа во Грција во осумдесеттите години на XIX век беа посветени на границите на грчките интереси во Македонија. Според многумина грчки интелектуалци Македонија била поделена на три зони: 1) јужна зона која на север е ограничена со линијата Костур-Негуш-Солун-Серес-Ксанти; 2) средна зона која со севрната линија

---

[129] исто, с. 351
[130] исто, с. 358
[131] Κ. Βακαλοπουλος, Ο Βορειος..., σ. 50
[132] Κ. Αιλιανος, μια προοπτικη..., σ. 62

Охрид-Крушево-Велес-Струмица-Мелник-Неврокоп и 3) северна зона над северната линија на средната зона[133]. Всушност еден од застапниците за ваквата поделба на Македонија бил Папаригопулос, кој на барање на грчкото министерство за надворешни работи на 31 март 1884 година испратил проект околу прашањето како Македонија можела да се подели на зони[134]. Во однос на средната зона Папаригопулос признава дека поголемиот дел од населението било словенско и затоа предлага да се засилат напорите за охрабрување на населението да ја почувствува грчката свест. Со цел да се обезбеди јужната линија Папригопулос предложил засилување на пропагандните акции по линијата Битола-Гевгелија-Струмица-Мелник. Гледиштата на Папаригопулос за припадноста на населението во , според грчките гледишта, средната, но и во јужната зона се присутни и во размислувањата на грчкиот историчар Василис Гунарис кој смета дека јазичната граница била по линијата Костур-Воден-Серес. Според него"иако грчкиот јазик беше широко распространет во секој урбан македонски центар, христијанските селани во крајбрежната зона, по правило беа словеногласни, кои беа присвојувани од Бугарите и Србите како нивни браќа"[135]. Грчките дипломати, кои работеле во Македонија, исто така давале свои предлози за тоа до каде треба да биде грчкиот интерес во Македонија. Така на 8 февруари 1884 година грчкиот конзул од Солун, Петрос Логотетис, испратил до грчкото министерство за надворешни работи еден мемоар за Македонија[136]. Мемоарот бил скица за тоа како Македонија требала да се подели. Според планот на Логотетис оваа османлиска област се делела на два големи дела-јужен и северен. Јужната линија на јужниот дел започнува од селото Маврони, југозападно од Гревена и завршува на вливот на Струма во Егејското море. Северната линија на јужниот дел започнува од селата Горна и Долна Белица и продолжува кон Струга-Демир Хисар-Браилово-Плетвар-вливот на Црна Река во Вардар-Мелник-Неврокоп. Западната линија на јужниот дел започнува од веќе спомнатото село Маврони и продолжува кон Самарина-Николица-Каменица-Кулија-

[133] Σ. Βουρι, Εκπαιδευση..., σ. 51
[134] H. Belia, La contribution..., p. 285
[135] B. Goumaris, Social..., p. 411
[136] Κ. Βακαλοπουλος, Το μακεδονικο..., σ. 30

Лавдери-ја сече реката Девол-село Кјукс,кое се наоѓа на реката Шкумба[137]. Источната линија на јужната зона започнува од селото Варутин и оди до Порто Лагос. Според Логотетис јужниот дел може да се подели исто така на две зони-северна и јужна. Линијата на поделба на јужната зона започнува од Протопапа[138] оди кон езерото Малик-Бапчор-Мокрени-Емпорио- Катраница-Баталик-Боагриево-планина Пангај и завршува на границата со Источна Румелија. Според статистичките податоци на Логотетис, во јужната зона на јужниот дел бројот на христијаните изнесувал 565 000 и сите биле Грци, а во северниот дел на истата зона бројот на Грците изнесувал 1 073 000. Тие го надминувале бројот на останатите заедници од кои, според Логотетис бројот на Турците изнесувал 565 000, на според него Бугарите-190 000, унијатите- 20 000, протестантите-5 000, романогласните-16 000 и Евреите-85 000[139]. Во однос на северниот дел од Македонија во меморандумот на Логотети му е посветен многу мал простор, но тоа требало да се очекува, бидејќи и самиот нагласува дека само во Скопје и Велес имало мали грчки заедници. Повеќе од очигледно е дека бројките, со кои манипулира Логотетис се нереални и претерани, но токму и целта на меморандумот била да се нагласи грчкиот карактер на јужниот дел од Македонија, а во истиот дел е вклучена и значајна територија на јужна Албанија. Може да се заклучи дека границата на грчките претензии во Македонија, полека се ограничува на линијата Охрид-Битола-Крушево-Струмица-Петрич-Мелник-Неврокоп. Според некои тоа бил максимумот на грчките барања. Тоа не било по мерка на некои поекстремни националисти, но како барање постепено било прифатено од релевантните грчки политичари[140]. Всушност тие гледале дека поголемиот дел од македонското христијанско население имало словенско потекло. Таквата реалност нема да ја прифатат и користејќи ја сеуште слабо развиената народносна свест кај тоа население, пред се заради туѓите влијанија, ќе се обидуваат да ја наметнат грчката национална свест. Во насока на зацврстување на

[137] исто, с. 31 (интересно е да се забележи дека најголемиот дел од оваа западна линија на јужната зона навлегува длабоко во Албанија односно во реоните каде има поголема концентрација на православно население од различна етничка припадност.).
[138] Албанија
[139] исто, с. 33-35
[140] E. Kofos, Dilemmas..., p. 49

влијанието на елинизмот на гореспоменатата линија грчките историчари барале начин како тоа да го направат. Еден од начините бил да се покаже и докаже дека токму таа линија била границата на античка Македонија, а останатиоит дел немал историска основа да биде сметан како Македонија зошто никогаш не бил дел од античката македонска држава[141]. Следствено на тврдењата дека мнозинството од населението во јужната област било грчко тогаш и, со според нив доказите базирани на историјата, Македонија е грчка. Ваквото размислување со повремено мало поместување на линијата на север ќе остане основа на грчките аспирации во Македонија се до Балканските војни, иако централниот дел повремено е сметан како спорна зона помеѓу Грците и Словените најчесто во време на преговори било со Србите или пак со Бугарите.

Откако биле дефинирани границите на грчките барања следниот чекор беше да се обезбеди подршката на големите сили, кои во тој период не посветувале големо внимание на грчките барања. Токму затоа грчката влада морала повторно да размислиува за приближување кон Цариград, не со цел Портата да и помогне на Атина да го добие тоа што го сака, бидејќи тоа било невозможно, туку за заедничко делување против словенските акции. Кога султанот Абдул Хамид во почетокот на 1884 година го покани грчкиот крал да го посети Цариград, владата во Атина виде шанса да постави барања кои се однесувале на трговијата и меѓусебното поврзување. Атина повторно го поставила прашањето на железничкото поврзување. Грчкиот амбасадор во Цариград во март 1884 година, врз база на инструкциите од Атина, требал да и понуди на Портата, во замена за нејзините концесии, гарантирање на годишниот приход на османлискиот дел од пругата, ослободувајќи го правото на присмотра. Тој стапил во контакт со османлискиот министер за надворешни работи, кој му ветил дека проектот за поврзување ќе биде разгледан од страна на Портата, но тоа не се случило[142]. Исто така и посетата на Георгиос останала недоговорена. На тој начин обидот за поблиски односи со Портата останал без резултат, а тоа пак ќе ја принуди Атина повторно да размисли за поврзување со некоја

[141] исто
[142] B. Gounaris, Greco-turkish..., p. 316

европска сила. Тоа бил единствен начин грчките аспирации да можат да бидат реализирани.

Оставката на Јоаким на патријаршискиот престол не била веднаш прифатена од Портата. Тоа било и за очекување бидејќи Јоаким бил лојален кон султанот, а османлиската власт сигурно била запознаена со неговите несогласувања со грчката влада. Оваа, од своја страна, веднаш ги подржала силите во Синодот кои биле за неговата оставка. За разлика од порано во тие моменти големиот логотет Аристархи бej директно ја обвинил владата во Атина дека го користела проблемот на привилегиите за да се ослободи од него[143]. Меѓутоа решението на Јоаким било конечно и тоа на крајот било прифатено од страна на Портата. Грчката заедница во Македонија го изразила своето задоволство од прифаќањето на оставката на Јоаким. Водечките личности на оваа заедница го обвинувале, веќе поранешниот, патријарх за сервилност кон руската амбасада, посебно во поглед на проблемите на Света Гора и изразиле надеж дека султанот повторно ќе ги потврди привилегиите на Патријаршијата[144]. Иако навидум проблемот со оставката на Јоаким не се поврзани со Македонија, реакцијата на Грците покажува дека оваа оставка имала поврзаност и со Македонија, бидејќи било можно зад ставовите на грчката заедница да стоела Атина.

Грчката влада по прифаќањето на оставката на Јоаким се насочила кон изборот на новиот Патријарх со цел да биде избрана погодна личност. Атина во тоа ќе успее со изборот на новиот Патријарх Јоаким IV на 16 октомври 1884 година[145], за кого грчкиот амбасадор во Цариград многу пофално ќе се изјасни со напомена дека наводно не бил избор на неговата влада. Со неговиот избор, влијанието на Атина ќе биде значително поголемо, а тоа во грчките политички кругови се гледало како шанса за зајакнување на елинизмот, бидејќи проблемите, поточно недоразбирањата со новиот Патријарх ќе бидат помали.

Иако посетата на кралот Георгиос на османлиската престолнина не се рализира, Атина нема да води политика на заострување на односите

---

[143] Кирил, П. Б, Българската..., т.1 , кн. 2,, с. 375
[144] ДАРМ, м-27, Blunt-Earl of Dufferin, Salonica, 2 may 1884, FO 78/3644
[145] Кирил, П. Б, Българската..., т.1 , кн. 2, с. 383

со Портата. Вниманието на грчката влада ќе биде насочено на внатрешен план. Таа дури активно се обидува да ги спречи грчките банди кои навлегувале на османлиска територија, а бил постигнат и грчко-османлиски договор за сузбивање на бандитизмот[146]. Сепак, понекогаш не сите чети кои навлегувале на османлиска територија биле разбојнички. Таков е случајот со тројца емисари кои дошле од Атина, но грчкиот конзул во Солун, согласно со инструкциите од неговата влада успеал да ги убеди да се вратат назад[147]. Всушност се работело за луѓе кои биле блиски до Леонидас Вулгарис, а тој тогаш не бил многу популарен кај грчките политички кругови, заради неговото залагање за соработка со Словените. Вулгарис бил активен член на здружението "Источна конфедерација", кое било основано во Атина на 29 октомври 1884 година, со цел да се здружи со слични организации од регионот за да биде организирана Источна федерација на сите балкански држави, која би била способна да се спротистави на странското влијание[148]. Во ова здружение активно учествувал и грчкиот конзул во Софија, Клеон Рангавис, но тој не можел да изврши поголемо влијание врз атинската влада. Ангажираноста на атинската влада да ги спречи упадите на вооружените лица од нејзина територија на османлиска биле позитивно оценети од страна на Портата[149].

Прашањето за ангажирање на грчките лекари во пропагандните активности и понатаму било актуелно во грчкото министерство за надворешни работи, каде се разгледувале моделите за нивно вклучување. Тоа довело до спротивставени мислења на грчките дипломатски претставници во Османлиската држава. Така додека грчкиот конзул во Битола, Докос, сметал дека е потребно лекарите да соработуваат со патријаршиските свештеници и учители за да се зацврсти грчката свест кај населението, неговиот колега од Солун, Логотетис се спротиставувал на ваквата можност со напомена дека локалните османлиски власти жестоко ќе реагираат на нивното делување[150].

---

[146] ДАРМ, м-30, Blunt-Earl of Dufferin, Salonica, 10 August 1884, FO 424/136
[147] исто
[148] Varban Todorov, The society "Oriental Confederation" and its actities during the 80-ties and 90-ties of the 19th century, Balkan Studies, 25/2, Thessaloniki, 1984, p. 530
[149] ДАРМ, м-30, Blunt-Wyndham, Salonica, 20 november 1884, FO 424/136
[150] Κ. Βακαλοπουλου, Ο Βορειος..., σ. 47

При крајот на 1884 година повторно дошло до актуелизација на проблемот со шизмата на бугарската Егзархија. Тогаш царскиот комесар на руската православна црква, Поводоноčев, издал памфлет во врска со бугарското црковно прашање. Објавувањето на памфлетот предизвикало реакции во Атина. Професорот по теологија, Н. Дамалас, издал свој памфлет кој го насловил како "Одговор на памфлетот на почитуваниот Поводоноčев" и кој претставувал сумарен поглед на еден сегмент на Грците по црковното прашање[151]. Според Дамалас јурисдикцијата на Егзархијата би се однесувала на кнежевството Бугарија и Источна Румелија, а власта на Патријаршијата би се однесувала на останатиот дел од Османлиската држава. Интересно е прашањето за Македонија. Дамалас предлагал во оваа област да се исцрта линија која би одела северно од Неврокоп-Струмица-Битола и Корча. Северно од оваа линија Бугарите, како што тој се изјаснил би можеле да добијат владички места. Оваа брошура била преведена на француски јазик и била распространета надвор од земјата преку грчките дипломатски претставништва, но била критикувана од страна на некои грчки интелектуалци, како Папаригопулос, кој сметал дека таа била штетна по грчките интереси. Прашање е зошто Папаригопулос, кој бил еден од оние кои ја предложиле линијата на грчките аспирации во Македонија не сакал да ја подржи оваа на Дамалас. Можеби сметал дека било прерано размислувања за поделба на Македонија да бидат изнесени во јавноста, не толку заради реакциите на Грците, колку заради можноста другата страна да помисли дека Грција е спремна на отстапки.

Грчката влада при крајот на 1884 година повторно ја разгледувала можноста за приближување кон Виена. Интересно е дека, за разлика од порано, Трикупис отворено говорел не само за можноста од приближување кон Виена, туку и за потребата на Грција до тоа да дојде. Во разговорот со францускиот амбасадор во Атина, де Муј, грчкиот премиер бил запрашан за активностите на австриските дипломатски службеници во Македонија и за очекувањата на Атина од можноста за приближување кон Виена. Тој директно одговорил дека неговата влада во приближувањето кон Ав-

[151] E. Kofos, Attempts..., p. 359

стро-Унгарија го гледа својот пат кон Солун, иако претходно во разговорот со британскиот амбасадор во грчката престолнина дал спротивен одговор т.е погледите на Виена кон Солун, претставуваат проблем, иако нивните заеднички интереси во однос на руските и бугарските активности се идентични[152].

Промената на мислењето на Трикупис не се должела на некоја нова политика на Виена и Атина во меѓусебните односи, туку на потребата на Грција во тој момент да ја има австриската подршка заради некои случувања во и околу Македонија, кои во Атина ќе бидат сметани како премногу опасни за грчките интереси. Имено во тој период имало информации во лондонскиот печат за османлиските насилства во Македонија за што ќе се водат дури и дускисии во британскиот Парламент. Грчките дипломатски претставници во европските земји овие извештаи ќе ги прогласат за неточни. Така грчкиот амбасадор во Цариград за неколку дена во декември 1884 година два пати се сретнал со својот британски колега, при што го искажал своето неверување во написите и чудење од заседанијата на Горниот дом на британскиот Парламент по повод настаните[153] и не пропуштил извештаите кои пристигнувале од Македонија да ги нарече претерани и, секако, производ на панславистите[154]. Сепак, пишувањето на белгискиот публицист и универзитетески професор Лавелеје ќе предизвика бура од реакции во Грција, но и од грчката заедница во Македонија. Тој во лондонскиот весник "Pall Mall Gazete", но и во други листови објавил повеќе написи за османлиските насилства во Македонија врз, како што тој, се изјаснил бугарското население[155]. Настаните, за кои тој пишувал, биле причина за зголемен интерес на британскиот печат за тоа што се случува во Македонија, но во некои од написите била спомената грчката подршка на османлиските власти. Најголема загриженост и протести во Грција од целокупното делување на Лавелеје ќе предизвика неговата студија за населението во Македонија, во која тој тврди дека апсолутно мнозинство на населението во оваа област

---

[152] Κ. Αιλιανος, μια προοπτικη..., σ. 75
[153] ДАРМ, м-29, Wyndham-Granville, Constantinople, 3 december 1884, FO 78/3628
[154] ДАРМ, м-29, Wyndham-Granville, Constantinople, 10 december 1884, FO 78/3628
[155] Граѓа за историјата на македонскиот народ од Архивот на Србија, т. 4, кн. 1 , Белград, 1985, док. 142 и 143, с.241-243

биле Бугарите, а бројот на Грците изнесувал 54 480[156]. Оваа бројка на Грци во Македонија, изнесена од Лавелеје, предизвикала бран на протести во Атина, но и во Македонија. Во грчкиот главен град на 25 декември 1884 година бил одржан протест на Грците од Македонија, кои живееле во Грција [157]. На протестот била усвоена декларација во која се потенцира незадоволството од пишувањето на Лавелеје и британскиот печат и затоа треба да биде соопштена вистината. Вистината според нивните гледишта. Тие исто така протестирале против изјавите на Новиков и дадената интерпретација на војводата од Аргил во британскиот дом на Лордовите за насилствата во Македонија, затоа што тие се базираат само на словенски извори. Демонстрантите, кои ја усвоиле резолуцијата го молат филеленот Глени да се заложи, како што се изјаснуваат, за каузата на Македонија. Со цел подобро пренесување на грчките ставови била составена тричлена делегација-Константинос Талис, Јанис Коцанис и Михаилис Типалидис, која требала да ја проследи декларацијата до атинските списанија, "Химера" во Трст и лондонски "Times", како и до странските амбасади во грчката престолнина.

Со овој протест не се завршиле искажувањата на грчкото незадоволството од тоа како се изветсува за Македонија. Скоро истовремено во Серес бил одржан собир на грчката заедница во однос на состојбите во Македонија[158]. Собирот бил организиран од некоја Македонска Филеленска Асоцијација и исто како на другите собири од ваков тип била испратена декларација, овојпат до Гледстоун[159]. Во декларацијата се нагласува, со многу одбрани зборови дека Англија секогаш била наклонета кон поробените народи, но тоа нејзино филантропство некој сакал да го искористи во бугарска полза под изговор дека, како што стои во декларацијата, бугарското население било загрозено, но тоа не било точно иако може да има некои исклучоци[160]. Според авторите на декларацијата населението во Македонија и оние кои ја знаат состојбата ги отфрлаат

---

[156] К. Βακαλοπουλου, Ο βορειος..., σ. 147

[157] ДАРМ, м-178, Archivo Storico del Ministero degli Affari Esteri (ASMAE), Curtopasi-Mamini, Atene, 28 dicembre 1884

[158] ДАРМ, м-27, Blunt-Granville, Salonica, 31 december 1884, FO 78/3645

[159] ДАРМ, м-28, The macedonian Philhellenic association to Mr. Gladstone, Seres, 18(30) december 1884, FO 195/1515

таквите изјави и нив ги прогласуваат за измама на оние кои сакале европските влади и јавното мислење да го натераат да поверуваат во овие злосторства, но овие злосторства биле направени од бугарските комитети во Софија и Пловдив, кои испраќеле чети за да го пљачкаат населението и да создаваат немири. Што се однесува до наводите на Лавелеје демонстрантите ги отврлаат како перверзирање на вистината, бидејќи само во серската област, според нивните статистички податоци, живееле 80 000 Грци. Централниот собир на кој било искажано незадоволство на Грците од Македонија по повод написите на Лавелеје бил одржан во Солун на почетокот на јануари 1885 година на кој присуствувале "највлиталените лидери на грчката заедница"[161] од Солун, Струмица, Велес, Скопје, Битола, Лерин, Костур, Анаселеца, Кожани, Серфиџе, Корча, Воден, Бер, Гревена, Касандра, Света Гора, Кавала, Драма, Серес, Мелник и Неврокоп. Тоа значи присуство на луѓе скоро од цела Македонија, од кои некои не биле Грци, туку грцизирани Македонци и Власи. Со Собирот раководел солунскиот патријаршиски митрополит. Исто така и на овој собир била усвоена резолуција во која се протестира против тврдењето на белгискиот публицист и професор дека во Македонија имало само 57 480 Грци. Според овој документ, усвоен на протестот, во Македонија имало 800 000 Грци, Македонија не е словенска земја како што е прикажана во европскиот и англискиот печат и дискусиите во британскиот Парламент. Во резолуцијата се нагласува дека патријаршистите се тие кои се жртви, бидејќи се напаѓани од бугарските чети со единствена цел да бидат принудени да ја напуштат Патријаршијата. Исто така се бара почитување на решенијата на Берлинскиот конгрес. Протестите и резолуциите, за кои не располагаме со податоци дека се организирани или подржани од грчката влада и конзули, но тоа не може да се исклучи, јасно ја покажуваат чувствителноста на Грците, од двете страни на границата во однос на состојбите во Македонија, нивното јавно неприфаќање на тврдењата, а тие биле точни, дека во Македонија мнозинскиот дел од христијанското население било словенското, но и фактот дека тие организирано и жестоко се спротиставуваат на тоа што го сметаат за спротивно на нивните национални

---

[160]- исто

интереси притоа негирајќи ги другите. Кога говориме за организираноста за одбрана на грчките интереси може да се послужиме и со примерот на посетата на еден австроунгарски воен брод на солунското пристаниште. Познато е дека дел од атинските политички кругови никогаш не гледале со наклоност на Виена заради нејзините аспирации кон јужните делови на Балканот. Тие ставови биле пренесени и во Македонија, каде што при посетата на австро-унгарскиот брод во Солун биле организирани протести на грчката заедница против присуството на бродот во солунското пристаниште[162].

Почетокот на 1885 година во Атина бил обележан со постојана загриженост за состојбите во Македонија. Трикупис му изјавил на британскиот пратеник во Атина дека неговата влада била убедена во вмешаноста на словенските агенти во влошувањето на состојбите во Македонија, но доколку има активности во кои има одредени грчки структури, тогаш тоа се однесува на Вулгарис, кој "бил грчки државјанин од бугарско потекло"[163]. Тој не пропуштил да нагласи дека овие активности биле финансирани од руски фондови. Атина исто така била загрижена од постојаните митинзи во Бугарија, но и од барањето на Егзархијта да добие митрополитски места во Македонија и информациите за решението на Портата да дозволи наименување на бугарски владици во Велес, Скопје и Охрид. Британскиот конзул во Солун, Блант смета дека токму од овие причини Грците со сите сили се трудат да ја убедат Портата да го повлече решението и и укажуваат на опасноста од бугарските активности за османлиските интереси[164].

Во овој период помеѓу одредени македонски емигрантски кругови во Бугарија беше забележана одредена активност. Така кон крајот на 1884 година во Русе беше формирано друштвото "Александар Македонски"[165], а кон почетокот на 1885 година во Пловдив беше основано Македонско

---

[161] ДАРМ, м-28, Blunt-Wyndham, Salonica, 9 january 1885, FO 78/3776
[162] Κ. Βακαλοπουλου, Ο βορειος..., σ. 58
[163] ДАРМ, м-30, Nicolson-Earl Granville, Athens, 4 january 1885, FO 32/563
[164] Британски дипломатически документи по българския национален въпрос 1878-1893, т. 1, София 1993, д. 71, Солун 22 февруари 1885, с. 216
[165] Блаже Ристовски, Македонија и македонската нација, Скопје, 1995, с. 206

друштво за собирање на помош за страдните Македонци[166]. Во бугарската престолнина исто така беше формирано здружение "Македонски глас" кое издаваше гласило со името на здружението под редакција на Димитар Ризов и Илија Георгов[167].

За постојаната загриженост која била искажувана од страна на атинската влада во однос на Македонија удел имале и тамошните грчки конзули кои постојано известувале за лошата позиција на елинизмот, но истовремено нуделе можни решенија со цел зајакнување на грчката позиција. Солунскиот конзул Николау во едно писмо од 25 февруари предложил формирање на совет на македонските учители и предавачи[168]. Целта на овој совет би била решавање на педагошките прашања, собирање на разновидни податоци за состојбите во областа, податоци за етнолошките, црковните, археолошките и етничките проблеми. Тој совет би ги просветувал и информирал наставниците за етничката борба. Многу брзо атинската влада ќе им издаде инструкции на своите конзули во Македонија да работат на собирање етнолошки податоци за подршка на грчките барања по линијата, која веќе беше прифатена-Охрид-Крушево-Прилеп-Стоби-северно од Струмица-Мелник-Неврокоп[169]. Со тоа Атина покажува дека не била сигурна, дури и за областа која ја сметала за неоспорно грчка.

Грција не ја добила очекуваната подршка од Англија, не само по повод текстовите на Лавелеје, туку и за настаните во Македонија. Напротив, во британскиот парламент се разговарало за состојбите во Македонија на начин кој не одговарал на грчките интереси. Токму од тие причини Атина, и покрај секогаш присутните сомнежи кон Виена во однос на Македонија, повторно за многу краток временски период се обидела да се добилжи да Австро-Унгарија. Премиерот Трикупис во разговорот со францускиоит амбасадор отворено изјавил дека неговата влада настојувала да најде еден modus vivendi за Македонија и соработката со Виена е насочена кон спречување на руската пропаганда во Македонија. Целта на Грција, според Трикупис, била Македонија како грчка земја да биде

---

[166] исто
[167] Блаже Ристовски, Портрети и процеси, т.1, Скопје, 1989, с. 386
[168] Σ. Βουρη, Πηγες..., δ. 18, σ. 106
[169] E. Kofos, Dilemmas..., p. 52, f. 19

спасена од Словените и бугарските аспирации на кои само Виена можела да им се спротистави и тоа го докажала со залагањето кај Портата за грчките интереси[170]. Официјална Виена наводно ја уверила Атина дека во Македонија имала само економски интереси. Токму ова ќе биде искористено од страна на Грците. Во текот на март 1885 година грчката престолнина требала да биде посетена од страна на австроунгарскиот престолонаследник Рудолф. Посетата била искористена од страна на владиниот весник "Ора" да објави напис во кој се говори за заедничкиот интерес на двете земји за зачувување на статусквото на Балканот, но од интерес за Виена е обезбедувањето на економските интереси на Егејот оставајќи им го на Грците поседувањето на Солун и политичката доминација во Македонија[171]. Овој став на весникот кој ги изразувал ставовите на Трикупис од страна на амбасадорите на големите сили бил протолкуван како обид на Грците да ја натераат Виена да ги подржи грчките аспирации во Македонија во замена за грчка подршка на австриските трговски интереси на Егејот. Меѓутоа големо прашање е дали Виена би прифатила една мала и немоќна балканска држава да го гарантира нејзиниот економски интерес на Егејот. Одговорот е не. Треба да се има предвид дека единствениот простор за територијално ширење на Австро-Унгарија бил Балканот, бидејќи оваа држава беше единствената европска сила која немаше поседи вон стариот континент, а на своите граници на запад, север и исток имаше моќни соседи-Италија, Германија и Русија. Меѓутоа, грчките аспирации во тој момент биле многу силни. Трикупис, иако искусен политичар, дозволил македонскиот силогос во Атина непречено да делува, а ја имал и неговата наклоност. Впрочем "секоја идна затегнатост во Југоисточна Европа би била зграпчена од него за да ја постигне целта на која постојано работи. Неговата екселенција е убедена дека целата политичка и економска иднина на Грција зависи од поседувањето на Солун"[172]. Затоа во една таква ситуација не треба да чудат и вакви предлози, иако тие биле тешко прифатливи.

---

[170] Κ. Αιλιανος, Ανατολικη..., σ. 76–77
[171] ДАРМ, м-30, Nicolson-Granville, Athens, 2 march 1885, FO, 32/563
[172] исто

Традиција било националниот празник во Грција, денот кога започнало Грчкото востание -25 март да биде одбележан со големи манифестации и прослави. Во текот на нивното одржување често биле искажувани грчките аспирации кон Османлиската држава, но и да се протестира заради позицијата на Грците во соседната држава. Таков бил случајот и со прославата на националниот празник во 1885 година. Тогаш во Атина биле организирани демонстрации на кои главен збор имале професорите на атинскиот универзитет , кои потекнувале од Македонија, а биле одржани и протести и пред руската амбасада[173]. Целта на демонстрациите во грчката престолнина била да се укаже на позицијата на Грците во Османлиската држава. Сето тоа било проследено со еуфорични извици "Да живее Грција" и "Да живее Македонија". Всушност во Атина на 25 март имало три собири. На првиот собир професорот Генадиос говорел за античкото потекло на Грците, за што сведочи и просторот кој го одбрал за собирот-рушевините на античкиот театар[174]. Вториот собир бил во организација на "Учителското здружение" на кој се говорело за значењето на денот на востанието за грчката просвета, а се говорело и за Македонија, која како"колевка на Аристотел-најголемиот философ и колевка на Александар-најголемиот стратег и владетел никогаш нема да ја заборавиме"[175]. Третиот собир бил најголем и се одржал во зградата на Универзитетот, а бил организиран од македонскиот комитет. На собирот се говорело против славизмот. Иако целта на овие собири била изразување на загриженоста за судбината на Грците во Османлиската држава, не ретко со нив се сакало да се влијае и врз странските дипломатски мисии, но во овој период тоа неуспевало. За ова ни сведочи информацијата на српскиот претставник во Атина, Груиќ, за обидот на тројца ученици да поднесат петиција до странските амбасади во грчката престолнина за тешката положба на Грците во Османлиската држава и пишувањата на Лавелеје. Наместо подршка им било одговорено дека не е умесно да се коментира работата на Лавелеје, кој бил приватна личност и дипломатијата не може да го прогласи за одговорен што има подруго мислење за етнографијата на

---

[173] ДАРМ„ м- 178, Curtopasi-Manini, Atene, 16 aprile, 1885, ASMAE
[174] Граѓа за..., т.4, кн. 1, док. 161, с. 271
[175] исто

Македонија, а второ и најважно, Македонија била составен дел од османлиската држава и не може нивното заземање за оваа област да го сметаат за легитимно.

Во текот на 1885 година грчката влада за разлика од неколку години порано сериозно почнала да ја разгледува можноста за постигнување некаков договор помеѓу Атина и Белград во однос на Македонија. Грците сметале дека со Србија би можело многу полесно да се постигне согласност за Македониј,а заради послабата српска позиција во Македонија. Меѓутоа, така не размислувале Србите кои веќе започнале да организираат митинзи по српските градови заради заштита на, како што се истакнувало, своите браќа во Стара Србија и Македонија. Информациите за овие митинзи на почетокот биле пренесувани во атинскиот печат само како извештаи без коментари[176], но многу брзо и грчкото јавно мислење се заинтересирало за истите и посебно за петициите кои целосно биле печатени во весниците во Атина. Грчката влада нешто порано покажала интерес за српските ставови околу Македонија. На почетокот на јануари 1885 година владата во Атина му наложила на својот дипломатски претставник во Белград да ги испита српските погледи, а со тоа и аспирации кон Македонија, но и можноста за постигнување на согласност за сојуз меѓу двете земји[177]. Одговорот бил помалку загрижувачки за Атина. Грчкиот амбасадор во својот извештај дава преглед на српската надворешна политика за која констатира дека е под влијание на Виена. Токму тоа и австриското присуство во Босна ги насочуваат српските погледи на југ кон Солун. Српските погледи кон југот нема премногу да ја исплашат Атина, но ќе ја направат претпазлива во разговорите што ќе следат.

Сепак првите контакти помеѓу Грците и Србите во овој период нема да бидат насочени кон разговор за поделба на Македонија на сфери на интереси и влијанија, туку за именување на српски митрополити. Српската влада испратила барање до Патријархот Јоаким IV за именување на митрополити Срби по националност во Призрен, Скопје, Велес, Дебар, Битола и Охрид, а за возврат српската влада би плаќала по

---

[176] исто, с. 272

[177] Αρχειον Υπουργειων Εξοτερικων(AYE), Πρεσυιας Βελιγαρδι /1885/, α. 251, εν Βελιγραδιν 3 Ι αναριο 1885

1000 лири за секое место[178]. Според Кофос наводно во Патријаршијата имало расположение за прифаќање на српските предлози, но и во Фанар имало поделеност по тоа прашање[179]. Иако српската влада барала повеќе митрополитски места во Македонија, главните разговори се воделе околу Скопје. Патријархот му нагласил на српскиот пратеник во Цариград дека според неговото мислење во Скопје, ако треба да се бира митрополит според народноста, тогаш митрополитското место би требало да му припадне на некој Србин[180]. Во таа насока тој се залагал кај големите сили да влијааат врз Портата да не и издава берати на Егзархијта[181]. Меѓутоа Патријархот, кој можеби мислел дека би било подобро во Скопје да има српски наместо егзархиски митрополит, бил под влијание на грчката влада. Така, Јоаким IV како услови за именување на српски митрополити побарал: кандидатите да бидат османлиски државјани; да имаат завршено богословски факултет; да бидат монаси или свештеници; да го знаат грчкиот јазик; да имаат добро поведение; да не се компромитирани кај османлиските власти и да фигурираат кај Патријаршијата како кандидати за владици[182]. Овие барања биле тактички потег на Патријархот, кој многу добро знаел дека нема ниту еден српски црковен великодостојник кој би можел да ги исполни овие услови, посебно за османлиското државјанство и фигурирањето за кандидат за владика. Зад овие услови индиректно стоела владата во Атина, која во април 1885 година побарала од Патријархот да го одложи именувањето на српски митрополити во северна Македонија пред да се разјаснат српските барања во Македонија[183]. Наводно Атина се плашела концесиите во северниот дел од Македонија да не бидат почеток за српските барања во јужниот дел, кој според гледиштата на Грците бил

---

[178] Славко Димевски, Историја на македонската православна црква, Скопје, 1989, с. 537

[179] E. Kofos, Greek-serbian relations and the question of Macedonia 1879-1886, Greek-Serbian cooperation 1830-1908, Belgrade, 1982, p. 100

[180] ДАРМ, фонд: Јован Јовановиќ-Пижон, сиг. 1. 17. 1. 1/1-30, Грујиќ-Гарашанину, Цариград, 10 априла 1885

[181] Интересно е излагањето на Патријархот пред британскиот абасадор во Цариград во поглед на можноста Портата да и издаде берати на Егзархијта. Тој покрај негативниот став на Патријаршијата напоменал дека и српаката и грчката црква се спротиставуваат на давањето берати на Егзархијата. (ДАРМ, м-24, Wyndham-Granville, Constantinople, 1 april 1885, FO 287/3)

[182] С. Димевски, Историја на ..., с. 538

[183] E. Kofos, Dilemmas..., p. 51, f.16

нивен[184]. Тоа можеби делумно е точно, но сепак Грција во тој период сакала да добие подобра преговарачка позиција во однос на Белград. Доколку не било така, тогаш грчкиот министер за надворешни работи, Контоставлос не би му дал инструкции на грчкиот пратеник во Белград да ги почне разговорите за исцртување на линија на зоната на интереси во Македонија[185]. Грчкиот пратеник постапил согласно инструкциите на владата. Многу брзо ја известил за првите впечатоци при што нагласил дека постои ентузијазам кај сите за договор против Османлиската држава, но што се однесува да границата на интересните сфери работите нема да се одвиваат многу брзо[186]. Оваа негова констатација само ја потврдила првичната одлука на Атина да изврши влијание врз Патријаршијата околу пролонгирањето на решението за назначување на српски митрополити во северна Македонија. Преговорите нема да бидат прекинати, но со тек на време ќе добијат друга насока.

Атинскиот печат продолжил со известувањето за настаните и состојбите во Македонија, а преку коментарите во весниците неретко се искажувале и ставовите на владата. Понекогаш тие се користеле и за внатрешнополитичка употреба. Во грчкиот провладин печат во контекст на известувањата за Македонија била нагласена задачата на елинизмот. Грција, како што било нагласено не можела да остане индиферентна на тоа што се случува на север од нејзината граница во областа "која што секогаш беше сметана како една од основните куќи на елинизмот"[187]. Грчката влада сакала зачувување на статус квото, но не исклучува и други можности, односно да го брани правото на елинизмот и интересот на грчката националност. Тоа било и став на Трикупис. Однесувањето на грчкиот премиер не останало незабележано од страна на британскиот амбасадор во Атина, кој забележал дека и покрај воената неподготвеност на Грција владата немала да остане настрана доколку дојде до сериозни немири во Македонија. Во таков случај Грција би влегла во судир заради Солун, а Трикупис тоа не го криел[188]. Сепак кај британскиот дипломат

---

[184] E. Kofos, Greek-serbian..., p. 100
[185] исто, с. 96
[186] АУЕ, /В 1885/, N. 50, εν Βελιγραδιν, 19 απριλιου 1885
[187] ДАРМ, м-30, Nicoloson-Granville, Athens, 6 april 1885, FO 32/563
[188] исто

постоел сомнеж за причините за користење на остар тон во пишувањата на провладиниот печат, но и во некои искажувања на Трикупис. Според него, владата со остриот тон во однос на настаните во Македонија сакала да го сврти вниманието од економските проблеми на државата. Трикупис можеби имал таква намера заради националистичката реторика на неговиот конкурент Делијанис, но во април 1885 година ги губи изборите и морал да ја напушти премиерската функција. Незадоволството на Грците од економската политика на Трикупис била причина за неговиот пораз, а не неговата надворешна политика и односот кон Македонија.

Доаѓањето на новата влада на чело со Делијанис требало да значи поактивен однос на грчката држава за исполнување на националните аспирации, но до тоа нема да дојде. Делијанис само ги потврдил мислењата и зборувањата за него како за обичен шовинист и демагог. Тој дури презел остри мерки за спречување на преминувањето на грчки чети на османлиска територија. Имено, во текот на мај имало преминување на грчки чети од Тесалија во Македонија. Според некои дипломатски извештаи тие биле формирани од грчката "Источна конфедерација"[189]. Делијанис издал наредба за спречување на префрлувањето на чети од грчка на османлиска територија, а за делувањето на некои од нив го обвинил својот претходник Трикупис[190]. Ова негово тврдење не било точно , но тој успеал за одреден временски период да го спречи навлегувањето на грчки чети на османлиска територија, а тоа го забележале и странските конзули во Солун, кои мирната состојба во јужна Македонија ја поврзале со енергичните мерки на грчката влада[191]. Постапките на Делијанис биле разбирливи бидејќи неговата влада, а и многу Грци, во тој момент опасноста по елинизмот ја гледале во кнежевството Бугарија, а не во Османлиската држава. Затоа грчката влада настојувала да ги ограничи акциите на четите кои би можеле да доведат до заострување на односите со Цариград, а тоа Атина не го сакала.

Грчката влада која постојано изразувала загриженост за позицијата на елинизмот во Македонија и затоа преземала акции истата да биде

---

[189] ДАРМ, м-30, Rumbold-Granville, Athens, 4 june 1885, FO 32/563
[190] ДАРМ, м-30, Rumbold-Granville, Athens, 28 may 1885, FO 32/563
[191] Британски дипломатически..., док. 77, Балнт-Гренвил, Солун, 9 јуни 1885, с. 240

подобрена. Една од причините за заслабената позиција на елинизмот била и недоволното познавање на грчкиот јазик од страна на учителите во грчките училишта. Јаонис Меркулис, надзорник на училиштата на теренот на битолскиот грчки конзулат, во текот на 1885 година забележал дека во основните училишта имало учители, кои "одвај можат да читаат, а камо ли да зборуваат на грчки јазик". Оваа констатација на Меркулис покажува и еден факт, а тој е потеклото на учителите кои не говореле грчки. Сепак нивното потекло нема да пречи тие да и служат на грчката кауза. Причина за тоа може да бараме и во нивниот материјален интерес. Значајно за грчката пропаганда било основањето на филобразовното здружение "Проодос"(Напредок) во Крушево во јули 1885 година. Целта на здружението била развој на духот и свеста кај своите членови и развој на елинизмот во разни области-формирање на библиотеки, набавки на книги, периодика и дневни листови[192].

Обидите на Грците да ја засилат позицијата на својата пропаганда ќе бидат попречени со настаните кои ќе се случат во Источна Румелија со што активностите ќе бидат насочени во друг правец.

1 .2. Односот на Грција кон Македонија во време на Источнорумелиската криза 1885-1886

Грција во текот на последната третина од 1885 година ќе се соочи со големата криза која била предизвикана од обединувањето на Кнежевството Бугарија и Источна Румелија. Некои сметаат дека Грција неподготвена ги дочекала овие настани[193], но сепак не може да се прифати тврдењето за немање информации[194] за одредени делувања на разните комитети. Грчките дипломатски службеници ја информирале својата влада за

[192] Κ. Βακαλοπουλου, Ο βορειος..., σ. 165
[193] Χ. Ναλτσα, Ανατολικη..., σ. 148Α
[194] Налцас тврди дека грчката влада немала доволно дипломтаски информации, а за тоа најмногу го обвинува грчкиот конзул во Софија Рангавис, кој, според него, повеќе се интересирал за поезијата и филологијата. (исто, с. 148А-149А)

делување на чети на бугарско-османлиската граница кон Македонија[195]. За можните подготовки говорел и грчкиот амбасадор во Цариград Кондуриотис, но во Атина неговите предупредувања не биле земени предвид[196]. Интересно е и едно тврдење на грчкиот политичар Трикупис, тогаш лидер на опозицијата во разговорот со англискиот амбасадот во Атина во февруари 1887. Тој тврди дека во времето кога тој бил лидер на опозицијата добил предлози од Батенберг за Македонија. Според ова искажување на Трикупис, бугарскиот кнез наводно се согласил за линија на разграничување во Македонија која би водела од Охрид преку Струмица и Мелник до границата со Источна Румелија[197]. Тоа според Трикупис било апсолутно прифатливо за Грците, бидејќи Битола и Серес, останувале во нивниот дел. Иако можеме да се сомневаме на дадената согласност на Батенберг до Трикупис, заради големата сличност со веќе прифатената линија на грчките побарувања во Македонија, може да прифатиме дека постоел некој предлог со цел Грците полесно да го прифатат настанот што ќе следи. Тој предлог би требало да послужи и како најава дека нешто се подготвува. Водечките личности во грчкиот политички живот не направиле анализа за можниот развој на настаните, а кралот Георгиос дури на 9 август заминал на пат. Грчкиот премиер Делијанис во говорот пред Парламентот во март 1886 година рекол дека после се што се случило можел да биде обвинет за немарност[198].

Информациите за настаните во Пловдив и бугарското обединување на 7 септември пристигнале во Атина. Тие предизвикале реакции, иако првично немало некој поголем жар. Точно е дека некои кругови во Атина уште првиот ден организирале демонстрации, но тие не биле со жестокост која можела да се очекува[199]. Одредени атински аналитичари тоа го коментирале со вкупната криза во Грција, но исто така и со верувањето, кое првично преовладувало во Атина, дека берлинскиот договор го обезбедувал статусквото на Балканот и затоа големите сили немале да дозволат истиот да биде нарушен. Сепак, странските дипломати во грчката престол-

[195] Driault et Lheritier, Histoire..., p. 201
[196] Χ. Ναλτσα, Ανατολικη..., σ. 150A
[197] ДАРМ, м-159, цит. док., Athens, 3 february 1887, FO 32/587
[198] Χ. Ναλτσα, Ανατολικη..., σ. 150A

нина очекувале многу брзо да дојде до промена на однесувањето и на владата и на јавното мислење. Такво наговестување веќе имало во опозиционот печат кој барал мобилизација на војската[200]. Грчката влада делувала помалку збунето, иако притисокот на јавноста веќе започнал да се чувствува, а се појавиле и барања за навлегување во Епир и Македонија. Реално гледано тоа не било возможно, бидејќи Грција воjнички не била подготвена за таков сериозен потфат. Владата можела да преземе позасилена активност, но и тоа не се случило. Напротив, грчкиот дипломатски претставник во Софија, Рангавис, не настапувал во име на својата влада, туку во име на другите дипломати[201]. Кога владата немала да покаже капацитет за справување со ситуацијата, тогаш се создаваат услови за делување на разни структури кои се јавуваат како спасители на националните интереси, кои на своја страна го имале и веќе проширниот страв дека засилувањето на Бугарија ќе им наштети на интересите на елинизмот. Тоа особено било забележливо во написите на атинскиот печат[202]. Демонстрациите во Атина започнале да стануваат секојдневна појава. Такви демонстрации биле одржани и пред куќата не Делијанис, кој морал да ја уверува толпата да веруваат во Европа која ќе успее да ги врати состојбите согласно со одредбите од Берлинскиот договор, но одговорот на топлата бил"Долу владата. Да живее Македонија"[203]. Развојот на настаните го принудило грчкиот крал да ја прекине традиционалната посета на Данска и да се врати во земјата каде бил пречекан со повици во корист на војна[204].

Грчката влада веќе морала да реагира поцврсто по повод настаните во Источна Румелија. Притисокот на јавноста бил се посилен, но и стравот од силна Бугарија најмногу ја засилувал загриженоста на Атина. Едноставно се создала држава со голема територија и значително население со која било тешко да се најда заеднички јазик[205]. Посебно за Македонија. Затоа Делијанис во разговорите со странските амбасадори во Атина,

---

[199] ДАРМ, м-24,Rumbold-Salisbury, Athens, 23 september 1885, FO 287/3
[200] исто
[201] Външната политика на България, т. 1, София 1978, док. 277, с. 564
[202] Χ. Ναλτσα, Ανατολικη..., σ. 152A
[203] исто
[204] ДАРМ, м- 438, Политичко оделење(ПО), ФVб, Грујић-Гарашанину, Атина, 15 септембра 1885
[205] Б. Јелавич, Историја..., кн. 2, с. 47

посебно оние на европските сили, не го криел своето возбудување од настаните во Пловдив, но добивал совети Грција да не ја заострува и онака комплицираната ситуација. Англискиот амбасадор го посоветувал да избегнува активности кои би го запалиле јавното мислење. Владата во Атина наводно покажувала согласност со овие совети, бидејќи располагала со информации дека бугарски чети навлегле во Македонија, но истите не ги објавувала заради јавното мислење[206]. Можноста за загрозување на Македонија од страна на Бугарите и стравот кој бил присутен во Грција околу таквата можност им бил познат на амбасадорите на големите сили. Затоа австроунгарскиот амбасадор во Атина ја уверувал грчката влада дека Виена заедно со другите сили ќе се труди да спречи движењето да се прошири и кон Македонија[207]. Притоа била пренесена пораката на Калноки за мирољубиво однесување на Грција. Официјална Атина, во тој момент, надевајќи се на странската дипломатска интервенција за повторно воспоставување на статус-квото не можела поинаку да постапува, а и Делијанис немал капацитет да се справи со ситуацијата. Уште повеќе и покрај барањата за интервенција на грчката војска, истата не беше во состојба да изврши покомплицирана акција.

Во времето кога Атина стануваше преокупирана со новата криза на Балканот на страниците на весникот "Македонски глас"се појави повик за оружено навлегување на македонските емигранти во Македонија и за нејзино ослободување[208]. Скоро истовремено извесен Македонски комитет составен од Боров, Илиев, Мирков и Стојанов се обратил до Бизмарк и Гледстоун, барајќи, во името на македонското население, да се заложат за реализирање на ветените реформи согласно Берлинскиот договор[209].

Ситуацијата на Балканот започнала се повеќе да се заострува. Стануvалало се појасно дека Атина и Белград ќе бараат или враќање на статусквото или пак одредени компензации. Тоа можело да се очекува со оглед на фактот дека обединета Бугарија станува релативно силна балканска земја, со аспирации кон други османлиски области, иако сеуште не

---

[206] ДАРМ, м- 24, Rumbold-Salisbury, Athens, 23 september 1885, FO 287/3
[207] ДАРМ, м- 24, Rumbold-Salisbury, Athens, 24 september 1885, FO 287/3
[208] Б. Ристовски, Портрети и..., с. 386
[209] Димитар Димески, Македонското националноослободително движење во Битолскиот вилает 1893-1903, Скопје, 1982, с. 123

била независна. Можноста од дополнителни проблеми и губење на контролата на ситуацијата на Балканот ги принудило големите сили да преземат конкретни чекори со цел да се обидат да ја стават ситуацијата под контрола. Францускиот премиер Фрејсине предложил, а многу брзо и добил согласност од другите европски сили, да се направи колективен чекор во балканските престолнини-Атина, Белград и Букурешт за да се одвратат трите влади од опасните намери и предлози и да не се создаваат немири во другите делови на Османлиската држава, особено по информациите дека Бугарите сакале да направат немири и во Македонија[210]. Повеќе немаше сомнение дека големите сили не сакаат ниту да слушнат за компензации на Грција и Србија, за што наголемо пишувале и весниците во Берлин, Виена и Цариград[211]. Францускиот амбасадор во Атина, де Муј, се сретнал со Делијанис при што апелирал на воздржаност и разумност. Грчкиот премиер дал уверување за решеноста на неговата влада да не прави дополнителни компликации и затоа ќе го чека решението на големите сили, а де Муј, пак го уверил Делијанис дека може да смета на пријателството на Франција, кое било покажано и во текот на настаните од 1880-1881 година[212]. Размислувањата на големите сили, во овој период, нема многу да влијаат на настаните во Грција.

Во Атина продолжиле собирањата на кои се поттикнувала владата да преземе порешителни чекори за заштита на грчките интереси. Голем број на говорници држеле подбуцнувачки говори по атинските улици во кои се величала грчката нација. Од своја страна владата започнала да ја придвижува војската кон османлиската граница, посебно единиците од Атина и Пелопонез[213]. Меѓутоа, грчките политички кругови почнале да говорат дека со превратот во Пловдив и обединувањето на Источна Румелија со Бугарија е завршено и немало шанси да се врати претходната состојба. Затоа Грција требала да бара компензација, но истата не би требало да се однесува на Крит, кој и така ќе бил добиен[214]. Сепак на поче-

---

[210] Χ. Ναλτσα, Ανατολικη..., σ. 119
[211] Граѓа за..., т.4, кн. 1, док. 208, с. 359
[212] Христо Глушков, Франция, османската империя и съединението на България 1885-1886, Исторически преглед, 41/5, София, 1985, с. 72-73
[213] ДАРМ, м-438, ПО, Р-1, Ф-V, Грујић-Гарашанину, Атина 22 септембра 1885
[214] исто

токот на кризата размислувањата биле подруги. Имено во грчката влада постоеле кругови кои сметале дека анексијата на Крит немала да предизвика проблеми како барањата за добивање на територија согласно со решенијата на Берлинската конференција од 1880 година. Во самата влада се развила дискусија за тоа што Грција требала да направи во дадената ситуација. Некои министри сметале дека треба да се навлезе во Епир и да се предизвика големо востание на Крит. Некои, пак, барале итна поморска акција на Крит проследена со истоварување на грчките сили, како и испраќање на војска во Македонија. Тројца министри во грчката влада- Андониос Зигомалас-министер за црковни прашања, Ровертос Ромас-министер за поморство и С. Антонопулос- министер за правда, приложиле меморандум во кој укажувале на воената немоќ на Османлиската држава, а тоа требало да се искористи за поттикнување на востание на Крит, проследено со навлегување на грчката војска во Епир за да ги заземе оние територии предвидени со Берлинската конференција[215]. Владата првично го прифатила овој меморандум, но по враќањето на кралот Георгиос во земјата тој бил напуштен. Георгиос повторно се покажал пореален во поглед на меѓународната ситуација. Големите сили во никој случај немале да дозволат дополнително заострување на ситуацијата на Балканот во моментите кога статусквото беше нарушено. Исто така и грчката војска не беше подготвена за плановите на некои грчки министри.

Користејќи ја ситуацијата, грчката опозиција започнала да врши се поголем притисок врз владата со цел оваа да делува порешително. Исто така разните силогоси, кои повтроно се активирале, организирале демонстрации. Емигрантите кои потекнувале од Македонија и Тракија започнале да го преземаат организирањето на демонстрациите во Атина. Посебна активност покажал македонскиот силогос на чии што демонстрации главен збор имал членот на грчкиот парламент Драгумис, кој потекнувал од Македонија. Владата соочена со големиот притисок во земјта морала да презема чекори со кои би демонстрирала решителност. Таа решила да спроведе мобилизација и активирала, за почеток, 12 000 резервисти[216]. Со активирањето на војската се добил впечаток дека Атина се заканува со

[215] Χ. Ναλτσα, Ανατολικη..., σ. 116–117

воена акција во Македонија, но грчката влада настојувала да не ги залади односите со Портата[217]. Тоа може да се забележи и од написот во владиниот весник "Проја" во кој се напоменувала можноста од грчка акција, но доколку напорите на големите сили нема да резултираат со враќање на статусквото[218]. Овие активности на владата во почетокот биле наменети за задоволување на барањата на јавноста. Потезите на владата, иако биле наменети за внатрешна употреба, не останале незабележани од страна на големите сили. Дипломатските претставници на европските сили му посочиле на Делијанис дека за нив било неприфатливо движењето на грчките сили. Грчкиот премиер се оправдувал со мобилизацијата и движењето на српската војска, за што атинските весници секојдневно известувале, притоа посочувајќи како треба да се делува за заштита на националните интереси[219]. Австрискиот амбасадор го посетил Делијанис со цел повторно да го увери во изјавата на Калноки дека неговата земја нема да дозволи никакви акции на Бугарите кон Македонија[220]. Меѓутота, грчкиот премиер добивал информации од своите дипломатски претставници во европските престолнини за ставовите на нивните влади по најновата балканска криза, но и за нивните стравувања од можните доплонителни компликации. Грчкиот амбасадор во Берлин го известил својот претпоставен за стравот кој постоел кај германската влада од можноста грчката војска да навлезе во Македонија при што го посоветувал да се искористи тоа герамнско стравување[221]. Делијанис, големиот грчки националист и поборник за реализација на аспирациите на елинизмот, бил во многу деликатна ситуација. Самиот бил свесен дека статусквото на Балканот било нарушено, притисокот во земјата бил огромен, стравот од можноста Бугарите да ги прошират своите акции во Македонија исто така бил голем, а конфронтирањето со големите сили и Портата, кои немале да дозволат компензации, би му донело само негативни резултати. Затоа тој единствено што можел да направи е барањето да не се признае обединувањето на Бугарија. Тој

---

[216] ДАРМ, м-24, Rumbold Salisbury, Athens, 25 september 1885, FO 287/3
[217] ДАРМ, м-438, ПО, Р-1, Ф-V, цит. док. , Атина 22 септембра 1885
[218] ДАРМ, м-24, цит. док., Athens, 25 september 1885, FO 287/3
[219] ДАРМ, м-438, ПО, Р-1, Ф-V, пов. 30, Грујић- Гарашанину, Атина, 25 септембра 1885
[220] ДАРМ, м-24, Rumbold Salisbury, Athens, 25 september 1885, FO 287/3
[221] Χ. Ναλτσα, Ανατολικη..., σ. 118

едноставно сакал да прикаже пред европските сили дека интересите на Грција се исти со нивните и затоа неговата влада сакала да се зачува статусквото за разлика од оние кои истото го нарушиле[222].

Грција во моментите кога реално гледано била осамена морала да побара сојузник на Балканот, а тоа била Србија, која исто така била загрижена од бугарското обединување. Извештаите на грчкиот дипломатски пратеник во Белград говореле за постоење на волја кај српската влада да делува во заедништво со Грција и се подготвувала во таа насока[223]. Расположение за договор со Србија постоел и кај грчката јавност и кај опозицијата. Трикупис, лидер на грчката опозиција, за време на својот претстој во Лајпциг на тамошните грчки студенти им изјавил дека било потребно да се соработува со Србија, бидејќи таа била единствената држава чии што интереси се поклопувале со грчките и не се прекршувале, затоа што српските аспирации не оделе подалеку од стара Србија и Косово[224]. Тоа не било точно, но потребата за сојуз била посилна. Неколку дена после настаните во Пловдив дошло до средба на грчкиот пратеник во Белград со Гарашанин на која се разговарало за можноста од спогодба помеѓу двете држави[225]. Гарашанин во текот на нивните средби му предложил на Назос да дојде до заедничка акција во Македонија. Грчкиот дипломат не дал конечен одговор за оваа понуда. Во Атина веќе рековме дека постоело расположение за сојуз со Србија кај сите поважни структури на грчкиот јавен и политички живот. Во таа насока често се лансиарле и неточни вести за некои настани како за наводната средба на кралот Георгиос со српскиот суверен Милан во Виена на почетокот на кризата[226] или пак за наводно склучениот сојуз помеѓу Грција, Србија и Романија[227]. Сепак грчките политичари, покрај изјавите на Трикупис за исти интереси, не гледале со голема доверба на српските аспирации и пропаганда во Македонија.

Паралелно со почетокот на разговорите за сојуз, атинската влада им дала инструкции на своите конзули во Македонија да ја оценат пози-

---

[222] Χαριλαου Μελετοπουλου, Η ευροπαικι διπλοματια εν Ελλαδη, Αθηναις, 1888, σ. 77
[223] Χ. Ναλτσα, Ανατολικη..., σ. 118–119
[224] ДАРМ, м-438, ПО, Р-1, Ф-V, пов. 30, Атина, 25 септембра 1885
[225] Е. Стателова, Дипломацията..., с. 170
[226] Χ. Μελετοπουλου, Η ευροπαικι διπλοματια..., σ. 73
[227] ДАРМ, м-438, ПО, Ф-V, Грујић-министру председнику, Атина 28 септембра 1885

цијата и силата на српската пропаганда во областа. Врз основа на нивните извештаи официјална Атина требала да го оформи својот став во однос на можните разговори за заедничко делување, како и за поделба на Македонија на интересни сфери. Грчкиот конзул во Битола, Панурија, во својот извештај до министерството за надворешни работи тврдел дека само фантазијата можела да најде Срби во областите под негова конзулска јурисдикција[228]. Исто така тој дава и подробен преглед и за областите кои спаѓаат во Северна Македонија, а во кои тогаш Грција немала дипломатски претставник. Според извештајот на Панурија во обалстите околу Скопје, Тетово, Куманово и Крива Паланка имало луѓе кои го користеле српскиот јазик. Сепак, тој својот извештај го заклучува со констатацијата дека во, како што наведува, чистите грчки реони на Македонија немало можности Србија да полага некакви права[229]. Овој извештај покажува дека и покрај заедничките интереси помеѓу двете земји било тешко да се склучи грчко-српски сојуз. Многу лесно било тие две држави да се сложат околу тоа кој им бил заеднички непријател во моментот, но скоро невозможно било да се одредат зоната на интересите во Македонија. Грците биле тие кои повеќе се сомневале во српските намери околу делови од Македонија. Тие немале голема доверба кон Србите, бидејќи сметале дека српските претензии, не само кон јужната туку и кон централната зона на Македонија биле неосновани. Исто така и покрај сите желби за пријателство и соработка прашање е дали евентуалниот сојуз можел да се материјализира. Трикупис кој наводно сметал дека бил можен сојуз со Србија во разговорот со српскиот пратеник во Лондон, Мијатовиќ, на 29 септември 1885 година, изразил сомнеж во можноста од заедничка грчко-српска акција и тоа против Османлиската држава, пред се заради воената неспремност на неговата држава која немала генерали, високи штабни офицери и никакво воено искуство на грчката армија[230]. Најверојатно ова искажување на искусниот грчки политичар ќе има влијание во понатамошните српски

[228]ΑΥΕ/Β, Προξενιας Μακεδονιας,φακ. 1895, Πανουργιας– Εξωτερκων Υπουργειον, εν Βιτωλιος, 27 σεπτεμυριου 1885
[229] исто
[230] Граѓа за..., т.4, кн. 1, док. 209, с. 361

чекори во однос на Грција и можноста од заедничко делување. Преговорите ќе продолжат и понатаму, но со многу послаб интензитет.

Можноста од вмешување на Грција во кризата со што дополнително би се комплицирала веќе сложената ситуација ја натерало владата во Лондон, која полека ќе се сврти кон Софија, да преземе чекори со цел да издејствува немешање на грчката влада во румелиските настани. Британскиот амбасадор во Атина, Рамболд во разговорот со Делијанис истакнал дека Грција може да смета на британска помош под услов Тесалија да не биде користена како база за напад врз османлиските територии[231]. Грчкиот премиер во разговорот нагласил дека обединувањето на источна Румелија со Бугарија веќе им нанесло големи рани на елинизмот и грчките надежи во интервенција на големите сили или пак на Портата се покажале залудни. Затоа Грција повеќе не можела да остане индиферентна на настаните и мора да се подготви за сите можни ситуации. Тоа особено се однесува на можноста за слични обиди во Македонија. Според Делијанис неговата земја ќе се воздржи од употреба на сила , но во случај на загрозеност на грчките интереси во Македонија не би можела да се обврзе на ништо. Овие ставови на Делијанис изнесени во разговор со претставник на една европска сила изгледаат многу остри, посебно гледани од аспект на грчката воена моќ. Грчкиот премиер сигурно бил свесен за можностите на неговата држава во случај на интервенција на османлиска територија, но исто така сметал дека би било добро за грчките интереси во Македонија да има закана од можни грчки акции, бидејќи со тоа би се вршел притисок врз големите сили да застанат на пат на можните бугарски акции. Тоа било потребно и заради гласините од одржување на меѓународна конференција за решавање на проблемот, а таа можност грчкиот крал ја сметал како неповолна за неговата земја[232]. Георгиос бил во право бидејќи ниту една од големите сили не била заинтересирана за грчките ставови.

Грчките политичари, но и грчката јавност веќе станале сигурни дека нема да има враќање на статусквото предвидено со берлинскиот договор. Тоа предизвикува засилување на и така силните националистички чувства во земјата. Од друга страна, пак, владата имала сериозни финансиски

[231] ДАРМ, м-24, Rumbold Salisbury, Athens, 29 september 1885, FO 287/3

проблеми за да одговори на предизвиците со кои се соочувала. Тоа доведува до се позасилена активност на разните силогоси и други националистички здруженија. Паралелно во земјата продолжила мобилизацијата, а кон границата биле испратени дополнителни воени сили. Македонскиот силогос , користејќи ја ситуацијата формирал т.н. македонска фаланга, а во план било формирање на "Света група", составена од студенти на атинскиот универзитет[233], која би била формирана од комитетот во кој главен збор имале атинскиот митрополит, градоначалникот и ректорот на универзитетот. Ова доволно говори за се позапаливата ситуација, но и за се поочигледната слабост на владата што овозможило непречено делување на вакви групации. Колку и да не било поволно за грчката влада делувањето на разните здруженија, сепак Делијанис би имал оправдување дека не стоел зад нив, посебно зад нивните акции, кои би можеле да бидат и од корист за неговата влада.

Извештаите кои пристигнувале од грчките дипломатски претставници во Македонија воопшто не биле оптимистички. Грчкиот конзул во Солун, Логотетис, во извештајот од 1 октомври, говори за големата загриженост кај грчкиот елемент во Македонија, бидејќи се верувало дека обединувањето било направено со подршка на големите сили, а тоа ќе наштети на интересите на елинизмот[234]. Овој и сличните извештаи само ја зголемувале загриженоста на Делијанис, иако реално Бугарите во Македонија не можеле да преземат слична акција како заради составот на христијанското население во областа кое, за разлика од она во Источна Румелија, во голема мерка не се чувствувало бугарско и второ заради фактот дека големите сили тука немале да дозволат слични обиди.

Кога говориме за грчката заедница во Македонија нејзините претставници се залагале за соработка со Османлиите. Тоа може да се забележи од пишувањето на солунскиот весник на грчки јазик "Фарос тис Македонијас" од 25 септември 1885 година кога се говори за грчко-

---

[232] ДАРМ, м-24, Rumbold Salisbury, Athens, 30 september 1885, FO 287/3
[233] ДАРМ, м-24, Rumbold Salisbury, Athens, 30 september 1885, FO 287/3
[234] Κ. Βακαλοπουλου, Το μακεδονικο..., σ.

османлиска соработка, бидејќи тие биле природни сојузници[235]. Во истиот весник на 2 октомври била изразена вербата во султанот и братството на Османлиите и Грците, како и нивната силна поврзаност во борбата против панславизмот[236]. Всушност проблемот лежел во фактот дека огромното мнозинство на Грците, словенското македонско население го сметале за бугарско и тоа било доволно за зголемената загриженост. Делијанис на 1 октомври повторно на британскиот амбасадор во Атина му изјавил дека во случај на загрозеност на Македонија неговата влада не може да се обврзе на ништо. Тој својот став го објаснил со зборовите дека формирањето на една држава од три милиони луѓе, непријателски настроени кон елинизмот не може да ја остави пасивна Грција и затоа неговата земја мора да добие компензација[237]. Всушност тука се криела и загриженоста на Грција, но британскиот дипломат нема да даде гаранции за компензација. Тоа нема да го сторат ниту германскиот ниту францускиот амбасадор, но грчката влада за првпат официјално побарала компензација заради нарушувањето на статусквото. Тоа било причина претставниците на големите сили да побараат средби со грчкиот крал. Меѓутоа, наместо разбирање од негова страна за ситуацијата Георгиос, слично како и Делијанис говорел за неможноста неговта земја уште долго да ги слуша советите на големите сили, а Грција морала да ги штити своите интереси[238]. Најнастојчив во контактите со грчкиот суверен бил британскиот амбасадор. Сепак, ниту тој нема да успее да влијае на грчките ставови. Напротив, Георгиос на нивната средба на 3 октомври, отворено му рекол на Рамболд дека јавноста во Грција се повеќе бара отфрлање на Берлинскиот договор[239]. Според грчкиот крал не можело да има двојни стандарди и затоа не може да се спречат оние кои сакале да го заштитат елинизмот, бидејќи во спротивно би се дозволила победа на славизмот. Тој на забелешката на Рамболд изнел еден интересен податок. Наводно српскиот крал Милан добил ветување од Виена за добивање на Косово и никој од него не барал да седи мирен. Тоа

---

[235] Βασιλης Γουναρης, Οι ελληνοβουλγαρικοι ανταγωνισμοι μεσα απο τις ανταποκρισεις του Φαρου της Μακεδοιας (φθινοπορο 1885), Μακεδονικα, 23, Θεσσαλινικη, 1983, σ. 162
[236] исто, с. 163
[237] ДАРМ, м-24, Rumbold-Salisbury, Athens, 1 october 1885, FO 287/3
[238] ДАРМ, м-24, Rumbold-Salisbury, Athens, 2 october 1885, FO 287/3
[239] ДАРМ, м-24, Rumbold-Salisbury, Athens, 3 october 1885, FO 287/3

што најмногу го загрижувало, како што истакнувал Георгиос, била можноста од создавање на Голема Бугарија, како што била проектирана со Санстефанскиот договор и тоа во рок од шест месеци, а Цариград за неколку години би потпаднал во словенски или руски раце[240]. Ова помалку фантастично предвидување на грчкиот крал не било случајно. Тој добро знаел кој бил најголемиот противник на решенијата од Сан Стефано, но исто така ја забележувал и постепената британска подршка на бугарското обединување. За разлика од времето пред Берлинскиот конгрес, сега Рамболд не покажал никакво разбирање за грчките поплаки, вклучително и на кралот. Исто така британскиот амбасадор не губел надеж за смирување на грчките реагирања и повторно се сретнал со Делијанис, кој повторно му ги изнел познатите грчки ставови околу Македонија со закана дека Грција ќе преземе одредени чекори, но нив не ги објаснил[241]. Всушност Делијанис не можел да се помири со фактот дека неговата земја нема да добие компензација.

Лидерот на грчката опозиција и лут противник на Делијанис, Трикупис за време на својата посета на Лондон се обидел да лобира за грчките барања. Обидите довеле до разочарување кај искусниот грчки политичар. Водачот на грчката опозиција бил особено непријатно изненаден кога дознал за писмото на Гледстоун до Гешов во кое Британецот не ги оправдувал претензиите на Грција и Србија[242]. Затоа тој инсистирал да се сретне со Гледстоун, но овој тоа го одбил бидејќи бил зафатен со изборите. За разлика од грчко-османлиските недоразбирања во 1880-1881 година, кога Гледстоун како британски премиер застанал зад Грција, сега тој едноставно не сакал да ги сослуша грчките аргументи, а тоа требало да биде сигнал дека работите се промениле. Сепак, Трикупис своите ставови успеал јавно да ги пласира. Неговото обраќање на грчката заедница во Лондон било пренесено од страна на британскиот печат. Тој во говорот истакнал дека природно право на Грција било да се грижи за судбината на Грците во Источна Румелија, а должноста налагала и грижа за Македонија

---

[240] исто
[241] ДАРМ, м-24, Rumbold-Salisbury, Athens, 3 october 1885, FO 287/3
[242] Вьнашната политика..., д. 323, Лондон, 19 октомври 1885, с. 616

при што морало да нагласи опасноста по интересите на елинизмот во Македонија што произлегувала од промените во Источна Румелија[243].

Информациите кои доаѓале од Виена биле нешто поповолни за Атина. Ипсилантис дознал дека Виена дозволува интервенција на османлиските сили за воспоставување на статусквото, но таа треба да се одложи се додека Србија не ја загрози Македонија[244].

Демонстрациите организирани по поважните грчки центри продолжиле и понатаму. Такви биле организирани во Волос и Лариса, а нивната намена била истазаштита на грчките интереси во Македонија. Состојбата во Македонија, според информациите на британскиот конзул во Солун, Блант не била загрозена од активности слични на оние во Источна Румелија, но постоела загриженост од воените подготовки на Грција и Србија[245]. Овој извештај покажува дека Грција наместо да испадне држава која е загрозена со бугарското обединување, како што сакала да се прикаже, заради некои свои постапки, предизвикувала можност да биде обвинета за поттикнување на немири во Османлиската држава. Османлиската влада била запозната со активностите во Грција и било прашање на време кога ќе реагира на истите. На почетокот на октомври османлискиот министер за надворешни работи побарал од грчкиот амбасадор во Цариград објаснување за активностите на грчката војска[246]. Кундуриотис одговорил дека тоа се правело заради смирување на јавноста, која тешко ги прифатила настаните во Пловдив, но и од неопходноста Грција да биде подготвена на воено поле без намера истите да ги загрозат интересите на Османлиската држава кон која Грција имала пријателски чувства. Самото поставување на прашањето за активностите на грчката војска од страна на османлискиот министер доволно говори за неверувањето на Цариград во грчките пријателски чувства.

Франција за разлика од Велика Британија ги зачувала своите симпатии кон Грција, впрочем таа ја вршела и реорганизацијата на грчката војска. Секако тоа било заради интересите на Париз во Грција. Фран-

---

[243] Ε. Μαρκεζινη, Πολιτικη..., σ. 179–180
[244] Driault et Lheritier, Histoire diplomatique..., p.
[245] ДАРМ, м-24, Blunt-White, Salonica, 5 october 1885, FO 287/3
[246] ДАРМ, м-24, Rumbold-Salisbury, Athens, 7 october 1885, FO 287/3

цуските симпатии не значеле и сугерирање од страна на Париз до Атина да води политика која би ја конфронтирала со големите сили. Веќе напоменавме дека францускиот премиер бил иницијатор за колективен притисок врз балканските држави за да не вршат активности против османлиската држава. Во таа насока делувал и францускиот амбасадор во Атина де Муј, кој во разговорот со Делијанис, исто како и другите претставници на европските сили барал воздржаност на Грција, но добил искрен одговор дека Атина повеќе се надева во мирно решение на проблемот отколку што верува во тоа[247]. Де Муј добил уште поискрен одговор и од грчкиот крал кој му ја изнел својата надеж за територијално проширување на Грција и тоа околу Олимп[248]. Во спротивно може да дојде до големо незадоволство кај народот. Кралот го уверувал францускиот дипломат дека неговата земја не сака војна, иако не ја исклучувал можноста за одредени преминувања на границата. Тоа веќе беше видено во минатото.

Состојбите на Балканот се нашле и пред грчкиот Парламент. Заседанието на Парламентот започнал со говорот на кралот кој нагласил дека статусквото согласно со Берлинскиот договор бил единствена гаранција на грчките интереси, но заради интересите на големите сили ситуацијата се променила. Грчкиот суверен бил мошне внимателен во однос на можните решенија на кризата при што ја нагласил надежта дека со помош на големите сили ситуацијата ќе се смири и работите ќе се вратат на првичната позиција[249]. Тој добро знаел враќањето на стауквото нема да се случи, но морал да внимава на своето однесување. За разлика од говорот на кралот, останатите дискусии биле излив на фрустрации и незадоволство кое владеело помеѓу Грците, но пред се на нивните мегаломански барања. Се говорело за загрозеноста на елинизмот во Македонија, за обезбедување на грчките права и др. Највпечатливи биле говорите на Трикупис и Делијанис. Опозицијата во тие, за нив критични моменти за грчките интереси била на ставот дека кога се работи за интересите на државата, тогаш не постоеле партии[250]. Трикуипис, кој претходно на собирот одржан пред

---

[247] Documents diplomtique Francais (DDF), Ier serie, t. VI, Paris, 1934, doc. 92, Athenes, 15 octobre 1885, p. 112

[248] Χ. Ναλτσα, Ανατολικη..., σ. 128

[249] ДАРМ, м-24, Rumbold-Salisbury, Athens, 23 october 1885, FO 287/3

[250] ДАРМ, м-438, ПО, Ф Vб, Грујић-Гарашанину, Атина, 24 октобра 1885

неговата куќа ги повикал Грците на ослободување на Македонија и пријавување во воените единици[251], одржал говор во кој ги повторил зборовите од пред својот дом со објанување дека барањето на Македонија е заради неопходноста од таа област за опстанокот на Грција и на елинизмот, но и за подобра иднина и затоа владата требала што посилно да се ангажира во тој правец[252]. Делијанис се согласил со Трикупис нагласувајќи ја неопходноста сите Грци да бидат спремни да жртвуваат многу работи за интересите на татковината. Според него грчките земји, во кои секако ја вклучувал и Македонија, не само по историјата туку и по наследството биле предмет на грабливци. Европа, според грчкиот премиер, морала да создаде сигурни гаранции за иднината[253]. Тој сеуште се надевал на интервенција на европските сили.

Острите зборови од парламентот и барањата кон Македонија веќе биле пресликани и низ написите во грчките весници. Во весникот "Палиантропос", кој бил наменет за подолните слоеви на населението, се појавил напис под наслов "Напред" во кој се барале Јанина и Македонија со цел во втората, како што пишувало, Грците да се соочеле со Бугарите, кои ги загрозувале нивните интереси[254]. Во Македонија пак грчката заедница покажувала знаци на нервоза од настаните во источна Румелија, а грчките дипломати добиле инструкции да ги заштитуваат грчките поданици и да бараат нивен подобар третман[255]. Со тоа Атина, под изговор дека ги заштитува своите државјани што било нормално, сакала да покаже дека има интерес на османлиска територија.

Контактите кои биле воспоставени со Белград продолжиле и кон крајот на октомври кога Стојан Новаковиќ го посетил грчкиот амбасадор во српската престолнина. Новаковиќ нагласил дека говори во име на Пироканац со цел да се постигне разбирање со Грција околу Македонија. Назос, грчкиот претставник во Белград, му предочил на Новаковиќ дека тој не можел да се обврзе на конечен договор, бидејќи за такво нешто

---

[251] ДАРМ, м-178, ASMAE, Curtopasi-Robilant, Atene, 1 novembre 1885
[252] ДАРМ, м-179,, ASMAE, Ministre Affaires etrangeres au Charge d'Affaires Ottoman a Rome, Constantinople, 31 octobre 1885
[253] ДАРМ, м-438, ПО, Ф Vб, цит. док., Атина, 24 октобра 1885
[254] ДАРМ, м-24, Rumbold-Salisbury, Athens, 27 october 1885, FO 287/3
[255] ДАРМ, м-28, Blunt-Salisbury, Salonica, 23 october 1885, FO 78/3777

немал овластување од својата влада, но можеле да разговараат за Македонија[256]. Тоа било добра шанса грчкиот пратеник да дознае за моменталните српски погледи за Македонија. Според извештајот на Назос, неговиот српски соговорник наводно прифатил попомирливо однесување кога била во прашање демаркационата линија и Новаковиќ изгледал наклонет да го прифати како база за понатамошна дискусија предлогот на грчката страна за линијата Охрид-Крушево-Струмица-Мелник-Неврокоп, при што главната преокупација на Новаковиќ била како да добие обврзување на Грците за српски трговски излез Солун[257]. Ова е помалку чудно бидејќи ниту една од двете страни немала капацитет да заземе поголем дел од османлиските територии. Грчкиот дипломатски претставник во Белград, Мусикос, во еден свој извештај од 1890 година, врз база на документацијата со која располагал, се навраќа на разговорот на Назос со Новаковиќ, при што дури констатира дека српскиот политичар и дипломат го признал Солун како грчки град, а српските претензии во тој момент биле во северниот дел на Македонија[258]. Меѓутоа, најверојатно овие констатации на грчките дипломати биле претерани. Имено самиот Новаковиќ подоцна ќе напише дека "многу малку се помислуваше на заедничка акција во Македонија, зошто тука ни тогаш немаше согласност помеѓу српските и грчките аспирации, иако живо започнало да се чувствува потреба за согласност. Непријателот не беше еден, на Грција сериозно не можеше да се смета, ниту пак таа покажуваше волја и спремност веднаш да влезе во акција"[259]. Тој исто така во еден свој извештај од 1890 година ќе се наврати на разговорот со Назос каде истакнува дека неговата главна цел била да ги дознае грчките аспирации во Македонија, а одговрот бил линијата која веќе била прифатена во Атина. Назос, според неговите искажувања, му рекол дека тоа било стратегиската граница и немало можност од отстапки во тој поглед[260]. Овие искажувања на еден од учесниците во разговорот е сосема спротивно од грчките тврдења. Тоа значи дека не само што не била постигната согласност за Македонија, туку двете страни биле свесни дека

---

[256] E. Kofos, Dilemmas..., p. 96
[257] исто, с. 97
[258] ΑΥΕ, αριθ. 148. Μουσικος–Δραγουμην, εν Βελιγραδι, 19 απριλιο 1890
[259] С. Новаковиќ, Балканска..., с. 396-397
[260] Граѓа за..., т. V, кн. 1, Белград, 1988, док. 59, с.151-152

не постоеле услови за заедничко делување. Впрочем, Србија многу брзо ќе започне да се приближува кон Османлиската држава, со цел да добие поддршка на Портата за Видин, но и ќе влезе во за неа погубната војна со Бугарија.

На 2 ноември 1885 година Србија ќе изврши агресија врз Кнежеството Бугарија со што затегнатата ситуацијата на Балканот ќе кулминира. Османлиските власти ќе преземат мерки за засилување на своите сили на границата со Грција како превентива[261], бидејќи се појавил страв од грчки напад за кој се говорело дека бил прашање на време, а и однесувањето на Грците станало вознемирувачко, иако според информациите на конзулите ситуацијата била мирна[262]. Османлиските стравувања од можен грчки напад сепак биле неосновани и претерани. Грција, и покрај мобилизацијата и направените воени реформи, не можела самостојно да преземе воена акција против својот сосед, а Атина веќе била свесна за ставот на големите сили во случај на грчка воена акција против Османлиската држава, но и за состојбите во Македонија, кои не биле поволни за евентуалната воена интервенција. Затоа грчката влада, барем во тој момент, не помислувала на посегање по оружјето. Таа имала други планови кои не биле поврзани со вооружените дејства, туку со барања за компензации или поточно за територијално проширување на Грција. Тоа проширување било предмет на дискусии во грчката јавност. Првично се говорело дека Атина би го барала Олимп и околината[263]. Набргу биле искажани и други мислења од грчки дипломати и интелектуалци кои би можеле да се толкуваат како можни грчки барања. Така грчкиот амбасадор во Лондон, Генадиос, во интервјуто за "Pall Mall Gazette" од 6 ноември 1885 година ја повторил грчката теза за поделба на Македонија на три зони[264]. Во таа насока во интервјуто за истиот весник ќе се произнесе и Трикупис, кој ќе нагласи дека Грција имала интерес и во средната зона бидејќи "целиот тој крај би се пословенил доколку падне во рацете на Србија или Бугарија"[265]. Грчкиот интелектуалец и писател Д. Викелас во текот на

---

[261] ДАРМ, м-28, Blunt-White, salonica, 7 november 1885, FO 78/3777
[262] ДАРМ, м-24, Blunt-Salisbury, Salonica, 22 november 1885, FO 287/3
[263] ДАРМ, м-438, ПО, Ф Уб. Грујић-Гарашанину, Атина, 30 октобра 1885
[264] С. Новаковић, Балканска..., с. 372
[265] исто

ноември одржал предавање на тема "За улогата и аспирациите на Грција во источното прашање" во кое, меѓу другото ги истакнал грчките барања за територијално проширување, во соработка со другите балкански народи, на територијата северно од Крф и "грчкиот дел од Македонија"[266], мислејќи на веќе прифатената линија. Иако овие искажувања навидум не се однесуваат на грчките барања за компензација, сепак временски се поклопуваат. Грците и во претходниот период имале обичај, во моментите кои тие ги сметале за погодни, да изнесуваат разни размислувања на повеќе личности, здру-женија или институции за грчките аспирации со цел истите да добијат на тежина, бидејќи сите поважни структури на грчкото општество стоеле зад нив.

Војната помеѓу Србија и Бугарија завршила релативно брзо со изненадувачката голема победа на бугарската војска. Тоа не можело да не влијае врз Грците кои биле изненадени како една млада воена сила успеала да победи, барем на хартија, далеку поподготвен противник. Бугарскиот воjнички успех не можел да ги остави грчките политички кругови рамнодушни, посебно заради познатите аспирации на двете земји кон Македонија. Во Атина се сметало дека со победата врз Србија ќе дојде до засилување на бугарските позиции на Балканот. Секако дека таа можност не била прифатлива за Грција. Иако воените дејства биле прекинати грчките политичари не престанале да говорат за компензации, но и за можноста од војна доколку не бидат задоволени грчките барања.

Заострувањето на тонот на грчките политичари не ги оставило рамнодушни големите сили, кои веќе и онака имале големи проблеми и полни раце работа на Балканот. За разлика од порано, кога Французите не ги криеле своите симпатии за Грците, сега Париз морал да се закани со поостри мерки доколку Атина не ги слуша советите на Европа. Француската влада му наложила на својот амбасадор во Атина да и стави до знаење на грчката влада дека во случај на војна започната од страна на Грција неговата мисија ќе биде повлечена[267]. Не помалку непријатни биле и сигналите од Виена, иако истите можеле да се очекуваат и не би биле изненадување за Грците во однос на нивните аспирации. Австроунгарскиот

[266] исто, с. 402-404

пратеник во Атина, Траутенберг, отворено му изјавил на Делијанис дека големите сили не располагале со територии, а неговата влада прва ќе се спротистави на грчкото делување на теренот[268]. Треба да се напомене дека грчки закани понекогаш биле контрадикторни со делувањето на грчките конзули на теренот, кои сигурно во овој критичен период не делувале самостојно и без инструкции на владата во Атина. Грчкиот конзул во Солун, Николау, избегнувал активности кои би го довеле во незгодна ситуација. Тој дури за време на кризата делувал во насока на смирување на состојбите, а тоа било признаено и од локалните власти[269].

Сепак, Атина се повеќе се чувствувала заборавена од страна на големите сили и можело да се очекува заострување на ситуацијата предизвикано од однесувањето на грчката влада чијшто простор за делување во насока на остварување на грчките аспирации се повеќе се стенувал. Затоа било потребно поагресивно однесување, кое во периодот 1880-1881 година и донесе нови територии на грчката држава. Така барем мислеле во Атина. Европските сили со цел да не дојде до повторно затегнување на ситуацијата на Балканот преземаат мерки истата да се смири. Руската влада предложила на почетокот на јануари 1886 година колективен притисок на големите сили врз Атина, Белград и Софија со цел овие да извршат општа демобилизација[270]. Многу брзо повеќето од европските сили се согласиле со рускиот предлог. Единствено Париз имал резерви кон ова барање. Грците се обидувале да ги искористат разликите кои почнале да се појавуваат помеѓу европските сили. Особено задоволство во Атина предизвикал изборот на Жил Греви за нов француски претседател бидејќи бил познат по своите симпатии кон елинизмот[271]. Франција, иако последна, сепак се приклучила кон рускиот предлог. Дипломатската осаменост не била причина грчката влада да почне да води поумерена политика. Напротив, Атина на 12 јануари 1886 година ја одбила нотата на големите сили. Делијанис во разговорот со британскиот амбасадор одговорил дека

---

[267] DDF, Ier serie, t. IV, doc. 122, Paris 28 novembre 1885, p. 144
[268] Радослав Мишев, Австро-Унгария и съединението през 1885 година, Исторически преглед, 41/5, София, 1985, 62
[269] ДАРМ, м-28, Blunt-White, Salonica, 9 december 1885, FO 78/3777
[270] Driault et Lheritier, Histoire diplomatique..., p. 212-213
[271] Христо Глушков, Франция, османската империя и..., с. 78

неговата влада нема да се чувствува одговорна за евентуалниот конфликт со Османлиската држава, а сите ограничувања на слободното располагање со флотата ги смета како некомпатибилни со независноста на државата и правото на круната[272]. Всушност грчкиот премиер бил свесен за можноста од поморска блокада на неговата земја. Меѓутоа Грција веќе почнале да ја сметаат за држава која прави проблеми. Австро-унгарскиот министер за надворешни работи, Калноки, во разговорот со британскиот амбасадор во Виена изјавил дека однесувањето на Грција предизвикува најголеми грижи и тоа се должи на заканата на Делијанис за можна оставка ако кралот се согласи со барањето на големите сили[273].

Паралелно со делувањето на силите се повеќе се заострувале грчко-османлиските односи. Грчките воени бродови го напуштиле саламинскиот залив и се упатиле кон север[274]. Исто така и османлиските сили се засилувале на границата со Грција. Командантот на граничните сили добил наредба да ја окупира Тесалија во случај на грчки напад[275]. Османлискиот амбасадор во Париз го посетил францускиот премиер со цел да му ја изложи намерата на својата влада да побара материјална компензација од Грција за нејзиното делување на штета на неговата земја[276]. Тоа бил логичен чекор на Портата заради влијанието кое Франција го имала во Атина во тој период, но резултатите биле слаби. Токму заради тоа големите сили ќе продолжат со зголемен притисок врз Атина за смирување на состојбите, бидејќи Грција веќе била означена како поттикнувач на нестабилноста во регионот. Тоа било точно, иако Атина можела да најде оправдување во веќе нарушеното статусквo на Балканот.

Промената на владата во Лондон и доаѓањето на Гледстоун на чело на кабинетот ги разбудила надежите на Грците дека може да се повтори ситуацијата од 1880-1881 година, иако веќе напоменавме дека британскиот политичар уште во текот на кампањата избегнал да се сретне со Трикупис, кој тогаш се наоѓал во Лондон. Очигледно дека Грците не ја разбрале пораката. Напротив Делијанис испратил писмо до Гледстоун во кое ги

---

[272] ДАРМ, м-159, Delijanni-Rumbold, Athenes, 12 janvier 1886, FO 32/575
[273] ДАРМ, м-155, Paget-Salisbury, Vienna, 18 january 1886, FO 287/4
[274] ДАРМ, м-160, Merlin-Salisbury, Pireaus, 25 january 1886, FO 287/4
[275] ДАРМ, м-160, Blunt-White, Salonica, 15 jannuary 1886, FO 195/1553
[276] DDF, Ier serie, t. VI, doc. 171, p. 183

изразува очекувањата на неговата влада од Лондон[277]. При предавањето на писмото во Форин Офисот, грчкиот амбасадор говорел за потребата од компензации на Грција со анексија на Крит и добивање на Епир согласно со решенијата на Берлинската конференција. Британците не биле спремни да се обврзат за реализирање на грчките барања. Официјален Лондон сакал да се консултира со другите сили, посебно со Франција, веројатно заради нејзиното влијание во Грција. Токму ова одолговлекување на работите било искористено од страна на Делијанис не за воени дејства, кои Атина не можела успешно да ги изведе, туку за обид да се преговара со Портата за можните компензации[278]. Владата во Атина испратила специјални пратеници за таа цел, но на 25 февруари 1886 година грчкиот амбасадор во Цариград ја известил својата влада за неуспех на преговорите[279]. Тие не можеле да успеат, бидејќи Портата согласно со одредбите на Берлинскиот договор, иако не без противење, во 1881 година и ја отстапила Тесалија на Грција и мал дел од Епир, но грчките територијални барања, не само аспирации, продолжиле и понатаму. Немало никакви гаранции од страна на Атина дека би престанала со барањето нови територии, па макар и под плаштот на компензација.

Големите сили повторно се заканиле со остри мерки против Грција доколку оваа не престане да ја влошува ситуацијата на Балканот. Започнала да се разгледува и можноста за военопоморска демонстрација како мерка за смирување на Грција. Францускиот премиер се состанал со грчкиот амбасадор во Париз со цел да му предочи дека ставовите на Лондон во поглед на Грција не се промениле и покрај доаѓањето на Гледстоун на чело на британската влада. Фрејсине нагласил дека неговата земја како пријател на Грција не се согласувала со заканите на другите европски сили , но сепак го замолил грчкиот дипломат да ја разбере решеноста на големите сили да употребат сила[280]. Грчката влада сигурно била информирана и од други места за решеноста на големите сили да не дозволат Грција да се спротиставува на нивните барања. Сепак, постоел еден голем

[277] Driault et Lheritier, Histoire diplomatique..., p. 219-220
[278] D. Dakin, The unification...., p. 139
[279] Driault et Lheritier, Histoire diplomatique..., p. 222
[280] DDF, Ier serie, t.VI, doc. 186, Paris, 11 fevrier 1886, p. 199

проблем за надминување на затегнатата ситуација. Тоа бил грчкиот премиер Делијанис, кој веќе бил на удар на критиките на опозицијата и на грчката јавност заради својата политика. Тој додека бил во опозиција силно ги загревал националистичките чувства на своите сограѓани, но и на оние Грци кои живееле надвор од Грција. Сега кога бил на чело на владата во Атина не покажал капацитет да се справи со предизвикот, а уште помалку да ги оствари аспирациите на елинизмот. Делијанис знаел дека барањата за компензации биле неосновани, но неговата неспособност да успее да го извлече максимумот од целата криза го натерало во овие критични моменти за неговата влада да им пркоси на барањата на големите сили со цел да се прикаже пред сопствената јавност као заштитник на грчките интереси. Оценките дека бил обичен демагог се покажале точни. Тоа го знаел неговиот политички противник Харилаос Трикупис, кој и покрај првичната подршка на владата во поглед на националните интереси започнал да го обвинува Делијанис за неспособност. Лидерот на грчката опозиција во интервјуто за францускиот весник "Temps" од 22 март 1886 година го обвинил својот политички противник дека не наредил навлегување на грчката војска во Епир и Македонија, како одговор на бугарското обединување, со цел да се добијата територииите кои османликста држава во 1881 година не сакала да и ги отстапи на Грција[281]. Трикупис добро знаел дека грчката војска, која во време на неговото раководење со атинската влада започнала да се реформира, не била способна да изврши таква обемна операција, но моментот за напад врз Делијанис, чијашто политика можела да доведе до загрозување на грчките интереси заради спротиставувањето на барањата на големите сили, бил повеќе од погоден. Делијанис дури не понудил ни конзистентно барање за територијална компензација на Грција. Еднаш се говорело за Олимп, друг пат за Крит, па за границите согласно одлуките на Берлинската конференција од 1880 година. Големите сили секако дека немале да ги задоволат грчките барања, но различните територии кои се споменувале како можност за компензација само го потврдувале уверувањето дека Делијанис повеќе делува заради внатрешни потреби отколку за некое територијално

[281] Χ. Ναλτσα, Ανατολικη..., σ. 118

проширување. Него-вата влада дури ги информирала османлиските власти за навлегување на грчки чети на нивна територија. Така во април 1886 година османлиските сили разбиле една осумчлена грчка чета која се истоварила на Касандра, а информациите за нејзиното доаѓање ги дал грчкиот конзул во Солун[282]. Делијанис ќе се обидува да ги засили своите позиции, но нема да има поголем успех. Нема многу да помогнат гласините за наводен сојуз помеѓу Грција и Османлиската држава[283], ниту пак, истотака, наводниот проект за сојуз помеѓу Атина и Белград против Османлиската држава со кој Стара Србија би и припаднала на Србија, а на Грција скоро цела Македонија со Солун[284]. Тоа биле само гласини и ништо повеќе од тоа. Едноставно тие проекции во тогашните услови биле неостварливи, а тоа веќе беше докажано и со неуспехот на конкретните обиди.

На 13 април 1886 година европските сили упатиле колективна нота до владата во Атина во која ја информираат за решенијата на конференцијата во Цариград со уверување дека грчката влада ќе се согласи со истите. Атинската влада на 16 април одговорила на нотата со нагласување на својата желба да се согласи со гледиштата на силите со цел да се задржи мирот, а тоа Атина не сакала да го попречи, но кралската влада не се откажува од желбите за воспоставување на нова гранична линија со османлиската држава според решенијата на Берлинската конференција, која биле исцртана токму од истите сили[285]. Грчката влада сметала дека добивањето на таа гранична линија би помогнало за смирување на ситуацијата. Тоа значело дека Атина не се согласува со политиката на големите сили, а со тоа продолжува да биде држава која им задава грижи на европските сили, кои се труделе да воспостават мир во регионот. Затоа тие ќе го заострат својот однос кон Атина. Однесувањето на христијаните во Македонија им помагало на големите сили во нивните намери. Англискиот конзул Блунт известува дека "христијаните не ја одобруваат воинствената политика на грчката влада и не веруваат дека со оружје ќе ја подобрат

[282] ДАРМ, м-160, Blunt-Thornton, Salonica, 17 april 1886, FO 287/4
[283] ДАРМ, м-100, ASMAE, Robilant, Roma, 24 marzo 1886
[284] ДАРМ, м-100, ASMAE, Sommar-Robilant, Sofia, 2 maggio 1886
[285] DDF, Ier serie, t. VI, doc. 227, Athenes, 16 avril 1886, p. 236

својата позиција и тие, како и муслиманите веруваат дека големите сили ќе се вмешаат за да ја спречат Грција во кршењето на мирот"[286]. Однесувањето на христијаните во Македонија уште повеќе го стеснувал просторот на Делијанис за делување. Тоа не било случајно, бидејќи мнозинството од нив не биле Грци.

Одговорот на грчката влада на нотата на големите сили бил незадоволителен за испраќачите. Тоа не можело да не предизвика реакции. Владата во Лондон повеќе не можела да го толерира грчкото однесување и за разлика од 1880 година, кога Грција беше страната која ја доби британската подршка, сега таа беше земјата која го навлече гневот на Гледстоун. Интересот на Лондон се фокусира во Бугарија каде се повеќе стануваше извесно дека ќе дојде до заладување на односите на Батенберг со неговите дотогашни ментори-Русите. Британскиот министер за надворешни работи на 17 април предложил силите да испратат колективна нота со која од Атина би се побарало да изврши демобилизација на војската и да престане со активностите кои би го нарушиле мирот во регионот во спротивно треба да се соочи со последиците [287]. Тоа подразбирало поморска блокада на Грција. Со ова британско барање не се согласила француската влада, која отворено му укажала на кабинетот на Гледстоун дека за неа било неприфатливо да земе учество во можната блокада на грчкиот брег, но може да ја повлече француската воена мисија од Грција[288]. Француската влада ќе се обиде да ја убеди Атина за нецелисходноста на нејзиното противење на барањата на големите сили. Истиот ден кога го информирале Лондон за својот став, Французите испратиле декларација до грчката влада во која ги нагласиле француските симпатии кон Грција, но актуелното однесување на владата во Атина ја изложува целата грчка нација на опасност кој може да донесе катастрофа и понижување[289]. Европа била решена да спречи секаков обид на Грција за дестабилизација на османлиската држава . Затоа Париз бара од владата во Атина да не се спротивставува на барањата на силите. Укажувањата на француската влада биле

---

[286] ДАРМ, м-155, Blunt-Earl of Rosebury, Athens, 17 april 1886, FO 287/4
[287] Driault et Lheritier, Histoire diplomatique..., p. 227-228
[288] DDF, Ier serie, t. VI, doc. 231, Paris, 22 avril 1886
[289] исто, doc. 232, Paris, 22 avril 1886, p. 239

исправни, посебно кога станува збор за можните понижувања кои би произлегле од грчкото спротивставување. Искуството кое Грција го имаше во 1854 година и делумната окупација на Пиреја биле доволен показател за Делијанис што може да се случи. Француската декларација била разгледана во Атина. Грчката влада изразила расположеност да пристапи кон демобилизација на војската , освен на оние сили кои биле неопходни за одржување на јавниот ред и зачувување на воената способност[290]. Овој став на Атина бил пренесен да другите големи сили. Тие секако дека биле незадоволни бидејќи барале одговор за целосна демобилизација, а добиле расположеност за демобилизација на одредени воени единици. Делијанис сигурно знаел дека јавниот ред го одржува полицијата, а не војската, но тој, веќе очигледно, немал намера да слуша совети и на оние кои му биле наклонети. Таквото негово однесување многу брзо ќе биде погубно за него, но и за политичката позиција на Грција како држава.

Откако се увидело дека Делијанис не се покорува на барањата на големите сили британската влада извршила консултации со другите европски со цел да биде испратен колективен ултиматум до Атина. Тоа и се случило на 26 април 1886 година. Испраќањето на ултиматумот помалку го променило однесувањето на грчкиот премиер, но тој и понатаму не говорел за целосната демобилизација на грчката војска која била барана од неговата влада. Наместо прифаќање на целосна демобилизација, Делијанис на францускиот амбасадор во Атина му ја изразил својата загриженост за состојбите кои ги предизвикува ултиматумот, бидејќи истиот ги стеснува можностите за акција[291]. Големите сили, посебно Велика Британија, која всушност ја водела целата акција за смирување на Грција, веќе не можеле да чекаат и нивните поморски сили, кои претходно се прибилижиле до грчкиот брег, ја започнале најавената блокада. Суровоста на историјата се покажала и во случајот на Грција. Британската флота, која три недели го блокираше грчкиот брег била предводена од принцот Алфред[292], истиот принц кој во 1863 година беше кандидат за грчкиот престол и на референдумот добил огромна подршка од Грците. Овој податок само говори

[290] исто, doc. 233, Athenes, 27 avril 1886, p. 239
[291] исто, doc. 236, Athenes, 2 mai 1886, p. 242
[292] С. Грьнчаров, Балканския..., с. 452

колку Грција била осамена во тој период. Дури и француските симпатии не помогнале да биде избегната блокадата. Француската влада и понатаму се обидувала да го убеди Делијанис да попушти, но овој наместо согласност со барањата на големите сили поднел оставка , која веднаш била прифатена од кралот. Таа не можела да биде одбиена после сите промашувања на Делијанис. Првично функцијата премиер му била понудена на Папамихалопулос, кој не упеал да состави влада. Наместо него искусниот политичар Трикупис за многу краткко време формирал нов кабинет, кој веднаш презел чекори за демобилизација и за подобрување на односите со Османлиската држава, бидејќи според високиот грчки офицер Данглис постоела опасност од османлиска окупација на Лариса[293]. Трикупис воопшто не чекал работите да се развиваат во правецот кој не би можел да го контролира. Грчкиот генерален конзул во Солун добил телеграма од командантот на грчкиот гарнизон во Лариса со барање да контактира со командантот на османлиските сили на границата со цел да го извести дека била добиена наредба за воздржано однесување на грчките сили долж границата[294]. Со овој потег Трикупис сакал да докаже дека немал никакви воинствени намери кон својот сосед.

Грција од кризата излегла изолирана без подршка од големите сили. Иако не можеме да говориме за пораз, сепак позицијата на грчката држава била влошена во однос на периодот пред кризата. Делијанис со своето однесување бил можеби најголемиот виновник за влошената меѓународна позиција на Грција.

Македонија, која беше дел од грчките аспирации, воопшто не била загрозена од активностите на грчките комитети и силогоси. Иако имало демонстрации во Грција за заштита на елинизмот во Македонија не биле преземени некои посериозни акции со цел да се сврти вниманието на меѓународната јавност за позицијата на грчката заедница во оваа османлиска област, а тоа е помалку чудно со оглед на искуствата од претходните кризи. Точно е дека имало обиди на некои офицери на грчката војска да навлезат на османлиска територија[295], но тие биле инцидентни. Тие обиди

---

[293] Σ. Μαρκεζινη, Πολιτικη..., σ. 182
[294] ДАРМ, м- 176, ASMAE, Baroni-Il ministro degli Affari Esteri, Salonico, 23 maggio 1886
[295] К. Βακαλοπουλου, Νεοελληνικη..., σ. 287

за акција многу не влијаеле на состојбите во јужните приморски делови на Македонија, каде што би можеле да се очекуваат немири. Иако биле големи тензиите помеѓу Грците и Османлиите"сепак освен неколку инциденти нема други вознемирувачки настани"[296]. Тие инциденти се случиле при крајот на кризата кога веќе биле јасни излезните решенија од истата и решеноста на големите сили да ја пацифизираат Грција.

Еден од водечките грчки интелектуалци од овој период Јоанис Калостипис во својата книга "Македонија", која била издадена во 1886 година напишал дека Грците повеќе говореле отколку што делувале[297]. Тој бил во право. Сепак грчкиот политички врв не знаел да ја процени дадената ситуација. Сосема била погрешна политиката на Делијанис за, на некој начин, конфронтирање со големите сили, а истовремно од нив да се бара помош за добивање на компензации. Веќе напоменавме дека Грците немале ниту јасна цел кои делови од осмалиската држава да се бараат како компензација. Прашање е зошто тоа било така. Можеби апетитите биле преголеми во однос на силата со која Грција располагала или пак, како и во некои претходни времиња, грчката влада погрешно ја проценувала ситуацијата. Најверојатно и двете констатации се точни. Токму овој неповолен исход од целата источнорумелиска криза повторно ќе доведе до преиспитување на надворешната политика на Атина и тоа не заради напуштање на територијалните аспирации, туку на кој начин и со кого тие полесно да се реализираат.

[296] ДАРМ, м-96, AMAE, Turquie, v.7, St. Mone-Freycinet, Salonique, 9 mai 1886
[297] Victor Berard, La Turquie et l'Hellinisme contemporain, Paris, 1893, p. 222

2. *ОДНОСОТ НА ГРЦИЈА КОН МАКЕДОНИЈА 1886-1897*

2.1 Македонското прашање во политиката на Грција и нејзините односи со балканските држави 1886-1896

Завршувањето на кризата околу бугарското обединување, која на задоволство на големите сили не го отвори источното прашање беше шанса за Трикупис да продолжи со реформите во земјата, а истите во тие моменти можеа полесно да се извршат. Силата на грчката опозиција, предводена од поранешниот премиер Делијанис за извесно време беше неутрализирана. Трикупис, и покрај сите незадоволства кои секоја реформа ги носеше, пред себе имаше силен аргумент. Тоа беше неуспехот на неговиот претходник и жесток политички опонент да ја искористи ситуацијата предизвикана од бугарското обединување. Тој можеше да говори дека слабоста на Грција како држава била причина за неуспехот. Трикупис многу добро знаеше дека грчките аспирации можеа да бидат остварени само доколку неговата земја закрепне, но и да има подршка на некоја голема сила, по можност и повеќе. Таа подршка отсуствуваше во време на источнорумелиската криза. Токму тоа се покажа како решавачко за неприфаќањето на грчките барања. Исто така, Трикупис сега можеше да го обвинува својот претходник за негрижа во поглед на грчките национални интереси.

Грчката влада и покрај желбите за насочување на своите главни активности кон решавање на внатрешните, пред се економски, проблеми не можеше да остане по страна од случувањата во Османлиската држава, посебно по создавањето на обединетото бугарско кнежество кон кое имаше анимозитет заради аспирациите на Софија кон Македонија, а таа во најголем дел, беше гледана како грчка земја која во иднина мораше да

припадне на Грција, иако народносниот состав на населението не беше поволен за грчките аспирации. Македонија не беше заборавена ниту од водечките грчки интекектуалци кои ја користеа секоја можност за да потсетат на оваа османлиска област како еден од најважните грчки интереси. Споменатиот Јанис Калостипис својата книга за Македонија му ја посветил на наследникот на грчкиот престол, Константин. Во посветата меѓу другото овој истакнат грчки интелектуалец напишал дека таткото на Константин, кралот Георгиос ја зголемил територијата на Грција со добивањето на јонските острови и Тесалија, но Грција сеуште не била ослободена, а тоа посебно се однесува на Македонија, која своите очи ги насочила кон кралството[1]. Во истата книга, Калостипис ја потенцира важноста на Македонија за Грција, давајќи и го значењето на Македонија како основа за голема Грција, прикажувајќи ја оваа област како булевар на грчката слобода и залог за нејзината иднина[2]. Ова доволно говори какво било расположението на водечките грчки интелектуалци, а токму тие делумно го кроеле и расположението на јавното мислење.

Ангажираноста на основоположникот на модерната грчка историографија, Папаригопуос, околу грчката пропаганда во Македонија продолжила со несмален интензитет. Тој редовно контактирал со грчките конзули во Македонија со кои разменувал информации, но исто така и ги советувал за одредени нивни активности. Тој му предложил на грчкиот конзул во Битола како да ја подели работата на грчката пропаганда и како да ги распредели финансиите[3]. Секако дека овие совети биле одобрени од грчкото министерство за надворешни работи.

Како искусен политичар Трикупис добро знаел дека опстанокот на Османлиската држава бил пресуден за остварување на грчките аспирации, бидејќи неговата земја сеуште не била подготвена самостојно да изврши поголема воена операција, со која би ги остварила своите апетити. Тој уште на почетокот на својот мандат, како што видовме, презел активности кои воделе кон намалување на тензиите со Портата, не само заради притисокот на големите сили. Весникот "Ора" кој ги пренесувал ставовите

[1] V. Berard, La Turquie et..., p. 223
[2] исто, с. 224
[3] Σ. Βουρη, Πηγες..., δ. 24, Αθηναις, 2 αυγουστου 1886, σ. 123

на трикуписовата партија на 21 јули 1886 година објавил наредба на воениот министер до грчките воени власти со која се наложува драстично намалување на мобилизираните единици, односно еден батаљон да брои 400 војници[4]. Оваа наредба не случајно била пренесена во еден весник кој во тоа време бил многу влијателен во грчкиот политички живот. Имено, со тоа Трикупис сакал да покаже дека неговите намери биле сериозни, а не само обична фарса. Тоа секако не значело дека неговата влада ќе заборави на грчките аспирации. Тој, во насока на остварување на грчките претензии, ја разгледувал и можноста за поврзување со оние балкански земји со кои Грција немала поголеми територијални недоразбирања. Трикупис дури на грчкиот пратеник во Белград му пишувал за можноста за некој вид на Балканска конфедерација, но грчкиот дипломат одговорил дека тоа не било можно се додека балканските држави посакуваат да ја имаат позицијата на Османлиската империја[5]. Всушност одговорот на грчкиот пратеник во српската престолнина, на некој начин, се поклопувал со размислувањата на Трикупис за подобрување на односите со Портата. Грција реално гледано имала потреба од добри односи со Цариград доколку сакала да им парира на бугарските пропагандни акции во Македонија.

Напоменав дека и покрај неуспехот да се искористи бугарското обединување за добивање на концесии од Османлиската држава, грчката пропаганда продолжила и понатаму со своите активности. Сепак, резултатите од тие активности не биле задоволителни за владата во Атина, но и османлиските власти се повеќе правеле пречки за делувањето на атинскиот силогос и неговите клонови на османлиската територија. Тоа било причина во Атина да се размислува за нови форми на делување. Откако биле направени анализите владата донела решение за укинување на Силогосот за ширење на грчката писменост. Укинувањето на ова здружение без притоа да се создаде негова замена би претставувало сериозен удар за грчката пропаганда. Затоа во октомври 1886 година бил формиран Комитетот за подршка на грчката црква и образование. Со тоа грчката влада уште подиректно ќе го стави под своја контрола раководењето со грчката пропаганда во Османлиската држава, бидејќи атинското министерство за

[4] ДАРМ, м-155,Baring-Earl of Rosebery, Athens, 21 july 1886, FO 287/5

надворешни работи добива директна надлежност врз овој комитет. Атина преку овој комитет ќе праќа релативно големи финансиски средства за поддршка на грчката пропаганда, исто како што тоа го правеше во претходниот период преку атинскиот силогос[6].

Структурите кои раководеле со комитетот воопшто не губеле време. Така биле направени планови кои се однесувале на наставниците и со кои било предвидено: 1. одржување на летни семинари со единствена цел за дополнително дообразување на наставничкиот кадар во грчките училишта и 2. издавање посебни упатства на комитетот за наставниците со цел тие да се соочат и да ја практикуваат пропагандата[7]. Всушност наставниците од порано биле сметани како еден од послабите делови на грчката пропаганда и затоа не чуди активноста на комитетот во оваа насока. За да се соочи со тоа што се случувало во османлиските предели, кон кои Грција имала претензии, комитетот за потребите на наставата во грчките училишта ќе започне да собира резимеа на тоа што тие го нарекувале бугарска пропаганда, а како противаргументи ќе бидат собрани книгите: "Историја на грчкиот народ" од Папаригопулос; "Историја на Македонија" од М. Димица и "Тракикос" од И. Васијадис во едно издание кое ќе биде испратено во Македонија и Тракија[8]. Треба да се напомене дека во учебниците по историја во Грција од почетокот на седумдесеттите години на XIX век, не само што Грците биле спротиставувани кон сите останати, туку во нивната содржина "под елинизам се вбројувало се што се можело, особено Византија и античка Македонија, кои порано не биле споменувани"[9]. Пра-

---

[5] ДАРМ, м-160, Wyndham-Earl of Iddlesleigh, Belgrade, 28 october 1886, FO 105/58

[6] Елени Белија, врз основа на архивските материајли од Архивот на грчкото министерство за надворешни работи, дава споредбен преглед за пратените средства за подршка на грчката пропаганда во Македонија , Епир и Тракија преку Комитетот за подршка на грчката црква и образование.

	Епир		Македонија		Тракија	
1888/89	43. 263 дрх.	9%	322. 092 дрх.	71%	90. 298 дрх.	20%
1890/91	50. 302	11%	323. 935	70%	86. 958	19%
1897/98	31. 698	13%	175. 381	74%	32. 679	13%
1900/01	72. 552	14%	388. 923	74%	61. 925%	12%
1902/03	56. 684	13%	323. 412	75%	50. 234	12%

Не е потребна анализа за да се забележи дека убедливо најголеми средства биле одделувани за Македонија. (Е. Μπελια, Εκπαιδευση..., σ.224)

[7] исто, с. 127

[8] исто

[9] С. Павловиќ, Историја..., с. 222

ќањето на книгите, сепак не ги засилило позициите на елинизмот помеѓу оние кои не биле Грци, а тоа значи помеѓу мнозинството од христијанското население во Македонија. Напротив, многу често учениците веднаш штом ги напуштале грчките училишта, воопшто не де;увале во насока на интересите на грчката пропаганда, расцепот со Грците и Патријаршијата станувал се поголем и останувале само неколку начини за инфилтрација на грчката национална идеологија во помалите македонски места[10]. Тоа секако нема да повлијае грчката влада да се откаже од услугите на патријаршискиот клер во Македонија бидејќи"и покрај тоа што многу од селските попови биле неписмени или полуписмени, тие сепак спроведувале духовна или идеолошка хегемонија преку монополот врз икониските слики и ритуали... . Литургискиот јазик и писмо биле моќно оружје во создавањето, зачувувањето и пренесувањето на колективната вера, сеќавања и митови[11]".

Грција сеуште незакрепната од кризата околу бугарското обединување повторно морала да се соочи со настаните во Бугарија, кои за разлика од септември 1885 година не донеле промени на територијалниот опфат на бугарското кнежевство, но затоа бил испразнет кнежевскиот престол во Софија. Таквиот развој на настаните во Софија предизвикал голема загриженост во Атина и тоа повторно поврзана со Македонија. Грците, и порај различните гледишта околу Македонија, посакувале веќе поранешниот бугарски кнез Батенберг да го задржи престолот, бидејќи стравувале да не се засили руското влијание, а со тоа и подршката на бугарските аспирации кон Македонија и Тракија. Точно е дека Англија во тој период имала зголемено влијание во Бугарија, но не давала подршка за бугарските аспирации. Проблемот за наследникот на испразнетиот бугарски кнежевски престол предизвикал внимание во грчките политички кругови, а водечките политички личности давале и коментари во таа насока. Грчкиот крал во разговорот со британскиот пратеник во Атина, Рамболд, истакнал дека можноста принцот Валдемар да го заземе бугарскиот престол не била реалн, бидејќи тој самиот немал да прифати таква понунда, а

[10] B. Gounaris, Social..., p. 417

[11] Анастасија Каракасиду, Полињата жито, ридишта крв. Патиштата кон нациоанлноста во грчка Македонија 1870-1990, Скопје, 2002, с. 95

и неговата најблиска околина тоа нема да му го посоветува[12]. Оваа констатација на Георгиос била логична и точна бидејќи и Валдемар потекнувал од данската кралска фамилија. Многу поконкретен бил премиерот Трикупис кој можноста за доаѓање на Валдемар на бугарскиот престол ја оценил како непосакувана работа не само за Грција, туку и за самата Бугарија[13]. Тој својот став го објаснил со фактот дека суверените на двете земји би биле роднински поврзани, а тоа не било пожелно за решавање на недоразбирањата и постигнување на договор околу Македонија. Според Трикупис за договорот бил потребен друг бугарски кнез, како што беше Батенберг за чие што детронирање грчкиот премиер не ја криел својата разочараност[14]. Трикупис изразувајќи ја својата разочараност од детронизацијата на Батенберг се потсетувал на своите контакти со поранешниот бугарски кнез во кого гледал поволна личност за постигнување на договор околу Македонија.

Стравот кој бил присутен во Атина околу тоа кој ќе биде нов бугарски кнез се темелел и на постојаната грчка опседнатост со панславизмот и Русија. Грција имала проблем со Русите во Македонија и тоа на Света Гора. Веќе беше напоменато дека постоело несогласување помеѓу руските и грчките свештеници на светиот полуостров. Тоа несогласување сега беше надополнето и со проблемот околу припадноста на земјиштето во близината на Елефтерополис, место југозападно од Кавала. Тука имало згради, изградени околу 1871 година, кои служеле како помошни објекти на манастирите од Атос[15]. Проблемот се состоел во фактот дека тие биле изградени на земја која претходно ја добиле руските свештеници. Токму тоа беше причина за реакции на Грците кои довеле и до вмешување на грчката дипломтија, но тогашниот руски амбасадор Игнатиев бил многу повешт од грчките дипломати. Сега повторно проблемот бил актуелизиран од страна на Грците, кои успеале да издејствуваат нова истрага. Грчката дипломатија ќе успее да издејствува да дојде до спречување на продажба на манастирска земја на Русите[16]. Дури и добивањето на

---

[12] ДАРМ,м-155, Rumbold-Earl of Iddlesleigh, Athens, 4 november 1886, FO 287/6
[13] ДАРМ,м-160, Rumbold-Earl of Iddlesleigh, Athens, 4 november 1886, FO 287/6
[14] исто
[15] ДАРМ,м-160, Blunt-White, Salonica, 22 november 1886, FO 195/1553
[16] ДАРМ,м-159, Rumbold-Salisbury, Athens, 13 march 1887, FO 32/587

манастирска земја во Атина се гледало како пансловенска активност. Друга причина за стравот на Атина од промените на бугарскиот престол а е поврзана со Русија е несомнената руска подршка за детронирање на Батенберг. Во Атина се мислело дека со заминувањето на Батенберг од Софија ќе се отвори можност за руска подршка на егзархиските барања за добивање владички места во Македонија[17]. За среќа на Грците таа подршка во овој период ќе изостане заради руското незадоволство од изборот на Фердинанд Сакскобурготски за нов бугарски кнез.

Целиот развој на настаните поврзан со бугарското кнежевско прашање придонел за повторен обид за грчко-српско приближување. Иницијативата беше од Белград. Во текот на декември 1886 година во грчката престолнина пристигнал српскиот полковник Топаловиќ. Самиот факт дека се работи за српско воено лице и пратеник на белградската влада бил доволен за сомневања кај пратениците на големите сили и Османлиската држава. Британскиот пратеник во Србија веднаш побарал информација од српскиот министер за надворешни работи, Франасовиќ околу целта на посетата на Топаловиќ на грчката претолнина. Одговорот можел да се очекува. Имено, српската влада не му издала никаква наредба на Топаловиќ за политички прашања, но доколку грчката страна тоа го поставила тогаш тој можел во лично име да говори за балканска конфедерација[18]. Овој одговор, нормално, не го задоволило британскиот дипломат кој во својот извештај до Форин офисот отворено го искажал својот сомнеж дека Грција и Србија се обидуваат да постигнат некаков договор околу идната поделба на Македонија[19]. Откако не успеал да дознае нешто повеќе од Франасовиќ, британскиот претставник се обидел да дојде до информации преку разговорот со грчкиот претставник во Белград, Назос. Претходно грчкиот дипломат бил на разговор кај српскиот крал Милан со кого разговарале за идејата за балканска конфедерација[20]. Назос за разлика од српскиот министер рекол дека било можно Топаловиќ да поставил политички прашања. Тој на многу дипломатски јазик му укажал на својот бри-

---

[17] Славко Димевски, Митрополит скопски Теодосиј-живот и дело, Скопје, 1965, с. 70
[18] ДАРМ,м-160, Wyndham-Earl of Iddesleigh, Belgrade, 4 december 1886, FO 287/6
[19] исто
[20] ДАРМ,м-160, Wyndham-Earl of Iddesleigh, Belgrade, 4 december 1886, FO 105/58

тански колега дека не знаел што неговата влада сакала, но многу жалел што немало кој да му укаже на султанот дека разбирањето со Грција би било постигнато преку дипломатски концесии кон неа. Истовремено и британскиот амбасадор во грчката престолнина се интересирал за посетата на Топаловиќ. Трикупис во разговорот со него му рекол дека со гостинот од Србија разменале видувања за можноста од постигнување договор за сојуз помеѓу балканските држави. Според Трикупис, неговите погледи се разликувале од тие на Топаловиќ. Тој сметал дека бил можен сојуз и без договор за распределба на територииите на Османлиската држава. Трикупис не пропуштил да ги спомене и односите со Портата. Според него и покрај напорите на неговиот кабинет за подобрување на меѓусебните односи султановата влада премногу била недоверлива кон Атина[21]. Немаме сигурни податоци дека навистина при посетата на Топаловиќ бил постигнат некаков договор околу Македонија, но Трикупис извонредно ја искористил истата за да добие нови поени кај британската влада. Имено при разговорот со британскиот пратеник тој недвосмислено упатил јасни пораки дека неговата влада не е таа што бара територијални аранжмани против својот сосед, а Портата пак тоа не го ценела и правела проблеми во меѓусебните односи. Трикупис дури можел и да се повика на некои случаи на не многу пријателско однесување на Портата кон Грција, кое со оглед на однесувањето на Грција во минатото било и оправдано. Имено, во декември 1886 година локалните власти во Солун не им дозволиле на Грците да го слават денот на нивниот престолонаследник[22]. Не само тоа, тој на крајот на 1886 година му се пожалил на британскиот амбасадор дека бил многу загрижен за настаните во Македонија каде што агитацијата на Бугарите била се посилна со цел да се добијат границите предвидени со санстефанскиот договор[23]. Тоа значи дека само неговата земја се застапувала за постабилни односи на Балканот.

Една изјава на Трикупис на почетокот на 1887 година ќе предизвика мало недоразбирање во односите со Англија. Во Атина во тој период се

---

[21] ДАРМ,м-159, Rumbold-Earl of Iddesleigh, Athens, 26 december 1886, FO 32/576

[22] ДАРМ,м-96, Saint Marie-Ministere des Affaires etranger, Salonique, 15 decembre 1886, AMAE, Turquie, v. 7

[23] ДАРМ,м-159, Rumbold-Earl of Iddesleigh, Athens, 31 december 1886, FO 32/576

говорело за некаков англиски план против Русија, за кој наводно веќе се разговарало на Балканот. Грчкиот премиер во разговорот со францускиот Амбасадор во Атина, Монтолон, изјавил дека Англија сакала да ги групира балканските држави при што на Србија би припаднала Стара Србија, на Грција би и припаднале Јанина и Битола, а Британија би ги зела мореузите[24]. Француската дипломатија на оваа негова изјава гледала како на обид да се искористи малото затегнување на односите помеѓу големите сили, но тоа според официјален Париз не било можно. Интересна е намерата на Трикупис преку споменувањето на Битола на некој начин да се промовира линијата на грчките аспирации во Македонија на меѓународен план која во Атина веќе била прифатена. Исто така може да се забележи дека грчкиот политичар го искористил терминот Стара Србија кога говорел што Србија требало да добие според наводниот британски план. Грците сеуште немале јасна претстава на кои територии на османлиската држава се однесува терминот Стара Србија. Затоа нивните дипломати и во Белград и во Османлиската држава често испраќале извештаи кои се однесувале на српската пропаганда, но и на тоа до каде тие сметале дека се простира терминот Стара Србија. Така грчкиот конзул во Битола во еден свој извештај говорејќи за активностите кои ги преземаат претставниците на српската пропаганда, посебно на друштвото Свети Сава, дал мислење дека не треба да се посветува големо внимание ниту пак да им се дава значење на активностите на ова српско здружение на територијата која потпаѓала под јурисдикција на битолскиот конзулат, односно дека тука не може да стане збор за употреба на терминот Стара Србија, а и грчкиот претставник во Белград сигнализирал дека под тој термин се подразбира македонската територија до Велес и Штип[25]. Тоа значело дека српските аспирации не ја засегнувале линијата на грчките барања во Македонија, но сепак договор со Србите околу одредување на граничната линија на аспирациите на двете држави не бил постигнат, ниту пак биле поведени посериозни разговори на таа тема.

---

[24] DDF, t. VI bis, Paris, 1938, doc. 10, Paris, 7 janvier 1887, p. 25

[25] ΑΥΕ/Β, Πρεσβια, 1887/ Κωνσταντινοπολις, Πανυοργιας–Μαυροκορδατου, Βιτωλιος, 31 μαρτιου, 1887

Кон крајот на 1886 година веќе станало јасно дека Фердинанд Кобургготски имал намера да ја прифати кандидатурата за бугарскиот кнежевски престол, а тоа не било по волја на Русија. Токму тоа, заедно со се поизвесното насочување на Лондон кон Бугарија биле причина во атинските владини и провладини весници да се спомене можноста за грчко - руско приближување. Во весникот "Ора" кој ги одразувал ставовите на владата на Трикупис на 17 јануари 1887 година се појавила статија во која било нагласено дека штетното влијание од бугарското обединување за елинизмот имало мала компензација со повлекувањето на Русија од Бугарија и сега Петроград може да избира помеѓу Грција и Бугарија[26]. Според авторот на статијата Грција, заради политиката на Гледстоун можела да се најде на спротивната страна т.е. со Русија. Тоа е заради неможноста да ги придобие, според авторот, природните сојузници за своите погледи. Посебно се посветува внимание и на улогата на Солзбери во источнорумелиската криза заради, како што се истакнува, неправдата која и била направена на Грција и помошта дадена на нејзиниот непријател во Македонија, иако токму споменатиот британски политичар на берлинскиот конгрес се изјаснил за Македонија како за грчка област[27]. Тоа било точно, но Солзбери се изјаснил за Македонија како за грчка земја во моментите кога сеуште не било јасно колкава територија ќе опфати Бугарија. Овој напис во атинскиот весник бил доволен повод за британскиот амбасадор да побара средба со Трикупис, бидејќи било логично ставовите изнесени во "Ора" да бидат и негови. На средбата Трикупис потврдил дека имал најави од Русија за заштита на грчките интереси, но суште не му била упатена конкретна понуда. Овој напис и изјавата на Трикупис не значело дека недоразбирањата помеѓу Грција и Русија биле надминати, а уште повеќе сомнежите на Грците кон Русите воопшто. Тоа го потврдува и разговорот на грчкиот министер за надворешни работи, Драгумис, со британскиот пратеник во Атина при што првиот јасно укажал на проблемот со руските попови околу земјата во областа на Кавала и Орфано. Тоа, според Драгумис, било опасно за грчките интереси, бидејќи обидот на Русите да ја

[26] ДАРМ,м-160, Rumbold-Salisbury, Athens, 16 january 1887, FO 287/9
[27] ДАРМ,м-159, Rumbold-Hers Majesty Principal secretay of state, Athens, 16 janunary 1887, FO 32/587

добијат земјата за манстирите околу морето бил со цел во догледна иднина истата да биде прикажана како словенска[28]. Значи може да се види дека написот во "Ора" претставувал обид на Атина да и укаже на британската дипломатија дека требала да поведе сметка и за грчките интереси, но не може да се одбегне фактот дека Грција полека ќе се свртува, на краток период, и кон Русија, не толку заради заштита на грчките интереси колку заради надминување на дипломатската изолација и привлекување на вниманието на Лондон за грчките интереси, пред се во Македонија.

Грција нема да успее во своите намери да го придобие Лондон, бидејќи британските интереси налагале подруго делување на владата на императорката Викторија. Немајќи поткрепа од Велика Британија, владата во Атина се најде во една многу непријатна ситуација кога во Битолскиот вилает османлиските власти започнале да откриваат и да разбиваат мрежа на грчки заговорници. На почетокот на март 1887 година во Костур бил уапсен грчкиот учител и еден од повидните дејци на грчката пропаганда, Анастасиос Пихеон, при што кај него била пронајдена обилна кореспонденција која се однесувала на неговите врски со поранешниот атински силогос, грчкиот генерален конзулат во Битола и др[29]. Истовремено со апсењето на Пихеон османлиските власти запленили и поголема количина на оружје и муниција кое доаѓало од Волос[30]. Резултатите од овие активности на османлиските власти требало да доведат до остри контрамерки на Портата и затегнување на односите со Атина, но во овој период до тоа нема да дојде. Цариград сега имал аргумент повеќе за однесувањето на Атина едно да говори, а друго да прави.

Постојаните барања на Егзархијата за добивање на берати, но и однесувањето на Бугарија биле причина за нови грчко-српски контакти. По повод барањето на Егзархијата за добивање на берати за митрополити во Скопје и Охрид, српскиот пратеник во Цариград, Новаковиќ се сретнал со својот грчки колега, Кондуриотис, кој му рекол на српскиот дипломат дека неговата земја веќе презела чекори за да се обноват старите протести

[28] ДАРМ,м-159, Rumbold-Salisbury, Athens, 12 february 1887, FO 32/587
[29] Кирил, патриярх Български, Принос..., с. 551
[30] Британски дипломатически..., док. 87, Солун, 10 март 1887, с. 258

против бугарските барања[31]. На разговорот било опфатено и прашањето на изборот на новиот цариградски Патријарх за кој и двете држави биле за-интересирани. Кондуриотис отворено се искажал против можноста тоа повторно да биде Јоаким III. Грчкиот амбасадор бил сигурен дека Јоаким повторно нема да биде избран, бидејќи со неговиот реизбор не се согласува Атина, но без разлика на тоа кој ќе биде нов Патријарх тој му дал уверување на својот српски колега дека секогаш ќе биде на услуга на српските барања кај Патријаршијата. Оваа пријателска порака на Кондуриотис до Новаковиќ не била единствен пример на искажување желба од страна на Грците за доближување и постигнување договор со Србите за Македонија. Грчкиот конзул во Солун, Докос, мошне пријателски го пречекал првиот српски конзул во Солун, Карастојановиќ, а солунскиот патријаршиски митрополит, Григориос, на српскиот конзул дури му изјавил дека лично бил расположен да и помогне на српската работа во, како што се изјаснил, Горна Македонија и затоа требало да се стави некаква граница помеѓу српските и грчките интереси во Македонија, а тоа пак ќе доведе до обединување на против бугарската пропаганда[32]. Овие зборови на Григориос не биле случајни или пак личен став. Тој заедно со скопскиот митрополит Паисиј добиле препорака од Патријаршијата пријателски да ги пречекаат новите српски конзули во Скопје и Солун[33]. Нема сомнение дека врз овој став на Патријаршијата големо влијание имал грчкиот амбасадор во Цариград. Исто како и Григориос и грчкиот конзул во Солун му наговестил на новиот српски конзул дека Грците и Србите требале да постигнат спогодба за Македонија, а тој имал таков налог од Атина[34]. Според Докос, грчките и српските интереси на Балканот немале да се судрат, бидејќи Србија немала претензии кон Солун и била заинтересирана само за Скопје. Тој добро знаел дека тоа не било вистина, но сакал уште пред да започнат било какви разговори на српската страна да и укаже нејзините претензии

---

[31] Граѓа за..., т. IV, кн. 2, Белград,1986, док. 48, Цариград, 17 јануари 1887, с. 95
[32] исто, д. 67, Солун, 21 март 1887, с. 139
[33] Athanasios Angelopoulos, Religious educational and national symbiosis of Greeks and Serbs in southern Serbia under the juridistiction of the Ecumenical Patriarchate (second half of 19th century), Greek-sebian..., p. 130
[34] Граѓа за..., т. IV, кн. 2, док. 69, Солун, 31 март 1887, с. 142

да не одат многу на југ. Преговорите не започнале, но контактите ќе продолжат и понатаму[35].

Во времето кога Грците и Србите прават обиди за приближување заради опасноста по нивните интереси во Македонија од можното егзархиско проникнување, во Прилеп попот Спасе Игуменов покажал активност во насока на формирање на посебна црквено-училишна општина под назив "Македонско православно општество"[36]. Тој имал контакти со Цариградскиот Патријарх, како и со Стојан Новаковиќ, на кого им одговарало расцеп во Егзархијата, но сепак овој негов обид има големо значење за развојот на македонската национална свест.

Атинската влада добила многу вознемирувачки информации од својот дипломатски претставник во Софија. Рангавис ја известил грчката влада за ширењето гласини за активности на некаков комитет кои оделе во насока за организирање акции во Македонија. Владата на Трикупис воопшто не губела време и побарала објаснување од големите сили за што станува збор. Одговорот бил добиен од британскиот амбасадор во Атина, чија земја веќе имала влијание во Софија. Тој на грчкиот министер за надворешни работи му ги пренесол уверувањата на Стамболов дека нема да бидат дозволени никакви акции кон Македонија[37]. Грчката влада била вознемирена и од гласините за персонална унија помеѓу Османлиската држава и Бугарија плашејќи се од можноста бугарската пропаганда уште повеќе да ги загрози позициите на елинизмот[38]. За среќа на Атина тоа биле само гласини. Всушност немало потреба од персонална унија, бидејќи Бу-

---

[35] Интересно е гледањето на српскиот историчар Славенко Терзиќ за грчката понуда до Србија за одредување на границите на интересните сфери на двете држави во Македонија во овој период. Според него Грција увидела дека српската акција во Македонија не може да биде само средство за сузбивање на Бугарите, туку и самата може да ги загрози грчките интереси и позиции. Затоа грчките конзули во османлиската држава започнале се повеќе да инсистираат на спогодба за интересни сфери и ограничување на просторот за делување . Во таа смисла, според Терзиќ, атинската влада влијаела врз Патријаршијата да дава гаранции за подршка на српските интереси под услов Србите со владата во Атина да се спогодат за сферите во Македонија. (С. Терзић, Србија и ..., с. 269) Терзиќ делумно е во право, но сепак српската пропаганда во Македонија во овој период не била толку силна за да ги загрози грчките позиции и интереси. Доколку се говори за српските аспирации тогаш е можно да се говори за опасност и загрозеност на грчките интереси.

[36] Д. Димески, Македонското..., с. 126

[37] ДАРМ,м-160, Rumbold-Salisbury, Athens, 27 march 1887, FO 287/9

[38] С. Терзић, Србија и ..., с. 268-269

гарија сеуште не била целосно независна држава и на некој начин била дел од Османлиската империја.

Прашањето кој ќе го наследи Јоаким IV на патријаршискиот престол било актуелно во текот на првата половина на 1887 година. Рускиот амбасадор во Цариград, Нелидов, во текот на дискусиите околу тоа кој ќе биде нов Патријарх го посетил поранешниот Цариградски Патријарх Јоаким III на Атос, каде што тој претстојувал, со цел да поразговараат околу ситуацијата во Македонија на црковен план[39]. Двајцата се согласиле дека бил потребен компромис помеѓу Патријаршијата и Егзархијата, но нивната согласност немала никаква валидност, бидејќи нов Патријарх станал Дионисиос, кој претходно бил одрински митрополит[40], личност која во тој момент ја уживала подршката на атинската влада. Нелидов можеби се надевал дека Јоаким III ќе биде повторно избран за Патријарх, но владата во Атина тоа не сакала да го дозволи по никоја цена. Впрочем тој таму бил сметан за човек кој со своето однесување му нанесувал штети на елинизмот. Тоа не било точно, но грчката влада барала личност која нема да биде толку самостојна во раководењето со Патријаршијата.

Грчките дипломати, пред се конзулите кои биле поприсутни на теренот, продолжиле со известувањето за позицијата на елинизмот која секогаш била оценувана како тешка притоа барајќи помош, но и нудејќи идеи како истата да се подобри. Пануријас, конзулот во Битола во писмото до претседателот на Комитетот за подршка на грчката црква и образование од 8 јули 1887 година барал значителна материјална помош за грчките училишта во Битола. Тој своето барање го оправдувал со потребата од помош за грчките учители во тој реон од Македонија[41]. Освен барањето помош Пануријас предложил поблиска соработка на конзулите со месните митрополити и учителите, кои пак требале да бидат именувани од митрополитите и конзулите. Со ова барање грчкиот конзул сакал да влијае на засилување на улогата на грчките дипломатски претставници врз решенијата кои биле донесувани од страна на грчките патријаршиски општини. Такви обиди имало и порано, согласност била постиг-

[39] Κ. Βακαλοπουλου, Ο βορειος..., σ. 57
[40] С. Терзић, Србија и ..., с. 294
[41] Κ. Βακαλοπουλου, Ο βορειος..., σ. 229

нувана, но многу често договореното не било почитувано ниту од страна на патријаршискиот клер, ниту пак од грчките конзули. Панурија̀с исто така предложил и основање на грчка гимназија во северна Македонија[42]. Овој негов предлог, иако навидум нема ништо со политиката, всушност бил наменет за оние реони на Македонија каде што Грција сеуште немала свое дипломатско претставништво т.е. во Скопје. Иако Скопје не спаѓало во областите на Македонија кон кои Грција се стремела, сепак во идните преговори овој град и воопшто северниот дел од Македонија ќе служат како еден вид на залог со кој Грците би можеле да ги уценуваат, во прв ред Србите.

Активностите на австроунгарските дипломати во Македонија не можеле да не предизвикаат интерес и загриженост во Атина. За разлика од порано сега загриженоста била искажувана и пред италијанскиот амбасадор во грчката престолнина. Министерот за надворешни работи, Драгумис во разговорот со италијанскиот пратеник, Куртопаси, не ја криел својата загриженост од, како што тој се изјаснил, антигрчката активност на австроунгарските емисари кои делувале помеѓу Словените и Власите не само во Македонија, туку и во Епир и Албанија[43]. Целта на Драгумис не била само да ја изрази грчката загриженост околу активноста на виенските дипломати, туку по се изгледа и да добие подршка од италијанскиот претставник, бидејќи знаел за различните интереси на Рим и Виена на Балканот. Тоа Грција сакала да го искористи.

Во Грција веќе напоменавме дека постоеле и одредени кругови кои се залагале за соработка со останатите балкански народи, но притоа и да се внимава на интересите на тие народи, нормално без да им се наштети на грчките. Тие сепак немале поголема подршка помеѓу грчката јавност која во најголем дел била под влијание на оние сили кои се залагале за реализирање на големата идеја. Во тој поглед ситуацијата во Грција не се разликувала многу во однос на другите балкански земји, каде што исто така биле популарни оние политички сили и кругови кои се залагале за остварување на нивните националните аспирации т.е. територијалното проширување. Кога говориме за Грција треба да имаме предвид дека некои грчки

[42] исто, с. 230

политичари и дипломати биле не само блиски кон круговите кои се залагале за поблиска соработка со другите балкански народи, туку биле и членови на атинското здружение "Источна конфедерација". Така грчкиот дипломатски претставник во Софија, Клеон Рангавис, бил избран за почесен член на ова здружение, а неговиот татко Александрос, човекот кој му го додели ловоровиот венец на Прличев, бил почесен член на Претседателството на здружението[44]. Грчките весници негативно гледале кон активноста на горенаведеното здружение и неретко го обвинувале дека е платено странско тело на Словените кое ги продава грчките интереси. Така во "Палингенисија", весник близок до Трикупис, во една статија од 16 октомври 1887 година самата идеја за балканска конфедерација се нарекла утопија[45]. Тоа било точно. Позицијата на водечките грчки политичари во однос на релациите со балканските народи не била многу погодна за соработка. Тоа го забележал и италијанскиот пратеник во Атина кој недоаѓањето на Каљевиќ, српскиот пратеник во грчката престолнина, го поврзува со расположението во Грција, кое според него не било наклонето за соработка, бидејќи Македонија била таа која претставувала јаболко на раздотот, а во тие моменти најгласни биле оние сили кои ја спротиставувале Грција против другите народи на Балканот[46].

Амбициите на Трикупис за железничко поврзување на неговата земја со османлиските железници, а преку нив и со остатокот од Европа не престанувале. Тој бил преокупиран со изградба на големата линија која би одела за Ламија, Кардица, Трикала, Каламбака и Лариса со цел да се спои со османлиските железници кај Еласона. Трикупис имал намера тоа да и го предложи на Портата[47]. Меѓутоа ставот на османлиската влада околу железничкото поврзување останал непроменет, односно Портата никако не сакала позитивно да одговори на предлозите кои доаѓале од Атина за железничкото поврзување. Османлиската влада се сомневала во целите на ова поврзување и повеќе сакала Грција и понатаму, што се однесува до железничкиот сообраќај, да остане слепо црево на Балканот, а со тоа и во

---

[43] ДАРМ,м-178, Curtopasi-Crispi, Atene, 15 settembre 1887, ASMAE
[44] V. Todorov, The society..., p. 531
[45] исто, с. 536
[46] ДАРМ,м-178,Calvi-il ministro degli Affari esteri, Atene, 7 decembre 1887, ASMAE
[47] ДАРМ,м-178,Calvi-Crispi, Atene, 22 decembre 1887, ASMAE

Европа. Османлиските сомнежи биле точни. Имено, еден од начините за засилување на позицијата на елинизмот се состоел и во железничкото поврзување на Грција со Османлиската држава.

Грчката пропаганда во Македонија и понатаму се соочувала со сериозни проблеми. Некои од нив биле заради внатрешните несогласувања во грчката заедница. Сепак, се повеќе внимание било посветувано на активностите на австриските конзули и католичката пропаганда, спонзорирана од Виена, со која се ширело унијатството[48], а тоа во Атина било сметано као штетно за грчките национални интереси. Грчката влада стравувала од можноста дел од патријаршистите кои не биле од грчко потекло да потпаднат под влијание на унијатсвото и на тој начин дополнително да се намали бројот на патријаршистите. Стравувањата на Атина ќе се покажат како претерани.

Грчките политичари сметале дека нивната земја не само што не добила никакви компензации заради бугарското обединување, туку после кризата останала дипломатски изолирана без подршка од оние сили за кои во Атина се сметало дека треба секогаш да застанат зад Грција, а тоа посебно се однесувало на Велика Британија. Повеќе од јасно било дека ниту една балканска држава без подршка на некоја голема европска сила не можела да ги оствари своите аспирации. Грција и покрај најстарата државност не била исклучок. Затоа во Атина постојано се правеле напори да се придобие некоја од големите сили, иако најпосакувана била Велика Британија, кај која порано лесно можело да се заигра на картата на словенската опасност, но сега ситуацијата била драстично променета. Откако се увидело дека Лондон сепак бил заинтересиран и за Софија се повеќе започнало да се говори за можноста од грчко-руско зближување, иако треба да се има сомнеж во искреноста за воспоставување на поблиски односи помеѓу Атина и Петроград, пред се од грчка страна. Како и да е можноста за грчко-руско зближување била присутна и на теренот во Македонија каде се шириле неверојатни гласини за спремноста на Русија да го помогне ширењето на грчката пропаганда до Битола и наводната

[48] Кирил, патриярх Български, Принос..., с. 597

наредба до руските конзули да работат во таа насока[49]. Дури и кога се споменувала можноста за набавка на нови десет воени бродови за потребите на грчката воена морнарица се говорело за руска подршка преку простувањето на долговите. Напи́сите во грчките весници, исто така, оделе во насока на приближување кон Русија. На пример во "Ора" во текот на јануари 1888 година се појавил напис во кој се говорело дека Русија треба да се смета "како еден од нашите сојузници во овие критични мометни"[50]. Индикативно е што Русија се споменува како еден од можните сојузници, но не и како главен. Сепак, тоа не било причина дипломатските претставници на странските земји во османлиската прстолнина, како што бил српскиот пратеник Новаковиќ, да не говорат во своите извештаи за проруското однесување на Грците, користејќи ја изјавата на Трикупис дека неговата земја не можела да одбие услуги од никого, ако за тоа има шанса[51]. Промената во однесувањето на Грците може да се забележи и од протестот на грчкиот амбасадор во Лондон до Солзбери за однесувањето на британскиот конзул во Солун, Блант, кој бил обвинет за давање на помош на Австријанците и Романците во нивната намера да ги избркаат грчките свештеници од училиштата во Македонија со што им се давала подршка на Власите, кои биле спонзорирани од владата во Букурешт[52]. Британската влада не го прифатила протестот со образложение дека нејзиниот конзул во Солун не добил инструкции да работи во таа насока, но ветила дека ќе го испита целиот случај. Тоа и го сторила. Солунскиот конзул Блант одговорил на грчките обвинувања за неговата наводна подршка на влашките барања. Во своето објаснување Блант негирал било каква негова подршка на влашките барања, но посочил дека во разговорот со грчкиот конзул во Солун ја изразил својата симпатија за Власите. Тој лично сметал дека Грците се сомнителни кон него, бидејќи заедно со романскиот конзул собирале материјали за етнографската карта на Македонија[53]. Оваа констатација на Блант не била без основа и таа во блиската иднина ќе се покаже како точна. Всушност, доволно за грчки

[49] Граѓа за..., т. IV, кн. 2, док. 189, Солун, 24 декември 1887, с. 367
[50] ДАРМ,м-31, Turkey n. 1(1888), Haggard-Salisbury, Athens, 14 january 1888
[51] Граѓа за..., т. IV, кн. 3, Белград, 1987, дпк. 5, Цариград, 19 јануари 1888, с. 39
[52] ДАРМ,м-162, Salisbury-Haggard, Foreign office, 27 january 1888, FO, 195/1594
[53] ДАРМ,м-162,Blunt-White, Salonica, 24 february 1888, FO 195/1618

сомнежи и обвинувања е тоа што тој податоците за етнографската карта на Македонија ги собирал со романскиот конзул. Објаснувањето на Блант му било пренесено на грчкиот дипломатски службеник Теотокис, кој истото го прифатил, но не пропуштил да подвлече дека романското движење било доста забележливо и поттикнувано, сега, од османлиските власти[54].

Искусниот грчки премиер не ја испуштил можноста во разговорот во февруари 1888 година со британскиот заменик амбасадор во Атина да поразговара за можноста од грчко-руско зближување. Тој без да биде прашан од британскиот дипломат го насочил разговорот за можноста Грција да ја добие Македонија доколку се приближи кон Русија[55]. Трикупис не пропуштил дека Грците се задоволни со задржувањето на статус квото на Балканот, но кога Османлиската држава ќе пропадне тогаш од витален интерес на неговата земја било Македонија да падне во грчки раце бидејќи во спротивно Грците ќе бидат задушени од Словените[56]. Затоа Грција имала потреба од подршка од некоја голема сила. Британскиот дипломат го предупредил грчкиот премиер дека тоа било опасна игра и за можните последици. Трикупис не криел дека тој бил апсолутно свесен за истите, но ја потенцирал можноста од австриска окупација на Солун како што тоа се случи и со Босна и Херцеговина. Според него, тоа би бил дефинитивен удар за безбедноста на Грција, а Британија нема да се вмеша иако со својата поморска сила е сосед на неговата земја и Грција би станала втора Србија. Трикупис бил искусен и вешт политичар кој не верувал во Русија. Тој многу добро знаел дека Русија не можела да и гарантира на Грција дека ќе добие еден таков залог каков што била Македонија. Тоа што тој сакал да постигне во овој разговор, но и со целиот случај на наводното грчко приближување кон Русија е насочување на британското внимание кон грчките интереси, посебно во Македонија и предизвикување на сомнеж кај британската дипломатија дека може да дојде до грчко-руско приближување. Тој делумно ќе успее во својата намера.

Разговорот на Трикупис со британскиот амбасадор, во кој својот

---

[54] ДАРМ,м-162, Rumbold-Salisbury, Athens, 5 april 1888, FO 287/13
[55] ДАРМ,м-162, Haggard-Salisbury, Athens, 18 february 1888, FO 287/13
[56] исто

собеседник му ја нагласил можноста од грчко-руско зближување го предизвикала Рамболд, британскиот амбасадор, да поразговара и со својот австриски колега во Атина, баронот Косјек. Тој не ја криел својата загриженост пред австрискиот дипломат, кој исто така бил вознемирен од вестите кои се ширеле[57]. Косјек ја нагласил вознемиреноста од активностите на руската амбасада во Атина, но и од вестите кои пристигнуваат од Цариград за грчко-руските односи. Двајцата дипломати си разменале мислења околу нивните средби со грчкиот крал и со Трикупис. Така Косјек на Рамболд му го пренел ставот на грчкиот крал кој рекол дека нема да ја става главата во торба со склучување на сојуз со Русија. Британецот пак го известил австрискиот дипломат дека тој во разговорот со грчкиот премиер, за кого нагласил дека се стари пријатели, добил уверување дека до тој момент не бил постигнат никаков договор за сојуз со Русија врз која, барем така му изјавил Трикупис, Грција не можела да се потпре[58]. Ова јасно говори дека Трикупис во разговрот со заменикот на Рамболд само сакал да го предизвика британскиот интерес. Тоа, сепак, не значи дека сите шпекулации за грчко-руското приближување престанале.

Некако во текот на овие превирања околу можноста од зближување помеѓу Атина и Петроград, еден од членовите на друштвото "Источна конфедерација", Леонидас Вулгарис во едно писмо до Захариј Стојанов од 17 февруари 1888 година сугерира формирање на "слободна и неделива македонска држава во рамките на балканската федерација"[59]. Тој оваа своја идеја ја објаснувал како решение за недоразбирањата помеѓу балканските народи. Секако дека Вулгарис кога предлагал македонска држава не мислел како за национална држава. Исто така, треба да се има предвид дека тој немал скоро никакво влијание во грчкиот политички живот, но идејата сама по себе била интересна. Познатиот грчки историчар Папаригопулос, кој застапувал спротивни идеи од оние на Вулгарис предлагал стипендирање на црковните лица, учителите и други лица со цел да се засили силата на елинизмот во јужна Македонија околу Солун и во областите северно од големото македонско пристаниште, особено Битола, Стру-

[57] ДАРМ,м-162, Rumbold-Salisbury, Athens, 5 march 1888, FO 32/599
[58] исто
[59] V. Todorov, The society..., p. 534

мица и Мелник[60]. За разлика од Вулгарис, ставовите на Папаригопулос секогаш наоѓале место кај грчките политичари. Тоа е само еден показател каде било местото на оние кои не се залагале за остварување на големата идеја по секоја цена.

Кратко време пред Вулгарис да го информира Стојанов за својата идеја, еден друг македонски деец, Спиро Гулапчев, во својата кинга "Еден оглед по етнографијата на Македонија, објавена во Габрово во 1887 година, се искажал за создавање на Балканска федерација во чии рамки би влегле: Македонија, Епиро Албанија, Европска Турција, Црна Гора, Романија, Србија, Бугарија и Грција[61]. Гулапчев слободата на македонското население ја гледа само во формирање на Македонија како посебна политичка целина. За создавање на автономна Македонија јавно се залагал и Коста Шахов, кој од 1888 година го издава весникот "Македонија"[62] каде јавно ги изложува своите идеи во таа насока.

Сомнежите на западните земји дека Грција сепак имала некој договор со Русија се засилиле со посетата на рускиот амбасадор во Цариград на грчката престолнина. Иако самата посета била најавена како одмор на рускиот дипломат, таа не можела да не предизвика интерес. Султановиот амабасадор во Атина, јавно не давал изјави кои би покажале дека Портата е загрижена од целите на оваа посета, но во еден разговор со британскиот амбасадор не ја исклучил можноста Нелидов да доаѓа со намера да изврши притисок врз Портата со некаков сојуз со Грција[63]. Тој не кажал зошто Русија воопшто би вршела притисок врз неговата земја. Британскиот амбасадор нормално бил заинтересиран за причината на посетата. Затоа го посетил грчкиот крал со намера да добие повеќе информаци околу посетата на рускиот дипломат, но не го добил посакуваниот одговор, иако му било навестено дека се разговарало за Бугарија[64]. Посетата на Нелидов била тема на разговор и на грчкиот амбасадор во Петроград, Мавркордатос со неговиот британски колега, Мориер.

---

[60]Ελενη Μπελια, Η εκπαιδευση πολιτικη του ελληνικου κρατους προς την Μακεδονια και ο Μακεδονικος αγων, Ο μακεδονικος αγων, Θεσσαλονικη, 1983, σ. 31

[61] Михајло Миноски, Федеративната идеја во македонската политичка мисла 1887-1919, Скопје, 1985, с. 25

[62] Д. Димески, Мкаедонското..., с. 125

[63] ДАРМ,м-162, Rumbold-Salisbury, Athens, 20march 1888, FO 287/13

Грчкиот дипломат, без да пропушти да напомене дека немало никаков сојуз со Русија, посетата ја објаснил со осаменоста на неговата земја на дипломатски план, но и со разочарувањето од односот на сојузниците, посебно со нивната наклоност кон Бугарија[65]. Тој посебно ја искажал разочараноста на неговата влада од подршката која Бугарија ја добила од Лондон, но со овој негов став британскиот дипломат не се согласил и му нагласил на Маврокордатос дека по прашањето на Бугарија официјален Лондон не постапил ништо поинаку од случајот со грчката независност. Мориер бил во право. Сепак посетата на Нелидов на Атина не донела никакви резултати. Впрочем грчките сомнежи кон Русија биле и понатаму големи за да може толку лесно и брзо да биде постигнат договор за сојуз и да бидат добиени руски гаранции околу грчките аспирации кон османлиските територии, посебно кон Македонија. Самиот Нелидов во Атина не донел предлог за сојуз, туку и сугерирал на грчката влада да избегнува било какво комплицирање на работите на истокот[66]. Тоа покажува дека немало идеи за некаков сојуз помеѓу двете земји. Сепак грчката влада многу добро го искористила целиот случај со наводното грчко-руско зближување за да укаже, посебно на владата во Лондон, на своето незадоволство од нејзината подршка на Бугарија која во Атина била сметана за главен соперник во Македонија. Впрочем тоа ќе го забележи и британскиот амбасадор во Атина. Тој во еден свој извештај до Форин Офисот ќе нагласи дека лично не верува во можноста од грчко-руско зближување, а и самиот Трикупис во тој момент не размислувал за било какво поврзување со Петроград иако неговите симпатии кон Велика Британија биле осетно намалени[67]. Главниот проблем во однесувањето на грчките политичари тој го лоцира во немањето на подршка од некоја голема сила и успехот на како што се изразува словенската и романската пропаганда во Македонија, посебно во нејзините централни делови.

Грчко-османлиските односи, кои Трикупис настојувал да ги одржува на едно задоволително ниво, во текот на март 1888 година започнале пов-

---

[64] ДАРМ,м-162, Rumbold-Salisbury, Athens, 5 april 1888, FO 287/13
[65] ДАРМ,м-162, Morier-Salisbury, St. Petersburgh, 6 april 1888, FO 287/13
[66] С. Терзић, Србија и..., с. 308
[67] ДАРМ,м-162, Rumbold-Salisbury, Athens, 21 april 1888, FO 287/13

торно да се заоструваат. Тоа можело да се забележи и од пишувањето на повлијателните атински весници. Така во весниците "Ефимерис" и "Палингенисија" се појавиле текстови кои содржеле сериозни и остри обвинувања кон османлиската власт. Повод за тие напади била наводната османлиска подршка на романската пропаганда во Македонија. Посебен акцент бил ставен на активноста на Апостол Маргарит кој бил обвинет за манипулација со битолскиот валија[68]. Маргарит исто така од страна на грчките весници, а со тоа и на политичарите, бил сметан како клучна личност за апсењето на патријаршиските свештеници кои и одавале информации на грчката влада околу османлиските воени активности по граничната линија за време на кризата во 1886 година. Всушност тогаш започнува аферата Пихеон. Имено, врз основа на веќе споменатото откривање на компромитирачката кореспонденција на патријаршискиот учител Анастасиос Пихеон во 1887 година, османлиските власти започнале да вршат поголем број на апсења на претставниците на грчката пропаганда. Во март 1888 година бил уапсен секретарот на костурскиот митрополит, а самиот митрополит морал да замине за Цариград со цел да ги објасни своите постапки. Всушност под повикот за објаснување на постапките костурскиот митрополит Кирил бил заштитен од страна на Патријаршијата[69]. Овие османлиски активности за разбивање на мрежата на грчки заговорнички комитети предизвикале силна реакција во Грција. Во "Ефимерис" било напишано дека "ако ние не сме доволно моќни да ги подржиме нашите права и да го спречиме процесот на истребување на грчкиот елемент кој сега се одвива во Македонија, дозволете тоа отворено да го признаеме, но тоа не значи дека ние се согласуваме со тоа што се прави ..."[70]. Грчкото незадоволство не ги спречило османлиските власти да продолжат со апсењето на повидните претставници на грчката пропаганда за кои сметале дека се поврзани со Пихеон. Во Битола биле уапсени Димитријос Вафијадис, Анастасиос Писхас, библиотекарот Анастасис Цалис, учителите Милтијадис Цинстос, Константинос Сантис и Димитриос Андреадис. Во Костур бил уапсен лекарот Сиомос, во Клисура биле уапсени

[68] ДАРМ,м-162, Rumbold-Salisbury, Athens, 22 march 1888, FO 287/13
[69] ДАРМ,м-160, Shipley-Blunt, Monastir, 23 april 1888, FO 78/4118
[70] ДАРМ,м-162, цит. док. Athens, 22 march 1888, FO 287/13

петнаест видни луѓе, а во Лерин од слобода бил лишен лекарот Музас[71], во Невеска бил притворен Измирлис, кај кого бил пронајден грчки орден тајно доделен од кралот Георгиос[72]. Со текот на истрагата апсењата се проширила дури и во Солун каде од слобода биле лишени четворица видни претставници на грчката заедница-Василис Маос, Коцос, Вовос и Цоце Лекос[73].

Грците, кои веќе го обвинувале Маргарит, сметале дека зад сето ова стоеле Романците, бидејќи во написот од 24 март 1888 година во "Revue de l'Orient" од Будимпешта бил отпечатен материјал кој бил компромитирачки за грчкиот конзул во Солун, Докос. Имено, во написот во овој лист се говори за поврзаноста на атинската влада и одредени грчки структури во Македонија во време на кризата од 1886 година при што постоеле и планови за делување на грчки чети во јужните делови на Македонија, а зад тоа стоел тогашниот грчки конзул во Битола, Докос. Тоа не значело дека османлиските власти немале податоци и за делувањето на неговиот наследник, Панурijас. При апсењето на Атанасиос, секретарот на костурскиот митрополит, според известувањето на споменатиот будимпештански весник, биле пронајдени писма во кои Панурijас советувал"палете, грабете за да се создаде безредие и за него да бидат обвинети Турците"[74]. Исто така на многу од фатените документи стоел неговиот потпис. Панурijас, нормално, ги отфрлил обвинувањата нарекувајќи ги истите фалсификат. На тоа ќе се базира понатамошната одбрана на конзулот од страна на владата во Атина. Тврдењето дека писмата се фалсификат го повторил и грчкиот амбасадор во Цариград, Кондуриотис, во разговорот со Саид паша[75]. Меѓутоа се појавувале, за волја на вистината непотврдени гласини, за можноста Панурijас да биде заменет со вицеконзулот во грчкиот конзулат во Солун, Николау[76]. Тоа би значело признавање на грчката влада за вмешаноста на нејзините дипломати во целата афера, а на тој начин потврда за својата инволвираност во анти-

---

[71]Γεοργιου Μοδη, Ο μακεδονικος αγων και η νεοτερη μακεδονικη ιστορια, Θεσσαλονικη,1967 , σ. 130

[72] ДАРМ,м-160, цит. док. , Monastir, 23 april 1888, FO 78/4118

[73] ДАРМ,м-162, цит. док. Athens, 22 march 1888, FO 287/13

[74] Кирил, патриярх Български, Принос..., 611

[75] Граѓа за...., т. IV, кн. 3, док. 38, Цариград, 12 април 1888, с. 119

османлиските активности. Таквата можност не била реална и затоа официјална Атина со сите средства ќе го брани својот конзул со цел да докаже дека тој, а со тоа и грчката влада, не се вмешани во никакви заговорнички иницијативи против Портата.

Ситуацијата многу брзо дополнително се комплицирала со навлегувањето на две помали четнички групи од Грција на османлиска територија во близината на Катерини. Сериозноста на целата ситуација ја потврдил и султановиот амбасадор во Атина. Тој во разговорот со својот британски колега ја споменал можноста од прекин на дипломатските односи помеѓу Грција и неговата земја[77]. Рускиот амбасадор во Цариград, Нелидов, кој штотуку се вратил од Грција говорел дека Грците биле многу незадоволни од однесувањето на Портата кон Грција, посебно од одбивањето на султанот да ја прими грчката делегација која требало да му го врачи грчкиот орден. Големата затегнатост ја принудило владата во Атина да го повика својот конзул од Битола на консултации, иако иницијативата за негово привремено повлекување од Битола ја потегнал лично Панурија[78].

Османлиите веќе јавно говореле дека откриле поголема мрежа на грчки комитети во Костур, Невеска, Клисура, Лерин, Блаце и др[79]. Тие не криеле дека се работело за материјали кои се однесувале на периодот од 1885-1886 година, но целите на оваа мрежа останале исти. Кога станува збор за запленетата кореспонденција грчкиот гнев кон Апостол Маргарит се покажал оправдан. Имено, целата кореспонденција која била запленета од османлиските власти во врска со аферата Пихеон била преведувана од страна на Маргарит[80], кој одлично го познавал грчкиот јазик, бидејќи имал грчко образование, а и во младоста бил елинист.

Четите кои навлегле на османлиска територија во некои цариградски весници биле наречени востанички. Тоа веќе бил голем проблем за владата во Атина. Кондуриотис се трудел да објасни дека неговата влада немала никава врска со овие чети и во тоа делумно успеал[81], но

---

[76] Граѓа за..., т. IV, кн. 3, док. 35, Солун, 7 април 1888, с. 115
[77] ДАРМ,м-162, Rumbold-Salisbury, Athens, 15 april 1888, FO 287/13
[78] ДАРМ,м-160, цит. док. , Monastir, 23 april 1888, FO 78/4118
[79] ДАРМ,м-31, Turkey, n.1, Blunt -Salisbury, Slonica, 17 april 1888
[80] исто
[81] Граѓа за..., т. IV, кн. 3, док. 40, Цариград, 19 април 1888, с. 124

проблемот со грчкиот конзул во Битола и понатаму сериозно ќе ги оптоварува односите помеѓу Атина и Цариград. Трикупис, кој претходно се одликувал со голем степен на ладнокрвност, ќе почне да делува во спротивност со дотогашниот пристап кон проблемите. Однесувањето на грчкиот премиер дополнително ќе ги затегне и онака веќе пренапнатите односи помеѓу двете соседни земји. Тој со многу остар тон ќе му се обрати на османлискиот амбасадор во Атина. Неговиот променет и недипломатски однос нема да остане без реакција на официјален Цариград, кој ќе побара и британска помош со цел да дојде до изгладување на односите со Атина[82]. Солзбери, сакајќи да го спречи неповолниот развој на односите помеѓу двете соседни држави, многу брзо ќе го испрати својот одговор до Цариград. Тој сметал, а можеби бил и уверен, дека Трикупис сакал добри односи со Портата, но под услов грчките интереси во Македонија да не бидат загрозени, а за нив грчкиот премиер бил подготвен да се бори во секое време[83]. Затоа Солзбери во писмото до британскиот амбасадор во Цариград нагласил неопходноста Портата да ја избегнува "бугарската партизанштина" доколку сака подобрување на односите со Атина. Неколку дена подоцна британскиот политичар испратил уште едно писмо до Цариград во кое предупредува за опасната ситуацијата и затоа Портата морала да се воздржи од натамошни провокации кон Трикупис со цел да се избегнат нереди, бидејќи "ако огнот биде запален во Македонија, тој ќе се прошири"[84]. Солзбери бил во право кога предупредувал на можноста Трикупис да преземе некои акции во Македонија, но во тие моменти грчкиот политичар преферирал попомирливи методи во односите со својот сосед, иако не биле исклучени и други методи. Меѓутоа и на грчката страна се јавувале знаци на напнатост, а Трикупис веќе видовме дека не ја криел својата нервоза. Тој се сретнал со британскиот заменик амбасадор во Атина кој пак бил задолжен да влијае врз грчкиот преммиер за намалување на затегнатата ситуација. Грчкиот премиер се пожалил дека не биле проблем само обвинувањата врз грчкиот конзул во Битола, туку и однесувањето на Портата кон патријаршискиот митрополит во Серес. Тој

[82] ДАРМ,м-162, White-Salisbury, Athens, 21 april 1888, FO 287/13
[83] ДАРМ,м-162, Salisbury-White, Foreign Office, 23 april 1888, FO 287/13
[84] ДАРМ,м-162, Salisbury-White, Foreign Office, 25 april 1888, FO 287/13

се согласил со британскиот дипломат дека можеби проблемот во Серес е внатрешна работа на Османлиската држава, но однесувањето на Портата кон Грција станало неприфатливо[85]. Причината за овој став на Трикупис било најновото барање на султановата влада. Имено, Портата побарала отповикување на веќе привремено повлечениот конзул од Битола, но Трикупис јасно ставил до знаење дека неговата влада својот дипломат го смета за целосно невин во целиот случај. Доколку Цариград продолжи со инсистирање за целосно отповикување на Пануријас, тогаш грчката влада ќе го протера османлискиот конзул од Лариса и тоа со воена придружба. Хагард се обидувал да го убеди Трикупис дека во тој момент не било многу целисходно да се провоцира султанот. Тоа не било прифатливо за грчкиот политичар кој искажал интересно видување за можноста за негативниот однос на султановата влада кон Грција. Имено, тој отворено признал дека за разлика од порано сега неговата влада немала свој човек на султановиот двор и затоа османлискиот суверен бил под влијание на романските и пансловенските агенти, иако грчката пропаганда всушност работела во насока да ги попречи горенаведените пропаганди и била насочена во полза на султановиот суверенитет. Затоа и порај сите жалби за однесувањето на Портата кон неговата земја, Трикупис го замолил британскиот дипломат преку својата влада да и пренесе на Портата дека грчката акција во Македонија е насочена кон зачувување на османлиската власт и од тие причини се прават големи напори за зачувување на мирот[86]. Како одговор на овие ставови на грчките власти османлискиот амбасадор во Атина не тврдел дека писмата и активностите во Битолскиот вилает биле дело на грчката влада, но конзулот во Битола бил многу подвижен[87]. Со тоа бил сомнителен на локалните власти.

Османлиската влада, која бараше помош од Лондон за надминување на затегнатоста, со едно свое писмо наместо да ги подобри односите со Атина, истите дополнително ги заострила. Имено во писмото меѓу другото се споменувало и делување на разбојничките чети, мислејќи на грчки. Проблемот повремено постоел, но во Атина, во време кога од-

---

[85] ДАРМ,м-162, Haggard-Salisbury, Athens, 22 april 1888, FO 195/1595
[86] исто
[87] ДАРМ,м-162, Haggard-Salisbury, Athens, 24 april 1888, FO 287/13

носите помеѓу двата соседа биле затегнати, споменувањето на четите било сметано како нова провокација од страна на Портата[88].

Грчката влада, во меѓувреме, ги добила писмата за кои Цариград тврдел дека биле напишани од страна на Панурijас. Откако истите ги разгледала атинската влада го повторила ставот дека тие биле фалсификат, презентирајќи ја изјавата на грчкиот конзул дадена во министерството за надворешни работи со која тој тврди дека не ги напишал писмата[89]. Како што може да се забележи наместо да дојде до намалување на тензиите истите биле засилени. Новото заострување беше доволен знак за британската дипломатија да преземе чекори, пред се во Цариград, за смирување на страстите, но истовреемно владата во Атина ја советуваше да не брза со враќањето на конзулот во Битола. Во целата ситуација се вклучил и грчкиот крал кој во разговорот со францускиот амбасадор во Атина, Монтолон, ја нагласил решеноста на Грција да ја следи политиката на смирување и затоа нејзините дипломатски претставници имале наредба да се заложат за зачувување на мирот[90]. Целата активност ќе донесе одредени позитивни резултати. Многу брзо, веќе на почетокот на мај 1888 година, грчкиот амбасадор во Цариград говорел дека Портата користи помирен тон во обраќањето кон него, а тоа го припишал на делувањето на неговиот британски колега, Вајт. Говорејќи во таа насока грчкиот премиер ја изразил својата надеж дека султановата влада ќе ја прифати политиката на добар однос кон грчкиот елемент во Македонија[91]. Така започнува постепеното подобрување на односите помеѓу двете соседни држави, иако проблемот со грчкиот конзул сеуште не бил решен.

Атинските весници ги анализирале причините за заострувањето на грчко-османлиските односи и давале коментари и оцени во однос на целиот проблем. Така во угледниот атински весник "Акрополис" се појавила статија во која рускиот весник "Nord de Bruxelles" бил обвинет за ширење на лажни вести за можно грчко востание во Македонија, доколку во Бугарија работите не станат поприфатливи за Русија[92]. Според авторот

---

[88] исто
[89] ДАРМ,м-162, Haggard-Salisbury, Athens, 25 april 1888, FO 195/1595
[90] К. Βακαλοπουλου, Ο βορειος..., σ. 244
[91] ДАРМ,м-162, Haggard-Salisbury, Athens, 5 may 1888, FO 287/13
[92] ДАРМ,м-162, Haggard-Salisbury, Athens, 10 may 1888, FO 287/13

на статијата во "Акрополис" неговата земја нема никогаш да биде орудие во рацете на другите. Ова било можност во атинскиот весник да се нагласи опасноста по грчките интереси од повторното руско зацврстување во Бугарија и давањето на помош за бугарската пропаганда во Македонија. Според авторот на статијата единствена одбрана на елинизмот од таа опасност била анексијата на Солун, Јанина и Крит кон Грција, но тоа било невозможно во тој момент. Затоа "Ние Грците сме доволно свесни да не преземаме чекори во правец на движење без да бидеме претходно сигурни дека тоа движење ќе доведе до неизбежно територијално проширување на грчкото кралство"[93]. Повторно причината за проблемите се бара на друго место.

Веќе рековме дека благодарение на ангажирањето на британската дипломатија доаѓа до намалување на затегнатоста на грчко-османлиските односи, но не и до нивно целосно нормализирање. Причната за тоа сега треба да се бара во Атина. Имено, владата на Трилупис имала намера да го врати привремено повлечениот Пануријас на своето конзулско место. Од друга страна пак османлискиот амбасадор го советувал грчкиот премиер да го одложи враќањето[94]. Османлиската влада се трудела да го поткрепи своето тврдење за вмешаноста на Пануријас во антиосманлиските активности и на тој начин да ја убеди Атина да не го враќа конзулот во Битола, иако тоа било многу тешко, имајќи ја предвид грчката закана за протерување на османлискиот конзул од Лариса, град во кој сеуште имало муслиманско население. Од Цариград тогаш пристигнала информација за подготвеноста на османлиската влада да и ги испрати на Атина оригиналните писма со цел да ја потврди вмешаноста на грчкиот конзул во целиот случај, но Трикупис не бил подготвен да го одложува враќањето на конзулот во Битола и намерата на Портата ја оценил како обид да се добие во време со цел Пануријас да не се врати на своето место[95]. Сепак со цел да покаже смиреност, нешто што му требало во тие моменти, Трикупис решил за неколку дена да го одложи вараќањето на Пануријас. Во овој случај не може да се исклучи можноста дека советите на британските

[93] исто
[94] ДАРМ,м-31, Turkey, п. 1, Haggard-Salisbury, Athens, 9 may 1888
[95] ДАРМ,м-31, Turkey, п. 1, Haggard-Salisbury, Athens, 14 may 1888

дипломати во Атина влијаеле врз решението на Трикупис. Османлиската влада меѓутоа и покрај тоа што ветила дека многу брзо ќе ги испрати документите во Атина изгубила многу време не само, во праќањето на истите, туку и во обидите да докаже дека Пануријас навистина бил мнешан во целата заговорничка кореспонденција.

Однесувањето на Портата почнало да ги буди сомневањата кај амбасадорите на големите сили во вистинитоста на нејзините тврдења за вмешаноста на грчкиот конзул[96], со што се засилувала позицијата на Атина во целиот случај и покрај тоа што токму нејзината решеност да го врати привремено повлеченият конзул беше причина за нецелосното нормализирање на односите со Цариград. Тоа не можело да остане неискористено од страна на еден вешт и искусен политичар како што бил Трикупис. Тој на 22 мај 1888 година му дал налог на Пануријас да се врати во Битола, што било и сторено од страна на грчкиот конзул[97]. Османлиските власти не направиле никакви пречки за враќањето на Пануријас, иако претходно со сите сили се обидувале истото, ако веќе не можат да го спречат, тогаш барем да го одложат. Трикупис имал силни адути во рацете кога се решил да го врати Пануријас назад во Битола. Имено, неговата закана за протерување на османлискиот конзул од Лариса беше доволна османлиските власти да не го попречат враќањето на Пануријас во Битола. Исто така однесувањето на османлиската влада во целиот случај и ненавременото испраќање на оригиналните писма зад кои наводно стоел потписот на Пануријас ја заслабнале силата на обвинувањата против грчкиот конзул. Дури по неговото враќање на конзулската позиција, османлиската влада ги испратила писмата во Атина кои повторно не биле сметани од страна на грчката влада за оригинални туку за веродостојна копија која не ја докажува вмешаноста на Пануријас[98]. Трикупис во еден разговор со британскиот заменик амбасадор во Атина изјавил дека Портата иако постојано го обвинувала грчкиот конзул никогаш сериозно не се потрудила да ги докаже своите тврдења. Тој рекол дека самите писма биле напишани од страна на преведувачот на конзулатот и според тоа конзулот

[96] ДАРМ,м-31, Turkey, n. 1, White-Salisbury, Constantinople, 15 may 1888
[97] ДАРМ,м-31, Turkey, n. 1, Haggard-Salisbury, Athens, 23 may 1888
[98] ДАРМ,м-31, Turkey, n. 1, Haggard-Salisbury, Athens, 30 may 1888

воопшто не бил одговорен за целата афера. Трикупис го информирал британскиот дипломат дека преведувачот бил набркан во 1887 година лично од Панурijас заради недоверливост и интриги. Затоа Панурijас не можел да биде сметан за одговорен[99]. Грчките објаснувања кај дипломатите на големите сили биле посилни што не значи и вистинити. Османлиските власти со првичното одбивање на битолскиот валија да го прими Панурijас ја покажувале својата недоверба кон грчкиот конзул.

Во моментите кога Грција имала сериозни проблеми во односите со Османлиската држава претседателот на друштвото Свети Сава, Николајевиќ, во разговорот со грчкиот пратеник во Белград и понудил на Атина договор околу заедничката граница на интересните сфери во Македонија[100]. Грчката влада многу внимателно го разгледа овој предлог на Николајевиќ зад кој всушност стоеше официјален Белград, но нема да одговори на истиот. Трикупис едноставно сметаше дека не е време за преговори со Србија, дури истите да не бидат на официјално ниво.

Претставниците на грчката влада го користеа секој погоден момент во разговорите со пратениците на големите сили, посебно на Велика Британија, да ги изразат своите видувања за состојбите во регионот, но и да се пожалат од однесувањето на Портата кон Грците воопшто. На овој план особено беше активен Трикупис што беше и логично заради неговата функција. Тој, во разговорите со британските дипломати во Атина, посебно го споменувал железничкото поврзување на неговата земја со османлиските железници и тоа како одбивање на Портата на грчкото право да се поврзе со другите делови од Европа[101]. Трикупис најверојатно бил под импресија на извештајот на грчкиот конзул од Солун, во кој се наведува разговорот на Докос со високиот османлиски офицер Реџеп паша при што последниов го информирал грчкиот дипломат за плановите за железничко поврзување на Градско со Кожани преку Лерин и Битола, но линијата Кожани-Каламбака била надвор од размислувањата, а токму таа линија била од интерес за Атина, бидејќи значела поврзување со османлиските железници.[102]. Же-

[99] ДАРМ,м-162, Haggard-Salisbury, Athens, 7 june 1888, FO 287/13
[100] E. Kofos, Greek-serbian relations..., p. 99
[101] ДАРМ,м-162, Haggard-Salisbury, Athens, 11 june 1888, FO 32/600
[102] B. Gounaris, Greco-turkish..., p. 318

лезничкото поврзување не беше единствениот проблем кој, според грчките гледишта ги оптоварувал односите помеѓу Атина и Цариград. Трикупис се жалел на османлиското одбивање да издаде дозвола за испраќање на грчки конзул во Скопје, а во исто време тоа им било дозволено на Србија и Русија[103]. Тој останал на тврдењата, кои биле точни, дека пропаѓањето на Османлиската држава во тој момент би било катастрофално за Грција и нејзините интереси, но што да се прави кога Портата ги смета Грците за природни непријатели[104].

Грчката влада не се жалеше само на однесувањето на Портата кон грчките интереси. Атина се жалеше и на позицијата на Виена, бидејќи наместо да добива австриска подршка против руските планови на Балканот, Грција се соочувала со активности на виенските агенти кои ги загрозувале грчките интереси[105], пред се во Македонија. Токму тука се наоѓале, според мислењето на Трикупис, опасностите по интересите на елинизмот[106]. Што се однесува до Русија, која на почетокот на годината беше сметана како можен грчки партнер, во Атина постојано бил потенциран проблемот со затегнатите односи на грчките и руските калуѓери на Света Гора. Според мислењето на атинската влада, проблемот бил намерно покренат од Русија, со цел во блиска иднина целиот свет полуостров да биде русизиран, а Грција иако сама се бори против овие руски обиди, кои може да доведат до етаблирање на руска колонија на Егејот, не добива никаква помош од големите сили[107]. Ова гледиште на Атина било претерано, бидејќи ниту една западна сила немаше да дозволи руско етаблирање на Егејското море, а примерот со судбината на санстефанскиот

---

[103] ДАРМ,м-162, цит. док., Athens, 11 june 1888, FO 32/600

[104] Османлиската влада и нејзините дипломатски претставници, во разговорите со дипломатските претставници и министри на големите сили, пак го тврделе спротивното. Така османлискиот пратеник во Рим, Фотијадес паша во разговорот со својот британски колега изјавил дека Портата сакала добри односи со Атина, но Грците освен за период од три до четири месеци не престанале да прават проблеми со подршка на, како што тој ги нарекува, револуционернитте комитети во Македонија, Епир и на Крит. Тоа според Фотијадес било правено со цел овие области да бидат приклучени кон Грција и тоа Македонија заради нејзиното богатство, а Крит заради позицијата која ја имал во однос на врската на османлиските поседи од Европа со оние во Северна Африка. Според неговото тврдење Цариград бил спремен, доколку Грција престане барем за една година да прави проблеми, на Атина да и одобри бенефиции, вклучувајќи го и железничкото поврзување со Солун. (ДАРМ,м-162, Kennedy-Salisbuty, Rome, 7 august 1888, FO 287/13)

[105] ДАРМ,м-162, цит. док., Athens, 11 june 1888, FO 32/600

[106] исто

договор беше еден од доказите за тоа како би реагирале западните сили на секој руски обид за излез на Егејот, дури тој и да биде посреден, а не директен. Трикупис тоа го знаеше, но исто така знаеше дека би било добро од време на време да се потсети Лондон на значењето на неговата земја за британските интереси на Балканот, па и во поширокиот регион.

Барањето на британска подршка за грчките интереси во османлиската држава, пред се во Македонија, не значеше дека Атина нема да реагира на, за неа, сомнителните однесувања на британските дипломати во Македонија. Имено, грчкиот министер за надворешни работи, Драгумис во разговорот со британскиот амбасадор во Атина, Монсон[108], ја искажал загриженоста на грчката влада од информациите кои ги добивала од своите конзули во Софија, Солун и Битола, за наводните сомнителни контакти на новонаименуваниот британски вицеконзул во Битола, Шипли. Тој бил обвинет од грчките дипломати дека во гореспоменатите градови се сретнал со личности кои биле замешани во антигрчката пропаганда. Затоа Драгумис го замолил британскиот дипломат да ја пренесе загриженоста на атинската влада до официјален Лондон. Монсон се согласил да ја пренесе загриженоста во Лондон и да се испита целиот случај, но истакнал дека неговата влада немала намера да предизвикува такви дејанија, но исто така не можел да поверува дека Шипли можел да направи дела спротивни на инструкциите од Лондон[109]. Британската влада започнала со истрага на целиот настан. Додека Лондон ги проверувал грчките обвинувања на сметка на британскиот вицеконзул во Битола, Панурijас испратил уште едно писмо до Атина во кое нагласува дека после неговиот разговор со Шипли поптолно се уверил во неговата пробугарската ориентација [110]. Грчкиот министер за надворешни работи веднаш го информирал британскиот претставник во Атина за новите обвинувања на сметка на Шипли од страна на Панурijас. Монсон во разговорот со Драгумис ја одбил оваа

---

[107] ДАРМ,м-162, Monson-Salisbury, Athens, 14 july 1888, FO 287/13

[108] Авторите на зборникот документи "Британските Конзули во Македонија 1797-1915", во издание на ДАРМ, Скопје, 2002, прават две големи грешки кога на страна 228 го заменуваат презимето на овој британски дипломат од Монсон во Монро и во индексот на лични имиња на стр.457, кога повторно е запишан како Монро, но и неговата позиција е деградирана од амбасадор во конзул.

[109] исто, с. 229-230

[110] ДАРМ,м-162, Monson-Salisbury, Athens, Athens, 4 august 1888, FO 32/601

констатација на Пануријас како неоснована и смешна. Самиот Шипли сакал да одговори на грчките обвинувања, кои не биле лесни. Тој подготвил писмо во кое ги објаснува своите контакти со луѓето, кои Грците ги сметале за личности вмешани во активности спротивни на грчките интереси. Според Шипли немало вистина во овие обвинувања. Грчкиот конзул во Софија, Рангавис на средбата со британскиот дипломат се обидел, како што истакнува, Шипли да му наметне став дека во Битола преовладувачки елемент бил грчкиот и секое противење на елинизмот би било сметано за панславистичко или едностранo, истакнувајќи дека имал информации за писма дадени на Шипли кои биле наменети за Апостол Маргарит. Во своето објаснување до Блант, британскиот вицеконзул појаснува дека тој доброволно прифатил да ги пренесе писмата не помислувајќи дека би можел да биде обвинет за делење на ставовите на Маргарит[111]. По повод обвинувањата на солунскиот грчки конзул, Шипли во истото писмо наведува дека Докос го обвинува без да ги спомене имињата на луѓето со кои се сретнал, а тие биле претежно членови на британската колонија во градот, освен членовите на конзуларниот кор Јастребов и Поповиќ. Што се однесува пак за обвинувањата на Пануријас, британскиот вицеконзул нагласил дека во Битола контактирал со членовите на евангелистичката мисија, но не и со некои кои би можеле да бидат обвинети за антигрчки активности. Шипли своето писмо го завршува со констатацијата дека "би можел учтиво да додадам дека не би требало да се бара од мене да ги набавувам информациите исклучиво само од грчки и турски извори. Постојат во Битола и влашка и бугарска заедница кои, секако, треба да се земат во предвид ако се сака точно да се оцени состојбата во овој град, а јас секогаш сум подготвен да ги сослушам нивните гледишта, но ова не значи, се осмелувам да додадам дека имам некој посебен непријателски став спрема хелинизмот"[112]. Ова објаснување на Шипли било пренесено и во Атина. Грчката влада тоа го прифаќа, бидејќи нема што да понуди како контрааргумент, но и заради зачувување на колку толку добрите односи со Лондон. Сепак реакцијата на Атина и на нејзините дипломатски претставници само ја покажува преокупираноста

[111] Британските конзули..., док. 97, Битола, 20 август 1888, с. 232

на Грција со Македонија и во случаи кои реално не можеле да ги погодат грчките интереси.

Целата афера со пронајдените писма и османлиските обвинувања кон Панурија̀с започнала да го добива својот крај. Атанасиос, секретарот на патријаршискиот митрополит во Костур бил ослободенод обвинувањата кои се темелеле на едно пронајдено писмо во куќата на Пихеон во кое пишувало дека sвоната во Костур постојано sвонеле , но немало одговор од Атина т.е. грчките училишта имале потреба од пари, но тие не пристигнувале од Атина[113]. Многу брзо и битолскиот валија, Рифат паша официјално ќе го прими Панурија̀с врз основа на наредбата од Портата[114]. Тоа значи дека и обвинувањата против грчкиот конзул повеќе не биле валидни. На некој начин приемот на Панурија̀с кај битолскиот валија значело мала грчка дипломатска победа. Задоволството од расплетот на настаните не било присутно само кај грчката влада туку и кај претствниците на грчката заедница во Македонија. Во таа насока пишувал и солунскиот весник на грчки јазик "Фарос тис Македонија"[115], весник во кој најчесто се изнесувале ставовите на грчката пропаганда. Во истиот весник бил изразено и задоволството од ослободувањето на претходно притворените солунски Грци-Кокос, Маос и Вовос бидејќи според авторот на статијата со тоа исчезнале сплетките на Апостол Маргарит[116].

Епизодата со битолскиот конзул завршила поволно за грчките интереси, но многу брзо Атина повторно била вознемирена од гласините за можноста Бугарите да добијат некои концесии во Македонија. Грчкиот амбасадор во Цариград презел чекори до тоа да не дојде. Тој на повеќе места во османлиската престолнина изјавил дека на штета на Османлиската држава ќе бидат сите концесии што ќе им бидат одобрени на Бугарите[117]. За среќа на Грците сите гласини за нови концесии на Бугарите биле само гласини. Османлиско-грчките односи започнале да одат во помирни води, но секоја нова провокација од било која страна можела лесно

---

[112] исто, с. 233-234
[113] ДАРМ,м-31, Turkey, n.1, Shipley-Blunt, Monastir, 9 july 1888
[114] ДАРМ,м-31, Turkey, n.1, Shipley-Blunt, Monastir, 6 august 1888
[115] ДАРМ,м-31, Turkey, n.1, Blunt-Salisbury, Salonica, 13 august 1888
[116] ДАРМ,м-160, Blunt-White, Salonica, 17 october 1888, FO 78/4118
[117] Граѓа за..., т. IV, кн. 3, док. 93, Цариград, 2 октомври 1888, с. 229

истите да ги врати на почеток. Тоа немало да биде дозволено од страна на големите сили, посебно Лондон.

Проблематичните односи помеѓу Атина и Цариград многу често биле поволна база за појава на разни шпекулации. Имено, италијанската влада изразила загриженост од појавата на гласини дека можело да избие востание во Македонија истовремено со излезот на грчката флота од поморските бази[118]. Официјален Лондон врз база на своите информации тоа го негирал. Тоа било точно. После целата криза со грчкиот конзул, која завршила поволно за Грција и релативно успешното разбивање на мрежата на грчките заговорнички комитети во Битолскиот вилает од страна на османлиските власти не било реално да се очекуваат немири во Македонија предизвикани од страна на Грците. Иако се говорело за испловување на грчката флота, тоа лесно можело да биде организирање на поголеми поморски маневри на грчката морнарица, која силно јакне во тој период. Во 1888 година Трикупис успеал да формира поморска академија во Атина под француско покровителство, а грчката флота беше засилена со три нови разурнувачи-"Специос","Хидра" и "Псарос"[119]. Точно е дека грчките конзули од Македонија испраќале неповолни извештаи за позицијата на елинизмот кои би можеле да бидат извор на информации за можни немири во Македонија. Сепак и овие извештаи не создале критична маса на револт во Грција со што прво би се поттикнале немири во Македонија, а потоа би следела и грчка интервенција, бидејќи самостојно грчката заедница во оваа османлиска област немала капацитет да подигне востание. Следниов пример може да послужи како доказ за расположението кое преовладувало во Атина. Во почетокот на октомври 1888 година некои атински весници посветиле внимание на настанот во кој група на луѓе го пречекале кралот на дворот од железничката станица со цел да направат демонстрација во полза на анексија на Македонија кон Грција[120]. Провладиниот "Неа Ефимерис" по повод овој настан пишувал дека Македонците, под што авторот на текстот подразбирал Грци, почувствувале потреба да протестираат против бугарските акции во Маке-

[118] ДАРМ,м-162, Salisbury-kennedy, Foreign office, 24 september 1888, FO 287/13
[119] A. Mazarakis-Ainian, Memoires, Thessaloniki, 1979, p. 16
[120] ДАРМ,м-162, Des Graz-Salisbury, Athenes, 11 october 1888, FO 287/13

донија, токму во моментот кога кралот излегувал од железничката станица со цел да предизвикаат радост "кај браќата кои се под ропство, бидејќи кралот стоел на чело на сите грчки аспирации"[121]. Овој потег на емигрантите од Македонија, кои живееле во Атина немал скоро никаков одглас ниту во Грција. Според грчки извори на овој собир имало помеѓу 200 и 1000 луѓе, а според британскиот дипломат де Грац нивниот број не бил поголем од 60 и воопшто не биле гласни[122].

Грчките политичари наместо предизвикување на немири во Македонија биле заинтерсирани за веќе долгоочекуваното поврзување на грчките со османлиските железници. Ова прашање било поставено и на редовната седница на грчкиот парламент. Тогаш кралот Георгиос ја поздравил силната определеност на грчката влада да направи железничка пруга до Македонија, која би се поврзала со линијата Солун-Белград бидејќи центарот на трговијата и престолнината Атина треба да бидат поврзани со останатиот свет[123]. Во таа насока грчкото пратеништво правело големи напори да добие од Портата врска со грчките железници, но за тоа, гледаме, подолго време немало големо расположение во Цариград. Во османлиската престолнина постојано заклучувале дека железничкото поврзување би било штетно и на економски и на политички план за османлиските интереси[124]. Меѓутоа, владата во Цариград никогаш не рекла дека била решително против железничкото поврзува со Грција, која имала легитимно право тоа да го бара, бидејќи Османлиската држава и била единствениот сосед и само преку нејзина територија копнено можела да се поврзе со остатокот од Европа. Цариград не ги прекинал преговорите со грчката влада. Портата, најверојатно знаејќи го грчкиот одговор, ја оставила отворена можноста да дојде до железничко поврзување помеѓу двете земји и тоа кај Серфице, но тоа не било прифатено од Атина[125]. Одбивањето на Атина било логично, бидејќи линијата преку Серфице би водела кон Битола, а не кон Солун што било од интерес за Грција и од економски заради поблиското поврзување со Европа и значењето на

---

[121] исто
[122] исто
[123] Граѓа за..., т. IV, кн. 3, док. 105, Цариград, 19 октомври 1888, с. 251
[124] Граѓа за..., т. IV, кн. 3, док. прилог105, Цариград, 1 ноември 1888, с. 253
[125] ДАРМ,м-31, Turkey, п. 1, Monson-Salisbury, Athens, 19 january 1889

солунското пристаниште, но и од политички и воени причини заради стратешката позиција на Солун. Можноста за железничко поврзување помеѓу Грција и Османлиската држава била реално мала . Тоа сепак не ги обесхрабрувало владините кругови во Атина да инвестираат во развојот на железничката инфраструктура во земјата со надеж дека еден ден ќе дојде до толку посакуваното поврзување, а понатаму и до искористување на железницата во политички цели. Кон крајот на март 1889 година во грчкиот Парламет на четири последователни седници се разговарало околу железничкото поврзување со северниот сосед[126]. Притоа била договорена инвестиција од 80 000 000 франци за линијата Пиреја-Лариса. На ова се спротиставувала опозицијата со образложение дека државата не располагала со доволно финансиски средства, а и Портата не давала согласност за поврзување на двете железници. Опозицијата била во право.

Напоменавме дека британскиот конзул во Солун по повод грчките обвинувања за наводната негова помош на австриското делување и на романската пропаганда изјавил дека единствено за што можел да биде сомнителен кај Грците било неговото собирање на податоци за етнографијата на Македонија заедно со својот романски колега. Токму објавувањето на овие податоци било крајно неповолно за грчките интереси. Велиме неповолно, бидејќи бројот на Грците бил значително помал од очекувањата на Атина. Имено, иако статистичките податоци се однесувале само на Солунскиот вилает, каде според мислењето на Атина доминирал грчкиот елемент и затоа припаѓал на зоната која би требало да и припадне на Грција, сепак резултатите на Блант биле разочарувачки, но најверојатно пореални. Во Солунскиот вилает според податоците на Блант имале околу 975 000 луѓе од кои 447 000 муслимани, 485 000 христијани и 43 000 Евреи [127]. Од вкупниот број на христијанското население бројот на Грците изнесувал 161 000. Блант дава и свое мислење кои региони од Солунскиот вилает можеле да се сметаат за грчки. Според него, областите околу Солун, Бер, Халкидик и Атос, како и 2/3 од областите Лангада, Серес и Зихна можеле да се сметаат за грчки, а останатите биле, според него,

[126] B. Gounaris, Greco-turkish..., p. 322
[127] Британски дипломатически..., док. 94, Солун, 8 декември 1888, с. 277

бугарски[128]. Тоа значи дека повеќе од половина од територијата под линијата Охрид-Битола-Крушево-Демир Капија-Стру-мица- Мелник-Неврокоп, која во Атина беше сметана како чиста грчка зона, според податоците на Блант всушност беше со мнозинско негрчко население, а тоа било точно.

Скоро во истовреме српскиот конзул од Солун, Карастојановиќ, испратил извештај за бројот на населението во Македонија, кој во делот за Солунскиот вилает се разликува од оној на Блант. Српскиот конзул потенцирајќи го тврдењето на Грците дека Македонија секогаш била нивна и должност на Грците била таа област да се соедини со Грција зошто во неа жителите говорат грчки, а грчката народност била сочувана, дава податоци кои говорат дека Македонија воопшто не била грчка. Според неговите статистички податоци во Македонија имало 2 498 280 жители, од кои вкупниот број на Грците изнесувал 70 000 и тоа само во Солунскиот и Битолскиот вилает[129]. За разлика од Грците тој во посебни графи ги става Македонците и Власите кои ја признавале јурисдикцијата на Патријаршијата. Нема никаво сомнениние дека овој статистички документ имал за цел да послужи на српските интереси, но интересен е заради постојаните грчко-српско контакти околу Македонија и неможноста двете страни да се договорат за поделба на истата на интересни сфери. Немаме податоци дали грчките дипломати биле запознаени со овој документ на српскиот конзул, но во Атина преку печатот веќе се признавало дека не само Бугарија, туку и одредени политички кругови во Србија, со која многумина мислеле дека полесно би се постигнал договор околу Македонија, имале претензии кон Солун, кој се сметал само за грчки град. Така во атинскиот весник "Акрополис" се појавил напис во кој покрај фалбите за Србија се нагласува дека таму постоеле политичари кои гаат претензии не само кон северните делови на Македонија, туку и кон "грчките брегови на егејското море"[130], со оправдување дека Србија не можела да преживее без излез на Егејот. Со овие написи на некој начин се покажува дека во Атина почнуваат да сфаќаат дека и со Србите ќе оди тешко околу договорот за

---

[128] исто
[129] Граѓа за..., т. IV, кн. 3, док. 138, Солун, 6 февруари 1889, с. 345
[130] Граѓа за..., т. IV, кн. 3, док. 137, Солун, 5 февруари 1889, с. 341

поделба на Македонија на интересни сфери. Србија после потпишаната конвенција со Австро-Унгарија од 1881 година немала дуг излез освен да бара делови од Македонија, а за таа цел и ја засилила својата пропаганда. Судирот на интересите и на пропагандите на двете држави не можел да се избегне колку и да се тврдело дека двете страни лесно ќе ги надминат разликите. Сепак се работело за аспирации кон стратегиски важна и економски богата област. Тоа што Грција и нејзините дипломатски претставници во Македонија повремено ќе покажуваат интерес за спогодување со Србите се должеше на стравот од, во еден период активноста на егзархиските кругови, а подоцна и од појавата и развојот на македонскоот ослободително движење. Истото се однесува и за делувањето на патријаршиските претставници.

Написите во весниците во кои полека започнува и Србија и нејзините интереси и претензии да се прикажуваат како опасни за елинизмот никако нема да значат заборавање на бугарските делувања во Македонија. Грчкиот конзул во Солун, Докос, во еден извештај од март 1889 година заклучил дека најголемата опасност по интересите на елинизмот во Македонија не доаѓа од католичката пропаганда т.е. Виена, туку од, како што тој се искажува, бугарскиот фактор кој што со помош на големите материјални средства успеал да ги принуди унијатите да ја признаат Егзархијата[131].

Проблемите кои ги направил Панурijас со целото свое делување како грчки конзул, а посебно со веќе споменатите настани во 1888 година имале влијание врз однесувањето на османлиските локални власти кон него. Атинската влада, иако задоволна од резултатите на кризата во односите со Портата во 1888 година била свесна дека прашање на време е кога ќе мора да го замени својот конзул во Битола со личност која би имала поголем углед кај локалните власти. Тоа било направено во мај 1889 година со замената на некои од грчките конзули во Македонија. Така нов грчки конзул во Скопје станал Бецос, а Панурijас[132] бил заменет со Фонтана, кој бил италијанец по потекло. Тој веднаш ставил до знаење дека

---

[131] К. Βακαλοπουλου, Ο βορειος..., σ. 203

[132] Панурijас бил назначен за нов грчки конзул во Таганрог, Русија. (ДАРМ,м-161, Blunt-Salisbury, Salonica, 8 may 1889, FO 78/4216)

сака добри односи со локалните османлиски власти со цел да се надмине меѓусебната недоверба од времето на неговиот претходник[133]. Треба да се забележи дека многу брзо по заминувањето на Пануријас и дотогашниот битолски валија, Рифат паша бил испратен на нова должност во Измир. Оваа постапка на централната османлиска власт во Атина била позитивно оценета со толкување дека официјален Цариград покажал дека го цени потегот на грчката влада со замената на проблематичниот конзул Пануријас и тоа било јасен показател во насока на подобрување на односите помеѓу двете држави[134].

Новиот грчки конзул во Битола настојувал исто така да покаже дека бил спремен да ги подржи некои од српските аспирации, иако во Атина се повеќе со голема доза на внимателност се гледаше на српските аспирации и делувања во Македонија. Така неговиот српски конзул Манојловиќ во еден извештај до своите претпоставени тврди дека патријаршискиот митрополит Неофит, според неговото признание, добил наредба од Цариград да ги подржи српските барања за отворање на училиште на српски јазик и во таа насока ќе се ангажирал и грчкиот конзул Фонтана[135]. Оваа подршка на српските барања на локално ниво не била случајна. Покрај константните недоразбирања со Егзархијата во битолскиот регион грчката пропаганда имала се повеќе проблеми со романската пропаганда, а посебно со нејзиниот најистурен претставник, Апостол Маргарит. Тоа посебно се однесувало на прашањето за употребата на влашкот јазик во црквата, работа што Грците не можеле да ја поднесат[136]. Токму од тие причини била најавена подршка на Србите. Грците морале да имаат некого на своја страна, а и не сакале да имаат уште еден непријател на својата пропаганда. Сепак, не мало влијание врз оваа понуда на Грците, која била неискрена, има и уверувањето кое владеело кај претставниците на грчката пропаганда, но и во Атина дека српските позиции во овој дел од Македонија не биле силни. Во спротивно не би била понудена помош на српската пропаганда, посебно не во Битола,

---

[133] исто
[134] ДАРМ,м-31, Turkey, n. 1, Monson-Salisbury, Athens, 3 june 1889
[135] Граѓа за..., т. IV, кн. 3, док. 192, Битола, 5 јули 1889, с. 478
[136] Граѓа за..., т. IV, кн. 3, док. 234, Битола, 25 септември 1889, с. 587

која била сметана како дел од грчката интересна зона. На крајот оваа понуда нема да биде реализирана.

Грчката војска, која постојано била модернизирана започнала се почесто да врши воени маневри со цел да ја подобри својата подготвеност. Тие маневри редовно биле следени од дипломатскиот кор, а посебно од османлискиот амбасадор. Многу често за време на одржувањето на воените вежби имало разговори помеѓу странските дипломати и грчките политичари на кои неретко биле искажувани ставови кои ги покажувле грчките намери во иднината. Така за време на вежбите на грчката морнарица одржани во мај 1889 година британскиот амбасадор имал разговор со грчкиот премиер и воедно воен министер, Трикупис, кој отворено говорел за потребата на Грција, и покрај финансиските проблеми, да има силна и подготвена војска со цел кога ќе дојде време територијално да се прошири[137]. Трикупис особено бил задоволен со набавката на трите разурнувачи од Франција со кои, според него, иако тоа го кажал во скриена форма, грчката морнарица ќе биде доволно силна за да го спречи транспортот на османлиските трупи кон Солун и на тој начин заземањето на Епир, Албанија и Македонија од страна на грчката војска ќе биде олеснето[138]. Меѓутоа во Атина имало и политичари[139] кои не се согласувале со потезите на Трикупис и подршката на наоружувањето нагрчката војска, која ја давале сокро сите порелевантни политички фактори во земјата без разлика дали се на власт или пак во опозиција. Противниците на наоружувањето сметале дека истото се прави без потреба и само ја отежнува и онака незавидната економска состојба на земјата. Според нивното уверување, Грција била толку мала, слаба и сиромашна држава и затоа нејзиното територијално проширување зависи од наклонетоста на големите сили. Доколку истите решат тогаш со силата на нивната одлука ќе дојде до проширување на Грција, а во спротивно безначајната грчка војска нема да може да ги освои посакуваните земји[140]. Затоа

---

[137] ДАРМ,м-162, Monson-Salisbury, Athens, 27 may 1889, FO, 32/607

[138] исто

[139] исто(Монсон известува дека разговарал со еден од нив, но не го дава неговото име, туку говори за неговите и нивните погледи по темата на вооружувањето на војската со цел да се добијат нови територии)

[140] исто

сите напори во насока на зајакнување на војската само и штетат на грчката држава, бидејќи сите набавки се вршат со заеми кои се повеќе ја преоптоваруваат економијата. Оваа група на луѓе беше во малцинство и без некое влијание во земјата, дури и обидите на некои од нив да го наговорат или да му укажат на кралот за штетноста на оваа политика останувале без резултати. Тие мислења биле сметани за "застарени и непатриотски"[141]. Размислувањата на малата група неистомисленици на официјалната грчка политика не биле неточни.

Јавноста во Грција, не само политичката, на почетокот на Јули 1889 година била разбранувана од една изјава на Трикупис за еден британски весник. Грчкиот премиер наводно изјавил дека "....кога ќе дојде големата војна, која ќе се оствари за 3, 5 или 8 години, Македонија ќе стане или грчка или бугарска, според тоа кој ќе победи. Ако ја добијат Бугарите не се сомневам дека за неколку години ќе бидат способни да го словенизираат населението да тесалиските граници. Ако ја добиеме ние сите ќе ги направиме Грци до Источна Румелија"[142]. Пренесувањето на оваа изјава во Атина предизвикало лавина од реакции и критики упатени на сметка на Трикупис. Проблемот се состоел во можноста Бугарија да ја добие цела Македонија. Сепак тој ја демантира дадената изјава. Во неговиот разговор со британскиот дипломат Монсон, грчкиот премиер истакнал дека воопшто не се сеќава кога дал интервју за весникот "Manchester Guardian". Тој, според Монсон, не примал странски новинари, а во врска со написот во манчестерскиот весник веднаш испратил демант во владиниот весник "Палингенисија" во кој сите наводи изнесени во британскиот весник ги нарекол фантазии[143]. Тој исто така му објаснил на британскиот дипломат дека северна Македонија, според неговото мислење е скоро целосно словенска, а јужниот дел бил целосно грчки. Во случај на нејзина поделба тие делови така и ќе останат, но постои и централна зона во која ниту еден од двата елементи не бил доминантен и веројатно ќе припадне на тој што прв ќе го освои[144]. Трикупис всушност ги повторил веќе познатите тези на

---

[141] исто
[142] Р. Поплазаров, Грчката политика ..., с. 23-24
[143] ДАРМ,м-162, Monson-Salisbury, Athens, 19 july 1889, FO, 32/607
[144] исто

грчките политичари за поделба на Македонија на два дела од кој поголемиот би припаднал на Грција. Трикупис знаел дека британскиот дипломат бил добро запознаен со оваа грчка теза, но неговата цел била да покаже дека тој не дал изјава, ниту пак имал таков став во однос на Македонија, како што е прикажано во манчестерскиот весник. Од своја страна пак британскиот дипломатски службеник како можен извор за проблемите на Трикупис го Лоцира Артур Еванс, кој скоро боравел во Атина[145]. Не можеме да тврдиме дали Трикупис ја дал или пак не ја дал оваа изјава, но треба да се има предвид дека давањето на изјави во однос на Македонија во кои се нагласува можноста истата целосно да потпадне под бугарска власт би било контрапродуктивно за било кој грчки политичар без разлика на неговото влијание и репутација во Грција. Сликата која во Грција владеела за Македонија и која била искривена не давала простор за било какви изјави кои не го имаат предвид, според нивните гледишта, грчкиот карактер на Македонија.

Разните вести кои пристигнувале во Грција во овој период продолжувале да предизвикуваат интерес, но и деманти. Една вест на агенција "Хавас" предизвикала внимание, сега, кај амбасадорите на големите сили во Атина. Имено, според извештајот на оваа новинска агенција Бугарија наводно испратила предлог до грчката влада за поделба на Македонија[146]. Овие наводи на "Хавас" биле веднаш демантирани од грчкиот министер за надворешни работи, Драгумис со напомена дека за тоа прашање се разговарало за време на посетата на Батенберг на Атина во 1883 година кога тогашниот бугарски кнез му изложил еден таков предлог на грчкиот крал со цел Бугарија да излезе на море, но не преку Солун, туку преку Кавала, бидејќи спред мислењето на грчкиот министер тогаш Софија не била заинтересирана за Солун. Предлогот бил одбиен од грчката влада,

---

[145] исто(Артур Еванс во еден свој напис во лондонски"Тајмс"од 5 октомври 1903година, пишувајќи за бројноста и територијалната распространтост на грчкото населние во Македонија запишал "покојниот Трикупис, колку што знам, ги гледаше нештата многу појасно. Тој добро си правеше сметка дека со исклучок на една тесна ивица на југ и неколку распрснати центри без поголема важност во внатрешноста на провинцијата, грчкиот елемент нема вистинско влијание во Македонија".- Английския печат за Илинденско-преображенското въстание, София, 1998 , д. 69, с. 272)

[146] ДАРМ,м-162, Monson-Salisbury, Athens, 9 october 1889, FO 32/608

бидејќи Атина не можела да се согласи со отстапување на областа околу Кавала каде грчкиот елемент преовладувал[147].

Информацијата на "Хавас" беше можност за Трикупис повторно да ги изложи своите гледишта за Македонија и евентуланата нејзина поделба помеѓу Грција и Бугарија. Тој во разговорот со Монсон изјавил дека имало места во Македонија каде двата елемента[148] биле толку измешани што скоро било невозможно да се повлече линија за разграничување и одредување кој дел би го добила Грција, а кој Бугарија. Грција, според неговото мислење била заинтересирана што побрзо да се договори околу поделбата на Македонија, бидејќи грчкиот елемент во областа не се зголемувал со исто темпо како и словенскиот, во кој семејствата за еден до два пати се побројни од грчките[149], но таа тенденција во крајбрежјето сепак не била толку видлива, а тоа е позитивно за Грците.

Разните грчки асоцијации од Османлиската држава многу често испраќале предлози до грчката влада за заедничка соработка и делување. На почетокот на 1890 година образовното и филантропското братство од Цариград и упатил меморандум на грчката влада со кој била понудена соработка. Меморандумот бил барање за заедничка работа на образовно поле во како што се наведува "неослободените области"[150] со молба акциите да се водат од еден центар. Авторите на меморандумот пред-лагале:1) грчката влада да ги наименува главните луѓе, но при тоа требало да се слуша и мислењето на османлиските Грци, чијшто единствен претставник била Патријаршијата; 2)центар на делувањето да биде Цариград каде биле седиштата на Патријаршијата и на грчката амбасада; 3) двата фактора на елинизмот-Патријаршијата и грчката влада се должни да соработуваат во интерес на заедничката цел; 4) борбата треба да се води со помош на патријаршиските привилегии, османлиските закони и меѓународните акти и 5) Комитетот за подршка на грчката црква и образование и цариградското братство ќе соработуваат и ќе раководат со средствата одобрени од

---

[147] исто

[148] во разговорот Трикупис кога говори за македонското словенско население, кое не е под јурисдикција на Патријаршијата го именува истото како бугарско.(ДАРМ,м-162, Monson-Salisbury, Athens, 12 october 1889, FO 32/608)

[149] исто

[150] Е. Μπελια, Εκπαιδευση..., σ. 98

грчката држава[151]. Самото праќање на меморандумот јасно покажува од каде не само што доаѓала помошта за разните грчки пропагандни здруженија, туку и кој ја раководел пропагандната активност на истите здруженија, секако не занемарувајќи ја улогата на Патријаршијата. Во насока на овој меморандум треба да се има предвид дека помошта што ја давала атинската влада на разните грчки пропагандни друштва не била безусловна. Имено, за да се добие помош од атинската влада требало: 1) останување на општините под црковна јурисдикција на Патријаршијата; 2) идеолошко привлекување и задржување на општините со, според грчките гледишта, нестабилна етничка и религиозна свест и 3) предност имале посиромашните општини, но тоа не значело дека и побогатите немале да добијат помош[152]. Овие услови не биле случајни. Со нив се барало не само добивање на материјални средства, туку истите да бидат заслужени, а со тоа самите општини биле терани да покажат поголема активност на полето на пропагандното делување, бидејќи во спротивно немале да добијат помош.

Потребата на Србија од подршка на Атина кај цариградскиот патријарх за поголем успех на српската пропаганда во Македонија била причина нејзиниот дипломатски пратеник во османлиската престолнина, Новаковиќ да и предложи на својата влада да почне преговори за добивање на помош од страна на грчката влада[153]. Новаковиќ бил сосема во право. Без разлика што повремено имало проблеми во односите помеѓу Патријаршијата и грчката влада, сепак гласот на Атина, ако не решавачки тогаш бил мошне влијателен. Србите имале и причина да бараат спогодба со Атина. Во Скопје, кое во Белград било сметано како град во српската интересна сфера, тамошната многу мала грчко-влашка заедница правела проблеми околу делувањето на српските учители. Новаковиќ овој проблем за српските интереси му го соопштил на грчкиот амбасадор во Цариград, Маврокордатос, кој ветил дека ќе го изложи проблемот пред Синодот на Патријаршијата и ќе ги подржи српските барања. Состанокот на кој грчкиот пратеник требал да ги соопшти српските поплаки не се одржал на-

[151] исто
[152] исто. с. 101
[153] Граѓа за..., т. V, кн. 1, Белград, 1988, док. 21, Цариград, 24 јануари 1890, с. 60

водно заради отсуство на Патријархот[154]. Такво било објаснувањето на Маврокордатос, но во Скопје грчкиот конзул имал подруго објаснување околу делувањето и однесувањето на грчко-влашката заедница во градот. Карић, српскиот конзул во Скопје во разговорот со грчкиот скопски конзул истакнал дека градската православна општина се состоела од Срби и Грци и затоа истата, освен за грчките требала да се грижи и за српските интереси. На ова Струнарис одговорил дека"во општината има малку Грци, но има многу погрчени Власи и две до три куќи Бугари. За нив постои и грчко училиште. Во црквата се врши некоја комедија, се пее и чита на грчки и словенски, но ние мора да се потрудиме да се пее и чита само на грчки...Јас отворено ви кажувам дека ние Грците тука немаме никакви политички интереси, а вие и сами видовте на етнографската карта дека Скопје отпаѓа од грчките претензии, но ние тука сакаме да создадеме една цврста колонија...На крајот нам тука ни треба колонија доколку дојде до пресметка, зошто ако вие речете Србите имаат своја колонија и учи-лиште во Битола, ние ќе кажеме дека имаме своја во Скопје. Тука, значи, љубов нема"[155]. Ставот на грчкиот конзул најдобро ја отсликува позицијата на Грција во однос на можните преговарања и договарања со Србија. Впрочем Скопје е многу посеверно од линијата која во Атина била сметана за максимум на грчките аспирации во Македонија, но било добро како адут во можните преговори.

При крајот на февруари 1890 година грчкиот и српскиот пратеник во османлиската престолнина се договориле да побараат инструкции од своите влади за преговори за заедничко делување во Македонија. Интересно е што Маврокордатос во едно писмо до својата влада се искажал во полза на заедничко делување со Србите во Македонија, но истото може да биде преурането доколку претходно не биде постигната спогодба за граници на интересните сфери[156]. Тој едноставно укажувал дека мораат да бидат ограничени српските аспирации во Македонија, барем во оние делови кои Атина ги сметала за грчки, бидејќи постоела опасност за грч-

[154] исто, док. 37, Цариград, 6 февруари 1890, с. 98
[155] исто, док. 54, Скопје, 21 февруари 1890, с. 137
[156] ΑΥΕ, Πρεσβια Κωνσταντινουπολη, 1890, Μαυροκορδατος–Δραγουμην, Κωνσταντινουπολε ι, 23 μαρτιου 1890

ките интереси од проширувањето на српската пропаганда која можела да ја користи блискоста на српскиот јазик со оној на македонското словенско население, кое и во оние делови кои Атина ги сметаше за чисто грчки беше најмногубројна христијанска група.

Додека траеле обидите да отпочнат грчко-српските преговори околу Македонија доаѓа до мало затегнување во односите помеѓу Атина и Цариград. Османлиските власти биле загрижени од антиосманлиските написи во атинските весници[157], а тоа веќе било на некој начин вообичаено да се прочита во Атина. Тие написи, според османлиските власти, можеле да предизвикаат појава на бандитизам и проблеми на границата. Кон ова треба да се додат и постојаните извештаи за грчки воени маневри во Тесалија. Многу загрижувачко за Портата била и пронајдената документација во Бер во која имало прилог од антиосманлиските написи во атинскиот печат[158]. Сепак после спроведената истрага се покажало дека документацијата била направена од внукот на берскиот митрополит со цел да биде искомпромитирана групата која била против патријаршискиот великодостојник[159]. И покрај се проблемот со можноста за навлегување на чети од грчка територија останал отворен така што ја принудил Портата да испрати дополнителни сили на границата. Во Атина во владините кругови за разлика од новинарските, имало подруги размислувања за односите со соседот. Владата на Трикупис во тој момент немала потреба да ги заострува односите со Цариград и затоа делувала во тој правец. Кога станувало збор за навлегување на разбојнички чети од Грција на османлиска територија, Атина ги известувала локалните османлиски власти за истото.

Разговорите на Маврокордатос и Новаковиќ, околу можноста за почеток на преговори за заедничко делување во Македонија, воопшто не и пречеше на грчката страна да продолжи со делувањето во Скопје, кое не било многу пријателско кон Србија. Српскиот амбасадор во османлиската престолнина во однос на настаните во Скопје сметал дека движењето било

---

[157] ДАРМ,м-156, Blunt-White, Salonica, 26 february 1890, FO 78/4287
[158] исто
[159] ДАРМ,м-156, Blunt-White, Salonica, 3april 1890, FO 78/4287

насочено од Атина[160]. Затоа тој побарал средба со својот грчки колега Маврокордатос, но заради отсатноста на Маврокордатос, Новаковиќ се сретнал со еден од неговите блиски соработници. Соработникот на грчкиот пратеник делувал многу расположено за српските поплаки и слично како и неговиот шеф бил подготвен да разговара за нив. Грчкиот дипломат му ветил на српскиот пратеник дека амбасадата на Грицији ќе се заложи кај Патријаршијата за надминување на недоразбирањата во Скопје, притоа признавајќи дека во Атина била дадена наредба работите во Македонија да се раздвижат и заради тоа било можно во северниот македонски град да дојде до многу ревносно реагирање на грчката заедница[161]. Новаковиќ бил сосема во право кога како наредбодавец на делувањето на грчко-влашката заедница во Скопје ја посочил Атина, која пак и покрај уверувањата на службеникот на грчката амбасада дека можеби било реагирано премногу ревносно во Скопје, сепак делувањето во овој македонски град ако сакала можела да го попречи. Зошто тоа не го направила најдобро го објаснил нејзиниот конзул во Скопје во погоре наведениот разговор со неговиот српски колега.

Проблемите кои се јавиле во односите помеѓу грчката и српската пропаганда во Скопје за кратко ќе бидат заборавени заради опасноста по интересите на двете страни која произлегла од давањето на везирското тескере на Теодосиј Гологанов да замине за Скопје со цел да изврши осветување на некои цркви и посветување на некои свештенинци и да се врати во Цариград[162]. Тоа се случило на 15 март 1890 година. Маврокордатос и Новаковиќ веднаш реагирале и заедно го посетиле рускиот амбасадор во Цариград, Нелидов со цел да го известат за новонастанатата ситуација. Посетата на рускиот амбасадор не била случајна. Русија се противела на издавањето на бератите во тој период. Паралелно со делувањето во османлиската престолнина, Маврокордатос презел чекори и во Македонија. Грчкиот амбасадор испратил инструкции до конзулот во Солун, Докос со цел

[160] Граѓа за..., т. V, кн. 1, док. 85, Цариград, 23 март 1890, с. 209
[161] исто
[162] На почетокот на 1890 година егзархот Јосиф побарал од султанот добивање на берати. Портата се нашла под притисок и на Бугарија, но и на Србија и Грција по ова прашање. Таа на некој начин направила компромис кога му издала тескере на Теодосиј со цел да не

овој да преземе активности против доаѓањето на Теодосиј во Солун како попатна станица за Скопје. Неговата реакција се покажала како задоцнета. Докос во разговорот со српскиот конзул, Христиќ отворено изјавил дека ништо не може да направи против Теодосиј, бидејќи овој тајно пристигнал во Солун и брзо го напуштил градот[163]. Сепак, грчкиот конзул воопшто не бил зачуден од доаѓањето на Теодосија, бидејќи уште од 1884 година имало обид за поставување на егзархиски митрополити што првично било дозволено, но после големиот грчки притисок решението било повлечено од страна на Портата[164]. Грчкиот конзул исто така му рекол на Христиќ дека Грците во Скопје биле слаби нешто да направат против доаѓањето на Теодосиј и се интересирал колку била моќна српската страна да одговори на проблемот. Токму во Скопје грчкиот конзул, Струнарис, според извештајот на Кариќ, првично глумел ладнокрвност околу доаѓањето на Теодосиј и бил на став дека неговото доаѓање не ги тангира толку грчките колку српските интереси, иако не сакал да поверува дека егзархискиот свештеник пристигнал во градот[165]. Сепак, неговиот став дека доаѓањето на Теодосиј повеќе им штети на српските отколку на грчките интерси бил повеќе израз на слабост и неснаоѓање во даденият момент.

Многу брзо истиот Струнарис почнал на претставниците на грковлашката заедница да им сугерира да го остават спорот со Србите на страна. Тој истовремено не излегувал од скопската митрополија каде вршел притисок врз патријаршискиот митрополит Паисиј, кој по потекло бил Македонец од Кукуш, со цел овој да побара од Патријаршијата да изврши притисок врз валијата да му забрани на Теодосиј да врши било каква црковна служба[166]. Овој негов ангажман најдобро покажува дека и грчките интереси биле загрозени, не толку во Скопје колку од можноста исти такви тескериња да бидат одобрени од Портата и за оние места во Македонија кон кои Грција имала аспирации. Струнарис дури побарал

издаде берати во тој момент, но и да не ги офрли во потполност бугарските барања, (С. Димевски, Митрополит скопски..., с. 72)

[163] Граѓа за..., т. V, кн. 1, док. 90, Солун, 25 март 1890, с.217

[164] исто

[165] исто, док. 91, Скопје, 27 март 1890, с. 218

[166] исто, с. 220

информација од српскиот конзул во Скопје околу чекорите што тој ги презел против Теодосиј. Според грчкиот конзул, доаѓањето на Теодосиј шкодело и на српските интереси и затоа Грците и Србите требале братски да делуваат , а тоа посебно се однесувало на преставниците на двете држави во Цариград[167]. Меѓутоа активноста на грчкиот конзул против Теодосиј не донела целосен успех. Имено, Теодосиј не бил попречен да одржи богослужба. Грчкиот конзул вината за одржаната богослужба ја барал на друга страна. Струнарис го обвинил патријаршискиот митрополит Паисиј, кој не успеал да издејствува забрана од страна на валијата за богослужбата на Теодосиј [168].

Скоро истовремено со доаѓањето на Теодосиј во Скопје, бугарската влада му наложила на својот агент во Цариград, В'лкович да замине за Атина[169]. Целта на посетата на В'лкович на грчката престолнина била да ги дознае намерите на атинската влада околу Крит и да ја изрази подршката на официјална Софија во тој правец. Изборот на В'лкович не бил случаен. Тој бил член на бугарската делегација, која на чело со тогашниот кнез Батенберг, во 1883 година ја посетила Атина при што тогаш се запознал со Трикупис[170]. Заминувањето на В'лкович за Атина не можело да не предизвика интерес кај дипломатите на европските сили, но и кај Србите. Иако бугарскиот печат тврдел дека посетата немала никакви политички цели, сепак конзулите на големите сили морале да добијат појаснување од Стамболов околу целите на посетата посебно дали истата била насочена против трета страна, поточно Османлиската држава[171]. Исто така и српскиот пратеник во османлиската престолнина појавил интерес за посетата на В'лкович на Атина. Со цел да добие некои информации за целите на посетата на бугарскиот дипломат тој се сретнал со Маврокордатос. Одговрот на грчкиот пратеник бил дека Влкович сакал да добие информации за грчкото законодавство, но и имал и приватни цели за посетата на Атина. Новаковиќ во својот извештај до српското министерство за

---

[167] исто, док. 94, Скопје, 30 март 1890, с. 224
[168] исто, док. 96, Скопје, 4 април 1890, с. 228
[169] Външната политика на България , т. 3, ч.1, София 1995, док. 285, София, 1 март 1890, с. 424
[170] Андрей Пантев Мисията на Георги Вълкович в Атина (март-април 1890) според английски архивни източници, Исторически преглед, XXVI/6, София, 1970, с. 8

надворешни работи го изнел и своето мислење во однос на гласините дека за време на посетата на Влкович на Атина ќе се разговара за сојуз меѓу Бугарија и Грција. Според него тоа не било можно посебно по настаните во Источна Румелија и односите на двете пропаганди во Македонија[172]. Уверувањето на Новаковиќ ќе се покаже точно.

Содржините на разговорот помеѓу грчкиот премиер, Трикупис и В'лкович не останале тајна за британската дипломатија. Извор на информацијата бил Трикупис. Според неговото кажување В'лкович нагласил дека неговата влада немала да гледа со негодување на можната анексија на Крит кон Грција како најдобро решение на проблемот. Сепак тој се интересирал и за расположението на Атина за соработка и приближување на двете држави, како и за можноста за прием на бугарски дипломатски агент во Атина[173]. Трикупис, според неговите искажувања, одговорил дека Грција во следните неколку години не би правела ништо против владеењето на султанот врз земјите кои му останале на Балканот, посебно Албанија, Македонија и Епир. Според неговото мислење, присуството на Османлиите било неопходно заради избегнување на надворешна интервенција. Тој понатаму му појаснил на бугарскиот гостин зошто Грција била позитивно расположена за понатамошно османлиско присуство во регионот. Крит, нагласил Трикупис, бил целосно грчки и ниту една христијанска нација нема да претрпи штета доколку тој биде анектиран од Грција, но затоа грчкиот елемент беше целосно изгубен при анексијата на Источна Румелија кон Бугарија и тука не би требало да се прават никакви споредби[174]. Што се однесува до можноста да дојде до приближување помеѓу двете земји, Трикупис потенцирал дека етничките проблеми од мешањето на како што се изразил Грците и Бугарите во областите кои сеуште се под османлиска власт не би требале да претставуваат ненадминлива пречка во насока на приближување помеѓу Атина и Софија и секако не пропуштил да го нагласи грчкиот интерес за егејскиот брег[175]. Тоа требало да биде доволен знак за В'лкович до каде Грците биле готови да прават

---

[171] истиот, Англия срещу Русия на Балканите, София, 1972, с. 250
[172] Граѓа за..., т. V, кн. 1, док. 92, Цариград, 28 март 1890, с. 221
[173] ДАРМ,м-165, Monson-Salisbury, Athens, 19 april 1890, FO 32/617
[174] исто
[175] исто

компромис. Трикупис во поглед на можноста за праќање на бугарски дипломатски агент во Атина ја нагласил можноста истото да се случи, но тој не би можел да биде примен како останатите дипломати, бидејќи Бугарија не била независна држава[176]. Трикупис за момент како да заборавил дека токму В'лкович беше дел од бугарската делегација во 1883 година кога кнезот Батенберг во Атине беше дочекан како владетел на независна држава, а самиот грчки премиер ги водеше главните разговори со бугарските гости. Меѓутоа со самото напоменување на можната позиција на бугарскиот агент во Атина, грчкиот премиер јасно ставил до знаење дека неговата влада не била многу расположена за поблиска соработка со Софија, вклучувајќи го и приемот на бугарскиот агент. Нерасположението на Грција за поблиски односи со Бугарија го потврдил и Маврокордатос во разговорот со Новаковиќ кога нагласил дека Атина не била расположена за никакви врски со тогашната бугарска влада, ниту пак имала намера да го признае Егзархот[177]. Истото го констатирал и австроунгарскиот министер за надворешни работи Калноки во неговиот разговор со британскиот амбасадор во Виена, темелејќи го своето уверување на преголемата конфликтност на грчките и бугарските интереси во Македонија[178]. Веќе напоменавме дека Трикупис пред британскиот дипломатски претставник во Атина ги открил деталите од разговорите со В'лкович. Тоа тој го направил со намера да покаже дека не е Грција таа која сака да дојде до промена на статус квото на Балканот, туку тоа е некој друг , во случајов Бугарија, чија влада наводно сакала одлични односи со Портата, а истовремено бара други можности за реализација на своите аспирации. Трикупис најверојатно сметал дека со откривањето на детали од разговорите токму пред британскиот дипломат ќе успее да го амортизира бугарскиот притисок за издавање на берати на егзархиските митрополити во Македонија, а токму Велика Британија во Атина беше сметана како подржувач на бугарските барања. Како и да е оваа постапка на Трикупис во Софија нема да му биде заборавена.

---

[176] исто
[177] Граѓа за..., т. V, кн. 1, док. 105, Цариград, 16 април 1890, с. 244
[178] ДАРМ,м-162, Phipps-Salisbbury, Vienna, 1 may 1890, FO 287/18

Краткотрајното затишје во несогласувањата помеѓу грчката и српската пропаганда во Скопје со доаѓањето на Теодосиј, било нарушено со однесувањето на Паисиј и во поглед на прашањето за присуството на Теодосиј во градот и околу проблемот со богослужбата во црквата Свети Спас. Српските негодувања му биле пренесени на Маврокордатос кој повторно го нагласил интересот на грчката влада да работи на единство на интересите на Грција со оние на Србија, бидејќи Скопје не било во грчката сфера[179]. Новаковиќ, имајќи ја предвид посетата на В'лкович на Атина не му поверувал на грчкиот дипломат. Исто така, тој сигурно ги имал предвид и извештаите на српскиот конзул од Скопје, кои не содржеле само поплаки за однесувањето на Паисиј, туку и за изјавата на Струнарис дека во Скопје единствен Србин бил српскиот конзул[180]. Маврокордатос и на следните средби со Новаковиќ ќе тврди дека прави се за да дојде до подобрување на односите во Скопје со постојаното укажување дека тој град не бил во грчката интересна сфера. Грчкиот дипломат сепак морал да дава такви изјави бидејќи проблемот со Теодосиј не бил решен. Имено, егзархот Јосиф, заради затегнатоста на ситуацијата прво го повикал назад Теодосиј, но многу брзо го поништил решението. Тоа било причина, според Маврокордатос, грчката амбасада преку Патријаршијата и своите козуларни претставници во Македонија да преземе одредени активности во насока на зголемување на притисокот за повлекување на Теодосиј од Скопје[181]. Двајцата пратеници дури заеднички со еден претставник на Патријаршијата го посетиле големиот везир Саид паша со цел да извршат притисок за повлекување на Теодосиј. Кон притисокот се приклучил и рускиот амбасадор Нелидов и како резултат на тоа Портата побарала од скопскиот валија да го протера Теодосија, кој на 27 април 1890 година тргнал за Цариград[182]. Така завршува краткотрајниот претстој на Теодосиј во Скопје за чие враќање во Цариград решавачки бил притисокот на Нелидов. Тоа и било познато на Атина, но наместо благодарност грчките политичари продолжувале со изразување на антируските ставови. Така грчкиот минис-

[179] Граѓа за..., т. V, кн. 1, док. 99, Цариград, 9 април 1890, с. 233
[180] С. Димевски, Митрополит скопски..., с. 78
[181] Граѓа за..., т. V, кн. 1, док. 113, Цариград, 7 мај 1890, с. 256
[182] С. Димевски, Митрополит скопски..., с. 79

тер за надворешни работи, Драгумис во разговорот со британскиот претставник во Атина, во моментите кога руската дипломатија работела на враќањето на Теодосиј од Скопје, го изнел своето мислење за постоење на огромен материјал кој докажувал дека Русија секогаш ќе ги подржува бугарските шизматички хиерарси, бидејќи според руското мислење можело да се очекува политички профит од дадената подршка[183]. Делувањето на Нелидов на некој начин е демант на овие тврдења на Драгумис. Желбата да се добие британската подршка за грчките апирации и да се оттргне интересот на Лондон од Софија, понекогаш доведувале до нелогични објаснувања. Не може да се негира фактот дека рускиот амбасадор во Цариград го прекорил Маврокордатос заради грчкото однесување во Скопје[184] и се заложил скопскиот проблем да биде решен во српска полза, но Србите, според грчките гледишта, не биле шизматици и руската подршка не била дадена на Егзархијата. Сепак, се поизвесната можност за давање на берати на Егзархијата, а тоа на почетокот на јуни 1890 година веќе изгледаше како готова работа ќе придонесе за грчко-српско зближување, но без решавање на проблемот во Скопје.

Бугарската влада на почетокот на јуни побарала од Портата да го признае Фердинанд за бугарски кнез и признавање на правата на Егзархијата[185]. Како закана лебдела во воздух можноста Бугарија да прогласи целосна незвисност. Бугарските барања логично предизвикале жестока реакција во Атина. Владата на Трикупис испратила барање до својот дипломатски претставник во Цариград да делува со сите сили против исполнувањето на бугарските барања и да делува врз Патријархот со цел овој да и се закани на Портата со својата оставка[186].

Истовремено во Белград се воделе некои разговори помеѓу грчкиот амбасадор и Ристиќ, при што вториов говорел во полза на грчките права врз Солун[187]. Целта на српската дипломатија во овој, но и во други разговори што ќе бидат обавени во српската престолнина беше да се постигне какво такво разбирање околу српските барања во некои делови

---

[183] ДАРМ,м-162, Monson-Salisbury, Athens, 25 april 1890, FO 287/18
[184] Граѓа за..., т. V, кн. 1, док. 125, Цариград, јуни 1890, с. 289
[185] Вьншната политика..., т. 3, ч. 1, София, 1995, док. 309, София, 4 юни 1890, с. 459-462
[186] Driault et Lheritier, Histoire diplomatique..., p. 283
[187] исто, с. 290

на османлиското царство, при што според грчките извори, Србите наводно на грчкиот пратеник во Белград му ја спомнале и можноста за именување на српски митрополити во Призрен и Скопје, како противтежа на бугарските барања, бидејќи истите ги загрозувале интересите на двата народа[188]. Грчкиот пратеник на овие српски предлози ја потврдил опасноста од бугарските акции за грчките интереси, но исто така, според него, требало да се признае дека српската моќ била преценета, а и барањата на Србите одат до југот на Македонија со што се повредуваат грчките историски и етнички права[189]. Грчкиот дипломат всушност само ја искажал позицијата на официјална Атина во поглед на можните договори со Србија, а таа била јасна, односно не може да има отстапки во јужните делови на Македонија.

Во моментите кога интересите на двете држави беа загрозени од барањата за издавање на берати на егзархиските митрополити во Македонија не беше можно да се очекува дека може да биде постигнат некаков договор, но исто така недоразбирањата не беа пречка двете влади преку своите пратеници во Цариград да соработуваат против егзархиските барања. Така на 14 јуни грчкиот и српскиот дипломатски претставник во османлиската престолнина го посетиле големиот везир со цел да му го соопштат ставот на двете влади дека секоја отстапка пред бугарските барања ќе ги вознемири Грците и Србите и ќе се смета за спротивна на нивните интереси[190]. Маврокордатос делувал и самостојно. Тој на 18 јуни во разговорот со големиот везир ја изразил загриженоста на Атина од можниот развој на настаните при што ја најавил можноста неговата влада да побара во форма на компензација Грција да добие протекторат врз Патријаршијата[191]. Исто така Патријархот јавно веќе говорел за можноста да поднесе оставка, а тоа секако е дело на Маврокордатос. Сепак и покрај сите притисоци одговорот на Портата не бил задоволителен. Тоа ќе го натера Маврокордатос да предложи до својата влада дополнителни мерки

---

[188] Κ. Βακαλοπουλου, Ο βορειος..., σ. 65
[189] исто
[190] Граѓа за..., т. V, кн. 1, док. 133, Цариград, 14јуни 1890, с. 306; Вьншната политика..., т. 3, ч. 1, док. 320, Цариград, 16 юни 1890, с. 475
[191] Елена Стателова, Радосав Попов, Веселка Танкова, История на българската дипломация 1879-1913, София, 1994, с. 151

за притисок. Грчкиот дипломатски претставник во разговорот со Новаковиќ признал дека работата во врска со бератите била изгубена и затоа ќе побара од Трикупис да ја раздвижи грчката војска како последно средство за притисок[192]. Нешто подоцна сличен предлог на Новаковиќ му дал и еден член на Патријаршискиот, Синод кој бил на мислење дека би било пожелно Грција и Србија да извршат воена демонстрација, бидејќи останатото би било без ефект, односно зборовите биле без силина, со напомена дека истиот предлог ќе му го изложи и на Маврокордатос[193], кој веќе видовме дека имал слично размислување. Портата ќе се обиде да ја смири Грција, но не во Македонија, туку на Крит каде од 1888 година имало сериозни проблеми. Османлиската влада наименувала нов гувернер на островот, кој бил прифатлив за христијаните[194], но тоа воопшто не ја интересирало Атина. Таа и така сметала на Крит како на сигурна добивка.

Грчката влада по повод бугарските барања презела чекори и кај амбасадорите на големите сили во Атина, посебно пред британскиот. Тоа не било случајно. Покрај веќе востановената практика да се бара подршка од Лондон за грчките аспирации во овој период грчките политичари биле сомничави кон одредени постапки на британската влада, посебно во поглед на нејзините интереси во Бугарија. Грчкиот пратеник во Цариград ја известил владата во Атина дека постојат различни мислења кој стои зад бугарските барања, а се споменува и можноста од британска подршка[195]. Трикупис се сретнал со британскиот амбасадор на кој му ја искажал својата вознемиреност од чекорите кои ги презема владата на Стамболов кои биле многу вознемирувачки за Грција[196]. Доколку се остварат бугарските барања тогаш грчката влада ќе биде принудена да влезе во играта, во која не смее да биде претркана, бидејќи главниот залог претставува Македонија[197]. Според грчкиот премиер, неговата влада не сака да го види македонското прашање отворено во моментот кога тоа би било предвремено, но доколку истото го отвори Бугарија, тогаш би било целосно

---

[192] Граѓа за..., т. V, кн. 1, док. 134, Цариград, 17 јуни 1890, с. 310.
[193] исто, док. 162, Цариград, 27 јули, 1890, с. 362
[194] ДАРМ,м-162, Billioti-Salisbury, Canea, 8 july 1890 FO 287/18
[195] ДАРМ,м-162, Haggard-Salisbury, Athens, 30 june 1890 FO 287/18
[196] ДАРМ,м-162, Monson-Salisbury, Athens, 28 june 1890 FO 287/18
[197] исто

невозможно Грција да остане мирна. Грција ќе биде принудена да реагира на повредите на Грците. Според Трикупис, неговата земја ја нема можноста на Бугарија која може да се заканува со независност, но има начин да реагира со слично оружје, а тоа е Крит[198]. Тој не бил загрижен за последиците од прогласувањето на бугарската независност, но причината за можното прогласување била загрижувачка. Таа причина биле бугарските барања за берати во Македонија. Трикупис го уверувал британскиот дипломат дека неговата влада не сакала да се најде во позиција да преземе акција во Македонија, но јавното мислење во земјата никогаш нема да дозволи бугарско вмешување во работите во областа, кое предизвикува нарушување на интересите на елинизмот[199]. Владата ќе биде под жесток притисок.

Дополнителна загриженост во Атина предизвикала копијата од телеграмата на бугарската влада до нејзиниот претставник во Цариград, во која биле изнесени бугарските барања за признавање на Фердинад за кнез и за правата на бугарската црква до која дошла грчката дипломатија, но во неа имало и еден неточен податок[200]. Во оригиналното писмо од Софија се говори за "два милиони Бугари, верни поданици на султанот"[201], додека пак во копијата која ја имала грчката влада и истата ја презентирала пред странските амбасадори се говорело за "црковна јурисдикција врз Бугарите достигнивајќи, како што се наведува, 2 000 000 жители на Македонија"[202]. Таа загриженост во разговор со заменик британскиот амбасадор ја искажал грчкиот министер за надворешни работи Драгумис, кој се навратил на мисијата на В'лкович која според него имала за цел да ги види грчките вооружени сили, кои во тој момент имале голем одлив на војници, бидејќи новите регрути сеуште не биле пристигнати. Тој не пропуштил да ги спомене и реформите во државата кои не биле завршени што придонесува неговата земја да нема интерес за преземање на акција. Драгумис сепак не пропуштил да нагласи дека Грција нема да може да биде спречена

---

[198] исто
[199] исто
[200] ДАРМ,м-162, Haggard-Salisbury, Athens, 30 june 1890 FO 287/18
[201] Вьншната политика..., т. 3, ч. 1, София, 1995, док. 309, София, 4 юни 1890, с. 461
[202] ДАРМ,м-162, Haggard-Salisbury, Athens, 30 june 1890 FO 287/18

да ги заштити своите интереси кои биле загрозени[203]. Првиот човек на грчката дипломатија сакал да стави до знаење дека неговата земја немала намера да седи по страна во однос на случавањата во Македонија, но притоа заборавил дека истовремено ја потенцирал незаинтересираноста на неговта влада да преземе акција во истата област што секако не придонесувало неговиот соговорник грчките ставови да ги земе како сериозни. Неговиот претпоставен, премиерот Трикупис, во разговор со истиот британски дипломат ја споменал можноста егзархијата да има колку што сака митрополити во Македонија под услов јавно да ја декларира својата шизма во однос на Патријаршијата, бидејќи во спротивно таа би била држава во држава, а таа можност не била прифатлива за Атина заради надмоќноста која ќе ја добие словенскиот во однос на грчкиот елемент со наименувањето на православни митрополити од бугарска националност[204]. Така Трикупис го покажал вистинскиот причинител на грчките стравови во однос на наименувањето на егзархиските митрополити во Македонија.

Грчките протести не давале резултати, а предвидувањето на Маврокордатос дека работата околу бератите била загубена полека, но сигурно се покажувало како точно. Тоа пак не било причина за намалување на активностите на атинската влада околу прашањето на бератите. Напротив таа станала посилна. Во Атина веќе јавно се говорело дека во случај на одобрување на бератите тогаш Грција ќе примени соодветни средства. Англискиот заменик амбасадор се интересирал во разговорот со Драгумис околу прашањето на можните грчки загуби во Македонија со давањето берати на Егзархијата[205]. Одговорот бил пропратен со цело експозе за грчко-бугарскиот конфликт со омилената тема на грчкиот министер, а таа веќе била добро позната-користа која ќе ја добие Русија со бугарските успеси, бидејќи Бугарија е целосно руска. Тој дури го запрашал британскиот дипломат каде би била Грција со Русија во Солун. Драгумис признал дека во моментот Бугарија на чело со Фердинанд и Стамболов била подалеку од руското влијание, но со тек на време се ќе си дојде на старото

[203] исто
[204] ДАРМ,м-162, Haggard-Salisbury, Athens, 30 june 1890 FO 287/18
[205] ДАРМ,м-162, Haggard-Salisbury, Athens, 9 july 1890 FO 287/18

место, а и тие ќе заминат[206]. Од негова страна било изнесено и тврдењето дека дури и "т.н. бугарска пропаганда во Македонија била руска"[207] и истата била спонзорирана од рускиот конзулат во Цариград, притоа прашувајќи дали спонзорството било правено без причина. Иако кажувањата на Драгумис во себе носат знаци на фантазија, тоа не треба да чуди бидејќи тој бил познат по своите антируски ставови, но не грешел кога говорел за можноста од повторно свртување на Бугарија кон Русија, која впрочем ја ослободила земјата од османлиското господство, а и проруските сили никогаш не биле слаби. Сепак како искусен дипломат морал да знае дека британскиот интерес во тие моменти не бил во насока на давање подршка на грчките протести.

Предлогот кој Маврокордатос му го изнел на Новаковиќ за употреба на грчката војска како средство за притисок започнал да се остварува. Одредени инжинериски и артилериски единици на грчката војска, кои формациски биле стационирани во Атина започнале да се придвижуваат во Тесалија и кон Арта[208]. Овие раздвижувања на грчките воени единици биле пропратени со написи за подршка во атинскиот печат, но нивното движење не направило никаков ефект врз османлиските власти, кои едноставно не биле ниту импресионирани, а уште помалку загрижени од движењето на грчките војски. Османлиската ладнокрвност не била без причина. Општопозната била слабата обученост на грчките војници, кои претежно биле регрути со многу мал војнички стаж. Тие во секој случај и со најголема желба да го дадат својот патриотски долг кон земјата не можеле да се борат со османлиските војници.

Раздвижувањето на одредени грчки воени единици кон границата немале никаков ефект не само кон османлиските власти, туку не предизвикале поголем интерес кај амбасадорите на европските сили. Едноставно притисокот бил неуспешен. Во Атина веќе пристигнале информациите од Цариград дека султанот решил да издаде берати за бугарските митрополити во Скопје и Охрид. Трикупис не ја криел својата разочараност од султановото решение. Тој сметал дека османлискиот суверен

---

[206] исто
[207] исто
[208] ДАРМ,м-162, Haggard-Salisbury, Athens, 12 july 1890 FO 287/18

направил грешка бидејќи ја отуѓува Грција од Османлиската држава, иако таа имала пријателски чувства кон својот сосед. Меѓутоа после султановото решение Грција ќе ја искористи првата шанса за да го добие тоа што го сака[209]. На 20 јули во атинскиот весник "Акрополис" близок до владата се појавил напис во кој се објаснувала позицијата на владата по прашањето на бератите во Македонија. Според авторот на написот самото наименување на егзархиски митрополити во Скопје и Охрид не било важно за грчките интереси, бидејќи двата града се надвор од зоната на грчкиот интерес[210]. Грците да протестираат без да имаат средство за притисок би било нецелисходно, а ниту една голема сила не и дала подршка на Атина. За разлика од грчкиот министер за надворешни работи, авторот на текстот потенцира "дури ни Русија не изгледа загрижена"[211]. Не била пропуштена можноста да се забележи дека Грција во моментот била немоќна да употреби одредени средства , но кога ќе дојде денот, кој не е далеку и за кој Грција се спрема, тогаш сите треба да се уверени дека Грците нема да се скријат. Како провладин весник не зачудува правдањето на владата. Авторот на статијата не заборавил да подвлече дека Грција се повеќе јакне на воjнички план, посебно кога е во прашање морнарицата и "За една година Грција ќе има надмоќ во критските води, на брегот на Македонија и на влезовите на Дарданелите. Само тогаш ние ќе бидеме способни да говориме како држава која се почитува самата себе, како држава која очекува да биде слушана кога говори. Годината 1886 не учи да се откажеме од политиката која е неуспешна и ризична"[212]. Овој напис имал за цел да ја оправда политиката на Трикупис и неговиот автор бил сосема во право кога тврдел дека Грција нема подршка од големите сили и кога ја споменува 1886 година како година која учи каква политика не би требало да се води, но сепак ја преценува идната поморска сила на Грција, која можеби имала големи перспективи, но воените проблеми со османлиските сили немале да се решаваат само на море. Исто така авторот не ја пишувал вистината кога

---

[209] ДАРМ,м-162, Haggard-Salisbury, Athens, 20 july 1890 FO 287/18
[210] исто
[211] исто
[212] исто

говори за наводната незагрозеност на грчките интереси во Охрид, бидејќи овој македонски град сепак бил во онаа зона која Грците ја сметале за грчка, барем во овој период. Сепак написот во најголем дел го отсликувал расположението кое владеело во Грција.

Во времето кога станало јасно дека Егзархијата ќе ги добие дел од бараните берати, во Битола доаѓа до несогласување помеѓу грчкиот конзул и тамошниот патријаршиски митрополит, кој бил подржан од локалната општина. Причина за несогласувањето биле разликите околу правецот и начинот на делување на грчката пропаганда. Фонтана отпорот на патријаршиските општински структури во Битола го доживеал како навреда и спротиставување на Грција. Затоа тој и предлагал на грчката влада да го прекине праќањето помош на патријаршиската општина во Битола и на тој начин да се влијае врз однесувањето на општинарите[213]. Меѓутоа ниту локалниот митрополит не седел со скрстени раце. Тој испратил писмо до грчката влада во кое го обвинил Фонтана дека бил атеист, предавник, но и католик[214]. Всушност со последното обвинување, патријаршискиот митрополит сакал да го истакне негрчкото потекло на Фонтана, кој бил Италијанец од Крф. Тоа секако не може да ги намали залагањето на грчкиот конзул за интересите на елинизмот. Оваа констатација ја потврдува и српскиот конзул во Битола, кој во еден извештај известувајќи за несогласувањата на релација грчки конзул-патријаршиски митрополит, говорејќи за Фонтана, меѓу другото ќе истакне: "но е голем противник на се што не било во прилог на грчката пропаганда"[215]. Недоразбирањето помеѓу Фонтана и митрополитот не останало тајна за локалните османлиски власти. Писмото упатено од митрополитот до грчкиот министер за надворешни работи, Драгумис, во кое покрај обвинувањата за Фонтана, биле изнесени и барања за потребите на грчката пропаганда, паднало во рацете на османлиските власти[216]. Фаќањето на писмото резултирало со засилена контрола на грчките училишта во Битола и регионот, бидејќи во нив, меѓу другото, се предавала грчка историја која била насочена против Осман-

---

[213] Σ. Βουρη, Πηγες..., δ. 37, Βιτωλιος, 29 ιουλιου 1890, σ. 175
[214] V. Berard, La Turquie..., p. 233
[215] Граѓа за..., т. V, кн. 1, док. 186, Битола, 13 август 1890, с. 403
[216] исто

лиите[217]. Битолските локални власти нема да преземат мерки против митрополитот Неофит, но будно ќе ги следат неговите активности, посебно контактите со претставниците на грчката држава.

Грција и покрај издавањето на султановите берати за наименување на егзархиски митрополити во Скопје и Охрид не се откажувала од делување. Активноста сега ќе биде насочена против доаѓањето на митрополитите во споменатите градови. Драгумис постојано повторувал пред странските дипломати за грешката, која, според него, ја направил султанот, бидејќи само Патријархот имал право да наименува владици, а султанот можел само да ги потврди[218]. Тој давал поумерени изјави во однос на претходниот период, но сметал дека Грција треба да преземе соодветни чекори. Најверојатно еден од тие соодветни чекори бил и предлогот на грчкиот пратеник во Цариград до Новаковиќ за подготовки на петиции и демонстрации во Охрид и Скопје[219].

Давањето на бератите најверојатно придонесло на 13 август да се состанат Маврокордатос и Новаковиќ со цел да започнат преговори за заедничко делување во Македонија, но всушност разговорите уште од самиот почеток се претвориле во преговори помеѓу двајцата дипломати, кои биле овластени од своите влади, за одредување на линијата на интересните сфери во Македонија. Маврокордатос уште на првиот состанок, говорејќи за настаните и проблемите помеѓу двете пропаганди во Скопје отворено го изнел својот став, кој бил став на атинската влада, во поглед на надминување на проблемот, а тоа можело да се реши само со претходно одредување на демаркациона линија на грчките и српските аспирации, со што ќе се избегне можноста за судири со навлегувањето на едните во интересните сфери на другите[220]. Два дена подоцна Новаковиќ ги изнел српските ставови, според кои покрај обележувањето на кругот на грчките и српските акции во Македонија, не помалку значајно било и именување на српски епископи во Призрен Скопје[221]. Грчкиот дипломат не го избегнал ова прашање. Маврокордатос позитивно се изјаснил за

---

[217] исто
[218] ДАРМ,м-165, Haggard-Salisbury, Athens, 6 august 1890, FO 32/618
[219] Граѓа за..., т. V, кн. 1, док. 173, Цариград, 2 август 1890, с. 379
[220] Граѓа за..., т. V, кн. 1, док. 191, Цариград, 19 август 1890, с. 410
[221] исто

барањата за наименување на српски епископи, но тоа секако не било искрено бидејќи логично тогаш во Скопје не би имало судир на грчката и српската пропаганда. Грчкиот дипломат откако ги ислушал објаснувањата на Новаковиќ за српските гледишта во поглед на Босна и Херцеговина, Албанија и Црна Гора ја повторил грчката теза за поделба на Македонија на три зони од кои централната била мешана, а со тоа и спорна[222]. Но српскиот пратеник изнел одредени ставови кои биле многу непријатни за неговиот грчки колега. Маврокордатос бил посебно изненаден на забелешката на Новаковиќ околу припадноста на словенското патријаршиско население, кое не било грчко по етничко потекло, но уште повеќе не можел да се согласи со српското барање градовите Битола, Лерин и Струмица, како и областа Мариово да припаднат во српската интересна зона. Според Маврокордатос, градот Битола значел опстанок за Грција и во тој поглед немало да има никакви отстапки од грчка страна[223]. Тој истото го повторил и за градовите Охрид и Струмица, а за Крушево оставил можност да се разговара. Двајцата дипломати се договориле да побараат дополнителни упатства од своите влади со цел да продолжат со разговорите. Тоа можело да се очекува со оглед на големата спротивставеност на интересите која била покажана уште на самиот почеток на разговорите, што само по себе покажува во кој правец можеле истите да се одвиваат и какви биле шансите за постигнување на некаков договор. Случајно или не во време на разговорите помеѓу Маврокордатос и Новаковиќ во атинскиот весник "Палингенисија", на 14 август 1890 година, се појавил напис во врска со српските барања за српски епископи во Скопје и Охрид кои нашле место во европскиот печат[224]. Во написот Србите се фалат заради нивното однесување и лојалноста кон Патријаршијата, меѓутоа на многу директен начин се објаснува причината која доведува до неисполнување на српските барања. Имено, според авторот на текстот во Србија имало забуна околу границите на зоната на српскиот интерес која оди се до Битола и Солун-"не се српските претензии толку дрски како бугарските, но сепак тие ги истакнуваат и во споменатите два града ги подржуваат антиелин-

[222] исто, с. 411
[223] исто
[224] Граѓа за..., т. V, кн. 1, док. 196, Цариград, 23 август 1890, с. 419

ските тежнеења"[225]. Всушност пораката била повеќе од јасна. Доколку се сака било каков договор тогаш Србите мора да ги намалат своите аспирации во Македонија. Во спротивно нема да има никаков договор и подршка од Атина кај Патријаршијата. Самиот напис на Новаковиќ лично му го предал Маврокордатос што само по себе има свое значење. Пораката била сфатена од страна на српскиот амбасадор[226], но претензиите на Белград нема да се намалат, исто како ни оние на Атина.

Агитацијата против издадените берати во Атина и натаму ќе продолжи, иако веќе и официјално има егзархиски митрополити во Скопје и Охрид. Грчкиот премиер во разговорите со претставниците на големите сили го повторувал веќе изнесениот став за грчките барања во иднина, бидејќи сега земјата не била во можност да направи нешто повеќе, како резултат на повредите кои биле нанесени на интересите на елинизмот со издавањето на бератите[227]. Освен заканите, Трикупис споменал и една идеја околу можното решавање на спорот со Егзархијта. Според него би било добро доколку егзархиските свештеници носат различна облека од оние на Патријаршијата[228]. Оваа идеја изнесена од страна на грчкиот премиер нема да биде само за еднократна употреба. Истата и во иднина ќе биде посочувана како можност за решавање на недоразбирањето. Иако со задоцнување во грчката престолнина била одржана една манифестација против наименувањето на егзархиските митрополити. На 17 август, по повод издавањето на бератите, бил одржан митинг во Атина кој бил добро посетен. Иако имало говори против неактивноста на владата на Трикупис, сепак тој не бил комплетно антивладин протест. На митингот со аклмација била усвоена резолуција во која се протестира против, како што се истакнува, нарушените привилегии на Патријаршијата и "заканувачките напади врз правата на елинизмот во Македонија"[229]. Демонстрантите во усвоената резолуција му дале целосна подршка на Патријархот Дионисиос V и ја уверувале грчката влада за спремноста на елинизмот да се жртвува за целите. Протестот иако бил задоцнет останал забележан од страна на

---

[225] исто, с. 421
[226] С. Новаковић, Балканска..., с. 373
[227] ДАРМ,м-162, Haggard-Salisbury, Athens, 19 august 1890 FO 287/18
[228] исто
[229] исто

амбасадорите на големите сили со што на некој начин неговите организатори ја постигнале својата цел.

Атинските владини претставници и покрај веќе завршената работа околу бератите не престанале да го искажуваат своето незадоволство, посебно од, според нив, не многу пријателскиот однос на некои големи сили кон грчките интереси, кои биле засегнати со дадените берати. Грчкиот министер за надворешни работи се сретнал со британскиот заменик амбасадор на кого му ја искажал својата разочараност од однесувањето на Лондон по прашањето на бератите, притоа поставувајќи му го прашањето за интересот на Британија и Западот во целиот случај. Драгумис не пропуштил да ја нападне Русија како подржувач на бугарските аспирации во Македонија, илустрирајќи ја таа подршка со наводната интервенција на рускиот конзул во Солун за ослободување на поголема бугарска литература, која претходно била конфискувана од страна на локалните османлиски власти[230]. Според него Британците ќе станат свесни за своите грешки кога Русите ќе бидат во Цариград, а тоа сигурно ќе се случи. Британскиот дипломат не се согласил со ставот на грчкиот министер, но не се ни обидел да влијае истиот да биде променет, бидејќи според неговото уверување во моментот тоа не било можно[231]. Хагард бил во право. Во тие моменти ниту еден грчки политичар не би можел да биде убеден во спротивното од неговиот став. Како што забележува францускиот конзул во Солун, Грците не сакале да го скријат својот пораз, бидејќи "за нив тоа е смалување и голем удар за елинизмот во Македонија, која ја сметаат за составен дел на татковината"[232]. Меѓутоа зад незадоволството на грчките политичари се криело нешто друго. Имено, повеќе дипломатски претставници на големите сили во Македонија во своите извештаи во врска со бератите јасно го лоцираат грчкиот страв, а тој е во помалиот број на грчко населние во однос на македонското словенско, кое можело да се приклони кон Егзархијата[233]. Исто така не пропуштиле да ја

---

[230] ДАРМ,м-162, Haggard-Salisbury, Athens, 20 august 1890 FO 287/18

[231] исто

[232] Кирил, Патриярх Български, Принос..., с. 629

[233] исто; Томо Томоски, Документи од виенската архива за Македонија од 1879-1903, Скопје, 1955, док. 4, Битола, 29 август 1890, с. 32-33

нагласат важноста на влашкиот елемент за грчките интереси, а и Власите веќе почнале да се оддалечуваат од Грците[234].

Грците и Србите започнувајќи ги преговорите за постигнување договор околу сферите на влијание во Македонија покажале висок степен на несогласување, но тоа нема да претсавува пречка заедно да соработуваат против новонаименуваните егзархиски митрополити. Така, грчкиот и српскиот конзул во Битола постигнале договор за заедничко делување кај битолскиот валија против обидите на охридскиот егзархиски митрополит да ги користи охридските цркви за богослужба[235]. Сепак оваа соработка на локално ниво била инцидентна и нема да биде постојана. Истовремено во Цариград, Маврокордатос ги продолжил контактите со својот српски колега на кого експлицитно му·го најавил ставот на атинската влада во поглед на понатамошните контакти. Имено, Атина била согласна да продолжат преговорите и имала намера да испрати свој пратеник во Белград за таа цел, но претходно ќе ги почека резултатите од српските избори[236]. Новаковиќ ставот на Атина го протолкувал како обид да се добие во време. На некој начин тој делумно бил во право, иако наскоро и во Грција ќе бидат одржани избори, а тоа секако му било познато на Маврокордатос, но и ставот на Атина да ги чека резултатите од изборите во Белград бил логичен со оглед на можноста да дојде до промена на власта. Меѓутоа по одржувањето на изборите во Србија на 14 септември од Атина започнале да се појавуваат и други знаци. Во провладината "Палингенисија" на 27 септември се појавил напис кој во многу се разликувал од оној од 14 август. Сега во весникот се пишува за наводната решеност Белград да испрати свој пратеник во грчката престолнина[237]. Не се пропушта можноста да се нагласи позитивното расположение на Атина за поблиски односи со Србија, бидејќи пречките за договорот не биле ненадминливи, бидејќи српските апетити не биле претерани. Авторот како да заборавил на написите од минатиот месец во истиот весник кога биле критикувани претераните српски претензии во Македонија. Треба, исто така, да се забеле-

---

[234] Т. Томоски, Документи, цит. док. ,с. 35
[235] Граѓа за..., т. V, кн. 1, док. 211, Битола, 12 септември 1890. с. 448
[236] Граѓа за..., т. V, кн. 1, док. 213, Цариград, 13 август 1890, с. 453
[237] Граѓа за..., т. V, кн. 1, док. 232, Цариград, 7 октомври 1890, с. 490

жи ставот на весникот во однос на како што се наведува лажните обвинувања на противниците на грчко-српското збилижување, кое според нив било под руско влијание. Сега руското влијание сега не било опасно за грчките интереси, бидејќи Грците биле оставени сами на себе од страна на Европа[238]. Сепак најголемо изненадување претставува ставот на авторот во весникот во поглед на припадноста на македонското словенско население во северна Македонија, кое според него и со најопшт поглед се гледа неговата српска припадност. Прашањето на епископските места исто така не бил проблем затоа што Белград ќе се договорел со патријаршијата, а самото прашање не можело да ги засени преговорите[239]. Новаковиќ написот го протолкувал како решеност на Грците да ги отстапат Скопје и Охрид доколку дојде до спогодба околу интересните сфери[240]. Спремноста на Грците, доколку таа навистина постоела, да го отстапат Охрид, кој дотогаш беше сметан како дел од територијата која би требало да и припадне на Грција се должел на фактот што во градот немало грчко население, туку само мал број на гркомани, кои очигледно не можеле да ги одбранат грчките интереси. Исто така не би требало да се избегне и присуството на егзархискиот митрополит во градот. Логично би било македонското словенско население да биде привржано кон Патријаршијата доколку на митрополитското место стоел Словен, во случајов Србин.

Написот во Палингенисија покажува спремност за договор со Србија, но исто така повторно на површина излегло прашањето на грчкото приближување кон Русија како резултат на издавањето на бератите. Во атинските весници почнале да излегуваат написи во полза на приближувањето кон Русија[241]. Од повторната појава на русофилија во Атина понастрана не останал ниту грчкиот крал Георгиос подршката на Патријаршијата од страната на една голема православна држава, како што била Русија ја сметал за неопходна со цел грчката црковна институција во Османлиската држава да не остане на милост и немилост на Портата "која сакала да и ги одземе законските привилегии[242]. Според неговото миселење

---

[238] исто
[239] исто, с. 491
[240] исто, с. 489
[241] ДАРМ,м-165, Haggard-Salisbury, Athens, 6 october 1890, FO 32/618
[242] С. Терзиќ, Србија и ..., с. 295, фус. 50

Австрија и Велика Британија ја подржувале Портата и влијаеле врз издавањето на бератите. Повторното говорење во Атина за потребата од приближување кон Русија, за разлика од сличното однесување на грчките политичари во 1888 година, не предизвикало посебно растревожување кај пратениците на западните земји во грчката престолнина. Тие добро знаеле со која цел биле пуштени овие гласини. Исто така ја знаеле антируската позиција на многу грчки политичари, како што бил министерот за надворешни работи, Драгумис, кој не пропуштал можност да ја нападне Русија за нејзината подршка на бугарските аспирации во Македонија, дури и кога за тие тврдења немал аргументи. Однесувањето и говорењето на грчките конзули во Македонија само ја поткрепуваат оваа констатација. Грчкиот конзул во Солун во разговорот со својот српски колега по прашањето за дозволување на словенска богослужба во градот се осврнал и на активностите на руската дипломатија воопшто. Според неговото мислење Русите и нивните пари стоеле зад бугарските дејанија, а рускиот конзул во градот, Јастребов бил дволичен кон Грците и Србите[243]. Токму заради давање на овој тип на изјави никој од западните дипломати во Атина не ги земал сериозно написите и говорите за потребата од грчко приближување кон Русија.

Во Атина и другите грчки градови имало македонски емигранти, од различно етничко потекло, но за жал нивниот број не го знаеме. Тие обавувале различни работи. Помеѓу нив имало и универзитетски професори, но и сиромашен елемент. Грчките власти покажувале интерес за материјалната позиција на македонските емигранти во земјата. Во време на засилената дипломатска активност на Атина околу Македонија, но и Крит, во грчката престолнина со посебен кралски указ било формирано "Македонско братство за помош на сиромашните"[244]. Според правилникот на братството, неговата цел била помагање на сите "Македонци кои се сиромашни и неспособни за работа"[245], а ќе се грижи за воспоставување на вечерни училишта за сиромашните ученици, членови на ова братство "мо-

[243]Граѓа за..., т. V, кн. 1, док. 237, Солун, 19 октомври 1890, с. 504
[244] ДАРМ,м-165, Haggard-Salisbury, Athens, 6 october 1890, FO 32/618
[245] исто

ра да се Македонци"[246]. Употребата на терминот Македонец секако не се однесувало на етничкото потекло, туку на географското. Иако при самото основање на ова братство не е нагласена политичка цел на истото, сепак не може да се одбегне неговата намена само за оние лица кои потекнуваат од Македонија. Многу лесно тие во иднина би можеле да бидат искористени за политички цели. Набрзо ќе се потврди и политичката позадина на формирањето на ова здружение.

Во Грција во октомври 1890 година доаѓа до промена на власта и на чело на владата повторно доаѓа демагогот Делијанис. Самата промена на владата во Атина првично предизвикала појава на ентузијазам кај одредени грчки кругови во Османлиската држава, кои во Делијанис гледале месија, но веќе со првите јавни изјави на новиот грчки премиер нивната радост се покажала залудна[247]. Впрочем истиот тој Делијанис, кој бил многу силен на зборови, лошо ја водел грчката надворешна политика во време на источнорумелиската криза. Очигледно некој го заборавил тоа.

Промената на владата во Атина полека ќе доведе до забавување на грчко-српските преговори. Извештајот на грчкиот пратеник од Белград од 27 октомври веќе дава сигнали во таа насока. Според него, Србите немале подршка во Скопје, Велес и Охрид, но тие ги протегнале своите аспирации се до реката Бистрица и го поставил прашањето кој ќе ги спречи во иднина да им наштетат на грчките интереси[248].

Портата веќе презеде мерки за заострување на контролата на грчките училишта во Македонија. Таа имаше и не мал број причини за своите активности. Официјален Цариград донел одлука за исклучување на грчките државјани од учеството во образовниот процес во патријаршиските училишта во државата. Потезите на Портата не останале без реакција од страна на Патријаршијата која донела решение во знак на протест да ги затвори црквите во Цариград, а многу скоро важноста на решението се проширила на целата османлиска територија[249]. Сепак оваа наредба не била целосно спроведена во Македонија. Според грчкиот историчар К.

---

[246] исто
[247] Граѓа за.... т. V, кн. 1, док. 237, Солун, 30 октомври 1890, с. 534
[248] Κ. Βακαλοπουλος, Το μακεδονικο..., σ. 98
[249] K. Vacalopoulos, Modern history..., p. 164

Вакалопулос тоа се должело на силното "бугарско спротивставување"[250]. Сепак, неговиот став не може целосно да се прифати. Имено, според еден извештај на австроунгарскиот конзул во Битола, Погачер, тамошниот митрополит, Неофит, не ги затворил црквите, бидејќи наводно немал добиено наредба за затворање[251]. Погачер забележал постоење на страв кај Неофит од можноста целата ситуација да биде искористена од Егзархијата за добивање нови членови, но исто така не го одбегнал и фактот за компромитираноста на битолскиот патријаршиски митрополит пред османлиските власти заради фаќањето на неговата кореспонденција со поранешниот грчки министер за надворешни работи, Драгумис[252]. Грчката влада била инволвирана во решавањето на проблемите на релација Патријаршија-Порта. Атина била подготвена и на организирање на протести на грчките и патријаршиските заедници во Македонија во насока на вршење притисок врз Портата. Грчкиот вицеконзул во Серес, Метаксас, на 16 ноември побарал од својата влада и амбасада во Цариград дозвола да организира протести во градот по прашањето на затворањето на црквите[253]. Амбасадата советувала чекање, бидејќи според нејзините процени постоела можност од надминување на спорот. Меѓутоа, на 4 декември до Метаксас од грчкото дипломатско претставништво во Цариград пристигнало ново известување во кое се изложува непопустливиот однос на Портата околу целиот проблем и покрај сите позитивни заложби нагрчката страна. Затоа, според извештајот, би било добро да се организираат мирни протести низ целата провинција. Метаксас бил советуван при организирањето на протестите да се внимава на нивната форма. Имено тие да не бидат со барања, туку со понизно молење до Валијата овој да испарати телеграма до султанот со цел да биде решен проблемот. Метаксас имал проблеми во организирањето на демонстрациите, бидејќи грчките првенци во Серес биле повеќе расположени за пишување на петиција[254].

Османлиските потези во однос на Патријаршијата не може да се гледаат одвоено од сомнежите на Портата кон Грција. Владата во Цари-

---

[250] исто
[251] Т. Томоски, Документи..., док. 6, Битола, 12 ноември 1890 година, с. 37
[252] исто
[253] ДАРМ,м-156. Blunt-White, Salonica, 17 december 1890, FO 78/4287
[254] исто

град била многу загрижена од вооружувањето на грчката војска, посебно од набавките на нови воени бродови. Османлиските министри отворено говореле за можноста, во случај на војна со Грција, нивните воени сили да имаат големи проблеми околу комуникациите по море на разните делови на државата[255]. Османлиското стравување се поклопува со веќе изнесеното фалење на Грците за силината на нивната воена флота, но затоа османлиските копнени сили биле неспоредливо посилни од грчките.

Доаѓањето на Делијанис на чело на грчката влада, како што веќе напоменавме, доведува до забавување на грчко-српските контакти за договор, но и претходно одржаните разговори на Маврокордатос со Новаковиќ покажале голема спротивставеност на интересите. Српскиот историчар М. Војводиќ како главен кривец за непостигнувањето на договор помеѓу српскиот и грчкиот пратеник во Цариград го посочува тврдиот став на Маврокордатос[256]. Сепак директниот учесник во преговорите, Новаковиќ е многу пообјективен кога како главна причина за немањето прогрес во разговорите ги наведува непопустливоста во аспирациите на двете страни[257].

Наместо постигнување на договор со Србите за поделба на Македонија на интересни сфери, официјална Атина дури започнала со поостра активност во Скопје, а во Битола српскиот конзул забележал недостаток на волја кај неговиот грчки колега за подршка на српските барања за отворање на училиште во градот и добивање на црквата Света Недела. Грчкиот дипломат како услов за помош го навел постигнување на спогодба за интересните сфери помеѓу владите во Атина и Белград[258]. Заладениот однос на грчката дипломатија го почуствувал и Новаковиќ, кој известувал за дистанцирањето на Маврокордатос[259]. Намерата на грчката влада со новиот однос кон српските барања да влијае врз Белград со цел аспирациите на Србија да бидат намалени, не може да се исклучи како

---

[255] Външната политика на България, 3, ч. 2, София, 1998, док. 378, Цариград, 9 ноември 1890, с. 55

[256] Михајло Војводиќ, Путеви српске дипломатије, Београд, 1999, с. 181

[257] Граѓа за ..., т. V, кн. 2, Белград, 1991, док. 2, Цариград 2 јануари 1891, с. 35

[258] Граѓа за ..., т. V, кн. 2, док. 48, Битола, 4 март 1891, с. 133

[259] Новаковиќ во насока на продолжување на преговорите побарал, слично како и грчкиот битолски конзул, тие да се водат директно помеѓу двете влади.(Граѓа за ..., т. V, кн. 2, док. 62, Цариград, 24 март 1890, с. 167)

причина за заладувањето на односите помеѓу двете страни, но мора да се има предвид политиката на Делијанис, во овој период, која на била наклонета на спогоди со балканските држави за разлика од онаа на неговиот претходник.

Додека владата на Делијанис не покажувала расположение за соработка со некоја балканска држава, грчките конзули од Македонија праќале извештаи во кои ги посочувале причините за заслабнатата позиција на елинизмот и исто како и порано нуделе свои предлози со цел истата да се подобри. Така грчкиот конзул во Серес во февруари 1891 година испратил предлог до атинската влада за засилување на грчката позиција во источните делови на јужна Македонија. Според овој предлог било потребно: 1) формирање на училишта со интернати во Серес, Драма, Зихна, Неврокоп и Демир Хисар; 2) формирање на земјоделска или берзанска банка во Серес која на населението ќе му дава заеми со 6 или 7 % камата со цел да се намали зависноста на локалните жители од како што се кажува грчките, еврејските и турските лихвари; 3) замена на митрополитот во Мелник и 4) подршка на послабите групации во тој дел од Македонија и испраќање на проповедници во второстепените градски центри[260]. Конзулот од Битола во еден свој извештај проблемот за послабата позиција на елинизмот во Битолскиот вилает го лоцира во аферата Пихеон, но и во османлиските контроли на патријаршиските цркви и образовни институции уште од времето на грчко-османлиската криза во 1886 година[261]. Јанопулос го критикува и однесувањето на патријаршиските свештеници, посебно на митрополитите, кои според него често не се личности кои се соодветни за службата која ја извршувале. Тој не пропуштил да ги спомене и засилените активности на бугарските и романските пропагандни институции со преземањето на, според него, грчките цркви и формирање на училишта, а истите имале подршка од конзулите на Русија, Австро-Унгарија и Велика Британија[262]. Иако во времето на пристигнувањето на егзархискиот митрополит во Охрид, грчкиот конзул соработувал со својот српски колега во Битола, во овој извештај Јанопулос говорејќи за српската пропаганда

[260] Κ. Βακαλοπουλου, Ο βορειος..., σ. 48–49
[261] Σ. Βουρη, Πηγες..., δ. 40, Βιτωλιος, 7 φευρουαριου 1891, σ. 179
[262] исто, с. 183

истата ја нарекува противничка[263]. Со цел да се засили позицијата на елинизмот во Битолскиот вилает, тој дал свои предлози според кои тебало да дојде до помирување со османлиските власти, митрополитите требале да бидат патриоти и луѓе со влијание во своите епархии, конзулот да има одредена парична сума на располагање која би можел да ја искористи без претходна согласност на Атина и да се зголемат платите на наставниците со цел овие посилно да се залагаат за интересите на елинизмот[264]. Карактеристично е известувањето на грчките дипломатски претставници за лошото работењена патријаршиските свештеници, посебно на митрополитите. Тоа не било случајно. Имено, според мислењето на грчките дипломати лошото работење и гледањето на личните интереси на митрополитите биле една од главните причини за напуштањето на патријаршиските редови на македонското словенско население. Овој став не се однесува само на наведениот период.

Извештаите на грчките конзули од Македонија не можеле да останат без влијание во однесувањето на одредени грчки дипломати и политичари. Така заменикот на грчкиот амбасадор во Цариград, Залакостас, се сретнал со Новаковиќ при што го информирал за извештаите на грчките дипломатски претставници од Македонија за засилувањето на бугарската пропаганда и зацврстувањето на егзархиските владици[265]. Српскиот пратеник не искажал чудење од овие информации, припишувајќи ја вината на однесувањето на Патријаршијата која не сакала да ја помогне српската работа. Залакоста на некој начин се согласил со забелешката на Новаковиќ кога се искажал негативно за работата на Патријархот, кој не бил на висината на должноста која ја извршувал. Според грчкиот дипломат неговата влада сакала да види нова личност на патријаршискиот престол, но во моментот било многу тешко истото да се реализира[266]. Нема сомнение во желбата на Атина да види нов Патријарх, откако добила многу негативни извештаи од своите конзули во Македонија, но таа желба се базирала за зацврстување на грчките, а не на српските интереси.

---

[263] исто, с. 184
[264] исто, с. 188
[265] Граѓа за ..., т. V, кн. 2, док. 75, Цариград, 8 април 1891, с. 202
[266] исто

Атинскиот печат постојано пишувал и коментирал за настаните во Македонија што предизвикувало интерес кај јавното мислење, но и подигнување на тензиите во грчката престолнина. Печатот, коментирајќи ги настаните во Македонија, не ја пропуштил можноста да ја советува атинската влада да преземе мерки во интерес на елинизмот во наведената османлиска област[267]. Постепено во Грција ќе стане традиција печатот да ја води кампањата за заштита на грчките интереси во Османлиската држава, доколку владата не покаже доволна активност во таа насока, без разлика кој е на чело на атинскиот владин кабинет. Многумина Грци сметале дека тоа а начин да се влијае врз владата да заземе поцврст став за заштита на интересите на елинизмот.

Пишувањата на печатот немало влијание врз Делијанис да преземе позасилена дипломатска активност. Тоа била шанса за лидерот на опозицијата Трикупис да ги посети Белград и Софија со цел да види кои биле релните шанси за договор со Србија и Бугарија. Според Трикупис било неопходно да дојде до формирање на една балканска коалиција со цел Османлиската држава да биде принудена да се повлече од Балканот, бидејќи постоела опасност големите сили да го заземат нејзиното место[268]. Тој знаел за неостварливоста на оваа негова идеја во дадениот момент, но посетата на двете балкански престолнини ја направил и во насока на подготовките за враќање на власт. Доаѓањето на Трикупис во српската престолнина предизвикало интерес кај дипломатските претставници на големите сили, но и на Бугарија. Тој се сретнал со кралските претставници, министри, митрополитот Михајло кои сакале да покажат пријателски однос кон него и кон Грција[269]. Големото внимание кое Трикупис го добил во Белград било потврдено со неговиот прием кај српскиот крал, но во разговорите со него и со другите српски претставници не бил постигнат некој договор[270]. Тоа било и нормално. Сепак, Трикупис бил само лидер на грчката опозиција. Интересот на бугарскиот агент во Белград за посетата на Трикупис бил повеќе од очигледен, но и

---

[267] ДАРМ,м-99, -De Rudini, Atene, 11 giugno 1891, ASMAE

[268] Constantinos Svolopoulos, Charilaos Tricoupis et l'entente balkanique: realites et hypotheses formulees a l'occasion de sa visite a Belgrade (juin 1891), Greek-serbian..., p. 69-70

[269] Вьншната ..., 3, ч. 2, док. 434, Белград, 2 юни 1891, с. 136

[270] Вьншната ..., 3, ч. 2, док. 437, Белград, 7 юни 1891, с. 138

логичен. Не само заради најавената посета на овој грчки политичар на Софија. Имено, бугарскиот агент во Белград ја известувал својата влада за гласините кои се шириле во Белград за наводната намера на Трикупис да се спогоди со српската влада за склучување на на еден договор помеѓу Грција, Србија и Црна Гора, кои според извештајот на бугарскиот дипломат најнапред требале да делуваат против бугарските црковни и политички претензии во Македонија[271]. Всушност ова тврдење на Димитров се базирало на еден говор на Трикупис по повод свечената вечера организирана во негова чест. Грчкиот политичар во својот говор ја нагласил неопходноста за грчко-српско делување во Македонија заради заштита на заедничките интереси[272]. Тогаш била спомената можноста за постигнување на договор за сојуз помеѓу наведените блакански држави. Говорот на Трикупис предизвикал внимание и кај османлискиот амбасадор во Белград, кој својата загриженост ја пренел и на претставниците на големите сили. Со цел да добие информации за целта на посетата на лидерот на грчката опозиција на Белград, тамошниот британски амбасадор се сретнал со Трикупис и имале подолг разговор. Грчкиот политичар воопшто не ја криел својата интенција многу брзо да се врати на власт и затоа, како што се искажал, морал да ги посети балканските престолнини. Тој сакал да ги види можностите за протегање на грчките апирации без да се судрат со оние на Србија и Бугарија[273]. Говорејќи за Србија, Трикупис го искажал своето задоволство од разговорите кои ги имал во Белград и уверувањето кое го добил од страна на српските политичари за насоченоста на аспирациите на Белград. Наводно Србија повеќе била насочена кон Босна отколку кон Македонија или поточно "кон оние делови кон кои Грција имала аспирации"[274]. Трикупис знаел дека тоа не било вистина, бидејќи во спротивно би бил постигнат договор со Србите уште при првите разговори на Маврокордатос со Новаковиќ во 1890 година. Сепак, српските аспирации во Македонија, заради сеуште послабата позиција на српската пропаганда, биле помалку опасни за грч-

[271] Вьншната ..., 3, ч. 2, док. 436, Белград, 4 юни 1891, с. 137
[272] ДАРМ,м-165, St. John-Salisbury, Belgrade, 19 june 1891, FO 105/90
[273] ДАРМ,м-165, Lyon-Salisbury, Belgrade, 18 june 1891, FO 105/90
[274] исто

ките интереси. Во разговорот со британскиот амбасадор од страна на Трикупис не била криена намерата за договор помеѓу балканските земји не само за сојуз, туку и за поделба на османлиските територии и посебно на Македонија, нагласувајќи ја можноста големите сили да не се мешаат доколку малите балкански држави се договорат во таа насока [275]. Лидерот на грчката опозиција добро знаел дека скоро било невозможно големите сили, во овој период, да не се вмешаат во поделбата на османлиските територии, па макар истото да биде договорено помеѓу балканските држави, но во моментите кога не бил на чело на грчката влада можел да каже нешто што во спротивниот случај би било сметано за многу опасно, иако неговите ставови за грчко територијално проширување во Македонија не биле никаква тајна.

Трикупис уште не бил пристигнат во Софија, а веќе го искажувал својот скептицизам за можноста од договор со бугарските власти, пред се заради бугарските барања во Македонија, кои според него биле преголеми[276]. Неговиот скептицизам не бил причина да не ја посети Софија. Во бугарската престолнина Трикупис прво се сретнал со Греков на кого му ја изложил својата размисла за прогласување на независност на Бугарија, бидејќи Османлиската држава немала да даде никаков отпор[277]. Греков ја одбил оваа размисла со образложение дека неговата земја е задоволна од моменталната сосотојба и не сакала да ги заостру̀ва односите со големите сили. Трикупис неслучајно ја изложил идејата за прогласување на Бугарија за независна држва. Имено, тој во времето на издавањето на бератите на егзархиските митрополити во Македонија, во разговорите со странските амбасадори во Атина ја подвлекувал поповолната позиција на Бугарија во поглед на црковното прашање заради нејзината позиција во рамките на Османлиската држава. Значи, ако Бугарија прогласи независнот тогаш нејзината позиција ќе биде иста како онаа на Грција.

Главен настан за време на неговата посета на Софија била средбата со претседателот на бугарската влада, Стамболов, кој за водените разговори веднаш го известил британскиот конзул О'Конор. Според

---

[275] исто
[276] исто
[277] ДАРМ,м-164, O'Conor-Salisbury, Sophia, 24 june 1891, FO 287/20

Стамболов, неговиот гостин од Грција му понудил сојуз помеѓу балканските држави, но тој искажал страв од можноста Бугарија да остане со празни раце во случај да го прифати предлогот за сојуз со трите држави[278]. Сепак, Стамболов директно не го одбил предлогот, но ниту пак го прифатил. Бугарскиот премиер најавил разгледување на иницијативата, а потоа преку регуларни дипломатски канали ќе се консултира со грчкиот премиер Делијанис[279]. Одговорот на Стамболов не го воодушевил Трикупис. Грчкиот политичар сега на бугарскиот премиер морал да му ја нагласи личната иницијатива за дадениот предлог, која нема врска со Делијанис, но затоа пак имал разбирање и одобрување од кралот. Како и да е Стамболов немал намера да влегува во преговори за сојуз со некоја балканска држава, а посебно не со Грција за која сметал дека имала послаба позиција. Токму затоа Трикупис нудел сојуз. Доколку Трикупис, според уверувањето на Стамболов, бил убеден во иднината на територијалното проширување на Грција во Македонија и Албанија, тогаш предлогот не би бил понуден[280]. Констатацијата на бугарскиот премиер се покажала точна. Имено, Трикупис во разговорот со британскиот конзул во Софија, пред своето заминување од бугарската престолнина признал дека Грците ја губат почвата под нозе во Македонија и доколку не се преземат чекори во насока на одржување во живот на грчките аспирации тогаш, според неговото уверување, Бугарите ќе земат се[281].

Трикупис во бугарската престолнина се сретнал и со дописникот на лондонски "Тајмс", Баучер со кого се задржал во подолг разговор. Британскиот новинар за разговорот ја информирал владата во Лондон[282]. Нивната средба беше можност за искусниот грчки политичар да ги искаже своите ставови и гледишта не само заради повторување на тоа што веќе беше познато, туку и заради можноста истото да го искаже пред дописник на еден од највлијателните британски весници и личност која не беше наклонета кон грчките аспирации. Лидерот на грчката опозиција го уве-

---

[278] Британски дипломатически..., док. док. 103, София, 23 юни 1891, с. 312
[279] ДАРМ,м-164, O'Conor-Salisbuty, Sophia, 6 july 1891, FO 287/20
[280] Британски дипломатически..., цит. док., София, 23 юни 1891, с. 312
[281] Британски дипломатически..., док. 102, София, 25 юни 1891, с. 316
[282] Надя Данова Към въпроса за българо-гърцките отношения през последното десетлетие на XIX век, Studia Balcanica,12, София, 1976, с. 111

рувал Баучер за можноста од постигнување на договор со Србија во блиска иднина без да даде прецизен одговор дали бил постигнат договор околу линијата за разграничување, бидејќи сеуште не бил постигнат договор со Софија која требала да се изјасни по прашањето за сојуз[283]. Трикупис, со оглед на последните успеси на бугарската балканска политика и наклонетоста на големите сили кон Софија, не ја исклучувал можноста Бугарите негативно да се изјаснат за понудата за сојуз, иако со нивна помош балканската конфедерација би била многу посилна и полесно би била совладана османлиската војска. Тој, реално гледано, не верувал во можноста Софија да се приклучи кон идниот сојуз, но посетата на бугарската престолнина и понудата за сојуз до тамошната влада беше шанса да се демантираат гласините, кои беа точни, за неговата желба да се постигне договор за сојуз помеѓу Грција, Србија и Црна Гора насочен против османлиската држава, но и против Бугарија. Во однос на Македонија тој, пред британскиот новинар, не го криел своето стравување, кое постојано било присутно во неговите мисли, од можноста големите сили да ја искористат неслогата помеѓу малите балкански држави и во погоден момент да го отворат македонското прашање и истото да биде решено во нивна корист, притоа потенцирајќи ја можноста Австро-Унгарија да дојде до Солун, бидејќи Русите би ги добиле Романија и Бугарија[284]. Токму тука лежи стравот на Трикупис и неговата желба за сојуз со балканските држави со цел побрзо да се остварат грчките аспирации. Тој, како и многу други Грци, добро знаел за неможноста на неговата земја сама да ги реализира апетитите за територијално проширување, но и за опасноста некоја голема сила или сили да го заземат местото на султановата држава на Балканот. Тоа би претставувало крај на сите грчки, и не само грчки амбиции за територијално проширување на сметка на Османлиската држава. Затоа по малку е чудно неговото тврдење за можноста големите сили да прифатат промена на стаус -квото на Балканот, доколку балканските држави заедно работат на протерувањето на Османлиската држава од европскиот континент. Резултатите од посетата на Софија беа лоши и тоа Трикупис не го криел, бидејќи лично не очекувал некои спектакуларни придобивки од

[283] ДАРМ,м-165, Buorchier-St. John, Sofia, 27 june 1891, FO 105/90

оваа негова посета. Тој и така непосредно пред пристигнувањето во бугарската престолнина не беше оптимист во поглед на резултатите од разговорите кои требаше да ги води со бугарските политичари.

Добро промисленият потег на Трикупис за информирање на британскиот амбасадор во Атина околу неговите разговори со В'лкович во 1890 година, како што рековме нема да бидат заборавени од страна на Бугарите. Токму неговата посета на Софија и понуди на бугарската влада голема шанса да го возврати ударот. Таквата можност бугарскиот премиер нема да ја пропушти. Стамболов шансата не ја гледал само како освета, туку и како можност да покаже кој работи против интересите на султанот, а кој е за соработка со него. Бугарската дипломатија, уште при неговата посета на Белград, доставувала информации до Портата за говорите на Трикупис во српската престолнина околу потребата да дојде до поделба на османлиските територии[285]. Начович, под изговор за приватна посета на Цариград, лично ги пренел информациите до султановата влада, но и до британскиот амбасадор во османлиската престолнина[286].

Делувањето на бугарските дипломати го принудило грчкиот амбасадор во Цариград трескавично да работи и на многу места да ги негира гласините за предлозите на Трикупис со коментар дека истите се вешт маневар на Стамболов со цел нешто да добие од Портата[287].

Владата во Атина, исто така, мораше да дава одредени објаснувања. Идеите на Трикупис изнесени за време на неговата балканска турнеа не беа во согласност со политиката на владата на Делијанис[288]. Грчкиот премиер првично не сакал многу да ги коментира гласините за предлозите на Трикупис изнесени во разговорите со Стамболов, правдајќи се со немање подетални информации, но не пропуштил да го изнесе својот сомнеж во вистинитоста на истите[289]. Сомнежот бил насочен кон изворот на информациите, а тоа била бугарската влада. Иако сомнежот бил оправдан, заради ривалството помеѓу двете страни, сепак информациите биле

---

[284] исто
[285] Граѓа за ..., т. V, кн. 2, док. 92, Цариград, 3 јуни 1891, с. 229
[286] ДАРМ,м-156, Jane-Salisbury, Therapia, 31 july 1891, FO 78/4346
[287] Вьншната ..., 3. ч. 2, док. 444, Цариград, 24юни 1891, с. 144
[288] Constantinos Svolopoulos, Charilaos Tricoupis et..., p. 69
[289] ДАРМ,м-164, Monson-Salisbury, Athens, 3 july 1891, FO 287/20

точни. Делијанис, сакајќи да го намали шумот од посетата на Трикупис на бугарската престолнина посочил на заедничкото присуство на Стамболов и Трикупуис на еден банкет на кој исто така присуствувале и странските дипломатски претставници во Софија. Сепак, тој не пропуштил да го искаже своето несогласување со принципите на Трикупис за балканска унија, бидејќи според неговото мислење не постоела потреба за чекори во тој правец, а и големите сили не би го одобриле формирањето на таа унија[290]. Делијанис за разлика од многу негови порано искажани ставови, сега бил во право. Грчкиот премиер во разговорот со британскиот дипломатски претставник во Атина отворено се изјаснил против соработка со Белград и Софија. Меѓутоа интересен е неговиот интерес за можноста Бугарија да ги напушти аспирациите кон Егејот, доколку и биде даден излез на Јадранското море[291]. Иако може да ја разбереме желбата на Делијанис да ја насочи Бугарија кон област од помал интерес за Грција, сепак овој негов интерес, кој не бил искажан во форма на идеја не бил логичен и основан. Како и да е реакциите и говорите на Делијанис по повод посетата на Трикупис на Белград и посебно на Софија само го потврдуваат веќе познатиот факт за дијаметрално спротивните ставови на дваесетата грчки политичари, во овој случај во однос на грчката надворешна политика.

Тврдењето на Делијанис за незаинтересираноста на неговата влада за постигнување на договор со Србите најдобро се манифестира во Битола и Скопје. Грчкиот битолски конзул воопшто не бил расположен да им помогне на српските пропагандни активности. Напротив, тој како услов за соработка, советувал постигнување на договор помеѓу владите во Атина и Белград околу интересните сфери, при што јасно им ставил до знаење на Србите дека мора нивните пропагандни активности да ги концентрираат северно од Битола[292]. Овој став на грчкиот конзул не бил изненадувачки со оглед на веќе утврдената позиција на Атина во поглед на Битола. Кон крајот на јули 1891 година овој македонски град бил посетен од страна на извесен Сакеларопулос, службеник на грчкото министерство за надворешни работи, кој бил придружуван од Јаланос, книжевник. Целта на

[290] ДАРМ,м-164, Monson-Salisbury, Athens, 10 july 1891, FO 32/627
[291] исто
[292] Граѓа за ..., т. V, кн. 2, док. 144, Битола, 31 јули 1891. с. 322

нивната посета била поврзана со грчките пропагандни активности. Сакеларопулос и Јаланос се сретнале и со српскиот конзул во Битола пред кого воопшто не го криеле своето спротивставување на било каква словенска богослужба[293]. Уште повеќе, Сакеларопулос го критикувал локалниот патријаршиски митрополит за наводната негова помош на српската пропаганда северно од Битола со закана за престанок на добивање на помош од Атина.

Во Скопје, исто така, немаше видливи знаци за приближување или пак за помирување помеѓу двете пропаганди. Развојот на настаните во градот го принудиле и рускиот амбасадор во Цариград да му упати критика на Маврокордатос за однесувањето на Грците по однос на скопското прашање[294]. Реакцијата на рускиот дипломат не била без позадина, бидејќи официјален Петроград настојувал грчко-српското недоразбирање да биде решено во српска корист, а тоа било првично прифатено од Грците, но очигледно не било исполнето. Сепак, српските очекувања во Скопје, во овој период, биле премногу оптимистички. Дури и српскиот пратеник во Цариград верувал во спремноста на грчката влада во времето на Трикупис за отстапување на призренската, скопската и охридската епархија на Србите[295]. Не може да се негира најавата преку одредени атински весници за спремност на тогашната влада на Трикупис за концесии во наведените епархии, но нема официјален предлог од страна на Атина во таа насока во времето кога споменатиот грчки политичар беше на чело на атинската влада. Интервенцијата на рускиот амбасадор не дала резултати. Напротив, грчкиот конзул во Скопје не покажувал знаци на попуштање. Имено, при изборот на делегати кои ќе учествуваат на изборот на новиот Патријарх предвид биле земени само претставниците на грчко-влашката заедница. Во еден разговор со својот српски колега, Струнарис нагласил дека без разлика кој ќе биде Патријарх или пак митрополит во Скопје, двајцата ќе морале да го слушаат грчкиот амбасадор во Цариград и конзулот во

[293] исто, с. 323
[294] Граѓа за ..., т. V, кн. 2, док. 156, Цариград, 11 август 1891, с. 341
[295] исто

споменатиот град[296]. Грчкиот конзул бил делумно во право, но во Атина имало и други размислувања.

Во времето кога бил актуелен изборот на новиот Патријарх, после извесни анализи, грчкото министерство за надворешним работи испратило циркуларно писмо до своите конзули во Македонија во кое се наведува загубата на грчката кауза во оваа област и потребата од промени во однесувањето со цел да се засили елинизмот[297]. Атина била свесна за потребата од соработка со патријаршијата и покрај честите несогласувања и затоа советувала продолжување на соработката. Само така, се наведува во писмото, двата дела-во Османлиската држава и во Грција ќе го обезбедат заедничкиот интерес на Грците, кој мора да биде силен. Според министерството за надворешни работи мора да се почитува позицијата на патријархот како етнарх[298]. Исто така не била пропуштена можноста за нагласување од потребата на добри односи со османлиските власти, посебно оние на локално ниво[299]. Подобрувањето на односите со османлиските власти било императив, бидејќи во спротивно грчката пропаганда на теренот би била под силен османлиски притисок.

Освен на подобрување на односите со Портата, во Атина се размислувало и за проектот за испраќање на лекари во Македонија, со цел да биде засилена грчката пропаганда. Проектот не бил нов. Грчките конзули во Македонија, како и порано, давале свои предлози по прашањето на испраќање на лекари. Така грчкиот конзул во Битола на 3 октомври испратил писмо до атинското министерство за надворешни работи кое содржело конкретен предлог по наведеното прашање. Според Јанопулос, заради важноста на Македонија за грчките интереси, испраќањето на лекари во делот од Македонија, кој е под негова надлежност, требало да се одвива во две фази. Во првата фаза треба да се испратат лекари во Лерин, Ресен, Крушево и Костур, а во втората во Охрид и Прилеп, каде веќе имало локални лекари кои и служеле на грчката кауза[300].

---

[296] Граѓа за ..., т. V, кн. 2, док. 202, Скопје, 27 септември 1891, с. 419
[297] Σ. Βουρη, Πηγες..., δ. 42, Αθηναις, 7 σεπτεμβριου 1891, σ. 207
[298] исто, с. 208
[299] исто, с. 209
[300] К. Βακαλοπουλου,-Ο βορειος..., σ. 47

Во средината на септември 1891 година во Атина пристигнал поранешниот бугарски министер за надворешни работи, Марко Балабанов. Неговото доаѓање во грчката престолнина предизвикало интерес на османлискиот пратеник кој се сомневал во целите на посетата и истата ја поврзувал со јунската посета на Трикупис на Софија[301]. Со неговото мислење се согласило и османлиското министерство за надворешни работи. Сепак, османлиските стравувања биле претерани. Имено, Балабанов немал задача од бугарската влада да го сондира теренот околу можно приближување со Грција[302]. Доколку тоа го сакала би го направила и порано, а исто така и бил познат ставот на владата на Делијанис за несоработка со другите балкански земји по прашањето на османликсте територии.

Скоро истовремено со посетата на Балабанов на Атина, владата во Белград донела решение за повторно испраќање на свој дипломатски претставник во грчката престолнина. Нов српски пратеник во Атина станал Владан Ѓорѓевиќ. Неговото назначување ќе предизвика интерес кај странските дипломати во Белград, посебно кај британскиот амбасадор, Сент Џон. Тој дури назначувањето на Ѓорѓевиќ го поврзува со неодамнешната посета на Трикупис на српската престолнина[303]. Секако тоа не било точно. Целта на белградската влада, со назначувањето на Ѓорѓевиќ за српски пратеник во Атина, била да се продолжи со прекинатиот дијалог на Новаковиќ со Маврокордатос околу Македонија. Ѓорѓевиќ на почетокот на октомври пристигнал во Атина и веднаш ги остварил првите контакти со грчките политичари, првенствено со оние од владата. Тој се сретнал со грчкиот премиер Делијанис, кој во разговорот со српскиот дипломат не ги криел своите симпатии кон Србија[304]. Наместо да го оцениме однесувањето на Делијанис како израз на хипокризија, ќе констатираме непостоење на симпатии за Србите во делувањето на грчките конзули во Македонија. Меѓутоа тоа било нормално во односите помеѓу две држави, кои навидум

---

[301] Документи за ..., т. 4, док. 201, с. 123

[302] Посетата на Атина се однесувала на интересот на Балабанов, кој своето високо образование делумно го стекнал и во грчката престолнина, за грчкиот образовен систем. Најверојатно неговата средба со грчкиот министер за надворешни работи, Делигеоргис, била иницијалната каписла за османлискиот сомнеж. (види повеќе кај Nadja Danova, Le voyage en Grèce de Marko Balabanov, en 1891, et son journal, Balkan Studies, v.25/2, Thessaloniki, 1984, p. 309-320)

[303] ДАРМ,м-165, St. John-Salisbury, Belgrade, 27 september 1891, FO 105/90

немале поголеми недоразбирања. Тоа му било добро познато на Ѓорѓевиќ. Истото го знаеле и српските конзули на теренот. Во времето кога во Атина пристигнал новиот српски пратени, во Скопје дошол новиот грчки конзул, Пападопулос, кој го заменил Струнарис[305], познат по своето противење на српските аспирации во Скопје. Пападопулос се сретнал со својот српски колега, Карић, кој од своја страна не ја криел разочараноста од однесувањето на претходниот грчки конзул. Новонаименуваниот грчки конзул се согласил со Карић, нагласувајќи ја самоволноста на Струнарис, кој наводно работел спротивно на владините инструкции и погрешно ги толкувал министерските наредби. Во својот извештај до Белград по повод овие ставови на Пападопулос, Карић го искажал своето неверување во истите[306]. Многу брзо овој негов сомнеж ќе биде потврден.

Делијанис бил познат по неприфаќањето на поблиска соработка со било која балканска земја во однос на остварувањето на грчките аспирации, тој сепак еден месец по пристигнувањето на Ѓорѓевиќ во грчката престолнина го пратил Метаксас во Белград како нов претставник на грчкото кралство[307]. Најверојатно грчкиот премиер сакаше да има информации од прва рака од српската престолнина, како што имаше српската влада од Атина после доаѓањето на Ѓорѓевиќ.

Познато беше стравувањето на секоја атинска влада од можноста за австроунгарски продор кон Солун. Овој страв бил присутен и кај владата на Делијанис. Тоа пак не беше пречка атинските министри да бараат помош од Виена за грчката прогаганда во Македонија. Тогашниот грчки министер за надворешни работи, Делигеоргис, во еден разговор со пратеникот на дунавската монархија во Грција, баронот, Косјек, ја изнел потребата за помагање на грчката пропаганда од страна на Австро-Унгарија во Македонија, но тоа било одбиено од страна на австрискиот дипломат[308]. Одговорот на Косјек можел да се очекува со оглед на константното антиавстриско расположение на грчкото јавно мислење, кое

---

[304] Граѓа за ..., т. V, кн. 2, док. 211, Атина, 8 октомври 1891, с. 439
[305] Граѓа за ..., т. V, кн. 2, док. 219, Скопје, 17 октомври 1891, с. 455
[306] исто, с. 456
[307] Dimitrije Djordjević, La societe "L'Aliance des peuples des Balkans" en Servie en 1890-1891, Balkan Studies, , 4/2, Thessaloniki, 1963, p. 146
[308] Владан Ђорђевић, Србија и Грчка 1891-1893, Београд, 1923, с. 66

било поттикнувано од владиното однесување. Иако владата на Делијанис не посветувала големо внимание на надворешната политика, како што тоа го правеше Трикупис, пишувањето на атинскиот, посебно опозициски от, печат му давале право на Косјек. Имено, во весникот "Акрополис", близок до Трикупис, во ноември 1891 година се појавил напис за потребата на Грција да се приклони кон руско-француски от, а не кон тројниот сојуз[309]. Пишувањето на овој атински весник не е никакво изненадување ако се има предвид традиционалната наклонетост на Трикупис кон Франција и повременото, иако неискрено кокетирање на Трикупис со Русија. Меѓутоа најинтересно во овој напис е да се забележат причините за потребата Грција да се приближи кон Париз и Петроград. Според авторот, на статијата ниту Франција ниту пак Русија не би имале ништо против Грција да ги добие Епир, егејските острови и поголемиот дел од Македонија[310]. Токму аспирациите на Виена кон Солун и на Лондон кон Крит, како и наводната нивна желба да создадат голема бугарска држава, како брана кон Русија, биле главните причини за дистанцирање на Грција од Тројниот сојуз и од Велика Британија. Спротивно на желбите на државите од Тројниот сојуз и Велика Британија, големата грчка држава би била погодна за Франција и особено за Русија, бидејќи Виена би била спречена во своето продирање кон Солун, а Велика Британија би била оддалечена од Егејот[311]. Тоа било мислењето на авторот. Многу често биле пуштани во оптек слични варијанти, но тие исто толку често не биле реални. Имено прашање е колку на Русија би одговарала голема грчка држава, не заради моќта која истата би ја имала, туку пред се заради негативното искуство од минатото. Имено, Русија беше една од силите кои придонесоа за грчката независност, но многу брзо нејзиното влијание во Атина беше минимизирано. Што се однесува до позицијата на Велика Британија околу Егејот, доволно е да потсетиме на нејзинито присуство на Кипар со што на некој начин можеше да контролира дел од Егејското море, иако не може да се негира нејзиниот интерес за најголемиот османлиски остров, Крит

[309] исто, с. 68
[310] исто
[311] исто, с. 70

кој Грција го сметаше за сигурна своја добивка со оглед на грчкото мнозинство на островот, но така беше и на Кипар.

Во октомври 1891 година беше избран нов Патријарх во Цариград. Тоа беше поранешниот битолски митрополит Неофит, сега Патријарх Неофит VII. Неговиот избор предизвикал одредено изненадување во Атина, бидејќи главни кандидати за патријаршискиот престол беа поранешниот Патријарх Јоаким III и митрополитот Германос[312]. Иако изборот на Неофит бил изненадувачки за Атина, тамошните влијателни политички кругови во власта и во опозицијата не го криеле своето задоволство од неговиот избор, бидејќи била позната аверзијата која Атина ја имала кон Јоаким III. Задоволство од изборот на Неофит искажал и грчкиот амбасадор во Цариград, Маврокордатос, кој на новиот српски пратеник во османлиската престолнина му го пренел и своето уверување за наклоноста која постоела кај новиот Патријарх покрај за грчките и за српските интереси[313]. Ова уверување на Маврокордатос воопшто не е изненадувачко, со оглед на обвинувањата за подршката на српските аспирации на кои Неофит беше изложен, во времето кога беше битолски митрополит.

Српскиот пратеник во Атина ги продолжил контактите со грчките политичари. Тој остварил средба со лидерот на опозицијата, Трикупис. Средбата не беше остварена само од куртоазија, туку и заради се поочигледната можност да дојде до промена на владата во Атина. Позната беше наклонетоста на Трикупис, во овој период, за соработка со другите балкански народи во насока на остварување на грчките аспирации, доколку истата не е штетна по интересите на елинизмот. Неодминливо прашање во разговорите помеѓу Трикупис и Ѓорѓевиќ беше и можноста за завршување на преговорите кои биле започнати помеѓу пратениците на двете држави во Цариград[314]. Оптимизмот беше присутен и кај Трикупис и кај српскиот пратеник. Имено, двајцата соговорници го искажале своето уверување во можноста за брзо завршување на разговорите и постигнување на договор. Спротивното би било изненадување, иако преговорите, кога се одвивале, оделе многу тешко.

---

[312] Граѓа за ..., т. V, кн. 2, док. 225, Атина, 29 октомври 1891, с. 467
[313] исто, с. 473
[314] В. Ђорђевић, Србија и Грчка, с. 82

Интересот на Ѓорѓевиќ го привлекла и една статија објавена во атинскиот весник "Етники", во која се советува Трикупис, наместо да оди во Белград и Софија, да ги подобри односите со австрискиот и рускиот амбасадор во земјата. Според авторот на текстот сите држави во регионот зависат од големите сили и нема целисходност од било каква балканска федерација[315]. Во однос на Македонија авторот на статијата ја повторува грчката теорија за трите зони во оваа област од која за првата се наведува дека била српска, зошто населението говорело јазик сличен на српскиот, но за разлика од претходно искажаните ставови за спорноста на средната зона, во "Етники" се наведува поволноста за грчката работа во таа зона, бидејќи српско-бугарскиот судир истата ја овозможувал.

Ставот на грчката влада за митрополитот Теодосиј веќе го образложивме, но во овој период Атина покажала интерес за неговото делување во Скопје. Причината лежи во судирот на скопскиот митрополит со Егзархијата. Иако во Атина немало расположение за обнова на Охридската Архиепископија, сепак судирот помеѓу Теодосиј и Егзархијта бил оценет како позитивен за Грција[316]. Сличен став имала и Патријаршијата, која не преземала непријателски чекори, очекувајќи го изјаснувањето на Теодосиј по понудата за враќање под нејзина црковна јурисдикција. Теодосиј не бил наивен во поглед на релативно пријателското држење на Грците. По тој повод и самиот има изјавено:"Во ист ден сите грчки весници во Атина и Цариград ме мамат да тргнам да се поклонам пред Патријархот во Цариград. Откако ќе го приведам стадото, ајде Теодосиј на Родос"[317]. Неговиот став се покажал исправен. И покрај обидот на Грците да го искористат судирот помеѓу Теодосиј и Егзархијата мора да се напомене македонскиот духовник не можел да биде полезен за грчките интереси. Тој, како што самиот истакнува:"Турците земаат имоти и животи на рајата, но не посегнуваат врз неговиот дух. Тие го уништуваат телото, но духот го почитуваат. А нашата света Егзархија го убива ова другото, постојаното...Јас тргнав да ја обновам Охриската архиепископија и враќање назад нема. Не сум сигурен дека ќе успеам, зашто многу е направено од нашите

[315] Граѓа за ..., т. V, кн. 2, док. 230, Атина, 5 ноември 1891, с. 480
[316] С. Димевски, Митрополит скопски..., с. 147
[317] исто, с. 202, фус. 4

"пријатели" да дојде до ваква положба. Но време е да се почне со сеидбата..."[318]. Иако Теодосиј под "пријатели", во конкретниов случај, ја сметал Егзархијата и нејзините великодостојници, истото можело да и се припише и Цариградската патријаршија. Таа се претставувала како екуменска и наднационална, но делувањето на нејзините претставници не го потврдувале тоа.

Теодосиј Гологанов не беше единствениот кој во овој период се залагаше за својата татковина и делуваше во правец на нејзиното културно воздигнување. Во Софија кон крајот на 1890 година беше организирано Македонската студентско друштво кое меѓу другото за цел имало да им се спротивстави на "и на туѓите пропаганди што го цепат народот на Срби, Грци и Бугари"[319]. Ова студентско друштво во март 1891 година ќе ги прекине своите активности, но во втората половина на истата година ова здружение претставуваше основна клетка од која израсна Младата македонска книжовна дружина[320]. Оваа дружина го основала и списанието "Лоза" преку кое осмислено ги покренуваше за изградување на македонскиот правопис и јазик[321]. Сето ова ни говори дека меѓу одредени македонски интелектуални кругови се работело во правец на зацврстување на македонската свест.

Грчките политички кругови во овој период беа под импресија на објавениот "Проглас на силогосот Македонија на Македонците до македонските народи". Атинските весници посветиле големо внимание на прогласот, кој во грчката престолнина бил растуран од страна на Стефан Македон. Самиот проглас според датумот и местото на издавање бил објавен во Цариград уште на 15 април 1891 година[322], но биле потребни неколку месеци истиот да се најде во Атина и да стане предмет на жестоки реакции. Причината за реакциите бил самиот текст на прогласот во кој се

[318] Д. Димески, Македонското..., с. 127
[319] Ванчо Ѓорѓиев, Петар Поп Арсов-прилог кон проучувањето на Македонското националноослободително движење, Скопје, 1997, с. 27
[320] исто, с. 28
[321] исто, с. 28-34
[322] Граѓа за ..., т. V, кн. 2, док. 250, Атина, 10 декември 1891, с. 517. (При истражувањето не сретнавме податоци кои би ја потврдиле датата и местото на издавањето)

говори за потребата од единство на сите Македонци[323], иако употребата на тој збор во текстот на прогласот не значел и етничка припадност. Текстот не одговарал на замислите на грчките политички, но и интелектуални кругови, кои Македонија ја гледале како претежно грчка земја. Весниците жестоко реагирале на објавувањето на текстот во Атина со констатација за непостоење на Македонски силогос во Цариград. Тие исто така ја критикувале и индолентноста на атинскиот Македонски силогос, кој не реагирал на појавата на прогласот, иако дел од македонските емигранти во Атина се противеле на неговото распространување[324]. Критиките во атинскиот печат го принудила македонскиот Силогос да реагира со цел да се огради од секоја солидарност со прогласот. Во однос на објавувањето на прогласот се искажал и лидерот на грчката опозиција Трикупис, кој целата работа ја нарекол словенофилска и претпоставувал дека тој бил дело на Леонидас Вулгарис[325]. Индикативно е неговото изјаснување за оваа активност како за словенофилска, а не бугарска како што во минатото многупати тој и други грчки политичари се изјаснувале за слични работи во однос на Македонија. Сепак, тој кажал и една вистина. Имено, кога говорел со српскиот пратеник во Атина околу издавањето и целите на прогласот, Трикупис го нагласил слабото влијание на Вулгарис, за кого не можеме да тврдиме дека бил или пак не бил еден од составувачите на прогласот, во грчкото општество. Како и да е, силината и жестокоста на реакциите во Атина по повод објавувањето на прогласот, без разлика дали зад него стоело непостоечко друштво, претставува најдобар показател за расположението кое владеело во Грција во однос на Македонија.

Грчката дипломатија, очекувано, постојано беше активна на теренот во Македонија. Нејзините дипломатски претставници постојано испраќале исцрпни извештаи за тоа што се случувало во оваа османлиска област и паралелно со нив нуделе свои решенија за засилување на позицијата на елинизмот во Македонија. Грчкиот конзул во Солун, во еден свој извештај од 16 јануари 1892 година, ја нагласил потребата за поголемо ангажирање

[323] исто, с. 517-518; Љубен Лапе, Одбрани текстови за историјата на македонскиот народ, т. 2, Скопје, 1976, с. 298-299
[324] Граѓа за ..., т. V, кн. 2, цит. док., Атина, 10 декември 1891, с. 516-517
[325] исто, с. 519

на учителите во грчките училишта на политички план со единствена цел-засилување на елинизмот, бидејќи нивните активности, според конзулот, биле само на образовно поле[326]. Темпото со кое биле формирани нови пропагандни здруженија, можеби било помало во однос на минатото, но не престанало. Со цел да се подобри позицијата на елинизмот во Лангада било формирано здружението "Филопроодос"-"името на здружението ја открива идеологијата на тие што ја проповедале-заедничкото потекло и националната чистота се сметале за "прогресивен"настан"[327].

Додека Ѓорѓевиќ ги испитуваше можностите за продолжување на грчко-српскиот дијалог во Атина, грчката влада постојано добиваше информации од својот претставник во Белград за српските аспирации во Македонија. Така во еден извештај на Метаксас до министерството за надворешни работи е направена една анализа на српските аспирации врз основа на научните прилози на некои српски интелектуалци[328]. Карактеристичен е детални от опис на ставовите на српските интелектуалци, посебно кога биле во прашање територијалниот обем на аспирациите, осебено на оние до реката Бистрица, нивната историска поткрепа и бројноста на населението, кое е означено. Метаксас не пропуштил да напомене кога започнува да се користи терминот Стара Србија и од која причина. Поимот Стара Србија, нагласува Метаксас започнал да се користи по формирањето на автономното српско кнежество и ги означувал територииите на старото српско кралство кои останале под османлиска власт. Со други зборови овој поим можел да опфаќа области во Македонија кон кои Грција имала аспирации. Атина тоа го знаела од порано, но во моменти кога во грчката престолнина имало српски пратеник дојден со цел да ги продолжи преговорите со Србија околу одредувањето на граничната линија на интересните сфери, добредојдени биле сите информации и анализи со цел подобро да се процени потребата од продолжување на преговорите или пак да се заземе подобра позиција доколку истите продолжат.

---

[326] Ε. Μπελια, Εκπαιδευση..., σ. 126

[327] А. Каракасиду, Полиња жито..., с. 104

[328] ΑΥΕ/Β', 1892, Πρεσβιας Βουκουρεστιον+Βελιγραδον, α. 27,εν Βελιγραδιν, 20 ιανουαριον 1892

Владата во Атина побарала од своите конзули во Македонија да изготват извештаи за можната гранична линија, која би се барала во преговорите со Србите. Грчкиот конзул во Солун, Докос, изготвил една поопширна анализа во која ги опфаќа и оние делови на Македонија кои не биле под негова јурисдикција. Според него, Србите отвориле конзулат во Солун, иако во градот и околината немало српско население[329]. Активностите на Србите, нагласува Докос, најмногу се концентрирани во реоните северно од Битола, посебно околу Кичево, Дебар и Охрид. Тоа не значи непостоење на активности и јужно од Битола. Така, Србите отвориле книжарница во Воден и истата е контролирана од страна на српскиот конзул во Битола. Грчкиот конзул во Солун повикува на внимателност во однос на македонското прашање со цел да не бидат изневерени грчките надежи. Правејќи опширна анализа на српската позиција во поголемиот дел од Македонија, тој го дава своето мислење за линијата на разграничување, која требала да почне од Струга и да се движи северно од Битола, оставајќи го Прилеп на Србите, а Мариово на Грците, оттука да продолжи кон Демир Капија, при што малите места Кавадарци и Неготино би ги добиле Србите, но затоа пак Струмица, Мелник и Неврокоп морале да останат во грчката зона[330]. Воочливо е скоро целосното поклопување на линијата на Докос со онаа која беше усвоена во Атина на почетокот на осумдесеттите години на XIX век. За разлика од неговиот став околу линијата на разграничување, грчкиот конзул во Скопје бил многу порадикален. Имено, Пападопулос и советувал на владата во Атина, во преговорите со Србите, да се бара граница на Шар планина[331]. Својот став тој го правдал со стратегискиот интерес на Грција и политички и трговски. Сега некако е појасно и неговото не многу пријателско однесување кон српската пропаганда во Скопје. Тој бил и тема на разговор на службеникот во грчкото министерство за надворешни работи, Разис и српскиот пратеник во Атина, кој се жалел на однесувањето на Пападопулос. Разис не ја негирал можноста од претерување на грчкиот конзул во Скопје, но во отсуство на

---

[329] ΑΥΕ/Β', 1892, Πρεσβιας Κωνσταντινοπολιν, α. 60, Θεσσαλονικη, 19 φεβρουαριου 1892
[330] исто
[331] ΑΥΕ/Β', 1892, Πρεσβιας Κωνσταντινοπολιν, α. 59, Σκοπια, 14 μαρτιου 1892

министерот Мелетопулос, тој не можел да даде никакви ветувања[332]. Многу брзо ќе дојде до средба помеѓу грчкиот министер за надворешни работи и Ѓорѓевиќ, на која Мелетопулос ќе го правда својот конзул во Скопје со неговата немоќ кога се работи за прашања кои зависат од Патријаршијата и интересите на тамошната грко-влашка заедница[333]. Мелетопулос не заборавил да ја нагласи поголемата бројност на патријаршиската општина која имала 150, додека Србите вкупно имале 10 до 15 семејства. Сепак тој ветил праќање на инструкции до Пападопулос за "попомирлив однос кон Србите"[334].

Во Грција било традиција разни здруженија или пак личности кои не биле секогаш блиски до владата да се занимаваат со грчките национални аспирации и да водат разговори на таа тема со преставници на странските мисии во Атина. Така ректорот на атинскиот универзитет, Павлос Јоанос, кој бил родум од Македонија, во разговорот со српскиот пратеник ја нагласил потребата од постигнување на спогодба помеѓу Атина и Белград и ја отворил можноста Битола да потпадне во српската интересна зона[335]. Ѓорѓевиќ, како еден искусен дипломат не сакал да навлегува во подетални разговори со ректорот и во својот одговор преговорите ги оставил на официјалните лица. Тој не можел ништо да очекува од разговор со еден човек, кој немал поголемо влијание во грчкиот политички живот.

На почетокот на јуни 1892 година во Атина доаѓа до промена на власта и враќање на Трикупис на чело на владиниот кабинет. Трикупис уште на почетокот сакал да покаже активност во поглед на надворешната политика, бидејќи, според неговото уверување, не смеело да се губи време и супериорноста на грчката морнарица морала веднаш да се искористи[336].

---

[332] В. Ђорђевић, Србија и Грчка, с. 156-157

[333] исто, с. 168. (Според грчкиот историчар Евангелос Кофос, односот на Грција кон српските барања не бил лимитиран само од атинските кругови и Патријаршијата, туку и од манифестациите на , како што вели, малите грчки заедници во Северна Македонија или пак од водствата на истите заедници. Нивниот однос и борбата околу контролата на образовните и црковните институции, според Кофос била остра заради стравот од исчезнување на тие мали заедници. Според неговото мислење, градењето на училишните згради и на црквите било финансирано со донации на влијателни Грци, а тоа претставувало голема пречка за трансфер на истите на Србите, дури и ако Патријаршијата или пак грчката влада инсистирале на тоа. - E. Kofos, Greek-serbian relations..., p. 100)

[334] В. Ђорђевић, Србија и Грчка, с. 169

[335] исто, с. 179

[336] ДАРМ,м-165, Monson-Salisbury, Brussels, 26 june 1892, FO 32/639

Меѓутоа, уште на почетокот на неговото предпоследно раководење со грчката влада се соочил со една нималку пријатна најава. Лондонскиот весник "Тајмс" објавил една вест за можно поврзување на бугарските железници со османлиските и тоа кај Деде Агач и Драма[337], а понатаму линијата би водела кон Солун. Грчките весници веднаш реагирале на веста со пишување на коментари за опасностите кои ова поврзување ги носело за елинизмот, а и јавното мислење започнало да реагира. Трикупис не чекал да прође време и презел мерки, пред се, за испитување на вистината за написите околу можноста за османлиско-бугарско железничко поврзување. Едноставно тој се плашел Бугарите да го добијат тоа што тој со години не успеваше да го добие-железничко поврзување со Османлиската држава. Одговорот на грчкиот конзул од Солун воопшто не бил поволен. Докос ги потврдил информациите за наводната можност за железничкото поврзување помеѓу Бугарија и Османлиската држава, а исто така го информирал грчкиот премиер за своите сознанија околу констатацијата на Паул Краусе за неисплатливоста на проектот за поврзување на османлиските со грчките железници[338]. Во Грција овие информации предизвикале голема загриженост -"Не е потребно да се каже дека овие вести го алармирале грчкото министерство за надворешни работи, кое беше свесно за разурнувачките политички импликации на националната борба во Македонија"[339]. Сепак за среќа на грчките интереси, османлиското воено министерство не сакало железничко поврзување не само со Грција, туку ниту со Бугарија. Ниту едната ниту другата балканска земја не беа сметани за пријателски од страна на османлиските власти.

Доаѓањето на Трикупис на чело на грчката влада создаде поволни услови во кои можело да се разговара за главната цел на мисијата на Ѓорѓевиќ во Атина, а таа била склучување на спогодба за интересните сфери во Македонија[340]. Надежите за конечниот договор беа големи, а една од целите беше "да ја пропагираат идејата дека во Македонија постојат само Срби и Грци"[341]. Меѓутоа, разговорите ќе покажат колку желбите

[337] ДАРМ.м-102, Fe-il ministro degli affari esteri, Atene, 24 giugno 1892, ASMAE
[338] B. Gounaris, Greco-turkish..., p. 324
[339] исто
[340] С. Терзић, Србија и ..., с. 334
[341] L.S. Stavrianos, The Balkans..., p. 552

биле нереални. Тоа се видело уште на првата средба на Драгумис, новиот грчки министер за надворешни работи, со Ѓорѓевиќ. Имено, Драгумис се согласил со потребата за конечно спогодување за Македонија, но истовремено изразил сомнеж за користа на спогодбата, бидејќи нејзиното спроведување зависело и од Патријаршијата[342]. Драгумис бил сосема во право, но исто така не може да се одбегне и фактот за влијанието на атинската влада врз Патријаршијата, иако не секогаш нивните односи биле на завидно ниво. Друг показател за сериозноста на разликите помеѓу двете земји во Македонија било континуираното грчко-српско недоразбирање во Скопје. За таа цел Ѓорѓевиќ подготвил еден мемеорандум во кој патријаршискиот митрополит Методиј бил обвинет за дела кои отварале простор за делување на егзархискиот владика, Максим. Во поглед на скопското прашање Трикупис го упатил Ѓорѓевиќ да се разговара со Драгумис[343]. На средбата со српскиот пратеник, грчкиот министер за надворешни работи како одговор на српските поплаки од делувањето на грчкиот конзул во Скопје, кое според српските толкувања, било во нивната сфера, одговорил со можноста за изнесување на многу поплаки во однос на делувањето на српскиот конзул во Битола, која според грчките видувања, била во грчката сфера. Значи уште пред почетокот на официјалните преговри за одредување на линијат за разграничување на интересните сфери од Атина е даден сигнал за Битола. Драгумис ја истаканал потребата двете страни да се договорат за границита во Македонија, доколку Србите сакаат да ја имаат подршката на Патријаршијата. Со овој став грчкиот министер за надворешни работи на некој начин го потврдува влијанието на Атина врз Патријаршијата, но и го негира претходно даденото тврдење околу иднината на договорот за Македонија, кој зависел и од однесувањето на Патријаршијата.

Недоразбирањата и очигледните разлики помеѓу двете страни не биле пречка за почеток на преговорите. На 23 август 1892 година се одржала првата средба помеѓу Драгумис и Ѓорѓевиќ на која официјално се разговарало за одредување на границата на интересните сфери во Македонија. Драгумис претставил една карта на Балканот, која според

---

[342] В. Ђорђевић, Србија и Грчка, с. 196
[343] исто, с. 204

српските видувања била најшовинистичка[344]. Грчкиот министер не кажал ништо ново, освен што ја повторил старата линија на грчките аспирации во Македонија, според која Битола, Струмица, Мелник и Неврокоп морале да останат во грчката зона, но во прашање бил и Прилеп[345]. Ѓорѓевиќ реагирал на грчките предлози со констатација за неможноста од постигнување на договор, доколку Грците инсистираат на таа линија. Меѓутоа, Драгумис му дал едно многу интересно објаснување на својот српски собеседник, според кое, во Битола немало многу Грци, Срби или пак Бугари, но затоа имало многу Власи, кои нели имале грчка свест, иако говорат влашки. И не само тоа. Драгумис го прашал српскиот пратеник дали Белград би го повлекол својот конзул од градот, бидејќи многу ги нељутил Грците , нудејќи помош кај Патријаршијата како компензација. Струмица пак, според исказите на грчкиот министер била "булеварот на Серес"[346] и доколку Србите претендираат на овој град, тогаш имале аспирации и кон Серес.

Може да се забележи, без анализа, колкави биле разликите помеѓу двете држави по однос на одредување на линијата на интересните сфери во Македонија. Резултатите од првата средба на двајцата преговарачи се демант на претераниот оптимизам за можноста од постигнување на брз договор помеѓу двете земји. Разликите нема да бидат пречка за продолжување на преговорите, како што не беа пречка ниту за нивното почнување. Драгумис и Ѓорѓевиќ се сретнале и на 5 ноември, но целта на разговорот не била да се одреди линијата, туку како да се продолжат разговорите, бидејќи грчкиот министер инсистирал на разрешница на политичките борби во Србија пред изборите, а Ѓорѓевиќ дополнил дека би било добро грчката влада да ја расчисти финансиската состојба на земјата. Поточно, двајцата повеќе се расправале отколку што преговарале.

Политичките афери во Османлиската држава, во кои биле вмешани грчките конзули и пропагандни друштва, веќе станале редовна појава. Битола повторно беше местото во кое османлиските власти откриј нова активност на грчките здруженија во која на некој начин делумно бил

[344] исто, с. 210
[345] исто, с. 211
[346] исто, с. 212

вмешан и тамошниот грчки конзул. Пелагонискиот митрополит заминал за Цариград со цел да даде објаснување за една фатено писмо, во кое грчкиот конзул во Битола, Бецос, им се заблагодарува на митрополитот и на директорот на грчкото училиште во градот, Палијаракис, за нивниот придонес во зајакнувањето на позицијата на елинизмот во Македонија[347]. Меѓутоа, многу покомпромитирачки бил еден друг документ, кој доспеал во рацете на османлиските власти. Се работи за писмо од атинскиот Македонски сиологос[348] во кое се бараат информации од митрополитот за можноста од организирање на, како што се вели, револуционерно движење во Македонија[349]. Грците, слично како и при аферата Пихеон, тврделе дека писмата биле фалсификувани. Како изработувач на фалсификуваните писма го посочувале поранешниот училишен инспектор, Мавројани[350]. Османлиските власти започнале со апсења, а меѓу приведените бил и Палијаракис. Тој по потекло бил Критјанин и имал учествувано во тамошното грчко движење[351]. Оваа афера ќе остави големи последици по грчките пропагандни активности во битолскиот регион. Истите нема да бидат прекинати, бидејќи тоа би значело и уште поголемо заслабување на грчката позиција во овој дел од Македонија, но ќе бидат под силна османлиска присмотра.

При крајот на 1892 година продолжиле преговорите помеѓу Драгумис и Ѓорѓевиќ. Сега српскиот пратеник му приложил една карта на шефот на грчката дипломатија, која се однесувала на можната гранична линија на сферите на интерес на двете држави во Македонија[352]. Картата всушност била одговор на онаа на грчкиот министер од првиот состанок. Таа воопшто нема да му се допадне на грчкиот министер. Драгумис бил

---

[347] Британски дипломатически..., док. 113, Солун, 22 октомври 1892, с. 339

[348] Се работи за веќе споменатото Македонско братство за помош на бедните. (Γ. Μοδη, Ο μακεδονικου αγων και ..., σ. 135)

[349] Британски дипломатически..., цит. док. , Солун, 22 октомври 1892, с. 339

[350] Мавројанис не бил во добри односи со грчкиот конзул во Битола, заради односот на Бецос, кој пак успеал да издејствува интернирање на инспекторот во Грција. Меѓутоа битолскиот валија, Фаик паша, успеал да го врати во градот. Како израз на благодарност кон валијата, но и освета кон грчката пропаганда, Мавројанис му ги дал наведените документи. (исто); Српскиот конзул во Битола во еден извештај, кој се однесува и на оваа афера, како главен виновник за истата го посочува грчкиот конзул, кој со своето однесување од "Мавројанис, голем борец на елинизмот, направил турски шпион"(Крсте Битоски, Дејноста ....с. 95)

[351] Британски дипломатически..., док. 114, Солун, 16 декември 1892, с. 342

[352] В. Ђорђевић, Србија и Грчка, с. 245

изненаден од српските аспирации, барем така се однесувал. Според него, истата не била направена врз база на етнографијата, бидејќи во српската зона бил вклучен и Костур. Одговорот на Ѓорѓевиќ бил уште понепријатен за грчкиот министер. Имено, според Ѓорѓевиќ, Грците го барале и Прилеп, но српските барања не се темелат на историјата, бидејќи тогаш би го побарале и Солун. Драгумис реплицирал со тврдење дека Србите тоа и го прават со отворањето на нивни училишта во градот[353]. Разговорот наместо да стане процес на преговарање за одредување на линијата за разграничување на интересните сфери повторно се претворил во расправија помеѓу двајцата преговарачи во која се споменувале разни економски и политички интереси на двете земји во Македонија, особено во Солун. Грчкиот министер дури при крајот, му предложил на српскиот пратеник склучување на трговски договор помеѓу двете држави "како Солун да е во српски раце"[354]. Драгумис се однесувал како Солун веќе да е во грчки раце, па можел да дава големи економски концесии на Србија. Како и да е и овој разговор покажа невозможност од усогласување на аспирациите на двете држави во Македонија, нешто што уште пред почетокот на преговорите беше јасно. Доколку договорот можеше лесно да се постигне, тогаш немаше да има поплаки на однесувањето на грчкиот конзул во Скопје или пак на однесувањето на српскиот конзул во Битола. Овој разговор не значи и крај на преговорите, иако на 19 јануари 1893 година грчката влада официјално ги отфрла српските предлози[355]. Сепак крајот на веќе неуспешните преговори се назирал. Тоа може да се види и од ставот на грчкиот пратеник во Цариград во Цариград, Маврокордатос, кој во еден свој извештај да министерството за надворешни работи констатира непостоење на можност за договор со Србите по македонското прашање[356].

Драгумис во март 1893 година му предложил на Ѓорѓевиќ да продолжат со разговорите, без притоа да најави отстапки од грчките барања, кои тој му ги изложил на српскиот пратеник во 1892 година, кој од своја страна се обврзал само да и го соопшти на белградската влада бара-

---

[353] исто, с. 246
[354] исто, с. 249
[355] Driault et Lheritier, Histoire diplomatique..., p. 292
[356] ΑΥΕ/Β', 1893, Πρεσυια Κωνσταντινιπολιν, α. 61 Κωνσταντινοπολιν, 19 ιανουαριου 1893

њето на грчиот министер [357]. Така завршуваат преговорите помеѓу овие двајца дипломати. Ѓорѓевиќ ќе остане во Атина уште извесен период, но нема да има позначајни активности во поглед на договор помеѓу двете држави за одредување на линијата за разграничување на интересните сфери во Македонија.

Атина не успеа да постигне договор со Србија околу разграничувањето на интересните сфери на двете држави во Македонија. Уште пред почетокот на преговорите, со оглед и на искуството од претходниот период, беше јасно дека тешко може да дојде до постигнување на договор. Меѓутоа, чуди непопустливоста на грчката влада во преговорите со оглед на уверувањето кое почна да се јавува кај одредени нејзини претставници на чело со самиот премиер. Имено, во разговорите со некои претставници на големите сили, а посебно со британскиот, премиерот, Трикупис и министерот за надворешни работи, Драгумис, оставиле впечаток дека биле перфектно свесни за се послабата позоција на елинизмот во Македонија[358]. Нивниот однос во поглед на Македонија не беше дипломатски блеф, бидејќи Трикупис при својата посета на Софија во јуни 1891 година му ја призна се послабата позиција на грчката пропаганда на тамошниот британски конзул.

Ставовите и стравовите на грчките политичари во однос на можноста Македонија да биде изгубена за Грција беа засилени со извештаите на нивните конзули од теренот. Така конзулот од Солун, Докос, во еден свој извештај помошта на османлиската влада на бугарската пропаганда ја посочува како една од главните причини за се послабите грчки позиции во Македонија[359]. Тој не пропуштил да ја посочи и послабата помош за грчките пропагандни активности, која во последно време пристигнувала од Атина, како резултат на економските проблеми. Не само Докос, туку и други забележувале, но и обвинувале за скратувањето на помошта која атинската влада ја праќала на разните грчки пропагандни здруженија во Макеодниј, а и во другите делови на Османлиската држава. Тоа било причина новиот грчки министер за надворешни работи, Кондоставлос, да

[357] В. Ђорђевић, Србија и Грчка, с. 262
[358] ДАРМ,м-155, Egerton-Earl of Rosebery, Athens, 23 may 1893, FO 32/647
[359] Σ. Βουρη, Πηγες..., δοκ. 45, Θεσσαλονικη, 31 μαιου 1893, σ. 243

испарати писмо до Маврокордатос во Цариград со цел да се оправда. Според него прва причина за послабата помош од Атина беше финансиската и економската криза во Грција[360]. Затоа владата во Атина не можела да одговори на потребите на грчката пропаганда. Кондоставлос бил во право. Сепак и тој, како и Докос, ја потенцира политиката на султановата влада, но и промената на однесувањето на големите сили кон Грција и тоа во негативен правец[361]. Тоа беше еден од начините барем делумно да се оправда сопствената немоќ.

Причината за помалите субвенции, праќани од Атина до грчките пропагандни здруженија во Османлиската држава, беше големата економска криза во Грција, каква што државата немаше доживеано од нејзиното основање. Тоа беше цената на скапите проекти и реформи, спроведувани од страна на Трикупис. Никулците на економските проблеми на државата се појавија уште во 1892 година, кога Франција, најголемиот увозник на грчкото грозје, донесе решение да ги ограничи увозот на најизвозуваниот грчки производ. Тоа не можеше да не предизвика големи економски проблеми на малата балканска држава, зависна од извозот, но и од странските кредити. Следната 1893 година грчката држава не можеше економски да функционира. Имено, нејзината задолженост беше огромна, а каматата на долгот достигна 70 %[362]. Трикупис се најде во исклучително тешка ситуација. Неговата политика за економско зацврстување на државата, како предуслов за остварување на нејзините територијални аспирации, несомнено доживеа колапс. Трикупис веќе не можеше да раководи со земјата. Тој во август 1893 година поднесува оставка на премиерската функција, но економските проблеми во Грција нема да можат да бидат решени за подолг временски период. Токму тоа било шанса за Трикупис да се врати на чело на грчката влада и тој тоа успева да го направи кон крајот на октомври 1893 година. Меѓутоа единственото што можеше да стори беше признавање на економската неспособност на неговата држава. Тој на почетокот на декември пред грчкиот парламент објавил банкрот на држа-

[360] Σ. Βουρη, Πηγες..., δοκ. 46, Αθηναις, 9 ιουνιου 1893, σ. 250
[361] исто, с. 251-252
[362] К. Βακαλοπουλου, Νεολληνικη..., σ. 290

вата[363], кој всушност на некој начин беше и спас за грчката држава, бидејќи банкротот значеше и избегнување на обврските за исплата на кредитите.. Потегот на грчкиот премиер не бил добро прифатен од страна на странските дипломати. Тоа беше логично да се очекува со оглед на фактот од каде доаѓаа кредитите. Грчкото избегнување на исплаќање на кредитите нема да биде заборавено од страна на западните држави, кои беа главни кредитори на малото балканско Кралство. Тие ќе чекаат поволен момент за да си ги вратат сопствените средства.

Економските проблеми на државата мораа да се одразат на делувањето на грчката дипломатија, но и на позицијата на елинизмот воопшто. Бугарија тоа добро го знаеше и истото го искористи. Имено на 12 април 1894 година, после извесен период на притисок од страна на егзархот Јосиф и бугарската влада, Портата донесе решение за давање на берати на егзархиските митрополити за градовите Велес и Неврокоп[364]. Решението на Портата предизвика реакција во Грција. Грчкиот печат, како и многу пати порано, започнал да пишува за опасноста по грчките интерси заради давањето на бератите на бугарските митрополити и истите ги оценил како уште еден османлиски удар на патријаршиските привилегии. Атинскиот весник "Messager d'Athenes" отишол најдалеку во своите оцени за негативните последици од настанот во Македонија. Според авторот на текстот давањето на бератите за Велес и Неврокоп имале исти последици како и битката кај Херонеја[365].

Грчката влада исто така реагираше на давањето на бератите. Таа ќе се обиде да добие подршка од британската влада[366], а нејзиниот пратеник во Цариград беше ангажиран околу анимација на грчката заедница во Македонија, која требаше да испраќа петиции против бугарските митрополити[367]. Грчките конзули во Македонија пак се ангажираа да организираат протести во некои македонски градови, секако со помош на лоаклните патријаршиски органи. Такви демонстрации беа одржани во

---

[363] В. Ђорђевић, Србија и Грчка, с. 291
[364] С. Димевски, Историја на..., с. 588
[365] ДАРМ,м-102, Di Cariati-Blani, Atene, 5 maggio 1894, ASMAE
[366] Нина Дюлгерова, Бъгарският национален въпрос в политиката на Русия и Австро-Унгария 1894-1903, София, 1994, с. 49
[367] ДАРМ,м-92, Cambone-Perier, Pera, 1 mai 1894, AMAE, Turquie, v. 516

Серес, а во Солун, покрај демонстрациите, бил посетен и тамошниот валија на кого му била поднесена петиција во која се бара егзархиските митрополити да носат различна облека од патријаршиските[368]. Овој предлог, за кој што веќе стана збор, бил изнесен и од страна на Трикупис во неговиот разговор со британскиот пратеник во Атина, Егертон, како реплика на забелешката на британецот за правната подлога[369] на издадените берати. Истиот предлог го изнел и грчкиот министер за надворешни работи, Стефану, во разговорот со српскиот пратеник во Атина, Апостоловиќ. Целта на разговорот била да се утврдат можностите за заедничко делување во Македонија по доделувањето на новите берати на егзархиските митрополити[370]. За разлика од 1890 година сега грчката влада сметала дека работата околу бератите е завршена и затоа треба да се посвети внимание на облеката на егзархиските митрополити во Македонија, која требала да биде различна од онаа на патријаршиските. Всушност грчките политичари не гаеле големи илузии во однос на успехот на нивната дипломатска кампања[371]. Делувањето на бугарската пропаганда во Македонија повторно ги доближи Атина и Белград, но мора да се напомене дека проблемот во Скопје и понатаму останувал отворен[372], иако српскиот конзул во градот се надевал на подобра соработка со новиот грчки конзул, Николау, бидејќи стариот, Пападопулос, бил непријателски расположен кон српските барања[373]. Слично беше и порано, но нема да има промена во грчките ставови.

Во Атина на 22 мај 1894 година беше одржан првиот митинг по повод новите берати, во организација на здружението "Елинизмос", на кој професорот на атинскиот универзитет, Неоклес Казазис одржал говор во кој го осудил однесувањето на големите сили кон Грција[374]. Тоа беше првиот митинг во организација на споменатото здружение[375], кое во пона-

---

[368] ДАРМ,м-163, Blunt-Earl of Kimberly, Salonica, 13 may 1894, FO 78/4552
[369] Егертон му рекол на Трикупис дека издадените берати се темелат на ферманот од 1870 година. (ДАРМ,м-155, Egerton-Earl of Kimberly, Athens, 4 june 1894, FO 32/669)
[370] ДАРМ,м-444, Апостоловиќ-Лозанићу, Атина, 2 маја 1894, ПО ФІ, пов. 14
[371] ДАРМ,м-102, Fe-il ministro degli affari esteri, Atene, 26 maggio 1894, ASMAE
[372] ДАРМ,м-586, Станковиќ-Лозанићу, Скопље, 23 априла 1894, ППО ФVII, н. 151
[373] ДАРМ,м-586, Станковиќ-Лозанићу, Скопље, 14 маја 1894, ППО ФVII, н. 191
[374] ДАРМ,м-444, Апостоловиќ-Лозанићу, Атина, 24 маја 1894, ПО ФII, пов. 17
[375] Θανος Αναγνοστοπουλος, Ο Νεοκλης Καζαζις και οι γαλλοι φιλελληνες στην περιοδο του μ ακεδονικου αγωνα, Ο μακεδονικος..., σ. 263

тамошниот период ќе има значајна улога во делувањето на грчката пропаганда, не само во Османлиската држава, туку и во поважните европски држави.

Грчката влада, видовме, сметала дека работата со бератите била завршена. Сепак, одредени црковни кругови во Грција испратиле емисари во Македонија со цел да создадат одредени тензии, кои подоцна би можеле да бидат искористени за добивање на концесии[376]. Меѓутоа овие активности веќе биле задоцнети и нема да дадат никакви резултати. Целиот случај со новите берати во Грција ќе заврши со многу помали реакции во однос на оној од 1890 година. Единствена жртва ќе биде Цариградскиот патријарх, кој ќе биде принуден од страна на Светиот синод да поднесе оставка, како резултат на неговата неспособност да го спречи издавањето на бератите[377].

Грчко-османлиските односи и покрај релативно мирната разрешница на случајот со доделувањето на двата нови берати на егзархиски митрополити во Македонија во текот на јуни 1894 година повторно биле ставени на искушение. Тогаш Критјаните побарале фискална реформа и наименување на гувернер кој ќе биде христијан по вероисповест. Барањето за христијански гувернер било задоволено со наименувањето на Александрос Каратеодори паша за валија на Крит, но токму тоа претставуваше причина за незадоволство на муслиманите на островот, од кои добар дел имаа грчко потекло, што кулминираше со убиства на грчкото население[378]. Грците на островот, од друга страна, формирале комитет со задача да свика национално собрание. На тој начин, иако во тој момент не изгледало така, започнала една криза, која по две години значително ќе влијае врз стабилноста на поширокиот регион.

Желбите и надежите на српскиот конзул во Скопје за подобра соработка со новиот грчки конзул во градот многу брзо се покажаа како претерани, исто како и во случајот со Пападопулос. Николау, според извештај на неговиот српски колега, дури и на парастосот на покојниот руски цар,

---

[376] ДАРМ,м-155, Egerton-Earl of Kimberly, Athens, 26 may 1894, FO 32/ 660
[377] ДАРМ,м-155, Egerton-Earl of Kimberly, Athens, 9 november 1894, FO 32/ 660
[378] Dimitrije Djordjević, Revolutions nationales des peuples balkaniques 1804-1914, Beograd, 1965, p. 175

кој бил одржан во спорната црква Свети Спас. побарал истиот да биде извршен и на грчки јазик, а откако тоа не му било исполнето, тој во своето обраќање по истиот повод се обратил на грчки јазик со цел "да покаже дека народот разбирал само грчки, но ни двајцата Грци што биле присутни не го разбрале бидејќи говорел на старогрчки јазик"[379]. Дури и Цариградскиот Патријарх во разговорот со српскиот пратеник во Цариград, Ѓорѓевиќ, вината за целата затегнатост во северниот македонски град ја префрлил врз грчкиот конзул[380]. Нема сомнение дека Патријархот бил во право, бидејќи грчките владеачки кругови го користеле Скопје како еден вид залог за српските аспирации кон јужните делови на Македонија, иако и улогата на институцијата која тој ја раководел не била занемарлива.

Помеѓу одредени кругови во Грција, посебно во војската постоело незадоволство од однесувањето на грчките влади во однос на националното прашање. Токму тоа незадодовлство во 1894 година ќе резултира со формирање на, првично, тајното националистичко здружение Етники Етерија[381]. Основачи на оваа организација биле офицерите на грчката армија Х. Солиотис, Петрос Ликудис и Александрос Софијанос, а многу брзо ним им се приклучиле и Дионисиос Стефанос, политичар и универзитетскиот професор Спиридон Ламброс[382]. Приклучувањето на последниве било заради подобро политичко организирање на Етники Етеријата, која во спротивно би била само војничка организација. Нејзините членови биле импресионирани од организирањето на Филики Етеријата. Така по примерот на Филики Етеријата и во Етники Етеријата имало посветување на новите членови и нивно заколнување во принципите и целите на Организацијата, а за оние кои ќе застранеле биле предвидени казни. Всушност Етники Етеријата сакала да биде невидлива сила[383]. Таа заложба многу брзо ќе биде остварена. Целта на оваа организација беше поврзана со територи-

---

[379] ДАРМ,м-586, Станковић-Ђорђевићу, Скопље, 26 октобра 1894, ППО, Ф-VII

[380] ДАРМ,м-586, Ђорђевић-Генералном Консулату Србије у Скопљу, Цариград, 18 септембра 1894, ППО, Ф-VII, н. 242

[381] Според Ставрианос, ова здружение било формирано во ноември 1894 година. L.S.Stavrianos, The Balkans..., p. 520). Неговото мислење го дели и Лангер.(William L. Langer, The diplomacy of imperialism, New York, 1956, p. 355). Грчкиот историчар Аспреас смета дека основите на организацијата се поставени во пролетта 1894 година. (Г. Ασπρεα, Πολιτικη..., σ. 216)

[382] Г. Ασπρεα, Πολιτικη..., σ. 216

[383] исто, с. 217

јалните аспирации на Грција и позицијата на елинизмот во некои османлиски области[384], односно помош на Грците кои живееле таму, зачувување на нивната грчка свест и нивна подготовка, како и подготовка на грчката држава, за евентуална војна со Османлиската држава[385]. Кога говореле за Грци, под нив ги подразбирале сите оние христијани кои биле под јурисдикција на Цариградската патријаршија. Доколку целите биле јасни, сепак се поставува прашањето која османлиска област имаше приоритет во делувањето на оваа грчка организација, која несомнено ќе остави длабок белег од своето постоење. Според американскиот историчар, Лангер главна цел на делување на оваа организација беше Македонија, каде таа сакаше "да се спротивстави на бугарската организација"[386]. Еден друг американски историчар, Данкан Пери, смета дека оваа организација е формирана за да им парира на српските и бугарските пропагандни активности во Македонија[387]. Според грчкиот историчар К. Вакалопулос, оваа етерија своето делување го базирала на проценката на фактот дека подршката на грчката влада на нивните сонародници во Македонија во тој период беше неадекватна[388]. Има и други мислења кои на прво место во делувањето и во идеите на Етники Етеријата го стават македонското прашање[389], но и такви според кои прашањето на избор на делување во некоја османлиска област не беше само прашање на избор, туку на процена за делување според дадениот развој на настаните и условите[390]. Значи, сепак постојат повеќе мислења кои како приоритет на делувањето на етеријата ја посочуваат Македонија. Настаните кои ќе следат го потврдуваат тоа мислење. Исто така, кога компаративно ќе се земе предвид националниот состав на населението во Македонија, Крит и Епир, тогаш станува логично која османлиска област има предност во делувањето на оваа организација, а тоа е Македонија. И не само заради населението, туку и заради се послабата позиција на елинизмот. Инаку делувањето на Етники

---

[384] K. Vacalopoulos, Modern history..., p. 202
[385] E. Kofos, Nationalism..., p. 30
[386] Не наглгасува која организација.(W. L. Langer, The diplomacy..., p. 355)
[387] D. Perry, The politics..., p. 16
[388] K. Vacalopoulos, Modern history..., p. 202
[389] Национално-освободителното движение на македонските и тракийските Българи, т. 2, София, 1995, с. 215
[390] ιστορια του ελληνικου..., σ. 99

Етеријата на османлиска територија било поделено на три географски круга на интерес: 1. Македонија; 2. Епир и 3. Крит[391]. Појавата и делувањето на оваа организација многу брзо ќе ја доведе јужна Македонија во една не многу пријатна ситуација.

Во Македонија, областа која беше приоритет во делувањето на Етники Етеријата веќе беше формирана една организација која ќе има спротивни цели од Етеријата. За Македонската револуционерна организација, формирана на 23 октомври 1893 година во најголемиот македонски град, Солун, град кој беше од првостепено значење за грчките аспирации, за разлика од Етники Етеријата која ќе делува во насока на припојување на делови од Македонија кон грчкото Кралство, политичка девиза беше автономија на Македонија[392]. Уште повеќе, додека Етеријата, без разлика на фактот што во нејзините чети ќе има и припадници кои не се Грци по потекло, но ќе бидат сметани како Грци, на преден план го постави интересот на елинизмот, во МРО "ќе членуваат родени и лица што живеат во Македонија без разлика на вера и народност"[393]. Во Етники Етеријата било спротивното.

Додека Етники Етеријата започнуваше со својата дејност, од грчката политичка сцена замина Харилаос Трикупис. Тој на почетокот на јануари 1895 година поднесе оставка на местото претседател на грчката влада и со тоа завршува неговата политичка кариера. Овој политичар оставил голем белег на внатрешниот развој на државата. Резултатите кои ги постигнал не одговарале на неговите амбиции и заложби за изградба на Грција како модерна европска држава. Неговите амбиции биле преголеми за една мала и релативно сиромашна балканска држава, но не може да се оспори неговата заслуга за остварување на многу проекти кои на некој начин ја модернизирале државата како на пример изградбата на железничката мрежа, ископувањето на Коринтскиот канал. Исто така, Трикупис бил тој што посветил најголемо внимание на модернизирањето на грчката војска. Кога е во прашање Македонија, неговите ставови многу не се разликувале од оние на другите грчки политичари, но биле малку поуме-

[391] исто
[392] Д. Димески, Македонското..., с. 139
[393] исто

рени, односно во оваа османлиска област признавал делови кои, според неговите видувања, не биле грчки. Токму многу споменуваната линија на грчките аспирации во Македонија била изготвена во негово време, иако од етнолошки аспект и таа не беше реална.

Веќе повеќепати видовме дека повремено односите помеѓу грчката влада и Цариградската патријаршија биле затегнати, а Атина не ретко, како резултат на несогласувањата ја ускратувала помошта до разните грчки пропагандни здруженија, кои биле под влијание на Патријаршијата. Најчесто недоразбирањата биле на локално ниво помеѓу грчките конзули и одредени митрополити. Затегантоста колку и да била голема никогаш нема да доведе до целосен прекин на односите до степен кој би ги нарушил интересите на елинизмот. Затоа, беше нормално да се очекува да бидат направени обиди несогласувањата да се надминат со цел дополнително да не се заслаби позицијата на грчката пропаганда. Така првиот секретар на грчката амбасада во Цариград, во текот на март 1895 година, се сретнал со Патријархот, при што се согласиле дека постоеле одредни недоразбирања во Битола, кои не би требало да претставуваат поголем проблем[394]. Залакоста му ја нагласил на Патријархот заинтересираноста на владата и на кралот за помагање на црквата и постигнување на национална согласност. Оваа заинтересираност била логична со оглед на проблемите кои грчката пропаганда ги имала со конкурентските-српската, бугарската и романската во Македонија, што исто така беше тема на овој разговор[395]. Меѓутоа односите помеѓу двата центри на елинизмот не биле подобрени. Напротив тие во овој период биле уште повеќе затегнати. Причина за влошувањето овој пат не беше недоразбирањето на релација грчки конзул-митрополит во некое македонско место, туку несогласувањето на официјална Атина со подршката на Патријаршијата на некои српски барања во Македонија[396]. Тогаш Патријархот фаворизирал нешто што претходно било незамисливо, на пример, давање на црква во Солун на Србите со цел во истата да биде служена словенска богослужба[397]. Во контекст на новата политика на

---

[394] Σ. Βουρη, Πηγες..., δ. 48, Κωνσταντινοπολιν, 11 μαρτιου 1895, σ. 268
[395] исто, с. 269
[396] Н. Данова, Към въпроса..., с. 113
[397] K. Vacalopoulos, Modern history..., p. 184

Цариградската патријаршија, која ќе биде краткотрајна, грчкиот конзул во Солун на својот англиски колега дури му посочил наводно субвенционирање на патријаршиските митрополити во Скопје, Дојран, Воден и Струмица од страна на српската пропаганда, а тоа им било познато на Патријархот и на солунскиот митрополит[398]. Можеби Докос претерувал со своите известувања, но не била тајна наводната просрпска расположеност на цариградскиот Патријарх, кој имал причина за потпомагање на српската пропаганда. Имено на почетокот на 1895 година, бугарската Егзархија побарала наименување на нови егзархиски митрополити во Солун и Битола[399]. Кога ќе се земе предвид словенското мнозинство на населението во Македонија не зачудува политиката на Патријархот за подршка на некои барања на српската пропаганда во областа, посебно во моменти кога грчката држава едвај економски преживувала.

Слабоста на грчката држава не беше причина владата во Атина да не побара објаснување од страна на Патријархот за дадената подршка на српската пропаганда. Залакокта побарал од Патријархот Антим VI да се изјасни по т.н. српско прашање, бидејќи тој имал позитивен став за наименување на српски митрополити не само во Стара Србија, туку и во северна Македонија[400]. Одговорот на Антим е мошне интересен. Тој му препорачал на грчкиот дипломат да ја разгледа етнографската карта на северна Македонија, заради утврдување на силата на грчкото население во тој дел од оваа област[401]. Не треба да се објаснува дека заоструваньето на односите помеѓу Атина и Патријаршијата довеле и до недоразбирања на локално ниво, а сето тоа, очекувано, кулминира со скратување на и онака намалената помош од страна на грчката влада за грчките пропагандни здруженија. Атина, иако свесна за својата заслабена позиција, пред се заради економските проблеми, сепак не сакала да попушти по прашањето на грчките интереси во Македонија, дури и на српската пропаганда, која била сметана за помало зло во однос на бугарската. Тоа не било случајно, иако во тој миг изгледало нелогично. Грчката влада во тој период била

---

[398] ДАРМ,м-328, Blunt-Currie, Salonica, 12 march 1895, FO 78/4639

[399] Κωνσταντινος Βακαλοπουλος, Η Μακεδονια στις παραμονες του μακεδονικου αγωνα 1894 –1904, Θεσσαλονικη, 1986, σ. 51

[400] исто, с. 81

[401] исто

раководена од страна на Делијанис, а познати биле неговите ставови за соработка со останатите балкански народи, но и неговиот, само на зборови, крут грчки национализам.

Тешката економска ситуација во Грција не беше причина одредени кругови во Атина и понатаму да размислуваат за железничкото поврзување со Османлиската држава. Сите тие размислувања биле во насока на остварување на грчките територијални аспирации. Сега задачата за изработка на студијата за правецот на железничкото поврзување била доделена на военото министерство. Во април 1895 година грчкиот воен министер, генералот Јоанис Пападијамантопулос, се пожалил дека дотогашните студии, размислувања и планови за железничкото поврзување не ги земале предвид потребите на грчките вооружени сили[402]. Во таа насока тој ја напоменал потребата од жртвување на комерцијалниот интерес на, како што самиот се изјаснил, поробените браќа во име на сигурноста на грчката држава. Затоа, Пападијамантопулос сугерирал како единствена прифатлива линија да биде назначена онаа која одела по брегот преку Платамона и Темпи кон Солун[403]. Посочената линија не била прифатлива за Османлиите, кои веќе порано се изјасниле против таквата можност. Грчкиот воен министер тоа ќе го разбере, но и понатаму ќе инсистира кај владата железничкото поврзување да оди по крајбрежјето.

Барањето на Егзархијата за нови берати во Македонија продолжило да биде актуелно, засилено со гласини за можноста истото позитивно да биде решено. Токму тие гласини биле причина за загриженост на грчкиот амбасадор во Цариград, Маврокордатос. Тој се сретнал со својот српски колега, Ѓорѓевиќ, на кого му ја истакнал својата намера на претстојната средба со османлискиот голем везир, Кучук Саид паша, да ја истакне загриженоста на владата во Атина за можноста Портата да попушти на егзархиските барања и која во тој случај ќе ги примени успешните бугарски средства за заштита на црковните интереси на своите сонародници во Македонија"[404]. Тој не му прецизирал на својот српски собеседник какви ќе бидат тие средства. Грците во овј случај ќе останат сами. За разлика од

---

[402] B. Gounaris, Greco-turkish..., p. 326
[403] исто
[404] Владан Ђорђевић, Србија и Турска, Београд, 1928, с. 130

порано, сега српската влада не се согласувала со ставот на грчката влада. Тоа може да го видиме од еден извештај на италијанскиот амбасадор во срапаката престолнина, Аварна, кога тој го истакнува несогласувањето на официјален Белград со изјавата на Маврокордатос дадена на Ѓорѓевиќ. Имено, ставот на српската влада бил да нема закани, туку да биде изразена, пред Портата, нелагодноста од гласините кои се шират околу можноста за давање на нови берати на Егзархијата[405].

Маврокордатос се сретнал со големиот везир, и тогаш му укажал на османлискиот функционер дека би било неблагоразумно доколку се подржат бугарските барања[406]. Грчкиот дипломат не избегнал да ја потенцира моменталната економска слабост на својата земја, но, како што се искажал, во иднина Османлиската држава можела да смета на симпатии на грчкото население, ако таа при лошатата состојба на Грција не му даде "предимство на бугарскиот елемент во Македонија и Одринско"[407]. Османлиската влада немала намера да дава предимство на било кој елемент на нејзините територии, туку да ги судри разните пропаганди, во конкретниов случај во Македонија, со цел истите наместо да се борат против нејзе да се борат меѓусебно. Сепак, за среќа на грчките интереси во Македонија ќе се случи еден настан, кој за извесен период ќе го оневозможи преточувањето на гласините за издавање на нови берати на Егзархијата во реалност.

Во текот на јули 1895 година во мелничкиот крај беа уфрлени чети, организирани од Врховниот Македонски Комитет. Тие не успеаја да предизвикаат поголемо востание, но затоа пак предизвикаа интерес на европскиот печат и дипломатија. Тогаш започнало да се говори за бугарските интереси во Македонија, за Бугарија како основен фактор од кој зависи мирот на Балканот доколку не се води сметка за нејзините интереси во Македонија и слично[408]. Акцијата во Мелник не можела да остане без грчка реакција, не само заради упадот на четите во Македонија, туку и заради самиот град Мелник, иако тоа јавно не се искажувало, кој во Атина бил сметан за грчки. Грчкиот конзул во Солун, Докос, уште од самиот почеток

---

[405] ДАРМ,м-MLIX/704, Avarna-il mimnistro degli afari esteri, Belgrado, 26 luglio 1895, ASMAE
[406] Радосав Попов, Балканската политика на България 1894-1898, София, 1984, с. 48
[407] исто
[408] Крсте Битоски, Грчките четнички акции во Македонија во 1896 година, Историја, VI/2, Скопје, 1970, с. 156

на настаните активно го следел развојот на истите. Тој, покрај редовното информирање на својата влада за тоа што се случува на теренот, бил и во контакт со другите конзули во Солун, при што истите ги известувал со неверојатни информации. Така, на својот српски колега уште на 6 јуни 1895 година му рекол дека некој од неговите доверливи луѓе во селото Костурино, струмичко, сретнал една добро организирана и опремена група од 200, како што ги нарекол, бугарски востаници, кои во најголем ред се упатиле кон Струмица, Малеш и Велес[409]. По извесно време, Докос повторно го информирал српскиот конзул за присуство на 1000 луѓе, артилерци и коњаници и тоа од регуларната бугарска војска, кои извршиле напад врз османлиските сили во близина на Неврокоп, а веста ја добил од грчкиот конзул во Серес[410]. Не веруваме дека Докос навистина бил убеден во бројките кои ги кажувал, но токму овие настани биле шанса за грчката дипломатија да покаже кој го загрозува мирот и статус-квото на Балканот, а кој бил за зачувување на истиот.

Додека грчкиот конзул во Солун ширел неверојатни информации, првичните реакции во Атина биле релативно мирни. Грчката влада била повикана од страна на Велика Британија, Австро-Унгарија и Германија да се придружи на колективниот чекор кај бугарската влада заради опасноста од подржување на бунт во Македонија[411]. Во насока на ова барање дошло до средба помеѓу грчкиот министер за надворешни работи, Сузес и британскиот амбасадор во Атина, Елиот. Шефот на грчката дипломатија не сакал многу да се изјаснува за случувањата во Македонија со забелешка дека извештаите кои оттаму пристигнуваат се претерани, со забелешка за двоумењето на неговата влада од начинот на кој официјална Софија би го толкувала грчкото приклучување на чекорот на големите сили. Сепак, Скузес нагласил една работа која дава објаснување за, барем во првиот период, смирените реакции на официјална Атина. Имено, тој му прочитал на британскиот дипломат една телеграма од грчкиот амбасадор во Цариград во која ја известува владата за решението на Портата да го одбие

[409] ДАРМ,м-445, Аврамовиќ-Новаковиќу, Солун, 6 јуна 1895, ПО, Ф-II
[410] ДАРМ,м-445, Аврамовиќ-Новаковиќу, Солун, 31 јула 1895, ПО, Ф-III
[411] ДАРМ,м-327, Elliot-Salisbury, Athens, 7 july 1895, FO 32/668

бугарското барање за давање на три нови берати на Егзархијата[412]. Скузес изразил надеж дека Портата ќе истрае да не дава согласност на бугарските барања. Грчкиот министер не случајно бил повеќе преокупиран со можноста да бидат одобрени нови берати, отколку со мелничките настани. Имено, бугарската влада непосредно по четничката акција побарала од Портата да издаде нови берати за егзархиските владици во Македонија[413]. Елиот се сретнал и со грчкиот крал при неговото заминување од Атина на новата должност во Софија. Георгиос во таа пригода не говорел за настаните кои се случиле во мелничкиот крај, туку своето внимание го посветил на опасноста по грчките интереси од давањето на берати на Егзархијата во Македонија, бидејќи тоа ќе води кон словенизирање на областа, при што ќе биде предизвикана возбуда кај Грците во османлиската држава, посебно на Крит[414]. Значи на некој начин Крит, кој секогаш можел да биде на нозе, бил користен од страна на грчките владеачки кругови како средство за притисок. Меѓутоа, многу брзо во Атина настаните во Мелник ќе предизвикаат силни емоции и реакции, иако мора да се напомене настојувањето на владата да ја зачува присебноста.

Атинските медиуми започнале да пишуваат за случувањата во Мелник, но и во Македонија воопшто, со оценка за неможноста од активна политика на Грција во даденият момент. Можеби најинтересна информација ќе објави весникот "Асти". Имено, на страниците на овој атински медиум ќе биде објавено напуштањето на извесен број на грчки офицери на воената служба, посебно оние во Тесалија, со цел да се организираат и да продолжат во Македонија[415]. Вистинитоста на информацијата ја потврдува и францускиот воен аташе во грчката престолнина кој во еден свој извештај информира за напуштањето на службата во војската на одреден број на офицери и подофицери на грчката војска, особено оние помладите и со пониски чинови[416]. Нема никакаво сомнение дека станува збор за

---

[412] исто
[413] Крсте Битовски, Грчката "Македонска борба", Скопје, 2001, с. 46
[414] ДАРМ,м-327, Elliot-Salisbury, Athens, 12 july 1895, FO 32/668
[415] ДАРМ,м-327, Elliot-Salisbury, Athens, 15 july 1895, FO 32/668
[416] ДАРМ,м-233, De Wimpetah-ministre de la guerre, Atene, 19 julliet 1895, Archives du Service Historique de l'Armee Vincennos(ASHA), serie Grece 1890-1919; Иван Катарциев, Серскиот рево-

приврзаници на Етники Етеријата. Во време на овие настани, грчкиот парламент станал сцена на која некои пратеници започнале да говорат за големата опасност по грчките интереси од случувањата во Македонија. Така, пратеникот Евтаксиос одржал вистински час по историја за загрозеноста на настаните во Македонија после формирањето на Егзархијата[417]. Меѓу другото, според него, Македонија била плодородна и богата со минерали и доколку биде изградена мрежа од железнички линии, таа би станала една од најзначајните земјоделски и трговски области и "иако во неа не е раширен грчкиот јазик, таа е елинска по чувство и Грција без неа никогаш не би можела да просперира и да го реализира стариот сон"[418]. Министерот за надворешни работи во одговорот на говорот на споменатиот пратеник не пропуштил да го истакне грчкиот карактер на Македонија и возбуденоста на владата од настаните што се случуваат во областа, но владата вложувала напори да не дојде до нарушување на статусквото и работела да бидат спречени менувањето на работите на истокот во полза на една, а на штета на друга националност[419]. Работата на грчкиот парламент по повод случувањата во Македонија, не само во овој период покажала и една друга страна на собранискиот живот, а тоа е преовладувањето на надворешните проблеми во однос на внатрешните[420]. Тоа не е изненадување со оглед на грчките аспирации за територијално проширување.

Говорите и репликите во парламентот биле интересни за британскиот амбасадор во Атина, кој се сретнал со Скузес со цел да поразговара и да добие поподробни информации за ставовите на грчкиот министер во однос на настаните кои се случувале. Грчкиот министер за надворешни работи, пак, го искористил разговорот за да му го пренесе својот став на британскиот дипломат за, според него, неправедноста за наметнување на духовна јурисдикција на барање на едно малцинство во еден дел кој неос-

---

луционерен округ од Кресненското востание до Младотурската револуција, Скопје, 1968, с. 125

[417] ДАРМ,м-MLIX/704, Pisani Dossi-mininstro degli affari esteri, Atene, 17 luglio 1895, ASMAE

[418] К. Битовски, Грчката..., с. 46

[419] исто, Г. Аспреа, Политикη..., σ. 215

[420] Ιωαννη Σ. Κολοπουλου, Ιστορια της Ελλαδος απο το 1800, τ. Α, Θεσσαλονικη, 2000, σ. 93

порно бил грчки[421]. Тој дел бил Македонија. Не можело да се очекува од Скузес да изрази некој друг став.

Реакциите во Атина, посебно на поекстремните кругови продолжиле и понатаму. Во грчката престолнина бил одржан митинг со цел да се формира Комитет за собирање средства и доброволци за Македонија[422]. На митингот се појавил извесниот Генадиос кој на присутните им говорел за светата престолнина на елинизмот, мислејќи на Цариград, која можела да падне во рацете на Русите, а нормално не пропуштил да говори и за опасноста од Бугарите за Македонија. Генадиос, во својот говор, ја нападнал и Велика Британија како непријател на ширењето на Грција, нарекувајќи го Гледстоун-"џелат на елинизмот"[423]. Митингот не бил многу посетен, а тоа најверојатно се должи и на влијанието на Генадиос. Британскиот амбасадор во Атина, известувајќи за митингот, го нарекол Генадиос демагог, кој не успеал да добие ниту едно од единаесетте места од Атина за грчкиот парламент[424]. Митингот не бил комплетен доколку не била усвоена резолуција полна со патриотски фрази, во која секако морала да се нагласи опасноста од Бугарите за грчките интереси во Македонија, која можела да биде, како што се нагласува, варваризирана[425]. Тврдењето на британскиот амбасадор за слабото влијание на Генадиос се покажале исправни, бидејќи грчката влада одбила да ја прими телеграмата, која ја содржела усвоената резолуција[426].

Сепак, правта која била подигната во Атина, како и стравувањата на одредени грчки кругови, не од резултатите на мелничката акција, туку од можноста да бидат дадени нови берати се покажале како претерани. Портата не само што не сакала да одобри нови берати, туку, според видувањето на рускиот амбасадор во Цариград, Нелидов, била свртена кон Грците[427]. Констатацијата на рускиот дипломат е претерана, но би било

---

[421] ДАРМ,м-327, Elliot-Salisbury, Arhens, 17 july 1895, FO 32/668
[422] ДАРМ,м-327, Elliot-Salisbury, Arhens, 5 august 1895, FO 32/668
[423] К. Битоски, Грчките..., с. 158
[424] ДАРМ,м-327, цит. док , Arhens, 5 august 1895, FO 32/668
[425] ДАРМ,м-LIX/703, Pisani Dossi-ministro degli affari esteri, Atene, 6 agosto 1895, ASMAE
[426] исто
[427] Симон Дракул, Македонија меѓу дележот и автономијата, т. 1, Куманово, 1995 , док. 8, Цариград, 17/29 август 1895, с. 161

нелогично Портата да попуштела пред бугарските барања после мелничките настани.

Грчката влада, иако зафатена со настаните во Македонија, се обидела повторно на маса пред Портата да го постави прашањето на железничкото поврзување помеѓу двете земји. Линијата покрај крајбрежјето била опцијата за која се залагала Атина и истата упорно сакала да и ја наметне и на османлиската влада, која пак подолго време не покажувала знаци да ја прифати истата. Не располагаме со доволно податоци за да тврдиме дека повторното отворање на прашањето за железничкото поврзување било поврзано со случувањата во Македонија, но таа претпоставка не можеме ниту да ја отфрлиме. Како што видовме изработката на студија за железничкото повруување и било доверено на грчката војска. Потполковникот на грчката војска, Николаос Пурнарас, подготвил еден мемоар во кој докажувал дека грчкиот финансиски интерес за железничкото поврзување бил само околу крајбрежната линија[428]. За разлика од порано аргументите на грчката војска сега биле заменети со финансиски размислувања. Тој тврдел дека оваа линија била поприфатлива за Солун. Со цел да ги објасни своите погледи и анализи, Пурнарас бил испратен во мисија во Македонија, а потоа и во Цариград, каде што бил примен од големиот везир. Грчкиот офицер, во врска со прашањето на железничкото поврзување, бил ислушан од својот домаќин и собеседник, кој, за понатамошни разговори по наведеното прашање, го испратил во османлиското министерство за јавни работи. За време на својот претстој во османлиската престолнина, Пурнарас добил инструкциии од грчкиот премиер Делијанис, стриктно да се држи до крајбрежната линија и особено да внимава да не ги открие грчките воени размислувања[429], што било и логично со оглед на работното место на Пурнарас. Разговорите не завршиле, бидејќи во септември 1895 година, Пурнарас починал.

Османлиското одбивање на барањето за издавање на нови берати на Егзархијата во Македонија не значело и затворање на прашањето. Грците тоа добро го знаеле врз база на претходните искуства. Затоа воопшто не зачудуваат одредени написи во грчкиот печат. Така во влијателниот атин-

[428] B. Gounaris, Greco-turkish..., p. 327

ски весник "Палингенисија" во септември се појавил напис во кој, по повод прашањето на бератите, била нагласена можноста за напуштање на политиката на Атина за зачувување на стауксвото во Македонија, бидејќи османлиската политика на, како што е напишано, репресирање на елинизмот и неговите стекнати црковни права, не ја обврзувале Грција да остане на споменатата политика[430]. Исто така и грчката дипломатија покажала активност во насока на барање на подршка за грчките интереси, не само по прашањето на бератите. Грчкиот амбасадор во османлиската престолнина се сретнал со неговиот британски колега со цел да му ја изложи, според него, не многу светлата иднина на неговата земја[431]. Маврокордатос, иако не сакал отворено да се изјасни за грчките аспирации, се пожалил на намалувањето на грчкото влијание во Османлиската држава во време кога расте бугарското. Тој говорејќи за можноста за издавање на нови берати, се изјаснил за постоењето на Егзархијата, како за навреда на Патријаршијата[432]. Целта на Маврокордатос не била да ги искаже своите ставови кои биле познати на британската дипломатија, туку да добие подршка од истата за грчките интереси. Меѓутоа, додека грчкиот пратеник во Цариград говорел неповолно за Егзархијата, грчкиот конзул во Битола во едно писмо до министерот за надворешни работи, Скузес, се задржал и на една од причините за проблемите на грчката пропаганда. Според неговото мислење некои личности се виновни за неповолните позиции на елинизмот и затоа мора да бидат сменети од своите места, а исто така било потребно и лечење на црковните центри при што како центар на злото го посочил Фанар[433]. Значи, според мислењето на грчкиот конзул, проблемот лежел кај Патријаршијата.

Атинските владини и дворски кругови со големо интересирање ги следеле на станите во Бугарија по убиството на Стамболов. Причината не била загриженоста за внатрешните сотојби во кнежевството, туку можните реперкусии од настаните врз Македонија. Весникот "Палингенисија", близок до премиерот Делијанис, пишувал за потребата од советување на

---

[429] исто
[430] ДАРМ,м-327, Corbett-Salisbury, Athens, 6 september 1895, FO 32/668
[431] ДАРМ,м-328, Currie-salisbury, Therapia, 23 october 1895, FO 78/4620
[432] исто
[433] Σ. Βουρη, Πηγες..., δ. 50, Βιτωλιος, 20 νοεμβριου 1895, σ. 274

Бугарите да не преземаат акции, кои би можеле да ја искомплицираат состојбата, а самиот крал пак бил уверен дека само последиците од убиството на Стамболов ја спречиле инвазијата врз Македонија следното лето[434].

При појавување на посериозни проблеми со бугарската пропаганда и Егзархија во Македонија веќе станало навика во Атина да се говори за потребата од зближување со Србите. Најчесто пробните балони биле испраќани преку написите во атинскиот печат. Во весникот "Асти" било посветено внимание на пишувањето на еден келнски весник за наводниот предлог на српската влада до Атина за заедничка соработка во Македонија против делувањето на бугарската пропаганда[435]. Пишувањето на германскиот весник беше добра можноста за искажување на потребата од соработка со Србите, бидејќи со другите балкански народи, според атинскиот весник, таа не била возможна, а и заедничките интереси со Србите "за среќа не си противречеле"[436]. Веќе видовме дека тоа не е точно. Двајца грчки новинари, Христовасилис од весникот "Акрополис" и Каволидеротос од "Асти" го посетиле српскиот пратеник во Цариград со кого поразговарале за проблемите во Скопје, но и во Призрен[437]. Тогаш атинскиот печат, посебно "Палингенисија" доста пријателски пишувал за Србите и го критикувал Патријархот за неговото спротиставување на наименување на српски митрополит во Призрен[438]. Имено, за разлика од првата половина од годината, кога Патријархот наводно беше просрпки расположен сега истиот правеше проблеми со наименувањето на српски митрополити. Причините за непостојаноста и превртливоста на политиката на Патријархот не ни се познати. Особено што проблемот со бератите сеуште беше отворен.

Случувањата во Македонија на можеа да немаат влијание во сите пори на грчкото општество, особено во интелектуалните. Кон средината на ноември 1895 година во Атина биле одржани неколку последователни митинзи, при што бил формиран и Комитет, кој требал да се занимава со

---

[434] ДАРМ,м-327, Egerton-Salisbury, Athens, 22 november 1895, FO 32/668
[435] ДАРМ,м-445, Ђорђевић-Новаковићу, Цариград, 8 новембра 1895, ПО, Ф-III
[436] исто
[437] ДАРМ,м-445, Ђорђевић-Новаковићу, Цариград, 23 новембра 1895, ПО, Ф-III
[438] ДАРМ,м-327, Egerton-Salisbury, Athens, 25 november 1895, FO 32/668

одбрана на грчките интереси во Македонија, а во него членувале и тројца пратеници на грчкиот парламент[439]. На неговото формираење говорел извесен Белос. Британскиот амбасадор забележал " На Македонскиот комитет се уште не му се придружиле личности со сериозно влијание во државата"[440], но судбината на Македонија најмногу ги интересира Грците од сите надворешни прашања. Многу брзо овој Македонски комитет ќе приложи меморандум до амбасадорите на големите сили во Атина во кој се бара заштита на грчките интереси и права во Македонија[441].

Дипломатските претставници на големите сили биле добро запознати со грчките интереси и апсирации и затоа биле многу заинтересирани за постапките на грчката влада, а во овој период помалку за оние на разните силогоси. Делијанис, при средбите со претставниците на европските сили, постојано ја искажувал позицијата на грчката влада за зачувување на статусквото, поткрепувајќи го своето тврдење со смирувањето на студентските демонстрации во Атина[442]. Меѓутоа, грчкиот премиер воопшто не ја криел намерата на неговата влада да го промени својот став, доколку работите на истокот се влошат, посебно ако се обнови кампањата со бератите и продолжат активностите на како што се изразил, бугарското револуционерно движење во Македонија[443], најверојатно мислејќи на Врховниот Комитет. Делијанис не случајно се изјаснил за можност од напуштање на политката на подршка на статусквото. Во Атина со голем интерес се следела испраќањето на бугарска делегација во Петроград и најавата за крстење на Борис, синот на Фердинанд во православна црква, бидејќи со тоа во добар дел ќе бидат надминати руските аверзии кон бугарскиот кнез. Грчкиот крал, во таа насока, не го криел своето мислење за поврзување на Фердинанд со Русија при што цената ќе биде подршката на Петроград на бугарските аспирации во Македонија[444]. Георгиос претерувал во поглед на можниот брз пресврт на руската политика кон Фердинанд, но било очекувано од негова страна повторно да биде нагласена

---

[439] ДАРМ,м-327, Egerton-Salisbury, Athens, 25 november 1895, FO 32/668
[440] исто
[441] ДАРМ,м-327, Egerton-Salisbury, Athens, 28 december 1895, FO 32/668
[442] Documentes diplomatiques francaise, serie Ier, t. XII, Paris, 1951, doc. 221, Athenes, 3 december 1895, p. 325
[443] исто

можноста за враќање на Русија во Бугарија, бидејќи на тој начин било можно да се привлече вниманието на некои западни земји кон Грција.

Грчката дипломатија продолжила со својата активност во насока на спречување на издавањето на берати на Егзархијата во Македонија, која во тој момент била на прво место во грчката надворешна политика, дури и пред Крит[445], каде веќе имало сериозно влошување на ситуацијата. Патријаршијата, паралелно со делувањето на грчката дипломатија, преземала чекори на султановиот двор. Патријархот постојано бил таму, а исто така биле приложувани петиции на Грци од сите делови на Османлиската држава против можноста за издавање на беретите[446]. За среќа на грчките интереси, како и претходно Портата не сакала да попушти пред бугарските барања.

Во времето кога Грција беше преокупирана со настаните во Македонија, но и со затегнатоста на Крит, Карацановски, лекар во руската амбасада во Цариград, инаку Бугарин по потекло, го посетил грчкиот пратеник во османлиската престолнина. Тој му пренел на Маврокордатос дека Русите имале предлог за решавање на црковниот проблем. Според овој предлог во замена за признавање на Егзархијата, Бугарите би се согласиле со преместување на седиштето на нивната црква во Софија[447]. Во областите на Османлиската држава, кои би останале под Патријаршиска јурисдикција, со како што се вели мнозинско бугарско население, би биле наименувани бугарски попови или пак Грци кои го говореле бугарскиот јазик. Покрај решавањето на црковниот проблем, руската дипломатија била заинтересирана и за надмивање на политичките недоразбирања помеѓу Грција и Бугарија. Доколку може да му се верува на Карацановски, бугарската влада и кнезот биле расположени голем дел од Македонија, вклучувајќи го и Солун, да биде припоен кон Грција под услов Бугарија до добие излез на Егејското море[448]. Предлогот не бил реализиран, но преговорите во периодот кој претстои и линиите на разграничување кои биле напоменувани се многу слични со искажувањата на Карацановски.

---

[444] DDF, Ier serie, t. XII, doc. 227, Atene, 6 decembre 1895, p. 335
[445] Н. Данова, Към въпроса..., с. 116
[446] ДАРМ,м-328, Memorandum of sir Currie, Constantinople, 6 december 1895, FO 78/4624
[447] E. Kofos, Attempts..., p. 361
[448] исто

2.2. Критската криза и Македонското прашање во односите на Грција со големите сили, Османлиската држава и другите балкански држави

Почетокот на 1896 година во Грција беше обележан со присуството на сеуште силните емоции во однос на настаните, кои се случија во претходната година, во Македонија, но и со кризата која се повеќе се изострува-ше на најголемиот османлиски остров, населен со доминантно грчко население-Крит. Меѓутоа, немаше никакви сигнали, барем јавно, за настаните кои ќе следат во месеците кои наближувале и на Крит, но и во Македонија. Велиме јавно, бидејќи постојат одредени индикации за подготовките на тајните грчки комитети за делување во Османлиската држава, но и за соработка со одредени македонски кругови во Софија, кои беа под вли-јание на бугарската влада. Според еден руски документ од почетокот на 1896 година во Атина претстојувале претставници на Македонски комитет од Софија[449], кои разговарале со некои Грци за Македонија. Всушпст разговарале за евентуална заедничка соработка против Османлиите во Македонија, која би требало по добивањето на автономијата да биде поделена.

Активност била покажана и на црковно поле. На почетокот на годината во рамките на високите структури на Патријаршијата се размислувало за помирување со Егзархијата и разделување на епархиите и затоа, според видувањата на споменатите структури, била потребна руска помош[450]. Овие размислувања на Патријархот и неговите соработници не се случајни. Видовме дека Русија веќе покажа спремност да посредува за надминување на спорот со Егзархијата, но исто така искуството на Патријаршијата со давањето на берати на Егзархијата можно е да придонеле за размислување во насока на договор со бугарската црква, посебно за македонските епархии. Како и многу пати, желбите биле едно,

---

[449]се мисли на Врховниот кокмитет. (ДАРМ, фонд: руски конзулат во Солун, 1.1104.1.68 /503, Архив Веншней Политики Росии(АВПР), Битола, 3 января 1896)

[450] ДАРМ, фонд: конзулат во Солун, 1.1104.1.69/504, АВПР, Битола, 8 января 1896

но реалноста била сосема подруга. Можноста за договор со Егзархијата, макар и со руска помош, во тој момент била скоро невозможна. Имено, поголемиот дел од патријаршиските структури, посебно оние на локално ниво, воопшто не биле расположени за давање било какви концесии. Тоа се однесувало и на обидите на српската пропаганда да добие право на словенска богослужба во Битола, дури ниту во рамките на Патријаршијата[451], а заложбите на некои села во Битолско, како на пример Баре-шани, да преjдат под егзархиска јурисдикција енергично биле спречувани од страна на битолскиот патријаршиски митрополит[452], кој ја имал поддршката од грчкиот конзул во градот[453]. Воопшто и во Грција мислењето за некаква солуција, во однос на проблемите со Егзархијата и бугарската пропаганда, не беа поволни. Така, голем интерес во Атина предизвикала информацијата за разговорот на бугарскиот дипломат Димитров со султанот, при што наводно на Бугарите им биле ветени некои погодности во правниот сектор на Османлиската држава[454]. Оваа информација предизвикала жестока реакција во атинскиот печат, а Македонскиот комитет дури подготвувал протестна декларација. Јасно се гледа какво било расположението помеѓу Грците за било каков компромис со Егзархијата, но и во следниот период ќе бидат правени обиди, со руска помош, во тој правец, а грчката влада нормално нема да остане по страна, која дури го испратила својот дипломатски претставник во Софија на крштевката на бугарскиот наследник, Борис, што всушност значеше и преминување на истиот во православна вера[455]. Самото присуство на грчкиот дипломат не би било чудно, доколку црковната институција која го обави крштевањето на Борис не беше сметана од страна на Грците за шизматичка.

Споменуваниот македонски комитет во февруари 1896 година презел еден би рекле, не само дрзок, туку и храбар чекор. Неговото раководство испратило меморандум до британската амбасада во Атина, но не и до другите дипломатски претставништва на останатите европски сили, во кој

---

[451] ДАРМ,м-598, Васиљевиќ-Новаковиќу, Битољ, 7 февруара 1896, ПО, Ф-IV
[452] ДАРМ, фонд: конзулат во Солун, 1.1104.1.76/531, АВПР„ Битола, 8 феврала 1896
[453] ДАРМ,м-598, цит. док., Битољ, 7 февруара 1896, ПО, Ф-IV
[454] ДАРМ,м-327, Egerton-Salisbury, Athens, 11 january 1896, 32/677
[455] Петър Стоянович, Между Дунав и Нева, Княз Фердинанд I Българскри во очите на австро-унгарската дипомација, София, 1999, с. 123

се бара британска помош за неговото делување и воспоставување тајни контакти со владата во Лондон се со цел добивање на сојузници за "ослободување на Македонија и другите делови на поробените Грци"[456]. Егертон, нормално, го одбил барањето и ја нагласил намерата за истото да го информира грчкиот министер за надворешни работи. Потегот на македонскиот комитет во Атина за барање помош од британската влада, најверојатно, се должи на променетиот однос на официјален Лондон кон Портата, посебно по настаните во Ерменија.

Грчкиот амбасадор во Цариград во февруари 1896 година се сретнал со бугарскиот агент во османлиската престолнина. На средбата Маврокордатос го информирал Димитров за расположението на владата во Атина да помогне околу подогнувањето на шизмата[457]. Во правец на можноста од подигнување на шизмата и надминување на црковниот спор говорел и рускиот амбасадор во Цариград, Нелидов. Тој тврдел дека постои расположение кај грчките владини кругови во Атина, но и кај патријаршиското духовенство[458] во Османлиската држава за подигнување на шизмата, доколку егзархот го премести седиштето на бугарската црква во Софија, а јурисдикцијата на Егзархијта се ограничи само на кнежевството Бугарија[459]. Тоа значи откажување од Македонија, а Бугарите, кои толку вложувале во својата пропаганда во оваа област со цел областа да ја направат бугарска, не можеле истото да го прифатат. Егзархот Јосиф едноставно го одбил предлогот[460]. Атина не била изненадена од одговорот, кој всушност бил и очекуван.

Давањето на споменатиот предлог не значи и вистинска намера да се постигне компроммис со Егзархијата. Имено грчката дипломатија се уште ги испитувала последиците по грчките интереси од подигањето на шизмата. Скузес, министерот за надворешни работи, испратил циркуларно писмо до грчките конзули во Македонија, во кое бара да му ги испратат своите ставови и размислувања по прашањето на шизмата. Реакцијата на

---

[456] ДАРМ,м-327, Egerton-Salisbury, Athens, 17 february 1896, 32/677
[457] Н. Данова, Кьм въпроса..., с. 118
[458] Битолскиот патријаршиски митрополти воопшто не ја криел својата зависност од грчкиот конзул во градот по прашањето на Егзархијата.(ДАРМ, фонд: конзулат во Солун, 1.1104.1.78, АВПР, Битола, 13 априла 1896)
[459] Р. Попов, Балканската..., с. 82

грчките конзули по можноста за компромис со бугарската црква била негативна. Грчкиот конзул во Солун, Андреас Пападијамантопулос, бил категорично против подигањето на шизмата со образложение дека истото ќе биде "штетно по нашите интереси"[461]. Едноставно се докажало тоа што било јасно и очекувано т.е. не постои можност за било каков компромис со Егзархијата. Компромисот бил невозможен од многу едноставна и јасна причина. Имено двете црковни институции, Патраијашијата и Егзархијата, покрај својата религиозна имале и политичка и пропагандна функција, посебно кога била во прашање Македонија. Невозможно било да се одреди линијата на разграничување, бидејќи и двете страни ја прикажувале Македонија како претежно нивна област. Истото не го правеле само владите, туку и разните пропагандни здруженија. Така атинското здружение "Елинизмос" во 1896 година објавило една статистика за Македонија, според која во оваа област живееле 1 991 420 жители од кои 846 911 биле Грци, 615 286 Трурци, 501 000 Словени, кои според составувачите биле поделени на Срби и Бугари, и 80 000 Евреи[462]. Едноставно објавувањето на статистиките од овој тип, иако зад нив не стоела владата, придонесувале компромисите да бидат невозможни, а можеби истите ниту пак биле посакувани.

Еден настан за кратко ќе предизвика интерес за грчко-српските односи, меѓу другото и во поглед на Македонија. Во април 1896 година во грчката престолнина пристигнал српскиот крал Александар. Тој во Атина од страна на грчката јавност бил пречекан со големи симпатии и со повиците:"Да живее кралот, нашиот сојузник"[463]. Искажувањето на симпатиите кон еден суверен на словенска балканска држава не беше без причина. Имено, Александар пред да пристигне во Атина, минувајќи низ Солун, се изјаснил за градот како за грчко место[464]. Претходно пак, после смртта на патријаршискиот митрополит во Призрен, во јануари 1896 година, Патријаршијата се согласила да наименува српски митрополит на

---

[460] С. Димевски, Историја на ..., с. 591
[461] E. Kofos, Attempts..., p. 368, f. 42
[462] Μακεδονια, Ητοι μελετη οικονομικη, γεογραφικη, ιστορικη και εθνολογικη της Μακεδονιας , Πειραις, 1896, σ. 171
[463] Driault et l'Heritier, Histoire diplomatique..., p. 310
[464] исто, фус. 6

испразнетото место[465]. Не треба да се сомневаме во ставот на грчката влада. Посетата на Александар на Атина имала одредена цел, но постојат различни мислења околу тоа. Според Терзиќ, посетата била со цел да се воспостават поблиски односи со Грција, што било во духот на политиката на тогашниот престедател на српската влада, Новаковиќ[466]. Истиот став го делат и Дрио и Леритие[467]. Јовановиќ има сосема друго мислење. Според него оваа посета имала повеќе приватна отколку политичка цел. Имено, Александар ја посетил грчката престолнина, со цел да ја запроси грчката принцеза Марија[468]. Не располагаме со доволно материјал за да го прифатиме едното или другото гледиште. Сепак, резултатите од посетата било таа да имала политичка или пак приватна цел биле негативни. Ниту бил постигнат некаков договор за поблиски односи помеѓу двете држави, ниту пак Александар ја запросил грчката принцеза. Исто така нема никакви реакции од другите балкански држави или пак од големите сили.

Етники Етеријата полека, но сигурно прераснуваше во вистинска смисла на зборот, држава во држава. Пролетта 1896 година бројот на оваа, се уште тајна организација, достигнал 3185 и во неа веќе имало многу офицери на грчката војска, свештеници, универзитетски професори и трговци[469]. Овие биле поделени во 56 келии во земјата и 83 надвор од Грција. Многу брзо Организацијата ќе ја покаже својата сила која, мора да се признае, нема да биде за потценување без разлика дали владата ја поддржувала или пак била против етеријата.

Во Македонија, поточно во Битола, во мај 1896 година повторно доаѓа до откривање на мрежа на прогрчки заговорници. Османлиските власти биле мошне сомничави кон активностите на грчката пропаганда во овој дел од Македонија, посебно по аферата Мавројанис од 1892 година[470]. Тие посебно внимание посветувале на контактите на патријаршискиот

---

[465]Αθανασιου Α. Αγγελοπουλου, Το επισκοπικον ζητημα της επαρηιας Δεβρων και Βελισσου, Μακεδονικα, 10 Θεσσαλονικη, 1970, σ. 274, Слободан Јовановић, Влада Александра Обреновића, Београд, 1935

[466] С. Терзић, Србија и ..., с. 355

[467] Driault et l'Heritier, Histoire diplomatique..., p. 310

[468] С. Јовановић, Влада Александра..., с. 483

[469] Г. Аспреа, Политικη..., σ. 218

[470] ДАРМ, фонд: конзулат во Солун, 1.1104.1.84, АВПР, Битола, 27 мая 1896

митрополит во градот со грчкиот конзул, Бецос[471]. На 20 и 21 мај османлиската полиција извршила претрес на куќите на видните претставници на грчката, поточно влашко-грчката заедница. Тогаш биле претресени куќите на адвокатот Н. Цингарис, учителот во грчката гимназија во градот, Василис Нотис, К. Цалис и Захос, претставник на грчката Banque de Salonique и на трговската куќа Алатини[472]. Причината за претресот било пронаоѓање на повеќе писма од еден од атинските силогоси наменето за битолски грчки пропагандистички кругови, во кои се барала информација за добивањето на субвенциите праќани од Атина. Османлиските власти следеле повеќе членови на прогрчките кругови од Битола, кои биле на олимписките игри во Атина и на тој начин дошле до споменатите писма[473]. Фаќањето на писмата и претресите предизвикале вистинска паника кај прогрчките кругови во градот. Грчкиот конзул и битолскиот митрополит се труделе со сите сили работите да се стишат. Би било премногу во рок од четири години грчката пропаганда да претрпи два сериозни удара во овој реон од Македонија. Тие делумно ќе успеат во својата намера.

Претпазливоста на османлиските власти не била само заради активностите на грчките пропагандни кругови, туку и заради настаните кои се случувале на Крит. На овој голем медитерански остров во мај 1896 година избувнало ново востание. Востаниците го блокирале османлискиот гарнизон во градот Вамос, а во Канеа се воделе вистински улични борби[474]. Критските комитети започнале со раздвижување на јавното мислење во Грција и вршеле притисок врз владата во Атина за давање на помош на востаниците. Така започнува една нова криза која наскоро целиот регион ќе го доведе во општа опасност. Етники Етеријата, која добро ја разграна сопствената мрежа, започна со своите активности[475]. Ударите не беа насочени само против османлиските власти. Нејзината пропаганда уште од самиот почеток на Кризата силно го оспоруваше патриотизмот на кралот

---

[471] исто

[472] ДАРМ, фонд: конзулат во Солун, 1.1104.1.82, АВПР, Битола, 21 мая 1896

[473] ДАРМ, Васиљевић-Новаковићу. Битољ, 25 маја 1896, ППО, Ф-IV, пов. 270

[474] D. Djordjević, Revolutions..., p. 175

[475] Грчкиот историчар Аспреас тврди дека премиерот Делијанис се до јуни 1896 година не знаел за постоењето на оваа организација. Тоа е помалку чудно со оглед на фактот дека скоро три четвртини од офицерите на грчката војска биле членови на етеријата. (Γ. Ασπρεα, Πολιτικη..., σ. 219)

Георгиос, обвинувајќи го дека недоволно работел во минатото во правец на територијалната експанзија на Грција и го доведуваше во прашање опстанокот на целата династија[476]. Критиките на оваа организација на сметка на кралот беа неоправдани, тој, можеби и повеќе од некои грчки политичари работеше на територијалното проширување на својата земја, и покрај неговото данско потекло.

Етники Етеријата работеше и на теренот. Во почетокот на јуни 1896 година, еден од највидните припадници на оваа организација, Емануил Ликудис, заминал за Трикала со наредба од раководството да организира една вооружена чета и да изврши притисок врз офицерите, кои работеле на границата, да не го попречуваат преминувањето на четите на османлиска територија, поточно во Македонија[477]. На 5 јуни беше формирана и целосно опремена првата чета на Етники Етеријата, која требало да навлезе во Македонија, а на нејзино чело бил Атанасиос Бруфас[478]. Во оваа чета биле вклучени и личности, кои веќе имале искуство од настаните во 1878 година, како што биле Такис Перифанос, Јоанис Георгадис, Василис Иконому, Лазос идр. Првично четата броела 89 борци, а подоцна Гаванас ја засилил со нови 165 андарти. Четата со цел да ја зачува својата тајност се криела во еден манастир во близина на Лариса[479]. Освен формирањето на чети, една од главните амбиции на Етники Етеријата во овој период беше и формирањето на герилска база на Атос со цел подготвување на востание во Македонија[480].

Додека етеријата ги привршуваше подготовките за навлегување на нејзини чети во Македонија на Крит ситуацијата стануваше се покомплицирана. Во јули критското Собрание заседаваше и хритстијанските делегати побарале добивање на статус на островот сличен на оној кој го имал Самос[481]. Истовремено османлискиот воен командант на островот започнал да го истиснува христијанскиот гувернер, а тоа предизвикало засилување на насилствата. Грција протестирала до големите сили заради ситуа-

---

[476] George Marcopoulos, The selection of prince George of Greece as high commissioner in Crete, Balkan Studies, 10/2, Thessaloniki, 1969, p. 336

[477] Ιστορια του ελληνικους..., σ. 99

[478] Г. Моδη, О Μακεδονικου αγων και..., σ. 139

[479] исто

[480] K. Vacalopoulos, Modern history..., p. 203

цијата на Крит, но Портата ја обвинила Атина за испраќање на оружје не само на немирниот остров, туку и во Македонија и Епир[482].

Османлиските власти веќе не сакале да губат време. Тие започнале со собирање на редифите, кои требале да бидат испратени на границата со Грција[483]. Ова покажува дека тие очекувале проблеми на границата, но Етники Етеријата веќе започнала со своето делување, не само на границата туку и на османлиска територија. И покрај сите мерки, преземени од страна на османлиските власти една добро организирана грчка чета навлезе во Македонија[484]. Четата ја преминала границата во близина на Платамона, а кон неа веднаш биле испратени османлиски воени сили од Солун, Бер и Воден[485]. Всушност станува збор за четата на Бруфас за чие што формирање веќе говоревме. Истата веднаш по навлегувањето на османлиска територија се поделила на повеќе дела[486]. Делењето на четата не било случајно направено. Имено, на тој начин се сметало дека полесно ќе се движат низ македонските предели, а и османлиските сили, кои биле пратени во потера по грчките андарти, ќе бидат збунети и принудени да се раштркаат на повеќе страни. Навлегувањето на првата чета не можело да ги остави рамнодушни претставниците на големите сили во Атина. Посебно што загрижувало биле фантастичните бројки околу бројот на четниците кои навлегле во Македонија. Така, британскиот конзул од Волос говорел за 1000 доброволци, кои преминале во Македонија, но оваа бројка од страна на британскиот амбасадор во Атина била оценета како претерана[487]. Сепак

---

[481] Douglas Dakin, The Greek struggle in Macedonia 1897-1903, Thessaloniki, 1993, p. 35

[482] исто

[483] ДАРМ,м-327, Decypher Blunt, Salonica, 5 july 1896, FO 195/1945

[484] ДАРМ,м-598, Васиљевиќ-Новаковиќу, Битољ, 11 јула 1896, ППО, Ф-IV, пов. 7

[485] ДАРМ,м-327, Decyrher Blunt, Salonica, 21 july 1896, FO 196/1945

[486] Според извештајот на српскиот конзул од Битола четата се поделила на два дела. (ДАРМ,м-598, Васиљевиќ-Новаковиќу, Битољ, 12 јула 1896, ПО, Ф-VI). Српскиот конзул од Солун, пак, информира дека четата, која според неговите информации броела 250 андарти, по навлегувањето на османлиска територија се поделила на три групи, при што Бруфас заминал за Мариово, а останатите се движеле во јужните делови на Македонија, околу Катерини. (м-446, Павловиќ-Новаковиќу, Солун, 27 јула 1896, ПО, Ф-VII)

[487] ДАРМ,м-327, Foreign Office, 24 july 1896,(Кога говориме за бројноста на андартите, организирани од Етники Етеријата, тешко е да се утврди нивниот вистински број. Српскиот конзул во Битола,Васиљевиќ, дава две верзии за бројноста на андартиете. Според првата, нивниот број изнесувал 250, а според втората 350. Францускиот конзул во истиот град, Леду, како посигурна бројка за јачината на андартите го наведува бројот 150, иако веста која се ширела за нивната бројност била 250 луѓе.(Димитар Димески, Македонското националноослободително движење во Битолскиот вилает 1893-1903, Скопје,

и претераните бројки за силината на андартите кои навлегле во Македонија биле доволна причина британскиот амбасадор во Атина, Егертон да го запраша грчкиот премиер, Делијанис, како ќе ги објасни навлегувањата во Македонија. Првиот човек на грчката влада одговорил дека добил телеграма од гувернерот на Лариса во кој тој го информирал за навлегувањето на околу 100 луѓе во Македонија, под изговор дека "барале работа"[488]. Делијанис не криел дека издал наредба групата да биде разоружана, но тие успеале да се префрлат во Македонија. Истиот одговор го добил и австро-унгарскиот амбасадор во грчката престолнина. Грчкиот премиер го признал присуството на некои офицери на грчката војска во групите кои се подготвувале да навлезат во Македонија. Еден од нив, Пиеракос, бил поручник на грчката војска, инаку близок до Македонскиот комитет, но, барем така тврдел Делијанис, министерот за војската го отпуштил од армиските редови[489]. Според грчкиот премиер, најголем дел од андартите кои навлегле во Македонија, потекнувале токму од таа област[490]. Делијанис делумно бил во право. Не може да се негира учеството на луѓе кои потекнувале од Македонија, не само во првата чета на Бруфас, туку и во оние кои многу брзо ќе навлезат на османлиската територија. Според Д. Димески, сигурно е учеството на Власи во андартските чети, а можно е тие да биле од Македонија, бидејќи четите длабоко проникнале во внатрешноста на Битолскиот вилает, што било можно само ако некој добро го познавал теренот[491]. Исто така и францускиот конзул во Битола, врз база на настаните кои се одвивале на теренот, пишува "јас се повеќе и повеќе верувам дека овие грчки банди се составени од Тесалијци и Македонци, емигранти во Грција што го познаваат теренот"[492].

Османлиските власти реагирале на навлегувањето на андартите, но, барем на почетокот, имале големи потешкотии да се справат со нив. Веќе споменавме дека андартите по навлегувањето на османлиска територија се распрскале на повеќе групи од тактички причини. Османлиските власти ги

1981, с. 220, фус. 97). Британскиот конзул во Солун, Блант, пак смета дека бројот на андартите изнесувал 130. (ДАРМ,м-327, цит. док.,Salonica, 21 july 1896, FO 195/1945)

[488] ДАРМ,м-327, Egerton-Salisbury, Athens, 24 july 1896, FO 32/677

[489] исто

[490] ДАРМ,м-327, Foreign Office, 24 july 1896, FO 195/1911

[491] Д. Димески, Македонското..., с. 222

информирале странските конзули во Македонија за појавувањето на грчките четници во различни реони од јужна Македонија. Така рускиот конзул во Битола, Жадовски, бил информиран за појавата на андарти кај Цума, Катраница, Клисура и во близината на Лерин[493]. Постојат и информации за раздвижување на андартите во Кајларско и Воденско[494].

Освен информациите за навлегувањето на грчките чети на османлиската територија и правците на нивното движење, започнале да пристигнуваат и првите вести за судирите на овие чети со османлиските сили, кои претрпеле извесни загуби. Така при еден судир помеѓу андартите и османлиските сили, на теренот меѓу Бер и Негуш, османлиските сили имале релативно големи загуби[495]. Има извештај и за судир на теренот помеѓу Кајлари и Кожани, но без давање на податоци за последиците од истиот[496]. Вестите за првите судири и успехот на Бруфас во Атина биле пречекани со голем ентузијазам и зголемено расположение за понатамошна борба. Тука започнал воениот занес со говорење за претстоечката лесна победа на грчка војска, која ќе ги прегази османлиските сили[497]. Во атинскиот печат започнале да се појавуваат написи во кои се говорело за фантастични борби во Македонија, а грчките андарти да се прогласуваат за митски херои[498]. Слични вести се појавиле и во некои европски весници. Сепак, овие вести биле претерани, како по бројот, така и по нивното значење[499]. Надменоста на Грците по првичните успеси ќе им се врати како бумеранг, посебно во следната година.

Османлиските власти, како што било очекувано и нормално, ги сметале андартите за разбојници. Доколку е така, тогаш тие би биле неорганизирани и без никаква цел. Меѓутоа материјалите со кои распо-

---

[492] исто
[493] ДАРМ, фонд: конзулат во Солун, 1.1104.1.92, АВПР, Битола, 16 јула 1896
[494] ДАРМ,м-327, Monastir, 25 july 1896, FO 195/1945
[495] Според извештајот на српскиот конзул во Битола, османлиските сили имале 40 убиени војници, 4 ранети и осум заробени, од кои еден бил офицер. (ДАРМ,м-446, Васиљевић-Новаковићу, Битољ, 15 јула 1896, ПО, Ф-VI). Слични податоци дава и италијанскиот конзул од Битола. Според него, Османлиите имале 40 мртви војници, 4 ранети и 17 заробени.(ДАРМ,м-176, Telegrama da Scaniglia, Monastir, 26 luglio 1896, ASMAE). Блант пак дава информација за заседа во која паднале османлиските сили, при што имале еден загинат и 15 заробени војници. (ДАРМ,м-327, Decyphered by Blunt, Salonica, 27 july 1896, FO 195/1945)
[496] ДАРМ,м-446, цит. док., Битољ, 15 јула 1896, ПО, Ф-VI
[497] Г. Моδη, Ο Μακεδονικου αγων και..., σ. 140
[498] Г. Ασπρεα, Πολιτικη..., σ. 220

лагаме го покажуваат спротивното. Погоре видовме, од разговорот на Делијанис со Егертон, дека во андартските редови имало офицери на грчката војска. Во една телеграма на рускиот конул од Битола се вели дека помеѓу андартите имало и евзони[500], а тоа се сепак елитни и дисциплинирани војници. Според францускиот конзул во Битола, Леду, андартите кои се истовариле кај Катерини, биле униформирани, носеле грчко знаме, а меѓу нив имало и подофицери на грчката војска[501]. Исто така кај некои од заробените андарти ќе бидат најдени и документи кои говорат за нивната посветеност кон некоја цел. Имено, кај еден од заробените андарти бил најден напис кој бил некој вид заклетва и програма во која стои дека востаниците ќе бидат еден на друг верни до смртта, нема да прават зулуми и ќе се борат само против Турците и ширењето на панславизмот[502]. Кај еден андарт биле најдени предмети на кои пишувало "Грчки национален комитет" и "смрт или слобода"[503]. Сите овие податоци говорат дека андартите биле одлично организирани, но имале и одредена цел. Всушност, која беше вистинската цел на оваа акција на Етники Етеријата во Македонија? Дали да се предизвика востание или пак да се олесни позицијата на критските востаници? Според англискиот историчар Бриц, случувањата во Македонија во овој период биле поврзани со критските настани и служеле за одвлекување на вниманието на Османлиите од немирниот остров[504]. Српскиот пратеник во Лондон, Мијатовиќ, исто така смета дека упадот на андартите во Македонија е обид за диверзија во корист на критското востание[505].

Постојат и други мислења за целта на андартските навлегувања во Македонија во 1896 година. Битовски смета дека целта на овие акции била да и се даде на знаење на европската дипломатија и јавност дека во

---

[499] Д. Димески Македонското..., с. 223
[500] ДАРМ, фонд: конзулат во Солун, 1.1104.1.91, АВПР, Bitola, 12 juliet 1896
[501] Д. Димески Македонското..., с. 222
[502] ДАРМ,м-446, Васиљевић-Новаковићу, Битољ, 28 јула 1896, ПО, Ф-VI; Д. Димески, Македонското..., с. 221; К. Битоски, Грчките..., с. с. 161, фус. 15
[503] ДАРМ,м-176, Consolato in Salonica alla ambasciata in Constantinopoli, Salonico, 23 luglio 1896, ASMAE
[504] F. R. Bridge, Austro-Hungarian documents relating to the macedonian struggle 1896-1912, Thessaloniki, 1976, p. 11
[505] ДАРМ,м-446, Мијатовић-Новаковићу, Лондон, 18/30 јула 1896, ПО, Ф-VI

Македонија има и грчки интереси[506]. Грчките историчари делувањето на Етники Етеријата и испраќањето на четите во Македонија го поврзуваат со делувањето на бугарската пропаганда. Кофос тврди дека испраќањето на грчките чети во Македонија било со цел да се засилат "Грците во Македонија во нивното спротивставување на бугарската пропаганда, посебно на делувањето на бугарските вооружени чети"[507]. Сличен став е искажан и во Историјата на грчкиот народ[508]. Вакалопулос пак како причина за акцијата освен протестот кон, како што се изјаснува, бугарските акции, го додава и одвлекувањето на вниманието на Османлиите од Крит[509]. Сметаме дека неговото мислење е најприфатливо, бидејќи и покрај сите жалби и настојувања на Етники Етеријата за поширока акција во Македонија, таа таму немаше цврста инфраструктура, иако не може да се негира дека имаше свои клонови.

Кога говориме за акциите на Етеријата не може да се занемари и расположението на народот кон оваа акција. Андартите се обидувале да го придобијат населението на своја страна и сигурно дека одредена помала група на луѓе им се придружила во нивните акции. Меѓутоа, поголемиот дел од населението останал пасивен, уште од самиот почеток на навлегувањето на четничките групи на Етники Етеријата. Впрочем, имаме повеќе изјави од различни извори кои говорат во прилог на изнесената констатација. Битолскиот валија, во разговорот со британскиот заменик вицеконзул во Битола, истакнал "христијанското население во овој вилает-додаде пашата -не им дава отворена подршка на бандите и колку и да се жалат, тие се мирни и мирољубиво настроени"[510]. Српскиот премиер Новаковиќ, секако врз база на извештаите на неговите конзули, во разговорот со бугарскиот агент во Белград истакнал "Македонците не изгледаат дека се многу ентузијанизирани од Грците"[511]. Рускиот конзул во Битола, во еден свој извештај, истакнува дека агитацијата на андартите во тој дел од Македонија за востание не донесе успех и само мал дел од

[506] К. Битоски, Грчките..., с. 160
[507] Μακεδονια 4000 χρονια..., σ. 464
[508] Ιστορια του ελληνικου..., σ. 99
[509] C. Vakalopoulos, History of modern..., p. 202
[510] Британските конзули..., док. 112, Битола, 18 август 1896, с. 250

населението се приклучил на нивните чети[512]. Уште повеќе и Османлиите не седеле со скрстени раце. Тие го ангажирале познатиот Апостол Маргарит да оди помеѓу влашките сточари и да агитира против делувањето на андартите[513]. Овој потег се покажал како доста успешен. Едноставно османлиските власти знаеле кон која етничка заедница во Македонија, покрај грчката[514], андартите ќе се обратат. Тие и онака имале големо искуство со делувањето на грчката пропаганда помеѓу влашкото население, чии одредени делови биле големи приврзаници на мегали идејата, а и бројно го засилувале грчкиот елемент. Може да заклучиме дека немало никакви услови, а уште помалку поголема подршка за некакво востание во Македонија, кое би било предизвикано од Етники Етеријата. Тоа нема да значи и откажување од делувањето на оваа организација во јужните делови на Македонија. Напротив, тоа и понатаму ќе продолжи со испраќање на нови чети во текот на 1896 година. Сепак, мораме да напоменеме дека овие грчки четници, за разлика од порано, доста пристојно се однесувале кон населението, секако со цел да го придобијат на своја страна.

Акциите на Етники Етеријата во Македонија не можат да не го постават и прашањето за однесувањето на грчката влада кон истите и евентуалното нејзино инволвирање во истите. Битовски смета дека грчката влада, најверојатно не знаела за испраќањето на четите во Македонија[515]. Меѓутоа, од презентираниот разговор помеѓу Делијанис и британскиот амбасадор во Атина, можеме да се увериме дека грчката влада знаела за испраќањето на четите во Македонија. Навлегувањето на четите во Македонија, според Аспреас, го поставиле Делијанис во многу незгодна позиција, бидејќи тој веќе бил ангажиран во решавањето на критскиот проблем[516]. Наводно Делијанис размислувал и да ја укине организацијата,

---

[511] Михајло Миноски, Македонија во билатералните и мултилатералните договори на балканските држави 1861-1913, Скопје, 2000, док. 98, Белград, 10 август 1896, с. 307

[512] ДАРМ, фонд: конзулат во Солун, 1.1104.1.95, АВПР, Битола, 13 августа 1896

[513] исто

[514] Грчката заедница во Македонија, нормално, била пријателски расположена кон андартите и на истите им ја укажувала својата помош. а тоа секако им било од голема корист. (Κωνσταντινος Α. Βακαλοπουλος, Το πολιτικο καθεστος του ελληνισμου της Μακεδονιας στ ις παραμονες του μακεδονικου αγωνα 1894–1904, Ο μακεδονικος..., σ. 43)

[515] К. Битовски, Грчката "македонска"..., с. 53

[516] Г. Аспреа, Политикη..., σ. 220

но во тоа бил спречен од другите членови на грчката влада[517]. Грчкото министерство за надворешни работи испратило циркуларо писмо до грчките конзули во Македонија со кое не ги одобрува иницијативите на Етники Етеријата, карактеризирајќи ги андартите како разбојници, а биле и преземени мерки за контрола на границата[518]. Таа дури и ветила на османлиската влада дека ќе го спречи понатамошното праќање на четите во Македонија, но тоа ветување никогаш не било реализирано[519]. Грчкиот конзул во Солун во разговор со претставниците на големите сили упорно тврдел дека грчката влада и народ не ги оправдуваат акциите на андартите[520]. Конзулот на Грција во Битола на својот австроунгарски колега му ја нагласувал повеќе приватната иницијатива зад акциите во Македонија во која немало вмешаност на атинската влада[521]. Грчкиот амбасадор во Цариград не го криел постоењето на организацијата која требала да прави проблеми во Македонија кога ќе дојде погодниот момент, но според него за грчката влада тоа е само "прашање на политика дали треба да се поттикне или задуши движењето"[522].

Постојат и мислења дека грчката влада била инволвирана во настаните кои се одвивале во Македонија. Новаковиќ бил на мислење дека немирите во Македонија се, најверојатно, покренати од грчката влада[523]. На истото мислење бил и српскиот пратеник во Атина , кој потенцира дека никој не го попречува испраќањето на луѓе и материјални средства во Македонија[524]. Не можеме да кажеме дека грчката влада директно стоела зад акциите на Етники Етеријата од самиот почеток, дури видовме и преземање на одредени, навистина повеќе фиктивни, акции за спречување на делувањето на оваа организација. Меѓутоа, отсуството на посериозни чекори во правец на смирување на делувањето на Етеријата остава простор за сомневање во намерите на атинската влада, па макар и тие да

---

[517] исто
[518] Ιστορια του ελληνικου..., σ. 99–100
[519] К. Битоски, Грчките..., с. 162, фус. 21
[520] ДАРМ,м-330, Blunt-Herbert, Salonica, 28 july 1896, FO 78/4734
[521] K. Vakalopoulos, Modern history..., p. 204
[522] ДАРМ,м-330, Currie-Salisbury, Pera, 26 november 1896, FO 78/4719
[523] М. Миноски, Македонија во..., док. 98, Белград, 10 август 1896, с. 307
[524] ДАРМ,м-446, Атина 10 септембра 1896, ПО, Ф-VI

не биле преземани заради јавното мислење во Грција. Многу брзо и грчката влада отворено ќе застане зад делувањето на Етеријата.

Можноста критскиот проблем да излезе од контрола беше причина за ангажирање на европските сили во насока на решение на прашањето, кое неколку децении ги нарушуваше односите во источниот Медитеран. Виена направи официјален предлог до останатите големи сили, според кој требало да се побара од Атина да го спречи праќањето на луѓе и оружје на островот, при што имало и варијанта за поморска блокада на Крит, доколку грчката влада го одбие барањето на големите сили[525]. Британската влада не сакала да се согласи со предлогот на дунавската Монархија за поморска блокада на бунтовниот остров. Солзбери се правдал со можните реакции на јавното мислење во неговата земја, кое било против секаква можност Велика Британија да биде на страна на Портата и можноста да не биде заштитено христијанското население на Крит[526]. Уште повеќе, во овој временски период, гости на британскиот кралски двор биле грчките принцови-војводата од Спарта и Николаос. Тоа било доволно за многумина да заклучат дека британската влада е на страна на Грција и критските востаници[527]. Можеби овие убедувања биле претерани, но некои постапки на британската влада во текот на целата Критска криза влијаеле на Грците да помислат дека ја имаат целосната британска подршка. Дури и претставниците на грчката заедница во Македонија биле уверени во подршката од страна на Велика Британија, непосредно по навлегувањето на првата чета на Етники Етеријата во наведената османлиска област[528].

Како што веќе кажавме Етники Етеријата ќе продолжи со своите четнички акции скоро до крајот на 1896 година. На почетокот на август присуство на андартите ќе биде забележено кај манастирот Свети Наум, каде се појавиле петмина грчки четници[529]. Една друга група се криела во близината на с. Алшар и по неа била пратена османлиска воена потера со

---

[525] Documenti diplomatici italiani (DDI), serie terza, v. 1, Roma, 1953, doc. 154, Roma, 24 luglio 1896, p. 91-92

[526] DDI,s. 3, v. 1, doc. 141, Londre, 31 luglio 1896, p. 97, Андрей Пантев, Англия и реформната акция в европейска Турция, Исторически преглед, XVII/6, София, 1971, с. 11

[527] ДАРМ,М-446, Мијатовић-Новаковићу, Лондон, 25 јула 1896, ПО, Ф-VI

[528] ДАРМ,М-446, цит. док., Солун, 27 јула 1896, ПО, Ф-VII

[529] Д. Димески, Македонското..., с. 223

која имало судир[530]. Скоро истовремено се појавила информација за истоварување на грчка чета со околу 100 андарти во Орфанскиот залив, која потоа се упатила на север[531]. Интересно е што појавувањето на андартите, макар и во симболичен број, како што бил случајот со Свети Наум се поклопува со линијата на грчките аспирации во Македонија.

Критската криза и случувањата во Македонија започнале сериозно да ги загрижуваат големите сили, кои веќе не го криеле својот страв од можноста настаните во Македонија да излезат од контрола и да предизвикаат немири во кои би можело да се вклучи и Бугарија[532], која исто како и Грција имаше аспирации кон оваа богата османлиска област. Загрижеността беше зголемувана со постојаните информации, кои пристигнуваа од Грција за делувањето на разните Комитети, како што биле Македонскиот, Националниот и Епирскиот, а посебно вознемирувачки биле гласините за пристигнување на оружје во грчкото пристаниште Волос, кое најверојатно било наменето за Македонија[533]. Информацијата била причина британскиот амбасадор да побара објаснување од грчкиот министер за надворешни работи. Скузес, очигледно изненаден од интересот на британскиот дипломат, се правдал дека не знаел за праќање на нови чети и ветил проверка, од страна на министерството за внатрешни работи, на информацијата околу оружјето[534].

Во Македонија ситуацијата постепено стана неповолна за делувањето на Етериските чети. Османлиските сили започнале да постигнуваат успеси во борбите со грчките андарти и да ги потиснуваат кон грчката територија или пак во спротивно да ги уништуваат[535]. Истовремено по наредба на Патријархот беше издаден проглас од страна на митрополитите во

---

[530] ДАРМ ,м-330,-Blunt, Krivolak, 1 august 1896, FO 78/4734. Можно е при овој судир, во кој според извештајот на пратеникот на Блант, загинале 40 османлиски војници, да загинал и андартскиот водач Бруфас. К. Вакалопулос не е сигурен дали тоа навистина се случило кога говори за судирот во близината на Демир Капија, но претпоставува дека Бруфас загинал при борбата со османлиските единици. (K. Vakalopoulos, Modern history..., p. 207)

[531] Не располагаме со други податоци за делувањето на оваа чета, која доколку навистина се истоварила, тогаш очигледно имала задача да делува во источните делови на приморскиот дел на Македонија.(ДАРМ,м-176, Consolato in Salonica-Ambasciata in Constantinopoli, Salonico, 31 luglio 1896, ASMAE

[532] DDI, s. 3, v.1, d. 152, Vienna, 12 agosto 1896, p. 112

[533] Се работи за пратка од околу 1000 пушки. (ДАРМ,м-327, Egerton-Salisbury, Athens, 7 august 1896, FO 32/678)

[534] ДАРМ,м-327, Egerton-Salisbury, Athens, 8 august 1896, FO 32/678

[535] ДАРМ,м-324, British Embassy-Salisbury, Therapia, 14 august 1896, FO 78/4713

Солун, Бер, Гревена, Серфиџе, Кожани, Јанина и Аргирокастро, во кој се повикувало христијанското население да остане мирно и да не посветува внимание на опасната агитација на групите кои пристигнале од Грција[536]. Навидум акциите на Етеријата во Македонија започнале да заслабуваат, но многу брзо ќе дојде до упади на нови чети. Имено, во близината на Плата-мона на 11 август 1896 година ќе навлезе една чета со јачина од 50 андарти, а имало индиции дека и други две чети навлегле од Тесалија[537]. Всушност се работи за втората чета, која била формирана од страна на Етники Етеријата во текот на јули. На чело на оваа чета биле учесниците од настаните во 1878 година, Танас Платис, Христо Верверис и Леонидас Циорис. Платис многу брзо се враќа во Грција, каде бил задржан од полицијата во Лариса[538]. Циорис и Верверис продолжиле со своето делување, но околу 23 август 1896 година Верверис бил убиен од османлиските сили[539]. Циорис успеал да се спаси и заминал за Мариово, каде се споил со остатоците на четата на Бруфас. Убиството на Верверис воопшто не влијае на делувањето на четите. Напротив, има формирање на уште една чета на Етеријата.

Етники Етеријата во втората половина на август ја формирала и третата чета, составена од 36 андарти на чие чело бил Пападимос. Оваа нова андартска чета, по навлегувањето во Македонија, требала да соработува со остатоците од четите на Бруфас и Верверис. Пападимос на 18 август навлегол во Македонија, но во близината на Пурнари на 21 август, бил нападнат од османлиските сили и заедно со уште седум четници бил убиен[540]. Во првата половина на септември во близината на Литохоро се истоварила уште една грчка чета, која веднаш била нападната од османлиските сили[541]. И оваа чета била разбиена. Од вкупно 17 андарти кои се истоварile осуммина веднаш биле заробени, а подоцна уште четворица[542]. Етники Етеријата формирала уште една чета, на чело со Грутас, која на 14

---

[536] ДАРМ,м-330, Blunt-Salisbury, Salonica, 18 august 1896, FO 78/4734
[537] ДАРМ,м-330, Blunt-Salisbury, Salonica, 18 august 1896, FO 78/4734
[538] Κ. Βακαλοπολος, Η Μακεδονια..., σ. 113
[539] ДАРМ, фонд: конзулат во Солун, 1.1104.1.100, АВПР, Битола, 31 августа 1896,
[540] Κ. Βακαλοπουλος, Η Μακεδονια..., σ. 114
[541] ДАРМ,м-176, Consolato in Salonica alla ambasciata in Constantinopoli, Salonico, 23 luglio 1896, ASMAE
[542] ДАРМ,м-330, Blunt-Currie, Salonica, 15 september 1896, FO 78/4734

септември навлегла во Македонија, но и таа била брзо разбиена, а нејзиниот водач бил убиен[543]. Ова, според Вакалопулос[544], ќе биде и последната чета која е формирана од Етеријата, но и понатаму ќе има навлегување на грчки чети во Македонија до крајот на годината. Има податоци за навлегување на две нови грчки чети на почетокот на септември во близината на Еласона, кои се упатиле кон Мариово, а на нивно чело биле офицери на грчката војска[545]. Продолжувањето на упадите на грчките чети во Македонија, значело и продолжување на притисокот на големите сили врз Атина истото да го спречи. Декларативно грчката влада преземала мерки со цел да го попречи понатамошното навлегување на четите на османлиска територија. Грчкиот министер за внатрешни работи, Мавромихалис, во разговор со британскиот амбасадор во Атина не го криел делувањето на Македонскиот комитет во организирањето на четите и нивното испраќање на османлиска територија[546]. Тој го обвинил комитет, кој според него добивал средства од грчката дијаспора, за организирање на една чета која се истоварила во Тесалија со цел да навлезе во Македонија, но истата не била разоружана, бидејќи локалниот началник на полицијата чекал инструкции од Атина што и овозможило на четата да се оддалечи од местото на истоварување[547]. Токму ваквото однесување на грчките власти предизвикало сомневање кај османлиските. Имено, тие биле изненадени како може и покрај наредбата на атинската влада, офицерите на грчката војска, кои командувале со пограничните сили, да дозволуваат четите и понатаму да навлегуваат на османлиска територија[548]. Можеби би им било појасно доколку знаеле колкав бил бројот на грчките офицери кои учествувале во редовите на Етники Етеријата, а најверојатно и во другите комитети.

Грчката влада, гледајќи како се развиваат настаните поврзани со критската криза, решила да се обиде да се спогоди со Бугарија, која се сме-

---

[543] Κ. Βακαλοπουλος, Η Μακεδονια..., σ. 115
[544] исто
[545] ДАРМ,м-326, -Blunt, Monastir, 19 september 1896, FO 294/22
[546] ДАРМ.м-327, Egerton-Salisbury, Athens, 18 september 1896, FO 32/678. (Не располагаме со податоци за да тврдиме дека имало соработка помеѓу Етники Етеријата и Македонскиот комитет, но може да претпоставиме дека таа постоела со оглед на истата цел на двете организации, односно приклучување на поголемиот дел од Македонија кон Грција.)
[547] исто

тала за главен конкурент во Македонија. Грчкиот амбасадор во Цариград го посетил бугарскиот агент, при што го информирал за одлуката на атинската влада да дозволи отворање на бугарско дипломатско претставништво во грчката престолнина[549]. Маврокордатос, исто така, ја нагласил потребата бугарскиот агент во Атина да има инструкции за водење преговори за заедничко делување на Грција и Бугарија во Македонија. Во истата насока се изјаснил и грчкиот амбасадор во Букурешт, Рангавис, кој во разговорот со бугарскиот агент во романската престолнина се изјаснил во полза на ставање крај на "вековното соперништво меѓу Бугарите и Грците и да се дојде до договор за македонското прашање"[550]. Во разговорот Рангавис му ги открил на Мингов своите контакти во правец на постигнување договор, уште во времето на Батенберг, но бугарскиот дипломат во извештајот до министерот за надворешни работи, го изразил своето сомневање во искреноста на грчките предлози. Тој бил во право. Тогаш во Атина со голем интерес била проследена информацијата за барањето на нови берати во Македонија од страна на Егзархијата[551]. Грчкиот печат истото го оценил како обид на Бугарите да ја искористи затегнатоста во грчко-османлиските односи, во моментите кога грчката влада се обидува да ја смири состојбата. Немало жестока реакција на официјална Атина, по повод новите егзархиски барања, но затоа грчкото министерство за надворешни работи им укажал на амбасадорите на големите сили за несогласувањето на неговата влада со одземање на некои цркви од страна на егзархистите[552].

Етники Етеријата кон крајот на септември 1896 година испратила писмо до нејзиниот претставник во Лариса со барање да се прекине со испраќањето на чети во Македонија. Најверојатно како резултат на ова писмо на 4 октомври бил отфрлен предлогот за формирање и праќање нови чети во Македонија[553]. Причините за новиот став на раководството на Етеријата лежат во потребата од нови финансиски средства, реорганизација на Етеријата, но и во очигледниот факт за барем делумното

---

[548] ДАРМ,м-330, цит. док., Salonica, 15 september 1896, FO 78/4734
[549] М. Миноски, Македонија..., док. 101, Цариград, 23 септември 1896, с. 312
[550] исто, док. 102, Букурешт, 22 октомври 1896, с. 314
[551] ДАРМ,м-102, Atene, 26 settembre/8 ottobre 1896, ASMAE
[552] ДАРМ,м-178, Dela Tore-il ministro degli affari esteri, Atene, 7/19 novembre 1896, ASMAE
[553] Ιστορια του ελληνικου..., σ. 100

исполнување на една од целите, а тоа е насочување на вниманието на европската дипломатија и јавност кон грчките интереси во Македонија. Решението за престанок на испраќање на чети во Македонија, сепак нема целосно да биде почитувано. Францускиот и британскиот конзул во Битола во своите извештаи од октомври информираат за навлегување на нова грчка чета, која се поврзала со остатоците на претходните[554]. Двајцата како главен организатор го посочуваат комитетот во Лариса. Затоа британскиот вицекозул во Волос добил наредба да замине за Лариса со цел да ги провери информациите за новите навлегувања и нивните подготовки[555]. Меѓутоа, не само во Лариса, туку и во Пиреа имало информации присуство на критски андарти, кои се упатиле за Македонија, но од Волос пристигнувале извештаи кои пак негирале присуство на Критјани на тие простори[556]. Иако организирањето и навлегувањето на четите не можело да се негира, сепак во овој период ќе дојде до спласнување на акциите, за кои многу често се споменувало дека ги поттикнувал Драгумис, но се почесто започнало да се говори за подготовки на нови упади во текот на пролетта 1897 година[557]. Драгумис, кој бил посочен како еден од поттикнувачите на четите не се стеснувал да ја обвини владата за слабата подршка на националната кауза[558].

Во Грција започнало враќање на остатоците од четите, кои биле испратени во Македонија. Андартите, кои при враќањето го предавале оружјето на полицијата, иако на војнички план биле поразени, во Грција биле дочекувани со ентузијазам. Тие воопшто не криеле дека имале намера следната пролет повторно да навлезат во Македонија, бидејќи повторно биле запишувани во списоците за доброволци, а и самите подготовките за таа цел Македонскиот комитет ги правел сосема јавно[559]. Не биле заборавени ниту загинатите за кои на 1 ноември во повеќе градови на Грција биле одржани парастоси на кои присуствувале повеќе видни личности од јавниот живот. На тој начин јавно била покажана силата на Етники Етеријата

---

[554] ДАРМ,м-326, Acting consul-Blunt, Monastir, 7 october 1896, FO 294/22;м-181, Monastir, 18 octobre 1896, AMAE, Turquie, P.I., Macedoine I
[555] ДАРМ,м-327, Egerton-Salisbury, Athens, 10 october 1896, FO 32/678
[556] ДАРМ,м-327, Egerton-Salisbury, Athens, 29 october 1896, FO 32/678
[557] исто
[558] F. R. Bridge, Austro-Hungarian..., doc. 15, Athen, 19 XI 1896

и нејзиното влијание во земјата. Во насока на подготовките било и пишувањето на одредени атински весници, кои постојано ја величале Етники Етеријата. Пишувањата на грчките весници од страна на пратениците на големите сили било сфатено како држење на јавноста под пресија[560].

Поканата на виенскиот двор и влада до Георгиос да ја посети австриската престолнина, и тоа во екот на критската криза предизвикала голем интерес во Атина, не само кај обичниот свет, туку и помеѓу дипломатскиот кор. Австроунгарскиот пратеник во Атина, кој по овој повод бил особено интересен за своите колеги, сметал дека било сосема нормално во разговорите на грчкиот крал со неговите домаќини, односите на Балканот, настаните на Крит и Македонија да бидат теми за кои ќе бидат разменети мислења[561]. Атинскиот печат, како и секогаш, започнал со голем оптимизам да пишува за очекувањата од посетата, при што биле нагласувани заедничките интереси на двете држави на Балканот, со потенцирање на користа која Виена би ја имала доколку Солун би бил во грчки, наместо во словенски раце[562].

Грчко-српските односи, иако многу често се прикажуваа како добри и без посериозни недоразбирања, беа обременети со тоа што се случуваша во односите помеѓу двете пропаганди во Македонија, посебно во Скопје. Во ноември починал патријаршискиот митрополит Методиј, а неговото место за кратко останало испразнето. Србите се надевале на можноста српски свештеник да го пополни испразнетото место, меѓутоа тоа не се случило. Местото на починатиот Методиј било пополнето со нов патријаршиски митрополит, Амвросиј, кој претходно ја имал истата позиција во Битола[563]. Неговото наименување било причина за сериозни проблеми во односите помеѓу двете пропаганди во градот. Проблемот во Скопје, како и во претходниот период, бил тема на разговорите меѓу грчките и српските

---

[559] ДАРМ,м-327, Egerton-Salisbury, Athens, 9 november 1896, FO 32/678
[560] ДАРМ,м-178, Dela Tore-il ministro degli affari esteri, Atene, 8/20 decembre 1896, ASMAE
[561] ДАРМ,м-178, Dela Tore-il ministro degli affari esteri, Atene, 7/19 novembre 1896, ASMAE
[562] ДАРМ,м-178, Dela Tore-il ministro degli affari esteri, Atene, 7/19 novembre 1896, ASMAE
[563] С. Јовановић, Влада Александра..., с. 129

дипломати. Пратеникот на српското кралство во Атина, Маринковиќ[564], се обидел скопското прашање да го актуелизира и во разговорите со ше-фот на грчката дипломатија, Скузес, кој неколкупати истото вешто го од-бегнувал. После неколку неуспешни обиди на српскиот пратеник, сепак двајцата започнале да дискутираат околу скопското прашање, но без никаков резултат[565]. Скопскиот проблем бил тема на дискусија и во грч-киот парламент, каде Србија била обвинета за настаните во градот, па дури и за аспирации кон Солун[566]. За разлика од обвинувањата на парла-ментарците, грчкиот министер за надворешни работи, Скузес, но и пре-миерот Делијанис, по прашањето на случувањата во Скопје, истакнале дека барањата на Србија не требале да се гледаат како спротивни на интересите на православието и елинизмот, зошто и тие што тоа го правеле биле православни[567]. Најверојатно атинската влада не сакала да го заострува прашањето, кое можело да ги влоши односите со Србија, а тоа секако не било посакувано во Атина, посебно кога проблемот на Крит се повеќе се заострувал.

Никнувањето на разните комитети продолжило и кон крајот на 1896 година. Во атинските весници било промовирано Друштвото за хеленска пропаганда, чија цел била развивање на елинизмот вон границите на Грци-ја и обединување на силите за, како што се наведува, ослободување на Грците од османлискиот јарем, со нивно вооружување и обука, како и со притисок врз грчката влада за засилување на војската и морнарицата[568]. Главни финансиери на ова здружение биле личности од Англо-египетската банка, со седиште во Александрија, а по потекло од Тесалија[569]. Не било исклучено и нивното учество во финансирањето на акциите на Етники Етеријата. Постоело сомневање за соработка на ова здружение со некои луѓе на позиција, но не се знаеле нивните имиња. Споменувањето на горе-наведената банка било причина за средба на британскиот амбасадор со

---

[564] Во еден свој извештај до српската влада, Маринковиќ тврди дека дознал за некоја порака на цариградскиот Патријарх до грчкиот крал, во која црковниот великодостојник му порачал на Георгиос целосна соработка и послушност. (ДАРМ,м-600, Маринковиќ-Новаковиќу, Атина, 18 декември 1896, ППО, Ф-Х, пов. 114)

[565] ДАРМ,м-600, Маринковиќ-Новаковиќу, Атина, 9 декември 1896, ППО, Ф-Х, пов. 109

[566] исто

[567] ДАРМ,м-178, Dela Tore-il ministro degli affari esteri, Atene, 14/26 decembre 1896, ASMAE

[568] ДАРМ,м-327, Egerton-Salisbury, Athens, 5 december 1896, FO 32/678

грчкиот крал. Егертон, заради јавното објавување од каде доаѓаат донациите т.е. од споменатата банка отворено му укажал на Георгиос за можноста од откривање на раководителите на целото движење, кое ги направило проблемите во Македонија[570]. Георгиос директно не одговорил на интересот на британскиот дипломат, туку го насочил разговорот околу можноста за нови немири во Македонија, што според него во тој период било невозможно заради снегот по планините. Меѓутоа, "доколку Бугарите и Словените ја засилат својата пропаганда, не може да се очекува Грците да останат индиферентни"[571]. Според грчкиот крал се зависело од начинот на кој Султанот ќе ги постави работите во Македонија. Тој, сепак, не ја криел својата желба да им стави крај на делувањето на разните комитети. Желбата на грчкиот крал воопшто не е изненадувачка, со оглед на честото спорење на патриотизмот на кралското семејство од страна на истите, посебно на Етники Етеријата, но вистинско прашање е дали тој можел тоа да го стори без подршка на владата, која се повеќе потпаѓаше под влијание на Етеријата. Исто така многу брзо и членови на неговото семејство нема да ги кријат симпатиите за Етеријата, иако можеби со тоа сакале да ги намалат критиките на, во тој период, релативно моќната организација.

При крајот на декември, Герогиос заминал за Виена за да ја оствари договорената посета. Тука тој бил примен од австро-унагрскиот цар, Франц Јозеф II и министерот за надворешни работи, Голуховски, со кои разговарал за работите на истокот. Тогаш од страна на неговите домаќини му било дадено до знаење дека виенската влада немала намера да го заземе Солун, во кого повеќе би сакале да ги видат Грците, отколку Словените[572]. Слична изјава дал и влијателниот Калај. Ова е прв пат официјална Виена на највисоко ниво да ја најави можноста за подршка на грчките аспирации кон еден дел од Македонија, иако истата ќе биде со краток рок.

Изјавите на Франц Јозеф и Голуховски многу брзо стигнале до Атина, но таму по враќањето Георгиос се соочил со големи проблеми во

---

[569] исто
[570] ДАРМ,м-327, Egerton-Salisbury, Athens, 5 december 1896, FO 32/678
[571] исто
[572] DDF, Ier serie, t. XIII, Paris, 1953, d. 59, Vienne, 8 janvier 1897, p. 106

буџетот кои не оделе во корист на неговите замисли за реформи и засилување на грчките вооружени сили[573]. Исто така јакнел и притисокот за растурање на Етники Етеријата од страна на претставниците на големите сили, но грчките раководители постојано се правдале со неможноста да ги откријат раководителите на Организацијата. Сепак, грчкиот крал се обидувал да влијае врз агитацијата. Во Атина на консултации бил повикан амбасадорот во Цариград, Маврокордатос. Целта на консултациите била да се разгледа начинот на кој би се делувало во Македонија, при што беше констатирано дека само со дипломатски средства може да се засилат грчките интереси во оваа османлиска област[574]. Овие дипломатски средства, во овој период, нема да бидат употребени. Напротив, Етеријата и понатаму ќе го води главниот збор.

Грчкиот крал беше убеден во неможноста од преминување на грчките чети на османлиска територија, заради снегот по планините, но во текот на декември една грчка чета навлегла од Тесалија во Македонија. Османлиските власти морале да испратат дополнителни сили на границата[575]. Нема никакво сомнение дека целта на оваа чета беше држење на тензиите.

Атина во текот на декември 1896 година доби понуда од Цетиње за соработка на Грција со Словените. Понудата беше одбиена, а како причина Дрио и Леритие го наведуваат советот даден до грчката влада од страна на Виена[576]. Понудата на Виена до Атина за добивање на Солун сигурно не била без никакви условувања и тука нема ништо спорно, посебно кога станува збор за можните контакти на Грците со балканските словенски држави. Меѓутоа, треба да се има предвид и еден настан од јули истата година. Имено, тогаш во црногорската престолнина пристигнал новонаименуваниот конзул на Грција во Цетиње. Тој уште на почетокот на својот мандат поразговарал со црногорскиот кнез, Никола, за состојбите на Крит и во Македонија и можните правци на грчкото делување по истите[577]. Одговорот на Никола бил негативен за можноста за соработка на балкан-

---

[573] ДАРМ,м-327, Egerton-Salisbury, Athens, 24 december 1896, FO 32/678
[574] исто
[575] ДАРМ,м-326, Blunt-J. Blunt, Monastir, 28 december 1896, FO 294/22
[576] Driault et l'Heritier, Histoire diplomatique..., p. 333
[577] ДАРМ,м-326, Kennedy-Salisbury, Cettinje, 29 july 1896, FO 195/1912

ските народи по прашањето на Османлиската држава. Сепак, грчкото одбивање на црногорскиот предлог, без разлика дали тоа било направено под притисок на Виена или заради првичниот став на Никола, многу брзо ќе се покаже како целосно погрешно и недипломатско.

Новиот и, воопшто, првиот претставник на бугарското кнежевство во Атина, Димитров пристигнал во грчката престолнина. Тој веднаш се сретнал со британскиот амбасадор во Атина пред кого воопшто не ја криел целта на своето доаѓање, а тоа било постигнување на разбирање помеѓу Грција и Бугарија за сферите на влијание во Македонија[578]. Димитров во грчката престолнина бил примен со голема љубезност односно многу подобро отколку В'лкович. Тоа не значи дека грчката влада него го третирала како претставник на независна држава. Тој, сепак, имал третман како претставник на вазална земја, а тоа може да го видиме од начинот на неговата акредитација. Димитров бил акредитиран кај владата, а не кај грчкиот крал[579], како што биле претставниците на другите држави. Наводно атинската влада не сакала да ги оптовари и онака затегнатите односи со Портата. Оправдувањето на официјална Атина било исправно, но претставниците на грчката влада , најверојатно намерно, заборавиле каков бил пречекот на кнезот Батенберг во Атина во 1883 година, кој бил пречекан како владетел на независна држава. Можеби со начинот на третманот на Димитров, грчката влада сакала уште пред да бидат почнати какви било разговори околу Македонија, да стави до знаење до каде може да се протегаат бугарските желби и аспирации. Нема никакво сомнение дека грчката влада претпоставувала, ако веќе не знаела, за причината за која Димитров бил наименуван за бугарски претставник во Атина. Всушност, нејзините дипломати, како што веќе видовме, сугерираа отпочнување на разговори за Македонија.

На почетокот на јануари 1897 година бугарскиот пратеник во Атина се сретнал со Скузес и му го изнел предлогот за заедничко делување на Грција, Бугарија и Србија во Цариград со цел Македонија да добие статус

[578] ДАРМ,м-327, Egerton-Salisbury, Athens, 29 december 1896, FO 32/678
[579] Стателова идр., История на..., с. 235

на привилегирана провинција[580]. Скузес, на првата средба со Димитров, повеќе се интересирал за причините кои го навеле Стоилов да го даде предлогот, отколку да води посериозни дискусии за истиот[581]. Однесувањето на Скузес, кое било дел од тактиката за преговарање, не го обесхрабрило бугарскиот пратеник. На нивната втора средба, Димитров дообјаснил дека со заедничкото барање за автономија на Македонија, трите балкански држави ќе покажеле пред Европа меѓусебен договор за идните заеднички акции и одбивање на било какви претензии на било која голема сила кон Македонија[582]. Скузес во поглед на автономијата на Македонија бил песимист, бидејќи, според неговото мислење, османлиската влада или немала да ја прифати или пак немала да може да воведе вистински реформи, како што бил случајот на Крит. Одговорот на Скузес, од страна на Димитров бил протолкуван како немање интерес кај грчката страна за автономија на Македонија. Меѓутоа, многу брзо, грчкиот министер за надворешни работи го информира бугарскиот дипломатски претставник за начелната согласност на атинската влада за прифаќање на предлогот на официјална Софија, но пред да се преземат чекори во Цариград, грчката влада сакала да знае каде и какви ќе бидат сферите на делување на секоја од трите држави, доколку бараните реформи бидат прифатени или нема да бидат реализирани од Портата[583]. Исто така нагласил дека сака да го види и мислењето на српската влада во поглед на бугарскиот предлог. Наводното начелно прифаќање на бугарскиот предлог се покажа како мал маневарски потег на Атина. Истиот ден, Скузес повторно се сретнал со Димитров и тогаш му ја нагласил тешката позиција на грчката влада, бидејќи, и покрај интересот на Атина за спогодување со Бугарија, "грчкиот народ научил, од пред 50-60 години наваму, во училиштата и во својот печат, Македонија да ја смета за грчка земја и да верува дека мнозинството од

---

[580] Оваа бугарска иницијатива имала подршка од Русија, која ја советувала Бугарија да се спогоди со Грција и Србија, но притоа да запази две основни начела-секоја од трите земји самостојно да делува во Цариград, по сопствена иницијатива, и да не се меша во Македонија во случај на немири. Нелидов овој руски став им го соопштил на кнезот Фердинанд и на Стоилов во декември 1896 година. (Нина Дюлгерова, Руски щрихи кьм източния вьпрос, 1894-1904, София, 1997, с. 137; Стателова и др. История на ..., с. 234)

[581] М. Миноски, Македонија во..., док. 104, Атина, 4 јануари 1897, с. 320

[582] исто, док. 105, Атина, 9 јануари 1897, с. 321

[583] исто, док. 106, Атина, 18 јануари 1897, с. 322

христијанското население е грчко"[584]. Сепак зад наводната тешка позиција во која е доведена грчката влада со бугарскиот предлог се криеше една добра тактика. Неколку дена подоцна, грчкиот министер за надворешни работи му повторил на бугарскиот дипломат дека атинската влада сака, пред да се направат дипломатски чекори во Цариград, да се одредат сферите на влијание на трите балкански држави во Македонија[585]. На тој начин грчката влада го одбива бугарскиот предлог[586]. Всушност Атина, не само во овој период, не сакаше да разговара за можноста за автономија на Македонија. Не беше во прашање само стравот од реприза на 1885 година. За Македонија немаше да биде дозволено источно румелиското сценарио, а и во самата област не се работеше во таа насока. Автономна Македонија, со тек на времето, ќе беше крај за грчките аспирации. Грција, пред се, го посакуваше Солун и приморскиот дел. Тоа не беше случајно. Македонија беше економската мегја, а нејзините богати житници и клучните трговски патишта влегле во фокусот и на деловните и на политичките интереси на Грција[587]. Токму од тие причини, Грција повеќе преферираше преговори за поделба на Македонија на интересни сфери, при што јужниот приморски, и делумно рамничарски, дел требаше да и припадне на Грција.

Етники Етеријата, за која дипломатите бараа да биде распуштена, продолжуваше со своите активности околу подготовката за испраќање на нови чети за османлиските територии, пред се, Македонија. Оваа организација за таа цел работеше и на теренот, каде беа испратени емисари[588]. Подготовките се одвивале скоро јавно. Затоа, османлискиот претставник во грчката престолнина неколку пати морал да вложи протести кај грчката влада[589]. Протестите на Османлиите не можеле да дадат никаков

---

[584] исто, док. 107, Атина, 18 јануари 1897, с. 323
[585] исто, док. 108, Атина, 23 јануари 1897, с. 324
[586] Според Декин, грчкото одбивање било резултат на австроунгарски совет. (D. Dakin, The greek struggle..., p. 37); Според Данова, вистинската причина за одбивањето на бугарскиот предлог бил стремежот на Атина да се запази статус-квото во Македонија, се до моментот кога еленизмот ќе биде готов да ги заштити своите територијални претензии.(Н. Данова, Кьм въпроса..., с. 121); Вакалопулос, пак одбивањето го поврзува со нерасположението кое владеело помеѓу грчкото јавно мислење кон автономијата на Македонија и стравувањето на Атина да не се повтори Источна Румелија.(Κ. Βακαλοπουλος, Το πολιτικο..., σ. 44; K. Vakalopoulos, Modern history..., p, 175)
[587] К. Каракасиду, Полиња жито..., с. 114
[588] ДАРМ.м-181, Bouree, Athenes, 2 fevrier 1897, Turquie, Politique Interieure(PI) I, AMAE
[589] С. Терзиќ, Србија и ..., с. 357

резултат. Ако на почетокот, владата во Атина не знаеше или пак не сакаше да знае за постоењето и делувањето на Етники Етеријата, сега оваа организација имала подршка и од делови на кралскиот двор. Грчкиот престолонаследник, Костантин, според искажувањето на Михаил Мелас, еден од повидните членови на оваа организација, со ентузијазам ја одобрувал работата на Етеријата[590].

Етники Етеријата на почетокот на 1897 година се реорганизирала. На нејзино чело стоел Врховен совет во кој влегле видни личности на грчкиот јавен живот, а за претседател на овој совет бил избран С. Ламброс[591]. Етеријата во февруари ја засилува активноста за испраќање на нови чети во Македонија, а во таа насока имало и конкретни предлози. Претседателот на локалниот совет на Етеријата од Лариса предлагал испраќање на чети на територииите помеѓу Битола, Мелник и Родопите. Според него, во Македонија требале да бидат испратени три чети, составени од по сто андарти, со цел да ја загрозат железничката линија Солун-Битола и Солун-Митровица, а исто така требало да се изврши и диверзија на железничката линија Солун-Серес[592]. После извршувањето на диверзијата, требало да се продолжи кон Мелник за да се спречи бугарскиот напад, кој тој го очекувал. Понатаму би следело испраќање на нови чети со околу 1000 андарти, кои од правецот на Гревена би заминале кон Солун и Серес. Немаме податоци дали овој план бил прифатен, но одредени операции во текот на војната што ќе следи, покажуваат дека некои негови делови најверојатно биле вметнати во воените планови на Етеријата. Во Атина во почетокот на февруари 1897 година, според известувањето на Наум Спанос, бил направен план за навлегување и делување во Македонија, а во неговото изготвување учествувале, покрај споменатиот Спанос, и Василиос Дијамандис, Анастасиос Пихеон и Георгиос Капсалопулос[593]. Едноставно, во Атина веќе се подготвувале за војна и делување, не само на веќе со воениот виор зафатен Крит, туку и во Македонија. Не можеле

---

[590] Г. Аспреа, Политикη..., σ. 280
[591] исто, с. 218, фус. 1
[592] К. Вакалопουλος, Η Μακεδονια..., σ. 122
[593] Ναουμ Σπανου, Αναμνησεις εκ του Μακεδονικου αγωνος, Θεσσαλονικη, 1957, σ. 18

овие обемни планирања на акции за Македонија да не и бидат познати на грчката влада. Таа едноставно се согласувала со истите.

Делувањето на Етеријата, но и на другите Комитети во Атина се чувствувало и во Македонија, каде постоела, според еден руски извештај вознемиреност од можноста во претстоечката пролет повторно да се појават грчки чети[594]. Воопшто не било тајна од каде пристигнувале донациите за разните Комитети. Така, во Битола јавно се говорело за помошта која ја давал богатиот александриски милионер Авероф[595] на Македонскиот комитет, помош со која можеле да се опремат голем број на андарти[596]. Во Лондон делувал филеленскиот комитет "Бајрон", кој сакал да ги засили симпатиите на британската јавност за Грците, кои не биле толку силни како порано[597], иако биле далеку поголеми отколку во другите европски држави. Може да претпоставиме дека овој комитет собирал и донации за грчките активности.

Грција не го прифати предлогот на Бугарија за автономија на Македонија, но очекуваше солидарност од страна на другите балкански земји за, како што се изразил грчкиот пратеник Маврокордатос, нејзините напори кои ќе им користеле на сите[598]. Меѓутоа солидарноста не можеше да биде изразена. Грците и во овие, за нив, тешки моменти не попуштаа пред српските барања во Скопје. Тамошниот грчки конзул и понатаму со сите сили настојувал патријаршискиот митрополит, Амвросиос, да остане на своето место[599]. И покрај јасните причини за српското однесување, грчкиот пратеник во Лондон, Метаксас на својот српски колега му го изразил жалењето на некој голем политичар, кого не сакал да го именува, заради неуспехот да биде склучен договор помеѓу Грција, Србија и Бугарија и со тоа истовремено да избувне востание во Македонија и на Крит[600]. Сепак, Србите немале намера да се спогодуваат, а уште помалку да ги помогнат Грците. Уште повеќе, српскиот пратеник во Атина, Маринковиќ, јасно ставил до знаење дека неговата влада нема ништо против анексијата на

---

[594] С. Дракул, Макеонија меѓу..., док. 13, Битола, 4 февруари 1897, с. 190
[595] по потекло од Мецово, Епир
[596] исто, с. 191; F.S. Bridge, Austro-hungarian..., doc. 17, Monastir, 15 II 1897, p.
[597] ДАРМ,м-448, Мијатовиќ-Симиќу. Лондон, 25 јануара 1897, ПО, Ф-IV
[598] В. Ђорђевиќ, Србија и турска, с. 238
[599] ДАРМ,м-447, Ђорђевиќ-Симиќу, Цариград, 12 февруара 1897, ПО, Ф-III

Крит кон Грција, но во тој случај Србија морала да добие компензација, а српскиот крал на рускиот пратеник во Белград му рекол дека неговата земја нема да преземе никакви чекори кои би го нарушиле статусквото во регионот[601]. Наместо да се договори со Грција, Србија на 19 февруари 1897 година потпишала договор со Бугарија во кој немало место за Грција[602]. Повеќе од очигледна е незинтересираноста на Србија за било какви аранжмани со грчката држава.

Кон средината на февруари, паралелно со се позаострената ситуација на Крит, доаѓа до се позасилена вмешаност на Грција на немирниот остров. Од грчките бродови кои биле вкотвени во близината на островот постојано се истоварувале оружје и доброволци[603]. На островот нема судири само помеѓу востаниците и османлиските сили, туку и помеѓу грчките чети и меѓународните сили, кои биле на Крит со цел да помогнат во воспоставувањето на редот. Грчките бродови пак ги попречувале османлиските да приситигнуваат на островот. Грчките политичари веќе не ја криеле намерата за анексија на големиот медитерански остров. Во таа насока грчкиот амбасадор во Париз, Делијанис, во разговорот со францускиот министер за надворешни работи, Аното, отворено побарал припојување на Крит кон Грција како единствено можно решение за целата криза, бидејќи османлиските власти постојано ќе прават пречки при спроведувањето на реформите[604]. Германија жестоко се спротивставила на идејата за анексија на Крит кон Грција, сметајќи го истото за почеток на процес кој ќе придонесе Грција, Србија и Бугарија да се нафрлат врз Македонија[605]. Русија, пак, се залагала за притисок врз Грција со цел да ја повлече својата морнарица од критските води[606]. Меѓутоа релативната неповолност за Грција со оглед на констелацијата во меѓународните односи не беше причина атинските политичари, но и самиот

---

[600] ДАРМ,м-448, Мијатовиќ-Симиќу. Лондон, 12/24 февруара 1897, ПО, Ф-IV
[601] Михајло Војводиќ, Србија у међународним односима крајем XIX и почетком XX века, Београд, 1988, с. 115
[602] М. Миноски, Македонија во..., док. 19, Софија, 19 февруари 1897, с. 117-118
[603] М. Војводиќ, Србија у међународним..., с. 113
[604] DDF, Ier serie, t. XIII, doc. 103, Hanotaux-Montebello, Paris, 12 fevrier 1897, p. 192
[605] исто, doc. 107, Noailles-Hanotaux, Berlin, 14 fevrier 1897, p. 198
[606] DDI, p. 3, v. 1. doc., 368, Roma, 16 febbrario 1897, p. 265

кралски двор[607] да делуваат во правец на смирување на тензиите. Напротив, Грците уште повеќе ја заоструваа ситуацијата. Грчкиот министер за надворешни работи, според некои информации, си дозволил пред некои амбасадори на големите сили да се закани со можноста Грците да го запалат целиот исток[608]. Сепак, најголема загриженост, па и нервоза кај големите сили предизвика истоварувањето на полковникот Васос, аѓутантот на грчкиот крал, на Крит. Реакцијата на дел од големите сили била силна. Во тоа предничел германскиот цар, кој изјавил:"Невозможно е да се дозволи таа мала земја да се спротивстави на Европа и да го сруши делото на Европа со еден сигнал што ќе го даде да ги запали немирите во Македонија, да испровоцира нови немири во Ерменија и Цариград, можеби една европска војна... Ние ја спречивме Османлиската држава да испрати трупи на Крит. Ова би било едно предавство ако се дозволи Грција да испрати трупи"[609]. Однесувањето на Вилхелм не е изненадувачко, ако се имаат предвид големите германски инвестиции во Османлиската држава. Поранешниот филеелинизам, кој беше присутен во Германија, но и во Франција, меѓу другото, беше стишан и со финансиската неспособност на грчкото кралство[610].

Сепак, со цел да не ја испуштат ситуацијата од раце, големите сили решаваат да испратат колективна нота во Атина и Цариград. Според нотата, која беше врачена на 2 март, Грција не можела да го анектира Крит, бидејќи островот мора да остане составен дел на Османлиската држава; големите сили ќе изработат проект за автономија на островот; Грција мора да ги повлече војските од Крит во рок од шест недели, во спротивно силите ќе преземат принудни мерки[611]. Нотата на силите

---

[607] Грчкиот крал се обидуваше да лавира помеѓу европските кралски фамилии, слично како во времето на големата источна криза, користејќи ја крвната поврзаност на грчката, но и на данската кралска куќа со истите. Една од сестрите на грчкиот крал беше сопруга на принцот од Велс, поточно на британскиот престолонаследник. Другата, пак, беше мајка на рускиот цар. Најстариот син на Георгиос, Константин, беше женет со сестрата на германскиот цар. Во целата криза, посебно во критичните моменти за неговата земја, тој ќе има помош од Лондон и Петроград, но не и од Берлин. (W. Langer, The diplomacy..., p. 360)

[608] исто, с. 358

[609] DDF,Ier serie, t. XIII, doc. 108, Berlin, 14 fevrier 1897, p. 199

[610] W. Langer, The diplomacy..., p. 360

[611] М. Војводиќ, Србија у међународним..., с. 134. (Непосредно пред врачувањето на нотата, флотата на големите сили бомбардирала еден востанички логор, најверојатно заради приближувањето на востаниците во забранетата зона од шест километри, која

несомнено беше многу остра, но не можеше да се очекува Грција да го прифати ултиматумот, со оглед на веќе изразената намера островот да биде анектиран, иако е очигледна нерасположеноста на големите сили за таквата солуција на критската криза. Некои дипломати во османлиската престолнина, како српскиот претставник Ѓорѓевиќ, уште пред да стигне одговорот од Атина знаеја дека нотата ќе биде отфрлена[612]. Атина го одби предлогот за автономија, барајќи анексија врз база на плебисцит[613]. Одговорот на атинската влада не можеше да ги задоволи големите сили. Така започна да се говори и за блокада на Пиреја. Дури и британската влада, која на сакаше да земе учество во можната блокада, стави до знаење дека не може да дојде до нарушување на статусквото[614]. Од своја страна османлиската влада не можеше да не биде задоволна од грчкото одбивање на ултиматумот[615], бидејќи се повеќе вината за целата криза се насочуваше кон Атина.

Наместо да се стишува состојбите на Крит и воопшто грчко-османлиските односи се заоструваа. Грчкиот крал дури се заканил дека ќе го освои Крит, а доколку биде спречен од страна на големите сили тоа да го направи, тогаш тој ќе застанел на чело на нацијата и со 300 000 Грци ќе крене востание во Македонија и насекаде низ Османлиската држава[616]. Кралот Георгиос сигурно знаел дека не можел да собере толкав број на Грци, вклучувајќи ги и оние од Османлиската држава, но развојот на кризата го правел своето и нелогичните изјави не биле изненадувачки. Можеби грчкиот крал и немал друга алтернатива, имајќи ја предвид ситуацијата во земјата, а и можноста да го загуби престолот.

Воената треска која ја зафати Грција придонесе за ширење на разни информацииза можни грчки акции. Не само за Крит или пак за Македонија, туку и за други османлиски области се говорело дека можеле да бидат цели на грчките акции. Францускиот министер за надворешни рабо-

---

била окупирана од големите сили. Овој потег предизвикал двоумење во Атина, а на Крит имало краткотрајно запирање на операциите на полковникот Васос. исто; DDF, Ier serie, t. XIII, doc. 119, Paris, 21 fevrier 1897, p. 218)

[612] ДАРМ,м-447, Ђорђевић-Симићу, Цариград, 26 фебруара 1897, ПО, Ф-III

[613] W. Langer, The diplomacy..., p. 366

[614] М. Војводић, Србија у међународним..., с. 135

[615] ДАРМ,м-447, Ђорђевић-Симићу, Цариград, 28 фебруара 1897, ПО, Ф-III

[616] W. Langer, The diplomacy..., p. 366

ти му посочил на италијанскиот амбасадор во Париз дека има информации за грчка акција кон Албанија[617]. Најверојатно мислел на оние делови на Епир во кои имало и албанско население. Британскиот вицеконзул од Битола, пак, имал информации за грчко-албански преговори за заедничка акција во Македонија и Епир доколку започне грчко-османлиска војна во кои Грците им понудиле на Албанците за возврат за пружената помош да се откажат од своите барања во Јужна Албанија во полза на Албанците, но последниве не се согласиле со грчките предлози[618].

Големите сили продолжиле со притисоците врз Атина, која наводно покажувала одредени знаци на спремност за компромис. Така, грчкиот амбасадор во Париз, Делијанис, го посетил францускиот министер за надворешни работи со цел да му ја искаже готовноста на кралот и владата да прифатат соработка со морнаричите на големите сили, како и воспоставување на суверенитетот на султанот на Крит, доколку Критјаните бидат консултирани во врска со нивнта судбина[619]. Атина многу добро знаеше за неможноста големите сили да ги консултираат жителите на Крит за сите прашања. Грчката влада и кралскиот двор, всушност, сакаа да добијат во време.

Грција, непосредно пред да започне војната, се обиде да се спогоди со Бугарија. Најпрво атинските весници започнаа да пишуваат за потребата од грчко-бугарско приближување. Во весникот "Акрополис" се појавил напис во кој била нагласена неопходноста од сојуз помеѓу Грција и Бугарија за решавање на македонското прашање[620]. Една статија во владината "Проја" ги посочува Грција и Бугарија како главни фактори за решавање на судбината на народите на Балканот. Откако весниците го отворија патот, грчкиот министер за надворешни работи, Скузес, му ја искажална бугарскиот агент во Атина подготвеноста на неговата влада за започнување преговори помеѓу двете влади за определување на сферите на интерес во Македонија. Скузес го известил Димитров дека во принцип грчката влада прифатила Бугарија да излезе на Егејското море, но не напоменал

[617] DDI, p. 3, v. 1, doc. 387, Parigi, 9 marzo 1897, p. 281
[618] ДАРМ,м-326, Blunt-J. Blunt, Monastir, 22 april 1897, FO 294/22
[619] DDF, Ier serie, t. XIII, doc. 146, Paris, 10 mars 1897, p. 258
[620] Н. Данова, Кьм въпроса..., с. 126

во кој дел[621]. Најверојатно многу попрецизен бил грчкиот дипломатски претставник во Софија, Аргиропулос, кој најавувајќи ја можноста за бугарски излез на Егејот, ги споменал Кавала и Дедеагач[622]. Кога се говори за предлогот на атинската влада упатен до Софија, мора да споменеме дека некои претставници на грчката заедница во Македонија имале скоро идентични размислувања како и водечките грчки политичари. Имено, некои од нив сметале дека Кавала, Драма и Серес би требале да бидат приклучени кон Бугарија, додека Солун, Бер, Негуш, Воден и Костур кон Грција[623]. Меѓутоа Бугарија не беше заинтересирана за поврзување со Грците. Софија веќе склучи договор со Белград, а во Цариград работеше на добивање нови берати за егзархиските митрополити во Македонија. Грција, на тој начин, остана осамена на Балканот. И не само на Балканот. Амбасадорите на големите сили во Цариград не сакале многу да комуницираат со нивниот грчки колега[624], а Виена, која претходоно повеќе сакаше да ги гледа Грците во Солун, отколку Словените, сметала дека околностите сега биле изменети и заради однесувањето на Грција која се фрла во една авантура што може скапо да ја чини[625].

Грција, а тоа веќе беше повеќе од очигледно, немаше поволна позиција во меѓународните односи. Меѓутоа лошата меѓународна позиција воопшто не беше причина Атина да поработи на смирување на тензиите. Напротив, Етники Етеријата продолжи да формира чети за навлегување на османлиска територија, а владата тоа не го попречуваше. Во предвечерието на грчко-османлиската војна била формирана и последната чета на Етники Етеријата на чие чело беа Георгиос Капсалопулос и Александрос Милонас[626]. Во четата, која бројела 180 андарти, претежно учествувале луѓе од Македонија. Таа се поделила на три дела и кон крајот на март навлегла во Македонија. На 19 март, грчкиот командант на границата добил наредба од воениот министер да им додели 500 000 парчиња муниција на етери-

---

[621] М. Миноски, Македонија во..., док. 112 , Атина, 22 март 1897, с. 329

[622] ДАРМ,м-181, Sofia, 10 avril 1897, Turquie, PI, Macedoine I, AMAE; Krtse Bitoski The attitude of the Kingdom of Greece toward Macedonia and the Macedonian revolutionary organization 1893-1903, Macedonia, Skopje, 1981 p. 228

[623] Васил Думевъ, Из моитъя спомени, Сборникъ Илиндень, кн. 6, София, 1927, с. 56-57

[624] DDF, Ier serie, t. XIII, doc. 164, Constantinople, 25 mars 1897, p. 288

[625] исто, doc. 175, Saint Petersbourg, 3 avril 1897, p. 310

[626] Κ. Βακαλοπουλος, Η Μακεδονια..., σ. 123

стите и тајно да го помага нивното преминување на османлиска територија[627]. Освен помагањето на етеристите грчката влада започна со концентрација на воените сили на границата со Османлиската држава. Грчките активности не можеле да ги остават рамнодушни османлиските власти, посебно по проширувањето на гласините за вооружувањето на Грците. Освен засилувањата на границата, османлиските власти ја засилиле и контролата во внатрешноста, особено во Солун[628]. Двете држави сигурно чекореа кон воениот судир, надевајќи се на воена победа. Грците импресионирани од силната пропаганда на Етники Етеријата, но и од случувањата на Крит со голем ентузијазам се подготвуваа за воениот судир. Тоа не значи дека во Грција немало и подруги мислења. Во весникот "Неа имера" се појавил одговор на акциите на Етники Етеријата:"Грците во Македонија, и според најоптимистичките претпоставки, не бројат повеќе од 300 000 души и живеат главно во градовите, каде живеат исто толку муслимани. Какво востание може да се дигне кога Портата собра 150 000 војници. За словенското население однапред се знае дека не ќе ја помогне борбата, која има за цел да ја наложи грчката идеја, а немаме ни право да очекуваме помош од словенското население кога продолжуваме да ја сметаме цела Македонија, од крај до крај, исклучиво грчка"[629].

Големите сили се обидоа уште еднаш да ја спречат веќе извесната војна помеѓу двата балкански соседа. Притисокот беше насочен кон двете држави. На 6 април владите на големите сили ги предупредија Атина и Цариград за последиците по агресорот[630]. Сепак стравувањата на европските сили, посебно на Германија, повеќе се однесуваше на можноста од навлегување на Грците во Македонија, бидејќи, според нив, тоа можело да предизвика и други желби што ќе го доведе во прашање самиот опстанок на Османлиската држава[631]. Обидите на силите да ги смират духовите се покажаа залудни.

Грчките чети започнале да навлегуваат на османлиска територија. На 9 април османлиските власти биле информирани за навлегување на

---

[627] W. Langer, The diplomacy..., p. 367
[628] ДАРМ,м-448. Боди-Симиђу, Солун, 27 марта 1897, ПО, Ф-VI
[629] Р. Поплазаров, Великогрчката политика..., с. 67
[630] D. Dakin, The unification..., p. 152
[631] DDF, Ier serie, t. XIII, doc. 192, Berlin, 9 avril 1897, p. 339

1000 андарти спрема Мецово[632]. Портата, очекувано, жестоко протестирала, а и претставниците на големите сили во Атина побарале објаснување за случувањата на границата. Протестите биле безполезни, бидејќи Скузес повторно не сакал да прифати поврзаност на четите со грчката влада.

Османлиската влада повеќе немаше избор. На 17 април започнаа воените дејства на границата и со нив грчко-османлиската војна[633]. Следниот ден Цариград ги прекина дипломатските односи, а грчките дипломати мораа да ја напуштат османлиската територија[634]. Споменатите андартски групи, кои по копнен пат навлегоа во Македонија и Епир, беа многу брзо принудени да се повлечат на грчка територија. Постоеше обид на Грците дејствата да ги прошират и во источните делови на приморска Македонија. Една група на Етеријата се истовари во близината на Кавала[635]. На чело на оваа група бил Панајотис Димарас, а целта била прекинување на железничката линија Дедеагач-Солун и подигнување на христијаните на бунт, но акцијата не успеала заради навремената интервенција на османлиските сили[636] . Тоа всушност претставуваше крај на акциите на Етеријата во Македонија. Така четите на Етники Етеријата уште на самиот почеток на војната претрпеа целосен неуспех. Ништо подобро не проаѓаше ниту грчката војска. Османлиските сили започнале да напредуваат во Тесалија и покрај првичните големи загуби. Грчките војски биле принудени да се повлекуваат. Самото повлекување се претвори во хаос. Најголемиот тесалиски град Лариса на 24 април бил окупиран од страна на османлиските сили[637]. Османлиите тука не застанаа и продолжиле да напредуваат кон Атина, каде веќе владеела паника. Грчкиот министер за надворешни работи Скузес ги молел претставниците на големите сили да интервенираат со цел да престане османлиското навлегување[638]. Делијанис, исто како и во 1886 година не го завршил својот мандат, а неговата земја повторно била во лоша состојба, само сега во

---

[632] D. Dakin, The unification..., p. 153

[633] исто

[634] ДАРМ,м-324, Blunt-Salisbury, Salonica, 20 april 1897, FO 195/1988

[635] ДАРМ,м-176, Finzi-il ministro degli affari esteri, Salonico, 19 aprile 1897, ASMAE

[636] ДАРМ,м-176, Finzi-il ministro degli affari esteri, Salonico, 24 aprile 1897, ASMAE

[637] Заради паничното повлекување на Грците, Османлиите првично биле во недоумица дали да влезат во Лариса, плашејќи се да не станува збор за стратегија за опколување на главнината на османлиските сили. (D. Dakin, The greek..., p. 40-41)

опасност бил и опстанокот на грчката држава во границите од 1881 година. Тој на 30 април поднел оставка[639]. Кралот на негово место го назначил Димитриос Ралис, кој требал да ја спаси државата од анархија[640], бидејќи воениот пораз веќе никој не го ставал под прашање, а тој, повеќе од очигледно, бил катастрофален.

Грчките владеачки кругови продолжувале да бараат примирје. Шефот на кабинетот на грчкиот крал го посетил францускиот амбасадор во Атина со цел да побара "спонтана интервенција"[641] за да се прекинат непријателствата и повторно да се воспостави мирот. Тој напоменал барањето да остане во најголема тајност, бидејќи може да доведе до пад на династијата. Големите сили започнале да бараат начи за запирање на непријателствата. Русија предложила иницијатива за примирје и постигнување на договор помеѓу Атина и Цариград. Самиот предлогот за мир требала да го испрати грчката влада. Исто како и шефот на кабинетот на Георгиос и владата на Ралис, заради интересите на династијата, замолила предлогот да биде испратен од страна на европските сили[642]. Тоа било прифатено, но сега германската влада, користејќи ја исклучително тешката позиција на Атина, поставила свои услови. Имено, пред да бидат започнати било какви разговори по рускиот предлог за примирје, грчката влада треба да се согласи со автономијата на Крит во рамките на Османлиската држава и да ги повлече своите сили од островот[643]. Британскиот амбасадор во Атина успеал да ја убеди грчката влада, а со оглед на ситуацијата и не му било многу тешко, да прифати автономија на Крит[644]. Така се отворил патот за постигнување на примирје, иако и тоа тешко ќе оди.

Големите сили, одговарајќи на молбата на грчката влада, упатиле предлог до Портата за примирје. Цариград се заблагодарил на силите заради предлогот за медијаторство за договор за примирје, но Портата истиот ќе го разгледа после завршувањето на муслиманскиот празник Бај-

---

[638] D. Dakin, The unification..., p. 153
[639] М. Војводић, Србија у међународним..., с. 148
[640] Edward S. Forster, A short history of Modern Greece 1821-1956, London, 1958, p. 33
[641] DDF, Ier serie, t. XIII, doc. 220, Athenes, 3 mai 1897, p. 380
[642] DDI, p. 3, v. 2, doc. 7, Roma, 4 maggio 1897, p. 4
[643] исто, doc. 19, Atene, 8 maggio 1897, p. 11

рам. Според италијанскиот амбасадор во османлиската престолнина зад одговорот се криела намерата османлиските единици комплетно да ја исфрлат грчката војска од Тесалија[645]. Амбасадорот имал право. Тогаш кај Домокос се водеше последната битка во војната. Силите на полковникот Смоленски, во претходните денови, давале силен отпор на османлиските војски кај Мелуно и Велестино, но во спомената битка Грците биле тешко поразени[646]. Патот за Атина сега веќе целосно бил отворен.

Интервенцијата на големите сили за спас на Грција била неопходна, но и очекувана. Исклучок беше Германија која бараше Грците да престанат со провокациите во Епир[647]. Рускиот цар, на 18 мај, со лична телеграма до султанот побарал да биде запрено проливањето на крв во Грција[648]. Абдул Хамид, кој веќе бил информиран за победата на својата војска кај Домокос, се согласил со барањето на царот. Примирјето беше потпишано на 21 мај, а Портата на 1 јуни се согласи тоа да трае се до потпишувањето на мировниот договор[649]. Со тоа заврши војната во која Грција беше катастрофално поразена, а реперкусиите од истата допрва ќе се почуствуваат.

Грција немаше сојузник помеѓу балканските држави. Напротив, Бугарија, користејќи ја влошената позиција на грчката држава презеде чекори кај Портата со цел да добие нови концесии. Така Егзархијата добива уверување од Големиот везир за добивање на берати во Македонија по завршувањето на војната[650]. Србите, пак, не го попречувале транспортот на оружје и муниција низ нивната територија за османлиската војска, а тоа од страна на Атина било сметано како непријателски чин[651]. Слично како Бугарите, и Србите ќе се обидат да го искористат грчкиот пораз за смена на скопскиот патријаршиски митрополит[652].

Плановите за востание во Македонија не успеале, а како што видовме грчките чети, уште на самиот почеток биле разбиени. Грција не-

---

[644] исто, doc. 23, Atene, 10 maggio 1897, p. 15
[645] исто, doc. 41, Constantinopoli, 13 maggio 1897, p. 21
[646] D. Djordjević, Revolutions..., p. 176
[647] DDI, p.3, v. 2, doc. 50, Pera, 16 maggio 1897, p. 26
[648] М. Војводић, Србија у међународним..., с. 149
[649] исто
[650] Н. Дюлгерова, Руски щрихи..., с. 164
[651] С. Терзић, Србија..., с. 359

маше подршка од најголемиот дел од христијанското, посебно словенското, население во Македонија за своите планови. Сепак, должни сме да напоменеме, според некои искажувања, дека Македонците не беа непријателски расположени кон Грците во текот на воениот судир. Според В. Думев во Серес Македонската револуционерна организација имала во свои раце едно писмо на Етники Етеријата, но не сакала да ја искористи лошата позиција на Грците, кои пак биле благодарни за потегот на Македонците[653], иако благодарноста ќе биде краткотрајна. Војводата Апостол Петков Терзиев, обраќајќи му се на еден гркоман од селото Бојмица, меѓу другото му рекол:"Во времето на грчко-турската војна во 1897 година, ние сите со радост ја очекувавме победата на Грција"[654]. Сепак православната вера во овој случај имаше големо влијание. Од друга страна, пак, МРО со Солунскиот конгрес од летото 1896 година и новодонесените уставно-правни акти на Организацијата-Уставот и Правилникот ги елиминира бариерите кои постоеле на патот на масовизирање на македонското националноослободително движење[655]. Не е на одмет да се каже дека и покрај коректното однесување на некои членови на МРО кон Етеријата, сепак грчкиот пораз и подоцнежното укинување на Етеријата, барем за кратко, позитивно ќе влијаат на развојот на македонското ослободително движење.

Причините за грчкиот пораз лежеле во погрешната процена на меѓународната ситуација и преценувањето на сопствените можности. Еден од современиците на оваа војна запишал "Грција во себе ги спојувала апетитите на една Русија со силата на една Швајцарија"[656]. Самиот сооднос на двете спротивставени страни од почетокот на војната покажуваше кој ќе биде победникот. Османлиските сили броеле 150 000 војници, а грчките 35 000[657]. Бројната надмоќ на султановата војска беше надополнета со одличната подготовка на османлиските сили од страна на германски инструктори. Едноставно Грција немаше шанси уште пред почетокот на војната, но

---

[652] ДАРМ,м-102,-il ministro degli affari esteri, Constantinoploi, 28 aprile 1897, ASMAE
[653] В. Думевъ, Из моитъя..., с. 56
[654] Крсте Битоски, Апостол Петков Терзиев, Битола, 1988, с. 25
[655] Д. Димески, Македонското..., с. 206
[656] Р. Клог, Историја..., с. 73
[657] Jacques Ancel, Manuel historique da la question d'Orient 1792-1925, Paris, 1926, p. 205

желбата за територијално проширување негативно влијаеше врз правилната процена на можностите за водење војна и евентуалните последици. Дури и грчката морнарица од која било многу очекувано не даде резултати[658]. Грците во претходниот период се фалеа со силата на својата морнарица која ќе ги пресечела линиите за транспорт на османлиските сили во Егејот, но зборовите беа едно, а резултатите од делувањето друго.

Потпишувањето на примирјето не значеше и повлекување на османлиските сили од Тесалија. Портата и султанот после многугодишните порази, губење на територии и понижувања, сега беа тие кои сакаа да ги диктираат условите за мир. Нормално, тие требаа да бидат што може попонижувачки за поразената страна. Европските сили беа запознати со османлиските намери и затоа директно се инволвираа во процесот на преговарање. Преговорите за мир се водеа помеѓу амбасадорите на големите сили и османлиските претставници во Цариград. Османлиите уште на првата средба со амбасадорите на европските сили побарале враќање на Тесалија и воена оштета од 10 000 000 османлиски лири[659]. Преставниците на силите, како што беше и очекувано, јасно ставија до знаење дека нема да се согласат со барањата на Цариград. Султанот побара подршка од Берлин и Петроград, но и оттаму му беше советувано да се задоволи со мали корекции на границата, кои би биле од стратешки интерес за неговата земја и да го намали барањето за воена оштета[660]. Портата немаше друг избор освен да бара поместување на границата во Тесалија со најава за задржување на трупите во оваа грчка област се до исплата на оштетата[661]. Османлиското попуштање пред притисокот на силите не значеше и согласност со сите барања. Цариград ќе прави опструкции во преговорите со цел да извлече што може повеќе од воената победа. Не беше во прашање само достоинството на Османлиската држава. Имено, со

---

[658] Мазаракис во своите мемоари тврди дека грчката морнарица доминирала на морето во текот на војната. (A. Mazarakis-Ainian, Mémoires, Thessaloniki, 1979, p. 31). Лангер пак го истакнува слабиот придонес на грчката флота, која освен бомбардирањето на Превеза и неколку слични акции не постигнала ништо, прашувајќи зошто отсуствувале акции врз Кавала и Деде-агач, ако веќе Солун беше преголем залак за напад. (W. Langer, The diplomacy..., p. 372). Форстер како одговор на прашањето за слабиот придонес на грчките поморски сили во војната ја посочува присутноста на морнариците на големите сили во регионот.(E. Forster, Ashort history..., p. 32)

[659] М. Војводић, Србија у међународним..., с. 171

[660] исто, с. 171-172

односот кон Грција, после победата, султанот сакаше да им даде добар пример и на другите мали балкански држави, кои имаа големи апетити. Меѓутоа, тоа не ги интересирало големите сили. Тие сакале што побрзо да се склучи мировниот договор. Велика Британија, заради османлиското инсистирање на воена оштета, се обидела да ги наговори Франција и Русија, слично како во времето на формирањето на грчката држава, заедно да го гарантираат заемот од 4 милиони франци со цел да се изврши исплатата, а со тоа и да дојде до потпишување на договорот, но Париз и Петроград го одбиле предлогот на Лондон[662].

Грчката влада сега била многу кооперативна. Ништо друго не и останувaше. Таа јасно се искажала во полза на се што ќе договорат големите сили, затоа што има намера да ги следи интересите на Грција и нејзината иднина. Единствено имала забелешка на прашањето за воената оштета, бидејќи таа би претсавувала голем товар за Грција и тешко би била испалтена[663]. Атинската влада била во право, имајќи го предвид не толку дамнешниот банкрот на државата. Тоа го знаеле и силите кои имале побарувања од Грција и затоа настојувале оштетата да биде поносллива за поразената држава.

Поразот во војната со Османлиската држава би требало да делува отрезнувачки за атинските политичари, но одредени нивни чекори го покажувале спротивното. Заимис, грчкиот министер за надворешни работи, во текот на октомври се сретнал со бугарскиот агент во Атина на кого му ја искажал спремноста на атинската влада да се договори со Бугарија и Србија за распределба на сферите на влијание во Македонија, со тоа што спорната област би била оставена за решавање откако ќе ја снема опасноста од големите сили[664]. Грчкиот амбасадор во Виена на својот француски колега му рекол дека за неговата земја би било подобро да се договори со Бугарија отколку со Србија, која не претставувала вистинска опасност за грчките интереси во Македонија[665]. Грчкиот амбасадор ја потценувал Србија, но не знаел дека српскиот пратеник во Атина, Маринковиќ, скоро истовре-

---

[661] ДАРМ,м-447, Ђорђевић-Симићу, Цариград, 23 јуна 1897, ПО, Ф-III
[662] ДАРМ,м-448, Ђорђевић-Симићу, Цариград, 17 августа 1897, ПО, Ф-VII
[663] DDI, p. 3, v. 2, doc. 197, Atene, 30 agosto 1897, p. 153
[664] М. Миноски, Македонија во ..., док. 115, Атина, 15 октомври 1897, с. 345
[665] DĐF, Ier serie, t. XIII, doc. 344, Vienne, 26 octobre 1897, p. 567

мено ја советувал својата влада да не започнува никакви преговори со грчката влада пред решавањето на скопскиот проблем, бидејќи тоа зависи само од Атина-"колку и да паднала Грција, таа многу малку или воопшто не изгубила од своето влијание кај Патријаршијата"[666]. Иако Заимис, наводно, бил спремен да разговара за поделба на Македонија на интересни сфери помеѓу трите мали балкански држави, повеќе од очигледно е настојувањето преговорите, во тој момент, да се одвиваат на релацијата Атина-Софија. Последнава на предлогот на грчкиот министер одговорила со барање од Атина да биде посочена територијата во Македонија на која Грција има претензии, како и да се посочи која е неутралната зона[667]. Заимис изразил спремност брзо да одговори на барањето на Стоилов, но нагласил дека постои и тракиското прашање во односите помеѓу двете влади[668]. Забелешката на Димитров дека и Македонија излегува на Егејот, наводно го збунила грчкиот министер за андворешни работи, кој се правдал со некои географски карти за Македонија. Споменувањето на Заимис на тракиското прашање значи и повлекување на спремноста на Атина да се согласи со бугарскиот излез на Егејското море во Кавала. Предлогот од март се покажал само како обична тактика на атинската влада, која и во ситуација кога војнички е поразена и понижена не сака да размислува за отстапување од своите претензии во Македонија. Тој во декември ќе побара од Софија да ја соопшти јужната граница на бугарските аспирации[669], иако неговата влада се уште не одговорила на претходното бугарско барање за одредување на северната линија на неутралната зона.

Мировниот договор помеѓу Грција и Османлиската држава, за кој толку многу се залагаа големите сили, конечно беше потпишан на 4 декември 1897 година во османлиската престолнина од страна на Маврокордатос и Стефанос, како претставници на Грција и Тевфик и Хасан

---

[666] ДАРМ, фонд: Јован Јовановиќ-Пижон, к-I, сиг. 1.17.1.8/60-61, Маринковиќ-, Атина, 1 октобра 1897

[667] М. Миноски, Македонија во ..., док. 116, Софија, 13 ноември 1897, с. 346

[668] исто, док. 117, Атина 24 ноември 1897, с. 347

[669] исто, док. 118, Атина, 13/25 декември 1897, с. 348

Фехми како претставници на Османлиската држава[670]. Според одредбите на договорот била извршена мала ректификација на грчко-османлиската граница. Воената оштета што Грција мораше да ја плати и која беше предмет на долги преговори, според членот 2 од овој договор, изнесуваше 4 милиони османлиски лири. Во договорот, со членот 16, беше предвидено двете држави да не дозволуваат активности на нивните територии кои би ја пореметиле безбедноста и редот во соседството. Не треба некоја анализа за да се претпостави дека овој член повеќе се однесувал на Грците. Така официјално заврши грчко-османлиската војна во која Грција беше тешко поразена. Сепак, критскиот проблем не беше решен и токму таму Атина ќе настојува да обезбеди поволности, и за тамошното грчко население и за себе, кои ќе требаат да ги залечат раните од воената катастрофа.

[670] Balkanski ugovorni odnosi 1876-1996, tom I, Beograd, 1998, dok. 73, Grčko-turski mirovni ugovor, Carigrad, 4 decembar 1897, s. 221-225

3.ГРЦИЈА И МАКЕДОНИЈА 1898-1903

3.1. Приближување на Грција кон Османлиската држава

Грција, по воениот пораз, мораше да прифати една ни малку пријатна обврска. Иако во самиот текст на мировниот договор тоа не беше нагласено, сепак, во членот 11 од прелиминарните услови за мир од 18 септември, Грција беше обрзана да донесе т.н. Контролен закон со кој се востановува меѓународна контролна комисија, составена од делегатите на големите сили, за контрола на државните приходи кои ќе се употребуваат за заеми наменети за исплата на воената оштета. Владата мораше да ја прифати оваа комисија, а исплатите беа гарантирани од приходите на цариниte и монополите[1]. Самата комисија беше формирана на барање на европските сили, бидејќи во 1893 година тогашниот премиер Трикупис објави државен банкрот[2]. Подобро кажано, големите сили немале доверба во атинската влада во поглед на сервисирање, не само на воената оштета, туку и на грчкиот надворешен долг. Тие веќе имаа негативно искуство со оваа земја уште во четириесеттите и педесеттите години на XIX век, кога после окупацијата на Пиреја и промената на грчката влада формираа слична финансиска комисија. Европските сили со востановувањето на оваа комисија со која ќе имале контрола врз одредени фондови, ги заштитиле и странските кредитори, што секако беше од интерес на силите, бидејќи тие даваа пари за развојот на Грција. Ваквата акција во Грција беше сметана за национален срам, а јавноста и политичарите остро го критикуваа кралот и престолонаследникот[3]. Тоа беше цената за непромислено воденатa политика, која не беше само на кралскиот двор, туку и на политичарите кои сакаа да ги искористат акциите на Етники Етеријата за добивање на поени и влијание.

---

[1] С. Павловић, Историја..., с. 223
[2] Р. Клог, Историја модерне..., с. 73
[3] Б. Јелавич, Историја на Балканот, с. 49

Како резултат на војната беше логично да дојде до заслабување на грчките позиции во Османлиската држава, иако не во обем за кој Атина го-вореше. Портата и вети на Егзархијата одобрување на нови берати за нај-зините митрополити во Македонија. Ветеното беше исполнето, навистина делумно. На 21 октомври 1897 година Егзархијата доби три нови берати за митрополитски места во Македонија и тоа во Битола, Дебар и Струмица[4]. Тогаш Грција и Грците беа преокупирани со мировните преговори, но тоа не значи дека не беа заинтересирани за бератите, посебно што истите се дадени после понижувачкиот грчки пораз во војната со Османлиската држава. Меѓутоа, вистинските акции ќе следат кога новите егзархиски митрополити ќе дојдат да ги заземат своите места. Така во Битола тамошните патријаршисти побарале од локалните османлиски власти и од султанот да биде спречено доаѓањето на егзархискиот митрополит, а патријаршискиот митрополит Козма, во знак на протест, но и како форма на притисок, дури поднел оставка на своето место[5]. Патријархот нема да ја прифати оставката на Козма, кој пак бил одликуван од страна на султанот со орденот Меџидие втор степен[6]. Тоа всушност беше еден од начините да се смират патријаршистите. Тие пак испратиле една тричлена делегација во османлиската престолнина со цел да ги објасни нивните ставови и да се обиде да го спречи доаѓањето на егзархискиот митрополит во градот[7]. Пратениците нема да успеат во својата намера, но егзархискиот митрополит ќе биде советуван од страна на османлиските власти извесен период да се воздржи од прифаќање на патријаршисти под негово ведомство[8].

Делувањето на патријаршистите во Битола воопшто не зачудува. Градот бил важен за грчките аспирации. Павлос Каролидис во "Елинизмос"[9] пишува за значењето на Битола за Македонија, мислејќи на грч-

---

[4] Егзархијта и бугарската влада ги бараа и Мелник и Кукуш. (С. Димевски, Историја на..., с. 592)

[5] ДАРМ,м-LIX/706, Pinetta-ministre des affaires etrangers, Monastir, 7 janvier 1898, ASMAE

[6] С. Дракул, Македонија меѓу..., док., 15 Битола 9 февруари 1898

[7] ДАРМ,м-LIX/706, Pinetta-ministre des affaires etrangers, Monastir, 10 janvier 1898, ASMAE

[8] С. Дракул, Македонија меѓу..., цит. док., Битола 9 февруари 1898

[9] "Елинизмос" е периодичен орган на истоименото атинско здружение и излегува од 1 јануари 1898 година. Првиот уредувачки одбор го сочинувале Н. Казазис, К. Петалас, П. Каролидис, К. Мицопулос, Ф. Сакеларопулос и Ф. Вирвилис. Списанието објавувало

ките аспирации. Тоа според него било поголемо дури и од она на Солун[10]. Немаме многу материјал со кој би можеле да го видиме однесувањето на грчкта дипломатија, бидејќи ставот бил познат. Сепак, грчкиот пратеник во Цариград бил во контакт со Патријархот по повод новите берати, но тој заради познатите настани не можел да заземе поцврста позиција во однос на османлиската влада. Маврокордатос можел само да го слуша жалењето на Патријархот за, според него, очигледните симпатии на султанот кон Егзархот[11]. Во Битола не можело да има делување на грчкиот козул, бидејќи Бецос на своето место, кое што го напуштил заради прекинувањето на дипломатските односи помеѓу Грција и Османлиската држава во април 1897 година, се враќа во март 1898, кога тамошниот грчки конзулат повторно започнал со работа[12].

Наименувањето на нови егзархиски митрополити во Македонија од страна на некои западни дипломати било оценето како многу неповолно за позицијата на елинизмот со оглед на очекуваното прелевање на населението под Егзархиска јурисдикција[13]. Тие ги поткрепуваат своите тврдења со намалување на бројот на грчките училишта во некои делови на Македонија[14] и со помалиот број на Грци во составот на христијанското население, на пример во Битолскиот вилает[15], а не ја исклучувале и можноста тој број да опадне, бидејќи "последните настани, меѓутоа, му нанесоа сериозен удар на грчкиот престиж и можат да ги засилат словенската и другите негрчки партии во Турција"[16].Тоа беше познато во Атина и затоа ќе бидат преземени чекори во насока на засилување на грчката позиција во Македонија.

Поразот од 1897 година го означи почетокот на раздобјето на самопреиспитување и сомнеж во сопствените сили, бидејќи војната очигледно

текстови поврзани со грчките национални аспирации. (Θ. Αναγνοστοπουλοσ, Παλαιολογος, Ο. Ν. Καζαζις..., σ. 264)

[10] К. Моδη, Μακεδονικος αγων..., σ. 41

[11] К. Βακαλοπουλος, Η Μακεδονια..., σ. 68

[12] ДАРМ,м-326, Hampron-Blunt, Monastir, 12 march 1898, FO 294/22

[13] ДАРМ,м-181, -Hanotaux, Monastir, 8 janvier 1898, f. 200, AMAE, Turquie, PI, Macedoine, II

[14] Според британскиот вицеконзул во Битола во истоимениот вилает во 1896 година имало 382 грчки училишта со 23. 200 ученици, а следната година имало 373 училишта со 21 722 ученици. (ДАРМ,м-329,Hampon-Blunt, Monastir, 27 janunary 1898, FO 78/4436).

[15] ДАРМ,м-181, -Hanotaux, Monastir, 20 janvier 1898, f. 200, AMAE, Turquie, PI, Macedoine, II

[16] Далибор Јовановски, Еден британски документ за населението во Македонија од 1897 година, Историја, XXXVII/1-2, Скопје, 2001, с. 81

покажа дека обидите за самостојно остварување на Мегали идејата се осудени на пропаст, а Грција, и покрај сите слабости на својот северен сосед, во секој меѓусебен вооружен судир веројатно "ќе го извлече подебелиот крај"[17]. Во Атина некои интелектуалци докажувале дека иднината на земјата лежи во некој вид на кондоминиум со Османлиската држава[18]. На некој начин овие размислувања значат согласност со оние на некои претставници на османлиските Грци, изразени уште во времето на големата источна криза. Раздвижувањето за барање на солуција за подобрување на грчката позиција во Османлиската држава, меѓу другото се должело и на сознанието за губење на позициите на елинизмот во соседството[19], како резултат на воениот конфликт, кој беше испровоциран од Грците. Водечките грчки политичари тоа не го криеле. Така, грчкиот премиер, Заимис, во разговорот со италијанскиот амбасадор во Атина изразил жалење за штетите по грчките интереси произлезени од, како што се изразил, несреќната војна[20]. Затоа било потребно приближување кон Османлиската држава, но и кон Германија[21]. Грците увиделе дека одбраната на нивните интереси во Македонија зависат од волјата на Портата и од продолжувањето на османлиското владеење со оваа област[22].

Грчкото несогласување со бератите и размислувањата за промена во надворешнополитичката ориентација на Грција не значеше и комплетно запоставување на односите со Софија посебно по македонското прашање. Грчкиот дипломатски претставник во бугарската престолнина, Аргиропулос се интересирал за официјалната позиција на Софија во поглед на Македонија. Одговорот на бугарската влада не бил разочарувачки, иако не веруваме дека бил искрен. Имено, официјална Софија сакала општо подобрување на судбината на сите христијани во Македонија на база на создавање на основа за автономна управа[23]. Всушност биле повторени старите бугарски ставови. Истото го сторил и грчкиот крал. Тој во разговорот со бугарскиот агент, Димитров, интересирајќи се за посетата

[17] Р. Клог, Историја модерне..., с. 74-75
[18] исто
[19] Национално-освободителното..., с. 216
[20] ДАРМ,м-178, Avarna-il ministro degli affari esteri, Atene, 6/18 gennaio 1898, ASMAE
[21] исто
[22] D. Dakin, The unification..., p. 168

на Фердинанд на Цариград, како и за односите на Бугарија со Романија и Србија, нагласил дека по македонското прашање ги признава само Грција и Бугарија за заинтересирани страни и сака да види нивна спогодба за негово решавање, но се плаши дека некои големи сили не би дозволиле таква спогодба[24]. Позициите на двете страни во поглед на Макеоднија останале непроменети. Тоа и се очекувало. Сепак грчката влада постепено ќе се оддалечува од можноста за постигнување на спогодба со Бугарија во однос на Македонија во духот на приближувањето кон Портата.

Во март 1898 година во Атина дошол извесен Трајко[25] кој имал за цел да регрутира доборволци за делување во Македонија. Неговата активност била следена од грчките власти, но и од странските мисии во Атина. Грчкиот премиер Заимис не криел дека бил запознат со посетата на Трајко. Тој, во разговорот со италијанскиот амбасадор, истакнал дека неговата влада била свесна за намерата на Трајко, но не можеле да го протераат, иако знаеле каква реакција на османлиските власти може да предизвика делувањето на гореспоменатиот, а тоа Грција не го сакаше, посебно не да биде обвинета за поттикнување немири во Македонија[26]. Според еден извештај на австроунгарскиот пратеник во Атина, Трајко бил доста студено примен во грчката престолнина, бидејќи Грците се чувствувале изневерени од фактот што ,како што пратеникот се изјаснил, Бугарите не им ја дале подршката во војната[27]. Немаме докази за тоа дали навистина имало контакти или уште повеќе, ако ги имало, дали бил постигнат одреден договор. Бугарскиот трговски агент во Солун, по повод виничката афера известува за тврдења на некои грчки солунски кругови, кои оружјето кое било запленето во аферата го поврзувале со согласноста која наводно била постигната помеѓу, како што истакнува Колушев, македонските комитети од кнежевството и Етники Етеријата[28]. Согласноста предвидувала востание на Македонците со едновременото објавување на

---

[23] Р. Попов, Балканската..., с. 213
[24] Н. Данова, Кьм въпроса..., с. 129
[25] Не располагаме со поконкретни податоци за оваа личност, меѓутоа неговото доаѓање и претстој во Атина е интересно од аспект на грчкиот однос кон Македонците, кои биле именувани и третирани како Бугари.
[26] ДАРМ,м-178, Avarna-il ministro degli affari esteri, Atene, 29 marzo/9aprile 1898, ASMAE
[27] F. S. Bridge, Austro-hungarian..., doc. 25, Athena, 31 III 1898, p. 66

грчко-османлиската војна. Наум Спанос во своите мемоари известува за посетата на извесен Апостол Перовски на Атина во октомври 1897, кога му понудил на Спанос соработка за ослободување на Македонија, бидејќи тоа било работа на самите Македонци, но овој ја одбил понудата и за истата го информирал Драгумис[29]. Спанос не споменува никаква претходно постигната спогодба меѓу Етники Етеријата и некој или некои македонски комитети. Како и да е Трајко, а и претходно Апостол не успеале да придобијат луѓе за своите намери, а односот на Грците покажува неможност, поточно нерасположение за заедничка соработка. Кога е во прашање оруженото делување на Грците во Македонија, некои грчки историчари тврдат дека грчката влада сакала да обесхрабри било каква оружена акција и за тоа им дала инструкции на конзулите, кои работеле во таа насока, како на пример конзулот во Солун, кој во 1898 година го одбил барањето на некои Грци за формирање на чети со образложение дека владата во Атина не подржува такво делување[30]. Тоа не е изненадување со оглед на обврските од мировниот договор и воениот пораз на Грција во војната со својот сосед.

Грција и Османлиската држава склучија мир и ги обновија дипломатските односи, но критското прашање сеуште не беше затворено. Двете страни прифатија Крит да биде автономен во рамките на Османлиската држава. Меѓутоа, многу поважно од останувањето на Крит во рамките на султановата држава, иако како целосно автономна област, беше изборот на личноста која требаше да стане гувернер на островот. Ова прашање всушност го одредуваше вистинскиот статус на немирниот медитерански остров. Русија во ноември 1897 година го предложи црногорскиот војвода Божо Петровиќ, роднина на кнезот Никола, за гувернер на островот[31]. Предлогот беше прифатен од страна на европските сили, како и од Грција и Османлиската држава. На општо изненадување црногорскиот кнез не се согласи со кандидатурата на својот роднина, бидејќи тој не бил консул-

---

[28] ДАРМ,м-4297, фонд: бугарско трговско агентство во Битола, ф. 331, опис-1, ае-9, Колушев-Стоилов, Солун, 7 декември 1897

[29] Ν. Σπανου, Αναμνισεις..., σ. 29

[30] Ι.Ε. Νοταρι, Τα γεγονοτα τησ Θεσσαλονικης τον απριλιο τον 1903 με βασι εγγραφα του ιστορ ικου αρχειου του ελληνικου υπουργειου εξοτερικων, Μακεδονικα, τ. 10, Θεσσαλονικη, 1970, σ.41 ; Ε. Kofos, Nationalism..., p. 31

тиран за предложувањето на Божо Петровиќ, туку само информиран откако последниов бил номиниран за критски гувернер[32]. Така, заради повредената суета на црногорскиот кнез пропадна идејата на Русија за наименување на Божо Петровиќ за критски гувернер. Петроград не се откажуваше од иницијативата за предложување на нова личност за гувернерската позиција. Новиот предлог на царската влада беше вториот син на грчкиот крал, кој го имаше истото име како и неговиот татко-Георгиос. Русија не сакаше да губи време и предлогот го упати кон крајот на декември 1897 година[33]. Предлогот на Петроград беше веднаш подржан од британската влада. Нема сомнение дека роднинските врски на грчката кралска куќа со дворовите во Петроград и Лондон имаше големо влијание за рускиот предлог. Грција, секако, немаше ништо против предлогот еден од нејзините принцови да биде нов критски гувернер. На почетокот на 1898 година се чинеше дека нема ништо од оваа кандидатура, бидејќи рускиот предлог наиде на спротивставување на Берлин и Виена[34]. Виена се плашеше да не дојде до пореметување на статусквото на Балканот со именувањето на Георгиос за гувернер на Крит, решение кое, според мислењето на австроунгарската влада, можеше да предизвика слични движења на Балканот, а и османлиската влада не би се согласила со истото[35].

Руските дипломати презеле чекори за убедување на Виена да ја прифати кандидатурата на грчкиот принц. Главната цел беше убедување на виенските политички кругови дека именувањето на грчкиот принц за критски гувернер нема да предизвика барања на другите балкански држави[36]. Грчката дипломатија исто така не стоеше по страна, иако не може да се каже дека беше премногу експонирана со оглед на воениот пораз и настојувањата да не ги предизвикува османлиските власти. Грчкиот амбасадор во Виена на средбата со својот француски колега го истакнал ставот на бугарската влада да не бара компензации во Македонија,

---

[31] М. Војводиќ, Србија у међународним..., с. 192
[32] исто, с. 193
[33] ДАРМ„м-448, Мијатовиќ-Ђорђевиќу, Лондон, 27 децембра 1897, ПО, Ф-IV
[34] исто
[35] М. Војводиќ, Србија у међународним..., с. 193
[36] исто

доколку принцот Георгиос биде назначен за критски гувернер[37]. Всушност тој посредно го уверуваше Голуховски во непроменливоста на статус-квото, доколку грчкиот принц ја добие гувернерската функција. Меѓутоа се до есента 1898 година ќе траат преговорите помеѓу силите околу гувернерското место на Крит.

Грција, која во 1897 година покажуваше голем ентузијазам за постигнување на договор со Бугарија, за поделба на Македонија на интересни сфери, во мај 1898 година имаше можност да продолжи со своите заложби. Тогаш, на враќање од Опатија бугарската кнежевска двојка ја посети Атина. Посетата беше од неофицијален карактер, бидејќи софиската влада не успеа да ја убеди Атина истата да биде официјална[38]. Грчкиот печат беше полн со позитивни написи за посетета, а тоа било видливо во статиите на најлијателните весници во Атина, како што биле Естија, Емброс, Проја и Акрополис, кои се изјасниле за грчко-бугарско зближување и биле доста критички настроени кон грчките влади за дотогашниот развој на грчко-бугарските односи[39]. Расположението на атинскиот печат нема да има никакво влијание врз грчката влада. Фердинанд ќе се сретне со грчкиот крал и премиерот Заимис, но разговорите нема да имаат политички резултати[40]. Атинската влада ќе покаже голема резервираност во однос на тоа шти го нудеше претходната година. Всушност, самиот факт што Софија не издејствува посетата да има официјален карактер ги даде конечните резултати, уште пред истата да се оствари, иако грчката влада можеше да се правда со потребата да не го доведува Цариград во ситуација да се сомнева за чекорите на Атина.

Променетата позиција на Атина по прашањето на постигнување договор со Бугарија околу Македонија беше пропратено со чекорите за приближување кон Османлиската држава. Еден од најлијателните грчки политичари во тој период, Ралис, во јули 1898 година отворено се изјаснил за зближување со северниот сосед. Тој се сретнал со султанот, кој дури изразил подготвеност да биде покровител на Патријаршијата и грчкиот еле-

[37] ДАРМ,м-181, Vienne, 8 avril 1898, AMAE, Turquie, PI, Macedoine, II
[38] Р. Попов, Балканската..., с. 216
[39] Н. Данова, Кьм въпроса..., с. 130-131
[40] Р. Попов, Балканската..., с. 216

мент во неговата држава[41]. Оваа султанова изјава предизвика позитивен одглас во грчкиот печат, кој неколку месеци претходно, како што видовме, позитивно пишуваше за грчко-бугарско приближување, кое можеше да биде остварено само на сметка на Османлиската држава. Ралис дури беше одликуван од султанот. Патот за зближување на Атина и Цариград беше отворен и покрај сеуште нерешениот критски проблем. Грчкиот премиер Заимис, кон крајот на јули, говореше за зближување со Цариград, а Грција како услов го постави заштитата на грчките интереси во Македонија[42]. Токму за тој услов султанот изрази подготвеност позитивно да одговори. Скоро истовремено од османлиските затвори, согласно со мировниот договор започна и ослободувањето на осудените грчки андарти[43]. Едноставно двете страни имаа исти интереси во Македонија. Тоа не значи дека подготвеноста и желбите за соработка и приближување веднаш ќе бидат реализирани.

Грчката престолнина беше место во кое делуваа повеќе Силогоси чијашто активност се повеќе се развиваше. Атинската влада, која не сакаше многу јавно да се експонира околу Македонија, го толерираше делувањето на овие асоцијации, кои за разлика од порано сега нема да подготвуваат антиосманлиски акции. Особена активност покажуваше здружението "Елинизмос", кое што печатело изданија во кои се говорело за грчкиот карактер и минато на Македонија, нејзините врски со Грција и др[44].

Решавањето на прашањето на критскиот гувернер беше основен услов за воспоставување на ред на островот, каде и покрај мировниот договор затегнатоста се уште беше присутна. Портата се обидуваше да го одложува решението и воведувањето на автономијата. Меѓутоа, во септември на островот се случи тежок инцидент помеѓу башибозукот и британските трупи во кој османлиските нерегуларни сили имаа огромни загуби[45]. Токму тој инцидент ги предизвика големите сили да побараат

---

[41] Н. Данова, Към въпроса..., с. 133
[42] исто
[43] ДАРМ,м-4297, фонд: Бугарско трговско агентство Битола, Михайлов-Гешов, Битоля, 10 юли 1898, ф.331, о-1, ае-10
[44] Н. Данова, Към въпроса..., с. 134
[45] М. Војводић, Србија у међународним..., с. 195

Портата да ги евакуира своите сили од островот и да го забрза процесот на реформи со воведување на автономијата. Портата не можеше да се спротивстави на барањето и на 10 октомври 1898 година започна да ги повлекува своите сили од островот. Тоа пак значеше можност за затворање на прашањето за личноста која ќе биде критски гувернер. Големите сили се согласиле со веќе даденият руски предлог грчкиот принц Георгиос да биде критски гувернер со мандат од три години, период во кој тој требал да организира внатрешна управа, уредување на жандармеријата[46]. Така грчкиот принц стана гувернер на Крит, кој номинално останал под власта на султанот. Меѓутоа единственото нешто што потсетувало на власта на Османлиската држава беше нејзиното знаме. Грција ја изгуби војната, но грчкиот принц стана владетел на територијата на победничката империја. Неоспорно фамилијарните врски на грчкото кралско семејство помогнаа да се намалат ефектите на еден страшен воен пораз[47]. Сосема е во право Ставријанос кога вели дека пародокс на војната од 1897 година е тоа што Грците во значителна мерка, и покрај поразот, ги добија своите барања[48].

Критското прашање краткотрајно беше затворено релативно успешно по грчките интереси, но во Грција постојано нешто предизвикуваше интерес. Атинската јавност на почетокот на јануари 1899 година беше под влијание на пишувањето на тамошниот печат за појавата на Албанско-македонското друштво и неговата цел да се бори против, како што известувале, бугарското влијание во Македонија[49]. Исто така се нагласувало дека Здружението било формирано за да реагира против антигрчките тенденции[50]. Во јавноста се шпекулирало со имињата кои стоеле зад овој комитет. Се споменувале генералот Васос, Будурис, поранешниот претседател на грчкото собрание и други[51]. Споменувањето на познати личноси од грчкиот јавен живот не ги оставило рамнодушни странските дипломати во Атина. Грчкиот премиер, Заимис, морал да ги демантира пишувањата на печатот. Тој нагласил дека информациите не

---

[46] исто, с. 196
[47] G. Marcopoulos, The selection..., p. 350
[48] L.S. Stavrianos, The Balkans..., p. 471
[49] Величко Георгиев, Стайко Трифонов, Грьцката и срьбската пропаганда в Македония, краят на XIX-началото на XX век, София, 1995, док. 1, Атина, 5 януари 1899, с. 11
[50] ДАРМ,м-181, d'Ormeson-Delcasse, Athenes, 12 janvier 1899, AMAE, Turquie, PI, Macedoine, III

биле точни, а и самиот Васос демантирал свое учество во наведениот комитет[52]. Тоа нема многу да влијае врз претставниците на големите сили. Заимис бил предупреден на грешката на неговите претходници во однос на Етники Етеријата[53], но не само тој, туку и други грчки официјални претставници нема да бидат многу преокупирани од гласините, бидејќи, според грчките извори, се работело за група во Лондон која немала мандат за тоа што го правела[54]. Всушност се работело за прогласот на "Централниот албанско-македонски сојуз", издаден во Лондон на 10 ноември 1898 година, во кој , меѓу другото, било предвидено независност на Македонија и Албанија, создавање на една самостојна конфедеративна држава "во која ќе влезат сите народи што се во овие области, без разлика на име вера и јазик"[55], спречување на секое мешање на која и да е голема или мала сила, која под превезот на симпатијата би се стремела да ги спроведе своите егоистички цели. Зад овој сојуз стоел Стфан Димчев-Македон. Тој во 1894 во Лондон го формирал горенаведениот Комитет[56]. Сепак, влијанието на овој Комитет било минорно.

Ситуацијата во Македонија веќе целосно ја преокупираа грчката јавност. Атинскиот печат беше полн со извештаи за, како што во Атина се говореше, тешката позиција на Грците во Македонија[57]. Постојаното известување за настаните во Македонија не беше случајно. Имено, со тоа се стремело јавноста да биде постојано во тек со случувањата во Македонија, бидејќи на Крит веќе се гледаше како на завршена работа. Затоа сега на Македонија може да и биде посветено поголемо внимание. Известувањето најчесто не беше реално и објективно, но тоа не можеше да се очекува знаејќи ги грчките аспирации и погледи за Македонија. За атинските медиуми, политичари, јавни личности, воопшто грчката јавност, поголемиот дел од Македонците, кои не беа под јурисдикцијата на Патри-

---

[51] ДАРМ,м-177, Avarna-il ministro degli affari esteri, Atene, 12 gennaio 1899, ASMAE
[52] исто
[53] исто
[54] ДАРМ,м-181, цит. док., 12 janvier 1899, AMAE, Turquie, PI, Macedoine, III
[55] Александар Христов, Михајло Миноски, Идејата за федерација во македонското националноослободително движење и неговите програмски основи 1893-1935, Скопје, 1994, док. 8, с. 53
[56] Б. Ристовски, Портрети..., с. 455
[57] В. Георгиев, В. Трифонов, Грьцката и срьбската пропаганда в..., док. 2, Атина, 8 јануари 1899, с. 12

јаршијата, беа Бугари. Затоа се што се случуваше во Македонија беше дело на Бугарите. Во таа насока, грчката влада бараше од силите да се заземат во Софија да не подбуцнува движења во Македонија и доби одредени ветувања од Виена и Петроград[58]. Уште повеќе, Заимис беше уверуван дека силите нема да барат од Портата спроведување на порадикални реформи во Македонија[59]. Гласините за можноста да бидат барани реформи беше причина грчкото министерство за надворешни работи, кон крајот на декември 1898 година, да испрати инструкции до своите конзули во Солун, Битола, Серес и Скопје во кои бил подвлечен сомнежот на атинската влада дека реформите ќе бидат од интерес на елинизмот[60]. Инструкциите го содржеле ставот на грчката влада за поделба на Македонија на интересни сфери.

Една информација на бугарскиот трговски агент од Битола, од февруари 1899 година, го постави прашањето за тоа дали се уште постои Етники Етеријата. Имено, Михајлов ја известил бугарската влада за формирање на грчки чети во Македонија од страна на тамошното грчко и гркоманско население, нагласувајќи дека комитетот Етники Етерија сериозно работи на формирање слични чети, особено во пограничното подрачје[61]. Информацијата мораше да ја загрижи Софија, која преку својот агент се заинтересира за целиот случај. Димитров во одговорот до бугарското министерство го негира постоењето на Етники Етеријата, која била растурена заради неуспехот на својата мисија и злоупотребата на парите што придонело името на Организацијата да остави лошо наследство[62]. Укинувањето на Етники Етеријата непосредно после војната го споменува и Бриц, кој како причина го наведува фактот што оваа организација беше посочена како главен виновник за целата ситуација во која се најде Грција[63]. Некои пак тврдат дека етеријата делувала до 1900 година[64]. Британскиот историчар Декин тврди дека Етники Етеријата и покрај формалното

---

[58] ДАРМ,м-181, Paris, 26 janvier 1899, AMAE, Turquie, PI, Macedoine, III, f. 17
[59] исто
[60] Р. Попов, Балканската..., с. 217
[61] ДАРМ,м-4297, фонд: Бугарско трговско агенство во Битола; Михайлов-Греков, Битоля, 23 февруари 1899, ф. 331, о-1, ае-14
[62] ДАРМ,м-4297, фонд: Бугарско трговско агенство во Битола; Димитров-МНРИ, Атина, 11 март 1899, ф.331, о-1, ае-14
[63] F. S. Bridge, Austro-hungarian..., p. 12

распуштање после војната продолжила да постои во се, освен со името[65]. Ова мислење може да се прифати како најисправно. Што се однесува до информацијата на бугарскиот агент во Битола за формирање на грчки чети во Македонија и во Грција за Македонија, грчкиот премиер, Заимис сметал дека тие биле разбојнички[66]. Димитров слични информации добил и од македонските емигранти во Атина, според кои ниту едно од грчките здруженија кои тогаш делувале не работи на формирање на чети. Најверојатно повеќе се работи за гласини кои требало да делуваат на јавноста, пред се, во Грција. Така, во атинскиот весник "Ефимерис" се појавил извештај од Битола во кој се наведува мислењето на некои видни претставници на патријаршиската заедница во градот за можноста од судири помеѓу нив и како што наведуваат, Бугарите, бидејќи последниве премногу провоцирале[67]. Затоа, сметале тие, било потребно да биде дозволено формирња на чети, кои би можеле да и се приклучат на султановата војска во евентуалниот судир со Бугарија.

Грчкото општество полека, но сигурно станувало оптоварено со османлиските области, посебно со Македонија, а тоа особено се однесуваше на интелектуалците. Тие објавувале книги во кои ги изнесуваат веќе познатите грчки ставови. Во 1899 година професорот Клеантис Николаидис ја издаде во Берлин книгата "Македонија и македонското прашање во античко време, во средниот век и во актуелната политика"[68]. Тука тој дава и една етнографска карта, но врз база на јазикот и тоа не мајчиниот, туку "трговскиот јазик". Николаидис со боја за грчки области го означил реонот јужно од Охрид-Битола-Крушево-Мелник-Неврокоп. Истата година, Неоклис Казазис во Атина ја објави книгата "Елинизмот на Балканот. Впечатоци од патувањето"[69]. Книгата, како што покажува и самиот наслов, е напишана после неговите посети на делови од Балканот. Според

---

[64] www. macedonian heritage. gr/Hellenic Macedonia

[65] D. Dakin, The unification..., p. 164

[66] ДАРМ,м-4297, фонд: Бугарско трговско агенство во Битола; цит. док., Битоля, 23 февруари 1899,

[67]ДАРМ,м-4297, фонд: Бугарско трговско агенство во Битола; Димитров-МНРИ, Атина, 24 март 1899, ф.331, о-1, ае-14

[68] Лазар Мојсов, Околу прашањето на македонското национално малцинство во Грција, Скопје, 1954, с. 162

[69]Sanya Velkova, The "Slav neighbour" in the eyes of the noted greek intellectuals from the end of 19th and the beginning of the 20th century, Etudes Balkaniques, 36/1, Sofia, 2000, p. 130

него, кога говори за Бугарија, таа немала потреба од унивезитет, чие што формирање е намерна реакција во насока на националистичката експанзионистичка политика која за цел ги има Македонија и Тракија. Многу пријателски се произнел за Србија. Казазис, во книгата, јасно става до знаење дека грчко-српската соработка, која имала значајна историја, требала да продолжи во име на заедничките интереси и истата требала да биде контрабаланс на "ексапнзионистичките аспирации на големите соседни нации"[70]. Во таква атмосфера во Атина ќе се одвиваат новите грчко-српски преговори.

Иницијативата за повторно започнување на преговори помеѓу Грција и Србија, исто како и во 1892 година дошла од Белград. Српската влада беше принудена да и понуди преговори на Атина за поделба ан Македонија на интересни сфери, бидејќи нејзините надежи за задоволување на поставените барања не беа исполнети со постојаното одолговлекување од страна на Портата[71]. Српските барања во Османлиската држава во многу зависеа и од однесувањето на Патријаршијата, посебно по прашањето на именување на владици. Токму затоа на Белград му беше потребна поддршка од Атина. Тактиката на српската влада се состоеше во постепеното затворање на конзулати во Македонија, согласно со именувањето на српски митрополити. Грците немаа причина да ја одбијат српската понуда за преговори. Таа го имаше условот на Атина за било какви преговори со балканските држави во однос на Македонија-поделба на истата на интересни сфери. Српскиот пратеник, задолжен за преговорите, Миличевиќ пристигнал во Атина на 20 јуни, а веќе на 23 јуни ја одржал првата средба со грчкиот премиер, Теотокис и министерот за надворешни работи, Романос, на која било заклучено постоењето на потреба и желба за спогодба за интересните сфери во Македонија[72]. Следниот ден официјално започнале преговорите помеѓу Теотокис и Романос од грчка и Миличевиќ од српска страна. Разликите кои постоеле помеѓу двете страни во однос на Маке-

[70] исто
[71] М. Војводиќ, Србија у међународним..., с. 233
[72] ДАРМ,м-453, Миличевиќ-Ђорђевиќу, Београд, 31 јула 1999, ПО, Ф-V. Српскиот историчар Михајло Војводиќ има пишувано за овие преговори(М. Војводиќ, Србија у међународним..., с. 234-235), но ние заради интересот на темата, подетално ќе го прикажеме текот на преговорите.

донија, како и во претходниот период, се покажале уште на првиот состанок. Грчките претставници сакале да се дискутира само за линијата на разграничување на интересните сфери, а Миличевиќ побарал и спогодување за делување на атинската влада кај Патријаршијата во полза на Србите. Миличевиќ, со цел да ги наведе грчките преговарачи да разговараат и за преземање на обрски за делување кај Патријархот, им понудил на Теотокис и Романос отстапка од линијата која српската влада ја предложила во 1892 година, со препуштање на Мелник, Неврокоп, Костур и Берат на Грците[73]. Меѓутоа, оваа српска отстапка била премногу мала за Грците. Романос веднаш забележал дека нема разлика од предлогот од 1892 година, бидејќи градот Битола останал во српската сфера. Според грчкиот министер, Битола била conditio sine qua non за спогодбата затоа што градот е центар на грчкиот елемент во регионот. Исто како Романос и Миличевиќ, во одбрана на своите ставови, се повикал на националниот состав на населението во регионот. Тој ја нагласил неможноста да се впушта во било какви аранжмани за границата на сферите, се додека не му биде објаснето каква корист од самото разграничување ќе има српската страна, повторно поставувајќи го прашањето за добивките кои грчката влада може да ги издејствува за Србите кај Патријархот. Грците не можеле да се согласат со ставот на Миличевиќ. Теотокис ја нагласил важноста на одредувањето на граничната линија, како главна точка на спогодбата, а сите други прашања произлегувале од разграничувањето. Грчкиот премиер својот став го поткрепил со конкретен пример. Секоја страна, според Теотокис, делува на целата територија на Македонија, па така Грците и Скопје го сметаат како предмет на своите аспирации. Затоа, рекол Теотокис, било потребно да дојде до спогодба за одредување на линија која ќе ја подели Македонија на северна и јужна сфера, а потоа како природна последица на спогодбата ќе биде дозволено во северната сфера слободно ширење и работа на Србите, без притоа да сретнат некаков отпор од грчка страна[74]. Подобро кажано, прво граница за интересните сфери, а потоа може да се разговара за останатите прашања. Грците немаа интерес да влегуваат во аранажмани, без претходно да им

[73] исто

бидат признати аспирациите, во конкретниов случај, од страна на Србите. Меѓутоа ниту српскиот пратеник не попуштал, нагласувајќи го српскиот интерес за зачувување на единството на Патријаршијата. Тој дури им ја најавил можноста на Грците за поголеми концесии од српска страна и тоа по принципот затворање конзулат по конзулат во зависност од исполнувањето на грчките обврски. Грците побарале време за предлозите на Миличевиќ.

Преговорите продолжиле на 26 јуни. Тогаш Романос ја изразил желбата на атинската влада да покаже искрена волја за помагање на српските барања за митрополитски места кај Патријархот. Откако Атина ја изразила својата спремност за помагање на српските барања, повеќе од тактички причини, преговарачите започнале да разговараат за концесиите. Миличевиќ предложил прво Фирмилијан да биде избран за скопски митрополит, а потоа Србите да ја добијат и Велешко-дебарската митрополија. Исто така побарал гаранции за поставување на српски митрополити во Скопје, Велес и Призрен секогаш кога тие места ќе бидат испразнети[75]. Србите, за возврат на подршката на атинската влада на нивните аспирации, постепено ќе ги затвораат некои од своите конзулати во Македонија. Така, после наименувањето на Фирмилјан за скопски митрополит може да биде затворен српскиот конзулат во Серес, после изборот на српски митрополит во Велес би следело затворање на конзулатот во Битола, а откако ќе бидат дадени гаранции за постојан избор на српски митрополити во трите споменати епархии би бил затворен козулатот во Солун[76]. Српските предлози повторно се покажале како премногу мали за грчките очекувања. Романос ја искажал подготвеноста на Атина веднаш да се заложи за Фирмилијан, со оглед на влијанието на грчката влада кај Патријархот, но затворањето на конзулатот во Серес, сепак, е премала концесија, бидејќи како што се изјаснил грчкиот министер, српскиот елемент во тој реон бил многу мал. Затоа наместо Серес, грчката страна ја бара Битола. Кога е во прашање Велешко-дебарската митрополија, грчката влада, на-

[74] исто
[75] исто
[76] исто

гласил Романос, бара затворање на солунскиот конзулат[77]. Сепак, најтешко за грчката влада, продолжил Романос, ќе биде обврската да ја натера Патријаршијата постојано да поставува Срби на митрополитските места, бидејќи вселенската Патријаршија била непристрасна спрема народностите. Грчкиот министер, сепак, открил која е причината за наводната немоќ да се интервенира кај Патријархот. Имено, тој повторно се навратил на линијата за разграничување, барајќи за подршка на последното српско барање, проширување на грчката интересна зона на пределот помеѓу Охридското Езеро и Дебар. Миличевиќ без размислување го отфрлил грчкото барање за поместување на линијата на разграничување, но и на барањето конзулатот во Битола да биде затворен во замена за подршка околу изборот на Фирмилијан, бидејќи Битола била важна за српските интереси. Како цена за повлекувањето на линијата северно од Битола, Миличевиќ побарал наименување на српски митрополит во Велес. Со цел Грците подобро да ги проучат српските барања, Миличевиќ му составил на Романос еден нацрт кој содржел седум члена, во кој всушност ги навел веќе изнесените ставови.

Откако Грците ги разгледале предлозите на Миличевиќ, преговорите продолжиле на 29 јуни. Тогаш Романос го известил српскиот собеседник за промената на грчките барања. Со цел што побрзо да се дојде до договор со Србија, атинската влада, нагласил Романос, се откажала да бара затворање на српскиот кнзулат во Битола, како концесија за подршката кај Патријаршијата за устоличување на Фирмилијан. Наместо Битола, сега Атина барала затворање на конзулатот во Солун, покрај оној во Серес. Промената на градовите била направана како одговор на српското барање за подршка во Велес, како основен услов. Најголемиот дел од разговорите помеѓу Романос и Миличевиќ, во оваа етапа од преговорите за одредување на интересните сфери, се одвивал околу уточнување на деталите на предложениот нацрт од страна на Миличевиќ, посебно околу членот 3 кој го регулирал темпото на затворање на српските конзулати, при што Србите би се обврзале за дадената подршка за назначување на Фирмилијан за Скопски митрополит, да ги затворат кон-

[77] исто

зулатите во Солун и Серес, а Битолскиот би бил затворен после назначувањето на српски митрополит во Велес[78]. Завршувањето на овој дел од преговорите погрешно го навел српскиот пратеник да поверува во прифаќањето на српските барања од страна на владата во Атина. Тој дури добил и дозвола од кралот Александар да го отстапи Солун и ја очекувал новата средба со грчките преговарачи.

Грците го разгледале нацртот кој бил заеднички договорен помеѓу Романос и Миличевиќ, иако поголемиот дел од предлогот бил на српскиот пратеник. Во меѓувреме во Атина пристигнал грчкиот амбасадор во османлиската престолнина, Маврокордатос, кој зел учество во преговорите на средбата одржана на 1 јули. Маврокордатос бил повикан на консултации во Атина околу разговорите за склучување на грчко-османлиската конзуларна конвенција, но неговото доаѓање било искористено од страна на Теотокис за негово краткотрајно вклучување во преговорите. Грчкиот премиер не го направил тој потег случајно. Грчкиот амбасадор во Цариград веќе имал искуство во преговори со Србите. Неговото држење во текот на разговорите од 1 јули го навеле Миличевиќ да поверува дека во некои гледишта имал помош од Маврокордатос[79]. Едноставно грчкиот амбасадор извонредно ја одиграл својата улога. Имено, кога се преговарало за членот 2 кој, меѓудругото, ја регулирал и обврската за грчката влада да ги подржи српските барања за Велешко-дебарската епархија, Маврокордатос изразил сомнеж за можноста да се убеди Патријаршијата да се согласи на давање и на оваа епархија, веднаш после наименувањето на Фирмилијан за скопски митрополит и предложил во договорот да се нагласи "кога условите ќе го дозволат"[80]. Токму овој негов потег беше поволен момент за Теотокис да ја нагласи невозможноста, да се издејствува писмена согласност од Патријархот да поставува српски митрополити веднаш штом местата во Скопје, Велес и Призрен ќе останат празни, но Атина секогаш ќе врши влијание врз Патријархот да поставува нови српски митрополити. Грците уште повеќе ќе отстапат во поглед на членот 3. Теотокис, сосема спротивно од дотогашните преговори и изјавите на Ро-

[78] исто
[79] исто
[80] исто

манос, побарал Србите да ги укинат конзулатите пред Патријаршијата да ги постави српските митрополити. Миличевиќ нормално не се согласил со новото грчко барање. Грчкиот премиер го уверувал српскиот пратеник за искрените намери на неговата влада, но како и многу пати порано промената на грчкиот став го правдал со реакцијата на јавноста во Грција, а и работата кај Патријаршијата би им била олеснета доколку српската влада покаже добра волја[81]. Најверојатно Грците почуствувале од колкаво значење за Србите се овие преговори и затоа решиле да побараат нешто што многу би им ја зацврстило позицијата во јужните делови на Македонија. Миличевиќ не се согласил со барањата и уверувањата од страна на Теотокис, но преговорите не биле прекинати.

Романос и Миличевиќ продолжиле на 2 и 3 јули да го утврдуваат текстот на предлог договорот, кој го добил својот конечен облик. Според членот 1 од нацрт договорот, грчката и српската влада се договориле заеднички да признаат во Македонија една српска и една грчка сфера на влијание кои се разграничени по линијта која започнува од Јеникале кај Родопите и се движи кон Пирин, реката Струма, градот Струмица, Радовиш, кон устието на реката Брегалница во Вардар, продолжувајќи кон планината Бабуна, преминувајќи ја реката Сатеска, преку реката Црн Дрим, завршува на Јабланица[82] . Согласно со членот 2, грчката влада треба да се ангажира со целото свое влијание кај Патријаршијата со цел да дојде до потврдување на Фирмилијан за скопски митрополит, а доколку околностите дозволуваат, таа ќе се ангажира кај Патријаршијата за дозвола за поставување на митрополит од српска националност во Велес. Грчката влада, исто така, се ангажира да влијае кај Патријаршијата во иднина кога ќе бидат слободни митрополитските места во Скопје, Призрен и Велес да се именуваат српски митрополити[83]. Српската влада, според членот 3, се обврзува постепено да ги повлекува своите конзуларни агентства, кои во моментот се наоѓале во јужните делови на Македонија. Таа се обврзува да ги укине конзулатите во Солун и Серес во замена за назначувањето на Фирмилијан на митрополитското место и да го укине козулатот во Битола

---

[81] исто
[82] ДАРМ,м-453, Миличевиќ-Вујиќу, Лондон, 9 јула 1901, ПО, Ф-V
[83] исто

во замена за именувањето на српски митрополит во Велес[84]. Двете влади, согласно членот 4, дошле до заедничка согласност за процедурата со која ќе се укинат наведените конзулати. Откако грчката влада официјално ќе потврди дека презела чекори за именување на Фирмилијан и именувањето е потврдено да се изврши во рок не подолг од еден месец, српската влада ќе ги укине конзулатите во Солун и Серес. Исто така српската влада презема должност да не ги обновува овие конзулати, ако именувањето на Фирмилијан биде направено во наведениот период. Истата процедура се однесува и на именувањето на српски митрополит во Велес и затворањето на српскиот конзулат во Битола[85]. Членот 5 предвидувал укинување на субвенциите кои пристигнувале од српската влада и организации за српските училишта во зоната на грчкиот интерес и обратно, укинување на субвенциите за грчките училишта во српската зона[86]. Двете влади, согласно членот 6, се обврзуваат да ги повикаат нивните агенти да даваат подршка едни на други, односно грчките агенти да ги подржуваат Србите во српската сфера, а српските да ги подруваат Грците во грчката сфера[87]. Последниот член од нацрт договорот предвидува размена на имотите на црквите и училиштата[88].

Нацрт - спогодбата била составена, но нема да биде потпишана. Причина за непотпишувањето биле Србите, односно иницијаторот на преговорите. Миличевиќ, при крајот на преговарачкиот процес, добил писмо од кралот Александар со наредба да не го потпишува договорот, бидејќи новите грчки предлози биле неприфатливи за Србија[89]. Пратеникот на белградската влада постапил согласно со барањата на кралот. Тој, кога ги известил грчките преговарачи за неможноста да го потпише договорот, изјавил дека нацртот на договорот го носи во Белград, а дефинитивното решение на српската влада ќе биде дополнително испратено. Грчките преговарачи, Теотокис и Романос, пак биле подготвени веднаш да го потпишат договорот за кој имале и согласност од кралот

---

[84] исто
[85] исто
[86] исто
[87] исто
[88] исто
[89] ДАРМ,м-453, цит. док, Београд, прилог "д", 31 јула 1899, ПО, Ф-V

Георгиос[90]. Грците немале причина да не го потпишат нацрт-договорот. Тие успеале линијата на разграничување на интересните сфери на двете страни да ја добијат согласно со своите територијални аспирации. Токму затоа на крајот на преговорите изразиле задоволство, што во овие преговори било постигнато многу повеќе, отколку во сите дотогашни разговори. Одговорот од Белград нема да пристигне, но во Атина нема да има нервоза од српското однесување. Причина за спокојството на Атина, кое сепак делумно ќе биде нарушено, беше прашањето за именување на Фирмилијан за скопски митрополит.

Грчката дипломатија, сакајќи да и покаже на Србија колкаво влијание има кај Патријаршијата, презела чекори за спречување на изборот на Фирмилијан за скопски митрополит. Маврокордатос, на 9 септември, се сретнал со Патријархот Константинос при што побарал од него да не попушта на српските акции и барања и да не дозволи именување на Фирмилијан за скопски митрополит. Меѓутоа Патријархот не сакал да преземе обврска за спречување на изборот на Фирмилијан заради, како што самиот истакнал, рускиот и османлискиот притисок[91]. Всушност, Константинос веќе бил подготвен да ја прифати кандидатурата на Фирмилија. Српскиот свештеник на 31 октомври 1899 година ќе биде избран за скопски патријаршиски митрополит. Неговиот избор беше причина за жесток напад на Маврокордатос врз Патријархот. Грчкиот амбасадор го обвинил Константинос за недостаток на приврзаност кон националното прашање и нерешителност[92]. Доплнителна причина за реакцијата на Маврокордатос беше и преместувањето на дотогашниот спорен скопски митрополити Амвросиос во Битола и покрај спротиставувањето на грчката влада[93]. Реакцијата на Маврокордатос се покажала претерана, бидејќи самото именување на Фирмилијан за скопски митрополит не беше и конечно, со оглед на потре-

---

[90] ДАРМ,м-453, цит. док, Београд, 31 јула 1899, ПО, Ф-V

[91] Κ. Βακαλοπουλος, Η Μακεδονια..., σ. 240–241

[92] исто

[93] исто; бугарскиот трговски агент од Битола во еден свој извештај говори за подршката која Амвросиос ја имал кај грчката партија во градот на чело со грчкиот конзул, за разлика од неговиот претходник, Козма, кој не бил во најдобри односи со гркоманите.(ДАРМ,м-4298, фонд: Бугарско трговско агентство во Битола, Михайлов-Гешов, Битоля, 13 септември 1899, ф. 331, о-1, ае.34)

бата од султанов берат. Токму тука Грците ќе имаат шанса да го спречат ракоположувањето на српскиот свештеник.

Грчката дипломатија и во Серес им го покажуваше на Србите своето незадоволство од одолговлекувањето на српскиот одговор. Тамошниот грчки конзул, Стурнарис, бил доста непријателски расположен кон својот српски колега, Аврамовиќ[94]. Тој дури, првично, не му дал одоговор на српскиот конзул на неговата информација за назначување на конзулското место. Односот на Стурнарис не е зачудувачки. Се виде во текот на преговорите дека Грците не помислувале на опстојување на српски конзулат во овој македонски град, кој го сметаа за свој, а и структурата на населението во градот одеше во нивна полза. Грците и во периодот што следи нема да престанат да ја дсемонстрираат својата надмоќ во однос на Србите во јужните делови на Македонија, но и по прашањето за ракоположување на Фирмилијан.

Односот на Германија во текот на критската криз и грчко-османлиската војна беше многу неповолен за грчките интереси. Согласно со новата ориентација на Атина за приближување кон Османлиската држава, чијшто главен сојузник беше Германија, Грците мораа да размислуваат и на можноста за приближување кон Берлин со цел да добијат подршка за своите барања. Не можело никако да се одбегне реално големото германско влијание во Османлиската држава. Иако принцезата Софија, сестра на германскиот цар Вилхелм, не била многу популарна во Атина, сепак влијанието на прогерманските кругови во Атина постепено растел, а и самиот крал се повеќе бил на мислење за потребата од подобрување на односите со Берлин[95]. Затоа кралот Георгиос во октомври 1899 година го посети германскиот главен град[96]. Тој се сретна со царот Вилхелм и канцеларот фон Бјулов, кои го информирале за целисходноста за сојуз на несловенските држави на Балканот[97], мислејќи на Грција, Романија и секако, Османлиската држава. Оваа германска идеја во многу блиска иднина ќе има не мал број на приврзаници во Атина, кои постојано гледаа на

[94] ДАРМ,м-451, Аврамовић-Ђорђевићу, Серес, 4 октобра 1899, ПО, Ф-V
[95] D. Dakin, The greek struggle..., p. 84
[96] Driault et l'Heritier, Histoire diplomatique..., p. 476
[97] Ιστορια του ελληνικου..., σ. 172

настаните во Македонија, како на словенска агресија и опасност. Атина веќе работеше на договор со Портата, иако во март и септември преговорите во Цариград не вродија со плод[98]. Проблем остануваше како да се изведе приближувањето со Романија со која, меѓу другото, имаа недоразбирања во Македонија.

Прашањето за давање берат на Фирмилијан се претвори во прашање за местото каде овој српски свештеник ќе биде ракоположен. Тоа беше извонредна можност грчката дипломатија да ги активира своите конзули и пропагандниот потенцијал со цел да се развлече целиот процес на назначување на Фирмилијан. Така, во Солун тамошната грчка заедница искажала голема загриженост и вознемиреност од можноста Фирмилијан да биде ракоположен во овој град. Тамошниот весник на грчки јазик објавил текст во кој ја докажувал неканонската поставеност на ракоположувањето на српскиот свештеник во Солун[99]. Многумина ќе сметаат дека токму грчката влада стои зад активностите во Солун. Грчкиот конзул во Солун бил посочен како раководител на протестните акции. Тоа ќе се покаже како точно. Српскиот пратеник во Атина, Јовановиќ, се обидувал да ја убеди грчката влада да го подржи давањето на берат и посебно ракоположувањето на Фирмилијан во Солун. Грчкиот министер за надворешни работи се направил изненаден како прв пат да слуша за можноста Фирмилијан да биде ракоположен во Солун[100]. Меѓутоа не пропуштил да направи компарација помеѓу грчката и српската позиција во градот. Тој посочил на бројноста на грчката заедница во градот, која според него, броела 30 000 луѓе од кои 10 000 биле грчки државјани. Затоа било нормално, нагласил Романос, Грците во градот да не бидат рамнодушни кога во "нивната средина, во срцето на Македонија, се бара такво ракоположување"[101]. Тој исто така, како што можело да се очекува, ја негирал вмешаноста на неговата влада во настаните во Солун.

Вмешаноста на грчката влада во тоа што се случуваше во Солун многу брзо ќе се потврди и од некои чекори на официјална Атина. Грч-

---

[98] Driault et l'Heritier, Histoire diplomatique..., p. 488-489
[99] ДАРМ,м-452, Телеграм из Солуна, 6 новембра 1899, ПО, Ф-IV
[100] ДАРМ,м-452, Јовановић-Ђорђевићу, Атина, 2/14 новембра 1899, ПО, Ф- IV
[101] исто

ката влада многу брзо му дала инструкции на својот амбасадор во Цариград да направи чекори кај Портата и Патријаршијата со цел ракоположувањето на Фирмилијан да се изврши во Цариград наместо во Солун и истото му го соопштил на својот српски колега[102]. Фактички со овој потег официјална Атина јасно му ставила до знаење на Белград кој стои зад целата агитација против ракоположувањето на Фирмилијан во Солун. Потегот на Атина треба да се гледа во контекст на непотпишаниот договор за поделба на Македонија на интересни сфери. Едноставно Грција сакала да ја потсети Србија на своето влијание, но и на местото каде Белград треба да се обрати за подршка и покрај некои разлики со Патријаршијата. Така грчкиот министер за надворешни работи, Романос, во разговорот со српскиот пратеник во Атина јасно се искажал за непостоењето на обврска на атинската влада за подршка на ракоположувањето на Фирмилијан, бидејќи тоа не било побарано[103]. Нормално доколку биде побарано, тогаш и Атина сигурно имала свои барања за евентуалното давање на подршка. Грција како адут го имала нацрт-договорот, кој, Србите колку и да сакале да го избегнуваат, сепак делумно беше составен и со нивно учество. Грците започнале со тактичко менување на градовите во кои Фирмилијан можел да биде ракоположен. Маврокордатос сега го советувал својот српски колега, Новаковиќ, самиот чин на посветување на Фирмилијан да се изврши во Призрен или во Приштина[104]. Проблемот со ракоположувањето и понатаму ќе остане отворен, иако Србите биле спремни на некои отстапки[105].

---

[102] ДАРМ,м-452, Телеграм из Цариграда, 7 новембра 1899, ПО, Ф-IV

[103] ДАРМ,м-452, Јовановић-Ђорђевићу, Атина, 8/20 новембра 1899, ПО, Ф- IV

[104] ДАРМ,м-452, НоваковићЂорђевићу, Цариград, 15 новембра 1899, ПО, Ф- IV

[105] Војводиќ кога говори за целиот проблем со Фирмилијан постојано ја подвлекува расположеноста, на моменти и решеноста на патријархот Константинос да го изврши чинот на ракоположување, но на таквата можност се спротиставувала Портата заради можните грчки реакции, пред се на своите државјани од грчко потекло. (М. Војводић, Србија у међународним..., с. 265-266). Димески дава податок за можноста српската влада да го затвори конзулатот во Битола и го цитира тогашниот српски конзул во градот, Ристиќ- "Мене тогашниот српски министер за надворешни работи ми предочи затворање на овој конзулат како отстапка на Грците".(Д. Димески, Македонското..., с. 340, фус. 84). Се поставува едно прашање. Зошто Србија би го затворила битолскиот конзулат, како отстапка кон Грците, доколку патријархот бил спремен да го ракоположи Фирмилијан, кога при преговорите во Атина токму српската влада бараше подршка од Атина по прашањето на Фирмилијан? Во тој случај би морале да поверуваме во можноста грчката влада да врши постојан притисок врз Портата со цел оваа постојано да го одолговлекува ракоположувањето. За оваа можност немаме материјал со кој би ја потврдиле, но и

Атина не беше оптеретена само со српските аспирации во Македонија. Таа на секоја балканска земја гледаше како на можен конкурент во Македонија. Грците во овој период беа загрижени и од развојот на романската пропаганда во оваа османлиска област, сметајќи ја истата за многу штетна за грчкиот елемент[106]. Загриженоста на Атина од можноста романската пропаганда да добие силни позиции во Македонија, поточно помеѓу еден дел од македонското население не беше без причина. Имено, Романците можеа да добијат позиции само помеѓу влашкото население, а токму Власите, односно одредени, но не баш мали, делови на оваа етничка група беа големи приврзаници на грчката кауза и нејзини фанатични подржувачи. Доколку романската пропаганда успее да собере поголем број на свои приврзаници помеѓу македонските Власи, тогаш грчките интереси би биле сериозно загрозени од едноставна причина. Во тој случај значително би се намалил бројот на оние кои се изјаснувале како Грци, без разлика на нивното потекло. Токму тоа се случувало. Рускиот конзул во Битола, Ростковски оваа појава ја забележал и извонредно ја опишал во еден свој извештај, кога го забележува прогресот на романската пропаганда во влашките средини и покрај обидите на патријаршиските свештеници, грчкиот конзул и други влијателни дејци на грчката пропаганда да го докажат спротивното[107]. Посетата пак на еден руски генерал на бугарската армија оставила силен впечаток помеѓу Грците во Серес. Сигурно впечатокот бил сличен и во Атина со оглед на фактот што грчкиот конзул во градот му придавал голем значај на настанот[108]. Кон сето ова треба да се додаде и развојот на македонското ослободително движење кое во Атина беше сметано како бугарско и неавтохтоно.

Грчкиот амбасадор во османлиската престолнина, најверојатно, беше првиот грчки дипломат кој препорача употреба на сила во Македонија. Тој во еден свој извештај, од 30 јануари 1900 година, на својот претпоставен, министерот Романос, му укажал на неспособноста на осман-

---

прашање е колку Атина беше во можност да изврши силен дипломатски притисок врз Цариград. Поверојатно е патријархот Константинос да играл дволична улога. Едно да говори пред Новаковиќ, а друго да прави.

[106] ДАРМ,м-178, Avarna-il minisro degli affari esteri, Atene, 28 settembre/10 ottobre 1899, ASMAE

[107] С. Дракул, Македонија меѓу..., док. 4, Битола, 28 јануари 1899, с. 146

[108] ДАРМ,м-451, Аврамовиќ-Ѓорѓевиќу, Серес, 29 октобра 1899, ПО, Ф-VI

лиските власти да се справат со настаните во Македонија и делувањето на четите и како заклучок препорачува да се одговори со сила на како што тој смета, бугарските дрскости[109]. Атинската влада во овој период не беше расположена за испраќање на вооружени чети во Македонија со оглед на искуството од 1896/97 година и настојувањето да се доближи до Портата како шанса за заштита на своите интереси, но затоа презеде други чекори. Таа се обиде да игра решавачка улога во наименувањето на некои патријаршиски митрополити во Македонија и во тоа успеа. Случајот на Германос Каравангелис е најдобар пример. По смртта на костурскиот митрополит неговото место извесен период останало испразнето. Митрополитското место му било понудено на Каравангелис, кој првично, според неговото кажување, одбивал да ја прифати понудата[110]. Во насока на убедување на Каравангелис да стане костурски митрополит се нафатил и грчкиот амбасадор во Цариград. Тој на Каравангелис, во краткиот разговор, меѓу другото, му рекол: "Бугарскиот комитет опустошува се и таму треба да оди свештеник достоен на својата мисија. Тоа е и волја на владата"[111]. Каравангелис после разговорот со Маврокордатос се согласил да стане костурски митрополит. Неговиот избор не беше случаен. Тој, како и многу свештеници на Патријаршијата, беше голем приврзаник на грчката кауза. Меѓутоа се работеше за една многу итра, образована и безкрупулозна личност, подготвена на се, само за да ја оствари својата цел[112]. Токму таква личност и беше потребна на грчката пропаганда во Костурско. Откако ја проучил состојбата, Каравангелис заминал за Битола каде се сретнал со тамошниот грчки конзул, Пезас[113]. Грчкиот конзул го посоветувал да направи извештај до владата. Каравангелис тоа го сторил, но и самиот признава без никаков ефект. Атинската влада не испратила одговор на неговото писмо, во кое тој барал грчки сили за борба на теренот. Може да се забележи дека ставот на костурскиот митрополит се поклопува со оној на Маврокордатос. Официјална Атина, пак, со недавањето на одговор на

---

[109] Κ. Σβολοπουλος, Η αποφαση για την οργανοση του ενοπλου αγωνα, Ο μακεδονικου..., σ. 53
[110] Германос Каравангелис, Македонската борба, Скопје, 2000, с. 13
[111] исто
[112] Брејлсфорд говорејќи за карактерот на Каравангелис го споредува истиот со Борџија.(Хенри Ноел Брејлсфорд, Македонија. Нејзините народи и нејзината иднина, Скопје, 2002, с. 264)

писмото на Каравангелис покажала дека не се согласува со неговиот предлог. Причините беа исти, како и по предлогот на Мавркордатос.

Прашањето на ракоположувањето на Фирмилијан продолжуваше да биде актуелно и во првата половина на 1900 година. Српската влада во февруари 1900 година решила да го укине конзулатот во Серес, "сметајќи со тоа да и даде доказ на грчката влада за обзирите што ги има спрема нејзините желби и барања и дека е готова да го продолжи преговорите во врска со спогодбеното држење и работа во Македонија, штом се реши прашањето на скопскиот митрополит Фирмилијан"[114]. Тоа бил ставот на официјален Белград, кој на грчкиот министер за надворешни работи му го соопштил српскиот пратеник во Атина. Грците не биле импресионирани од српскиот потег. Атинската влада прашањето за затворање на конзулатот во Серес го сметаше за нормална работа. Затоа грчкиот министер за надворешни работи, доста зајадливо, констатирал дека затворањето на конзулатот во споменатиот македонски град не е вистински доказ за добрата волја на Србија, која го укинала бидејќи неговото издржување било доста скапо со оглед на фактот што во тамошните српски училишта има само пет до шест ученици и дошла до сознание дека било подобро да отвори конзулат на некое друго место[115]. Доколку сака Србија да докаже добра волја тогаш, рекол Романос, треба да го затвори конзулатот во Солун, а Грција тогаш би ја помогнала српската работа во Северна Македонија. Тој, во врска со прашањето на Фирмилијан, му го повторил противењето на Атина чинот на ракоположување да се оствари во Солун, а како солуција му понудил избор на друг град или пак процесот да биде одложен за извесен период[116]. Српскиот пратеник разбрал дека нема ништо од обидот да се реши прашањето на Фирмилијан со убедување на Атина. Исто така увидел непостоење на спремност кај Грците за продолжување на разговорите околу Македонија. Скоро истовремено и грчкиот дипломатски претставник во Белград, бил информиран од српскиот премиер за претераноста на грчките барања во Македонија,

---

[113] Г, Каравангелис, Македонската..., с. 15
[114] И. Катарџиев, Серскиот округ..., с. 99
[115] М. Војводић, Србија у међународним..., с. 267
[116] исто

посебно во нацрт-договорот[117]. Така веќе можеме да констатираме неуспешно завршување на преговорите помеѓу Грција и Србија за поделба на Македонија на интересни сфери, а резултатот бил ист како и во претходниот период, односно негативен. Едноставно, мислењето за постоење на заеднички интерес и противник во Македонија не беше доволно за постигнување на цврст договор за заедничко делување во Македонија и уште повеќе за поделба на областа на интересни сфери.

Повеќе пати ја напоменавме се поголемата оптеретеност на грчката јавност со настаните во Македонија. Голема улога во информирање и создавањето на сликата за Македонија и тоа што се случуваше таму, имаше грчкиот печат. Тука се објавуваше една статија по друга во однос на Македонија[118]. Во Грција во 1900 година илегувале 159 публикации за различни теми и области, од кои 1/3 во Атина, а 2/3 во другите поголеми градови. Сепак центар на грчкото новинарство беше престолнината. Тогаш во грчкиот главен град излегувале 15 дневни весници, а вкупниот број на политичките часописи и весници бил 91[119]. Токму овој релативно голем број на весници, овозможувал различни информации во однос на Македонија. Сепак, треба да се напомене дека дистибуцијата на грчките весници беше забранета на османлиска територија[120], заради улогата на истите во настаните од 1896/97 година. Големиот број на информативни средства овозможувал, покрај подршката, и место за критика на грчката влада, заради нејзиното, наводно, млако однесување по прашањето на Македонија[121]. Дел од весниците кои излегувале, секојдневно или периодично, биле под влијание или пак во сопственост на разните националистички организации. На некој начин тоа било поволно за грчката влада, бидејќи зборовите кои таа не смеела да ги употреби, ги користеле новинарите на овие весници. Така, на 25 март 1900 година, по повод грчкиот национален празник, во периодичното списание "Елинизмос" беше објавена статија во која се најавуваше , според грчките видувања, ослободување на Македо-

[117] Driault et l'Heritier, Histoire diplomatique..., p. 483
[118] K. Vakalopoulos, Mopdern history..., p. 220
[119] ДАРМ, фонд: Јован Јовановиќ Пижон, сиг, 1.17.1.16/92-93, Јовичиќ-Ђорђевиќу, Атина 5 маја 1900, пов. 33
[120] исто

нија[122]. Меѓутоа, не може да се прифати ставот на некои грчки историчари во поглед на делувањето на разните силогоси и други организации, кои не беа под директна контрола на владата. Имено, според овие мислења да не била преземена грижата за Македонија од страна на приватната иницијатива тогаш оваа област би била заборавена[123]. Врз досега изнесеното можеме да констатираме голема заинтересираност на грчката влада за тоа што се случувало во Македонија и по поразот од 1897 година, а доколку јавно не биле давани силни изјави за Македонија од страна на владини претставници, тогаш причината треба да се бара во променетиот пристап на атинската влада која настојуваше да се приближи кон Портата. Доказ за тоа се контактите и разговорите на грчките министри со странските амбасадори во Атина, кога една од најчестите теми беше Македонија[124].

Настаните кои се случуваа во и околу Македонија во август 1900 година дадоа поволна шанса на Грција да се приближи кон Романија. Имено во Букурешт, по нарачка на Сарафов, беше убиен уредникот на весникот "Peninsula Balkanika", Михајлеану. Убиството предизвика големо затегнување во односите на Букурешт со Софија. Затегнувањето на романско-бугарските односи беше следено со голем интерес во Грција. Јавноста и владата во Грција, како што истакнува францускиот амбасадор во Атина, беа на страна на Романците[125]. Во атинскиот печат, очекувано, беше посветено големо внимание на убиството во романската престолнина, а истото беше шанса за пишување на написи во кои ситуацијата во Македонија ќе се претставеше на начин, кој е во полза на грчките интереси. Атинскиот весник на француски јазик "Messager d'Athenes" во броевите од 14 и 24 август 1900 година објави статии во кои се осудува убиството во Букурешт, се напаѓа бугарската влада како поттикнувач на настаните во Македонија и се потсетува на делувањето на комитетите против грчките

---

[121] Битоски тврди дека грчките средства за информирање. всушност, го изразувале ставот на грчката влада за Македонија. (K. Bitoski, The attitude..., p. 231)

[122] Driault et l'Heritier, Histoire diplomatique..., p. 473

[123] Ова мислење на Влахос го прифаќа и К. Вакалопулос. (K. Vakalopoulos, MOdern history..., p. 180)

[124] ДАРМ,м-182, d'Ormeson-Delcasse, Athenes, 3 mai 1900, AMAE, Turquie, PI, Macedoine, IV, f. 47

[125] ДАРМ,м-182, Muornard-Delcasse, Athenes, 23 aout 1900, AMAE, Turquie, PI, Macedoine, IV

интереси[126]. Всушност, написите во овој весник повеќе беа наменети за амбасадорите на европските сили во Атина со цел истите да бидат потсетени на грчките ставови и интереси. Грчкиот министер за надворешни работи, во разговорот со британскиот амбасадор во Атина, изразил надеж за успех на романската акција со цел да се покаже "бескрупулозноста на бугарската пропаганда и комитети, кои се подржани од владата во Софија"[127]. Овој настан постепено доведува до приближување на Атина и Букурешт, а во таа насока се искажал и грчкиот крал при приемот на романскиот амбасадор, Нану[128]. Приближувањето на Грција и Романија беше логично со оглед на недоразбирањата кои двете држави ги имаа со Бугарија. Атина имаше интерес во овој период од приближување кон Букурешт, бидејќи на тој начин можеше да се обиде да ја канализира романската пропаганда во Македонија, која реално можеше да и одземе голем дел од влашкото население во оваа област, а со тоа и да се намали бројот на оние кои беа сметани за Грци[129]. Исто така, со можното регулирање на односите со Романците, Атина можеше да се надева на еден фронт помалку во Македонија.

Грчките ставови и позиции околу Македонија не даваа простор за некое послободно делување на МРО во Атина, која имаше потреба од набавка на оружје. Меѓутоа тоа нема да значи дека некои дејци на организацијата нема да се обидат да створат канали за набавка и префрлање на оружје од Грција во Македонија. Во октомври 1900 година во Грција, по налог на Сарафов, а во согласност со Г. Делчев и Ѓ. Петров, пристигнал Чакаларов[130], кој требаше да ја заврши задачата на Манол Розов[131]. Тој релативно брзо со помош на претставникот на МРО во Атина, Лазар

---

[126] ДАРМ,м-182, Muornard-Delcasse, Athenes, 28 aout 1900, AMAE, Turquie, PI, Macedoine, IV

[127] ДАРМ,м-331, Stronge-Salisbury, Athens, 30 august 1900, FO 32/721

[128] Constantin Velichi, Les relations roumano-grecques pendant la periode 1879-1911, Revue des etudes sud est Europeenes, t. VII, ń.3, Bucarest, 1969, p. 530

[129] Во однос на важноста на влашкиот елемент за грчките претензии, Брејлсфорд напишал:"...без нив Грците би претставувале жална бројка: северно од Костур нема ниту едно грчко село, а само Власите се тие што на елинизмот му даваат цврста подлога. Повлечети ги од нивниот грчки сојуз и -Грција мора да исчезне од Македонија".(Х. Н. Брејслфорд, Македонија..., с. 256)

[130] Д. Димески, Македонското..., с. 388; Спомени на С. Арсов, П. Кљашев, Л. Церов, Ѓ. П. Христов, А. Андреев, Г. Папанчев, Л. Димитров, Скопје, 1997, с. 177

[131] Розов не успеал да воспостави канал за набавка на оружје поради неговото непознавање на грчкиот јазик. (Д. Димески, Македонското..., с. 387)

Киселинчев[132], успеал да воспостави канал за набавка на оружје[133]. Од голема помош во неговата мисија му послужило знаењето на албанскиот јазик, бидејќи на тој начин успеал да ги наведе браќата Малциниотис да поверуваат дека оружјето било наменето за Албанците, а не за МРО[134]. Самиот факт што Чакаларов морал да се претстави како Албанец од Јанина говори не само за тешката задача која ја имал, туку уште повеќе за расположението на Грците кон тоа што се случувало во Македонија.

Грчките политичари воопшто не ја криеле својата, условно кажано, проосманлиска расположеност. Министерот за надворешни работи, Романос, во октомври 1900 година во едно писмо до Маврокордатос, меѓу другото ја нагласил потребата од соработка со Османлиите и давање меѓусебна помош заради воспоставување на редот[135], мислејќи на Македонија. Неговиот претпоставен, грчкиот премиер Теотокис, пак, во еден разговор со францускиот амбасадор во Атина, Д'Ормесон, ја потенцирал заинтересираноста на неговата влада за добри односи со Портата, при што во однос на Македонија тој ја истакнал, како што се изразил, примораноста на Грција да ги подржува османлиските акции за смирување на состојбите зошто на тој начин се штителе и Грците во Македонија од, според него, бугарските насилства[136]. Нема никакво сомнение во увереноста на Атина дека со проосманлиското држење ќе се заштителе не само интересите на османлиските Грци, туку воопшто грчките интереси, но многу брзо оваа политичка ориентација на Грција ќе биде предмет на презир, не само на Балканот, туку и во Европа.

Тензиите во грчкиот политички живот околу Македонија беа толку големи што секој инцидент во оваа османлиска област можеше да биде причина за жестоки реакции, кои не ретко се префрлаа и на седниците на грчкиот Парламент. Така беше и при ранувањето на Ангелакис Саке-

---

[132] Киселинчев пристигнал во грчката престолнина во јуни 1899 година. (ДАРМ,м-4297, фонд: Бугарско трговско агентство во Битола, Греков-Михайлов, София, 7 юли 1899, ф. 331, о-1, ае-9)

[133] Д. Димески, Македонското..., с. 388

[134] Спомени на ...П. Кљашев, с. 177

[135] Μακεδονια, 4000 χρονια..., σ. 556, φ. 80

[136] ДАРМ,м-182, d'Ormeson-Delcasse, Athenes, 10 december 1900, AMAE, Turquie, PI, Macedoine, IV, f. 120

лариос во Гуменџе[137]. Сакелариос беше грчки државјанин роден во Грција во областа Атика и лекар по професија. Тој, како што забележал францускиот амбасадор во Атина, претставуваше на некој начин столб на елинизмот во овој дел од Македонија[138]. Меѓутоа, тој поголемиот дел од своите активности ги насочил во следење на активностите на Егзархијата и МРО во областите околу Гуменџе[139]. Со своето делување и однесување тој не можел да не го предизвика прво интересот, а потоа и одговорот на МРО. Во моментите кога во Македонија интересите на МРО, за автономна Македонија, и оние на Грците, за припојување на голем дел од Македонија кон Грција, беа премногу далечни и неспоиви, не беше неочекувано дека однесувањето на Сакелариос ќе предизвика реакција на Организацијата. Тој првично беше предупреден да го напушти градот, но тој одби да го послуша барањето на Организацијата. Како резултат на одбивањето, тројца атентатори по наредба на војводата Апостол Петков Терзиев во декември извршија атентат врз грчкиот лекар, кој успеа да го преживее, иако бил тешко ранет. Грчкиот конзул во Солун, Евгенијадис, по првите вести за атентатот заминал за Гуменџе, носејќи хирург со себа, а според еден француски извештај бил прилично вознемирен[140]. Самата негова вознемиреност покажува за колку важна личност бил сметан Сакелариос. Реакциите во Грција само го надополнуваат констатираното. Еден пратеник во грчкиот парламент, мотивиран од атентатот, на седницата од 8 декември и поставил прашање на владата што презема за спречување на убиствата на Грците во̀ Македонија[141]. Грчкиот премиер, најавил дека конзулите во Османлиската држава имаат инструкции во насока на заштита на Грците, но не се чувствува обврзан подетално да говори за активностите на неговата влада. Меѓотоа, во парламентот и во следните денови беа поставувани прашања во врска со атентатот врз Сакелариос. Така пратеникот Драгумис поднел интерпелација до владата во однос на

---

[137] На овој случај ќе му посветиме поголемо внимание, бидејќи реакциите во Грција по повод атентатот врз Сакелариос беа многу жестоки и предмет на парламентарни расправи и дипломатски ноти.

[138] ДАРМ,м-182, d'Ormeson-Delcasse, Athenes, 29 december 1900, AMAE, Turquie, PI, Macedoine, IV, f. 214

[139] К. Битоски, Апостол..., с. 27-28

[140] ДАРМ,м-182, -Delcasse, Salonique, 12 decembre 1900, Turquie, PI, Macedoine, IV

[141] ДАРМ,м-331, Egerton-Lansdowne, Athens, 10 december 1900. FO 32/721

настанот, потсетувајќи ја истата да употреби посилни средства, бидејќи доближувањето до Портата не е доволно само по себе за заштита на грчките интереси[142]. Атинската влада од своја страна не седеше со скрстени раце. Таа, врз база на информациите кои ги добила од Евгенијадис, конзулот во Солун, упатила протест до Портата во која барала откривање и казнување на виновниците[143]. Исто така атентатот врз Сакелариос беше и тема на разговори на грчките официјални претставници со амбасадорите на европските сили. Сакелариос ќе преживее и ќе се врати во Атина, каде ќе продолжи со своите активности со давање совети и идеи за делување на грчката пропаганда во Македонија. Целиот шум кој се подигнал после атентатот најдобро го отсликува расположението на грчкото општество за тоа што се случува во Македонија. Во Грција, во тие моменти, едноставно немало простор за подруго мислење. МРО превземаше слични акции и против други приврзаници на Патријаршијата кои работеа против интересите на Организацијата. Така, на 27 септември 1900 година бил убиен попот од село Неред, Константин Зиси, Албанец по потекло[144]. Тој бил приврзаник на Големата идеја и османлиски колаборационист. Едноставно МРО се бореше за контрола на теренот, а личноститете како Зиси ја оневозможуваа истата.

Настаните во Македонија со тек на времето бараа силна личност на чело на Патријаршијата, која би била кадарна да ги штити грчките интереси. Затоа владата во Атина на чело со премиерот Теотокис презела иницијатива со цел да го охрабри поранешниот Патријарх Јоаким III, кој се повлекол на Света Гора, после оставката во 1884 година, да се врати на екуменскиот трон[145]. Самата идеја на грчката влада несомнено претставува рехабилитација на Јоаким и негација на сомнежите во неговата приврзаност кон грчките интереси, без разлика што тој не искажувал целосна аверзија кон правата на другите православни народи во Османлиската држава, секако доколку не биле на штета на грчките интереси. Задачата за предавање на пораката од Атина до Јоаким ја добил грчкиот амбасадор во

---

[142] ДАРМ,м-177, Avarna-il ministro degli affari esteri, Atene, 18 decembre 1900, ASMAE
[143] исто
[144] Д. Димески, Македонското...,с. 385
[145] E. Kofos, Attempts..., p. 365

Цариград, Маврокордатос. Тој во ноември 1900 година заминал за Света Гора со цел да се сретне со поранешниот Патријарх, но и да провери какви се односите со руските монаси[146]. Во разговорот со грчкиот дипломат, Јоаким се согласил атинската влада да го има водечкиот збор во однос на националното прашање, нешто што тој и на почетокот на осумдесеттите години на XIX век не го негираше, но според него исто така била потребна и поблиска соработка со другите балкански народи, бидејќи нивните меѓусебни кавги им служеле само на Османлиите и затоа како неопходност треба да дојде до укинување на шизмата[147]. Размислувањата на Јоаким не биле нови, но кога истите стигнале во Атина предизвикале реакција на круговите кои сметале дека не може да има никаков компромис на тој план. Поранешниот министер за култура, А. Ефтаксиос, во својата студија "Бугарската шизма" едноставно го изразил преовладувачкото мислење во Грција. Според Ефтаксиос, шизмата им конвенирала на грчките интереси зошто ги храбри Грците и Патријаршијата да издржат "во борбата со бугарските напади во Македонија"[148]. Сепак и тој смета дека може да дојде до подигнување на шизмата, но под одредени услови меѓу кои се: Бугарите да го напуштат расизмот во црковните работи и да потврдат дека егзархот може да биде религиозен лидер на Бугарите во кнежевството; Бугарите да се откажат од црковните барања во Тракија и Македонија; во мешаните региони на Тракија и Македонија, Патријаршијата ќе наименува владици кои ги говорат двата јазика, но по националност се Грци; јазичната демаркациона линија за литургијата би можела да биде повлечена според , како што истакнува Ефтаксиос, старата јазична линија Неврокоп-Мелник-Струмица-Стоби-Битола-Охрид[149]. Условите на поранешниот грчки министер за култура не содржат ништо што во претходниот период грчките кругови го немаат споменато како можност или услов за подигање на шизмата, како и за договор на политички план. Идеите на Јоаким не можеле да најдат простор, но тој следната 1901 година повторно ќе застане на

[146] ДАРМ,м-177, Salonico, 8 novembre 1900, ASMAE
[147] E. Kofos, Attempts..., p. 365
[148] исто
[149] исто

чело на Патријаршијата и ќе биде претпоставен на еден Каравангелис на пример.

Маврокордатос, кога го посетил Јоаким на Света Гора всушност бил во една обиколка на Македонија[150], со цел да ја разгледа тамошната ситуација и да добие информации од прва рака. Врз база на тоа што го видел и слушнал, Маврокордатос му предложил на Грипарис, кој некаде во тоа време ќе стане негова замена на амбасадорското место, да биде побарана подршка од османлиската влада за подобрување на позициите на елинизмот. Тој се заложил за давање на инструкции на грчките конзули во Македонија со цел истите да им дадат подршка на локалните османлиски власти. Неговите предлози ќе бидат прифатени од владата на Теотокис и Грипарис ќе добие инструкции во таа насока[151]. Новиот грчки пратеник во Цариград предлозите му ги пренел на султанот, кој истите наводно ги сфатил како предлог за сојуз. Османлиите во тоа време постепено започнуваат да покажуваат знаци за поблиски и пред се потопли односи со Атина. Тогаш во грчката престолнина, според информации на британскиот амбасадор, се слушале гласови за можност од грчко-османлиски сојуз заради се поголемиот број на убиства на Грци во Македонија[152]. Освен гласините за можниот грчко-османлиски сојуз, во Атина се распространиле гласини и за можен троен грчко-романско-османлиски сојуз, бидејќи, како што забележал српскиот пратеник во Атина, трите држави во последно време станале многу пријателски и имале заеднички интерес за задржување на статусквo состојбата во Македонија[153]. Гласините се покажале за неточни, но вистина било меѓусебното приближување на овие три држави, кои имале интерес да не дојде до нарушување на односите на Балканот. Грците тоа го посакувале, бидејќи се уште не биле подготвени за било каква акција.

Грчката дипломатија презела чекори и пред големите сили со цел да повлијае овие да ги прифатат нејзините ставови за тоа што се случувало во Македонија. Грчкиот пратеник во Лондон, Метаксас, го посетил британ-

---

[150] ДАРМ,м-331, Egerton-Lansdowne, Athens, 10 december, 1900, FO 32/721
[151] исто
[152] ДАРМ,м-178, Avarna-il ministro degli affari esteri, Atene, 7/20 decembre 1900, ASMAE
[153] ДАРМ,м-453, Бошковић-Јовановићу, Атина, 24 децембра 1900, ПО, Ф-IV

скиот Форин Офис со цел да укаже на потребата од поголемо внимание во однос на настаните во Македонија, каде, според него, Грците многу страдале и биле убивани, а тоа посебно се однесувало на лекарите[154]. Во слична мисија грчкиот амбасадор во Париз, Делијанис, го посетил француското министерство за надворешни работи со цел да го пренесе барањето на Атина за спречување на нападите врз нејзините државјани, но и врз османлиските Грци во Македонија[155]. Всушност посетите на Метаксас на Форин Офисот и на Делијанис на француското министерство за надворешни работи беа со цел да го изразат протестот, што атинската влада на 31 декември 1900 година го испрати до големите сили и во кој негодува заради незаинтересираноста на европската дипломатија за, како што било нагласено, неделата кои се прават во Македонија[156]. Однесувањето на грчката влада покажува дека во Атина веќе постои чувство на осаменост, изолираност и напуштеност, посебно од страна на Лондон и Париз, но тоа нема да биде доволно за да доведе до нов правец во надворешната политика. Напротив, приближувањето кон Цариград ќе стане приоритет на неколку грчки влади во периодот што следи.

Загриженоста на Атина во однос на Македонија, на крајот од 1900 и почетокот на 1901 година, не беше само заради настаните што се случуваа во областа, туку и околу неа. Имено на почетокот на 1901 година во грчката престолнина со големо внимание и загриженост се следела посетата на бугарскиот кнез Фердинанд на Србија[157]. Грчкиот крал не ја криел својата изненаденост од посетата во разговорот со српскиот претставник во Атина. Сепак, малку посмирувачки тонови за атинските владини кругови испраќале грчките дипломатски претставници од Белград и Софија кои ја нагласувале преголемата недоверба помеѓу двете земји за да се постигне нешто што би ги загрозувало грчките интереси, посебно не може да биде постигната спогодба за поделба на Македонија на интересни сфери, заради преголемите апетити на двете страни [158]. Нивните процени биле

---

[154] ДАРМ,м-331, Foreign Office, без датум, FO 32/721
[155] ДАРМ,м-182, Paris, 9 janvier 1901, AMAE, Turquie, PI, Macedoine, V, f.4-5
[156]Κλεανθους Νικολαιδου, Ιστορια του ελληνισμου με κεντρου και βασιν την Μακεδονια, Αθηναις, 1923, σ. 531
[157] ДАРМ,м-453, Бошковић-Јовановићу, Атина, 4 јануара 1901, ПО, Ф-IV
[158] исто

точни. Сепак Грците имаа и решение за српските аспирации. Грчкиот амбасадор во Цариград и понатаму го советуваше Патријархот да внимава на ракоположувањето на Фирмилијан во Скопје, заради можните негативни реакции и незадоволство на грчката влада[159].

Владата во Атина, која постојано беше загрижена за Македонија, повторно не одговорила на повикот на Каравангелис, испратен после Божиќ преку грчкиот битолски конзул, за помош во луѓе и оружје[160]. Односот на грчката влада го принудило Каравангелис, како што самиот признава, да започне да пишува по атинските весници со нагласок дека "земјата се словенизира и ќе стане варварска"[161]. Пишувањата на Каравангелис не биле ништо ново во атинските весници во тоа време. Новинарите во Грција, како и нивните колеги во балканските држави, и најмалата гласина ја користеле за пополнување на страниците на своите весници со опасностите, во овој случај, по елинизмот во Македонија. Така "Неологос" објавил некои поединости од наводната спогодба помеѓу Србија, Бугарија и Црна Гора со која за Македонија се бара статус и управа како онаа во Источна Румелија, а во случај на востание сојузничките сили би ја зазеле наведената област и би ги повикале силите кои го потпишале берлинскиот договор да ги направат потребните реформи[162].

Грчката влада покрај перманетно изразената загриженост за состојбите во Македонија, кон крајот на јануари 1901 година, имаше причина за задоволство од акцијата на османлиските власти во Солун, кога била извршена солунската провала. Атина не го криела своето задоволство од успехот на османлиските власти, а уште повеќе од информацијата за одобрувањето на францускиот, рускиот, британскиот и германскиот амбасадори во Цариград на османлиските акции[163]. Вестите за настаните во Солун извесен период ќе бидат топ тема на грчките весници[164], кои малку подоцна отворено ќе го искажуваат своето задоволство и ќе ја фалат правичноста на османлиските судови по повод изречените казни во врска со

---

[159] Κ. Βακαλοπουλος, Η Μακεδονια..., σ. 240
[160] Каравангелис, Македонската ..., с. 19
[161] исто
[162] ДАРМ,м-453, Бошковиќ-Јовановиќу, Атина, 26 јануара 1901, ПО, Ф-IV
[163] ДАРМ,м-453, Бошковиќ-Јовановиќу, Атина, 10 февруара 1901, ПО, Ф-IV
[164] ДАРМ,м-453, Бошковиќ-Миловановиќу, Атина, 23 февруара 1901, ПО, Ф-IV

провалата[165]. Немаше причина Атина да не биде задоволна со последните потези на османлиската влада, со која пак повторно имале несогласувања околу Крит. Имено, тогаш многумина во Атина помислиле дека може да дојде до анексија на островот, кој реално гледано, само формално беше во османлиски раце. Причина за помислата за можна анексија на Крит биле гласините за наводната британска подготвеност да ја подржи истата. Многу брзо надежите ќе спласнат, со исто така наводното руско противење на британската подршка, заради стравување од можна австро-унгарска анексија на Босна и Херцеговина[166]. Многу појасна порака во Атина ќе биде испратена во текот на март кога ќе стане јасно дека големите сили воопшто не биле расположени за било каква анексија. Едноставно автономијата, во моментот, е доволна за островот.

Задоволството на Атина со новиот развој на настанинте во Македонија беше само делумно. Додека во солунскиот вилает работите се одвиваа во посакуваниот правец за Атина, а на штета на МРО, во Битолскиот вилает ситуацијата беше сосема подруга[167]. Засиленото вооружување во Леринско, вклучувајќи ги и патријаршистите, силно го тревожело грчкиот конзул во Битола. Затоа, на 20 февруари 1901 година, Пезас го испратил својот помошник драгоман во Лерин за да "ги советува селаните да не примаат оружје, да внимаваат што работат за да не би изгореле"[168]. Потегот на Пезас не дал никакви резултати. По повод случувањата во Леринско, грчкиот конзул го посетил бугарскиот трговски агент со цел да го информира за делувањето на војводата Марко Леринski, кој според неговите зборови ги посетувал и егзархиските и патријаршиските села, говорејќи им на селаните дека било време да се земе оружје в рака за да се ослободат, при што нагласувал дека во таа борба очекувале помош од другите балкански држави, вклучително и Грција, но и од Русија. Пезас

---

[165] ДАРМ,м-453, Бошковиќ-Вујиќу, Атина, 23 марта 1901, ПО, Ф-IV

[166] М. Војводиќ, Србија у међународним..., с. 351

[167] Романос во разговорот со францускиот амбасадор во Атина, врз база на извештаите на грчките конзули од теренот, нагласил дека Османлиите имаат доволно сили во областите околу Солун и крајбрежјето, но во битолскиот вилает тоа не било случај. (ДАРМ,м-182, d'Ormesson-Delcasse, Athenes, 2 mars 1901, AMAE, Turquie, PI, Macedoine, V,f. 94); во слична насока известува и италијанскиот амбасадор од грчката престолнина. (ДАРМ,м-LIX/708, Avarna-il ministro degli affari esteri, Atena, 15/28 febbraio 1901, ASMAE)

[168] Д. Димески, Македонското..., с. 341-342

побарал од Михајлов да добие објаснувања од владата за целата работа[169]. Грчкиот дипломатски претставник во овој македонски град веќе, кај некои од своите колеги, имал негативен лик. Според неговиот српски колега, Ристиќ, Пезас се однесувал како османлиски полицаец кој непрекинато барал комити и чети, дури и таму каде што ги немало, коментирајќи го неговото однесување:"ова на некои не е човечко, христијанско, но е грчко"[170].

Грчко-османлиските односи, и покрај сите прикриени недоразбирања, особено околу Крит, продолжиле да се подобруваат. Најдобар пример за оваа констатација е потпишувањето на конзуларната конвенција помеѓу Атина и Цариград во април 1901 година[171]. Конвенцијата, покрај јурисдикцијата за грчките поданици во Османлиската држава, на Атина и донесе и укинување на диференцијали за одредени грчки производи. Самиот чин на склучување на конзуларната конвенција, како што можеше и да се очекува, беше поздравен во атинскиот печат, а некои весници започнале да пишуваат и за спогодба со Османлиската држава за некои прашања кои ги приближувале двете држави-како на пример бугарските аспирации во Македонија[172]. Во Атина веќе јавно се говорело за изразената благодарност на султанот до грчкиот амбасадор во Цариград за правилното и пријателско однесување на Грција во однос на Македонија[173]. Всушност однесувањето на Атина во однос на Македонија најдобро го објаснил грчкиот министер за надворешни работи во разговорот со српскиот пратеник во Атина. Романос јасно кажал каде лежи грчката кооперативност. Според него, Грција во моментот не била подготвена решението на македонското прашање да го гледа преку оружена борба и затоа сака со османлиската држва, но и со Србија, да го одржи статусквото во Македонија, не отфрлајќи ги реформите кои биле предвидени со берлинскиот договор[174]. Интересна е подготвеноста на Романос да се разгледаат и реформите предвидени со берлинскиот договор, бидејќи до

---

[169] ДАРМ,м-4297, фонд:Бугарско трговско агентство во Битола, Михайлов_Данев, Битоля, 26 февруари 1901, ф. 331, о-1, а.е.-9

[170] Д. Димески, Македонското..., с. 342

[171] Σ.Θ.Λασκαρι, Διπλοματικη ιστορια της Ελλαδος 1821–1914,Αθηνα, 1947, σ 204; Р.Пошлазаров, Грчката политика..., с. 32

[172] ДАРМ,м-453, Бошковиќ-Вујиќу, Атина, 24 марта 1901, ПО, Ф-IV, пов. 42

[173] исто

[174] ДАРМ,м-453, Бошковиќ-Вујиќу, Атина, 24 марта 1901, ПО, Ф-IV, пов. 55

тогаш, а и после грчката влада не гледаше со големи симпатии кон можноста да бидат спроведени реформи во Македонија.

Разговорите кои Атина ги водеше со Јоаким со цел овој повторно да стане Патријарх вродија со плод. Сепак тоа не значи нивна потполна согласност за одредени прашања. Јоаким напишал долг меморандум во кој силно ја критикувал политиката на грчката влада, после берлинскиот конгрес, за потчинување на црковните официјални претставници под туторство на грчките дипломатски претставници во Османлиската држава[175]. Атинската влада започнала да се сомнева во Јоаким, но при неговиот избор таа, сепак, се држела неутрално или поточно го одобрила неговиот избор[176], бидејќи таа беше иницијатор за неговота враќање на патријаршискиот престол. Од своја страна Јоаким, и покрај своите погледи за надминување на проблемите со другите балкански народи, покажал дека нема да оди против потезите на грчката влада, посебно кога е во прашање шизмата, иако одржувал добри односи со Русите[177], кои не биле многу омилени во Атина.

Грчката јавност кон крајот на април 1901 година беше преокупирана со најавената средба на кралот Георгиос со романскиот крал Карол, која требала да се одржи во Абација[178]. Мислењата во Атина и во Грција воопшто за оваа средба беа позитивни со оглед на поволниот развој на грчко-романските односи во последната година. Меѓутоа и оваа средба, пред се заради штурите информации за незјината подготовка, предизвикала бран на шпекулации и фантазии во грчкиот печат и во јавноста. Започнале да се прават комбинации за приближувањето помеѓу Грција и Романија, но и за потполна спогодба за македонското прашање, која би била вперена, како што се нагласувало, против бугарските барања во Македонија, но и против српските[179]. Токму последново предизвикало голем интерес кај српскиот пратеник во Атина. Освен за спогодба и приближување на Грција и Романија, некои грчки весници пишувале за сојуз помеѓу овие

---

[175] E. Kofos, Attempts..., p. 358, f. 25
[176] исто, с. 365
[177] исто
[178] денешна Опатија, Хрватска
[179] ДАРМ,м-453, Бошковиќ-Вујиќу, Атина, 21 априла 1901, ПО, Ф-IV, пов. 56

две земји кон кој требало да се приклучи и Османлиската држава[180]. Фантазијата на одредени листови во Атина одела до таму да се тврдело дека без Грција и Романија на Балканот повеќе немало да може да има било каква политичка промена[181]. Треба да се напомене дека зад организирањето на оваа средба на двајцата суверени стоеле Берлин и Виена, на чија територија беше и одржана средбата, со намера да се направи еден сојуз кој би можел да биде превентива за можните акции на словенските држави на Балканот, пред се кон османлиските земји, а за кои се сметало дека би ги подржала Русија. Србите се сомневале во таа можност и затоа нивниот дипломатски претставник во Атина постојано се интересирал за целите и можните резултати од средбата во Абација. Теотокис, кој го заменувал Романос, го уверувал Бошковиќ дека нема никакви тајни заклучоци или решенија. Според грчкиот премиер, Атина средбата ја искористила за културните прашања на Грците, кои живееле во Романија. Српскиот претставник не поверувал во објаснувањето на грчкиот функционер и во таа на сока во еден свој извештај запишал:"а не кажува и во Македонија, а тоа по мое мислење е сигурно"[182]. Сомнежите на Бошковиќ, колку и да се претерани, сепак биле засилени со написите во атинскиот печат, посебно во оние весници кои важеле за блиски до владата. Така во "Акрополис" во однос на грчко-српското зближување била нагласена грчката желба за договор, но Србите биле многу себични, затоа била поприродна спогодбата со Романија. Во провладиниот "Асти" се појавила статија во која се нагласува заедничкиот интерес за средбата во Абација, бидејќи станало јасно дека ниту Србија, ниту Бугарија не можеле да се ослободат од рускиот притисок и затоа Грција и Романија морале да најдат заеднички основи за спогодба која би ги "отфрлила опасностите што им се заканувааат од словенските поплави"[183].

Во Атина, како што видовме, се повеќе се говорело за наводно постигнат договор помеѓу Георгиос и Карол. Информациите оделе до таму што некои говореле дури и за постигнат договор за сојуз помеѓу двете

---

[180] ДАРМ,м-453, Бошковиќ-Вујиќу, Атина, 24 априла 1901, ПО, Ф-IV, пов. 57
[181] ДАРМ,м-453, Бошковиќ-Вујиќу, Атина, 1 маја 1901, ПО, Ф-IV, пов. 61
[182] ДАРМ,м-453, Бошковиќ-Вујиќу, Атина, 3 маја 1901, ПО, Ф-IV, пов. 63
[183] ДАРМ,м-453, Бошковиќ-Вујиќу, Атина, 10 маја 1901, ПО, Ф-IV, пов. 66

држави за "спречување на напредокот на славизмот во Македонија"[184], како и за наводно постигнатата согласност помеѓу двајцата монарси во случај на автономија на Македонија со христијански гувернер на чело, тој да биде грчки принц[185]. Меѓутоа оваа наводна согласнот повеќе личи на желба на одредени грчки кругови за повторување на критскиот рецепт по што припојувањето би бил само формалност и прашање на време. Едноставно многу информации, многу желби, но прашање е дали воопшто нешто било договорено во Абација, меѓу другото и за Македонија и дали бил постигнат некаков сојуз. Романос на средбата со романскиот амбасадор во Атина, Гика, истакнал дека атинската влада донела решение да им испрати инструкции на своите дипломатски преставници во османлиската држава да не им прават проблеми на романските училишта и цркви[186]. Сепак, доколку грчката влада решила да им испрати инструкции на своите конзули тоа не се должи на некаков договор или пак постигнат сојуз. Всушност не бил постигнат никаков договор за сојуз, ниту пак било каков договор за заедничко делување во Македонија. Целта на организаторите на средбата беше договор, но реално и покрај приближувањето на Атина и Букурешт во последната година, сепак меѓусебните разлики биле големи, посебно во Македонија. Впрочем и пред самото одржување на средбата дипломатските претставници на Франција и Русија во грчката престолнина, повеќе говореле како за средба од учтивост и без поголемо политичко значење[187]. Можеби нивните мислења биле премногу потценувачки во однос на средбата, но многу брзо ќе се покажат како вистинити. Како и да е грчко-романските односи ќе бидат многу подобри отколку во минатото.

Грците многу брзо ќе заборават на пишувањата на своите весници и ќе покажат знаци за подготвеност за соработка со Србите, што на некој начин доволно говори за резултатите од средбата во Абација. Одредени написи во атинскиот печат воделе во насока за приближување кон Србите. Во весникот "Асти", кој претходно објави доста жесток напис против

---

[184] ДАРМ,м-236, d'Ormesson-Delcasse, Athenes, 17 mai 1901, AMAE, Grece, VI
[185] ДАРМ,м-453, Бошковиќ-Вујиќу, Атина, 25 маја 1901, ПО, Ф-IV, пов. 75
[186] C. Velichi, Les relations..., p. 534
[187] ДАРМ,м-453, цит. док., Атина, 21 априла 1901, ПО, Ф-IV, пов. 56; исто, цит. док., Атина, 24 априла 1901, ПО, Ф-IV, пов. 57

Србите, сега се најавувала можноста Георгиос да ја посети Србија[188]. Најверојатно информацијата повеќе беше со цел да се испита теренот, отколку за вистинската намера на грчкиот монарх да ја посети српската престолнина. Исто така одредени чекори на грчките владини претставници покажувале спремност за приближување. Така Романос, изразил жалење за однесувањето на патријаршискиот митрополит во Битола Амвросиос кон Србите, правдајќи го истото со неговото протерување од Скопје[189] со цел да се ослободи местото за Фирмилијан. Многу брзо тој ќе ја изрази желбата и подготвеноста на неговата влада за спогодба со Србите, кои, како што се изразил, за негова жал мислеле дека можат нешто да направат во Цариград околу посветувањето на Фирмилијан без помош на Грција[190]. На тој начин грчкиот министер сакал да постигне две цели-да ја нагласи спремноста на својата влада за спогодба, која можела и порано да биде постигната доколку не биле српските противења и Србите да не очекуваат било каков успех во Цариград без помош на грчката влада. Тоа му било јасно на српскиот пратеник, кој пак имал инструкции од владата уште од јануари 1901 година да поведе преговори за договор со Грците. Меѓутоа, Србите не сакале да ги водат преговорите врз база на отстапките кои Миличевиќ ги направи 1899 година. Бошковиќ ќе се обиде да го убеди Романос во нецелисходноста на затворањето на српските конзулати и преместувањето на училиштата, бидејќи полза од тоа би имале само Бугарите[191].

Грчката влада, после поразот од 1897 година и востановувањето на финансиската комисија, ги намали донациите за разните грчки пропагандни организации во Османлиската држава. Намалувањето сепак не значеше и запоставување на помагањето на делувањето на пропагандните здруженија. Грчките конзули во Османлиската држава и понатаму беа тие кои ги пренесуваа донациите од Атина, било државни, било приватни, до пропагандните здруженија. Грчкиот конзул во Битола, Пезас, во јули 1901 година ја пренесе понудата до битолскиот патријаршиски митрополит од

---

[188] ДАРМ,м-453, Бошковиќ-Вујиќу, Атина, 15 маја 1901, ПО, Ф-IV
[189] ДАРМ,м-453, цит. док., Атина, 25 маја 1901, ПО, Ф-IV, пов. 75
[190] ДАРМ,м-453, Бошковиќ-Вујиќу, Атина, 26 маја 1901, ПО, Ф-IV, пов. 76
[191] М. Војводиќ, Србија у међународним..., с. 356

атинското друштво за ширење на грчката писменост[192] за помош за образување на учителски кадар. Исто така и Народната банка на Грција во јули 1901 година испратила извесна сума на парични средства до митрополитот Амвросиос[193].

Грчкиот конзул во Битола покрај помагањето на пропагандата, како што видовме, посветуваше внимание и на делувањето на МРО. Особено се интересираше за делувањето на Марко Леринѕки. Според еден извештај, Пезас се сретнал со извесен Павле од село Прелево, Костурско, при што му понудил 200 лири доколку тој заедно со Коте го убијат Марко[194]. Отпадникот од редовите на МРО, Коте, веќе беше целосно под влијание на Каравангелис, кој пак некаде во ова време успева да го ангажира и Караливанос, поранешен подофицер на грчката армија, кој морал да избега од Грција заради направено криминално дело[195], а во таа насока делувал и на османлиска територија. Караливанос станал познат по грабнувањето на богатиот Влав од Клисура, Симота. На тој начин постепено се формира јадрото на грчките вооружени групи во овој дел од Македонија, кои во овој период не можеле да се носат со оние на МРО, но тоа не значи дека не биле безопасни по Организацијата. Нивната сила ќе биде зголемена после Илинденското востание.

Односите на Грција со Османлиската држава и со Романија продолжувале да се развиваат во нагорна насока. Причината беа настаните во и околу Македонија. Позитивниот развој на односите помеѓу Атина и Цариград беше надополнет и со однесувањето на Грците во Македонија кои покажувале лојалност кон султанот[196]. Истовремено се одружвале и демонстации против "словенското делување"[197]во Османлиската држава со цел уште повеќе да се придобијат Османлиите. Една посета на група романски

---

[192] Во писмото од ова здружение стои името на силогос за ширење на грчката писменост, но веќе видовме дека истото беше укинато од страна на атинската влада во 1886 година и заменето со Комитетот за помош на црквата и обрзвованието. Не располагаме со податоци дали ова здружение е повторно обновено од страна на атинската влада, од страна на некоја приватна иницијатива или пак станува збор за грешка во текстот. (ДАРМ, фонд: Грчка пелагониска митрополија (ГПМ), книга 40, Πεζας –Αμβροσιω, Μοναστιριου, 15 ιουλιου 1901, α. 546)

[193] ДАРМ, фонд: ГПМ, кн. 40, Πεζας–Αμβροσιω, Μοναστιριου, 18 ιουλιου 1901, α. 583

[194] ДАРМ,м-4297, фонд: БТАБ, -Гешов, Битоля, 8 септември 1901, ф. 331, о1, а.е. 9

[195] Каравнгелис, Македонската..., с. 41

[196] ДАРМ,м-453, Бошковиħ-Вујиħу, Атина, 10 августа 1901, ПО, Ф-IV, пов. 112

[197] ДАРМ,м-331, Stronge-Lansedowne, Athens, 21 september 1901, FO 32/729

студенти на грчката престолнина предизвикала голем интерес на атинската јавност. Настаните во Македонија, едноставно, го направија тоа што пред 1896 година не можеше никој да го претпостави. Добри односи и со Цариград и со Букурешт. Колку беа подобрени грчко-османлиските односи ни сведочи и посетата на една грчка воена ескадра на Света Гора и на Измир[198]. Меѓутоа за да нема забуна, османлиските власти јасно и ставиле до знаење на Атина дека посетата на оваа ескадра на Солун ќе биде сметана како провокација. Тоа било знак дека настаните од 1896/97 година, но и грчките аспирации кон овој дел од Османлиската држава не се заборавени.

Србите подолг период биле многу заинтересирани за спогодба со Грците. Главната причина лежеше во неможноста Фирмилијан да биде ракоположен, а без тоа неговото именување за скопски митрополит беше само формално. Белград со право се сомневаше на делувањето на Атина, иако грчките претставници, како на пример амбасадорот во Цариград, секогаш ја негирале вмешаноста на својата влада во целиот проблем[199]. Сепак сосема подруго говореле некои патријаршиски великодостојници. Така, гевгелискиот архимандрит Агатангел изјавил дека Патријархот може да наредува што сака, но Грците во Солун ќе слушаат тоа што ќе нареди грчкиот конзул во градот[200]. Српскиот пратеник во Атина во октомври 1901 година се обидел да го покрене прашањето за спогодба околу црквата и просветата во Македонија, но грчкиот премиер Теотокис, кој бил расположен за преговори, не сакал истите да ги започне пред враќањето на грчкиот крал во земјата[201]. Одговорот на грчкиот премиер не значи и одбивање на предлогот. Скоро во исто време беше постигната една спогодба помеѓу Србите и Грците на локално ниво. Имено на 15 октомври во Битола, грчкиот конзул Пезас и неговиот српски колега се договориле за поделба на Битолскиот вилает на сфери на влијание на двете пропаганди. Според спогодбата: 1. Северно од Прилеп и Крушево, Грците не смеат да се појавуваат со својата пропаганда, а должни се на

---

[198] ДАРМ,м-453, Бошковиќ-Вујиќу, Атина, 4 октобра 1901, ПО, Ф-IV, пов. 130
[199] ДАРМ,м-666, Грујиќ-Вујиќу, Цариград, 8 новембра 1901, ППО, Ф-III
[200] ДАРМ,м-666, Ристиќ-Грујиќу, Битољ, 20 новембра 1901, ППО, Ф-III
[201] ДАРМ,м-453, Бошковиќ-Вујиќу, Атина, 19 октобра 1901, ПО, Ф-IV, пов. 139

Србите да им ја укажат својата вистинска подршка против Бугарите; 2. Зоната помеѓу Прилеп, Крушево и Битола се огласува за мешана. Во неа има да остане денешната состојба на работите во поглед на Грците и Србите. Едните не смеат да удираат на другите, а се должни едните на другите да си помагаат во борбата против Бугарите; 3. Јужно од Битола, Србите не можат да се појавуваат со својата пропаганда, а се должни на Грците да им ја укажуваат моралната поткрепа кога овие се борат со Бугарите[202]. Договорот е постигнат после извесен период на разговори помеѓу двајцата конзули во кои повеќе се воделе дискусии дали треба да се спогодуваат само на владино ниво, за што се застапувал Пезас или пак можеле и тие двајца тоа да го сторат, за што се застапувал Ристиќ[203]. Неоспорен е постигнатиот договор, но и на локално ниво се покажа разликата која беше присутна и во директните раговори помеѓу Атина и Белград, посебо за градот Битола. Интересна е позицијата на грчкиот конзул Пезас. Тој постигнал договор со Ристиќ, но претходно, а и подоцна тврдел дека најголемата пречка за вистинското приближување биле преголемите српски апирации[204]. Тој дури и сугерирал да не се постигнува согласност за сфери на влијание со Србите. Сепак и покрај тврдиот став на грчкиот конзул, тој после постигнувањето на договорот со Ристиќ, за кратко ќе подржи одредени чекори на српската пропаганда во манастирите во Слепче и Зрзе, кои не беа од голем интерес за грчката пропаганда.

По прашањето на Фирмилијан грчката влада и понатаму остануваше на ставот дека таа не е иницијатор на противењето за ракоположување на српскиот свештеник. Промената на владата во Атина во ноември 1901 година, кога нов грчки премиер стана Заимис, нема да доведе до промена на ориентацијата во грчката надворешна политика, во конкретниов случај во односите со Србија. Тоа се виде уште на самиот почеток на владеењето на Заимис, кој исто како и неговиот претходник, не признаваше вмешаност на грчкиот конзул во Скопје во агитацијата против Фирмилијан[205]. Решението и виновникот секогаш се бараше на друго мес-

---

[202] Д. Димески, Македонското..., с. 341
[203] ДАРМ,м-666, Ристић-Вујићу, Битољ, 25 новембра 1901, ППО, Ф-III
[204] K.Vakalopoulos, Modern history..., p. 185
[205] ДАРМ,м-666, Бошковић-Вујићу, Атина, 23 новембра 1901, ППО, Ф-III

то. Дури одредени грчки дипломати, како на пример пратеникот во Белград, Аргиропулос, биле на мислење дека целиот проблем можел да биде решен со руска помош, бидејќи Петроград имал влијание и во Атина и кај Патријаршијата, но Русија била премногу преокупирана со Бугарите и нивните интереси[206]. Меѓутоа, по се изгледа, тоа не беше вистина. Рускиот амбасадор во Цариград во ноември протестирал кај Патријархот заради позицијата на грчкиот конзул и патријаршискиот митрополит Иринеос[207]. Грчкиот крал, пак на укажувањата на Бошковиќ за негативната промена на грчкото однесување кон Србите, покажал само интерес[208], но не дал никакво ветување. Сепак, Заимис, најверојатно од тактички причини со цел да не дојде до заладување во односите со Белград, побарал објаснување од грчкиот конзул во Скопје за српските обвинувања. Одговорот не можел да биде подруг освен негирање на обвинувањата. Уште повеќе грчкиот конзул целата работа околу организирањето на акцијата против Фирмилијан ја префрлил врз, како што се изјаснил Бугарите[209]. Објаснувањето на грчката страна не беше прифатливо за српскиот пратеник, но затоа тој ја искористил можноста да го информира новиот грчки премиер за овластувањето кое го имал од Белград за поведување преговори за грчко-српски договор за интересни сфери во Македонија[210]. Тоа не било случајно. Заимис во Србија бил сметан како човек со пошироки погледи и разбирање на работите, а и тој самиот имал навика да изјавува дека бил пријателски расположен кон Србите. Србија, исто така инсистирала атинската влада да го подигне рангот на своето дипломатско претставништво во Белград, но тоа ќе се случи неколку месеци подоцна.

Подобрувањето на грчко-османлиските односи и овозможија на Атина да го изложува пред Портата своето незадоволство или стравување од развојот на настаните во Македонија. Понекогаш незадоволството беше пропратено со мали закани. Грчкиот амбасадор во Цариград во ноември 1901 година го посетил големиот везир на кој му го искажал своето

---

[206] исто
[207] Κ. Βακαλοπουλος, Η Μακεδονια..., σ. 241
[208] ДАРМ,м-453, Бошковиќ-Вујиќу, Атина, 27 новембра 1901, ПО, Ф-IV, пов. 161; м-666, Бошковиќ-Вујиќу, Атина, 24 новембра 1901, ППО, Ф-III
[209] ДАРМ, м-666, Бошковиќ-Вујиќу, Атина, 29 новембра 1901, ППО, Ф-III
[210] исто

незадововлство од тоа што се случува во Македонија, посебно во битолскиот вилает. Според него немало да може да се смета и понатаму на грчко-османлиска коегзистенција доколку локалните османлиски власти во Битола и понатаму бидат инертни "по однос на убиствата на Грците"[211]. Грчката загриженост засилена со делувањето на четата на Марко Лерински, која успевала да придобие дел од патријаршистите, секако и со закани, како во селото Драгош, Битолско, што ќе биде причина Пезас и битолскиот патријаршиски митрополит да го посетат селото[212]. Исто така не помал проблем претставувала и четата на Петров[213]. Токму таа загриженост Заимис не ја криел пред амбасадорите на големите сили во Атина[214]. Тој не бил нервозен само од неповолниот, за грчките интереси, развој на настаните во Македонија, туку и од неспособноста на османлиските власти да се справат со четите. Посебно незадоволство имало од, веќе поранешниот, битолски валија Сејфула паша, кој не успеал да го среди "политичкиот бандитизам"[215].

Атина на почетокот на 1902 година била преокупирана и со пишувањето на некои виенски и берлински весници за делувањето на руската влада во правец на создавање на сојуз помеѓу Србија, Црна Гора и Бугарија. Тие написи биле доволни за повторно подгревање на антируските чувства во Грција, каде што и така постоела одбивност кон Русија[216], но и страв од оваа европска сила. Овој страв не бил нов, но во тие моменти се повеќе доаѓал до израз. Стравот бил надополнет со недоверба кон Русите.

---

[211] K.Vakalopoulos, Modern history..., p. 181; Релативно остриот тон на грчкиот амбасадор во Цариград се поклопува со идеите изнесени од страна на грчкиот конзул во Битола до атинскат влада. Пезас сметал дека треба да се остави на страна доктрината за грчко-османлиска соработка како застарена и неефикасна. Според него, елинизмот во Македонија би успеал само ако се организира вооружен отпор. Грчкото министерство за надворешни работи го одбило неговиот предлог. Пезас бил првиот грчки козул во Македонија кој ја споменал можноста за вооружено делување. (исто, с. 180). Веќе видовме дека и Маврокордатос имаше ист предлог. Ставот на Пезас за напуштање на блиските односи со Цариград воопшто не му пречело на споменатиот конзул, по налог на својата влада, на битолскиот валија да му даде доверливи информации и да го посоветува да преземе поенергични акции за спречување на набавка на оружје од страна на, како што се изјаснил, Бугарите. (Крсте Битовски, Континуитетот на македонските национал-ослободителни борби во XIX и почетокот на XX век, Скопје, 1998, с. 382-383)

[212] ДАРМ,м-333, Pissurica-Billioti, Monastir, 6 december 1901, FO 195/2111

[213] ДАРМ,м-453, Бошковић-Вујићу, Атина, 21 децембра 1901, ПО, Ф-IV

[214] ДАРМ,м-182, d'Ormesson-Delcasse, Athenes, 3 janvier 1902, AMAE, Turquie, PI, Macedoine, VI, f. 2

[215] ДАРМ,м-395, Egerton-Lansdowne, Athens, 1 january 1902, FO 32/736

Мислењето кое преовладувало за Русите во Грција било подржано и од османлиските Грци[217]. Тоа на некој начин можело да се очекува со оглед на честите недоразбирања помеѓу руските и грчките монаси на Света Гора.

Грција и Грците, иако постојано протестираа за тоа што се случуваше во Македонија, не покажаа инертност. Тие продолжуваа со својата работа. Грчкиот конзул во Битола постојано беше врска помеѓу донаторите од Атина[218] и битолските патријаршисти, кои добиваа, можеби не многу обилна, но секако незанемарлива помош од Грција. Прогрчките кругови во Битола не се стеснувале да застанат на "страна на Турците со цел овие области еден ден да бидат во состав на Грција"[219]. Тие не ретко давале информации за подготовки на востание, во како што нагласувале грчките области на јужната граница, кои наводно ги добиле од комитетите[220]. Патријаршиските свештеници и учители "добиле од својот конзул, Пезас, наредба да им ги доставуваат на властите сите неопходни сведенија за замислите на Бугарите"[221]. Грчките официјални претставници многу често биле на теренот со цел да го попречат преминувањето на населението од Патријаршијата под јурисдикција на Егзархијта и понекогаш имале успех во своето делување[222]. Пезас, иако често се жалел на тешката позиција на патријаршистите во Битолскиот вилает, не покажувал големо разбирање

---

[216] Дипломатска преписка Краљевине Србије, књ. 1, Београд, 1933, док.1, Атина, 5 јануара 1902, с. 2

[217] Во грчките ставови лично ќе се увери и рускиот патеписец и писател, Амфитеатров. Еден Грк јасно му кажал дека Русите се виновни за се што се случува со грчките интереси. Кога рускиот писател се обидел на својот соговорник да му објасни дека сите народи кои бараат посебни цркви се православни, а со тоа и црквите ќе бидат православни, Гркот или, како што Амфитеатров го нарекува, грчкиот патриот, одговорил "Па што имаме ние од тоа? Кога еднаш ќе престанат да бидат грчки, можат да одат ако сакаат да му ја бакнуваат и влечката на римскиот папа, нека се поклонуваат ако сакаат и на гробот на Мухамед во Мека! Зар вие не разбирате дека секакво такво делење на црквата и националноста е-тежок удар за византиската идеја, за великата државна идеја..." (А.В .Амфитеатров, Земја на раздорот, Скопје, 1990, с. 57)

[218] ДАРМ, фонд: ГПМ, кн. 40, Πεζας–Αμβροσιω, Μοναστιριου, 22 φευρουαριου 1902, α. 94

[219] Освободителната борба на Българите в Македония и Одринско 1902/1904, София, 1978, док. 3, Битола, 19 февруари/4 март 1902, с. 18

[220] Освободителната..., док. 4, февруари 1902, с. 22

[221] Делувањето на Пезас било причина рускиот конзул во Битола, Ростковски да има средба со него на која го предупредил на неговото однесување и делување. Грчкиот конзул одговорил дека тој Бугарите не ги признава за христијани, бидејќи се шизматици и, сметајќи на сите средства за борба, кои се дозволени, нема да престане да им помага на Турците во нивното истребување. (С. Дракул, Македонија меѓу..., док. 99, Битола, 16 март 1902, с. 402)

[222] ДАРМ,м-182, d'Ormesson-Delcasse, Athenes, 18 mars 1902, AMAE, Turquie, PI, Macedoine, VI, f. 84

за српските барања во градот. Тој редовно одел, според српскиот конзул Ристиќ, кај битолскиот патријаршиски митрополит и го наговорувал ништо да не им попушта на Србите, бидејќи тоа било на штета на грчките интереси[223]. Тој успеал да го стопира и обидот на српската пропаганда да се инфилтрира во селото Раково, Леринско, а и да се оневозможи обидот за отворање на српско училиште во Крушево, бидејќи тој дел од градот, според него, бил грчки[224]. Сигурно дека тој, согласно со договорот со Ристиќ, овие обиди на српската пропаганда ги сметал како удар врз грчките интереси и дури според втората точка од договорот можел и да најде оправдување за своето делување.

Грчкиот премиер, кој извесен период бил и министер за надворешни работи, Заимис не се воздржувал да побара дополнителни информации за настаните во Македонија и од претставниците на големите сили во Атина[225],притоа користејќи ја можноста да ги изнесе познатите грчки ставови. Тој веќе не бил загрижен само за тоа што се случувало во Битолскиот, туку и за развојот на ситуацијата во Солунскиот вилает, каде двајцата валии не биле во можност да направат нешто повеќе против, според него, очекуваниот бунт[226].

Грчката влада се повеќе станувала свесна дека Македонците набавувале оружје во Грција, во моментите кога таа не била способна истото да го спречи[227]. Заимис ова му го изјавил на британскиот амбасадор во Атина. Неспособноста на грчката влада, за која говорел премиерот, се должела најмогу на, во тие моменти, немањето доволно информации за каналите за оружје кои веќе беа воспоставени, како и за личностите кои учествувале во набавката и пренесувањето на оружјето. Следниот пример е најдобар показател. Чакаларов на почетокот на февруари 1902 година заминал за Трикала каде бил уапсен, а потоа и протеран од градот[228]. Тој сепак во Лариса успеал да купи пушки и подоцна, во април, да се врати во Македонија. Доколку грчките власти имале податоци кого уапсиле, сигурно не-

---

[223] К. Битоски, Дејноста..., с. 155
[224] K.Vakalopoulos, Modern history..., p. 185
[225] ДАРМ,м-182, d'Ormesson-Delcasse, Athenes, 14 fevrier 1902, AMAE, Turquie, PI, Macedoine, VI, f. 18
[226] ДАРМ,м-395, Egerton-Lansdowne, Athens, 28 february 1902, FO 32/736
[227] исто

мале да го протераат од Трикала. Грчката влада, сепак, не беше нем набљудувач на настаните кои се случуваа на нејзина територија, посебно со транспортот на оружје од Тесалија и експортот на истото на османлиска територија[229]. Премиерот Заимис издал наредба за контрола на движењето на транспортите со оружје, по сувоземен пат, во Тесалија, потег што беше поздравен од османлиската влада[230].

Владата во Атина со цел да го привлече вниманието на европските сили кон своите интереси реши повторно да праќа мемоари и протести до големите сили. Потегот му беше најавен и на османлискиот пратеник во Атина, Рифат, кој не бил многу воодушевен од намерата на владата на Заимис и покрај грчките уверувања дека тоа не е мешање во внатрешните работи на неговата земја, туку само чекор за да се привлече вниманието на големите сили за "престапничките акции на Бугарите"[231]. Всушност акцијата веќе беше започната. На 28 февруари грчкиот амбасадор во Лондон, Метаксас и предал на британската влада еден циркулар во однос на грчките гледишта за настаните во Македонија, "каде бунтот изгледа неизбежен"[232], иако во разговорите со некои дипломатски претставници, како со српскиот на пример, грчките владини претставници нагласувале дека нема изгледи за немири ви Македонија во тие моменти[233]. Ленсдаун не се обврзал на никаква подршка, туку само им наложил на конзулите да ги проверат информациите[234]. Грчкиот амбасадор во Париз, Делијанис, исто така предал сличен демарш, а тоа го направиле и амбасадорот на Грција во Рим, каде одговорот на италијанската влада бил задоволителен[235] и во Петроград, каде добил уверување од Ламздорф за подготвеноста на владата во Софија[236] за подобрување на ситуацијата во Македонија[237]. Споменувањето

---

[228] Спомени...П. Кљашев, с. 206
[229] ДАРМ,м-177, Avarna-il ministro degli affari esteri, Atene, 12 marzo 1902, ASMAE
[230] С. Дракул, Македонија меѓу..., док. 108, Пера, 15/28 март 1902 година, с. 411
[231] исто
[232] ДАРМ,м-395, цит. док. , Athens, 28 february 1902, FO 32/736
[233] Дипломатска...., док. 30, Атина, 15 марта 1902, с. 51
[234] Νικολαιδου, Ιστορια...., σ. 537
[235] ДАРМ,м-177, цит. док., Atene, 12 marzo 1902, ASMAE
[236] Во времето кога грчката влада праќаше демарши и мемоари низ Европа, претседателот на бугарската влада, Данев разговарал со грчкиот конзул во Софија, Залакоста околу можноста за помирување помеѓу Егзархијта и Патријаршијата. Тоа, според Залакоста, било првпат некој бугарски политичар да проговори на таа тема. Сепак, грчкиот конзул бил на мислење дека помирувањето било деликатно прашање. (ДАРМ,м-417, Elliot-Lansdowne, Sofia, 28 march 1902, FO 78/5217)

на владата во Софија од страна на рускиот министер за надворешни работи не беше случајна. Грција постојано посочуваше дека зад се што се случува во Македонија стои софиската влада, односно бугарската држава, а тоа автоматски значи дека не постои автохтоно ослободително движење, кое реално постоеше и се шириле и помеѓу патријаршистите, но никогаш официјално нема да биде признато во Атина дека на север има делување на една организација која бара автономија на Македонија, но не за репризирање на настаните од 1885 година. Во таа насока беше и вклучувањето на патријаршистите од средна и јужна Македонија во редовите на МРО[238]. Во Атина овој факт најверојатно бил познат и не бил прифатен со симпатии.

Предавањето на меморандуми, демарши и ноти продолжило и во османлиската престолнина. Тамошниот грчки пратеник на амбасадорите на европските сили им предал меморандум, кој всушност претставува записи за нападите врз патријаршистите во Македонија[239].

Паралелно со активностите на атинската влада, во грчката престолнина, на правниот факултет, бил одржан и еден собир во организација на друштвото "Елинизмос" на професорот Казазис. Самото одржување на митингот беше под влијание на информациите за настаните во Македонија. На собирот, чија цел беше да се изнесе ставот на Грците за настаните во Македонија, посебно во солунскиот и Битолскиот вилает, како и на многуте претходно одржани по било кој повод во однос на Македонија, беше, како што се нагласува, изгласано едно протестно обраќање до амбасадорите на големите сили во Атина[240]. Иако митингот бил организиран од страна на "Елинизмос" во обраќањето се нагласува дека "Македонците, жители на Атина и Пиреа се собрале..."[241], што на некој начин потврдува членување на македонски емигранти, најверојатно Грци и Власи по потекло, во овој комитет. Во протестното обраќање се бара од европските влади и од Портата мерки за стабилизирање на ситуацијата во

---

[237] ДАРМ,м-182, Paris, 14 mars 1902, AMAE, Turquie, PI, Macedoine, VI, f. 75
[238] М. Пандевски, Националното..., с. 97-113
[239] Νεοκλεους Καζαζη, Η Μακεδονια και τα ελληνικα δικαια, εν Αθηνησιν, 1903, σ. 218–222
[240] ДАРМ,м-177, Avarna-il ministro degli affari esteri, Atene, 18/31 marzo 1902, ASMAE; м-182, d'Ormesson-Delcasse, Athenes, 10 avril 1902, Turquie, PI, Macedoine, VI, f. 160
[241] исто

Македонија , а грчката влада се повикува да го прифати протестот и да ги информира европските влади за "злосторствата направени во Македонија против Грците"[242]. Како што видовме атинската влада пред одржувањето на овој протест веќе ја започна акцијата за информирање на европските сили со своите гледишта и ставови околу Македонија.

Во времето кога грчката влада, а и некои органинзации беа ангажирани за испраќање на протестни ноти и организирање на протести со кои би се изразило грчкото незадоволство од тоа што се случуваше во Македонија, во Атина престојуваше грчкиот конзул од Солун, Евгениос Евгенијадис. Тој, непосредно пред враќањето за Солун, се сретнал со британскиот дипломатски претставник, Егертон со кого се задржал во подолг разговор околу Македонија. Евгенијадис, како што можело и да се очекува, се застапувал за цврста османлиска воена акција против четите и покрај можните репресалии врз населението од страна на Османлиите[243], бидејќи било многу тешко остварливо справувањето на османлиската полиција со истите. Овој грчки дипломат, некаде во овој период и дал предлог на својата влада за начинот на кој треба да се делува во Македонија-1. Соработка на грцизмот со Бугарите во Македонија за ослободување на истата од Османлиската држава треба да се исклучи, бидејќи Бугарите покрај уништувањето на османлиското господство имале за цел прогонување и уништување на грчкото населенине; 2. опасноста од Бугарите за елинизмот во Македонија наложува одржување на османлиското господство, додека не успее елинизмот да ја земе управата во цела Македонија во свои раце; 3. најдобар начин да се уништат акциите на Бугарите против Грците во Македонија е соработка и на дипломатските претставници на Грција и на македонските Грци со Османлиите; 4. Османлиските власти не беа во состојба, досега, да им се спротивстават на комитациите. Затоа потребно е да се реорганизира османлиската управа во Македонија и да се ограничи чифлигарскиот систем; 5. прашањето на славофонските патријаршисти е доста деликатно, потребно е да се работи на отворање колку е можно повеќе и добри општински училишта. На тој начин би се задржале

[242] исто
[243] ДАРМ,м-395, Egerton-Lansdowne, Athens, 22 march 1902, FO 32/736

славофонските патријаршиски општини кон Грцизмот[244]. Интересно е што во последната точка од предлогот, Евгенијадис одењето на Македонците-патријаршисти во спротивниот табор го врзува и за недостаток на добри училишта, а не само заради, како што Грците тврделе, бугарскиот терор. Неговиот битолски колега, Пезас имал други активности, исто така во насока на засилување на грчките интереси. Освен со редовните известувања на патријаршискиот митрополит за донациите од Народната банка на Грција за тамошните училишта[245], тој се бавел и со изработка на статистички податоци, кои секако биле во прилог на елинизмот. Пезас му предал на францускиот конзул во Битола, Шублие, еден статистички преглед, кој бил објавен во 1902 година за бројот на населението во Битолскиот вилает. Според оваа статистика од вкупно 840 309 жители на вилаетот, 309 782 биле Грци и гркомани, односно втори по бројност после муслиманите кои броеле 344 766[246]. Податоците се однесуваат само на религиозната припадноста на населението, што е логично со оглед на фактот што на тој начин бројот на Грци се зголемувал, бидејќи сите што потпаѓале под јурисдикција на Патријаршијата биле сметани за Грци.

Настаните во Македонија придонесоа во Атина повторно да се размислува за зближување кон Србија, но тоа нема автоматски да значи и попуштање пред српските барања. Кога во раговорите со Бошковиќ станало збор за прашањето на скопскиот митрополит, Заимис повторно ги обвинил Бугарите за неракоположувањето на Фирмилијан[247]. Не може да се негира негодувањето на Егзархијата од можноста српскиот свештеник да биде хиротонисан во Скопје, но исто така не може да се негира и вмешаноста на атинската влада во целиот случај. Заимис сепак тврдел дека не бил непријателски расположен кон Словените, туку само кон Бугарите, додека со Србите сакал пријателство[248]. Во таа насока во весникот "Асти" се појавил напис полн со пријателски дух кон Србите и "српските апсира-

---

[244] К. Битоски, Дејноста..., с. 169-170

[245] ДАРМ, фонд: ГПМ, кн. 40, Πεζας–Αμβροσιω, Μοναστιριου, 21 μαρτιου 1902

[246] Во статистиката на Пезас биле вклучени и корчанскиот и елбасанскиот санџак. (Крсте Битоски, Бројот и составот на населението во Битолскиот вилает во крајот на XIX век, Историја, VI/1, Скопје, 1970, с. 109)

[247] Диполматска..., док. 51, Атина, 30 марта 1902, с. 77

[248] Диполматска..., док. 88, Атина, 26 априла 1902, с. 131

ции и права на Северна Македонија"[249]. Според српскиот пратеник во Атина, написот бил нарачан од страна на грчкиот премиер. Не може да се исклучи таа можност со оглед на честите менувања на тонот во грчките весници блиски до владата.

Атина со големо внимание ги следела акциите на османлиските власти против четите во Македонија. Грчкиот премиер Заимис во текот на април 1902 година бил многу загрижен заради намалувањето на османлиските акции против четите во Македонија. Тој бил наклонет намалувањето да го објасни со притисок кој бил извршен врз Портата од страна на некои европски сили, посебно Франција. Причината за својот став Заимис ја нашол во изјавата на францускиот амбасадор во Атина, дадена пред грчкиот премиер околу француската загриженост за суровоста и претераноста на репресивните мерки, применети од страна на османлиските власти во Македонија[250]. Британскиот амбасадор во Атина по однос на забелешката на Заимис, во својот извештај до Форин Офисот, забележал: "Сигурно ниту еден од неговите извештаи во однос на некои остри постапки од страна на турските власти во Македонија не содржи никаков страв за извршување на злодела од турските сили"[251]. Воопшто во овој период се почести ќе бидат забелешките на грчките ставови околу Македонија, но Атина истите нема да ги прифати. Причината е многу јасна. Грчките интереси, според официјална Атина, налагале поблиска соработка и подршка на Портата без разлика на реакциите во Европа.

Постојаната загриженост на атинската влада за тоа што се случува во Македонија, надополнета со меморандуми, протести и демарши до големите сили, не била пропратена и со делување на грчки чети, финансирани од владини извори. Атина дури ги одбивала и предлозите за испраќање на луѓе и оружје во Македонија. Каравангелис побарал од владата на Заимис да му бидат испратени педесет Критјани, кои ќе ги споел со неговите луѓе, ќе направел дваесет чети и ќе ги испрател од Бистрица до Мариово и Лерин. Грчката влада не одговорила на ова барање на костурскиот митрополит, а самиот грчки премиер, според кажувањето на Каравангелис

[249] Дипломатска..., док. 77, Атина, 19 априла 1902, с. 112
[250] ДАРМ,м-395, Egerton-Lansdowne, Athens, 23 april 1902, FO 32/736
[251] исто

изјавил:"Да го земеме веднаш Каравангелис од Костур, оти ќе ни направи големо зло[252]. Митрополитот одбивноста на атинската влада за праќање на луѓе, кои би се бореле во Македонија ја објаснува со стравот од поразот од 1897 година. Кон ова треба да се додаде и увереноста на Атина за полезноста од приближувањето и негувањето на добрите односи со Портата, како еден од најдобрите начини за зачувување на грчките интереси, односно нема никаква промена во поглед на политиката застапувана по воената катастрофа од 1897 година. Каравангелис не се обесхрабрил од игнорирањето на официјална Атина на неговите барања. Тој продолжил со своите активности, формирал таен грчки комитет, а и се обидел да го ликвидира Чакаларов. Тој го испратил во Грција, Ѓорѓи Ѓамчето со цел да го ликвидира Чакаларов, но овој откако ја насетил работата на 23 април/6 мај 1902 година се вратил во Костурско[253]. Наместо Ѓамчето да го ликвидира Чакаларов, на 15 мај се случило спротивното. Така обидот на костурскиот митрополит да се ослободи од Чакаларов пропаднал.

Српскиот пратеник во Атина се обидел на почетокот на мај 1902 година да поведе разговори со грчкиот премиер за поделба на Македонија на сфери на влијание[254]. Одговорот на Заимис бил многу збунувачки. Според него грчките и српските аспирации не биле проблем и тие не би можеле да имаат голем судир, но Бугарите би можеле се да уништат со тоа што би побарале заштита од Османлиите или од Австро-Унгарија[255]. Зборовите на Заимис не можеле да бидат вистина. Имено, грчките и српските аспирации во Македонија биле спротивставени едни на други, бидејќи во спротивно договорот за поделба на Македонија на сфери на влијание одамна би бил постигнат. Втората можност воопшто не можела да се оствари. Сепак зад изненадувачката изјава на шефот на грчката влада стоела друга причина. Прашањето на Фирмилијан сеуште не било решено. Постоела можност српскиот свештеник да биде хиротонисан во Солун, а таа опција никако не им одговарала на Грците, иако тамошниот грчки конзул тврдел дека атинската влада не била заинтересирана за местото на

[252] Каравангелис, Македонската..., с. 23
[253] Д. Димески, Македонското..., с. 461
[254] Дипломатска..., док. 99, Атина, 9 маја 1902, с. 147
[255] исто

ракоположување[256]. Од друга, страна грчкиот конзул во Скопје на својот српски колега, во однос на ракоположувањето му изнел одредени услови на скопските патријаршисти верни на грцизмот, според кои: 1. Црквата Свети Спас е исклучиво грчка и вредела 1500 лири; 2. митрополитската зграда е исклучиво грчка, инаку таа би се употребила за грчки конзулат; 3. грчката општина секогаш ќе има право на свој архимандрит, кој би бил претседател на грчката општина и управник на грчките училишта[257]. Според изнесеното Фирмилијан ќе морал да бара нова зграда за седиште на митрополијата.

Во Солун дошло до протести на тамошната грчка заедница за кои Србите тврделе дека се организирани од страна на Евгенијадис[258]. Одредени постапки на грчкиот конзул им конвенирале на српските тврдења. Така Евгенијадис на неговиот австро-унгарски колега му тврдел дека немал никакви инструкции од Атина за да влијае на смирување на протестите, но пред српскиот конзул се правдал со непочитувањето на неговите барања од страна на тамошната патријаршиска општина[259], иако, како што се изјаснил не би се противел доколку хиротонисувањето се изврши во Солун, освен ако не добие инструкции од Атина[260]. Можноста за хиротонисување на Фирмилијан во Солун, дополнета со можност истото да биде направено на Света Гора[261], ја споменал и грчкиот конзул во Скопје[262]. Солун, сепак, не беше местото за кое Грците би се согласиле. Патријархот Јоаким, кој беше познат по своите заложби за поблиска соработка со православните словенски народи, се обратил до грчкиот повереник на работите во Цариград, со молба да интервенира кај грчкиот конзул во Солун, Евгенијадис, со цел овој да влијае врз грчката општина во Солун да не се

---

[256] Дипломатска..., док. 124, Солун, 29 маја 1902, с. 174-175
[257] Дипломатска..., док. 125, Скопје, 29 маја 1902, с. 176-177
[258] Дипломатска..., док. 127, Цариград, 30 маја 1902, с. 182
[259] Самостојното делување на патријаршиската општина во Солун против Фирмилијан беше позицијата врз која Заимис го бранеше својот конзул во Солун од упорните тврдења на Бошковиќ за вмешаност на Евгенијадис во протестите против можноста српскиот свештеник да биде хиротонисан во Солун. (Дипломатска..., док. 138, Атина, 4 јуна 1902, с. 197)
[260] Дипломатска..., док. 130, Солун, 31 маја 1902, с. 183
[261] Можноста Фирмилијан да биде ракоположен во Света Гора, поточно во манастирот Свети Пантелејмон ја посочил и грчкиот премиер Заимис во разговорот со српскиот пратеник во Атина. (Дипломатска..., док. 143, Атина, 7 јуна 1902, с. 201)
[262] Дипломатска..., док. 135, Скопје, 3 јуна 1902, с. 192

спротивставува на ракоположувањето на Фирмилијан[263]. Грчкиот дипломат одговорил дека многу жали што однапред не бил предупреден со намерата на Патријаршијата зошто ќе го советувал Јоаким да не го одбира Солун за место на ракоположувањето на Фирмилијан. Овие зборови на Потин ги демантираат изјавите на грчките конзули за хиротонисување на Фирмилијан во најголемиот македонски град.

Српската дипломатија го засилила притисокот врз Атина околу прашањето на Фирмилијан. Бошковиќ, во присуство на рускиот амбасадор во Атина, веќе не говорел за можноста за преговори околу поделбата на Македонија на интересни сфери. Напротив, тој на грчкиот премиер му ја споменал можноста од затегнување на односите помеѓу двете држави доколку Атина и понатаму се противи на хиротонисувањето на Фирмилијан, бидејќи целата акција на солунските Грци не би можела да се одвива без знаење и против волјата на грчкиот конзул во градот[264]. Во Скопје пак српскиот и рускиот конзул го посетиле грчкиот колега Рафаел со цел да издејствуваат негова помош околу прашањето за Фирмилијан. Рафаел како и грчкиот конзул во Солун, првично ја истакнувал својата немоќ да влијае врз едногласната одлука на патријаршиската општина во градот, но многу брзо по инструкција на Заимис, тој ги повикал челните луѓе на општината да го повлечат решението против Фирмилијан[265]. Иако најпрво го одбиле барањето на конзулот, општинарите подоцна се согласиле да го повлечат решението против изборот на Фирмилијан. Всушност Грците, како и османлиските власти попуштиле по прашањето на ракоположувањето пред големиот руски притисок. Местото на хиротонисувањето не беше во Македонија. Протестите на грчката општина во Солун, несогласувањето на скопските патријаршисти со можноста Фирмилијан да биде хиротонисан во градот, како и одбивањето на светогорските манастири ракоположувањето да се изврши на светиот полуостров[266], беше причина чинот на посветувањето на Фирмилијан да биде извршен во манастирот Скалоти во близина на Енос кај Дедеагач[267]. На некој начин, и покрај

[263] С. Дракул, Македонија меѓу..., док. 114, Пера, 3/16 јуни 1902, с. 147
[264] Дипломатска..., док. 143, Атина, 7 јуна 1902, с. 201
[265] Κ. Βακαλοπουλος, Η Μακεδονια..., σ. 246
[266] М. Војводиќ, Србија у међународним..., с. 382
[267] С. Терзиќ, Србија и..., с. 368

успешното завршување на Фирмилијновото прашање за српските интереси, грчката дипломатија не можеше да биде незадоволна. Грчката влада, уште од порано, го информирала својот конзул во Солун дека таа не може да се согласи ракоположувањето на Фирмилијан да биде извршено во Македонија и затоа требало да биде најдено друго место[268]. Чинот на ракоположувањето беше извршен во Тракија.

Руската дипломатија одигра голема улога во разрешувањето на спорот околу Фирмилијан. Тоа не значеше и приближување на Атина кон Петроград. Грците едноставно не можеа да бидат блиски со Русите, кои имаа поразличен поглед за Македонија, посебно за составот на населението, што секако не беше во прилог на Атина и нејзините гледања на работите. Грчкиот конзул во Битола не ретко доаѓал во судир со својот руски колега, бидејќи овој не признавал постоење на Грци во Битолскиот санџак[269]. Ставот на Ростковски не можел да биде прифатен од страна на Пезас, кој толку многу работел на засилување на позицијата на елинизмот во Битола и поблиската околина. Меѓутоа, а тоа веќе го видовме, и Русите не биле задоволни од однесувањето на Пезас. Во таа насока и рускиот министер за надворешни работи, грофот Ламздорф, испратил телеграма до Заимис во која изразил жалење за однесувањето на Пезас. Во Грција биле многу силни антируските чувства. Биле одржани и демонстрации насочени против Русите, бидејќи последниве биле сметани како организатори на панславистичката пропаганда, која пак била штетена за Грците[270]. Грчката влада исто така постојано беше сомничава кон Русите, особено по македонското прашање.

Грчката влада беше свесна за делување на некои македонски кругови на нејзина територија, но првично немаше повеќе податоци за нив за да може да ги разбие. Меѓутоа во јуни 1902 година грчките власти имаа успех во откривањето и разбивањето на некои македонски групи, иако во акциите имаа и среќа. Грчката полиција успеала да им влезе во трага на некои Македонци, кои работеле на собирање на луѓе и материјални сред-

---

[268] С. Дракул, Македонија меѓу..., док. 114, Пера, 3/16 јуни 1902, с. 147
[269] Κ. Βακαλοπουλος, Η Μακεδονια..., σ. 23
[270] ДАРМ,м-178, Avarna-il ministro degli affari esteri, Atene, 11 guigno 1902, ASMAE

ства за ослободување на Македонија и имале голем одзив[271]. Како резултат на тоа доаѓа до апсење на извесен број на македонски емигранти, од кои некои, според написите во весникот "Автономија", биле блиски до Сарафов[272]. Кај нив бил пронајден материјал кој бил од голема важност за грчките истражни органи, бидејќи можел да биде користен како доказ за делување на овие луѓе не само против Османлиската држава, туку и против Грција[273]. Уапсените, меѓу кои имало и грчки државјани, биле емигранти од Македонија кои често се собирале во една атинска кафеана сопственост на Рукас, кој исто така бил по потекло од Македонија. Тие освен што гово-реле за ослободување на Македонија, биле ангажирани во убедување на оние кои потекнувале оваа област, но биле против нејзината автономија-"прокламирјќи ја потребата од независност на Македонија"[274]. Еден на-стан, кој повеќе беше случаен отколку смислена акција на грчките власти, исто така ќе им донесе одредени податоци на Грците за делувањето на МРО во пограничните реони на Грција со Османлиската држава. Една гру-па на македонски четници се истоварила во Тесалија со цел да замине за Македонија. Меѓутоа, преминувајќи ја реката Саламаријас, еден дел од групата се дави, а другиот бил уапсен од страна на грчката полиција[275]. Кај уапсените биле пронајдени и некакви статути[276]. Станува збор за четата на Иван Попов, која што овој ја формирал по сугестија на Гоце Делчев за да делува како војвода во Костурско[277]. Апсења биле извршени и во Волос и на Пелопонез. Грците за првпат на своја територија успеале да разбијат одредени македонски групи, но каналите за оружје нема целосно да бидат пресечени. Една од причините за нивното опстојување е и учеството на некои македонски Грци, како браќата Ванвакис од Кожани, во набавката на оружје од Грција и транспорт на истото во Македонија[278]. Апсењата кои беа спроведени во Грција ги демантираат жалбите на грчкиот конзул во

---

[271] Дипломатска..., док. 153, Атина 11 јуна 1902, с. 215
[272] Катерина Наумоска, Автономија, Скопје, 1993, с. 55
[273] Дипломатска..., док. 160, Атина, 18 јуна 1902, с. 224
[274] К. Наумоска, Автономија, с. 56
[275] ДАРМ,м-395, Egerton-Lansdowne, Athens, 25 june 1902, FO 32/736
[276] Во цитираниот докумнет стои:"На брегот подоцна беа најдени копии од статути на бугарските комитети...". (исто)
[277] Д. Зографски, , Ѓ. Абаџиев, А. Митрев и М. Керамидчиев, Егејска Македонија во нашата историја, Скопје, 1951, с. 206

Битола, Пезас дека грчката влада не презема никаква активност против членовите на МРО, кои оделе во Грција да набават оружје, иако испратил листа со нивни имиња[279].

Незадоволството кое било присутно помеѓу Грците, посебно во интелектуалните кругови од начинот на кој во Европа се гледа на настаните во Македонија беше причина за засилување на нивната пропагандна активност со цел европското јавно мислење да биде запознато со грчкиот поглед на настаните во Македонија. Така, веќе неизбежниот, професор Казазис заминал за Париз со цел да придобие дел од јавното мислење во грчка полза. Затоа списанието "Елинизмос", кое во Атина излегувало на грчки јазик, ќе добие свое француско издание-"Hellinisme", кое ќе стартува од август 1902 година[280]. Списанието на француски јазик ќе ги пренесува статиите кои претходно се објавени на грчки. Прогрчките друштва во Лондон-"Бајрон" и во Париз-"Филеленска лига"[281], ќе бидат од корист за грчката пропаганда. Во Грција, пак, беше формиран Македонскиот силогос. Негови основачи беа браќата Геројанис-Теохарис, кој беше лекар и Маврудис, пешадиски потполковник[282], а потекнувале од Арнеа, Халкидики[283]. Многу брзо здружението ќе го промени името во Централен македонски силогос. Една од целите на овој силогос, според неговиот статут, беше, како што се наведува морална и материјална помош "на браќата Македонци за одбрана на грчките права во татковината Македонија, земја која од секогаш беше грчка"[284]. За разлика од другите силогоси, ова здружение под Македонија ги подразбираше и солунскиот и скопскиот и Битолскиот вилает. Во ова време во Атина делува и Македонскиот клуб кој бил организиран од страна на Стефанос Драгумис и Атанасиос Аргирос[285]. Формирањето на нови здруженија во

---

[278] Манол Пандевски, Националното прашање во македонското ослободително движење 1893-1903, Скопје, 1974, с.204

[279] D. Dakin, The greek..., p. 174, f. 90

[280] Θ. Αναγνωστοπουλος–Παλαιιολογος, Ο Ν. Καζαζης..., σ. 265–266

[281] Г. Модη, Ο μακεδονικον αγων και..., σ. 223

[282] Според Модис, Маврудис Геројанис бил единствениот повисок офицер на грчката војска кој потекнувал од Македонија. (исто, с. 222)

[283] Γεωργιου Θ. Λυριτζη, Οι Μακεδονικοι πατριοτικοι συλλογοι των Αθηνων στις παραμονες κ αι κατα την περιοδου του μακεδονικου αγωνος, Θεσσαλονικη, 1983, σ. 13

[284] исто, с. 14

[285] K. Vakalopoulos, Modern history..., p. 219

Атина, кои како главна цел пред себе ја имаат Македонија покажува колку Грците биле загрижени од можноста да не добијат ништо од оваа богата османлиска област, каде работите, посебно делувањето на МРО не одеа во грчка полза.

Горноџумајската врховистичка акција не предизвика остра реакција на грчката влада. Премиерот Заимис изразил задоволство што "пропагандистите не успеале да привлечат поголем дел од населението"[286]. Грчкиот премиер исто така не криеше дека неговата влада очекувала немири во Македонија и за таа цел ја информирал и владата во Лондон[287]. Тие нејзини очекувања се темелеа на контактите кои ги воспостави полковникот Јанков со Коте од Руља, како дел од намерата на Врховниот Комитет да предизвика востание во југозападните делови на Македонија. Заимис ги информирал претставниците на големите сили за понудата на Јанков за соработка[288]. Грчкиот премиер тврдел дека понудата била одбиена, но постојат доста интересни податоци за контактите на Јанков со некои претставници на грчката пропаганда во југозападниот дел од Македонија. Така тој се сретнал со попот од Писодери, Папасатврo, пред кого ја нагласил неопходноста Грција да го помогне востанието во овој дел од Македонија, бидејќи таа била оддалечена само три часа, а Бугарија цели десет дена[289]. Исто така, тој ги осудил активностите на Чакаларов за кого не криел дека има намера да го ликвидира[290]. Однесувањето на Јанков може да посочи на некакви намери на Врховниот комитет за соработка со Грците во Македонија што не може да се исклучи со оглед на активностите кои Јанков наскоро ќе ги има во Атина.

Во моментите кога Јанков не знаеше што да прави, заради неговата неуспешна акција, во грчката престолнина беше уапсен еден од основачите на МРО, Христо Татарчев[291]. Ресенчанецот беше уапсен под обвинение за

---

[286] Крсте Битоски, Дипломатски одгласи за Илинденското востание, Скопје, 1983, с. 124
[287] ДАРМ,м-395, Stronge-Lansdowne, Athens, 10 september 1902, FO 32/737
[288] Британскиот преатеник во Атина врз база на информациите од Заимис во својот извештај до Лендсдаун напишал:"Полковникот Јанков се обратил на Грците("на нас" како што се изрази Заимис) да му помогнат во неговите акции"(ДАРМ,м-395, Stronge-Lansdowne, Athens, 8 october 1902, FO 32/737)
[289] D. Dakin, The greek..., p. 176-177, f. 109
[290] Г. Моδη, Ο μακεδονιος αγων και η νεοτερη..., σ. 174, К. Битовски, Грчката..., с. 104
[291] ДАРМ,м-182, d'Ormesson-Delcasse, Athenes, 24 septembre 1902, Turquie, PI, Macedoine, VII, f. 192

вмешаност во атентатот врз Сакелариос[292]. Тој беше однесе во затворот Цинграс, каде поминал скоро два месеца. Апсењето на Татарчев предизвика незадоволство во Македонија[293], но и помеѓу македонската емиграција во Бугарија каде биле организирани и протести. Грчкиот конзул во Софија, Залакокста изразил надеж за ненарушување на грчкобугарските односи заради апсењето на Татарчев, бидејќи тој бил османлиски државјанин[294]. Тоа што Татарчев бил османлиски државјанин не играло никаква улога во неговото апсење. Имено, грчкиот премиер Заимис, тврдел дека оваа личност не може да биде ослободена заради фактот што Сакелариос бил грчки државјанин, иако атенатат беше извршен на османлиска територија[295]. За ослободувањето на еден од основачите на МРО се ангажирал и познатиот новинар, Баучер, кој бил во постојан контакт со грчката влада[296]. Татарчев кон крајот на октомври 1902 година бил ослободен од затвор заради недостаток на докази, бидејќи, официјално, доказите не биле доволни за поткрепа на обвинението[297]. Сепак, сите во Грција не се сложуваа со ослободителната пресуда. Еден од оние кои не се согласуваа со ослободувањето на Татарчев беше лично грчкиот крал Георгиос. Тој, актот на ослободување го сметаше за покажување на слабост[298].

Апсењето на познатиот ресенчанец се поклопуваше со повторните информации за делување на одредени македонски структури во Грција на кои полицијата им влегла во трага, посебно на извесни чети кои се појавиле во Тесалија, кои од страна на грчката влада биле сметани за разбојнички[299]. Грците увидоа дека акцијата за апсење, која беше спроведена во јуни 1902 година, како и одредени потези на грчката влада за прекинување на каналите за снабдување со оружје на МРО не дадоа целосно задоволителни резултати. Затоа кралот Георгиос на 10 септември 1902 година ќе

---

[292] исто, Татарчев, пак,говори дека бил уапсен во врска со убиството на гевгелискиот лекар, Кивернидис. (Христо Татрчев, Вътрешната македоно-одринска революциона организция като митологична и реална сьщност, София, 1995, с. 117)
[293] С. Дракул, Македонија..., т. 2, Куманово, 1996, док. 136, Солун, 15 септември 1902, с. 270
[294] ДАРМ,м-417,Marling-Lansdowne, Sofia, 1 october 1902, FO 78/5219
[295] ДАРМ,м-395, Stronge-Lansdowne, Athens, 17 september 1902, FO 32/737
[296] Х. Татарчев, Вътрешната македоно-одринска..., с. 117
[297] ДАРМ,м-395, Stronge-Lansdowne, Athens, 15 october 1902, FO 32/737
[298] ДАРМ,м-395, Egerton-Lansdowne, Athens, 10 november 1902, FO 32/737
[299] ДАРМ,м-395, цит. док. , Athens, 17 september 1902, FO 32/737

донесе декрет за забрана на извоз на оружје и муниција[300]. Декретот ќе биде применет, но оружјето и понатаму ќе оди за Македонија, иако во помали количини.

Разликите и недоразбирањата помеѓу грчките конзули и патријаршиските структури биле присутни и во овој период, без разлика што Атина беше наклонета на Јоаким при неговиот избор за нов Патријарх. На локално ниво имаше слични појави. Битолскиот патријаршиски митрополит, Амвросиос, првично беше подржуван од конзулот на грчкото кралство, но во текот на 1902 година дошло до нивен меѓусебен судир[301]. Причината е веќе позната-кој ќе раководи со грчката пропаганда. Логична последица на судирите помеѓу грчките конзули и патријаршиските структури било заслабување на грчката пропаганда. Тоа беше познато во Атина и истото не беше посакувано. Затоа мораше да се преземат чекори во правец на надминување на недоразбирањата во име на заедничкиот интерес. Во таа насока грчката влада во октомври 1902 година донесе уредба со која нејзините конзули биле задолжени да преземат позитивни чекори за смирување на состојбите[302].

Состојбите во Македонија и понатаму остануваа приотитет на атинската влада. Во октомври 1902 година Атина решила, повторно, да се обрати до големите сили за тоа што се случуваше во Македонија. Меѓутоа причините за новото обраќање до големите сили лежеа во гласините за барање од Виена и Петроград до Портата да се спроведат реформи во Османлиската држава. Грчкиот амбасадор во Париз го посетил францускиот министер за надворешни работи со цел да му посочи дека било какви измени во Македонија во дадениот момент се многу ризични[303]. Според Делијанис, неговата земја сакала зачувување на статусквото, бидејќи дури и Османлиската држава да ги спроведе реформите, револуционерната активност нема да престане[304]. Грчките протести и жалења многу не ги загрижувало европските сили. Некои од нив, поточно нивните политичари и дипломати немале никакви симпатии и разбирање за Грците, кои веќе во

---

[300] Driault et L'Heritier, Histoire diplomatique..., p. 504
[301] К. Битоски, дејноста..., с. 117
[302] K. Vakalopoulos, Modern history..., p. 179
[303] Affaires de Macedoine, 1902, Paris, MDCCCCIII, doc. 27, Paris, 20 octobre 1902, p. 23
[304] исто., Victor Berard, Pro Macedonia, Paris, 1904, p. 199

очите на Европејците не беа жртвите од грчкото востание, туку соработници на нивниот егзекутор од 1821 година. Во однос на најновиот грчки чекор, францускиот министер за надворешни работи, Делкасе, изјавил дека обраќањето го отсликува психичкото расположение на грчката влада[305]. Многу чудно, но грчкиот премиер Заимис бил задоволен од односот на руската дипломатија, посебно од зборовите на Ламсдорф, искажани пред грчкиот амбасадор во Петроград за потребата од поенергично делување на османлиските сили за смирување на немирите во Македонија[306]. Грците биле задоволни од однесувањето на руските официјални претставници во однос на Македонија, но не можеле целосно да престанат со обвинувањата кон Русија, иако во овој период само на оние кругови кои биле сметани за панславистички и кои, според грчките тврдења, стоеле зад случувањата во Македонија[307].

Атина повторно била вознемирена од однесувањето на Виена кон македонското прашање. Сега стравувањето не беше заради австро-унгарските аспирации кон Солун, туку за, според Атина, "апатијата на австриската влада, која одбива да ја види причината за алармот"[308]. Јавноста во Грција го немаше впечатокот на грчката влада. Кралот Георгиос на почетокот на ноември требаше да ја посети Виена. Како и секогаш атинскиот печат пишува за сличните интереси на Грција и Австро-Унгарија. Така во "Акрополис" се појавила статија во која, слично како кон крајот од 1896 година, се потенцира приближувањето на Грција како потврда на желбата за ефикасно спротивставување на бугарските аспирации кон Македонија[309]. Желбите на Грците биле едно, но реалноста била сосема друга. Георгиос во Виена не добил никакви гаранции, ниту пак понуди, без разлика што Голуховски, според признанието на грчкиот крал, се држел многу помалку резервирано кон него за разлика од порано[310]. Тој, дури не се спротивставил на мислењето на Георгиос за неопходноста османлиските сили да ги гонат и уништат четите во Македонија за да обесхрабрат нови

---

[305] Γνασιου Μακεδονον, Μακεδονικη κρισις 1901–1903, Α, Αθηνησιν, 1903, σ. 82–83
[306] ДАРМ,м-395, цит. док., Athens, 8 october 1902, FO 32/737
[307] ДАРМ,м-395, Egerton-Lansdowne, Athens, 29 october 1902, FO 32/737
[308] исто
[309] ДАРМ,м-178, Silvestreli-il ministro degli affari esteri, Atene, 19 ottobre 1902, ASMAE
[310] ДАРМ,м-395, Egerton-Lansdowne, Athens, 10 november 1902, FO 32/737

упади на пролет, но не дал никакви предлози. Сосема бил во право грчкиот премиер кога сметал дека Георгиос нема да дознае ништо повеќе, освен што ќе го слушне официјалниот став на Виена[311]. Грчката влада се обидела и во Лондон да се пожали за ситуацијата во Македонија[312], но и таму немало разбирање.

Јанков, после својот неуспех, мораше да се повлече од југозападна Македонија. Најблиската дестинација беше Грција, а тој веќе имаше контакти со некои личности кои беа претставници на грчката пропаганда. Непосредно пред да замине за Грција, Јанков со цел да се обезбеди од евентуалното апсење водел преговори со претставник на грчкиот конзулат во Битола. Тој барал гаранција за слободен премин во Грција, притоа говорејќи дека се борел за сите христијани во Македонија[313]. Грчкиот министер за надворешни работи, наводно, не сакал да даде гаранции, бидејќи не можело да не се уапси човек, кој предизвикал нереди во една пријателска држава[314]. Велиме наводно не дал гаранции затоа што Јанков во ноември сепак пристигнал во Атина. Доколку немал гаранции, тогаш сигурно би барал друга солуција за своето бегање од Македонија. Потврда за добиените гаранции се и неговите контакти во грчката престолнина. Тука тој се среќавал со новинари на кои отворено им говорел дека кога ќе се врати во Бугарија повторно ќе подготвел чети за Македонија, каде на пролет ќе има востание[315]. Јанков се сретнал и со професорот Казазис. Истиот Казазис секоја недела држел предавања за македонското прашање, при што за да го зголеми патриотскиот дух "пропагира омраза кон Бугарите, се противи на Србите и воопшто се противи на Словените"[316]. Освен со Казазис, Јанков стапил во контакт и со Централниот македонски силогос на браќата Геројанис. Тој потпишал договор за земна соработка со овој силогос врз база на запазуваење на тогашната црковна и национална положба во

---

[311] ДАРМ,м-395, цит. док., Athens, 29 october 1902, FO 32/737
[312] ДАРМ,м-395, Metaxas-Lansdowne, Londres, 28 november 1902, FO 32/737
[313] ДАРМ,м-4297, фонд: БТАБ, Михайлов-Гешов, Битоля, 18 ноември 1902, ф. 331, о-1, а.е.-9
[314] исто
[315] Дипломатска..., док. 228, Атина, 16 новембра 1902, с. 348
[316] Дипломатска..., док. 219, Атина, 29 октобра 1902, с. 333

Македонија[317]. Потпишувањето на овој договор немало никакво значење, бидејќи истиот не бил реализиран.

Грчката политичка сцена беше позната по честото сменување на владите, кое се случуваше и во моменти кога државните интереси беа загрозени. Така беше и сега. Грчките политичари постојано се жалеле на сотојбите во Македонија, но исто така сакале да бидат на чело на владата. Нивнта меѓусебна нетрпеливост, сепак, не значеше и запоставување на грчките интереси. Постојаноста на грчкиот став околу Македонија, во овој период, остануваше без разлика кој е на чело на атинската влада, иако имаше моменти кога се појавуваа одредени стравувања околу начинот на водење на грчката надворешна политика кога некој грчки политичар ќе станел премиер. Таков беше случајот со Делијанис. Кога ќе се спомнело неговото име сите помислувале на поагресивна политика во однос на остварување на грчките аспирации, посебно во периодот кога се очекувале немири во Македонија во пролетта 1903 година[318]. Иако видовме во 1886 и во 1896 година како Делијанис ги оставрува грчките аспирации, сепак неговото име секогаш се врзуваше за жестокиот грчки национализам и популизам. Стравувањата од некаков обид на Делијанис за остварување на грчките аспирации во моментите кога Македонија вриеше не беа споделувани од сите, посебно од оние кои знаеја да направат добра анализа. Таков беше францускиот пратеник во Атина, Д'Ормесон. Тој во разговорот со својот српски колега, Бошковиќ, ја исклучил можноста Грција да се вмеша во можните немири во Македонија во полза на тамошните Грци. Причината Д'Ормесон ја нашол во неподготвеноста на грчката војска и морнарица за поголеми операции[319]. Францускиот дипломат бил сосема во право.

Еден настан, навидум неважен, ќе доведе до засилување на делувањето, а подоцна и на грчката пропаганда во еден дел од Македонија. Во ноември 1902 година во Битола ќе пристигне Јон Драгумис како нов грчки вицеконзул[320]. Папаригопулосовата парадигма за византискиот елинизам

---

[317] Р. Поплазаров, Грчката..., с. 41, фус. 57
[318] Дипломатска..., док. 232, Атина, 22 новембра 1902, с. 357
[319] Дипломатска..., док. 235, Атина, 26 новембра 1902, с. 362
[320] D. Dakin, The greek..., p. 143

имаше огромно влијание врз овој, тогаш, 28 годишен грчки вицеконзул[321]. Тој, според Декин, имал наредба од грчкото министерство за надворешни работи да не прави проблеми[322]. Драгумис не правел проблеми на османлиските власти, но се зафатил со формирање на една организација која ќе има за цел оружено да делува во насока на одбрана на грчките интереси. Тој ја формирал Организацијата "Амина"(Одбрана). Во нејзиното формирање, покрај Драгумис, учествувале и : Аргирос Захос, Аристотелис Матлис, Филипос Капетанопулос, Наум Каларитис, Теодорос Модис, Христос Думас, Цамис Папаставрос, Василис Ниотис, Константинос Монахос, Димитриос Марку, Димитријадис и Спирос Думис[323]. Претседател на комитетот во Битола станал Ставрос Налис. Организацијата се поделила на два дела: едниот дел бил за градот, а вториот за регионот. Налис појавил особена активност во околината на Битола. Така во Мариово со помош на Михаил Папајани и Теодорос Модис успеал да формира еден клон на Организацијата[324]. Олеснителна околност на Налис била неговото занимање-тој како лекар можел да го прикрива честото патување по регионот. Инаку Амина дејствувала по системот на тројки. Првата тројка била формирана во Битола и во неа влегле: Т. Модис, А. Захос и Ф. Капетанопулос[325]. Оваа нова грчка организација во Македонија со оружје се снабдуваше од Грција, а за разни мисии во Атина најчесто бил праќан Наум Каларитис[326]. Целта на Амина, според правилникот беше"не соборување на режимот, туку национална одбрана, сојуз на грчките општини и взаемна помош"[327]. Влијанието на Папаригопулос и неговиот визнатиски елинизам врз Драгумис се гледа и во правилата на Организацијата, според кои тие што сакале да се заложат за Грците во Македонија и да го дигнат јавното мислење требале да ги потенцираат следниве точки во говорите: грчкоста на Македонија, како што тие сметале дека било нагласено во византиските извори; важната улога на Патријаршијата во времето на османлиското

---

[321] А. Каракасиду, Полиња жито..., с. 100
[322] D. Dakin, The greek..., p. 143
[323] K. Vakalopoulos, Modern history..., p. 220, Лазарь Кисилинчевь Гърцитя преди и следь Илинденското вьстние , сп. Илиндень 1903-1927, София, 1927, с. 47
[324] Л. Кисилинчевь Гърцитя преди..., с. 47
[325] К. Битоски, Дејноста на..., с. 200
[326] Л. Кисилинчевь Гърцитя преди..., с. 47
[327] K. Vakalopoulos, Modern history..., p. 220

владеење; надворешно инспирираните мотиви на Бугарите, важноста на хармонијата во грчките општини и потребата за вооружена борба, поддржана од грчката држава[328]. Така, Драгумис успева да ја создаде првата посилна грчка организација во овие делови на Македонија, која своето позасилено делување ќе го има после Илинденското востание кога реално МРО ќе биде доста заслабната, а грчката влада многу поотворено ќе ги подржува грчките организации и чети на османлиска територија.

Султановото ираде за реформи во Македонија од декември 1902 година очекувано беше предмет на широк интерес во Атина. Грчкиот министер за надворешни работи, Скузес, сметал дека објавените реформи нема озбилно да бидат изведени, ниту пак ќе му помогнат на христијанското население во областа да ја подобри својата позиција[329]. Скузес бил сосема во право. Неговата земја веќе имала долго и не многу пријатно искуство на Крит за начинот на кој Портата ги применува објавените реформи. Меѓутоа, грижата на грчкиот министер била насочена на друго место. Скузес стравувал дека сигурното неисполнување на објавените реформи ќе биде дополнителна причина за немирите кои биле очекувани на пролет[330]. Неговата загриженост не беше причина во Атина да не се говори за прашањето на евентуалното поставување на христијански гувернер во Македонија. Темата не беше нова, а и желбите беа веќе искажани. Атинските весници го разгледувале прашањето на гувернерот во Македонија, доколку европските сили успеат да го натераат султанот да ги изведе реформите. Според атинските весници, секоја народност во Македонија ќе сака на местото на гувернер да види свој човек[331]. Затоа грчките новинари давале свои предлози, зад кои можеле да стојат и политичарите. Така, атинскиот весник "Messager d'Athenes" предлага Македонија да се уреди по примерот на Швајцарија[332], значи да се подели на кантони. Нема никаков сомнеж дека кантоните би се создавале по етнички принцип, а тоа можеби било посакувано од некои кругови во Атина, кои сигурно би барале примена на познатата линија на грчките аспирации во Македонија. Сигурно

---

[328] исто, с. 221
[329] Дипломатска..., док. 243, Атина, 5 децембра 1902, с. 381
[330] исто
[331] Дипломатска..., док. 247, Атина, 14 децмбра 1902, с. 389
[332] исто

дека оваа идеја за поделба на Македонија на кантони немала да биде прифатена од никого, но самото нејзино изложување во еден грчки весник доволно говори за сериозноста со која во Атина, не само на владино ниво, се пристапувало кон македонското прашање. Во крајна линија од многу предлози, еден можеби би бил усвоен. Атинските весници не биле единственото место каде се појавувале идеи за тоа како треба да изгледа Македонија. Скоро во исто време со написите во атинските весници, Македонското научно-литературно другарство од Петроград на 12 ноември 1902 година испратил меморандум до руската влада во кој меѓу другото се барало признавање на Македонските Словени како посебен народ во султановата држава; признавање на македонскиот јазик како службен јазик во Битолскиот, Скопскиот и Солунскиот вилает, паралелно со турскиот; наименување на генерален гувернер за трите вилаети од мнозинската народност и негов помошник од помалку застапените народности и секако најважното и основно барање-автономија на Македонија во границите на Османлиската држава како привремено решение[333].

Сепак во Атина немало големо задоволство од предлозите за реформи во Македонија, кои биле сметани за руска работа. Некои медиуми дури незадоволно коментирале за отсуство на волја во Виена и Лондон за продолжување на политиката на статуквo во османлискат држава по секоја цена, а со тоа се подразбирало и политика на заштита на елинизмот и сузбивање на руското влијание[334]. Грчките политичари, кои во ова време нема да имаат позитивно мислење за реформите во Македонија, воопшто не го криеле своето незадоволство и стравување од истите, за кои, веќе напоменавме, мислеле дека нема да го решат проблемот, иако османлискиот амбасадор во Атина го убедувал Скузес дека реформите се поволни за грчките интереси[335]. Тоа ќе биде позицијата на Атина на почетокот на 1903 година, која ќе донесе не само големи проблеми и востание во Македонија, туку и нови реформи.

---

[333] Б. Ристовски, Македонија..., с. 231
[334] Дипломатска..., док. 252, Атина, 24 декември 1902, с. 398
[335] исто

3.2. Грција и Илинденското востание

Грција на почетокот на 1903 година сеуште ги чувствуваше последиците од поразот во 1897 година, иако односите со северниот сосед беа на ниво кое во претходниот период беше незамисливо. Причината е повеќе од јасна и едноставна. Настаните во Македонија и развојот на ослободителното движење, олицетворено пред се во МРО, придонесуваше двете соседни држави да имаат многу блиски и дури на моменти срдечни односи, што на некој начин беше нелогично имајќи ги предвид грчките апирации кон османлиските области-Македонија, Епир, Тракија, егејските острови и особено Крит.

Сепак МРО не беше единствената која ја оптоваруваше Атина. Грција, која со Романија после убиството на Михаелану ги подобри односите, и како што видовме беше одржана средба помеѓу грчкиот и романскиот крал не сакаше да види развој на романската пропаганда или пак да признае било какви влашки барања, кои повеќе од сигурно ќе ја ослабнеле позицијата на грчката пропаганда со оглед на големиот број на Власи кои активно учествувале во нејзиното делување. Одредени влашки кругови во Битолско побарале нивниот јазик да се користи во патријаршиските цркви, но барањето било отфрлено од страна на Патријаршијата[336]. Власите сепак успеале да слушаат литургија на влашки јазик. Егзархијата едвај дочекала шанса да и одземе на Патријаршијата нови верници. Битолскиот егзархиски митрополит дозволил влашка литургија во егзархиската црква. Влашката заедница се поделила по ова прашање, нешто што не беше изненадувачко. Прашањето за воведување на литургија на влашки

јазик предизвика и заладување на односите на грчкиот со романскиот конзул[337]. Овој случај е уште еден доказ дека во Абација ништо не било договрено.

Грците не заборавиле ниту на Скопје, иако градот не бил цел на грчките аспирации, но бил погоден како можност за пазарење. Тамошниот грчки конзул, Фонтана, го посетил скопскиот митрополит, Фирмилијан за даму го изрази незадоволството на Грците од јазикот кој бил користен во кореспонденцијата на митрополијата, односно истата се водела на српски[338]. Грците, воопшто и покрај сите тврдења за наводно малите недоразбирања околу поклопувањето на грчките и српските аспирации, биле мошне чувствителни на сите обиди на Белград да побара нешто повеќе во јужните делови на Македонија. Со тој набој била опфатена и грчката интелегенција. Така, Казазис, во едно свое предавање, одржано 1903 година, негирал постоење на Срби во Солун и неговата околина, а со тоа и било какви српски претензии кон овој дел од Македонија[339]. Познатиот професор бил сосема во право, но тој сакал да покаже дека само Грција имала право на овој македонски град.

Грците, кои негирале или пак не гледале со одобрување на било какви апсирации на другите во Македонија, како и автохтоноста на МРО, биле доста заинтересирани за посетата на грофот Ламсдорф на Белград и Софија, која била поврзана со реформите во Македонија. Лично грчкиот крал побарал информација од српскиот пратеник во Атина за тоа дали посетата се однесувала само на македонското прашање[340]. Самиот Георгиос по прашањето на реформите во Македонија го имал истото мислење како и водечките грчки политичари, кои се сомневале во успехот на целиот процес. Грчката влада презела одредени чекори во поглед на реформите, кои сега ги предложиле Виена и Петроград. Атина била многу сомничава кон реформската шема предложена од Русија и Австро-Унгарија, а нејзините дипломатски претставници тоа воопшто не го

---

[336] The events of 1903 in Macedonia as presented in European diplomatic correspondance, Thessaloniki, 1993, doc. 3, Thessaloniki, 16 january 1903, p. 30

[337] В, Георгиев, С. Трифонов, Срьбската и грьцката..., док. 14, Битоля, 2 януари 1903, с. 27

[338] Љ. Лапе, Извештаите на српските консули, митрополити и училишни инспектори во Македонија. Скопје, 1954, док. 1, Скопје, 6 јануари 1903, с. 13

[339] Ν. Καζαζις, Η Μακεδονια..., σ. 28–29

криеле[341]. Грците побарале од владата во Лондон да покаже поголем интерес за целиот процес на реформи во Македонија, кои не би требало, според тоа што го изјавувале во Атина, да биде штетен за интересите на Грција[342]. Британскиот министер за надворешни работи се интересирал која била опасноста од која Грците требале да се бранат. Метаксас го дал објаснувањето кое веќе било оформено во Атина. Според него реална опасност по грчките интереси би се појавила доколку за гувернер на цела Македонија биде избран, според неговото искажување, Бугарин, кој во обзир би ги земал само словенските интереси, а истото би се случило доколку жандармеријата би била подредена на бугарски офицери[343]. Грчката дипломатија не случајно се обрати до Лондон. Атина добро знаеше дека, во тие моменти, немаше голема наклоност на британската влада, но исто така добро знаеше дека владата во Лондон имаше свои забелешки на предлогот од Петроград и Виена, кој подршката на останатите европски сили ќе ја добие во февруари 1903 година.

Во Македонија грчките дипломатски претставници, како конзулот во Битола, појавувале голема активност и постојано ја известувале атинската влада за тамошните случувања, посебно за активностите на МРО. Пезас сосема точно ја известувал својата влада за неможноста на османлиските сили да ги спречат комитските акции, но неточно истите ги поистоветувал со панславистите[344]. Според Пезас под превезот Македонија на Македонците се сакало да се создаде автономна Македонија, која била опасна за интересите на елинизмот и затоа посочувал дека било време Грците да се организираат, а грчката влада требало да се загрижи додека е време[345]. Во таа насока во февруари 1903 година од грчкиот конзулат во Битола, најверојатно под влијание на Драгумис, била испратена телеграма до грчкото министерство за надворешни работи во која се барало материјална и морална подршка за организацијата Амина. Одговорот пристигнал во март истата година во кој се потенцира волјата на владата да го

---

[340] Дипломатска..., док. 261, Атина, 5 јануара 1902, с. 414
[341] ДАРМ,м-423,-Lansdowne, Vienna, 15 january 1903, FO 7/1338
[342] ДАРМ,м-423, Lansdowne-Egerton, Foreign Office, 7 january 1903, FO 32/743
[343] исто
[344] Ι. Σ. Νοταρη, Τα γεγονοτα..., σ. 48
[345] исто, с. 49

подржи барањето на конзулатот, но тоа ќе биде направено со голема внимателност[346]. Воопшто не зачудува позитивниот одговор на атинската влада. Нејзините конзули не само што испраќале извештаи до Атина во кои се говорело за опасностите по грчките интереси во Македонија, туку истото го говореле и пред своите колеги од другите држави. Евгенијадис на пример не ја криел својата вознемиреност пред српскиот конзул во Солун[347], а Пезас во Битола на тамошниот бугарски агент му се пожалил дека многумина во градот му се жалеле како биле заплашувани од комитите со цел да дадат пари[348]. Грчкиот конзул во Солун дури му пишувал за позицијата на елинизмот и на амбасадорот на Грција во Лондон, Метаксас, со цел истото да и биде соопштено на британската влада[349].

Прашањето на набавката и транспортот на оружјето за Македонија од Грција продолжи и понатаму. Тоа беше тема и на еден османлиски демарш до грчката влада од почетокот на февруари 1903 година[350]. Грците позитивно одговориле на барањето на Портата и ја засилиле контролата на границата. Владата во Атина со циркулар до началниците на полицијата во пограничните области препорачала да биде зголемено набљудувањето на преминувањето на границата[351]. На оние лица кои немале исправни пасоши или пак не можеле да го оправдаат влегувањето во Грција влезот нема да им биде дозволен. Ова особено се однесувало за оние лица кои бегале пред османлиските сили со цел да најдат засолниште на грчка територија[352]. Османлиските власти биле задоволни не само од позитивниот одговор на нивното барање, туку и од мерките преземени од страна на Атина во насока на контрола на границата[353]. Однесувањето на Грците и дел од гркоманите во Македонија исто така бил поволен за османлиските интереси. Сето тоа било доволно Атина и Цариград да водат тајни

---

[346] K. Vakalopoulos, Modern history..., p. 182
[347] Љ. Лапе, Извештаите..., док. 8, Солун, 5 февруари 1903, с. 82
[348] Освободителната борба..., док. 24, Битоля, 28 јануари 1903, с. 101
[349] Ι. Σ. Νοταρη, Τα γεγονοτα..., σ. 53
[350] V. Berard, Pro Macedonia, p. 205
[351] исто
[352] исто
[353] Дипломатска..., док. 297, Скопје, 1 февруара 1903, с. 499

преговори, кои во февруари нема да донесат спогодба, но и тоа набргу ќе се случи[354].

Официјална Атина засилено барала од големите сили да делуваат во Софија со цел да дојде до смирување на ситуацијата во Македонија. Веќе напоменавме дека Атина за се што се случуваше во Македонија ја обвинуваше Софија, не сакајќи да види дека македонското национал-ослободително движење е автохтоно, иако делувањето на Врховниот комитет конвенираше на нејзините обвинувања. Британскиот претставник во грчката престолнина имал разговор со кралот Георгиос во однос на постојаните поплаки на Атина за вмешаноста на Бугарија во случувањата во Македонија, при што го информирал за уверувањето дека Софија била под притисок на Петроград за запирање на активностите на македонските комитети[355]. Георгиос, изразувајќи задоволство од тоа што слушнал, во разговорот открил една работа која во текот на годината ќе стане редовна појава. Имено, според него, настаните во Македонија предизвикуваат потреси во Грција каде постојат индивидуи, кои како што се изразил, наивно сакаат да одат да се борат во Македонија и да им помогнат на Османлиите[356]. Според него, а тоа го тврдел и министерот за надворешни работи, Скузес, грчката влада се обидува со сите сили да спречи нерегуларните единици да заминат за Македонија. Меѓутоа, како што видовме, грчката влада веќе беше расположена да даде помош на организацијата Амина во Битола. Индивидуите кои сакале да одат во Македонија многу брзо услугите ќе ги понудат и на османлискиот амбасадор во Атина.

Слично како и во претходните две години и во февруари 1903 година грчката влада испратила на 16 февруари телеграма до Париз, но сега во однос на реформите во Македонија. Грчкиот амбасадор го посетил француското министерство за надворешни работи со цел да го извести Делкасе за ставот на Атина по однос на реформите во Македонија. Според владата во Атина, Грците биле помногубројни од, како што се наведува, Бугарите во Македонија, и бараат реформи за административен ред, а исто така пов-

[354] V. Berard, Pro Macedonia, p. 201
[355] ДАРМ,м-423, Egerton-Lansdowne, Athens, 13 february 1903, FO 32/744
[356] исто

торно се бара демарш на големите сили до Софија[357]. Грчката влада, всушност им даваше инструкции на своите дипломати во европските престолнини постојано да ја обвинуваат бугарската влада за вмешаност во случувањата во Македонија со цел да се принудат големите сили за спроведување на реформи во Македонија и да се уверат истите дека, како што се истакнува во грчките извештаи, во Македонија преовладува бугарскиот елемент[358]. Метаксас во Лондон го посетил Ленсдаун, барајќи британска подршка за грчките интереси[359]. Атина, која порано се спротивставуваше на било какви реформи во Македонија сега, започна да говори за нив без притоа да ги отфрли. Тоа не можеше ниту да го направи, бидејќи големите сили веќе се договорија во таа насока.

Грчката влада, гледајќи дека сама не може ништо да направи, а немајќи ниту подршка од некоја европска сила, повторно се решила да се обиде да се приближи кон Србија. Обидот нема да биде директен, на владино ниво. Грчкиот амбасадор во Петроград, Аргиропулос, се сретнал со својот српски колега при што му нагласил дека било време двете држави нешто да сторат за одбрана на своите интереси во Македонија[360]. Тој, неколку дена подоцна го обновил разговорот со предлог за обележување на сферите на интерес во Македонија со забелешка од опасност за преовладување на бугарските врз грчките и српските интереси во Македонија, заради блискоста на Софија со Петроград.

Постојаните меморандуми, протести и поплаки на атинската влада по европските престолнини воопшто нема да ја подобрат грчката позиција. Напротив, некои настани го покажуваат спротивното. Објавувањето на француската жолта книга предизвика шок и големи реакции во Атина. Едноставно не можеше да се поверува дека такво нешто може да излезе во една земја која порано имаше големи симпатии, но и разбирање за Грците и нивните интереси. Грците жестоко реагираа. Францускиот пратеник во Атина имал разговор со Скузес во врска со објавувањето на жолтата книга. Грчкиот министер незадоволно констатирал дека во публикуваниот

---

[357] Affaires..., janvier-fevrier 1903, Paris, MDCCCCIII, doc. 14, p. 9
[358] ДАРМ,м-423, Skozes-Metaksas, Athenes, le 25 fevrier 1903, FO 32/749
[359] ДАРМ,м-423, Lansdowne-Egerton, Foreign Office, 18 february 1903, FO 32/743
[360] Дипломатска..., док. 338, Петрогред, 26 февруара 1903, с. 564

документ се заборава на грчкото население и се потенцира преовладувањето на бугарскиот елемент во Македонија[361]. Грчкиот министер на морнарицата му нагласил на Д'Ормесон дека Грците во Македонија не значат ништо-"за нашето чесно држење добиваме казна, ако сме зеле оружје против бугарските разбојници, тогаш нас не би не третирале како нешто безначајно"[362]. Реакциите на атинскиот печат беа не помалку жестоки од оние на владата. Весникот "Атина" објавил "Официјална Франција сега покажува дека најмногу ги мрази Грците било затоа што ги заборавила своите либерални традиции, било поради Русија; таа стана недостојна за благородниот и либерален народ што го претставува..."[363]. Во статија "Политиката на Франција" печатена во весникот "Емброс" жестоко се напаѓаат француските конзули и амбасадор во Османлиската држава заради нивното пристрасно информирање за случувањата во Македонија, бидејќи не ги виделе убиствата на Грците[364]. Весникот "Кери" пак пишува за помошта која француските конзули ја имале од своите руски колеги во Македонија, кои се промотори на словенското движење во Македонија. Според авторот на статијата надворешната политка на Франција во однос на македонското прашање не е според либералните принципи[365]. Во сличен стил пишувал и "Кратос". Францускиот партеник во Атина сметал дека не треба да се посветува внимание на пишувањето на грчкиот печат, чијашто вредност и авторитет биле рамни на нула. Според него, иако духовите во Грција биле разбранувани и брзоплети, сепак постоеле разбрани и сталожени луѓе како Заимис и кралот, кој на неколкуте одржани средби со Д"Ормесон ниту еднаш не проговорил за работите во Македонија[366].

Грците не биле вознемирени само од појавувањето на изданија како што била француската жолта книга, туку и од било каква литература поврзана со Македонија. Затоа некои грчки интелектуалци преземаа активности со цел да дадат свое видување на настаните. Казазис во 1903 година,

---

[361] Affaires..., janvier-fevrier 1903, doc. 8, Athenes, 11 fevrier 1903, p. 5-6
[362] К. Битовски, Континуитетот..., с. 379
[363] К. Битоски, Дипломатските..., с. 126
[364] ДАРМ,м-233, d'Ars-le ministre de la guerre, Athenes, 6 avril 1903, ASHA
[365] исто
[366] К. Битоски, Дипломатските..., с. 127

преку здружението "Елинизмос" одржа серија предавања за Македонија, кои потоа беа објавени како книга[367]. Целта на предавањата и книгата, како што нагласува и самиот професор беше запознавање на јавноста, а посебно европската за состојбите во Македонија, бидејќи Европа добивала неосновани информации за Македонија, посебно од пансловенските комитети. Тој го кажува тоа што сите Грци би го кажале-Македонија господари со сите, според нив, грчки земји: Епир, Тесалија, Тракија[368]. Сепак во книгата има и еден интересен исказ на професорот. Казазис кога говори за јазикот на словенското население во Македонија, повикувајќи се на руски лингвисти кои во 1897 година ја обиколиле оваа османлиска област, наведува дека јазикот, кој тој го нарекува "славомакедонски идиом" не бил бугарски[369]. Нема никакво сомнение дека ова е едно од ретките признанија на грчки интеклектуалци за посебноста на јазикот на македонското словенско на селение, но според него нема Македонци бидејќи тие биле Грци, како што биле Грци и Пелопонесците, Епирците и др[370]. Како и да е ова е доволно за да се види дека одредени грчки интелектуалци сепак, нека биде и привремено, знаеле дека Македонците не биле Бугари. Предавањата и пишувањата на Казазис имале одглас во Европа, но не во посакуваниот правец. Во говорот на Франси де Пресансе во театарот "Воден дворец" одржан на 15 февруари 1903 година се споменало и името на атинскиот професор. Според де Пресансе друштвото ги слуша распалените говори на некои професори, како што е Казазис, кои говорат дека за остварување на големата идеја Грција требала да стане орудие на Турција[371]. Воопшто несогласувањето во Европа со грчката подршка на османлиските акции се повеќе се ширело, не само помеѓу јавноста.

Грција сметајќи дека најполезно за нејзините интереси се блиските односи со Портата на почетокот на март 1903 година ги привршуваше преговорите со Цариград за склучување трговски договор. Сето тоа во Атина го гледале во контекст на можен судир помеѓу Османлиската држа-

---

[367] Ν. Καζαζη, Η Μακεδονια...
[368] исто, с. 1
[369] исто, с. 7
[370] исто, с. 95
[371] Манол Пандевски, Македонофилското движење во Западна Европа во 1903 година, Скопје, 1995, с. 57

ва и Бугарија. Грција наводно побарала од османлиската влада да не прави проблеми кога ќе биде побарано присоединување на Крит кон Грција и Османлиите да го фаворизираат грчкиот елемент пред останатите во Македонија[372]. Меѓутоа, по се изгледа, дека овие услови повеќе служеле за внатрешна употреба, бидејќи како што нагласува српскиот пратеник во Атина "впрочем по својата сегашна воена подготвеност во материјален поглед, Грција би морала без посебни договори да биде неутрална"[373]. Трговскиот договор бил потпишан, а грчката дипоматија имала причина да биде задоволна. Грчкиот конзул во Скопје, Рафаел, најдобро ја објаснува причината за задоволството. Според него султанот со потпишувањето на договорот се согласил да бидат вратени привилегиите за грчките поданици укинати во 1897 година, а кои се исти како и за поданиците на големите сили[374].

Потпишувањето на трговскиот договор само потврдува дека двете соседни држави станувале се поблиски. Колку Грците биле проосманлиски настроени сведочи следниот пример. Грчкиот министер за морнарицата, Карапанос, изјавил дека морнарицата била во лоша состојба, но односите со Портата се добри и не мора да се брза со обнова на истата, додека пак премиерот Делијанис во парламентот потенцирал дека политиката на мир со Османлиската држава ќе донесе најдобри резултати за двете држави[375].

Грчките конзуларни претставници во Македонија повремено вршеле обиколка на областите кои потпаѓале под нивна јурисдикција. Грчкиот конзул во Битола, Пезас, заедно со Драгумис, кон крајот на февруари почетокот на март 1903 година ги обиколиле Охрид, Корча, Костур и Лерин[376]. Според гласините целта на нивната обиколка била собирање на потписи за петиција до султанот во која ќе се нагласи доброто живеење на населението под султановата власт, но исто така и да се одредеат места во кои би биле отворени нови грчки конзулати[377].

---

[372] Дипломатска..., док. 343, Атина, 1 марта 1903, с. 575
[373] исто
[374] Љ. Лапе, Извештаи..., док. 15, Скопје, 10 март 1903, с. 157
[375] Дипломатска..., док. 378, Атина, 28 марта 1903, с. 659
[376] Љ. Лапе, Извештаи..., док. 17, Битола, 12 март 1903, с.
[377] исто, док. 22, Битола, 21 април 1903, с. 199

Грција, како што видовме, беше доста заинтересирана за начините на кои ќе бидат применети реформите во Македонија, кога веќе беа донесени. Грчките дипломатски претставници во европските престолнини се ангажирале со цел да добијата информации околу тоа како ќе бидат имплементирани реформите, но исто така и да ги нагласат грчките интереси. Големите сили, според извештаите кои биле добиени во Атина немале да бараат нови коцесии од Портата и никакви специјални желби на било која народност во европскиот дел на Османлиската држава немале да бидат подржани[378]. Атина била задоволна од тоа што го слушала. Атинската влада дури изразувала надеж за побрзо применување на објавените реформи[379]. Промената на однесувањето по однос на реформите во Македонија е повеќе од очигледна. Зошто е тоа така објаснил грчкиот министер за надворешни работи. Скузес, користејќи едно пратеничко прашање во грчкиот парламент, рекол дека секое споменување на името Македонија предизвикува големе ентузијазам кај Грците. Според него, настаните од последните две до три години биле многу алармантни и тие се влошувале со цел да предизвикаат големите сили да застанат само зад една страна, но тоа се покажа како неосновано[380]. Скузес при крајот на својот говор ја открил причината за менувањето на ставот на грчката влада по одонос на реформите. Две од големите сили побарале од Портата да воведе реформи, но тие нема да го загрозат статусквото[381]. Токму зачувувањето на статусквото беше најпосакуваната работа во Атина. Нормално, се додека Грција не биде подготвена за акција.

Грчките власти продолжувале со апсењата на Македонците кои доаѓале во Грција со цел да набават оружје. Во текот на март и април апсења биле спроведени во Атина и Тесалија[382]. Атинската влада сметала дека емисарите од Македонија на големо доаѓале во Тесалија, а тоа било опасно за грчките интереси. Францускиот конзул од Волос известува за 28 уапсени индивидуи кои биле од Македонија во селото Кувели во близина на Каламбака кај кои имало 28 пушки од типот гра, 3200 парчиња минуција и 25 пар-

[378] Дипломатска..., док. 352, Атина, 11 марта, с. 602
[379] ДАРМ,м-423, Lansdowne-Egerton, Fopreign Office, 18 march 1903, FO 32/743
[380] ДАРМ,м-423, Egerton-Lansdowne, Athens, 10 march 1903, FO 32/744
[381] исто
[382] ДАРМ,м-423, Egerton-Lansdowne, Athens, 14 april 1903, FO 32/744

чиња динамит[383]. Уапсените биле однесени во Трикала и Лариса. Апсењата нема да го прекинат доаѓањето на нови пратеници кои изолирно доаѓале во Тесалија да набавуваат оружје, а биле поврзани со грчки трговци[384]. Токму учеството на грчките трговци во набавката и транспортот на оружје придонесуваше за одржување на каналите, иако за најголемиот дел од трговците тоа беше само комерцијална работа. Сепак како што ќе продолжува доаѓањето во Грција за набавка на оружје, но и за регрутација на македонски емигранти, така и грчката полиција ќе продолжи со апсења[385], но без да успее целосно да го прекине делувањето, слично како и во претходниот период. Затоа Атина ќе преземе дополнителни мерки. Владата издала наредба да се внимава врз македонските емигранти кои престојуваат во Грција и да се уапсат сите кои биле поврзани со комитетите[386]. Исто така започнало да се говори дека полицијата без исклучок ќе ги предаде сите осомничени со цел да се превенира било какво понатамошно влегување во Грција[387]. Тоа беше во духот на грчко-османлиската соработка на штета на интересите на најголемиот дел од македонското население, соработка која се одвиваше и на османлиска територија[388].

Грчката влада постојано протестираше заради случувањата во Македонија. Кон протестите на владата се приклучуваа и разните силогоси. Така Централниот македонски силогос на 17 април 1903 година испрати мемоар до европските влади. Во мемоарот бил нагласен грчкиот идентитет на Македонија, во која и покрај постоењето на други јазици, главен јазик бил грчкиот кој, според авторите на мемоарот, го говореле и разбирале сите Македонци[389]. Македонија, се нагласува во мемоарот, уште од времето на Александар и Аристотел ја пронесе грчката култура низ античкиот свет и ги постави темелите на модрената цивилизација. Во него исто така се посочува на опасноста Бугарија да ја преземе Македонија како што тоа го направи со Источна Румелија. Авторите на мемоарот

---

[383] ДАРМ,м-238, -Delcasse, Volo, 5 avril 1903, AMAE, Turquie, PI, Macedoine, VIII, f. 160
[384] ДАРМ,м-238, -Delcasse, Volo, 24 avril 1903, AMAE, Turquie, PI, Macedoine, VIII, f. 160
[385] ДАРМ,м-423, Egerton-Lansdowne, Athens, 2 may 1903, FO 32/744
[386] V. Berard, Pro Macedonia, p. 206
[387] ДАРМ,м-423, цит. док., Athens, 2 may 1903, FO 32/744
[388] Further correspondance, Turkey n. 1 (1903), London, 1904, doc. 124, Momnastir, 28 april 1903, p. 98

тврдат дека расположението на населението во Македонија не било во полза на комитетите и истиот го завршуваат со нагласувањето дека оваа асоцијација ги прифаќа предложените реформи, иако истите не обезбедуваат припојување на Македонија кон Грција. Мемоарот не содржи ништо ново во однос на грчките ставови, но владата не можеше толку отворено да говори за Македонија за да не ги доведе во опасност односите со Портата со која имаа толку заедничко во тие моменти. Затоа делувањето на силогосите и праќањето на мемоари, организирање на протести и сл., беше повеќе од добредојдено за атинската влада. Мемоарот на Силогосот беше испратен до владите на европските сили, но исто така беше објавен и во некои публикации кои беа посветени на настаните во Македонија[390]. Целта на некој начин беше постигната без разлика на коментарите, кои во Атина и онака никого не го интересираа. Централниот македонски силогос во рамките на своите активности ги користеше и услугите на некои прогрчки ориентирани европски интелектуалци, новинари, политичари, како Чарлс Дилк, германскиот новинар Макс Нордау и др. Меѓутоа за грчките поплаки никој немаше разбирање, гледајќи што се случува во Македонија, особено со однесувањето и делувањето кон македонското население од страна на османлиските власти, чии сојузници беа Грците.

Грчката јавност која постојано беше информирана за настаните во Маедонија имаше можност во април 1903 година изворно да биде запозната со ставовите на македонските револуционери. Имено, на 8 мај 1903 година во атинскиот весник "Акрополис" било објавено интервју со Никола Карев. Тој на прашањата на грчкиот новинар отворено одговорил дека Организацијата не била бугарска и порачал дека не би била одбиена грчка помош доколку истата била понудена[391]. Карев ја нагласил желбата на македонските револуционери нивната татковина да стане република, која ќе има добри односи со сите соседи, а не само со Бугарија како што прашал новинарот. Самото интервју не можело да придонесе за промена

---

[389] ДАРМ,м-420, Memoire de l'association centrale Macedonienne d'Athenes, 17 avril 1903, FO 195/2154

[390] Maurice Gandolphe, La crise Macedonienne, Paris, 1903, p.28

[391] Историја на македонскиот народ, т. 3, Скопје, 2003, с. 243

на ставот на Грците кон тоа што се случуваше во Македонија, но сепак беше добра можност да се покаже реалноста, а се состоеше во фактот дека МРО беше автохтона македонска рожба, а не бугарска.

Додека Грција се повеќе и повеќе стануваше преокупирана со Македонија и ја подржуваше Османлиската држава на сметка на поголемиот дел од македонското население, во Солун се случија познатите солунски атентати, кои имаа одраз во Грција, секако негативен. Атентатите сепак не може да се каже дека беа изненадување за грчката влада. Грчкиот конзул од Солун, Евгенијадис, во април 1903 година испратил извештај до Атина во кој вели:"Се шират гласови дека и во самиот град Солун, Бугарите ќе извршат злосторства и со употреба на динамит ќе нападнат цркви и ноќни процесии по повод велигденските празници, како и други јавни установи, со цел да се создадат паника и впечаток дека турската власт не може да обезбеди сигурност и оти се господари на земјата"[392]. Откако атентаторите ќе ги извршат своите задачи, во Атина по весниците ќе започне голема хајка против младите анархисти. Ништо друго ниту можеше да се очекува. Грците сметаа дека и тие, поточно нивниот конзулат биле една од планираните цели на атентаторите. Во весникот "Емброс" се појавила статија во која се потенцира намерата на гемиџиите да ги нападнат грчкиот конзулат, патријаршиската митрополија и грчката градска гиманзија[393]. Грчкиот конзул во градот исто така тврдел дека има информации за намерата на атентаторите да го нападнат конзулатот[394], а и еден британски документ говори за план за напад врз грчкиот конзулат и патријаршиската митрополија, врз база на признание на уапсен Македонец[395]. Не би било изненадување доколку гемиџиите навистина имале намера да го нападнат грчкиот конзулат во Солун, со оглед на постојаните апсења во Грција на македонски емигранти и набавувачи на оружје[396].

Заканата на грчките власти за екстрадиција на уапсените Македонци започна да се остварува. На 15 мај во Солун "биле доведени Маке-

---

[392] Крсте Битоски, Солунските атентатори, Солун, 1985, с. 107
[393] исто, с. 173
[394] исто, с. 172
[395] Further..., doc. 123, Monastir, 28 april 1903, p. 98
[396] Битоски тврди дека гемиџиите немале намера да нападнат грчки институции и имоти во градот.(К. Битоски, Солунските..., с. 173)

донци од Грција, со грчки бродови, уапсени во Волос како соучесници на комитетот"[397]. Во Битола, пак, на 4 јуни биле доведени 22 уапсени Македонци од Грција под обвинение дека биле вмешани во илегалната трговија со оружје, кои веднаш биле спроведени во тамошниот затвор. Грчкиот конзул во градот воопшто не криел дека грчките власти работат врз база на информациите кои тој ги праќал[398]. Грчката влада на 1 јуни 1903 година и предала на Портата список со македонски агитатори уапсени во Грција. кои биле поврзани со, според грчките гледишта, субверзивни организации[399].

Освен со апсењата и екстрадициите, Грците своите проосманлиски чувства ги покажувале и со барања за приклучување кон османлиската војска, истата која во 1897 година беше непријателска и за малку ќе влезеше во Атина. Неколку офицери на грчката војска се обратиле до османлискиот пратеник во Атина со барање грчки офицери и војници да бидат примени во султановата војска со цел да се борат со, според нив, бугарските банди[400]. Османлискиот амбасадор се заблагодарил на понудата при што нагласил дека османлиската војска и полиција се доволно силни за да ги разбијат четите.

Однесувањето на Грците се повеќе предизвикуваше неодобрување и некој вид осуда во Европа, а за последица имаше и едноставно игнорирање на грчките меморандуми и барања. Српскиот амбасадор во Рим по однос на грчкото проосманлиско однесување напишал:"Што се однесува до Грција, нејзиното однесување просто стана одвратно. Туркофилските изјави на нејзините државници и дипломати, а уште повеќе туркофилските манифестации на кои грчката младина им дава тон и свој дел има и грчката војска во целиот свет се видени како еден срам, како еден јавен скандал... Овдешниот грчки пратеник, Х. Мизопулос, кој и така крева многу прашина околу себе, што не е убаво гледано од италијанската влада и дипломатскиот кор, им предал на претставниците на големите сили еден меморандум во врска со грчките права во Македонија. На тој мемо-

[397] Љ. Лапе, Извештаи..., док. 38, Солун, 25 мај 1903, с. 245
[398] ДАРМ,м-425, McGregor-Billioti, Monastir, 6 june 1903, FO 195/2156
[399] V. Berard, Pro Macedonia, p. 206
[400] исто. с. 193

рандум, не само што никој не му посвети внимание, туку некои амбасадори, како францускиот и рускиот не сакале да го примат на знаење, ниту да гу потврдат приемот"[401]. Некои поранешни големи еленофили, како Виктор Берар на пример, сега многу негативно пишувале за грчкото однесување. Берар сојузништвото на Грција со Османлиската држава го нарекол вистинско морално фијаско[402]. Атина не ја менувала својата политика заради се почестите критики. Едноставно грчките политички кругови биле на мнение дека во тој момент политиката на добри односи со својот сосед била најдобро решение за интересите на елинизмот, без разлика на се поголемата осаменост на меѓународен план.

Грците наместо да се замислат за критиките на сметка на нивната политика повеќе ја анализирале ситуацијата во и околу Македонија. Атинската влада и понатаму следела што ќе стане со реформите објавени во февруари 1903 година. Кралската влада, барем јавно, тврдеше дека реформите ќе донесат поголема лична и имотна заштита, а христијаните ќе можат послободно да работат на просветната и културната дејност. Премиерот Делијанис во таа насока изјавил Грците треба да се задоволат, а од друга страна со нови сили и средства да се работи на пропагандно поле, додека пак дома треба да се работи на подигнување и зајакнување на воената сила[403]. Меѓутоа еден настан ќе предизвика голема загриженост во Атина. Пристигнувањето на Начович во османлиската престолнина ќе биде причина за голема вознемиреност во Грција, бидејќи постоело стравување од можноста Бугарите да добијат поголеми отстапки. Атина не чекала. На 24 мај грчката влада направила дипломатски чекор кај Портата, со кој сакала да ја нагласи опасноста по мирот на Балканот, доколку османлиската влада, под било чиј притисок, им направи отстапки на Бугарите[404]. Грчката влада мораше да реагира и заради своите интереси, но и заради јавноста во Грција. Како ќе се оправдаше проосманлиската политика, која ја остави Атина изолирана.

---

[401] Дипломатска...., док. 423, Рим, 14 мај 1903, с. 752-753
[402] К. Битоски, Солунските..., с. 173
[403] Дипломатска...., док. 425, Атина, 16 маја 1903, с. 755
[404] Дипломатска...., док. 430, Атина, 27 маја 1903, с. 763

Одредени грчки кругови размислуваа за посериозна грчка акција во Македонија, не исклучувајќи ја и воената, преку делување на чети, чии контури се назираа. Ангелакис Сакелариос, кој беше мета на МРО кон крајот на 1900 година, откако се опорави продолжи да делува против организацијата. Тој, иако живеел во Грција, тврдел дека до пролетта 1903 година во Гевгелиско и Гуменџеско останале уште девет патријаршиски села, но и тие биле вклучени во редовите на Организацијата[405]. Затоа тој предлагал грчките фактори да преземат посериозни мерки против ширењето на МРО во овие села. Тој барал мерки, а Коте барал помош од грчката влада, преку битолскиот конзул, со праќање на чети[406]. Исто така и Каравнгелис постојано барал испраќање на чети од Грција. Во мај 1903 година Павлос Мелас избрал 11 Критјани кои требале да заминат за Македонија со цел да видат што може да се направи. Групата ја сочинувале: Ефтимиос Каудис, Георгиос Диконимос-Макрис, Георгиос Пераклис или Перас, Ламбринос Вранас, Л. Ламбринос или Никитакис, Георгиос Сејменис, Дралкас, Манусос Катунетос, Георгиос Зуридис, Николаос Ликакис и Кукос[407]. Сепак од оваа група само четворица заминаа за Македонија-Каудис, Макрис, Вранас и Перакис[408]. Заради солунските атентати само Перакис продолжил за Битола каде се сретнал со Драгумис, а подоцна во Костур се сретнал со Каравангелис[409]. Откако ги обавил разговорите и ја согледал состојбата на теренот, Перакис се вратил во Атина каде го информирал Мелас за резултатите од разговорите и воопшто за своите согледувања. Според Вакалопулос, мисијата на четворицата критјани не била успешна, бидејќи тие во внатрешноста биле спречени од страна на грчкиот вицеконзул во Солун, Филипос Кондогурис, кој сметал дека целата работа била опасна[410]. Сепак активноста на Кондогурис е во колизија со онаа на битолскиот грчки конзул, Пезас, кој отворено уште во март 1903 година на британскиот вицеконзул во градот, му говорел за потребата

---

[405] Манол Пандевски, Националното прашање...
[406] Љ. Лапе, Извештаи..., док. 22, Битола, 21 април 1903, с. 194
[407] K. Vakalopoulos, Modern history..., p. 218
[408] Р. Поплазаров, Грчката..., с. 44
[409] исто
[410] K. Vakalopoulos, Modern history..., p. 218

од формирање на грчки чети[411]. По се изгледа дека во грчките политички и дипломатски кругови, првично, постоело двоумење и различни пристапи околу праќањето на четите. Спанос, во своите меоари, говорејќи за неговиот предлог од јуни 1903 година до Драгумис и Панас за формирање на чети, го наведува несогласувањето на Панас, дипломатски службеник во министерството за надворешни работи, со образложение дека грчката влада не смее да предизвика проблеми[412]. Спанос сепак делумно ќе обезбеди средства за формирање на чета, но од приватни фондови. Претседателот на Централниот македонски силогос, Геројанис ќе му додели одредена сума на пари за таа намена[413]. Како и да е прашањето на формирање и праќање на чети од Грција во Македонија покажува една работа. Позицијата на елинизмот била толку слаба што грчката пропаганда во Македонија не можела самостојно да формира поголем број чети за да можат истите да делуваат во оваа османлиска област.

Слабата позиција на елинизмот во Македонија, која не била подобрена ниту со проосманлиската политика на официјална Атина, им била добро позната на голем број грчки интелектуалци, политичари, новинари, воопшто јавни работници. Токму тие решаваат да преземат нешто во правец на засилување на позициите на елинизмот во Македонија. Во јуни во Атина се сретнале повеќе видни личности од грчкиот јавен живот-Г. Теотокис, С. Драгумис, Д. Калопотакис и многу активниот Н. Казазис. Тие на состанокот се согласиле за неопходноста од создавање на здружение за македонското прашање кое би се викало "Македонска одбрана" и би било формирано во Атина[414]. Здружението би имало клонови во повеќе градски центри во Македонија. Тоа ќе собира професори, наставници, лекари, свештеници и адвокати, а ќе се ангажира во собирање на финанссиски средства и информации за состојбите во Македонија. Особено внимание ќе се посвети на издавањето на информативни памфлети за да се влијае врз европското јавно мислење. Оваа идеја ќе заживее после Илинденското востание, но основите веќе се поставени.

---

[411] The events..., doc. 40, Monastir, 31 july 1903, p. 74
[412] Ν. Σπανου, Αναμνησεις..., σ. 39
[413] исто, с. 40
[414] Κ. Βακαλοπουλος, Η Μακεδονια..., σ. 327

Во Атина во 1903 година се појави една брошура на Јоанис Стефанополис која всушност беше статистика на извршените атентати врз патријаршистите во Македонија од 1897 до 1903 година[415]. Брошурата содржи податоци за вкупно 228 напади врз патријаршисти. Во неа, во предговорот се користат цитати од Цончев и М. Сарафов, но не и од дејци на МРО. Оваа брошура беше широко распространувана од страна на грчката дипломатија, поточно делот кој се однесува на статистиката за извршените атентати. Така грчкиот амбасадор во Лондон, Метаксас на 17 јуни, говорејќи со Ленсдаун околу мисијата на Начович во Цариград, ја искористил можноста да му го предаде делот од оваа брошура кој се однесувал на статистиката[416]. Најверојатно на тој начин грчката влада се надевала дека ќе постигне одреден ефект. Исто така, кога беше во прашање британската политика на Балканот, посебно во однос на Македонија и грчките интереси, официјална Атина сметаше дека политиката на Лондон не беше позитивна за грчките интереси, а мислењето на Атина беше потхранувано и со информациите кои владата ги добиваше од својот амбасадор во Цариград, Грипарис[417].

Грците непосредно пред Илинденското востание повеќе не криеја дека имаа свои помали чети. Костурскиот митрополит, Каравангелис, се жалел на делувањето на Чакаларов, но истовремено бил придружуван, при неговите патувања од дваесеттина луѓе, припадници на четата на Вангел од Стребено[418]. Британскиот вицеконзул во Битола, МекГрегор, за делувањето на четата на Вангел известува дека личи истата да била формирана со дозвола од страна на османлиските власти[419]. Кога говориме за формирањето на првите грчки чети за делување во Македонија, интересно е тврдењето на грчкиот историчар Нотарис дека австрискиот конзул во Софија му дал еден совет на својот грчки колега. Имено, според овој дипломат, Грција заради воениот пораз 1897 година чувствувала сериозни

[415] Jeanne Z. Stephanopoli, Bulgares contre Hellenes, Athenes, 1903
[416] Further..., doc. 200, Foreign Office, 17 june 1903, p. 165-171
[417] ДАРМ,м-423,Egerton-Lansdowne, Athens, 20 july, 1903, FO 32/745
[418] Данчо Зографски, Извештаи од 1903-1904 на австриските претставници во Македонија, Скопје, 1955, док. 8, Битола, 22 јули 1903, с.
[419] The events..., цит. док., Monastir, 31 july 1903, p. 74

последици. Затоа најдобро би било, доколку сакала да постигне успех, да испраќа помали чети во Македонија[420].

Грчкиот вицеконзул во Битола, Драгумис, непосредно пред почетокот на Илинденското востание направи обиколка на југозападна Македонија со цел да утврди какви се позициите на грчката пропаганда, но исто така и да формира клонови на својата органинзација. Така, при неговиот претстој во Кожани, тој зедно со банкарот од Битола, Захос и кожанските лекари Метаксас и Мамузијас и управникот на тамошната гиманзија, Лиуфидис, го формирале клонот на Амина за овој град[421]. На тој начин се ширела мрежата на оваа организација што ќе биде поволно за грчките интереси во периодот по Илинденското востание.

Почетокот на востанието во Македонија не беше изненадување за Грците, кои цело време приложуваа разни протести и меморандуми до големите сили. Самите грчки владини претставници, како што веќе видовме, говореа за можни немири во Македонија. Грчкиот конзул во Битола, Кипреос, во еден од своите први извештаи до атинската влада за востанието дури тврди дека непосредно пред самиот почеток на Востанието, една група на селани, наводно, го информирала за денот кога ќе почне востанието. Тој го известил битолскиот Валија, но овој не презел никаква активност[422]. Кипреос дава и детален преглед за првите востанички активности, иако истите сака да ги прикаже како ограничени[423]. Сепак, изненадување за Атина беше учеството на патријаршистите во востаничките акции. Кипреос ја известува владата во таа насока. Според него и албанофоните и влахофоните, мислејќи на патријаршистите, покажале добронамерност кон движењето не заради тоа што, според него, било бугарско, туку ослободително[424]. Тоа значи дека и патријаршисти кои не биле Македонци се вклучиле во востаничките редови или пак имале симпатии кон истото. Кипреос открил и една дилема со која, на почетокот, се соочила грчката страна. Имено, тој логично заклучува дека солидарноста

---

[420] Ι.Ε.Νοταρη, Τα γεγονοτα..., σ. 42

[421] Λαζαρος Α. Παπαιωαννου, Ο μακεδονικος αγωνας στην επαρηια Κοζανης, Ο μακεδονικος.. ., σ. 374–375

[422] Οι απαρχες του μακεδονικου αγωνα, (1903–1904), Θεσσαλονιη, 1996, ε. 2, Μοναστηρι, 24 ιουλιου 1903, σ. 73

[423] Οι απαρχες..., ε. 1, Μοναστηρι, 24 ιουλιου 1903, σ. 73

со османлиските сили ќе го намали престижот на Грците, а отвореното вклучување во движењето ќе биде ризично[425]. Последната варијанта била наполно неприфатлива за влијателните фактори во Атина и грчките кругови во Османлиската држава.

Грчката влада уште од самиот почеток на Илинденското востание презеде активности против успехот на истото, кое било сметано како многу опасно и штетно по грчките интереси. На почетокот на август, грчкиот амбасадор во Цариград го посетил султанот и му ги изложил погледите за тешката ситуација во Македонија и тамошните патријаршисти. Грипарис го напоменал барањето на својата влада за одобрување на наоружување на Грците за да се справат со, според него, бугарските закани[426]. Абдул Хамид го одбил барањето со образложение дека постоела опасност и муслиманите да побараат оружје. Всушност султанот елегантно го одбил грчкото барање, бидејќи во добар дел муслиманите биле наоружани. Грипарис се сретнал и со својот британски колега, О'Конор, на кого исто така му се пожалил за тешката позиција на македонските Грци, како и за намерата на Организацијата, која тој, како и сите Грци, ја сметаше за бугарска, да предизвика репресалии и решавање на македонското прашање во насока на бугарските желби[427].

Атина започнала да врие заради Востанието. Не само владата, туку и разните организации започнаа да делуваат за да се осуди Илинденското востание и да се бара негово задушување. Претседателот на Централниот македонски силогос, Геројанис, го посетил османлискиот амбасадор и му предал една петиција во која се изразува гневот заради бугарските злосторства, притоа барајќи населението, таму каде нема редовна војска, да добие оружје за одбрана[428]. Исто така Геројанис бил и во руската амбасада за да го изрази незадоволството од "однесувањето на Бугарите во Маке-

---

[424] Οι απαρχες..., ε. 3, Μοναστηρι, 26 ιουλιου 1903, σ. 75
[425] исто, с. 75-76
[426] K. Vakalopoulos, Modern history..., p. 182
[427] исто, с. 183
[428] Турски документи за илинденското востание од султановиот фонд "Јилд'з", Скопје, 1997, док. 43, Атина, 8 август 1903, с. 55

донија"[429]. Активностите на овој, но и на другите силигоси ќе продолжат во текот на целото Востание паралелно со оние на грчката влада.

Заради настаните во Македонија беше нормално да се очекува уште поголемо зближување помеѓу Атина и Цариград. Во османлиската престолнина престојувала грчка делегација која разговарала за можна посета на кралот Георгиос на Цариград. Наводно тие, исто така, требале да разговараат и за условите под кои би можела да биде потпишана воена конвенција помеѓу Грција и Османлиската држава во случај последната да влезе во војна со Бугарија[430]. Српскиот пратеник во Цариград по повод гласините за можноста за потпишување на воена конвенција помеѓу Атина и Цариград, саркастично забележал:"Среќа е за грчкиот образ што Турција имала можност на дело да ја оцени сета храброст и издржливост на грчката војска и заради тоа ни малку не се осудува да склучи сојуз со сограѓаните на Делијанис и Ралис"[431]. Овој коментар најдобро кажува какви биле можностите за склучување на воената конвенција, но односите помеѓу Атина и Цариград и натаму ќе стануваат се поблиски, барем во овој период.

Ако воената конвенција не можеше да се склучи или пак не беше предвидена, имаше Грци од кралството кои сакаа доброволно да пристапат во султановата војска. Една студентска делегација го посетила османлискиот амбасадор во Атина со барање до Саадедин-бег да бидат примени во редовите на османлиската војска[432]. Оваа постапка на грчките студенти беше пренесена и од османлискиот печат, но можеше да се прочита и во грчкиот, кој веќе не беше забранет да се продава во османлиската држава. Непосредно пред почетокот на Востанието, Портата донесе решение со кое било дозволено продавање на весници печатени во

---

[429] ДАРМ,м-455, Frangville-Calyevitch, Atehes, 8 aout 1903, ПО, Ф-V

[430] ДАРМ,м-455, -Каљевиќ, Цариград, 9 август 1903, ПО, Ф-V. За можноста од судир на Портата со Бугарија говорел и великиот везир, Ферид-паша, во разговорот со грчкиот амбасадор во Атина, кога станало збор за мерките што османлиската влада ги презела за задушување на востанието, притоа жалејќи се за големите трошоци кои Портата морала да ги трпи од држење на големи воени сили на границата. (Ристо Поплазаров, Односот на кралството Грција и на Цариградската патријаршија спрема ВМРО и Илинденското востание, Илинден 1903, Скопје, 1970, с. 141)

[431] ДАРМ,м-455, цит. док, Цариград, 9 август 1903, ПО, Ф-V

[432] V. Berard, Pro Macedonia, p. 193, f. 1

Грција[433], кои од 1897 година беа забранети да се увезуваат и дистрибуираат.

Владата на премиерот Ралис, како што можеше да се очекува, покажуваше голема активност по прашањето на востанието. Тој, уште од самиот почеток, постојано се сретнуваше со амбасадорите на големите сили во Атина, изложувајќи им ги грчките погледи за настаните во Македонија, кои не ретко беа претерано негативни за македонското Илинденско востание. Ралис на средбата, од 11 август, со британскиот пратеник во грчката престолнина ја изразил својата загриженост за ситуацијата во Македонија. Според него, грчкото население во немирната османлиска област било малтретирано и убивано како резултат на одбивањето на Грците да ги помогнат или пак да им се придружат на востаниците[434]. Ралис имал подготвено, како што самиот истакнал, подолг список на насилни акти извршени врз Грците во Македонија. Грчката влада била во тешка позиција, бидејќи морала да биде воздржана иако сакала да им помогне на своите сонародници, истакнал грчкиот премиер[435]. Искажувањето на Ралис се разликува од она на грчкиот конзул во Битола. Грчкиот пратеник во Лондон го посетил британското министерство за надворешни работи со цел исто така да говори за тешката положба на грчкото население кое, според него, броело скоро 800 000 луѓе[436]. Затоа големите сили требале да ја притиснат Портата да преземе ефктивни мерки со цел да излезе на крај со востаниците.

Ралис во разговор со францускиот пратеник во Атина, нагласувајќи ја влошената позиција на Грците во Македонија, ја споменал можноста од граѓанска војна меѓу двата доминантни христијански елемента во Македонија, бидејќи Грците ќе морале да делуваат во самоодбрана[437]. Во Атина пристигнувале информации за напади на востаниците врз грчкото и патријаршиското население, без да бидат поштедени жените и децата, што предизвикувало негативни реакции. Се повеќе се истакнувала потребата за

---

[433] ДАРМ, фонд: Ј. Јовановиќ-Пижон, к-I, сиг. 1.17.1.21, Ристиќ-Каљевиќу, Битољ, 28 јула 1903, пов. 505

[434] ДАРМ,м-423, Des Graz-Lansdowne, Athens, 11 august 1903, FO 32/745

[435] исто

[436] ДАРМ,м-423, Lansdowne-Des Gratz, Foreign Office, 12 august 1903, FO 32/743

вооружување на патријаршистите во Македонија, а за таа цел се изјаснил и Централниот македонски силогос, но Ралис не ги одобрил овие барања, дури, според францускиот пратеник во Атина, му одржал лекција на претседателот на силогосот со која јасно му ставил до знаење дека нема да дозволи владата да биде вмешана во таа можност[438]. Реакцијата на Ралис е разбирлива. Нема никакво сомниние дека и тој размислувал во правец на вооружено делување. Видовме дека грчкиот амбасадор во Цариград му споменал на Султанот можност патријаршистите да добијат оружје за, како што било истакнато, самоодбрана. Сигурно е дека Грипарис предлогот до Абдул Хамид не го дал по сопствена иницијатива. Многу брзо и самиот Ралис ќе го истакне истиот предлог, но тој не сакал разните силогоси, барем во тој момент, да го водат зборот околу можното вооружување на патријаршистите. Во таа насока е и пишувањето на провладината "Проја" од 11 август. Во неа се истакнува дека јавноста не треба да се посветува на митинзи и зборови, бидејќи веќе се покажала некорисноста од демонстрациите во минатото пред големите сили по прашањето на заштитата на националните интереси во Македонија[439]. Затоа тие прашања требале целосно да и бидат препуштени на владата. Советите за воена интервенција во Македонија, според авторот на статијата, не биле паметни, бидејќи тоа е работа на османлиската војска, додека елинизмот можел да дава само морална подршка за спречување на бугарското движење.

Ралис продолжил со постојаните жалби за позицијата на македонските Грци, но и од проширувањето на востаничките активности. Последново особено било загрижувачко за официјална Атина. Тој на британскиот пратеник му го посочил гратчето Гуменце како нов регион во кој биле проширени дејствата на востаниците со што судирите се приближувале до Солун[440], а тоа сигурно не било посакувано во Атина. Востаниците, кои Ралис ги нарекувал разбојници и за кои тоа, според него, било единственото име кое можело да се употреби, делувале и во околината на

---

[437] Илинден во француските дипломатски документи, Скопје, 1993, док. 22, Атина, 13 август 1903, с. 110

[438] Илинден во..., док. 26, Атина, 14 август 1903, с. 118

[439] ДАРМ,м-423, Des Graz-Lansdowne, Athens, 12 august 1903, FO 32/745

[440] ДАРМ,м-423, Des Graz-Lansdowne, Athens, 14 august 1903, FO 32/745

Костур, град кој бил само неколку часа од границата со Грција. Целта на востаниците, според грчкиот премиер, било православното население и затоа истото морало да биде заштитено[441]. Ралис под православно население ги подразбирал патријаршистите.

Грчката влада, во текот на целото времетраење на востанието, била во многу блиски контакти со османлискиот амбасадор во Атина. Ралис го советувал султановиот пратеник, османлиската војска што побрзо да го задуши востанието, дури ја споменал и можноста грчката морнарица да и биде ставена на располагање на Портата ако оваа тоа го побара[442]. Ралис неколку дена претходно во разговорот со истиот пратеник ја споменал и можноста за вооружување на патријаршистите во Македонија како средство за нивна самоодбрана со што би се одбраниле од бугарските банди[443]. Грчкиот премиер во разговорот со султановиот амбасадор се задржал и на прашањето за именување на христијански гувернер во Македонија, иницирано од Организацијата. Грчкиот премиер негативно се произнесол за таквата можност[444]. Сепак, Спиридон Левидис, секретар на грчката амбасада во Париз, тврдејќи пред францускиот министер за надворешни работи дека Грците го сочинуваат скоро целото христијанско население во Македонија, ја нагласил својата подготвеност да го прифати именувањето на еден христијански гувернер во немирната област[445]. Веќе видовме дека Грците, првично, колку и да биле против реформите во Македонија и можноста таа да стане автономна, многу брзо се прилагодувале на развојот на настаните, дури во Атина пред востанието и се говорело за можноста еден грчки принц да биде на чело на Македонија како гувернер. Во текот на Илинденското востание се појавиле гласини за можноста принцот Георгиос да биде назначен за гувернер на Македонија[446]. Сепак, тоа не значи дека во Атина и навистина би се согласиле за автономна Македонија, а и во грчкиот печат по повод гласините за можноста принцот

---

[441] исто
[442] Турски документи..., док. 78, Атина 16 август 1903, с. 86
[443] Турски документи..., док. 69, Атина 14 август 1903, с. 77
[444] исто
[445] Илинден во..., док. 28, Париз, 15 август 1903, с. 120.
[446] ДАРМ,м-455,-Kalyevitch, Athene, 15 aout 1903, ПО, Ф-V

Георгиос да биде назначен за гувернер на Македонија се појавиле написи во кои било изразено сомнение околу споменатата можност[447].

Развојот на востанието, но и османлиските противудари почнале да ја стават атинската влада во малку незгодна позиција пред домашната јавност. Имено, со акциите на османлиските сили биле погодени и патријаршистите, како што беше случајот со гратчето Клисура, кое беше населено претежно со влашко население и зеде учество во востанието. Заземањето на Клисура од страна на османлиските сили беше проследено со репресалии, кои предизвикаа реакција на емигранти и поранешни жители на ова мало гратче, кои тогаш живееле во Атина. Тие одржеле собир во грчката престолнина на кој избрале една делегација која требало да се сретне со грчкиот премиер со цел да побара од него да изврши притисок врз Портата и да го искаже своето незадоволство заради масакрот во Клисура[448]. Како резултат на притисокот на, сигурно, влијателните жители на Клисура, Ралис се сретнал со османлискиот пратеник во Атина со цел да го потсети на однесувањето на османлиските сили кон патријаршистите. Грчкиот премиер морал да делува, бидејќи ќе имал големи проблеми да и објасни на грчката јавност како пријателската османлиска војска вршела репресалии и врз патријаршистите во Македонија.

Настаните по заземањето на Крушево дополнително ќе предизвикаат проблеми за Ралис и проосманлиска политика на неговата влада. Според првичните информации во Крушево, како резултат на османлиското заземање на градот, најмногу настрадал делот во кој живеело влашкото население[449], кое во Атина беше сметано за грчко. Ралис за уништувањето на градот ги обвинил востаниците, пред се заради извештаите на битолскиот конзул[450]. Грчкиот премиер веднаш побарал од големите сили да бидат преземени мерки против востаниците. Но вистината била подруга. Затоа грчкиот премиер многу брзо ќе биде принуден да ги преиспита своите обвинувања на сметка на востаниците.

---

[447] исто
[448] исто
[449] Д. Зографски, Извештаи на австриските..., док. 20, Битола, 18 август 1903, с. 75
[450] Освободителната..., док. 150, Скопие, 14 август 1903, с. 405

Настаните, поточно османлиските репресалии врз преостанатото население по заземањето на Крушево ќе бидат добра шанса за Ралис да проговори за потребата од вооружување на патријаршистите, сега и пред претставниците на големите сили во Атина. Тој на британскиот амбасадор му ја елаборирал идејата за локална полиција во грчките села, поткрепувајќи ја истата со фактот што сите муслимани по селата, во моментот, биле вооружени, а Грците биле оставени на милост и немилост на, како што секогаш се изразувал, Бугарите[451]. Според грчкиот премиер прифаќањето на оваа идеја ќе има два добри резултата. Прво, Грците ќе можат да се бранат и да се заштитат и второ, ќе настојуваат да спречат повторување на инцидентите кои се случија, како оној при операцијата на османлиските сили во Крушево[452]. Паралелно со барањето на Ралис за создавање на грчка милиција во Македонија, според еден руски документ, постоела намера на Султанот да формира 2 баталјона составени од Грци и Власи, на чие чело би биле офицери од грчката војска[453]. Ралис за оваа можност го известил кралот Георгиос, кој побарал податоци за времето кога ќе бидат формирани баталјоните, за бројорт на офицерите што ќе се бараат од Грција и за условите што ќе им бидат предложени на офицерите од страна на Портата. Георгиос барал преговорите да се водат во строга тајност со оглед на можносат да дојде до вмешување на големиет сили[454]. Грчкиот премиер му нагласил на османлискиот амбасадор дека би било пожелно проектот што побрзо да се реализира. Според оваа информација испаѓа дека самиот султан барал подршка од Грците, иако го видовме неговиот одбивен став, искажан на грчкиот пратеник во Цариград, на самиот почеток на востанието. Сепак можно е да имало контакти помеѓу двете влади на оваа тема по барање на султанот. Тој веќе беше добро познат по честото подржување на разните страни во Македонија со цел истите да ги спротивстави едни на други. Кога говориме за вооружување на патријаршистите во Македонија или пак за формирање на грчка милиција, мора да имаме предвид дека на теренот веќе делувале некои грчки чети во кои

---

[451] ДАРМ,м-423, Des Graz-Lansdowne, Athens, 18 august 1903, FO 32/745
[452] исто
[453] С. Дракул, Македонија меѓу..., т. 2, док. 346, Бујукдере, 21 август 1903, с. 323
[454] исто

имало и Македонци патријаршисти, како оние на Коте од Руља и Вангел од Стребено. Коте дури во еден протест на патријаршиската општина во Костур изразил решителнот да ги штити патријаршистите и да се бори против Чакаларов[455]. Исто така постојат информации, како онаа објавена во цариградскиот "Levant Herald" за пријавување на грчки доброволци од Мала Азија во османлиската војска за да се борат во Македонија[456]. Тие, според весникот, биле вклучени во редовите на османлиската војска. Според еден извештај на рускиот амбасадор во Цариград, постоел обид на Султанот да ја натера Патријаршијата да се вклучи во акцијата за собирање на грчки доброволци, но членовите на светиот Синод и на мешовитиот народен совет го поставиле прашањето:"Што ли ќе рече за нас Европа?"[457]. Така пропаднал обидот за директно инволвирање на Патријаршијата во создавањето на грчките доброволечки баталјони, но тоа не значи дека Патријаршијата благонаклоно гледала кон востаниците.

Илинденското востание, кое предизвика загриженост во Грција беше причина не само за засилено делување на постоечките силогоси, туку и за формирање на нови. Така непосредно по заземањето на Крушево во Атина бил формиран Комитет на Македонците со задача да ја информира европската јавност и дипломатија за своите гледишта. Комитетот бил создаден од емигранти од Македонија, привржаници на Мегали идејата. Во него влегле: Спирос Зафирос од Солун, Томас Ставрос од Битола, Јоанис Басдекис од Мелник, Цистинопулос од Костур, Периклис Папанаум од Крушево и Теохарис Геројанис[458], кој веќе беше претседател на Централниот македонски силогос. Скоро истовремено бил формиран и Македонскиот силогос на чело со Ахилевс Маламидис, кој набргу бил заменет со Отон Русопулос, кој потекнувал од Богацко, Македонија[459]. На 23 август во Атина беше создаден Комитетот за помош на Македонците под претседателство на атинскиот архиепископ Теоклитос, а членови на Комитетот биле: Јоанис Валаоритис, Димитриос Викелас, Марко Драгумис, Јоанис

---

[455] Οι απαρχες..., ε. 6, 22 αυγουστου 1903, σ. 78
[456] ДАРМ,м-419, Constantinople, 15 september 1903, FO 78/5269
[457] С. Дракул, Македонија меѓу..., т. 2, док. 374, Бујукдере, 24 септември 1903, с. 366
[458] K. Vakalopoulos, Modern history..., p. 183
[459] Γ. Λυριτζη, Οι μακεδονικη..., σ. 33

Кавтацоглу, Константинос Рактиван[460] и Георгиос Стрејт[461]. Всушност во него членувале многу познати лица од грчкиот јавен живот. Овој комитет започнал со издавање на неделник на француски јазик "Bulletin d'Orient", кој ќе биде наменет да известува за Македонија[462], односно за тоа како Грците гледаат на настаните кои се случувале во оваа немирна османлиска област. Овие новоформирани здруженија веднаш ќе започнат со своите активности.

Додека Ралис и останатите грчки политичари постојано се жалеа и протестираа заради настаните во Македонија поврзани со Востанието, од Лондон пристигна една информација, која предизвика шок во Атина. Лордот Балфур во британскиот парламент, говорејќи за страдањата на населението во Македонија, изјавил:"Многу од нив се Бугари, неколку Грци и Романци"[463]. Атинскиот печат жестоко реагирал и се свртел со своите коментари целосно против Балфур. Грчката влада исто така реагирала, но не со толкава жестокост. Премиерот Ралис побарал од грчкиот пратеник во Лондон да го обезбеди целиот текст на говорот на Балфур, а министерството за надворешни работи издало инструкции за изработка на статистички податоци кои подоцна во вид на меморандум ќе им бидат предадени на британската, но и на владите на останатите големи сили[464]. Исто така и Македонскиот силогос се ангажирал на Балфур да му испрати еден меморандум во кој се посочувале"правата на Грците во Македонија"[465].

Во Атина на 28 август бил одржан еден митинг кој бил организиран од страна на една група луѓе, приврзаници на грчката кауза, кои потекнувале од Македонија. Митингот бил најавен преку весници со цел да биде помасовен[466]. Сепак масовноста не се оставрила, бидејќи на собирот присуствувале помеѓу 100 и 200 луѓе[467]. Како и на други манифестации по-

---

[460] првиот грчки гувернер на Македонија по балканските војни
[461] Γ. Λυριτζη, Οι μακεδονικη..., σ. 44
[462] Γ. Μοδη, Ο μακεδονικος αγων και η νεοτερη..., σ. 222
[463] Илинден во..., док. 31, Атина, 22 август 1903, с. 137
[464] ДАРМ,м-423, Des Graz-Lansdowne, Athens, 20 august 1903, FO 32/745
[465] исто
[466] ДАРМ,м-423, Des Graz-Lansdowne, Athens, 31 august 1903, FO 32/745
[467] исто.(Британскиот претставник во Атина кога говорел за некои од македонските силогоси, потенцирал дека Централниот македонски силогос на Геројанис и Македонскиот силогос на Русопулос немале значајни личности од грчкиот политички живот. м-423, Des Graz-Lansdowne, Athens, 22 september 1903, FO 32/749)

врзани со Македонија, така и на овој митинг била усвоена резолуција[468] во која се протестирало заради, како што се наведувало, фалсификуваните податоци на населението, пролевањето на крвта на нивните браќа[469]. Според оваа резолуција, Македонците, под кои се подразбирале Грци, досега не земале оружје во рака не сакајќи да го пореметат мирот во Европа, но во иднина доколку ситуацијата продолжи да се развива како и до тогаш, ќе биде земено и оружјето во рака[470]. Резолуцијата не предизвикала некој посебен впечаток кај европските сили. Меѓутоа тоа не било причина активностите на силогосите да запрат. На 25 август во организација на Централниот македонски силогос во Атина бил одржан помен за, како што се нагласувало, убиените македонски браќа од бугарските бандити[471]. На поменот присуствувале почесниот претседател на Силогосот, Песмацоглу, градоначалникот на Атина, претседателот на градскиот совет и др.

Кога говориме за ракциите во Грција околу Илинденското востание мора да напоменема дека имало, иако ретки, и личности кои не се соглаувале со политиката на Ралис во однос на Македонија и Востанието. Во градот Патрас на 23 август бил организиран протест на кој говорел професорот Андреопулос, при што тој ја осудил проосманлиската позиција на владата на Ралис, а како солуција за решаваење на македонското прашање предложил создавање на македонска република[472]. Грчката влада реагирала на одржувањето на митингот со закани за санкции до градоначалникот на Патрас и забранила одржување на било какви антиосманлиски манифестации. Острата реакција на грчката влада не била заради големината на митингот. Повеќе се внимавало да не се навредат османлиските власти. Групата која го организирала митингот беше минорна без некое влијание во грчкиот политички живот.

Освен организирање на митинзи и помени, силогосите пишувале и меморандуми по прашањето на реформите во Македонија. Македонскиот

---

[468] Резолуцијата била потпишана од Томас Ставрос, професор од Битола, Спиридон Зафирос, стдент од Солун, Јианис Басдекис, трговец од Мелник, Наум Цистинопулос, трговец од Костур, Д. Лазоф, Јоанис Мандринос од Клисура, Теохарис Геројанис и Николас Клинас, професор од Кожани. (исто)

[469] исто, Турски документи..., док. 127, Атина, 29 август 1903, с. 117-118

[470] исто

[471] Γ. Λυριτζη, Οι μακεδονικη..., σ. 29–30

[472] Р. Поплазаров, Односот..., с. 143

силогос од Атина на 31 август објавил еден меморандум кој бил насловен како "Македонија и реформите"[473]. Според авторите на овој меморандум, европските делови на Османлиската држава требале да се поделат на пет области-1. Албанија; 2. Епир; 3. провинцијата на Косово и Скопје, во која би влегле и делови од Македонија-Горна Џумаја, Разлог, Кичево, Прилеп и Тиквеш; 4. Тракија и Македонија-најголемиот дел од Битолскиот и Солунскиот вилает[474]. На тој начин, според авторите, би се создале пет компактни целини кои би биле полесни за управување, а Македонија ќе биде лишена од, како што се наведува, неприродните додатоци. Самиот меморандум повторно поаѓа од грчките погледи за поделбата на Македонија. Така, во северна Македонија мнозинство биле Бугарите, во јужните делови Грците, додека централните делови биле со мешано население[475]. Сите тие можеле да кохабитираат, бидејќи, сметале авторите, имале исти или слични обичаи, долго време живееле заедно и се развивале под скиптарот на Цариградската патријаршија. Во поглед на власта се наведувало дека Бугарите не смееле да ја земат целата власт во Македонија, а истото се однесува и на полицијата. Македонците, кои во меморандумот се третирани како Грци, биле заинтересирани за воведување на реформи со цел да се подобри управата, но идејата за реформи во трите вилаети како една целина би била погубна за македонските Грци, се нагласува во меморандумот[476]. Според авторите на меморандумот, додавањето на Косовскиот вилает кон Солунскиот и Битолскиот било опасно и туѓо за Грците, кои можат да бидат асимилирани или пак истерани од Македонија. Предлогот на Силогосот за поделба на османлиските европски делови на пет области во кои едната би била Македонија, без нејзините северни делови, воопшто не е изненадувачки. Имено, во деловите кои би останале во областа Македонија, бројот на оние кои биле сметани за Грци би бил многу поголем од останатите, бидејќи во тие области приврзаниците на патријаршијата се уште биле многубројни.

---

[473] ДАРМ,м-423, Memorandum of the Macedonian syllogos in Athens-Macedonia and the reforms, FO 32/745

[474] исто

[475] исто

[476] исто

Говорот на Балфур, како што видовме, предизвика силни реакции во Грција. Грчкото министерство за надворешни работи издаде инструкции за изработка на статистички преглед за составот на населението во Македонија. Прегледот, кој ги содржеше грчките видувања за составот на населението, беше експресно изработен. Грчкиот амбасадор во Лондон веќе на 2 септември го предал на британската влада меморандумот со статистичкиот преглед за составот на населението во Македонија. Според оваа грчка статистика, во Солунскиот вилает живееле 348 050 Грци, 205 886 Бугари, 425 574 муслимани и 60 770 Евреи. Во Битолскиот вилает имало 309 783 Грци, 174 000 Бугари, 344 766 муслимани, 13 600 Срби, 12 000 Романци и 4950 Евреи[477]. Воочлив е бројот на Грците во Македонија, како најдоминантен христијански елемент во Битолскиот и Солунскиот вилает. Целта беше да му се укаже на Балфур дека направил грешка, но и останатите европски сили да имаат предвид кој дел од христијаните во Македонија е најмногуброен.

Грчката влада и по падот на Крушево продолжила да одржува блиски односи со Партата на која, патем, и даваше информации за се што знаеше. Сепак гласините за насилствата на османлиските сили во Крушево се покажаа вистинити. Востаниците не беа тие кои го запалија градот, туку војските на султанот, кој во Атина беше сметан за близок сојузник. Ралис сега започнал да се жали кај британскиот амбасадор за постапките на Бахтијар-паша, кого дури го обвинил за соработка со, како што се изразил, Бугарите при нападот на Крушево, зошто според информациите со кои располагала грчката влада тие го напуштиле градот пред да почне нападот[478]. Грците, според Ралис, иако излегле со бело знаме да ја дочекаат османлиската војска, сепак нивниот кварт бил уништен и ограбен. Грчкиот премиер побарал од британскиот пратеник да се заложи кај својата влада за потребата од спроведување на истрага за однесувањето на Бахтијар-паша и казнување на одговорните. Грчкиот премиер не пропуштил да нагласи дека барањето не значи и промена на односот на Грција кон нејзиниот сосед, туку истото произлегува од одговорноста кон совернците во

[477] ДАРМ.м-423, London, 2 september 1903, FO 32/749
[478] ДАРМ.м-423, Des Graz-Lansdowne, Athens, 4 september 1903, FO 32/745

Македонија[479]. Во иста насока делувал и грчкиот амбасадор во Лондон[480]. Во Париз грчката влада испратила и статистичка информација за убиства и грабежите во Крушево со надеж дека францускиот министер за надворешни работи ќе биде трогнат од изложените свирепости, извршени на сметка на мирното население и ќе и нареди на својата амбасада во Цариград да се заложи за казнување на виновниците[481]. Грчкиот пратеник во османлиската престолнина добил налог од Атина да делува и помеѓу амбсадорите на големите сили со цел истите да бидат запознати со незадоволството на грчката влада од настаните во Крушево, бидејќи се работи за припадници на Патријаршијата, а и јавното мислење е вознемирено[482]. Грчкиот пратеник, на средбата со својот австриски колега, ја нагласил неопходноста од истрага и казнување на виновниците со цел Грците да не бидат поколебани во нивното дотогашно лојално држење. Тој исто како и Ралис подвлекол дека жалбата не значи промена на грчката политика кон Портата, која оди на заедничка соработка со Османлиската држава "против бугарската агитација"[483]. Всушност грчката влада и не можеше да ја напушти проосманлиската политика, бидејќи во Македонија имаше ист интерес со Цариград, а протестите заради палењето на Крушево повеќе беа во функција на смирување на јавноста во Грција, која логично можеше да го постави прашањето за страдањето на патријаршистите и тоа токму од османлиската војска во која некои Грци сакаа да пристапат како доброволци. Султанот пак воопшто немаше намера да го казни Бахтијар-паша, кој успеа да го задуши востанието и со тоа беше победник во очите на муслиманите. Наместо да го казни Бахтијар-паша, како што бараше Атина, султанот го одликува својот офицер со орденот Мецидие од прв степен. Ралис по повод одликувањето на Бахтијар изрази чудење пред османлискиот пратеник, повторувајќи го негативниот одек во Атина и Грција по повод настаните во градот[484].

---

[479] исто
[480] Further..., doc. 383, Foreign Office, 8 september 1903, p. 315
[481] Илинден..., док. 36, Париз, 4 септември 1903, с. 147
[482] Т. Томоски, Документи..., док. 46, Цариград, 5 септември 1903, с. 160
[483] исто
[484] Турски документи..., док. 184, Атина, 19 септмеври 1903, с. 153

Кога говориме за настаните во Крушево треба да напоменеме дека Грците се соочија и со една реакција по повод тврдењата на Ралис дека во градот страдале Грците. Букурешкиот весник "Independance Roumaine" го потсети Ралис дека Крушево скоро целосно било населено со Романци[485].

Разурнувањето на Крушево во Атина беше шанса за делување на силогосите и на владата на хуманитарен план со собирање на средства за помош на настраданите, кои ќе бидат употребени и за пропагандни цели. Самата грчка влада уште на 23 август го информира османлискиот пратеник во Атина за намерата да испрати сума на пари до оние жители на битолскиот регион на кои најмногу им била потребна помошта[486]. Неколку недели по паѓањето на Крушево, новоформираниот комитет за помош на Македонците издаде апел во грчките весници за собирање на помош. Тогаш, според некои информации, биле собрани 153 517 драхми, вклучувајќи 400 британски фунти донирани од грчкиот крал, а како донатори се јавиле и Ралис и министерот за внатрешни работи Мавромихалис[487]. Грчкиот конзул во Битола го посетил Крушево и штетите кои биле направени ги проценил на 150 000 драхми, но јавно не сакал да ги осуди Османлиите за истите[488]. Тој започнал да дистрибуира и поголеми суми на помош во градот[489]. Грчкиот конзул од Битола го посетил и Лерин и други места каде имало тешко погодени патријаршисти, делејќи им парична помош и како што вели австрискиот конзул Крал-"веројатно да ги смири своите силно разочарани луѓе од крвавите докази на турското пријателство"[490].

Грчката влада и понатаму ревносно следела се што се случува во и околу Македонија. Меѓу другото се следеле и пишувањата на европските весници, кои во најголем дел биле неповолни за Грција. Тоа секако предизвикувало реакции на атинската влада. Ралис во разговор со британ-

---

[485] Английският печат..., док. 47, Таймс, 3 септември 1903, с. 193
[486] Турски документи..., док. 98, Атина, 23 август 1903, с. 99
[487] ДАРМ,м-423, Des Graz-Lansdowne, Athens, 7 september 1903, FO 32/745
[488] ДАРМ, фонд: Ј. Јовановиќ-Пижон, сиг. 1.17.1.25; Ристиќ-Каљевиќу, Битољ, 5 септембра 1903, пов. 645
[489] ДАРМ,м-426,McGregor-Graves, Monastir, 21 october 1903, FO 195/2157
[490] Д. Зографки, Извештаи..., док. 35, Битола, 6 септември 1903, с. 121

скиот пратеник изразил незадоволство од пишувањето на лондонски Тајмс за односите на Грција со Османлиската држава[491].

Предмет на реакции на грчката дипломатија беше и мемоарот на МРО. Метаксас, грчкиот амбасадор во Лондон, во разговорот со британскиот министер за надворешни работи, помеѓу другото, се задржал и на прашањето за именување на христијански гувернер за цела Македонија, покренато со мемоарот на МРО. Според него, а тоа видовме дека беше и став на Ралис, било неприфатливо да биде именуван гувернер за целата област, бидејќи, како што се изразил, грчкото население преовладува во многу делови на Маке-донија, но би можело да се прифати именување на повеќе гувернери според пропорционалната застапеност на населението[492]. Предлогот за именување на повеќе гувернери во Македонија се поклопува со размислувањето изнесено во атинскиот печат на крајот од 1902 година за поделба на Македонија на повеќе кантони врз база на националната припадност на населението.

Патријаршијата во средината на септември објавила еден брошура "Acte de protestation des Metropolitains relevant du Siege Patriarcat Oecumenique du nom des chretiens orthodoxes des dioceses de Thrace et de Macedoine" во која, како што истакнува рускиот амбасадор во Цариград, во најмрачна светлина е прикажано дејствувањето на востаниците во однос на Грците и патријаршиското население[493]. Според Зиновјев, публикувањето на брошурата било направено врз основа на договор на Патријархот со грчкиот пратеник во Цариград, Грипарис[494]. Сепак објавувањето на оваа брошура, како и на протестите на патријаршиските митрополити во Македонија ќе предизвика негативна реакција на грчкиот конзул во Солун, Евгенијадис. Тој во еден извештај до Ралис реагира на, според него, несоодветната употреба на термините Словени и Власи за дел од патријаршистите. Според него тие имаат грчко образование и не можат да бидат обележани како Словени и Власи и затоа оправдано се огорчени[495]. Евгенијадис бил познат по своите националистички ставови и затоа воопшто не зачудува неговата реакција,

---

[491] ДАРМ,м-423, Des Graz-Lansdowne, Athens, 5 september 1903, FO 32/745
[492] ДАРМ,м-423, Lansdowne-Egerton, Foreign Office, 9 september 1903, FO 32/745
[493] С. Дракул, Македонија меѓу..., т. 2, док. 375, Бујукдере, 24 септември 1903, с. 367
[494] исто, с. 368
[495] Οι απαρχες..., ε. 10, Θεσσαλονικη, 16 σεπτεμβριου 1903, σ. 87–88

која всушност укажува на опасноста по грчките интереси од користењето на наведените термини.

Грција, која толку вложи во настојувањето да се приближи кон Портата и која толку многу изгуби во својот углед пред европската јавност и дипломатија со проосманлиското однесување околу Македонија во втората половина на септември беше многу изненадена и загрижена од преговорите кои во Софија ги водеа Али Ферух-бег и генералот Рачо Петров. Официјална Атина се сомневала дека постои можност Бугарите да добијат нови концесии. Затоа грчката влада побрза да го изрази своето незадоволство до Портата, преку амбасадорот Грипарис, кој откако изредил се што Грција направила за Османлиската држава, побарал да се води сметка за лојалното и пријателско однесување на Грците и Грција[496]. Според грчкиот амбасадор не може да се дозволи да се дадат концесии кои би биле штетни за грчкиот елемент "кој неоспорно претставува големо мнозинство на македонското население"[497].

Грците, иако малку беа навредени од османлиското однесување, сепак имаа причини за задоволство. Востаниците, како што известувал Евгенијадис, иако не биле целосно уништени, не успеале да ги прошират своите дејства кон солунскиот вилает и на тој начин опасноста за патријаршистите престанала[498]. Задушувањето на востанието било причина за задоволство кај грчкиот премиер Ралис. Тој на британскиот пратеник му ја изразил својта среќа за изгледите за мир на Балканот[499]. Според Ралис изгледа дека многу од лидерите на востаничкото движење ја напуштиле Македонија[500]. Всушност грчкиот премиер знаеше дека многу од водечките личности на востанието се повлекле или се повлекуваат од Македонија. Дел од нив тоа го сториле со поминување на грчка територија. Некои од нив биле уапсени, како Попов, некои успеаја да побегнат како Чакаларов, кој особено беше баран, а на некои, како на Кршаков и Шкуртов, им беше понудено да работат за грчките интереси, што овие го одбија[501]. Меѓутоа

---

[496] ДАРМ,м-455, Христић-МИД, Цариград, 24 септембра 1903, ПО, Ф-II, пов. 1010
[497] исто
[498] Οι απαρχες..., ε. 11, Θεσσαλονικη, 27 σεπτεμβριου 1903, σ. 89–91
[499] ДАРМ,м-423, Egerton-Lansdowne, Athens, 15 october 1903, FO 32/745
[500] исто
[501] Р. Поплазаров, Грчката политика..., с. 62-64

ниту еден не беше предаден на османлиските власти, за разлика од порано. Сосема е во право Поплазаров кога однесувањето на грчките власти кон пребегантите востаници го објаснува со внимателноста на Атина уште повеќе да не се дискредитира пред европската јавност и обидите на Грците да ги придобијат на своја страна македонските револуционери[502].

Задушувањето на Илинденското востание ќе биде поволно за грчките интереси. МРО ќе биде погодена со неуспехот на востанието, а Грците ќе можат да праќаат чети кои би биле во состојба да се носат со оние на Организацијата. Ситуацијата во Македонија во периодот што следи ќе биде несносливо тешка за сите кои живеат во оваа османлиска област, но релативно поволна за грчките интереси.

[502] исто, с. 65

ТРГОВСКИТЕ ВРСКИ НА ГРЦИЈА СО МАКЕДОНСКИТЕ ПРИСТАНИШТА 1882-1903

Грција имаше голем интерес да ги развива и одржува трговските односи со османлиската држава, како нејзин единствен сосед. Во таа насока грчкото кралство имаше интерес и за трговија со македонските пристаништа Солун и Кавала[1]. Економскиот интерес на грчката држава беше силно поврзан со политичкиот. Сепак, за разлика од пред 1881 година Грција сега ја имаше во своите граници релативно богата област Тесалија. Тоа секако ќе има влијание во трговијата помеѓу Грција и македонските пристаништа, бидејќи сега грчките потреби од житните култури ќе бидат помали. Иако грчката држава граничеше со Македонија, сепак во вкупната размена на македонските пристаништа со другите земји Грција скоро секогаш беше на четвртото место зад Велика Британија, Франција, Италија или поретко и на петтото место зад претходно споменатите и Австро-Унгарија. Грција беше далеку најприсутната балканска држава во трговската размена на македонските пристаништа со земјите од регионот, што беше и логично со оглед на фактот што Грција беше блиску до македонските пристаништа, имаше релативно силна трговкса флота, а и поморската традиција имаше своја улога.

Во 1883 и 1884 година од Грција најмногу во Солун најмногу беа увезени кожи, маслиново масло од островите Скјатос и Скопелос, кој беше со послаб квалитет во однос на маслото од Италија, а со тоа и поевтин[2]. Исто така еден од главните извозни продукти на Грција за Солун беше и сапунот во вредност од 65 000 франци. Од Солун за Грција пак беше изве-

---

[1] Должни сме да напоменеме дека при нашето истражување се сретнавме се еден голем проблем. Во материјалите кои ги користевме имаше многу малку податоци за вкупниот обем на трговијата на Грција со македонските пристаништа. Користените материјали повеќе нудеа статистички податоциа за бројот, типот и тонажата на грчките трговски бродови кои влегле или пак ги напуштиле Солун и Кавала, но скоро воопшто да немаше податоци за видот на артиклите кои беа извезувани и увезувани во Солун и Кавала од Грција. Затоа и најголемиот дел од оваа глава се однесува на бројот на грчките бродови и нивната тонажа.

[2] Александар Матковски и Поликсена Ангелакова, Извештај на францускиот конзул од Солун за економската положба во Македонија од 1883 до 1885 година, Гласник на ИНИ, XVI/2, Скопје, 1972, с. 212-214

зуван памук[3]. сапунот и во 1885 година беше еден од најизвезуваните производи од Грција во Солун во вредност од 700 000 франци[4], што е скоро за единаесет пати повеќе во однос на претходниот период. Во оваа година од Грција било увезено и сулфурно масло за правење на сапун во вредност од 650 000 франци[5], но во оваа сума е вклучена и Италија, така што е тешко да се одреди вистинската вредност на сулфурното масло пристигнато од Грција. Во истиот период од Солун за Грција биле извезени земјоделски култури-жито, јачмен, пченка[6].

Сапунот во вредност од 20 000 франци[7], разните конци, сулфурниот зејтин во вредност од 300 000 франци[8] беа главните извозни производи кои пристигнаа од Грција во Солун во 1886 година[9]. Како извозни стоки од Солун за Грција најголем простор заземале 'ржта и јачменот.

Вкупниот број на грчки бродови кои впловиле и испловиле од солунското пристаниште во 1885 година бил 617 со тонажа од 30 744. Во следната 1886 година бројот на грчките бродови кои вполвиле и испловиле од Солун бил намален на 576, но затоа пак била зголемена тонажата која изнесувала 47 596 тони, при што учеството на бродовите на парен погон изнесувал 53 со тонажа од 28 750 тони[10].

Сапунот и во 1888 година ќе биде главен извозен продукт на Грција во Солун, заедно со сулфурниот зејтин. Исто така житото и јачменот пак ќе бидат најизвезуваните артикли од Солун за Грција[11].

Во 1888 година во солунското пристаниште влегле 46 грчки бродови на парен погон со тонажа од 20 021 тони и исто толку бродови заминале за Грција со иста тонажа, додека пак бројот на бродовите на едра кои впловиле во Солун изнесувал 466 со тонажа од 17 900 тони, а истата бројка се однесува и на испловените бродови за Грција[12]. Веќе во следната 1889 година вкпниот број на грчки бродови на парен погон изнесувал 2 со

---

[3] исто. с. 223
[4] исто, с. 226
[5] исто
[6] исто, с. 231
[7] заедно со Крит и Митилини
[8] заедно со Италија
[9] Александар Матковски и Поликсена Ангелакова, Извештаи на француските конзули од Солун од 1887 до 1889 година, ГИНИ, XVI/3, Скопје, 1972, с. 173-174
[10] исто, с. 179-181
[11] исто, с. 191-192

тонажа од 1762 тони, што е огромно намалување во споредба со претходниот период. Бројот на бродовите на едра изнесувал 791 со тонажа од 38 153 тони[13].

Кавала, иако многу помало пристаниште во споредба со Солун, не била запоставена од страна на грчките трговци. Нормално обемот на трговскат размена на Кавала со Грција е помала во споредба на Солун. Така во 1887 година во второто македонско пристаниште влегле вкупно 97 грчки бродови со тежина од 2171 тони, а истата бројка се однесува и на бродовите кои ја напуштиле Кавала[14]. Волната, маслиновото масло и виното биле најувезуваните производи од Грција, а цинкот, бакарот и оризот биле најизвезуваните артикли за Грција од Кавала. Кога се говори за стоките кои се извезувани од Кавала за Грција и во 1888 година волната и маслиновото масло беа најизвезувани производи додека солта го зазеде местото на бакарот, цинкот и оризот, односно беше најувезуваниот производ.[15]

На почетокот на деведесеттите години на XIX век нема да има поголеми промени во застапеноста и присуството на грчката трговија во македонските пристаништа. Така во 1890 година бројот на грчките бродови кои влегле во солунското пристаниште изнесувал 438 со тежина од 25 201 тон од кои 17 бродови со тежина од 3251 биле на парен погон, а 421 со 22 950 тони биле на едра[16]. Бројот пак на бродовите кои го напуштиле солунското пристаниште изнесувал 435 со вкупна тежина од 27 700 тони од кои 17 бродови со тежина од 3251 тон биле на парен погон , 418 бродови со 24 449 тони биле на едра. Следната 1891 година вкупниот број на грчки бродови кои пристигнале и испловиле од Солун изнесувал 825 со тежина од 74 514 тони од кои 103 бродови со 24 619 тони биле на парен погон, а 722 со 49 895 тони биле на едра[17]. Во Кавала во истата година коњакот, ликерот, волнените производи, маслиновото масло, сапунот и виното биле производите кои го сочинувале грчкиот извоз, а во пристаништето впловиле и испло-

---

[12] ДАРМ, м-159, Salonique, 13 fevrier 1889, AMAE, Serie.(S)F.12, D.ossier(D) 7189
[13] А. Матковски и П. Ангелакова, Извештаи..., с. 198
[14] ДАРМ,м-159, Cavalla, 10 april 1888, AMAE, S. F.12, D 7189
[15] исто
[16] ДАРМ,м-159, Salonique, 12 mai 1891, AMAE, S. F.12, D 7189

виле 336 грчки бродови со тежина од 11 184 тони[18]. Во 1892 година во Солун впловиле и испловиле вкупно 797 грчки бродови со вкупна тежина од 81 244 тони[19]. Во 1893 година има зголемување на вкупниот број на грчки бродови кои впловиле и испловиле од Солун во однос на претходната година. Вкупниот број на грчки бродови изнесувал 846, но затоа пак нивната тежина била намалена на 80 700 тони[20]. Присуството на грчките бродови во 1894 година во Солун било зголемено во однос на претходниот период. Така вкупниот број на грчките бродови бил 1016, а нивната тежина изнесувала 94 500 тони[21]. Кавала во 1893 година ја посетиле и напуштиле вкупно 280 грчки бродови со вкупна тежина од 25 758 тони, а две години подоцна нивниот број бил значително зголемен и изнесувал 418 со вкупна тежина од 27 300 тони[22]. Солунското пристаниште во 1895 година го посетиле и напуштиле вкупно 1095 грчки бродови со тежина од 120 500 тони[23]. И во овој период главни грчки извозни производи биле сапунот, маслиновото масло, памукот, а житните култури биле најизвезуваните артикли од Солун и Кавала за Грција.

Заоструваньето на грчко-османлиските односи заради критските настани и избувнувањето на краткотрајната војна помеѓу двата соседа не можеле да не влијаат врз трговијата. Таа била прекината извесен период. Меѓутоа, новиот курс на грчката државна политика, по воениот пораз, позитивно ќе се одрази во развојот на трговските односи и присуството на грчката трговска морнарица во македонските пристаништа. Така во во 1900 година вкупниот број на грчки бродови кои пристигнале и го напуштиле солунското пристаниште изнесувал 747 со тежина од 95 743 тони, а во 1901 година бројот на грчките бродови изнесувал 832 со тежина од 164 697 тони[24]. Во 1902 година ќе продолжи зголемувањето на бројот на грчките бродови во солунското пристаниште. Тогаш нивниот број изнесувал 941 со вкупна тежина од 187 001 тони. Карактеристично за овој

---

[17] ДАРМ,м-91, AMAE, C. C, v. 30, Raports Commerciaux des agents diplomatiques et consulaires de France (RCADCF), anne 1891, n. 54 Turquie
[18] ДАРМ, м-159, Paris, 10 juin 1892, AMAE, S. F. 12, D 7189
[19] ДАРМ,м-91, AMAE, C.C., v. 30, RCDACF, 1892, n. 121
[20] ДАРМ,м-91, AMAE, C.C., v. 30, RCDACF, 1893, n. 186
[21] ДАРМ,м-91, AMAE, C.C., v. 30, RCDACF, 1894, n. 303
[22] ДАРМ, м-159, AMAE, S. F. 12, D 7189
[23] ДАРМ,м-91, Salonique, 8 juillet 1896, AMAE, C.C., v. 30

период е зголеменото учество на бродовите на парен погон, а во 1901 година нивниот број бил поголем во однос на бродовите на едра. Слична тенденција на зголемување на присуството на грчките трговски бродови имало и во кавалското пристаниште. Така во 1902 година вкупниот број на грчки бродови во Кавала изнесувал 332 со теина од 25 254 тони[25]. Исто така бил зголемен и бројот на артиклите кои биле извезувани во македонските пристаништа. Освен веќе традиционалните производи маслиновото масло, сапунот, памукот и виното, во периодот по грчко-османлиската војна од Грција биле извезувани и цеметн, конфекциски производи, разни алкохолни пијалоци и др.

Видовме дека грчката влада постојано настојуваше да постигне договор со Портата за железничко поврзување на двете соседни земји, но официјален Цариград, гледајќи во тоа повеќе политичко, отколку економско прашање, наоѓаше различни начини да го одбегне поврзувањето. Железничкото поврзување на Грција со османлиската држава нема да биде остварено се до крајот на османлиското владеење со Македонија и останатите балкански области. Тоа секако имаше влијание во трговските врски.

[24] ДАРМ, м-159, Salonique, 30 juillet 1903, AMAE, S. F. 12, D 7189
[25] ДАРМ, м-159, Salonique, 24 juillet 1903, AMAE, S. F. 12, D 7189

ЗАКЛУЧОК

Добивањето на Тесалија и помалиот дел од Епир во 1881 година, иако беше успех за малото грчко кралство, воопшто не значеше крај на аспирациите на Грција. Оваа територијална придобивка не ги задоволи апетитите на Грција, која сега веќе територијално делумно беше присутна во Епир и доби граница со, во тоа време, најбогатата османлиска европска област-Македонија. Иако Крит имаше приоритет во грчката надворешна политика, Македонија воопшто не беше заборавена ниту пак запоставена од страна на грчката дипломатија.

Слично како и по 1830 година, еден дел од Грците останаа надвор од границите на сега веќе територијално проширеното грчко кралство. Токму тоа беше поволно за понатамошно јакнење на грчкиот национализам. Во Грција поголемиот дел од политичарите се залагаа за остварување на грчките територијални аспирации без соработка со другите балкански народи, неретко на нивна сметка. Помалиот дел од нив сакале соработка со останатите христијански народи во насока на грчкото територијално проширување, доколку истата не биде, на како што тие сметале, грчките интереси, што беше тешко остварливо.

Грција, кога станува збор за аспирациите кон Македонија, имаше една голема предност-Цариградската патријаршија. Сепак на почетокот на осумдесеттите години на XIX век односите помеѓу владата во Атина и Патријаршијата не беа добри. Причина за затегнатоста беа постојаните обвинувања на официјална Атина на сметка на делувањето на патријархот Јоаким III, поточно неговото залагање за поблиска соработка со балканските Словени како многуброен дел од православното христијанско население во османлиската држава. Јоаким тоа го правеше од прагматични причини, но истото не значеше негово откажување од грчките интереси. Грчката влада воопшто не беше задоволна од начинот на кој Јоаким настојуваше да ја води патријаршијата. Атина сакаше на чело на Патријаршијата да види личност која ќе биде подготвена поблиску да соработува со кралската влада, но и да биде под нејзино влијание. Грчката влада ќе успрева да го наметнува своето влијание во Патријаршијата, но

тоа не значи дека нема да има проблеми со некои од патријарсите. Повремените недоразбирања на релацијата влада во Атина-Патријаршија никако нема да значи дека грчките политичари нема да водат сметка за интересите на Патријаршијата, дури и во моментите на затегнати односи.

Официјална Атина продолжи со традицијата на испраќање на добро подготвени конзули во Македонија. Тие делуваа врз база на инструкциите на својата влада и во таа насока беа и нивните односи со локалните патријаршиски заедници. Сепак грчките конзули не беа неми набљудувачи и регистратори на настаните. Тие не само што испараќаа детални извештаи до својата влада за се што се случуваше во Македонија, посебно во оние делови кон кои Грција ќе покаже најголем интерес, туку истовремено даваа разни идеи и предлози за засилување на позициите на грчката пропаганда, кои не ретко беа прифаќани од атинските политичари.

Значајна институција за делувањето на грчкатат пропаганда на тереното беше Силогосот за ширење на грчката писменост, формиран во Атина во 1869 година. Атинската влада имаше големо влијание и контрола врз неговото делување. Извесен период на негово чело ќе биде познатиот грчки историчар Константинос Папаригопулос. Сепак ниту неговото раководење со Силогосот нема да биде долно за подобрување на позицијата елинизмот во Македонија, која често не беше зависна само од делувањето на грчката пропаганда, народносниот состав на населението, туку и од силата на грчката држава, која реално не беше голема. Делувањето на Силогосот не остана незабележано од страна на османлиските власти, кои презедоа одредени мерки за спречување на неговото делување. Тоа, заедно со незадоволството на грчката влада од делувањето на силогосот, ќе биде причина за негово укинување од страна на грчкта влада во 1886 година. Силогосот ќе биде заменет со Комитетот за подршка на грчката црква и образование, кој ќе биде под директна контрола на грчкото министерство за надворешни работи.

Во текот на осумдесеттите години на XIX век ќе дојде и до прифаќање на една нова линија на грчките аспирации во Македонија. За разлика од претходниот период, официјалните политички кругови во Атина, но исто така и интелектуалните, како линија на грчките територијални

барања во Македонија ќе ја прифатат онаа која ќе започне од Охрид, па преку Битола, Крушево, Велес, Струмица, Мелник и Неврокоп ќе заврши на македонско-тракиската граница. Еден од предлагачите и главните застапници на оваа линија беше основоположникот на модерната грчка историографија, Константинос Папаригопулос. Со одредувањето на новата линија се сметаше дека грчките аспирации полесно би биле остварени, бидејќи и влијанието на Патријаршијата во овој дел беше посилно, но исто така треба да се има предвид и големото плодно подрачје на приморскиот дел од Македонија, како и двете пристаништа Солун и Кавала се наоѓаа јужно од оваа линија т.е. во зоната на грчките аспирации, а Грција имаше потреба од животен простор и тоа воопшто не го криеше.

Односите на грчката држава со балканските земји, поточно со Србија, Бугарија и османлиската држава во многу зависеа од тоа што се случуваше во и околу Македонија, а во односите со последната и од ситуацијата на Крит. Иако со Белград односите, во осумдесеттите години на XIX век, имаа шанса да се развиваат во насока на можно склучување на договор околу Македонија, сепак Грција беше сомничава кон српските претензии во Македонија, бидејќи истите навлегуваа во делот кој Атина го сметаше за грчки. Со Бугарија заради погледите на двете страни кон Македонија, но и кон Тракија едноставно не беше можен било каков договор. Кон ова треба да се додадат и тензиите помеѓу Патријаршијата и Егзархијата. Неуспешниот обид за договор околу Македонија при посетата на бугарскиот кнез Батенберг на Атина во 1883 година јасно сведочи за неможноста од грчко-бугарски договор за некоја поблиска соработка. Односите со единствениот сосед на Грција-османлиската држава и покрај размислувањата на Трикупис за можна поблиска соработка не се развиваа во нагорна линија, иако имаше периоди кога истите можат да се оценат како добри. Предизвикувачи на проблемите во меѓусебните односи беа одредени грчки кругови, кои воопшто не помислуваа на откажување, за кратко, од територијалните амбиции.

Грција, посебно владите на Трикупис, настојуваше да има добри односи со големите сили, знаејќи дека само со нивна дозвола можеа да бидат остварени територијалните амбиции. Сепак, во Атина со недоверба

се гледаше кон потезите на Хабсбуршката монархија, која беше сметана за држава со амбиции кон Егејот, а токму тоа ја загрижуваше грчката кралска влада и не само неа. Трикупис првично беше против било каква спогодба со Виена, меѓутоа многу брзо и тој ќе го промени своето мислење и ќе им се приклучи на оние кои истата ја сметаа за неопходна доколку Атина сака да добие нови османлиски територии. Од друга страна владата во Виена немаше никаква потреба, барем во осумдесеттите години од XIX век, да и дава на Грција било какви гаранции околу Егејот, посебно околу македонското приморје. Така обидите на Грците за договор со Австро-Унгарија нема да вродат плод.

Во Грција со голема внимателност се следеше се што се случува во и околу Македонија. Доколку нешто биде направено, а е во колизија со грчките интереси, тогаш следеше жестоко реагирање. Случајот со белгискиот универзитетски професор Лавелеје и неговото видување за етничкиот состав на населението во Македонија е најдобар пример за чувствителноста на Грците по однос на нивните интереси во Македонија. Покрај ова и одредени активности на некои македонски интелектуални кругови не одеа во полза на грчките интереси. Така во овој период започна да излегува весникот "Македонски глас", а нешто подоцна и "Македонија". Покрај печатењето на весници беа формирани и некои здруженија, како на пример "Александар Македонски". Тоа можеби било забележано од страна на грчките дипломатски претставици.

Најголемиот предизвик за грчката политка на Балканот во осумдесеттите години на XIX век беше избувнувањето на Источнорумелиската криза. Грција истата ја дочека неподготвена, иако атинската влада имаше одредени информации за тоа што може да се случи. На чело на кралската влада стоеше популистот и Делијанис, кој воопшто не можеше да се снајде во новонастанатата ситуација и дозволи, барем на почетокот од кризата да биде воден од делувањето на улицата, каде своја активност имаа и македонските емигранти-привржаници на Мегали идејата и грчката кауза. Откако станало јасно дека статусквото наметнато од берлинскиот конгрес било неповратно нарушено во Грција се појавил стравот од повторување на источнорумелиското сценарио и во Македонија, иако реално

тамошната состојба беше поразлична од онаа во источна Румелија. Официјална Атина побарала од големите сили враќање на стаусквото, иако знаела дека тоа веќе не било можно или Грција да добие одредени територијални компензации, кои би опфатиле и некои помали делови од јужна Македонија. Грчкото барање не било земено предвид од страна на големите сили, а тоа што било многу непријатно за грчките политичари е свртувањето на британската влада кон Софија. Најзначајниот грчки поддржувач го подржа обединувањето на Бугарија со Источна Румелија. Одредени грчки политички кругови сакаа да предизвикаат немири во некои делови на османлиската држава, меѓу кои и Македонија, со цел да се создаде и грчко прашање, но реално тоа беше неостварливо. Грција остана сама, дури ниту со Србија не беше постигнат никаков договор за заедничко делување во новонастанатата ситуација, иако и двете држави имаа иста грижа-создавање на релативно силно бугарско кнежевство. Причините за непостигнувањето на договор, меѓу другото, лежеа и во судирот на линиите на територијалните амбиции на двете страни во Македонија. Српскиот пораз во војната со Бугарија и настојувањата на големите сили ситуацијата што побрзо да се смири, немаа никакво влијание врз владата на Делијанис. Тој сакаше да го надополни тоа што го испушти на почетокот на кризата, но проценката и методите му беа целосно погрешни. Политиката на Делијанис доведе до конфронтација со големите сили и поморска блокада на Грција во 1886 година, што неминовно резултираше со паѓање на неговата влада.

Завршувањето на Источнорумелиската криза и падот на владата на Делијанис на чело на атинскиот кабинет повторно го доведе Трикупис. Тој настојуваше да ги подобри односите со османлиската држава и Големите сили. Неговото однесување беше логично со оглед на фактот што Грција самостојно не можеше да ги заштити своите интереси на север, посебно во Македонија, каде етничкиот состав на населението не одеше во прилог на нејзините територијални амбиции. Македонија постепено започнала да станува една од главните теми на дискусии во Атина. Грција не се откажуваше од своите аспирации кон оваа османлиска област, сметајќи ја истата како дел од нејзиното историско наследство. Сепак, неповолниот

развој на меѓународните односи за грчките интереси, го принуди Трикупис да лавира помеѓу големите сили, но пред се ја сакаше подршката на Велика Британија која, за разлика од порано, сега отсуствуваше. Затоа тој ќе направи еден обид да го насочи интересот на Лондон кон Грција со наводната можност за грчко-руско приближување при што Петроград би и го гарантирал на Атина добивањето на Солун. Обидот пропадна бидејќи беше познат големиот анимозитет на Грците кон Русите. Затоа ниту Лондон не посвети големо внимание на обидите на Трикупис.

Трикупис посвети големо внимание на развојот на железничкиот сообраќај во Грција, но тука постоеше еден голем проблем. Колку и да била добро разгранета железничката мрежа во Грција, оваа земја беше слепо црево на Балканот бидејќи таа немаше директна железничка линија со Европа. Линијата требаше да води низ османлиската држава, но двете соседнин држави меѓусебно не беа поврзани. Затоа Трикупис настојуваше да дојде до железничко поврзување на двата соседа, со можност линијата да оди по крајбрежјето и да заврши во Солун. Токму ваквите грчки желби беа сомнителни за османлиските власти, кои правилно сметале дека железничкото поврзување не е само економски проблем, туку и политички со оглед на можноста Грција, во иднина, да ја искористи линијата за побрз транспорт на војски кон Солун. Затоа тие на различни начини успешно ќе го одолговлекуваат поврзувањето на железниците на двете држави.

Односите на Грција со османлиската држава често беа нарушувани со делувањето на разните грчки комитети, пред се во Македонија, а во чие делување беа замешани и конзулите на атинската влада. Таков беше случајот и со аферата Пихеон во 1888 година, која го потресе поширокиот регион на југозападна Македонија. Оваа афера ги доведе во прасшање односите на двете држави, така што неизбежно беше вмешувањето на големите сили со цел ситуацијата да не избега од контрола. Недоразбирањата помеѓу Атина и Цариград ќе бидат надминати, но последиците од аферата ќе се чувствуваат извесен период, а османлиските сомнежи кон грчките активности се покажале оправдани.

Трикупис особен акцент ставил на модернизација на грчките вооружени сили, посебно на моранрицата. За релативно краток период грчката морнарица ќе прерасне во респектабилна сила која, според искажувањата на грчките политичари, била спремна да ги прекине османлиските поморски комуникации од Мала Азија кон Македонија. Сепак, реалноста беше подруга и тоа во иднина ќе се потврди.

Засилувањетона бугарската пропаганда, но и издавањето на берати за егзархиски митрополити во Македонија, во 1890 година беше доволна причина за приближување на Грција и Србија. Пратениците на двете држави, Маврокордатос и Новаковиќ, со одобрение на своите влади, започнале истата година преговори за разграничување на интересните сфери во Македонија, но истите многу брзо ќе се покажат како тешки и неуспешни заради судирот на интересите на теренот и неможноста да се постигне договор за разграничување. Затоа двајцата пратеници, со цел преговорите целосно да не пропаднат, продолжувањето на истите и решавањето на проблемите го препуштиле на владите во Атина и Белград. Преговорите ќе бидат обновени две години подоцна, кога во Атина на власт повторно ќе биде Трикупис, а Србија, специјално за таа намена, ќе испрати пратеник во грчката престолнина. Меѓутоа, наводната подготвеност на двете страни и, како што неретко истакнувале во Атина, немањето поголеми територијални недоразбирања со Србија се покаажаа како недоволни за постигнување на договор за интересни сфери во Македонија. Битола, Струмица, дури и Серес беа местата каде двете влади имаа свои интереси и не беа подготвени на компромиси. Тоа нема да значи дека во иднина Атина и Белград нема повторно да се обидат да постигнат договор околу Македонија.

Делувањето на Теодосиј Гологанов за обнова на Охридската архиепископија го привлече интересот на Грците. Имено, Грците сакале да го искористат неговото недоразбирање со Егзархијата за свои цели, но Теодосиј бил свесен за тоа. Обновата на Охридската архиепископија не одговараше ниту на Патријаршијата, ниту пак на грчката државна политика, која добар дел од Македонија го гледаше во рамките на идната зголемена грчка држава. Во овој период се засилува делувањето на

младата македонска интелегенција која ќе се залага за подобрување на позицијата на сопствениот народ и ослободување на Македонија. Така во 1891 година ќе се формира Младата македонска книжовна дружина, која ќе го издава списанието "Лоза", каде ќе се појават написи кои не се поволни за грчките интереси.

Во времето кога атинската влада, но и елинизмот воопшто, започнаа да го губат тлото во Македонија, надополнето со издавањето на нови берати за Егзархиските митрополити во 1894 година, во Грција беше формирана Етники Етеријата, организација која ќе предизвика големи турболенции. Таа првично беше формирана како организација на офицери и подофицери на грчката војска, но многу брзо во неа ќе се вклучат и цивилни лица со што истата ќе добие и политичка тежина. Целта на оваа организација ќе биде заштита на грчките интереси во Османлиската држава, но и ослободување на Грците од султановата власт. Како грчка земја во Етеријата беше сметана и Македонија и токму тука ќе бидат насочени главните напори на делувањето. Етники Етерија долго време успеваше да го крие своето делување и со тек на време да стане држава во држава. Една година пред појавата на Етеријата, во Солун, најголемиот македонски град беше формирана Македонската револуционерна организација. За разлика од Етники Етеријата основната идеја на МРО беше создавање на автономна Македонија. Покрај тоа во Организацијата можеа да членуваат сите кои биле родени во Македонија без разлика на потеклото. Токму овие два елементи ја покажуваат големата разлика помеѓу двете организации.

Мелничките настани во Македонија и затегнатоста на Крит во 1895 година ќе бидат поволни за делувањето на Етники Етеријата, но и за другите кругови во Атина, политички и воени кои сакале побрзо остварување на грчките територијални амбиции. Друго е прашањето дали тоа беше реално. Како и да е отпочнувањето на воените дејства на Крит во 1896 година беше добра можноста за Етники Етеријата да ги испрати своите андарти во јужна Македонија. Етеријата тоа го направи и во текот на летото, но и есента 1896 година испрати неколку чети кои секако не можеа да направат нешто повеќе против османлиските сили, но успеаја да

предизвикаат одреден ефект, не само во Македонија, туку и во Европа. Без разлика што огромниот дел од населението во Македонија не се приклучи кон овие чети, самото нивно делување имаше влијание врз ситуацијата на теренот. Грчката влада официјално не ги подржуваше активностите на четите на Етеријата, но самиот факт што нивното навлегување ефикасно не беше попречено од страна на грчките погранични сили остава место за сомневање во позицијата на официјална Атина.

Развојот на настаните на Крит неминовно доведе до затегнување на односите помеѓу Грција и османлиската држава што можело да доведе до војна. Многу често во стравувањата на Големите сили се споменувала и можноста од избувнување на немири во Македонија, кои би биле искористени од другите балкански држави и ситуацијата би била скоро нерешлива. Грчката влада, но и самиот Крал веќе отворено говореа за потребата од припојување на Крит кон грчката држава како единствена солуција за целиот проблем. Тие не се стеснувале да се закануваат и со акции во другите делови на османлиската држава, посебно во Македонија. Целокупната затегнатост во грчко-османлиските односи веќе неизбежно водеше кон војна. Грците, погрешно проценувајќи ја меѓународната ситуација, кон крајот на март 1897 година започнаа акции во јужните делови на Македонија со уфрлување на нови чети, организирани од Етники Етеријата, надевајќи се на предизвикување поголеми немири. Овие чети експресно ќе бидат потиснати од османлиските сили, но Портата нема да се задржи само на тоа. Во април османлиската влада ќе и објави војна на Грција и нејзините сили за многу краток временски период беа во можност да влезта во Атина. Интервенцијата на Големите сили ја спаси Грција од целосен воен пораз и можна окупација. Грција потпиша мировен договор, но тој не беше понижувачки, благодарение на некои Големи сили. За главен виновник за поразот во војната беше прогласена Етники Етеријата и таа беше распуштена, но нејзините челнови ќе продолжат и понатаму да делуваат формирајќи нови организации или пристапувајќи кон веќе постоечките. Главниот нивен интерес беше насочен кон Македонија.

Воениот пораз го принуди грчкото политичко водство да ја преоцени дотогашната политика и да побара нови патишта за остварување на

аспирациите. Како и во некои претходни периоди, Атина повторно ќе започне политика на приближување кон Портата. Според грчките политичари тоа било неопходно, бидејќи опстанокот на османлиската држава, по грчкиот катастрофален пораз во 1897 година, гарантирал заштита на грчките интереси, поточно, задржувањето на османлиската управа, пред се во Македонија, што секако било полезно за Грција и Грците, бидејќи спротивното би значело крај на надежите за остварување на Мегали идејата губење на богатите јужни делови од Македонија.

Македонија на почетокот на XX век станала главна тема на интересот на Грците. Тоа се должеше на фактот што и покрај воениот пораз, синот на грчкиот крал, принцот Георгиос бил избран за критски гувернер, со што на некој начин султановата власт на островот повеќе станувала формална отколку фактичка. Атинскиот печат засилено почнал да известува за настаните кои се случувале во Македонија при што редовно ја потенцирал лошата позиција на елинизмот. Грчките интелектуалци исто така започнале позасилено да делуваат со цел на европската јавност да и ја претстават грчката вистина за тоа што се случуваше во Македонија. Во тоа особено предничел професорот и едно време ректор на Атинскиот универзитет, Неоклис Казазис. Зачестиле и заседанијата на грчкиот парламент на кои се дискутирало за состојбите во Македонија и позицијата на тамошните Грци, под кои биле подразбирани сите кои припаѓале на Цариградската патријаршија. Грчката влада од своја страна започна со политика на често испраќање на демарши, протести и меморандуми до големите сили со цел да укаже на, според грчкото мислење, тешката позиција на македонските Грци. Овие активности на атинската влада нема да најдат на позитивен прием кај европските влади, пред се заради се поголемата подршка која Атина и ја даваше на Портата за нејзиното делување во Македонија и начинот на кој таа ги решаваше проблемите, а тоа беше репресијата.

Грчката влада за се што се случуваше во Македонија ја обвинуваше Бугарија, која според тоа што го говореа грчките владини личности беше главниот поттикнувач на настаните во Македонија. Едноставно официјална Атина не гледаше дека најголемиот дел од настаните кои се случуваа

во Македонија беше дело на МРО, која беше автохтона и македонска, а не бугарска организација.

Во периодот по 1898 година Грција направи обиди за подобрување на односите со Романија, кои често беа затегнати заради несогласувањата на двете држави околу влашкото население во Македонија. Грчкиот крал се состана со романскиот во 1901 година во Абација, но не постигнаа никаков договор. Сепак, односите помеѓу двете држави, барем за кратко ќе се развиваат во позитивна насока, пред се заради нивинте несогласувања со Бугарија. Односите со Србија беа релативно добри. Во 1899 година двете држави ќе водат преговори за поделба на Македонија на интересни сфери. Преговорите требаа да завршат со потпишување на договор, кој всушност беше составен, но под инструкции на српскиот Крал, пратеникот на српското кралство не го потпиша договорот, кој доколку беше потпишан би бил во целосна согласност со линијата на грчките аспирации во Македонија. Слични обиди за преговори ќе има и во 1901 година, но и тие нема да вродат плод. Како одговор атинската влада вешто ќе го користи прашањето за хиротонисувањето на Фирмилијан за да и покаже на Србија кој има поголемо влијание во Македонија.

Во Атина пред почетокот на Илинденското востание ќе продолжат со работа старите силогоси, но ќе бидат формирани и нови се со цел да дојде до зајакнување на грчката пропаганда во Македонија, но и во Европа за да биде прифатен грчкиот поглед на настаните. Сепак успехот на нивното делување ќе биде мал.

Грчката влада постепено стана свесна дека Македонците делуваат и во Грција каде набавувале оружје кое подоцна го транспортирале во Македонија. Затоа атинската влада ќе започне да презема акции со цел истото да го попречи. Таа ќе има делумен успех, но набавката на оружје, иако намалена, ќе продолжи и понатаму.

Прашањето на реформите во Македонија кое се повеќе се наметнуваше ја загрижуваше владата во Атина. Сепак, по првичниот негативен став кон реформите, атинската влада ќе прифати дека истите биле неизбежни. Тоа беше сторено откако стана јасно дека Големите сили се решени да вршат притисок врз османлиската влада да изврши реформи во

Македонија, нешто што Атина не можеше да го попречи. Исто така во грчките политички кругови се сметаше дека реформите ќе го зачуваат статусквото во Македонија, а тоа одговараше на грчките интереси.

Илинденското востание не може да се каже дека беше изненадувачко за Грција. Всушност во редовните контакти со странските влади официјална Атина постојано ја потенцираше можноста во 1903 година да има големи немири во Македонија, предизвикани од, како што таа редовно се изјаснуваше, Бугарите. Изненадувачки за Атина беше теренот на кој избиво востанието и учеството на Патријаршистите во истото. Од самиот почеток на востанието Грција бараше брзо задушување и ја подржуваше османлиската влада. Грчките официјални кругови не криеја во разговорите со пратениците на големите сили дека се подготвени да и дадат секаква помош и подршка на Портата. Во игра беше и формирање на грчка милиција за помош на османлиските сили. Сепак, османлиските репресалии го погодија и патријаршиското население во Македонија, а тоа беше непријатно за атинската влада со оглед на фактот што целосно застана зад Портата и нејзините сили и беше логично да се очекуваат непријатни прашања од грчката јавност. Иако првично за се што им се случуваше на Патријаршистите, владата на Ралис ги обвинуваше востаниците, кои ги именуваше како разбојници, на крајот мораше да вложи протест до Портата за настаните кои следеа по падот на Крушево. Меѓутоа тоа воопшто нема да ги наруши добрите односи со Цариград, а задушувањето на востанието предизвика задоволство во Атина. Тоа беше очекувано имајќи предвид дека Македонија, поточно дел од неа беше сметана како грчка земја која треба да влезе во составот на грчката држава. Задушувањето на востанието ќе биде позитивно за грчките интереси, бидејќи Организацијата ќе биде прилично заслабната, а тоа ќе доведе до можност за делување, меѓу другото и на грчки вооружени чети, кои во мал број и претходно ги имаше во Македонија, но не можеа да се носат со оние на МРО.

ИЗВОРИ И ЛИТЕРАТУРА:

1. НЕОБЈАВЕН АРХИВСКИ МАТЕРИЈАЛ:

ДРАВЕН АРХИВ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

фонд: Грчка пелагониска митрополија
фонд: Јован Јовановиќ-Пижон
фонд: Руски конзулат во Солун

Микрофилмуван архивски материјал:

Foreign Office: м-24, м-27, м-28, м-29, м-30, м-31, м-155, м-156, м-159, м-160, м-161, м-162, м-163, м-164, м- 165, м- 324, м-326, м-327, м-328, м-329, м-330, м-331, м-333, м-395, м-417, м-420, м-423, м-425, м-426

Archivio Storico del Ministero degli Affari Esteri: м-99, м-100, м-102, м-176, м-177, м-178, м-179, м-LIX/703, м-LIX/704, м-LIX/706, м-LIX/708

Archives des Ministere des Affaires Etranges: м-92, м-95, м-96, м-181, м-182, м-233, м-236, м-238

Министарство иностраних послова-Политичко оделење, Просветно политичко оделење: м-438, м- 444, м-445, м-446, м- 447, м-448, м-451, м-452, м-453, м-455, м-586, м-598, м-600, м-666

Бугарско трговско агентство во Битола: м-4297, м-4298

2. ОБЈАВЕНИ ИЗВОРИ:

Английския печат за Илинденско-преображенското въстание, София, 1998
Affaires de Macedoine, 1902, Paris, MDCCCCIII

Affaires de Macedoine, janvier-fevrier 1903, Paris, MDCCCCIII

Balkanski ugovorni odnosi 1876-1996, tom I, Beograd, 1998

BRIDGE F. R., Austro-Hungarian documents relating to the macedonian struggle 1896-1912, Thessaloniki, 1976

Британски дипломатически документи по българския национален въпрос 1878-1893, т. 1, София 1993, д. 71, Солун 22 февруари 1885

Британските конзули во Македонија 1797-1915, Скопје, 2002

Външната политика на България, т. 1, София 1978

Външната политика на България , т. 3, ч.1, София 1995

Външната политика на България, 3, ч. 2, София, 1998

ВОУРН Σοφια , Πηγες για την ιστορια της Μακεδονια, Αθηνα, 1994

ГЕОРГИЕВ Величко, ТРИФОНОВ СтайкО, Грьцката и срьбската пропаганда в Македония, краят на XIX-началото на XX век, София, 1995

Граѓа за историјата на македонскиот народ од Архивот на Србија, т. 4, кн. 1 , Белград, 1985

Граѓа за историјата на македонскиот народ од Архивот на Србија, т. 4, кн. 2, Белград, 1986

Граѓа за историјата на македонскиот народ од Архивот на Србија, т. 4, кн. 3, Белград, 1987

Граѓа за историјата на македонскиот народ од Архивот на Србија, т. 5, кн. 1, Белград, 1988

Граѓа за историјата на македонскиот народ од Архивот на Србија, т. 5, кн. 2, Белград, 1991

Дипломатска преписка Краљевине Србије, књ. 1, Београд, 1933

Документи за българската история, т. 4, София, 1942

Documents Diplomtiques Francais (DDF), Ier serie, t. VI, Paris, 1934

Documents Ddiplomatiques Francais, t. VI bis, Paris, 1938

Documentes diplomatiques francaise, serie Ier, t. XII, Paris, 1951

Documentes diplomatiques francaise, serie Ier, t. XIII, Paris, 1953

Documenti diplomatici italiani, serie terza, v. 1, Roma, 1953

ДРАКУЛ Симон, Македонија меѓу дележот и автономијата, т. 1, Куманово, 1995

ЗОГРАФСКИ Данчо, Извештаи од 1903-1904 на австриските претставници во Македонија, Скопје, 1955

Илинден во француските дипломатски документи, Скопје, 1993

ЛАПЕ Љ., Извештаите на српските консули, митрополити и училишни инспектори во Македонија, Скопје, 1954

ЛАПЕ Љубен, Одбрани текстови за историјата на македонскиот народ, т. 2, Скопје, 197 6

МИНОСКИ Михајло, Македонија во билатералните и мултиратералните договори на балканските држави 1861-1913, Скопје, 2000

НАУМОСКА Катерина, Автономија, Скопје, 1993

Οι απαρχες του μακεδονικου αγωνα, (1903–1904), Θεσσαλονιη, 1996

Освободителната борба на Българите в Македония и Одринско 1902/1904, София, 1978

ПАНДЕВСКИ Манол, Македонофилското движење во Западна Европа во 1903 година, Скопје, 1995

ТОМОСКИ Томо, Документи од виенската архива за Македонија од 1879-1903, Скопје, 1955

The events of 1903 in Macedonia as presented in European diplomatic correspondance, Thessaloniki, 1993

Турски документи за илинденското востание од султановиот фонд "Јилд'з", Скопје, 1997

Further correspondance, Turkey n. 1 (1903), London, 1904

ХРИСТОВ Александар, МИНОСКИ Михајло, Идејата за федерација во македонското националноослободително движење и неговите програмски основи 1893-1935, Скопје, 1994

3. ЛИТЕРАТУРА:

ΑΓΓΕΛΟΠΟΥΛΟΥ Αθανασιου , Το επισκοπικον ζητημα της επαρηιας Δεβρων και Βελισσου, Μακεδονικα, 10 Θεσσαλονικη

ΑΙΛΙΑΝΟΣ Κωνσταντινος , Μια προοπτικη συμμαχια Ελλαδος–Αυστρο–Ουγγ αριας χωρις επαυριο 1883–1887, Θεσσαλονικη, 1994

ΑΝΑΓΝΟΣΤΟΠΟΥΛΟΣ Θανος, Ο Νεοκλης Καζαζις και οι γαλλοι φιλελληνες στην περιοδο του μακεδονικου αγωνα, Ο μακεδονικος αγων, Θεσσαλονικη, 19 83

ANGELOPOULOS Athanasios, Religious educational and national symbiosis of Greeks and Serbs in southern Serbia under the juridistiction of the Ecumenical Patriarchate (second half of 19th century), Greek-sebian cooperation Belgrade, 1982

ΑΣΠΡΕΑ Γεοργιο, Πολιτικη ιστορια της Νεοτερας Ελλαδος 1821–1921, τ. Β, Α θηναις, 1923

ANCEL Jacques, Manuel historique da la question d'Orient 1792-1925, Paris, 1926

BELIA Helene, La contribution du "Syllogue puor la propagation des lettres Grecques" a l'encouragement de l'Hellinisme de macedoine 1869-1886. Communications grecques au VI-e congres inertnational des etudes du sud-europeen, Athenes, 1990

BERARD Victor, La Turquie et l'Hellinisme contemporain, Paris, 1893

BERARD Victor, Pro Macedonia, Paris, 1904

БИТОСКИ Крсте, Апостол Петков Терзиев, Битола, 1988

БИТОВСКИ Крсте, Грчката "Македонска борба", Скопје, 2001

БИТОСКИ Крсте, Грчките четнички акции во Македонија во 1896 година, Историја, VI/2, Скопје, 1970

БИТОСКИ Крсте, Дејноста на пелагониската митрополија 1878-1912, Скопје, 1967

БИТОСКИ Крсте, Дипломатски одгласи за Илинденското востание, Скопје, 1983

БИТОВСКИ Крсте, Континуитетот на македонските национал-ослободителни борби во XIX и почетокот на XX век, Скопје, 1998

БИТОСКИ Крсте, Солунските атентатори, Солун, 1985

BITOSKI Krtse, The attitude of the Kingdom of Greece toward Macedonia and the Macedonian revolutionary organization 1893-1903, Macedonia, Skopje, 1981

БРЕЈЛСФОРД Хенри Ноел, Македонија. Нејзините народи и нејзината иднина, Скопје, 2002

ΒΑΚΑΛΟΠΟΥΛΟΣ Κωνσταντινος, Η Μακεδονια στις παραμονες του μακεδον ικου αγωνα 1894–1904, Θεσσαλονικη, 1986

VACALOPOULOS Konstandinos, Modern history of Macedonia 1830-1912, Thessaloniki, 1988

ΒΑΚΑΛΟΠΟΥΛΟΣ Κωνσταντινος, Νεολελληνικη ιστορια 1204–1940, Θεσσαλονικη, 1992

ΒΑΚΑΛΟΠΟΥΛΟΥ Κωνσταντινος, Ο βορειος ελληνισμος κατα την πρωιμη φαση του Μακεδονικου αγωνα 1878–1894, Θεσσαλονικη, 1983

VACALOPOULOS Constantinos, Temoignges historiques sur l'etat politique au Mont Athos (1880-1884), Balkan Studies, 23/2, Thessalonique, 1982

ΒΑΚΑΛΟΠΟΥΛΟΣ Κωνσταντινος Α., Το πολιτικο καΘεστος του ελληνισμου της Μακεδονιας στις παραμονες του μακεδονικου αγωνα 1894–1904, Ο μακεδονικος...,

ΒΑΚΑΛΟΠΟΥΛΟΣ Κωνσταντινος, Το Μακεδονικο ζητημα, Θεσσαλονικη, 1989

VELICHI Constantin, Les relations roumano-grecques pendant la periode 1879-1911, Revue des etudes sud est Europeenes, t. VII, n.3, Bucarest, 1969

VELKOVA Sanya, The "Slav neighbour" in the eyes of the noted greek intellectuals from the end of 19th and the beginning of the 20th century, Etudes Balkaniques, 36/1, Sofia, 2000

ВОЈВОДИЋ Михајло, Србија у међународним односима крајем XIX и почетком XX века, Београд, 1988

ВОЈВОДИЋ Михајло, Путеви српске дипломатије, Београд, 1999

ΒΟΥΡΙ Σοφια, Εκπαιδευση και εθνικισμος στα Βαλκανια. Η περιπτοση της βορειοδυτικης Μακεδονιας 1870–1904, Θεσσαλονικη, 1992

ГЛУШКОВ Христо, Франция, османската империя и сьединението на България 1885-1886, Исторически преглед, 41/5, София, 1985

GOUNARIS Basil C., Greco-Turkish railway connection; illusions and bargains in late neneteenth century Balkans, Balkan Studies, v. 30/2, Thessaloniki, 1989

ΓΟΥΝΑΡΙΣ Βασιλης , Οι ελληνοβουλγαρικοι ανταγωνισμοι μεσα απο τις αντα ποκρισεις του Φαρου της Μακεδοιας (φθινοπορο 1885), Μακεδονικα, 23, Θεσσαλινικη, 1983

GOUNARIS Basil, Social cleveages and national aweking in Ottoman Macedonia, East European Quaterly, XXiX, n. 4, Boulder, 1996

ГРЬНЧАРОВ Стойчо, Балканският сваг, София, 2001

DAKIN Douglas, The Greek struggle in Macedonia 1897-1903, Thessaloniki, 1993

DAKIN Douglas, The unification of Greece, London, 1972

ДАНОВА Надя, Към въпроса за българо-гърцките отношения през последното десетлетие на XIX век, Studia Balcanica,12, София, 1976

DANOVA Nadja, Le voyage en Grèce de Marko Balabanov, en 1891, et son journal, Balkan Studies, v.25/2, Thessaloniki, 1984

ДИМЕВСКИ Славко, За развојот на македонската национална мисла до создавањето на ТМОРО, Скопје, 1980

ДИМЕВСКИ Славко, Историја на македонската православна црква, Скопје, 1989

ДИМЕВСКИ Славко, Митрополит скопски Теодосиј-живот и дело, Скопје, 1965

ДИМЕСКИ Димитар, Македонското националноослободително движење во Битолскиот вилает 1893-1903, Скопје, 1981

DRIAULT Edouard et LHERITIER Michel, Histoire diplomatique de la Grece de 1821 a nos jours, t. IV, Paris, 1926

ДЮЛГЕРОВА Нина, Бъгарският национален въпрос в политиката на Русия и Австро-Унгария 1894-1903, София, 1994

ДЮЛГЕРОВА Нина, Руски щрихи към източния въпрос, 1894-1904, София, 1997

ДУМЕВЪ Васил, Из моитъя спомени, Сборникъ Илиндень, кн. 6, София, 1927

ЂОРЂЕВИЋ Владан, Србија и Грчка 1891-1893, Београд, 1923

ЂОРЂЕВИЋ Владан, Србија и Турска, Београд, 1928

DJORDJEVIĆ Dimitrije, La societe "L'Aliance des peuples des Balkans" en Servie en 1890-1891, Balkan Studies, , 4/2, Thessaloniki, 1963

DJORDJEVIĆ Dimitrije, Revolutions nationales des peuples balkaniques 1804-1914, Beograd, 1965

ЃОРЃИЕВ Ванчо, Петар Поп Арсов-прилог кон проучувањето на македонското националноослободително движење, Скопје, 1997

ЗОГРАФСКИ Д., АБАЦИЕВ Ѓ., МИТРЕВ А. и КЕРАМИДЧИЕВ М., Егејска Македонија во нашата историја, Скопје, 1951

Историја на македонскиот народ, т. 3, Скопје, 2003

Ιστορια του ελληνικους εθνους, ΙΔ, Αθηναι, 1977

ЈЕЛАВИЧ Барбара, Историја на Балканот, дваесттн век, Скопје, 1999

ЈОВАНОВИЋ Слободан, Влада Александра Обреновића, Београд, 1935

ΚΑΖΑΖΗ Νεοκλεους, Η Μακεδονια και τα ελληνικα δικαια, εν Αθηνησιν, 1903

ΚΑΡΑΒΑΝΓΕΛΙΣ Германос, Македонската борба, Скопје, 2000

ΚΑΡΑΚΑΣΙΔΙ Анастасија, Полињата жито, ридишта крв. Патиштата кон националноста во грчка Македонија 1870-1990, Скопје, 2002, с. 95

ΚΑΤΑΡΤΙΙΕΒ Иван, Серскиот револуционерен округ од Кресненското востание до Младотурската револуција, Скопје, 1968

Кирил, Патриярх Български, Българската ексархи в Одринско и Македония след освободителната война 1877-1878, т. 1, кн.2, София, 1970

Кирил, Патриярх Български, Принос към униатството в Македония, София, 1968

КИСИЛИНЧЕВЪ Лазарь, Гърцитя преди и следь Илинденското вьстние , сп. Илиндень 1903-1927, София, 1927

КЛОГ Ричард, Историја грчке новог доба, Београд, 2001

ΚΟΛΙΟΠΟΥΛΟΥ Ιωαννη Σ., Ιστορια της Ελλαδος απο το 1800, τ. Α, Θεσσαλονικη, 2000

KOFOS Evangelos, Attempts at mending the greek bulgarian ecclesiastical schism (1875-1902), Balkan Studies, V. 25, N.2, Thessaloniki, 1984

KOFOS Evangelos, Dilemmas and orientations of greek policy in Macedonia 1878-1886, , Balkan Studies, 21, Thessaloniki, 1980

KOFOS E., Greek-serbian relations and the question of Macedonia 1879-1886, Greek-Serbian cooperation 1830-1908, Belgrade, 1982

KOFOS Evangelos, Nationalism and communism in Macedonia, Thessaloniki, 1964,

LANGER William L., The diplomacy of imperialism, New York, 1956

ΛΑΣΚΑΡΙ Σ.Θ., Διπλομαπκη ιστορια της Ελλαδος 1821–1914,Αθηνα, 1947

ΛΥΡΙΤΖΗ Γεωργιου Θ., Οι Μακεδονικοι πατριοτικοι συλλογοι των Αθηνων στις παραμονες και κατα την περιοδου του μακεδονικου αγωνος, Θεσσαλονικη, 1983

MAZARAKIS A., Mémoires, Thessaloniki, 1979

Μακεδονια, Ητοι μελετη οικονομικη, γεογραφικη, ιστορικη και εθνολογικη της Μακεδονιας, Πειραις, 1896

Μακεδονια– 4000 χρονια ελληνικης ιστοριας και πολιτισμου, Αθηνα, 1982

ΜΑΚΕΔΟΝΟΝ Γνασιου, Μακεδονικη κρισις 1901–1903, Α, Αθηνησιν, 1903

МАНЧЕВ Крьстьо, История на балканските народи XIV-XX век, София, 2001,

ΜΑΡΚΕΖΙΝΗ Σπ., Πολιτικη ιστορια της Νεοτερας Ελλαδος, τ. 2, Αθηναι, 1966

MARCOPOULOS George, The selection of prince George of Greece as high commissioner in Crete, Balkan Studies, 10/2, Thessaloniki, 1969

ΜΕΛΕΤΟΠΟΥΛΟΥ Χαριλαου, Η ευροπαικι διπλοματια εν Ελλαδη, Αθηναις, 1888

МИНОСКИ Михајло, Федеративната идеја во македонската политичка мисла 1887-1919, Скопје, 1985

МИШЕВ Радослав, Австро-Унгария и сьединението през 1885 година, Исторически преглед, 41/5, София, 1985

ΜΟΔΗ Γεοργιου, Ο μακεδονικος αγων και η νεοτερη μακεδονικη ιστορια, Θεσσαλονικη,1967

МОЈСОВ Лазар, Околу прашањето на македонското национално малцинство во Грција, Скопје, 1954

ΜΠΕΛΙΑ Ελενη, Η εκπαιδευση πολιτικη του ελληνικου κρατους προς την Μακεδονια και ο Μακεδονικος αγων, Ο μακεδονικος αγων, Θεσσαλονικη, 1983

ΜΠΕΛΙΑ Ελενη, Εκπαιδευση και αλυτρωτικη πολιτικη. Η περιπτοση της Θρακης 1856–1912, θεσσαλονικη, 1995, σ. 90

Национално-освободителното движение на македонските и тракийските Българи, т. 2, София, 1995

ΝΑΛΤΣΑ Χριστοφορου, Ανατολικη Ρωμιλια. Η καταληψις αυτης υπο των Βουλγαρων και ο ναυτικος αποκλεισμος της Ελλαδος 1885–1886, Θεσσαλονικη, 1963

ΝΙΚΟΛΑΙΔΟΥ Κλεανθους, Ιστορια του ελληνισμου με κεντρου και βασιν την Μακεδονια, Αθηναις, 1923

НОВАКОВИЋ Стојан, Балканска питања и мање историјско-политичке белешке о Балканском полуострву, Београд, 1905

ΝΟΤΑΡΙ Ι.Ε., Τα γεγονοτα τησ Θεσσαλονικης τον απριλιο τον 1903 με βασι εγγραφα του ιστορικου αρχειου του ελληνικου υπουργειου εξοτερικων, Μακεδονικα, τ. 10, Θεσσαλονικη, 1970

ПАВЛОВИЋ,Стеван, Историја Балкана, Београд, 2001

ПАНДЕВСКИ Манол, Националното прашање во македонското ослободително движење 1893-1903, Скопје, 1974

ПАНТЕВ Андрей, Англия срещу Русия на Балканите, София, 1972

ПАНТЕВ Андрей, Мисията на Георги Вълкович в Атина (март-април 1890) според английски архивни източници, Исторически преглед, XXVI/6, София, 1970

ΠΑΠΑΙΩΑΝΟΥ Λαζαρος Α., Ο μακεδονικος αγωνας στην επαρηια Κοζανης, Ο μακεδονικος..

PERRY Duncan M., The politics of terror. The Macedonian Liberation Movements 1893-1903, Durham, 1988

ПОПЛАЗАРОВ Ристо, Грчката политика спрема Македонија во втората половина на XIX и почетокот на XX век, Скопје, 1973, с. 22

ПОПЛАЗАРОВ Ристо, Некои моменти од борбата на Македонците против грчката и бугарската црковно-просветна доминација во втората половина на XIX век (до 1888), Jugoslovenski istoriski časopis, 4, Beograd, 1969,

ПОПЛАЗАРОВ Ристо, Односот на кралството Грција и на Цариградската патријаршија спрема ВМРО и Илинденското востание, Илинден 1903, Скопје, 1970

ПОПЛАЗАРОВ Ристо, Пропагандната дејност на грчките друштва во Македонија во втората половина на XIX век, ГИНИ, XII/2, Скопје, 1968

ПОПОВ Радосав, Балканската политика на България 1894-1898, София, 1984

РИСТОВСКИ Блаже, Македонија и Македонската нација, Скопје, 1995

РИСТОВСКи Блаже, Портрети и процеси, т. 1, Скопје, 1989

ΣΒΟΛΟΠΟΥΛΟΣ Κ., Η αποφαση για την οργανοση του ενοπλου αγωνα, Ο μακ εδονικου...

SVOLOPOULOS Constantinos, Charilaos Tricoupis et l'entente balkanique: realites et hypotheses formulees a l'occasion de sa visite a Belgrade (juin 1891), Greek-serbian...

ΣΠΑΝΟΥ Ναουμ, Αναμνησεις εκ του Μακεδονικου αγωνος, Θεσσαλονικη, 19 57

Спомени на С. Арсов, П. Кьашев, Л. Церов, Ѓ. П. Христов, А. Андреев, Г. Папанчев, Л. Димитров, Скопје, 1997

СТАТЕЛОВА Елена, Дипломацията на Княжество Бьгария 1879-1886, София, 1979

СТАТЕЛОВА Елена, Радосав Попов, Веселка Танкова, История на българската дипломация 1879-1913, София, 1994, с. 151

STAVRIANOS L. S., The Balkans since 1453, New York, 1959

STEPHANOPOLI Jeanne Z., Bulgares contre Hellenes, Athenes, 1903

ТЕРЗИЋ Славенко, Србија и Грчка, Београд, 1992

TODOROV Varban, The society "Oriental Confederation" and its actities during the 80-ties and 90-ties of the 19th century, Balkan Studies, 25/2, Thessaloniki, 1984

FORSTER Edward S., A short history of Modern Greece 1821-1956, London, 1958

СОДРЖИНА

ВОВЕД 1

1.МАКЕДОНСКОТО ПРАШАЊЕ ВО ПОЛИТИКАТА НА ГРЦИЈА 1882-1886 3

1.1. Грчките политички и пропагандни активности во Македонија 3

1.2. Односот на Грција кон Македонија во времето на Источнорумелиската криза 1885-1886 61

2.ОДНОСОТ НА ГРЦИЈА КОН МАКЕДОНИЈА 1886-1897 89

2.1. Македонското прашање во политиката на Грција и нејзините односи со балканските земји 1886-1896 89

2.2. Критската криза и Македонското прашање во односите на Грција со големите сили, османлиската држава и балканските држави 208

3. ГРЦИЈА И МАКЕДОНИЈА 1898-1903 251

3.1. Приближување на Грција кон османлиската држава 251

3.2. Грција и Илинденското востание 321

4. ТРГОВСКИТЕ ВРСКИ НА ГРЦИЈА СО МАКЕДОНСКИТЕ ПРИСТАНИШТА 1882-1903 357

ЗАКЛУЧОК 362

ИЗВОРИ И ЛИТЕРАТУРА 374